СКОПЈЕ

ОСУМ МИЛЕНИУМИ
ЖИВОТ • КУЛТУРА • ТВОРЕШТВО

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Главен уредник
проф. д-р *Раїко Дуев*

СКОПЈЕ

ОСУМ МИЛЕНИУМИ
ЖИВОТ
КУЛТУРА
ТВОРЕШТВО

СКОПЈЕ 2019

СОДРЖИНА

Елизабета Димитрова
Градот кој живее во непремолчената тишина на бурните историски изохипси 9

1 Драги Митревски

СКОПСКО ВО ПРАИСТОРИЈАТА И РАНАТА АНТИКА 15
Скопскиот регион во праисторијата 17
I Неолит во светот на Големата мајка 26
II Енеолит време на етнокултурни компилации 50
III Бронзена доба меѓу Подунавјето и егејските цивилизации 68
V Железна доба, конечно формирање на првите етнички заедници 84
VI Крајот на праисторијата и почетокот на антиката 100

2 Виктор Лилчиќ Адамс

СКУПИ И АНТИЧКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА СКОПСКО 117
I Вовед 119
II Географски контекст 120
III Раната антика во Скопската котлина 124
IV Раноантичките градови и тврдини во Скопската котлина 127
V Раноримскиот период во Скопската котлина 155
VI Античките патишта низ Скопската котлина 184
VII Доцната антика во Скопската котлина 192
Рановизантиски оптички телеграф низ Скопско 301
VIII Класификација на античките цивилизациски локалитети во Скопската котлина 308
IX Поговор 312

3 Елица Манева

СКОПЈЕ И СКОПСКО ВО СРЕДНИОТ ВЕК 325
I Крах на антиката – раѓање на средновековието 327
II Баштинење на античкото наследство во средните векови 339
III Одлики на раното средновековие во скопскиот регион (VII-X/XI век) 351
IV Растот и процутот на средновековната материјална култура, Скопје од X-XIV век 369
V Христијанска богобојазливост предмети на култот и верата 384
VI Накитот како архетип: профилакса • украс • престиж • меморијална • полова • статусна • брачна • професионална припадност 404
VII Напад и одбрана: боеви тактики и оружје 417
VIII Стопанисување: занаети • егзистенцијални активности • орудија за работа • утилитарија 425
IX Керамичка садова продукција: куќни • трпезни • култни • технички посатки 430
X Прозорско стакло и чаши кревки сведоштва за средновековната префинетост 449
XI Мирнодопски период: празнувања • гозби • турнири • забавни игри. 452
XII Поговор 459

21 Елизабета Димитрова

УМЕТНИЧКАТА ПРОДУКЦИЈА НА СРЕДНОВЕКОВНО СКОПЈЕ 471
Социокултурни хоризонти на средновековно Скопје 473
Скопје: од маргинална урбана населба во византиските провинции до метропола на врвната уметничка креација 482
Владетелските споменици во скопската област: од традицијата до визуелните иновации 506
Ктиторските заветнини на скопското благороднштво 554
Подрачјето на Матка 578

КАЊОН
МАТКА

ЦРКВА
СВ. АНДРЕЈА

ФРЕСКА
СВ. ТЕОДОР
СТРАТИЛАТ
И
СВ. ТЕОДОР
ТИРОН

Градот кој живее во непремолчената тишина на бурните историски изохипси

Тие бело варосани куќички се изведени во стилот на еден пријатен, ненаметлив романтизам. Мини Маус би избрала една од нив за свој дом со Мики Маус, поради мноштвото кули, лоѓи и мали, речиси смешни, балкончиња, каде леката на господин Дизни би ја изненадила додека таа го полева своето цвеќе или пее нежна песничка со глас кој е дестилат на залудена умилност (Rebecca West, Black Lamb and Gray Falcon).

Опишувајќи ја својата посета на Скопје во 1938 година, остроумната, акрибична и луцидна Ребека Вест го доживува градот како романтична населба полна контрасти, па, со својата, добро позната, суптилна, смисла за урбана дисекција, пронаоѓа шарм во неговото ненаметливо шаренило од народи, вери, култури и визури и еуфорија во пикторесктниот галиматијас од обичаи, носии, занаети и традиции. Реката Вардар ја опишува како сребрена змија која ползи помеѓу златните дабови и врби, а површините на водно обработени од вредните мештани ги споредува со бојата на рубинот и на смарагдот (R. West, 501) – опис тешко прифатлив за современите жители на Скопје. Сепак, со огромното искуство на долгодечениски патеписец и одличен познавач на балканските култури, Ребека Вест мошне софистицирано, но пластично и прецизно ја дефинира урбаната матрица на градот, врз која израснува незапирливиот каледиоскоп на неговата мултикултурност; *единственото нешто со кое се храни*, вели таа, *е сласта која се излила од превртената чаша на Константинопол* (R. West, 487).

Стапките на многубројни патеписци поминале низ Скопје; одејќи по градските калдрми во потрага по мирно преноќиште, совладувајќи ги зелените стрмнини на Скопска Црна Гора во обиколка на светите храмови или восхитувајќи и се на дивата, нескротена природа во кањонот на брзата Треска, тие не ја порекнуваат незаборавната аура која градот ја остава на своите посетители – аура конструирана од древни археолошки структури, светилишта, населби, некрополи, сакрални градби, обичаи и мемарабилии – сосема доволни за да се создаде една колосална приказна за неговиот 80-вековен живот, за неговата културна орбита низ столетијата и за творештвото на стотици, илјадници познати и безимени творци кои ги оставиле своите благородни траги во креативниот крвоток на неговата урбана анатомија. На таа аура и ја посветивме оваа книга.

Сместено на крстосницата на балканските мегамагистрали, Скопје отсекогаш претставувало важна гео-стратешка точка на секогаш активната мапа на гео-политичките интереси.

Мета на многубројни освојувачи и извор на живи креативни импулси, локација на земјотреси и природни катастрофи и пункт на постојана размена на творечки идеи, територија на воени опустошувања и центар на општествени збиднувања од најрепрезентативен ранг, Скопје го живеело својот урбан живот на динамичниот тобоган на една секогаш променлива историска амплитуда. Воздигнувања и паѓања, развој и деструкција, раскош и сиромаштија, војни и мирување, градење и разурнувања, славење и тагувања – динамиката на градот никогаш не стивнувала, но секогаш преживувала и секогаш одново се воздигнувала за повторни паѓања и нови воскреснувања. Од формирањето на најраните неолитски населби во Маџари и Зелениково кои го „вдомиле" поимот на заедница и семејство до сеизмичката катастрофа од 1963 година која ги создаде таканаречените земјотресни гробишта на скопската урбана некропола во Бутел; од уривањето на римскиот театар во доцноантичко Скупи до изградбата на Нерешкиот храм ситуиран на највисоката кота од панорамската визура на XII-вековно Скопје, од разорниот земјотрес во 518 година, кој, во својата Хроника го забележал Марцелин Комес, педантниот канцелар на императорот Јустинијан I до подигањето на Марковиот град во страотните карпести височини на средновековна Матка, од немилосрдните опустошувања на хунскиот крал Атила - најжестокиот предатор на варварската доба во 447 година до создавањето на класицистичкото ремек-дело на XIV столетие – живописот во црквата Свети Никита потпишан од молњевитата рака на зографот Михаил во сакралните дланки на Скопска Црна Гора ..... живеело и умирало Скопје, со векови и милениуми опстојувајќи низ драматичните временски хоризонти на историските епохи – сосема доволна инспирација за да се напише книга за неговата културна историја, за археолошките стратуми и за ликовните споменици, за античките светилишта и за средновековните тврдини, за матријархалната чулност на Големата богинка мајка од Маџари, за неодоливата заводливост на Срамежливата Венера од Скупи и за неповторливите стилски брабурози на нерешкиот мајстор.

Оваа книга ја создадоа четворица професори од Филозофскиот факултет: Драги Митревски – најдобриот познавач на праисториската и протоисториската археологија, Виктор Лилчиќ Адамс – водечкиот авторитет во истражувањето на антиката, Елица Манева – врвен медиевист и експерт за средновековното археолошко наследство и Елизабета Димитрова – византолог со огромно искуство во проучувањето на ликовните споменици. Обединети со единствена цел – да се создаде репрезентативна, академски веродостојна, научно аргументирана и ликовно артикулирана монографија за културното наследство на Скопје во периодот од најраните неолитски наоди до крајот на средновековната епоха, четворицата автори ги здружија своите интелектуални и истражувачки ресурси во заеднички научен потфат; сепак, секој од нив ја задржа својата академска слобода во однос на методолошкиот приод и користењето на референтните системи, со што монографската творба ***СКОПЈЕ осум милениуми живот, култура, творештво*** претставува збирка од четири индивидуални, но по својата тематска содржина консекутивни, а по својот карактер конструктивни делови на една единствена научна целина посветена на културната оставнина на македонската метропола.

Притоа, Драги Митревски, во својот прилог кон монографското остварување, презентира периодизација и типологизација на праисторијата во Скопската област, ги ситуира неолитските населби, го детерминира нивниот карактер и го дескрибира начинот

на семејното домување, ги дефинира специфичните форми на материјалната култура и ги претставува најзначајните археонаоди во домените на занаетчиството и уметничката продукција; ги детектира демографските промени и појавата на новите културни елементи на енеолитот преку главните развојни пунктови во скопското подрачје, ги презентира одликите на енеолитските населби и светилишта и ги декодира мистичните особености на енеолитските култни предмети; ги претставува културните одлики на бронзената доба и на железното време како посебни етапи во развојот на протоисториските заедници преку археолошките наоди, откриените населби, некрополите, култните творби, накитот и керамографијата, и креира културна мапа на раната антика во скопскиот регион со сите нејзини хронолошки, типолошки и археолошки карактеристики и квалитети.

Виктор Лилчиќ Адамс, во делот посветен на античкото наследство на метрополата, конструира целосна, живописна и возбудлива слика за античката цивилизација во Скопската област од раниот период на VIII/VI век п.н.е. се до доцноантичката епоха која завршува во крајот на VI столетие, претходејќи му на средновековниот период. Врз основа на теренските рекогносцирања, податоците од систематските археолошки истражувања и личните проучувања на овој неуморен трагач по цивилизациските фундаменти на македонската култура, Виктор Адамс презентира тринаесет раноантички локалитети со целокупниот нивен археоинвентар, ја открива раноримската урбана структура на Скупи, ја следи мрежата на античките патишта кои минувале низ Скопската котлина, ја претставува археолошката стратиграфија на педесетина утврдени доцноантички населби преку мерните единици на нивниот периметар, композитот на нивните просторни решенија, пронајдените епиграфски споменици, металните наоди, керамиката и монетоковањето; го презентира рановизантискиот оптички телеграф, т.е. елабориранот систем на фортификирани пунктови за безбедносно набљудување на скопската територија со сите негови позиции, коти и ориентири, за да заврши со класификација на цивилизациските координати во Скопската котлина кои ја определуваат амплитудата на нејзиниот урбан развој низ античката епоха.

По софистицираниот историски транзит од антиката во средновековниот период, Елица Манева, во сегментот од книгата посветен на средновековното археолошко културно наследство, преку историските, археолошките и ликовните извори суптилно навлегува во мистичноста на средновековието, откривајќи го богатството на материјалната култура од раниот период на медиевалната епоха (населби, сакрални градби, погребување, керамички материјал, култни предмети) со која се потврдува присуството на словенската популација во скопската област. Посебно внимание Елица Манева посветува на репрезентативните примероци накит од високиот среден век (X – XII столетие) откриени во Скупи и на Таорското градиште, кои ги рефлектираат јувелирските влијанија од византиските метрополи, но и локалната занаетчиска продукција. Периодот од X до XIV век историски и археолошки е документиран на мошне живописен и впечатлив начин преку пишаните податоци и теренските наоди на култни предмети, профилактички артефакти, церемонијални садови, делови од иконописни творби, приврзоци и крстови – реликвијари исл. – сето тоа зачинето со инвентивна и луцидна археолошка приказна за нивниот карактер, потекло и значење. Покрај нејзината професионална субспецијалност – примероците на средновековен накит, пронајдени со систематските истражувања на Скопското

Кале, Елица Манева ги презентира и употребуваните милитантни направи, оружјето, утилитарните производи, керамиката и стаклото – во еден динамичен типолошки дискурс илустриран со многубројни автентични наоди и со внимателно избрани ликовни извори и паралели.

Со својот карактеристичен социо-културен приод кон анализата и вреднувањето на архитектонските концепти и ликовните ансамбли (ктитор – идеја – социјален контекст – ликовно остварување), Елизабета Димитрова, во последното поглавје на книгата, ја претставува структурната конфигурација, програмско - иконографската и стилско - естетската констелација на средновековните уметнички остварувања во Скопската област: империјалната пиктуралност и страстната емоционалност на Свети Пантлејмон – Нерези, ројалистичкиот карактер и класицистичкиот композит на Свети Никита – Бањани, тензичната творечка амплитуда и драматичниот замав на експресивна динамика во Марковиот манастир, флуидниот ликовен асамблаж изведен во Кучевишкиот Богородичин храм, поетичната, лазурна протоколарност на сликарството во Свети Никола – Љуботен, академската доследност сатурирана со епски обоена резонанца во манастирот Андреаш, драгоцените траги од сликаниот организам на светилиштето посветено на Света Недела зачувани во вртоглавите височини на некогашниот Марков Град, непретензиозната стилска декоративност на живописот во Богородичината црква – Матка и контрастната ликовна енергија на фрескоаранжманот во Свети Никола Шишевски ситуиран на другата страна од длабокиот, величествен и визуелно спектакуларен кањон на реката Треска, создавајќи историско патешествие низ творечките хоризонти на средновековната ликовна култура.

Драги Митревски, Виктор Адамс, Елица Манева и Елизабета Димитрова се потрудија да вообличат книга која, во вид на едно тематски целосно, содржински конзистентно и академски кохерентно монографско издание, ќе го претстави културното наследство на Скопје низ историските премрежја на осумдесетте столетија од неговото урбано постоење. Поради тоа, тие создадоа четири посебни поглавја од кои секое започнува со осврт врз претходното со цел да се постигне флуидност во раскажувањето и поврзаност на одделните епохи во една единствена, заокружена целина. Имајќи ги на ум значајните социјални рефлексии предизвикани од промените на глобалните етапи од цивилизацискиот развој на Скопската област во сите сфери на творештвото (материјална култура, градителство, ликовна креација, обреди и церемонијални перформанси), четирите поглавја од книгата се зачинети со неопходните историски податоци и факти кои влијаеле врз динамичките и/или енергетски амплитуди на создавањето во сензибилниот медиум на обликувањето и артистичноста. Оттука, споменувањето на воените инвазии, демографските поместувања, природните катаклизми, дипломатските активности, црковните мисии исл. го сочинуваат сосема тенкиот и неопходен скелет на еден силен и моќен организам кој потполно и целосно се однесува на наследството, културните промени, творечката инвенција, ликовната инспирација и археолошката стратиграфија, чии слоеви се напластувале континуирано и благородно во текот на осум долги милениуми од постоењето на градот. Архетипскиот, матрисемеен карактер на Големата мајка, уникатната маскулинарност на впечатливиот Адам од Говрлево, археолошката магнитуда на Колонија Флавија Скупи, импресивниот урбан потенцијал на градиштето кај Давина Кула, металните прстени со врежан пентаграм и архипрофилактичка функција од

неколку скопски локалитети, моќниот, „киклопски“ опус на сидање кој ја еманира одбранбената функција на Скопското Кале, „тактилниот“ ликовен вокабулар на мајсторот – зограф од Нерешката црква и експлозивната ликовна енергија на авторот на сликарството во Марковиот манастир се само некои од стапките на осум милениумскиот творечки развој на денешната Скопска метропола.

Велат дека кога генералот Пиколомини, во 1689 година, го запалил градот за да го сопре ширењето на колера, заплакал гледајќи од височините на Скопското Кале. Во неговиот бележник оставил запис: *Скопје е пространград, не многу помал од Праѓа или колку неа. Го најдов напуштен, без скапоцености, богато снабден со продукти. Малкуте луѓе што останале, исплашено врват по улиците. Жал ми е што градбите, какви што досега не сум видел, од најубав мермер и украси од злато на кои и Рим би им посветил внимание, убавите старини и градини, морам да му ги предадам на пламеното.* Драги Митревски, Виктор Адамс, Елица Манева и јас го овековечивме Скопје на нам соодветен начин ..... и никој нема да може веќе да му наштети.

Од името на сите автори,
Елизабета Димитрова

Драги Митревски

СКОПСКО ВО ПРАИСТОРИЈАТА И РАНАТА АНТИКА

СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ПРАИСТОРИЈАТА

ВОВЕД

Сликата за скопскиот регион во текот на праисторијата не покажува континуиран и рамномерен развој. Низ толку долга епоха, која опфаќала VI од вкупно VIII милениуми организиран живот, синусоидата на културно-историскиот развој често одела горе па долу. Имало блескави периоди, вистински златни времиња, но и периоди на стагнација и речиси празни страници. Имало векови на забележителен подем во сите сфери, периоди кога скопскиот регион создавал толку високи вредности со кои битно влијаел врз други региони и го диктирал општиот балкански развој. Такви биле периодите на средниот неолит како и вековите од самиот крај на праисторијата и почетокот на раната антика. Наспроти тоа, имало периоди кога скопскиот регион претставувал само дел од одредена поширока културна целина, во која некогаш претставувал обична периферија, а некогаш нејзин значаен сегмент, што продуцирал забележителни остварувања. Такви биле, на

САТЕЛИТСКА СНИМКА НА СКОПЈЕ И СКОПСКО

пример, периодите на енеолитот, бронзеното и железно време.

За формирањето на единствена слика за праисториското развој на скопско неопходни се податоци за сите праисториски периоди одделно. Познавањето, пак, на тие периоди е базирано главно на археолошките наоди, што значи дека е директно условено од степенот на археолошка истраженост на регионот. За жал, одделни периоди сè уште се далеку од истражени, а одредени фази од нив претставуваат речиси целосно празни страници. И покрај тоа, гледано во целина сегашниот степен на истраженост, сепак, овозможува формирање на одредена слика, која во иднина секако ќе се надградува. Во овој момент е неопходно таа слика да се заокружи како би можеле непречено да го следиме натамошниот историски развој во скопско. Со заокружувањето на сите досегашни сознанија за праисторијата во скопско ќе се добие неопходниот темел настанат врз цврсти научни основи, кој ќе биде подобен за натамошна културно-историска надградба низ вековите на антиката.

Имено, во рамките на овој труд, ќе бидат опфатени сите праисториски периоди со исклучок на најстарата епоха на човековото постоење – палеолитот, а вклучувајќи го периодот на почетоците на антиката или V и IV век пред н.е. Постарото камено време или палеолитот не е опфатен, бидејќи едноставно не постојат сигурни остатоци или какви било други податоци за човеково присуство во скопско во текот на таа најстара и најдолга епоха. Дали е тоа последица на недоволната истраженост или се работи за неповолни услови за живот во текот на таа епоха, ќе остане да го покажат идните истражувања. Затоа, трудот започнува со период на помладото камено време или неолитот, како време во кое со сигурност се сместуваат почетоците на организираниот живот во скопско.

Од друга страна, пак, водејќи се од потребата за поцелосно и континуирано следење на преодот од праисторијата во историските периоди, овој труд завршува со V и IV век пред н.е. По многу елементи, тие векови во скопско се веќе израз на раната антика, но имаат посебна културна тежина и значење. Поради специфичниот тек на културно-историските настани, тој период во исто време го означува крајот на праисторијата или на тоа што претходно се развивало како железно време,

ПАНОРАМА НА ЈУЖНИОТ ДЕЛ НА СКОПСКАТА КОТЛИНА - ПОГЛЕД ОД СЕЛОТО ТАОР

СЕУШТЕ ЖИВА ПРАИСТОРИСКА АРХИТЕКТУРА ВО ОКОЛИНАТА НА СЕЛОТО ТАОР

но и го одбележува почетокот на тоа што ќе го следиме низ следните векови на антиката.

Низ тие два века на преод (V и IV век пред н.е.), благодарение на претходната силна железнодопска традиција и пред сè на нововостановените релации со поразвиените средини на југ, пред сè со малоазиските и егејски области, во скопско било остварено високо ниво на културен и економски развој. Биле основани првите мали гратчиња и бил востановен првиот плански организиран (урбан) живот. Сепак, тој развој бил насилно прекинат со продорот на Келтите во скопско и Повардарјето во 279/278 година пред н.е. Тие настани проследени со долготрајна и сурова деструктивност на Келтите, не само во скопско туку и во сите комуникативни региони на нивниот пат од север кон југ, на многу сликовит начин го означуваат крајот на претходниот, дотогаш мирен и континуиран развој, оставајќи трајни последици врз натамошниот историски развој. Во скопско настапил период на сериозна стагнација без елементарни можности за мирен живот во населби. Ќе поминат речиси два века пред состојбата целосно да се стабилизира, пред да се создадат неопходни услови за креирање на нови животни услови, нова историска стварност и нови вредности, кои веќе излегуваат од рамките на нашиот интерес.

1 ГЕОМОРФОЛОШКИ И КЛИМАТСКИ ОСОБЕНОСТИ КАКО ОСНОВЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ПРАИСТОРИСКИОТ РАЗВОЈ ВО СКОПСКО

Скопскиот регион отсекогаш претставувал силно изразена геоморфолошка целина која во различни периоди на праисторијата нудел различни услови за живот, во зависност од општествените потреби и културните критериуми на периодот. Денешната слика со околните планински венци и реката Вардар, која со притоките Пчиња, Лепенец и Маркова Река го пресекува плодното Скопското Поле, не е иста со сликата во текот на праисторијата. Разликите се најевидентни во хидрографијата, која менувајќи се често низ праисторијата, ги менувала и микроклиматските погодности.

Денес Скопската Котлина ја има долината на реката Вардар како главна природна артерија и комуникациска линија во правец север-југ. Од друга страна, централната населба или градот Скопје е расположен токму во средиштето на котлината, трпејќи ги, како континенталните така и медитеранските климатски влијанија. Преку долината на Вардар, скопскиот регион е поврзан од една страна со Полог и Шар Планина, а од друга со појужните делови на Повардарјето и Егејското Море.

Во минатото, поточно во најраните периоди на човековото организирање, скопскиот регион се наоѓал во сосема поинакви климатски услови. По епохата на конечното топење на ледниците во северните делови на Европа, климата на Балканот конечно се стабилизирала, така што некаде во текот на VI милениум пред н.е. температурата била приближно на нивото на денешните

МОДЕРНИТЕ КОРИТА НА НАЈГОЛЕМИТЕ РЕКИ ВО СКОПСКО

вредности. Сепак, хидрографската состојба во скопско сè уште била условени од претходното постепено и перманентно затоплување, со многу повеќе и поголеми водени површини од денешните. Речните корита сè уште не биле финално оформени, водите на Вардар биле разлеани, посебно во јужниот дел на котлината, сè до влезот во Таорската Клисура, каде што било создадено езеро. Така, од една страна имало доволно плодна почва, а од друга доволно води, што овозможило речиси идеални услови за востановување на првите земјоделски населби и вистински процут на неолитската култура.

Таквата климатска стабилност со сите погодности за развој на неолитското стопанство и високи културни вредности траела низ целиот VI милениум, па сè до некаде околу средината на V милениум пред н.е., кога почнало повторно затоплување на климата. Тоа продуцирало постојано топење на мразовите во северните делови на Земјината топка и на половите, што предизвикало перманентно зголемување на водите и во скопско. Набрзо останала сè помалку плодна почва за обработка, а од поплавите сериозно биле загрозени и самите неолитски населби. Сето тоа сериозно го довела под прашање опстојувањето на неолитскиот начин на живот. Кулминацијата на тие процеси била достигната некаде кон крајот на V милениум пред н.е., кога многу од појужните неолитски култури на Медитеранот веќе страдале од суши и набрзо потоа целосно згаснале.[1]

Животот во скопско не замрел, но неговиот интензитет бил значително намален и проследен со сериозни културни, економски, демографски, а подоцна и етнички промени. Бил прекинат дотогашниот неолитски развој, биле востановени нови населби од нов тип, на нови позиции, организирани според критериумите на новото т.н. енеолитско време. Нови културни влијанија почнале да се шират од североисток, од просторот на Долното Подунавје, Украина и Северното Црно Море. Тие области се експонирале како територија каде што во тоа време имало најпогодни услови за живот и за развивање на новите енеолитски вредности.[2] Од таму почнале да се шират влијанија кон запад и југ, со што биле востановени нови и долготрајни релации на Македонија, а со тоа и на скопско, преку долините на Брегалница, Струма и Искара со Долното Подунавје. По тој пат, нешто подоцна, кога ќе почнат долготрајните миграции од исток кон запад (т.н. Големи индоевропски преселби) во Централен Балкан и во Македонија ќе навлегуваат и трајно ќе се населуваат првите индоевропски заедници.

Наведените процеси, кои биле директно условени од климатските промени, го физиономирале културно-историскиот развој од V до III милениум пред н.е. Во скопскиот регион, пак, климатските услови во тој период сè уште не биле најпогодни. Дури во текот на следното, бронзено време, климата за подолго време ќе се стабилизира. Тоа овозможило во егејскиот базен да се создадат првите европски цивилизации: монојската и микенската.

Скопскиот регион бил културно позициониран во согласност со неговата географија, меѓу Подунавјето на север и Егејот на југ. Во пораните фази на бронзеното време бил целосно ориентиран кон север, додека првите контакти со југ и микенската цивилизација биле направени во текот на доцното бронзено време.

Со ширењето на микенските влијанија на север по долината на Вардар, по должината на целото Повардарје како и во скопскиот регион биле создадени услови за побрз економски и културен развој.[3] Сепак, тие контакти со егејскиот свет на бронзеното време не биле на долг рок. Сериозни климатските непогоди се документирани во тоа време низ целиот Источен Медитеран. Најпрвин вулкани и земјотреси, а потоа и долготрајни суши и воени судири го зафатиле егејскиот басен, што предизвикале перманентно слабеење на развиените општества на бронзеното време, како и конечна пропаст на микенската цивилизација. Областите на север од микенскиот свет не биле во толкава мера зафатени со таквите непогоди, но сепак немале можности непречено да се развиваат, не само поради непогодните климатски услови туку и поради немирните настани што го исполнувале целиот период на преод од бронзеното во железно време. Неколку векови од самиот крај на II и почетокот на I милениум пред н.е. биле исполнети со постојани движења, миграции и воени походи по линијата север-југ и обратно, при што долината на Вардар била најизложена на тие настани и со тоа и најнесигурна за живеење.

Дури во текот на полното железно време или кон крајот на VIII и почетокот на VII век пред н.е. биле создадени погодни услови за интензивирање на животот по долината на Вардар и во скопско. Климата била конечно стабилизирана, без големи варијации и температурни разлики на годишно ниво. Поради сè уште поголемите водени површини, најверојатно, зимите биле нешто поблаги од денешните. Реката Вардар била далеку попол-

новодна и пловна, а се вливала во Егејското Море триесетина километри посеверно од сегашниот слив. Солунскиот залив бил далеку поразгранет и навлегувал многу подлабоко во внатрешноста, така што новата македонска престолнина Пела била основана како пристаниште.

Сето тоа овозможило од VII па сè до III век пред н.е. перманентно интензивирање на живот и брз економски и културен развој, посебно по долината на Вардар и скопско. Во тоа време тие заземале круцијално место и улога во сеопштиот историски, културен и економски развој на Балканот.

Во текот на следните векови од предримската антика, иако климатските погодности останале во голема мера исти, сепак историските услови не дозволиле мирен живот, поточно натамошен континуиран и непречен развој, како по долината на Вардар уште повеќе во Скопската Котлина.

2 ПЕРИОДИЗАЦИЈА И ОСНОВНИ БЕЛЕЗИ НА ПРАИСТОРИЈАТА ВО СКОПСКО

Со исклучок на старото камено време или Палеолитот, другите праисториски периоди во скопско се присутни со археолошки остатоци од најразличен вид. Некои од нив не се во доволен степен истражени, но сепак тоа не ја нарушува сликата за општиот праисториски развој, за местото и улогата на регионот во посебните периоди, како и за културно-историските дострели што биле остварени во текот на последните VI милениуми пред н.е..

Првиот организиран живот во првите постојани населби во скопско се бележи кон крајот на раниот неолит или во периодот на премин од VII во VI милениум пред н.е. Засега не се откриени населби или какви било други наоди што би сугерирале порани човекови активности, во текот на постарите фази на неолитот или уште пред тоа во палеолитот.

Резултатите од климатолошките и геолошки истражувања потврдуваат дека климатските, хидролошки и морфолошки карактеристики во скопско, во текот на VII милениум сè уште не биле стабилизирани.[4] Најниските позиции во Скопската Котлина сè уште биле под вода, денешните речни корита сè уште не биле оформени, температурните варијации сè уште биле големи, а плодна почва погодна за земјоделски активности речиси немало. Поради тоа, појавата на првите земјоделски агломерации во однос на некои други региони била задоцнета.

Дури кон крајот на раниот неолит климатските погодности во скопско почнале да привлекуваат одделни заедници. Тие можеле да организираат населби, но само на одредени позиции, главно повлечени на повисоко, во пазувите на Водно и Скопска Црна Гора и тоа на места со доволно почва и вода за развој на примарно земјоделство и сточарство. Таква е, на пример, населбата откриена во месноста Церје кај Говрлево. Лоцирана е на повисоките падини на Водно, а сепак нудела извонредни услови за неолитско стопанство. За разлика од сите други неолитски населби распоредени во низинскиот дел на Скопска Котлина, населбата во Говрлево се издвојува, не само по својата позиција туку и со подлабоката хронологија. Таа, без сомнение, засега е најстарата населба или единствената со јасно изразени слоеви од раниот неолит, додека сите други биле востановени нешто подоцна, кон почетокот и во текот на следната фаза на средниот неолит.

Очигледно, потребните услови за неолитско живеење во текот на раниот неолит во скопско можеле да се најдат само на повисоките и со тоа позаштитени позиции. Заштита се барала главно од честите климатски непогоди како поплави и северни ветришта, но и од навлегувањето на диви животни. Ако таквата позиција била опкружена со плодна почва тогаш, како во случајот со Церје-Говрлево, постоеле сите предуслови за брз и долготраен развој.[5]

Наспроти иницијалното живеење, вистинскиот или полн неолитски развој бил остварен во средниот неолит, кога во пониските делови на Скопската Котлина среќаваме многу новоосновани неолитски населби, главно по рабовите на котлината.[6] Дури тогаш, во текот на VI милениум пред н.е., биле создадени неопходните услови не само за организиран живот туку и за вистински подем на неолитската култура, која токму во скопско ќе го достигне својот врв.

Последната фаза од неолитскиот развој или доцниот неолит во скопско имал посебен тек и белези што зборуваат дека не траел долго туку бил прекинат многу порано од другите околни региони. Така, додека на Централен Балкан доцниот неолит се развивал низ неколку фази, во Грција имал продолжено траење до длабоко во IV милениум, во скопско траел само во текот на првата половина на V милениум.[7]

Постојаното затоплување на климата во текот на вековите од доцниот неолит условило неможност за продолжување на дотогашниот неолитскиот начин на живот во старите рамничарски населби. Честите суши и драматично зголемениот водостој налагал потреба од нови позиции и нови типови населби и живеалишта. Во исто време се востановувале и нови културни релации со регионите што не биле зафатени од таквите климатски непогоди, а такви биле областите на североисток

ЈУЖНИТЕ ПАДИНИ НА ВОДНО ВО ОКОЛИНАТА НА СЕЛО ГОВРЛЕВО

од Македонија, каде што во тоа време веќе биле развиени културите на новото бакарно време или енеолитот. Сите споменати фактори направиле веќе во текот на втората половина на V милениум скопскиот регион да влезе во нов праисториски периодот, поточно да го почне својот енеолитски развој.[8]

Раното усвојување на придобивките на енеолитот во скопско се должи најмногу на тесна културна поврзаност со областите непосредно на исток и североисток. Така воспоставените релации биле долготрајно негувани во текот на целата постара фаза на енеолитот. На тие темели веќе во следната етапа на помладиот енеолит, скопскиот регион испишува нова страница, во која ќе бидат забележани и првите не сами културни туку и демографски движења од североисток кон југ или првите манифестации на т.н. Големи индоевропски преселби.[9] За разлика од преостанатите појужни балкански области, скопскиот регион во тоа време е меѓу првите региони во Македонија што бил изложен на сложените и долготрајни процеси на индоевропеизација. По своето траење и интензитет тие ќе ги надминат границите на

енеолитот и ќе му дадат значаен белег и на следниот период на бронзеното доба.

Кон крајот на III милениум пред н.е., или во текот на помладите фази на раното бронзено доба во скопско се остварува целосно етнокултурно стабилизирање на новото, веќе индоевропско население. Во вековите од втората половина на III милениум, конечно бил завршен процесот на индоевропеизација и биле стабилизирани новите индоевропски културни вредности. Со тоа биле остварени сите услови за натамошен развој, што ќе може континуирано да се следи низ следните векови на бронзеното доба, до самиот негов крај кон истекот на вториот милениум пред н.е..

Од периодот на бронзеното време во скопско и Македонија за посебно одбележување се вековите од доцна бронзена доба или од XIV до XII век пред н.е.. Тогаш низ Повардарјето почнуваат да се шират влијанија од егејскиот југили од развиената микенска цивилизација.[10] На сметка на дотогашната ориентираност кон север и поврзаноста со Поморавјето, во тој период Повардарјето, а со тоа и скопско постепено се отвораат кон југ и егејската област, така што многу елементи од егејското бронзено доба ќе бидат прифатени од заедниците по долината на Вардар. Благодарение на тоа, регионот на Повардарјето ќе оствари далеку побрз и поинтензивен развој од другите области, кои биле настрана од тогаш востановениот повардарски пат.[11]

Долината на Вардар во тоа време се експонирала како главна комуникација по линијата север-југ, која директно го поврзувала праисторискиот внатрешен Балкан и Европа со развиениот југ, поточно со цивилизациите во егејскиот басен и источен Медитеран. Сепак, токму востановувањето на таа комуникација ќе отвори можности не само за културни и трговски релации на микенскиот свет со заедниците на север од него, туку и за воени продори и деструктивни процеси и разни миграции, кои најчесто се одвивале во спротивен правец, од север кон југ.

Веќе следните векови (XI-X) по должината на Повардарјето ќе бидат исполнети со перманентни движења, воени походи и немирни настани, кои ќе го одбележат т.н. преоден период од бронзено во железно време. Тие настани ќе остават длабоки последици и ќе се покажат како пресудни за натамошниот културно-историски развој не само на заедниците по долината на Вардар туку и за оние по на југ во континентална Грција.[12] Скопскиот регион во тоа време ќе се експонира како регион од посебно значење и улога во тие бурни, долготрајни историски настани. Можеби нема многу остатоци од тоа време, но токму тоа го илустрира карактерот и несигурноста на живеењето по долината на Вардар, како и немањето услови за креирање и развој на локални културни вредности.

Таквата несигурност ќе се чувствува во скопско и целото Повардарје уште извесен период во текот на следното железно време, поточно низ целата негова рана фаза или низ т.н. рано железно време.

Железното време ги покрива вековите од првата половина на I милениум пред н.е., така што со него завршува вистинскиот праисториски развој. Меѓутоа, поради индиректната поврзаност со некои историските записи кај античките автори, железното време во Македонија се смета за протоисториски период. Во тие векови конечно биле формирани првите народи, кои веќе во следната етапа ќе се организираат во првите политички заедници, поточно доаѓа до создавање на првите антички држави.

Споменатата рана фаза или раното железно време (X до VIII век пред н.е.) покажува најслаб интензитет на живот. Во тоа време, по целата долина на Вардар сè уште се чувствувале последиците од претходните немирни времиња од преодниот период. За разлика од тоа, во текот на следната фаза на полното железно време (VII и VI век пред н.е.) се појавуваат и стануваат популарни низа нови форми на материјалната и духовна култура. Биле формирани нови населби, на нови позиции, со соодветни големи и добро организирани некрополи. Сето тоа зборува за период на културна и економска стабилизација и укажува на добри услови за интензивен живот, со креирање на високи локални културни вредности.[13]

Со перманентниот растеж на тие населби, веќе во следните векови (V и IV век пред н.е.), со усвојувањето на мноштво вредности на раноантичката култура, скопскиот регион го преминува прагот на праисторијата. Се создава една специфична симбиоза од елементи на локалната доцна железнодопска култура со прифаќање и адаптирање на локалните потреби на некои од највисоките вредности на класичната култура. Во тој период скопско се издвојува како регион кој, за разлика од преостанатите централно балкански области остваруваат високо економско и културно ниво, со силни манифестации на раната антика, во првите мали, но вистински утврдени гратчиња. На тоа време се однесуваат и првите историски белешки за скопскиот регион како земја



ДИСПОЗИЦИЈА НА НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПРАИСТОРИСКИ НАОГАЛИШТА ВО СКОПСКО

на пајонските Агријани, кои ќе играат значајна улога во историските настани од тоа време.[14]

Сепак таквиот интензивен развој набрзо ќе биде прекинат со продорите на подунавските Келти кон југ (279 година пред н.е.). Тие настани ќе ја претворат целата долина на Вардар во арена на перманентни воени судири и деструкции.[15] Посебно драматични и долготрајни последици врз натамошниот, веќе историски развој, тие настани ќе остават во скопскиот регион. Со келтските деструкции урнати се и трајно гаснат сите раноантички гратчиња. Со тоа бил отворен патот за навлегувања во скопско на групи Дарданци од север и нивно перманентно пљачкосување на тоа што останало од Келтите и собирање, пред се на робови, по што непречено се враќале на нивната

матична територија по долината на јужна Морава и денешно Источно Косово. Набрзо потоа, Скопската Котлина опустошила и била речиси целосно депопулизирана.

Досега археологијата во скопско нема откриено ниту една населба или какви било други организирани остатоци од III и II век пред н.е., сè до доаѓањето на Римјаните и нивното војничко стационирање во воен логор, на вливот на Лепенец во Вардар. Од него во следните векови ќе се развие најголемиот град во централните делови на Балканот, римската колонија Скупи.

I НЕОЛИТ
ВО СВЕТОТ НА ГОЛЕМАТА МАЈКА

Во Скопската Котлина засега не се констатирани постари населби од неолитските. Иако би требало да се очекуваат, сепак не се откриени ниту мезолитски населби ниту палеолитски станици. Така, првиот организиран живот се поврзува со периодот на неолитот или со времето некаде во текот на втората половина на VII милениум пред н.е.

1 ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА ПРВИТЕ ОРГАНИЗИРАНИ НАСЕЛБИ

Скопскиот регион претставува затворена геоморфолошка целина со исклучителни погодности за организирање постојани населби врзани за земјата, земјоделието и плодноста во секоја смисла или, со еден збор, за неолитско живеење. Од друга страна, можеби најмногу од сите други слични региони во Македонија (Пелагонија, Овче Поле, Струмичко, Полог и слично) се експонира како регион кој бил иницијално населен од надвор и тоа во релативно кус временски период.

БОГИНКА СО МОДЕЛ НА КУЌА ИЛИ ГОЛЕМАТА МАЈКА ОД ЦЕРЈЕ -ГОВРЛЕВО

Судејќи според сите неолитски придобивки, кои како новини се јавуваат речиси одеднаш и тоа целосно оформени без претходен локален развој, неспорно е дека во регионот била доселена популација која со себе донела свои веќе изградени културни вредности. Така, во најстарите неолитски населби во скопско првпат се појавува керамиката како ново револуционерно откритие, но со веќе изградени формални и стилско ликовни белези. Исто така, се среќаваат и нови растителни и животински видови, нови видови фигурини, печати, култни предмети, нови камени алатки, посебен начин на погребување и многу други манифестации на материјална и духовна култура. Истите тие појави, неколку векови претходно биле познати на широкиот анадолско-малоазиски простор. Поради тоа, се смета дека неолитот на Балканот бил донесен од исток, од анадолска територија, со што бил формиран широк т.н. Балканско-анадолски културен комплекс.[16]

Во врска со иницијалното населување или неолитизацијата на Скопската Котлина постојат различни мислења. Според едни најраните популации пристигнале од југ, преку Пелагонија, по долината на Треска, според други повторно од југ но преку долината на Вардар, а според трети од југоисток по Долна Струма, Струмешница, Лакавица, Овче Поле до скопско. Имајќи ги предвид хронолошките релации на најстарите неолитски наоди и пред се хидро-климатските погодности, според кои и Пелагонија и долината на Вардар не биле лесно проодни во текот на раниот неолит, најголема е веројатноста населувањето на скопско да се одвивало по источниот пат. Единствено таа линија непречено ја поврзува Скопската Котлина со јужните региони, најпрвин преку Овче Поле, а потоа и преку долината на Лакавица. Токму таа ќе биде главната комуникација од север кон југ, не само низ неолитот туку и низ целата праисторија.

Процесот на првично населување на скопско, за праисториски услови се одвивал релативно брзо и тоа од заедници меѓусебно блиски или од иста културна средина. На тоа упатуваат изедначените културни вредности, посебно во керамиката која ги носи најсилните локални белези. Тоа овозможило натамошен силен локален развој со препознатливи афтохтони белези, по кои неолитот во скопско, во текот на следната фаза на средниот неолит јасно ќе се издвојува од другите културни групи.

Според одредени манифестации лесно може да се заклучи дека постоеле два брана на колонизирање на скопско. Така, пред да се случи главната демографска експанзија, кон крајот на раниот неолит, треба да се смета на една порана фаза. Вообичаено тоа била фаза на откривање на регионот и запознавање со погодностите за неолитско стопанисување, која го отворила патот за главното населување. Во таа иницијална фаза најверојатно немало доволно услови за неолитски развој. Скопската котлина сè уште била во голем дел покриена со вода, без целосно оформени речни корита, што значи без доволно почва која би била подобна за развој на земјоделие. Затоа од тоа време засега е забележана само населбата Церје кај Говрлево, која била позиционирана на повисоко, во пазувите на Водно, каде што единствено можело да се живее неолитски.

Демографската експанзија се случила нешто подоцна, кон крајот на VII милениум пред н.е., кога воденатa површина била ограничена само на најниските партии од котлината со што била ослободена значителна плодна почва. Многуте новоформирани населби од тоа време се регистрирани по работ на скопската котлина, кои пред себе го имале плодното поле и мноштвото вода, додека зад себе планини со сите свои ресурси. Нивното основања можеби се случило уште кон крајот на раниот неолит, но со својот развој го исполнувале најголемиот дел од средниот неолит.

Засега се регистрирани 30-ина такви населби кои важат за првиот вистински организиран живот или за првите земјоделски агломерации во скопско. Покрај споменатата населба на Церје-Говрлево, чија употреба продолжила и во текот на средниот неолит, такви се уште низа други новоосновани населби во самото Скопско Поле, поточно на најниските ограноци на Скопска Црна Гора, Водно или Китка, по рабовите на самата котлина. Меѓу нив најпознати се населбите на локалитетите: Тумба-Маџари, Тумба-Чаир, Тумба (Кисели Вир)-Арачиново, Слатина-Зелениково, Тумба-Стајковци, Тумба-Сингелиќ, Тумба-Брњарци, Тумба (Сред село)-Мршавци, Тумба (Шамак)-'Ржаничино, Барица-Орман и други.[17] Сите тие својата употреба ја имале речиси едновремено, главно низ вековите од VI милениум пред н.е. Некои од нив биле позиционирани на природните тераси, веднаш над или во близина на тукушто формираните речни корита. Други, пак, се лоцирани во полето, но на благи возвишенија – тумби, кои секогаш биле во непосредна близина на вода.

Мирниот среднонеолитски развој обезбедил високи културни дострели со силни локални карактеристики кои го афирмираат скопско како еден од најнапредните региони на балканскиот неолит. Најзначајните дострели се среќаваат токму во они сфери кои се и најкреативни, во керамографијата, во скулптурата и во изработката на култни предмети. Сите тие ја имале плодноста и сите нејзини манифестации како вечна потреба и инспирација за уметничко и религиозно изразување. Така, биле создадени дела што претставуваат највисоки дострели на неолитската култура воопшто. Сепак, таквиот стабилен и плоден среднонеолитски развој не траел вечно.

Во текот на првите векови од v милениум настапуваат промени кои сериозно го нарушиле дотогашниот културен континуитет. Тоа довело до згаснување на животот во старите населбите, а набрзо потоа и до конечен прекин на неолитскиот развој.

Најпрвин, со постепеното а перманентно затоплување се промениле климатските услови. Повторно се зголемиле нивоата на водите со што биле загрозени дотогашните среднонеолитски населби. Тие што можеле да се одбранат од таквите непогоди продолжиле со својата егзистенција уште извесно време, додека другите морале да го прекинат своето опстојување. Наместо старата позиција морале да побараат нова локација, посоодветна на новонастанатите услови. Новата реалност налагала и востановување на нови културни релации, и поврзување најмногу со регионите непосредно на север по долината на Јужна Морава, што значело прифаќање на низа вредности од централно балканската т.н. винчанска култура на доцниот неолит.[18] Со сето тоа била свртена нова страница на неолитскиот развој, со што почнала последната неолитска фаза или доцниот неолит во скопско.

Иако претставувал продолжение на локалната средно неолитска култура, сепак доцниот неолит во скопско се експонира како ново физиономирана култура, пред сè со забележително учество на елементи од тогаш веќе развиената винчанска култура. Поради тоа во литературата можат да се сретнат мислења дека се случила демографска експанзија на винчанско население од север. Сепак, таквите претпоставки не одговараат на теренската ситуација во скопско. Најпрвин, во однос на претходната фаза на средниот неолит, во текот на доцниот неолит интензитетот на живот не бил зголемен за да илустрира дополнително доселување од страна туку напротив бил значително намален. Од друга страна, карактерот на материјалната култура, покрај елементите на винчанската култура го одбележуваат силни локални карактеристики. Така, елементите од север се манифестираат само како културни влијанија, адаптирани на локалните потреби и вкус. Тие несомнено биле пристигнати во скопско како резултат на нововостановените контакти со косовската и Поморавска варијанта на винчанската култура.

Многу од претходно наброените средно неолитски населби (Тумба-Маџари, Тумба-Брњарци, Кисели Вир-Арачиново, Слатина-Зелениково и сл.) продолжиле со својот развој и во оваа, рана фаза на доцниот неолит или во текот на првата половина на V милениум, но секако не за долго. Во исто време, биле основани и некои нови населби на сосема нови позиции како: Кремењача-Бразда, Орловица 1-Ракотинци, Дервен-Долно Коњаре и слично.[19] Сите тие даваат драгоцени податоци за карактерот и вредностите на локалната доцно неолитска култура, која денес во науката е позната како културна група „Зелениково 2“. Уште поважно е тоа што на сите новоформирани населби е документирано еднослојно живеење, што јасно го одбележува самиот крај на неолитскиот развој во скопско.

Животот на сите доцнонеолитски населби згаснал речиси во исто време. Очигледно не ги издржале новонастанатите климатски, економски и социјални промени, така што некаде кон средината на v милениум пред н.е. завршил периодот на неолитот во скопско, поточно бил прекинат дотогашниот милениумски развој. Со тоа завршила една блескава етапа од културната историја на Македонија, која ќе го афирмира скопскиот регион како еден од најразвиените и водечки региони на европскиот неолит.

ЕНТЕРИЕР НА ЕДНА ОД РЕКОНСТРУИРАНИТЕ КУЌИ НА ТУМБА - МАЏАРИ

ГОЛЕМАТА МАЈКА ОД ТУМБА -МАЏАРИ

2 НАЈЗНАЧАЈНИ ПУНКТОВИ ОД НЕОЛИТОТ ВО СКОПСКО

Најистражуваните археолошки локалитети секако се и најзначајните пунктови од неолитот во скопско. Тие ги даваат најголемиот број артефакти и податоци за сите развојни фази на неолит во скопскиот регион. Во таа смисла силно се издвојуваат три локалитети: Церје-Говрлево, Тумба-Маџари и Слатина- Зелениково.

ЦЕРЈЕ–ГОВРЛЕВО

Неолитската населба на локалитетот Церје кај село Говрлево е лоцирана 15 км југозападно од денешно Скопје или 2,5 километри југоисточно од селото Говрлево. Повлечена во пазувите на Водно, поточно на еден од јужните огранок на Водно, населбата е позиционирана сред простр-на плодна падина, на околу 600 метри надморска височина (слика 1). Била опкружена со повеќе хектари плодна почва, низ која течеле најмалку две рекички и со планинскиот амбиент на Водно. Од друга страна, целата падина била отворена кон југ кон долината на Маркова Река, а преку неа лесно комуницирала и со долината на Вардар.[20]

Со сите тие особености говрлевското опкружување претставувало посебен микрорегион, со изобилие на сонце и вода, а сепак без опасност од поплави. Во него, неолитската населбата имала извонредни погодности за земјоделство, лов и сточарство поради што е сосема разбирливо зошто една од најраните форми неолитски живот во скопско бил организиран токму на таа позиција.

Населбата на Церје во Говрлево е истражувана во последните 4 децении но со чести, па и долги прекини во теренските активности. Така, континуирано се истражувала во првите четири години, 1982 до 1985 година. Продолжувањето следело дури по 2000 година и тоа најпрвин од 2000 до 2002, потоа во 2004 година и засега последни истражувачки кампањи се оние од 2008 до 2010 година.

СЛ. 1. АЕРО СНИМКА НА ЦЕРЈЕ-ГОВРЛЕВО, СКОПСКО



ОСТАТОЦИ НА ПОДНО НИВО ОД КУЌА, ЦЕРЈЕ-ГОВРЛЕВО

СЛ. 2. ОСТАТОЦИ ОД КУЌА, ЦЕРЈЕ-ГОВРЛЕВО

СЛ. 3. ИЗБОР НА НАОДИ ОД ЦЕРЈЕ-ГОВРЛЕВО

ИЗБОР НА НАОДИ ОД ЦЕРЈЕ-ГОВРЛЕВО

Истражувањата во Говрлево откриј населба со површина од околу 5 хектари и вертикална стратиграфија од 4 метри висина, што е невообичаено голема за неолитски прилики. Населбата се развивала низ сите три неолитски фази со тоа што раниот неолит не е во целост застапен додека крајот на својот континуиран неолитски развој го имала уште на почетокот на доцниот неолит.[21]

Најстарата населба била организирана на значително помала површина и била заштитена со надворешен одбранбениот ров, кој заедно со дрвена ограда (палисада) обезбедувал заштита, најчесто од диви животни.

Во следната фаза, главно низ средниот неолит населбата го доживеала најголемиот растеж. Од неа се откриени остатоци од вкупно 6 куќи и некои други структури, како систем на јами или т.н. комплекс на печки.

Куќите биле градени на правоаголна до квадратна основа со површина од околу 20-50 метри квадрати (слика 2). Ѕидовите биле од кал и глина, облепени на дрвена скелетна конструкција, со покрив од органски материјал и под од набиена земја, премачкан со глина и повеќепати обновуван. Најчесто внатрешноста на куќите била поделена на два дела со еден преграден ѕид.

Едниот дел служел за спиење, секако на дрвени конструкции со сламарици, додека втората просторија била наменета за извршување на домаќинските секојдневни активности. Во тој дел, меѓу другото, редовно се открива огниште и најмалку по една печка-фурна за леб како и низа други придружни наоди како камени мелници, керамични силоси и други садови за различна намена, најчесто поврзани со производството и печењето леб.

Од движни предмети што биле откривани како инвентар во куќите се среќаваат разни форми на керамични садови, најчесто како огнишна и складишна керамика, но и други керамични предмети како, печати (пинтадери), култни масички (куќни жртвеници) или разни камени кремени и коскени алатки (ножиња, секири, игли, длета, стругалки и сл.). Сепак, за посебно издвојување се наодите на т.н. модели на куќи со претстава на Големата Мајка, разни антропомрфни и зооморфни фигурини (слика 3).

На основа на многубројните наоди на коски од домашни животни (овца коза, говедо, свиња) како и коски од диви животни (тур, елен, срна, дива свиња, дабар, лисица, волк, мечка и сл.) лесно може да се заклучи дека покрај примарното земјоделство било развиено пред сè сточарството и ловот.

Белезите на материјалната култура откриена на Церје-Говрлево не укажуваат на очекуваните тесни културни релации со другите неолитски населби во Скопската Котлина туку зборуваат за прилично изолирана појава. Населбата на Церје кај Говрлево креирала и негувала сопствени, локални вредности, кои покажуваат изненадувачки блиска поврзаност со Пелагонискиот регион, посилна отколку со Повардарјето и Источна Македонија. Со тоа се експонира комуникацијата меѓу Скопската Котлина и Пелагонија преку Македонски Брод и долината на Треска, а не по Вардар. Притоа, населбата во Говрлево се позиционира како еден од најзначајните пунктови на тој пат.

ТУМБА-МАЏАРИ

Населбата на Тумба во Маџари се наоѓа во самото градско подрачје на Скопје на неговата источна периферија меѓу населбата Ченто и селото Инџиково или на десната страна од автопатот Куманово – Скопје, на самиот влез во Скопје (слика 4). Пред интензивирањето на градежните активности во тој дел на градот или пред земјотресот 1963 година возвишението наречено Тумба, доминирало над околната рамницата и заземало лесно воочлива позиција од сите страни. Непосредната околина на Тумбата изобилувала со плодна почва, а во непосредна релација била со пространата водена површина Шамак (Катлановско Езеро) пред неа, додека зад неа ги имала најниските планински ограноци на Скопска Црна Гора.

Денес, по разните градења и со тоа постојано менување на конфигурацијата на теренот, Тумба-та е едвај препознатлива. Има неправилна кружна форма со 220 метри во пречник и височина од само 3 метри во центарот. Нејзината источна половина е целосно уништена со диво градени приватни куќи и дворови, додека на сметка на нејзините северни делови се шират градби, улици и друга инфраструктура од населбата Ченто. Само една сегмент или југозападната четвртина од некогашната Тумба е сочувана за археолошки истражувања, конзервација и туристичка презентација.

Првите истражувања со пробен-контролен карактер биле извршени во 1978 година, кога биле откриени основните параметри на локалитетот (карактер, граници, стратиграфија). Тргнувајќи од тоа, во 1981 година се почнало со систематските истражување на неолитската населбата, кои, со многу прекини траеле до 2009 година.[22] Притоа,била истражена речиси целата површина што била слободна и на располагање на археолозите или целиот ј-згугозападен дел на тумбата. Биле откриени остатоци од 11 куќи, од кои 8 се во целост истражени, заедно со низа други струк-

СЛ. 4. ПАНОРАМА НА ТУМБА-МАЏАРИ

СЛ. 5. ОСТАТОЦИ ОД КУЌА, ТЕРЕНСКА СИТУАЦИЈА ОД ТУМБА-МАЦАРИ

тури што се наоѓале во меѓупросторот. Посебна карактеристика на локалитетот е богатиот фонд на движни наоди, кои се откривани најчесто како инвентар во станбените и стопански објекти.

Според откритијата во досегашниот степен на истражувања, Тумба-Мацари се смета за најзначајна населба од средниот неолит на Централен Балкан и една од најзначајните во Југоисточна Европа. Таа е редок пример на населба која нуди податоци не само за карактерот и белезите на станбената архитектура, не само за материјалната и духовна култура туку и за самата организација на животот и разновидноста на активностите во населбата, како и нејзиниот однос со непосредната околина и другите сродни населби.

Куќите за живеење биле градени на површина од 50 до 60 метри квадратни, на начин стандарден за балканската архитектура. На правоаголна до квадратна основа била подигана дрвена скелетна конструкција од подебели носечки колци вертикално вкопани и потенки прутје во хоризонтален преплет, облепени со кал (слика 5). Подот бил земјен, повеќе пати обновуван, поточно премачкуван со глинен премаз, а покривната конструкција од дрво и органски материјали, најчесто со слама.

Сепак, таквите куќи имале и свои посебни вредности и особености кои токму на локалитетот Тумба-Мацари се најевидентни и најдобро документирани. Секоја куќа подразбирала една до две приземни простори за секојдневни активности и галерии како простор за спиење. Во приземјето се откривани стандардни недвижни објекти како печки-фурни за леб, огништа за греење и готвење, амбари или цели системи на кадовидни глинени реципиенти чија намена сè уште не е со сигурност утврдена. Сите тие се проследени од мноштвото движни наоди, што ја потврдува намената за приземниот дел на куќите како заеднички простор за работа и дневен престој. Така, во тој простор се откриваат разни амбалажни, складишни, трпезни и луксузни садови како и други глинени, камени или коскени предмети со утилитарен или култен карактер (слика 6). Разни скулптури и други скулптурирани предмети со високи естетки вредности, минијатурни култни масички, тегови за вертикален разбој, глинени печати, коскени игли или делови од накит и други украси од камен и коска го сочинувале инвентарот на приземната просторија (слика 7). Сите тие илустрираат активности поврзани пред сè со чување, приготвување и консумирање храна, но и со производство на неопходни предмети за домашна употреба и домашно практикување на религиозни верувања и уметнички сфаќања.

Куќите биле позиционирани на мало растојание една од друга, со тесни премини меѓу нив, но со доволно слободен простор пред нив, за задоволување на потребите што произлегувале од работата со домашните животни. Меѓу нив, по својата позиција, димензии и содржина се издвојува една градба, идентификувана како светилиште или како објект во кој биле задоволувани заедничките ритуално-религиозни потреби на населението од населбата.[23] Градбата била позиционирана кон центарот на населбата, на простор со димензии 9 × 9 метри. Во централната просторија, меѓу другото, се откриени и две статични, масивни олтарни површини моделирани од глина во форма на жртвеници со кружни резипиенти. На нив биле прилагани различни вотивни дарови, најмногу храна во луксузни садови, неретко украсувани со сликање на религиозна симболика.

СЛ. 6. ПОЕДИНИ УТИЛИТАРНИ ПРЕДМЕТИ И НАКИТ ОД ТУМБА - МАЦАРИ

СЛ. 7. ИЗБОР УМЕТНИЧКИ И КУЛТНИ ПРЕДМЕТИ ОД ТУМБА-МАЏАРИ

Само околу централниот жртвеник биле откриени делови од околу 200 такви садови, но и неколку глинени фигурини, коскени предмети и слично. Меѓу инвентарот на светилиштето, за посебно одбележување е наодот на т.н. Голема Мајка или композитна глинена скулптура со претстава на моделот на куќата и божицата како оџак врз неа. Тој предмет, со своите исклучителни културни и естетски вредности бил откриен во средината на светилиштето, така што несомнено го претставувал главниот објект во светилиштето.

Населбата од средниот неолит на Тумба-Маџари, според позицијата и белезите на паднатите ѕидови од досега откриените куќи е утврдено дека дефинитивно настрадала од природна катастрофа – земјотрес. Врз тие урнатини животот бил обновен, но за кратко. Веќе во следната фаза, во рамките на новата етапа на доцниот неолит, населбата била дефинитивно напуштена. Може да се претпостави дека населението од Тумба-Маџари заедно со населението од истовремените околни населби се концентрирало на повисоката и побезбедна позиција, основајќи ја пространата населба на Скопското кале, како нова, веќе енеолитска населба.[24] Ако е така, имајќи го пред вид континуитетот на употреба на просторот на Скопското кале, од V милениум пред н.е. до денес, тогаш неолитското население од Тумба-Маџари можеме да го сметаме за првото скопско население. Тоа ги позиционира корените на културно-историскиот развој на Скопје уште во VI милениум пред н.е.



СЛ. 8. ЕНТЕРИЕРОТ НА ЕДНА ОД РЕКОНСТРУИРАНИТЕ КУЌИ НА ТУМБА-МАЏАРИ

СЛ. 9. ТУМБА- МАЏАРИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НЕОЛИТСКОТО СЕЛО

На основа податоците добиени со досегашните истражувања на Тумба-Маџари, денес на периферијата на неолитската населба, веднаш до истражениот простор е извршена комплетна амбиентална реконструкција на неколку куќи со инвентарот во нив (слика 8 и 9). Станува збор за еден вид презентација на основните резултати од истражувањата, поточно оживување на дел од населбата од средниот неолит, секако во служба на нејзината културна, едукативна и пред сè туристичка експлоатација.

СЛАТИНА-ЗЕЛЕНИКОВО

Локалитетот Слатина се наоѓа кај селото Зелениково на 20-ина километри југоисточно од Скопје, на десниот брег на реката Вардар, непосредно пред нејзиниот влез во Таорската Клисура или на крајниот јужен раб на скопската рамница. Се работи за повеќеслојна населба позиционирана на речна тераса на 230 метри надморска височина.

Во текот на 50-тите и 70-тите години неколкупати биле преземани сондажни археолошки истражувања.[25] Со нив биле откриени делови од две куќи и мноштво движен археолошки материјал. Биле документирани вкупно осум културни слоеви што припаѓаат на два основни хоризонти на живеење или хронолошки фази именувани како Зелениково 1 и Зелениково 2.

Постарата фаза или Зелениково 1 претставува населба од средниот неолит со белези речиси идентични на појавите од Тумба-Маџари. Откриени е истата организација на просторот, со истата станбена архитектура и внатрешен инвентар, како и движни наоди со најблиски паралели во наодите од Тумба-Маџари. Во таа смисла многубројни се наодите на домашна, трпезна и складишна керамика како и култни садови, алатки од глина, коска и камен и по некоја теракотна скулптура (слика 10). Сепак, движните наоди од Зелениково заостануваат во количината на луксузен материјал зад наодите од Тумба-Маџари, што може да се должи на централната позиција на населба во Маџари, но и на понискиот степен на истраженост на Слатина-Зелениково. Наспроти тоа, помладата – доцнонеолитска населба на Зелениково или Зелениково 2 се чини била економски посилна од истовремената населба на Тумба-Маџари.[26]

ЗЕЛЕНИКОВО, ГЛЕТКА КОН СКОПСКО ПОЛЕ

СЛ. 10.
ИЗБОР НАОДИ
ОД СЛАТИНА-
ЗЕЛЕНИКОВО

Зелениково 2 претставува обновување на животот по рушењето на претходната, средноеолитска населба. Слично на ситуацијата со Тумба-Маџари новата населба била израз на новата доцнонеолитска култура во скопско, со тоа што за разлика од Тумба-Маџари, Зелениково 2, била во подолга и по интензивна употреба. Од таму, таа се смета за синоним за доцниот неолит во скопско, претставува локалитет што ги дава главните податоци за доцниот неолит во скопско. Во таа смисла, како реперна населба за тој период Зелениково 2 има посебно место и улога во неолитскиот развој на Балканот.

Многу од доцнонеолитските културни манифестации не само во скопско туку и пошироко на Балканот долго време беа познати главно преку наодите од Зелениково 2. Денес се документирани уште неколку други населби од тоа време како: Кремењача кај Бразда, Орловица 1 кај Ракотинци, Дервен во Долно Коњаре, Мало Сарајлија кај Агино Село, Горен Гргур кај Мралино, Долен Шамак кај Катлаково и други, формирајќи на тој начин една од најзначајните доцнонеолитски групи на Балканот.[27] Иако на тие локалитети не се вршени археолошки ископувања, регистрирани се само на основа површинскиот материјал, сепак благодарение на наодите од Зелениково 2 заокружуваат посебна група чии вредности се сосема евидентни и веќе афирмирани во литературата како скопска група на доцниот неолит или уште попозната како културна група Зелениково 2.

3 НАЈВИСОКИТЕ ДОСТРЕЛИ НА НЕОЛИТСКАТА КУЛТУРА

Избор на најзначајните наоди од неолитското занаетчиство и уметност

Во текот на средниот неолит во скопско бил постигнат висок степен на економски и културен развој, со продуцирани бројни вредности што далеку ги надминувале локалните граници и вообичаеното неолитско ниво. Така, постојат бројни артефакти што заслужуваат да се вбројат меѓу врвните остварувања на неолитската уметност и занаетчиство, на глобално ниво.

СЛ. 11.
МЕРМЕРНА
ФИГУРИНА
ЕВА ОД МАЌАРИ

Со оглед на карактерот на неолитот како земјоделско општество, земјата се доживувала како врховен елемент, од неа почнувало се и во неа се завршувало. Земјата како родилка, плодност, чувар на животот и заштитник во смртта била инспиратор на уметноста и креатор на верувањата и култните активности.

Секако постоеле различни манифестации и форми на нејзино величање и повикување на нејзината моќ, но најсилен израз на таквите сфаќања било поистоветувањето на земјата со жената како божество. Жената со сите свои атрибути на родилка, синоним за плодност, бериќет, чуварка на домот и семејството и воопшто господарка на животот била дивинизирана и со тоа доживувана и претставувана како Големата Мајка. Од таму, во уметноста на неолитот далеку најчести се преставите на жени. Во скулптурата, на пример, која е најсилен уметнички медиум во неолитот, над 90% од сите антропоморфни фигурини биле жени, престaвени во своите најсилни божествени атрибути.[28]

Меѓу сите досега откриени неолитски скулптури во скопско по своите високи естетски, културни и занаетчиски вредности се издвојува мермерната женска фигурина, работно именувана како Ева од Маџари, како и единствената теракотна машка фигура позната како Адам од Говрлево.

Ева од Маџари и Адам од Говрлево

Антропоморфните како и зооморфни фигурини претставуваат задолжителен инвентар во секоја една куќа за живеење во неолитските населби. Од таму се чини дека се работи за најчестиот и најрашитен медиум за пренесување на идеи, пораки, желби и слично. Затоа, тие се најчесто изработувани од глина, на наједноставниот начин и со минимум интервенции, само колку да се пренесе пораката. Наспроти мноштвото такви, глинени скулптури стои женската мермерна фигурина т.н. Ева од Маџари, една од ретките изработена од мермер и на начин што заслужува посебно внимание (слика 11).

Најпрвин мора да се одбележи дека и покрај потешката и покомплицирана обработка на тврдиот камен, каде што се ограничени можности за моделирање, очигледно се инсистирало на трајноста на материјалот, што значи трајност и на пораката што ја носи самата скулптура. Од друга страна, пак, мермерот овозможува остварување на далеку повисоки естетски вредности, што оваа скулптура ја прави многу повеќе уметничка креација отколку обична фигурина поврзана со секојдневните неолитски сфаќања и активности.

Како и кај другите антропоморфни скулптури и кај Ева се истакнати само одредени делови од телото, оние што се суштински за пораката што треба да се пренесе. Иако главата е откршена, водејќи се од постоечките аналогии, се смета дека таа не била суштинска, поради што можеме да претпоставиме дека најверојатно била едноставно изведена со голема доза на стилизираност. Наспроти тоа, на рацете и телото им било посветено далеку поголемо внимание, и тоа сè во служба на истакнување на елементите што ја афирмираат плодност кај жената.

Рацете се изведени во позиција да го поддржуваат стомакот, што кај сите досега познати неолитски фигурини е начин да се претставува жената во гравидна состојба. Таквата нивна позиција јасно ја истакнуваат важноста на стомакот, како носител на идејата за плодност, иако стомакот на Ева е само благо потенциран. Од друга страна, истата таа идеја јасно ја изразуваат другите делови од телото или силно истакнатите колкови и бутини како и јасно назначениот пубис. Тој е преставен на начин кој во нормални околности, кај вообичаени женски фигурини не би бил посебно потенциран. Во таа смисла, пубисот е преставен не само шематски, со врежан триаголник, како што најчесто се претставува, туку со јасно изразена пластичност и тенденција на реалистичност.



СЛ. 12.
ГЛИНЕНА
ФИГУРИНА
АДАМ ОД ГОВРЛЕВО

Со таквата иконографија и изведба во траен материјал, скулптурата што работно ја именувавме како Ева од Маџари, претставува врвен дострел на среднонеолитската скулптура и најверојатно се доживувала како божица на плодноста. Нејзин пандан, кој единствено заслужува да се постави на истото, а можеби и повисоко рамниште е познатата фигура на т.н. Адам од Говрлево (слика 12).

Во 2000 година на неолитската населба во Церје-Говрлево се случи едно несекојдневно откритие. Беше пронајдена машка глинена фигура, која по многу нешта претставува уникатен наод, предмет со исклучителни уметнички, културни и хронолошки вредности. Уште тогаш, поради својата ексклузивност, фигурата беше именувана како Адам од Македонија или Адам од Говрлево.

Се работи за машко торзо во седечка положба, поточно во необично свиткана позиција, во која се истакнати одредени анатомски белези на телото, што самото по себе излегува од вообичаените принципи на неолитската уметност. Од друга страна, очигледно требало да се прикаже одредена телесна активност, динамичност и движење кое е изразено на начин својствен, многу повеќе за класичната или уште повеќе за современа уметност. Од таму се смета дека целта на неолитскиот скулптор не била да се претстави обична машка фигура, туку пред сè да се истакне духовната сила на мажот, на кој му припаѓаат божествени атрибути.

Иако во неолитската уметност се среќаваме со материјализирање, пред сè на сфаќањата за плодноста и искуствата поврзани со домот, земјоделието и бериќетот, каде што женските богови и самата жена имале водечка улога, за прв пат се појавува машка фигура на која било посветено толкаво големо внимание и почит.

Можеби токму со Адам од Говрлево ја имаме најавата на новото патријархално време и на новите култури на градење на машки вредности на

сметка на дотогашната филозофија на плодноста. Во прилог на ваквата претпоставка е самото датирање на фигурата.

Со Ц-14 анализи Адам од Говрлево е апсолутно датиран во 4560 година пред н.е.[29] Со тоа, фигурата на Адам доби и големо хронолошко значење, дури стожерно место во доцниот неолит. Во согласност со сите други манифестации од тоа време, тој, на најдобар начин го одбележува самото време на преод, поточно самиот момент на напуштање на старите неолитски вредност, отворајќи простор за востановување на новите принципи на металните времиња кои набрзо ќе се востановат.

Во секој случај Адам од Говрлево ќе остане ремек-дело на праисториската уметност и врв на неолитската антропоморфна скулптура на Балканот.

Божици со модели на куќа или ГОЛЕМАТА МАЈКА – заштитничка на родот и домот

Најпознати, најекспресивни и најрепрезентативни објекти од македонскиот неолит се т.н. божици со модели на куќа. Тие ѝ даваат посебен белег и тежина на среднеолитската култура во скопско, експонирајќи се како нејзин најсилен синоним (слика 13).

Овие предмети се скулпторски дела изработени од квалитетна глина, добро прочистена и природно сушена. Биле моделирани како сложени, композитни објекти во два дела. Горниот дел секогаш претставува жена во различни изведбени варијанти во зависност од локалните културни сфаќања и потреби. Во долниот дел секогаш е претставен модел на куќа, оформена најверојатно според примерите во локалната станбена архитектура. Поврзаноста на двата дела е толку силна што секогаш можете горниот – антропоморфен дел или женската фигура да ја посматрате како оџак од куќата или пак моделот на куќата да го посматрате како долен дел од женската фигура. Во зависност од тоа на кој елемент му се дава предност како носител на идејата, така овие предмети се именувани. Најчесто се среќаваат само како божици или едноставно како претстави на Големата Мајка, но неретко се именуваат и како божици со модели на куќа или како антропоморфни модели на куќа и слично.

СЛ. 13,14 и 15.
БОГИНКИ СО МОДЕЛ НА КУЌА
ИЛИ ГОЛЕМАТА МАЈКА
ОД ТУМБА-МАЏАРИ

Без разлика како се именуваат, секако се работи за единствен објект, поврзан со единствена идеја да се претстави жената, која се издига како оџак врз куќата – домот.[30] Таквата претстава сугерира поврзување на домот и огништето во него, преку оџакот со небесните сили, а сето тоа под медијаторство на жената, со сите нејзини неолитски атрибути. Од таму се чини мошне јасна и речита намерата да се претстави жената во издание на Големата Мајка – чуварка на домот и заштитничка на родот.

Сите други иконографски белези, придружни појави и услови во кои се откривани овие предмети одат во прилог на ваквата констатација и во правец на истакнување на скопскиот регион како неолитска средина во која на посебен начин и со посебно внимание се негувала и почитувала идеја за Големата Мајка – чуварка на домот и родот.

Постојат голем број наоди од тој тип во разни варијанти на изведба како на горниот така и на долниот дел на скулптурата.

Нивна најголема концентрација е откриена во Пелагонија и во скопско, при што примероците од скопско имаат посебни белези, разликувајќи се од другите како најрепрезентативни, најразвиени и далеку поречити.

Досега се откриени петнаесетина скулптури со претстава на Големата Мајка – заштитничка на домот, на неколку неолитски локалитети во скопско. Најмногу од нив потекнуваат од Тумба-Маџари (10), додека другите се откриени на населбите во Церје-Говрлево, Тумба-Чаир, Средсело-Мршевци, Слатина-Зелениково и т.н. Поради карактерот на самиот материјал и техниката во која биле изработени, најголемиот дел од тие наоди се откриени само во фрагменти поточно, како делови од такви предмети. Сепак, некои примероци, не само што се во завиден степен на сочуваност туку претставуваат врвни оства-

СЛ. 14.
БОГИНКИ СО МОДЕЛ НА КУЌА
ИЛИ ГОЛЕМАТА МАЈКА
ОД ЦЕРЈЕ-ГОВРЛЕВО

рувања од тој тип во најширока смисла на зборот. Такви се скулптурите на Големата Мајка, од Тумба-Маџари и онаа од Церје-Говрлево, а за поцелосна слика кон нив ќе ја додадеме и скулптурата од Средсело-Мршевци.

Големата Мајка од Маџари е една од ретките целосно сочувани скулптури од тој вид, со вкупна височина од 39 сантиметри (слика 13).

По своите содржински и ликовни белези претставува објект кој неретко се зема за најсилен претставник на неолитската култура и уметност во скопско.

Горниот дел е конципиран како женската допојасна фигура со божествени атрибути. Претставена е вообичаено гола, само со два пара белегзии на рацете како симбол на женското достоинство. Рацете ѝ се поставени во заштитничка поза над куќата, а целото тело е цилиндрично моделирано, преминувајќи постепено во глава, која е пресечена, или хоризонтално зарамнета во горниот дел. На главата се наоѓаат само шематски назначените очи, веѓи, нос и коса во задниот дел, без никакви обиди за прикажување на индивидуални белези. Таквата биста по целата должина е вертикално пробиена, претворајќи ја внатрешноста во обичен оџак. Таквиот отвор тргнува од внатрешноста на куќата, поточно од нејзиниот централен дел, каде што обично е лоцирано огништето и завршува во кружен отвор на горниот дел на главата на женската фигура.

По целата должина на симулираниот оџак, а најмногу на самиот отвор на главата се откриваат силни траги од зачаденост. Тоа несомнено открива дека во внатрешноста на моделот на куќата се случувало некакво горење на одредени материи, со чадење кое излегувало низ оџакот и отворот на главата на женската фигура. Таквите моменти го потенцираат култниот карактер на предметот, кој очигледно служел во одредени ритуални дејствија.

Големата Мајка била откриена како дел од богатиот инвентар во најголемата и централна куќа во населбата на Тумба-Маџари.[31] Покрај неа, во куќата се откриени и низа други објекти (статични жртвеници – олтарни површини, огниште, печка) и мноштво движни наоди (стотина луксузни садови, култни садови, остатоци од жртвена храна и слично), што се заедно ја определуваат градбата како светилиште, каде што како централен објект била поставена Големата Мајка – чуварка на домот и заштитничка на родот.

Самиот карактер на овие предмети, со сите споменати атрибути се уште поевидентни кај вториот пример или кај скулптурата на Големата Мајка од Церје-Говрлево (слика 14). Таа е откриена во многу слични околности на наодот од Маџари, како најзначаен дел од инвентарот во една од поголемите куќи во неолитската населба во Говрлево.[32]

Идејниот концепт и основните белези се исти како кај примерокот од Тумба-Маџари, со тоа што Големата Мајка од Говрлево е нешто помала (висока 35 сантиметри) но значително поекспресивна. Горниот дел или женската фигура е преставена во гравидна состојба со силно изразени гради и стомак на бремена жена. Тоа ја истакнуваат Големата Мајка како божица на плодноста, што значи заштитничка, не само на домот туку и на родот.

Таа не е единствена претстава на гравидност во неолитската уметност. Напротив, многубројни се таквите фигурини, но кога Големата Мајка со моделот на куќата е така преставена, тоа значи дека преку нејзината бременост се сака да се потенцира сегментот на чувар на родот и потомството. Како и да е, материјализацијата на таа идеја во скулптурата од Говрлево е толку силна и експресивна што ги остава во сенка сите други, неспорни високи културни и естетски вредности.

За поцелосна слика на скулптурите од типот на Големата Мајка од скопско, ќе го спомнеме и примерокот од неолитската населба во село Мршевци, кој е една од најцелосно сочуваните (слика 15). Со само 15 сантиметри височина, таа е значително помала во однос на претходните две, но ги содржи сите неопходни елементи за илустрирање на основната идеја. Таа претставува елементарна верзија на концептот за Големата Мајка и со тоа нејзина најчистата и најевидентна форма.

Со примерокот од Мршевци се заокружува сликата за овој тип наоди во скопско, која дефинитивно зборува за посебна група на божици со модели на куќа или т.н. Големи Мајки. Тие се издвојуваат со посебни белези, кои ги прават ексклузивни предмети со највисоко естетски и духовни вредности, карактеристични исклучиво за скопскиот регион во текот на средниот неолит или во текот на VI милениум пред н.е.[33]



СЛ. 16.
СЛИКАНИ
САДОВИ
ОД ТУМБА-МАЦАРИ

СЛ. 15. БОГИНКА
СО МОДЕЛ НА КУЌА
ИЛИ ГОЛЕМАТА МАЈКА
ОД СРЕДСЕЛО-МРШЕВЦИ

Луксузни садови од Мацари – врв на неолитското сликарство и керамикографија

Неолитот важи за епоха на младо камено време, но керамиката е носечкиот материјал и неговото револуционерно откритие. Низ речиси два милениумски континуиран развој, уметноста и умешноста во изработката, моделирањето и украсувањето на керамиката достигнала врв и остварила такви дострели, кои многу векови подоцна нема да бидат надминати. Скопскиот регион и средниот неолит биле времето и просторот каде што тие дострели биле најевидентни. Луксузните садови, пак, украсувани со сликање, биле најподатливиот медиум за високи остварување. Во таа насока колекцијата на луксузни, сликани садови од Тумба-Мацари се едни од најценетите артефакти на европскиот неолит (слика 16).

Се работи за група садови, со високи естетски вредност, кои се среќаваат само во неколку форми и тоа: поголеми садови со тркалезно тело и цилиндричен врат, неколку амфоровидни садови, подлабоки, пехаровидни чаши на нога или широко отворени садови на повисока нога.

Сите тие се изработени од фино прочистена глина која откако садот бил рачно моделиран, бил премачкан со течноста од истата глина и оставен на сонце природно да се суши. Потоа садот бил сликан, најчесто во темна боја и на крајот била оставен поседнакво да се испече на температура над 800 степени. На тој начин биле добивани керамични садови со завидни квалитети и трајна декорација, која не може да се третира како обичен украс.

Според застапените форми, техника на изработка и декорирање тие секако не служеле како складишни садови за чување храна, ниту како огнишни садови за приготвување храна, ниту пак како трпезна керамика за консумирање храна. По своите стилско ликовни и технички карактеристики, тие не можеле да бидат наменети за секојдневна употреба. Затоа, најверојатно служеле во култни цели за реализација на одредени ритуални дејствија.

Репертоарот на застапени форми е толку редуциран што очигледно се работи за тесни, крајно лимитирани потреби, на што упатува и типот и мотивите на декорација.

Сликањето на керамичните садови претставува највисока и најсофистицирана форма на декорирање, но пред сè тоа е еден од основните изрази на неолитската индивидуалност и духовност. Во таа смисла сликаните мотиви најверојатно имале своја симболика и носеле одредени пораки. Ако тоа е така, тогаш тие пораки морало да бидат најопшти и универзални, со оглед дека истите композиции се среќаваат на различни форми садови.[34]

Секоја керамична форма имала свој сликарски систем, кој го сочинувале различни сликарски композиции, креирани од различни геометриски мотиви. Композициите се развиваат или хоризонтално или вертикално, во зависност од формалната структурираност на садот, но секогаш се формирани од мотиви симетрично распоредени, кои наизменично се повторуваат и менуваат. Така било остварено високо естетско доживување, но и пренесување на одредена универзална порака која морала да биде силна и видлива за секого.

Во секој случај, кај луксузната сликана керамика се работи за садови за специјална употреба. Само околу централниот жртвеник во т.н. светилиште во Мацари биле откриени елементи од околу 200 такви садови, што укажува или на вршење ритуални дејствија поврзани со специјално консумирање или жртвување на храна како дар за боговите.[35]

Со такви вредности колекцијата сликани садови од Тумба-Мацари ја носи највисоката визуелна креативност на VI милениум пред н.е. на Балканот.

21 КРАЈОТ НА НЕОЛИТОТ ВО СКОПСКО

Причините за крајот на епохата на неолитот како и механизмите низ кои тоа се случило се голем предизвик за праисториската археологија. Сепак, во сегашниот степен на истраженост се чини дека е веќе време тоа прашање да почне да се затвора.

Со најновите археолошки истражувања во скопско се откриени повеќе нови моменти кои нудат значајни податоци за настаните што довеле до крајот на неолитот.

Најпрвин, многу јасно е документирано дека животот во речиси сите доцнонеолитски населби во скопско згаснал во исто време. Постарите населби или оние што остварile полн интензитет на употреба во текот на средниот неолит како Тумба-Маџари, Церје-Говрлево или Слатина-Зелениково, само го започнале својот доцнонеолитски развој за да набрзо потоа сите, речиси истовремено го завршат својот живот и употреба. Слична била судбината и на населбите што биле новоосновани во текот на доцниот неолит како Кремењача-Бразда, Орловица 1-Ракотинци, Дервен-Коњаре или Шамак-Катлановo. Сите тие не успеале да остварат подолготрајна употреба, така што згаснуваат како еднослојни населби.[36]

Од друга страна, пак, на ниедна населба од доцниот неолит не се откриени остатоци од новата енеолитска култура. Овие моменти укажуваат на единствена и силна причина што го предизвикала крајот на неолитот во скопско, при што очигледно е дека не се работело за регуларни, еволутивни промени, поточно за постепена замена на старите со воведување на нови културни вредности. Многу поверојатно е дека се случило релативно брзо напуштање на неолитските населби во потрага по нови посоодветни позиции и услови за живот. Со тоа неминовно замрел стариот населбински систем и организација, што значело прекин на дотогашниот неолитски културен развој, барем што се однесува за скопскиот регион.

Причина за таквите случувања можела да биде само промената на климатските услови, кои доколку траат подолго секогаш доведуваат до трајни социо-економски и културни последици или до неминовно вртење на сосема нова страница во културната историја на одреден регион. Најверојатно токму тоа се случило со скопско во текот на доцниот неолит.

Со климатолошките и геолошките истражувања на Балканот, токму во тој период се докажани сериозни климатски промени.[37] Така, уште во текот на втората половина на V милениум доцнонеолитските населби во скопско не биле повеќе функционални. Со постепеното затоплување бил достигнат температурниот максимум. Сушите и постепеното ширење на водените површини и мочуришта на сметка на плодната почва, налагале крупни промени, со прекин на дотогашната организација на населбинскиот живот. Новите климатски услови не дозволувале непречено да се практикува и развиваат старите, неолитска вредности и култура. Повеќе не можело да се опстои на старите економски и културни основи, па така населението било принудено да ги менува своите населби, но и своите навики, потреби и културни критериуми. Дел од нив мигрирале, најверојатно во соседните области помалку зафатени со климатските промени, како на пример понасевер по долината на Јужна Морава и таму основале нови населби. Другите, пак, кои останале во Скопската Котлина биле принудени да побараат нови позиции за своите нови населби и да почнат повеќе да се поткрепуваат на сточарство отколку на земјоделие.

Многуте неолитски населби останале најверојатно поплавени, напуштени и заборавени места во рамницата на денешното Скопско Поле. Сепак, најголем дел од населението успеало во непосредна близина да обезбедат нови позиции на кои можеле да основаат нови населби и да го продолжат својот развој, но во новите околности, со воведување на низа новини во организацијата на населбинскиот живот, во економиката и стопанисувањето како и промени во културните критериуми и релации со околните региони.

Најречит пример за тоа е основањето на новата голема населба на Скопското кале, позиција речиси идеална за новите потреби.[38] Доминантно возвишение, природно заштитено од северната, западна и јужна страна каде што се простирале широките водени површини, додека на исток поврзано со погодни услови за лов, сточарење и основно земјоделство. Населбата на Кале била далеку најголема, опфаќајќи го целото плато на Калето, како и сите падини кон исток до самата денешна Стара скопска чаршија. Се смета дека таа населба би можеле да биде основана со концентрирање на населението што ги напуштило околните неолитски населби како

ПАНОРАМА НА СКОПСКО КАЛЕ - ПОЗИЦИЈА НА КОЈА БИЛО КОНЦЕНТРИРАНО НАСЕЛЕНИЕТО ОД НАПУШТЕНИТЕ ОКОЛНИ НЕОЛИТСКИ НАСЕЛБИ

Тумба-Чаир, Кремењача-Бразда, Тумба-Маџари, Тумба-Сингелиќ, Тумба-Стајковци итн. Иако во непосредното соседство на север во Косово и по Јужна Морава во тоа време сè уште се развивала доцнонеолитската-Винчанска култура во својата т.н. Плочничка фаза, животот во населбата на Кале бил организиран по нови, веќе енеолитски принципи.[39]

На речиси истиот начин биле напуштени и другите доцнонеолитски населби во скопско, при што биле основани нови населби, на повисоки и далеку позаштитени позиции, но веќе со јасни енеолитски културни белези. Така, населението од Слатина-Зелениково и можеби од Тумба-'Ржаничино ја одбрале за нова населба позицијата на Исар-Студеничани каде што најстарите наоди се токму од тоа време. Слично се случило и со доцнонеолитското население од Церје-Говрлево и посебно од Орловица 1-Ракотинци, кои се позиционирале на повисоката и побезбедна позиција на Орловица 2, каде што се откриени остатоци од моќна населба од самиот почеток на енеолитот.

Со напуштањето на старите доцнонеолитски населби бил напуштен и дотогашниот милениумски неолитски развој, со кој била испишана една од најблескавите страници во севкупната културна историја на скопскиот регион. Новата страница значела продолжување само на некои форми од старата неолитска материјална и пред сè духовна култура, но во сосема други, променети околности. Така, никогаш повторно не било остварено она ниво на културен и економски развој што го постигнал скопскиот регион во текот на средниот неолит. Многу од локалните неолитски придобивки, како што се типовите станбена архитектура, разни продукти од камен и печена глина и особено керамиката, ќе продолжат да се употребуваат и во следните периоди, како општи праисториски добра, но никогаш повеќе нема да се повторат квалитетот и естетските вредности на материјалната култура како и високите духовни дострели на средниот неолит. Некои елементи од неолитските култни предмети, од неолитската антропоморфна и зооморфна скулптура, керамика, па дури и камените алатки, ќе опстојат и во текот на следниот раноенеолитски период, но квалитативно ќе бидат далеку зад неолитската продукција.

II ЕНЕОЛИТ
ВРЕМЕ НА ЕТНОКУЛТУРНИ КОМПИЛАЦИИ

1 ПОЈАВА НА НОВО НАСЕЛЕНИЕ, НОВИ НАСЕЛБИ И НОВИ КУЛТУРНИ ВРЕДНОСТИ

Енеолитот или бакарната доба, во културна смисла претставува преоден период, со кој конечно бил прекинат дотогашниот неолитски развој или епохата на каменото време и истовремено бил отворен патот за развој на новите култури на металните времиња. Во етничка смисла, исто така се случувале крупни промени, кои оставиле трајни и суштински последици врз натамошниот развој на праисториското население на Балканот и во скопско.[40]

Во текот на енеолитот на Балканот е документирано доселување на ново индоевропско население од североисток. Тоа се накалемило на остатоците од автохтоната или неолитска популација, при што низ сложени демографски процеси, старото неолитско население ќе биде во целост асимилирано. Така, во текот на следниот период на бронзеното доба ќе биде завршен повеќевековниот процес на индоевропеизација, а низ следните векови ќе зборуваме за веќе стабилизирани индоевропски култури и индоевропски заедници, кои низ својот натамошен историски развој ќе стигната до формирање на првите балкански народи, а потоа и првите политички заедници.

Сите споменати процеси не се одвивале едновремено и со ист интензитет на целата територија, на Балканот или во Македонија, поради што биле потребни повеќе векови енеолитски развој до конечното стабилизирање на индоевропскиот елемент.[41]

Скопскиот регион бил меѓу првите региони, најрано изложени, најпрвин на културни влијанијата од североисток, а нешто подоцна и на индоевропските продори или на т.н. големи индоевропски преселби до целосната индоевропеизација.

Уште во текот на втората половина на V милениум пред н.е. биле востановени, а подоцна и продлабочени релациите на скопско со регионите на исток пред сè со долината на Струма.[42] Од таму, по долината на Брегалница и Струмешница се ширеле вредностите на новото време и новата енеолитска култура кон запад. Така, на основите на доцнонеолитската култура во скопско се наслоиле вредности од надвор, од регионите на североисточен Балкан каде што веќе била развиена раноенеолитска култура. Со тоа била отворена новата страницата во етнокултурниот развој на регионот, која ќе ги најави идните демографските движења во рамките на т.н. големи индоевропски преселби.

По интензивното неолитско живеење во скопско и падот на неолитската култура настапил приод на стагнација и ограничени можности. Биле основани само неколку населби на сосема нови позиции, организирани според новите критериуми, во склад со новоприфатените културни вредности од страна.

Досега се извесни само три населби од енеолитот во скопско, на кои, во различен обем се вршени одредени археолошки истражувања. Се работи за населбите на: Скопската тврдина-Кале, на Орловица 2 во село Ракотинци и на Врањак кај село Варвара.

Сите податоци за тој период, всушност, потекнуваат од резултатите од истражувањата на тие населби, вршени во текот на последните десетина години. Пред тоа не се знаеше речиси ништо за енеолитот во скопско.

Со таков низок степен на истраженост невозможно е да се оформи поцелосна слика за скопскиот регион во текот на енеолитскиот период, уште повеќе ако се знае дека споменатите населби нудат наоди главно од по раните фази на енеолитот. Подоцнежните фази сè уште се недоволно истражени, така што сè уште претставуваат празни страници од праисториският развој на регионот. Сепак, населбата на Скопското кале се издвојува како една од најистражените енеолитски населби на Балканот, со што нуди мноштво податоци не само за енеолитската култура во скопско туку и значајно пошироко.[43] Благодарение на тоа познавањето на карактерот и белезите на скопскиот

СКОПСКО КАЛЕ

енеолит се во голема мера извесни, особено кога се работи за неговите порани фази.

Истражувањата на Скопското кале дополнети со резултатите од истражувањата на Ракотинци и Варвара сè повеќе го истакнуваат енеолитот во скопско како клучен период за разбирање на културно-историските процеси што се одвивале во централните делови на Балканот во текот на втората половина на V и целиот IV милениум пред н.е. Притоа, сè повеќе се покажува дека токму во тој период бил одреден натамошниот, праисториски развој на заедниците од овие делови на Балканот, а наоѓалиштата во скопско, особено населбата на Скопското кале заземале значајно место и одиграла клучна улога во тие процеси.

2 НАЈЗНАЧАЈНИ ПУНКТОВИ ОД ПЕРИОДОТ НА ЕНЕОЛИТОТ ВО СКОПСКО

Во сегашниот степен на истраженост на енеолитот во скопско го презентираат три локалитети. Сите претставуваат населби со различен обем и различен културен инвентар, иако некои носечки форми и појави, кои се карактеристични за раниот енеолит се откриени во сите нив. Од друга страна, пак, евидентно е дека претставуваат новоосновани населби, на нови, повисоки и со тоа природно заштитени позиции во однос на дотогашните доцнонеолитски населби. Далеку најзначајна, по својата истраженост, позиција, големина и археолошки наоди е секако населбата што била лоцирана на просторот на денешната Скопска тврдина-Кале.[44]

Централна енеолитска населба во скопско

Населбата на Скопското кале е лоцирана на јужниот крај на долгиот срт што се протега по должината на левиот брег на Вардар и доминира над самиот центар на денешно Скопје (слика 16). Всушност, се работи за истата позиција на скопската средновековна тврдина, со тоа што првата употреба на тој простор бил уште во раниот енеолит.



СЛ. 18. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИНИЦИЈАЛНАТА - ЕНЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА НА КАЛЕ

СЛ. 19. ОСТАТОЦИ ОД ЕНЕОЛИТСКИ КУЌИ – ПОЛУЗЕМЈЕНКИ ОД НАЈСТАРАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКОТО КАЛЕ

Во текот на втората половина на V милениум пред н.е., ниту релјефот ниту хидрографијата и климата не биле како денешните. Просторот на денешната скопска тврдина-Кале бил на север издвоен од останатиот срт со длабока вододерина (пороиште) која носела големи води кон коритото на Вардар. Околината на запад и југ од Калето подразбирала широко разлеана водена површина на целиот простор на денешниот градски парк и центар на Скопје до најниските делови на Скопско Поле на југ (слика 18). Така, позицијата на Скопското кале била единственото безбедно возвишение во внатрешноста на скопската котлина, еден вид полуостров, од трите страни заградено со вода, само од исток поврзано со копнен дел кон соседниот ридест терен на Гази Баба, како позадина исклучително погодна за земјоделие, сточарство и лов.

Со археолошките ископувања вршени од 2007 до 20012 година внатрешниот простор на скопската тврдина е во целост истражен. Откриено е дека истиот тој простор бил употребуван од далечната праисторија до денес, при што биле наталожени слоеви од вкупно 10 различни населби.[45]

Првата, иницијална населба била основана како голема енеолитска населба, чии остатоци денес се наоѓаат на места до 8 метри под сегашната површина на земјата. Врз остатоците од таа населба, обележана како Кале I, биле наслоени остатоците од останатите населби, до Кале X или до последната употреба на тој простор, главно во текот на XX век, до катастрофалниот земјотрес 1963 година.

Енеолитската населба била невообичаено пространа за тоа време. Го зафаќала не само целиот внатрешен простор на тврдината туку се ширела и кон исток, сè до денешната Стара чаршија и црквата *Св. Спас*. Била организирана најмалку во два функционално издвоени целини. Најголемиот, северен дел од населбата претставувал станбен простор, со куќи за живеење додека на јужниот дел бил организиран заедничкиот т.н. култно-складишен простор, со различни структури поврзани со култни активности и складирање храна. Според тоа се смета дека населбата била изградена за релативно кусо време и тоа на однапред испланиран простор, што е можеби најстариот пример за постоење урбани елементи во една праисториска населба.



СЛ. 20. ДЕЛ ОД КУЌАТА 7 ОД ЕНЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ - ТЕРЕНСКИ ОСТАТОЦИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА ВО ЦРТЕЖ

СЛ. 21. ДЕЛ ОД КУЛТНО-СКЛАДИШНИОТ ПРОСТОР ОД ЕНЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА НА КАЛЕ

Куќите и сите други остатоците од енеолитската населба се откриваат во различен степен вкопани во глинестата здравица, која на Калето на места е со дебелина од над еден метар (слика 19). Токму таквата погодност овозможила лесна и безбедно вкопување готово на сите градби. Во таа смисла, куќите за живеење претставуваат полуземјенки, а другите структури се сведуваат главно на јами различно вкопани во глината, со различна форма и намена, како: култни, отпадни или складишни јами.

Куќите имаат неправилна елипсовидна форма, со една или две простории, при што централната просторија била секогаш најдлабоко вкопана во слојот песочна глина. Редовен инвентар во нив било куќното огниште или калотна печка-фурна како и вертикален разбој за ткаење. Подот на куќите бил од набиена, замазнета земја со глина, додека надземните делови подразбираат дрвена скелетна конструкција обмачкана со глина и покрив од слама.

На Скопското кале се откриени остатоци од вкупно 13 куќи за живеење, со посебни комуникации меѓу нив, исто така вкопани во глинестата основа (слика 19). Меѓу нив, се издвојува по својата сочуваност и инвентар куќата број 7 (слика 20 а,б).

Во култно-складишниот дел се откриени десетина специјално обработени цилиндрични или кошарести јами како и поплитки јами – негативи од поголеми керамички садови (слика 21). Најчесто биле организирани во различни градби, како еден вид магацински простори за складирање храна, но и како посебни структури надвор од нив. Во извесна релација со складишните објекти се и двете култни јами, во кои е откриен инвентар што несомнено упатува на остатоци од поедини култно-ритуални дејствија (животински коски, култни садови, олтарна површина, скулптури и слично) (слика 22).

Инвентарот во куќите на Скопско кале бил вообичаен за сите енеолитски куќи на Балканот. Меѓутоа, културните и хронолошки вредности на движните наодија прават оваа населба посебна. Тие можат да се поделат во две групи, при што од една страна се наодите што се резултат на натамошниот развој на старите, локални форми и техники од доцниот неолит, додека од друга страна имаме, нови, чисто енеолитски форми што се јавуваат првпат како резултат на непосредните влијанија пристигнати од веќе развиените рано енеолитските култури на североисток од Македонија.

Таквата компилација на локални и елементи од страна ја формирала и духовната сфера, пред сè уметноста и верувањата. Уметноста најјасно се манифестира во керамиката и скулптурата. Во керамиката се среќаваат посебни форми и декорации, што подразбираат комбинирање на старите и нови елементи и техники создавајќи така специфична оригиналност на енеолитскта керамика од Кале (слика 23). Низ истите патишта и механизми поминувало и скулптурите од глина или другите култни предмети. Многу од тие форми се израз на сè уште старите потреби, како што се на пример женските фигурини, но изразните сретства и стилски белези се нови, работени во нов, чисто енеолитски манир.

Наодите од населбата на Кале многу јасно го отсликуваат еклектичниот карактер на енеолитската култура, посебно на раниот енеолит во скопско. Новата позиција и организација на населбата, станбената и придружна архитектура, како и новините во материјалната и духовна култура формираат посебни, уникатни и лесно препознатливи културни вредности. Нивните ос-

СЛ. 22. ИЗБОР НА ПРЕДМЕТИ ОД КУЛТНАТА ЈАМА 1
ОД ЕНЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА НА КАЛЕ

СЛ. 23. ИЗБОР НА КЕРАМИКА
ОД ЕНЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА НА КАЛЕ

новни белези јасно упатуваат на носители на таа, рано – енеолитска култура на Кале. Без сомнение тоа било старото локално, доцно неолитско население, кое во голема мерка ги прифатило новите енеолитски критериуми на живеење. Со сето тоа, всушност била отворена вратата за тоа што ќе следува во следните векови, а ќе биде означено како Големи индоевропски преселби, еден од најзначајните културно и демографски случувања во историјата на човештвото.

Во текот на помладата фаза на енеолитот во голема мера ќе биде завршен процесот на индоевропеизација на Македонија. Притоа, главните настани поврзани со доселување на новото, индоевропско население ќе се одвиваат по веќе востановените патишта од североисточен Балкан и Долен Дунав кон југ по долината на река Искара и Струма, преку Брегалница и Струмешница. Поради својата претходна историја и културен развој, еден од првите региони на удар на тој процес бил скопскиот регион, а наодите од Скопско кале на најдобар начин ги најавуваат идните настани.

ОРЛОВИЦА-РАКОТИНЦИ

Некаде во исто време или нешто порано од основањето на големата населба на Скопското кале, на јужните падини на Водно, високо над скопската котлина, а сепак во питомиот предел на денешните села Ракотинци и Добри Дол, на местото викано Орловица била организирана уште една, по многу нешта специфична населба. Всушност, во месноста Орловица се познати два локалитети, еден постар – долен локалитет именуван како Орловица 1 и другиот помлад – горен локалитет, познат како Орловица 2 (слика 24).[46]

СЛ. 24. ПОЗИЦИЈА НА НАСЕЛБИТЕ ОРЛОВИЦА 1 И ОРЛОВИЦА 2

СЛ. 25. ДЕЛОТ ОД СВЕТИЛИШТЕТО ВО ОРЛОВИЦА 2, ВО ФАЗА НА ИСКОПУВАЊЕ

На локалитетот Орловица 1 не се вршени археолошки истражувања така што тој е познат само по површинските наоди,едноставно како населба од доцниот неолит. Наспроти тоа, локалитетот Орловица 2 е сондажно истражуван во текот на 2012 и 2013 година,при што е целосно откриена една градба и низа други остатоци од рано енеолитска населба. Нашиот интерес е насочен кон овој локалитет.

Локалитетот Орловица 2 се наоѓа на четири километри јужно од селото Ракотинци, расположен на позиција што претставува јазичеста тераса која доминира над полето и селото Добри Дол (слика 25). Населбата била од трите страни тешко достапна или природно заштитена додека кон исток е поврзана со матичната висорамнина и благо ридестата позадина. Природната лимитираност на теренот овозможувала простор за вообичаена енеолитска населба, со должина од околу 150 и широчина околу 70 метри.

Населбата била еднослојна, што значи релативно кусо време во употреба. Се чини послужила само како нова, алтернативна позиција за жителите што морале да ја напуштат постарата позиција на соседната доцнонеолитска населба или Орловица 1. Сепак, неспорен е фактот дека се работи за нов тип населба на нова позиција, организирана по нови – енеолитски критериуми. Таквата ситуација со двете населби, една до друга, првата (Орловица 1) доцнонеолитска на пониска позиција во плодната долина на село Добри Дол, а другата (Орловица 2) раноенеолитска на повисока и далеку побезбедна позиција – во атарот на село Ракотинци, е мошне индикативна за согледување на самиот период на преод од доцен неолит во ран енеолит.

Во новата населба сè уште биле актуелни низа постари елементи, карактеристични за локалната доцнонеолитска култура иако доминираат појави што за прв пат се среќаваат, како израз на новата енеолитска култура. Токму таквата компилација го одбележува времето на крајот на неолитот и почетокот на енеолитот во скопско, а локалитетот на Орловица 2 е најсилниот израз на тоа време и процеси.

На локалитетот Орловица 2 е откриена една градба со специфична намена и архитектура, како и низа други населбински појави (слика 25). Иако со орањето во голема мера биле оштетени остатоците од таа градба, сепак неспорни се нејзините основни белези и културно хронолошки вредности. Се работи за лесна градба, која подразбира скелетна конструкција од дрвени колци, како арматура за ѕидовите од кал и глинен премаз, кои во

исто време се и носачи на покривната конструкција. Со својата источна, повисока страна градбата била делумно вкопана во глинестата здравица и одбележана со низа јамички од дрвената скелетна конструкција. Подот бил од набиена измазнета земја, премачкан со глина и убаво изнивелиран, а кровот од органска материја, најверојатно од слама.

Самата позиција на градбата нејзината пространост, поточно поголемите димензиите упатуваат на градба со посебна – јавна намена. Откриениот внатрешен инвентар и движни наоди ја заокружуваат сликата за централна градба, со функција на светилиште, засега единствен објект од тој вид и време.

Иако е сочувана само јужната половина на градбата во неа е откриена инвентар во изворна положба, што не е карактеристичен за станбен објект или за вообичаените куќи за живеење од тој период. Меѓу другото како недвижности откриени се три глинени структури, моделирани како олтари – жртвеници со зарамнети и профилирани горни површини – реципиенти за приложување дарови (слика 25). Околу нив се концентрирани мноштво ситни наоди од различен тип кои илустрираат одредени култни активности. Така, присутни се мноштво животински коски, специфични керамички садови, што не се за огнишна и секојдневна употреба, при што некои имаат изразена култна форма, големи пирамидални тегови, глинени модели на печки, глинени скулптури, камени и кремени алатки и слично (слика 26 и 26а). Меѓу сите тие наоди за посебно издвојување се групата култни садови-ритони, моделите на глинени печки-фурни во различни големини, некои скулптури и минијатурни садови (слика 31 и 32).

Сите движни наоди, во основа сè уште го одржуваат локалниот неолитски манир во изведба, но сепак претставуваат новини карактеристични за новото енеолитско време.

Без сомнение претставуваат резултат на културните влијанија од веќе развиениот рано енеолитски свет на североисток од Македонија, најмногу од бројните енеолитски населби по долината на Горна Струма, Искара до Долен Дунав на североисток.[47]

Посебен куриозитет меѓу недвижниот инвентар во светилиштето претставува еден цилиндричен глинен објектот што бил поставен вертикално во североисточниот агол на градбата, еден вид тотем, околу кој е откриена најголемата концентрација на движни наоди (слика 27). Иако не е во целост сочуван евидентно е дека тој објект бил внимателно столбесто моделиран со лице релјефно декорирано со геометриски мотиви меѓу кои, изведени се низи од паралелни линии и концентрични кругови, кои формираат една целина, секако со некаква култна содржина.

СЛ. 26. ИЗБОР НА НАОДИ ОД ОРЛОВИЦА 2



СЛ. 26а. ИЗБОР НА НАОДИ ОД ОРЛОВИЦА 2

СЛ. 27. ТОТЕМ ОД ОРЛОВИЦА 2

Светилиштето во Орловица 2 е редок објект од тој вид на поширокиот балкански простор, а глинениот тотем, како централен објект во него се одликува со апсолутна уникатност. Сепак, самата градба со нејзиното место и улога во населбата како и нејзиниот внатрешен инвентар упатуваат на сè уште живи неолитски традиции, духовни потреби и основни механизми за нивно остварување, познати уште од т.н. куќа-светилиште од средниот неолит во Тумба Маџари.

Со исклучок на новата позиција на населбата и бројните движни наоди со чисто енеолитски карактеристики еведентен е сè уште живиот дух на неолитската култура. Тоа му дава на населбата Орловица 2 посебна културна и хронолошка тежина и значење на најиндикативен локалитет за периодот на преод од неолит во енеолит во скопско, што несомнено се случил околу средината на V милениум пред н.е.

ВРАЊАК-ВАРВАРА,

Во истото време на суштествување на населбата Орловица 2 во Ракотинци или нешто подоцна во долината на Маркова Река била подигната нова раноенеолитска населба. За таквите потреби најсоодветна била месноста Врањак што се наоѓа еден километар од денешното село Варвара и два километри од селото Маркова Сушица (слика 28).[48]

Во текот на 2000 година на Врањак-Варвара беа вршени сондажни истражувања со кои се

СЛ. 28. ПАНОРАМА НА ВРАЊАК-ВАРВАРА

откриј низа значајни наоди и податоци што го вбројуваат овој локалитет меѓу најзначајните археолошки пунктови во скопско.

Самата позиција претставува една издолжена тераса на десниот брег на Маркова Река, која доминантно се издига над самиот влив на Умовска во Маркова Река. Таквата стратешката позиција била користена за различни намени во различни периоди. Така, на истиот простор со остатоците од енеолитската населба се откриваат и остатоци од одделни активности што се вршеле кон крајот на бронзеното време, во текот на раната антика и во средниот век. Сепак, најзначајни се наодите од енеолитот кога тој простор првпат бил употребен за подигање на праисториска населба.

Енеолитската населба била организирана на јужниот крај на терасата, каде што било оформено зарамнетото плато, со корисна населбинска површина од 38 × 25 метри. Притоа, треба да се претпостави дека двете реки со текот на времето ја поткопувале терасата по должината на источната и западна страна, скратувајќи ја на тој начин површината на населбата. Сепак, таквите оштетувања биле незначителни во однос на модерните деструкции што му биле нанесени на локалитетот со црпењето песок од неговото подножје.

Енеолитската населба била природно заштитена, поточно тешко достапна од северната и западна страна каде што теренот стрмно паѓа кон коритото на Маркова Река исто како и од источната страна кон Умовска Река. Единствено кон југ била поврзана со матичните планински ограноци

на Китка во заднината. Со таквата позиција населбата имала пристап само од јужната страна, каде што бил подигнат вештачки бедем или масивен одбранбен насип од камења и земја. Бедемот се протегал во должина од 25 метри, преградувајќи ја населбата, поточно целата широчина на терасата, од нејзината западна до источна падина.

Иако населбата била мала, на природно лимитиран простор имала исклучително стратешка позиција, опкружена со низа природни ресурси, така што била крајно погодна за остварување на енеолитските потреби.

Од досега откриените остатоци од една куќа и инвентарот во неа можат да се извлечат низа заклучоци за станбената архитектура како и за културните и хронолошки вредности на населбата на Врањак – Варвара.

Куќите биле надземни правоаголни објекти градени по принципите на вообичаената праисториска балканска архитектура, со дебел нанос од кал со плева врз дрвената скелетна конструкција, која ја носела покривната конструкција од органски материјали. Подот бил од набиена замазнета земја, а на него се откриени бројни движни наоди како куќен инвентар. Така, присутни се разновидни форми на керамични садови (луксузни садови, складишни садови, разни чинии, чаши, грнци, цедалки) глинени тегови за разбој, камени и коскени алатки (сечила, шила, игли, спатули и слично). Сите тие претставуваат форми вообичаени за раниот енеолит на Балканот, кои најмногу и најблиски аналогии наоѓаат во наодите од Скопско кале. Од друга страна, според одделни локални белези во изведбата и начинот на декорирање, единствени паралели се откриваат во наодите од соседната населба на Орловица-Ракотинци.

Врз основа на типолошките карактеристики и ликовните белези на наодите од Врањак може да се смета дека населбата на Врањак зазема културно-хронолошка позиција помеѓу населбите Орловица 2 и Скопско кале. Дури, на основа силно

СКОПСКО КАЛЕ: СТАМБЕНИ СТРУКТУРИ ВКОПАНИ ВО ГЛИНЕСТАТА ОСНОВА

изразените тесно локални манири во фактурата и моделирањето на одредени керамични форми може да се претпостави дека основањето на населбата би можела да биде резултат на доселување, поточно спуштање на одредено население од Орловица-Ракотинци во долината на Маркова Река.

3 НАЈВИСОКИТЕ ДОСТРЕЛИ НА ЕНЕОЛИТСКАТА КУЛТУРА ВО СКОПСКО

Изборот на најзначајните наоди од енеолитското занаетчиство и уметност, во сегашниот степен на истраженост се сведува на наоди од неколку категории, како што се: антропоморфните фигурини од Скопско кале, луксузните садови сликани со графитна техника, култни садови со анимални белези или ритони од Ракотинци и глинените модели на печки-фурни од Ракотинци.

Антропоморфни скулптури од Скопско кале

Во генералниот развој на скулптурата како медиум, енеолитските фигурини претставуваат посебна страница од праисториската уметност. Тие се изработувани од глина, но моделирани на начин и со ликовни белези различни од дотогашните неолитски фигурини. Тоа секако се должи на промените на естетските критериуми и духовните потреби на новото време.

Неолитската скулптура била резултат на земјоделскиот карактер на тоа општество, на врзаноста за земјата, плодноста и домот, каде што жената претставувала столб и најсилен израз на тие потреби. Од таму антропоморфните фигурини се изведувале пред сè на женски претстави, честопати со изразена стеатопигија, но и со другите атрибути што ја истакнувале не само плодноста туку и идејата за жената како чувар на домот и гарант на иднината на заедницата. Сите тие моменти се настојувало да се претстават што е можно попластично, посебно во текот на средниот неолит. Во доцниот неолит веќе почнало да се прифаќа стилизирањето на истите претстави.

Во текот на раниот енеолит истите неолитски идеи сè уште биле актуелни, но потребата за нивното ликовно изразување како и самите изразни средства веќе биле променети. Сè уште доминирале претставите на женски фигурини иако биле значително поретки, но во нивната изведба повеќе ја немало тенденцијата за реалистичност и јасно пренесување на дадена порака. Напротив, енеолитските скулптури биле крајно упростена манифестација на одредената идеја, верување или ритуална потреба. Очигледно, во нивното моделирање се немало амбиција за подетално претставување на телото или уште повеќе на главата.

Телото било само грубо моделирана глинена маса, наједноставно сплескана, честопати свиткана во седечка положба, без изразени антрополошки белези. Едноставно, само симболично биле назначени одредени полови елементи, најчесто женските гради колку да се задоволи потребата за распознавање.

Изведбата на главата била уште постилизирана, така што обично било доволно едноставно притиснување или само грубо извлекување на свежата глина во симулација на нос или уши. Не само што отсуствувале одредени полови или анатомски белези туку во претставувањето на главата често не била препознатлива човечката димензија. Сепак, токму занемарувањето на анатомијата и силната стилизација во раноенеолитската антропонорфна скулптура ќе отвори простор за поголема креативност и развивање на сосема нови естетски критериуми. Новините во уметничкото изразување се појавуваат најпрвин како трендови кои подоцна во текот на помладите фази на енеолитот ќе се доразвијат до физиономирање на силен и културно препознатлив енеолитски стил.

Најсилен израз на раноенеолитската скулптура во скопско се неколкуте фигурини откриени на Скопското кале. Шест од нив се откриени како дел од инвентарот во поединечни куќи-земјенки од најстарата населба на Скопското кале, а две како прилози во култни јами (слика 29).[48]

Најинтересна е женската фигурина откриена во куќа 1, која претставува фрагмент или само долниот дел од стоечка женска фигурина (слика 29-2). Во нејзините ликовни белези се препознаваат специфични и единствени елементи како од неолитот така и од енеолитот. Од една страна евидентна е неолитската рафинираност, но и енеолитската шематизираност, по што, иако недостига откршениот горен дел од телото и главата, сепак претставува уникатна претстава.

Следните три фигурини се моделирани во седечка позиција, на начин и со белези типични за

СЛ. 29. АНТРОПОМОРФНИ СКУЛПТУРКИ
ОД ЕНЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА НА КАЛЕ

раноенеолитската култура (слика 29 - 3, 4, 6). Со минимум скулпторски интервенции е постигната мошне речита илустрација на идејата за женска претстава, која со тек на времето сè повеќе ќе го развива стилизираниот израз и шематизацијата. Седечките фигурини се откриени како дел од инвентарот на три куќи од првата, најстара населба на Скопско кале.

Фигурината од куќа 11 е до таа мера стилизирана што претставува посебен и оригинален израз на женска фигурина во долг фустан (слика 29 - 1). Само стилот и начинот на изведба упатуваат на раноенеолитска антропоморфна фигурина.

Следните две фигурини претставуваат наоди од култни јами, со тоа што од првата е сочуван само нејзиниот горен дел, поточно главата, која сама по себе наликува на некое нереално, митско суштество (слика 22-3). Сепак, на основа постојните аналогии, несомнено таквите фигурини претставуваат креација на антропоморфна фигурина со култна намена, кои требало да илустрираат одредени божествени сили, отелотворени во нереални или стилизирани женски фигурини.

Во секој случај, рано енеолитските антропоморфни фигурини од Скопско кале како стандардни предмети во куќите за живеење или во култните јами, секогаш се поврзани со одредени религиозни верувања и ритуални дејствија. Од таму потекнува и нивната крајно стилизирана форма и иреална телесност, како резултат на неограничените можности за креативност и развивање на специфични естетски вредности.

Луксузни, графитирани садови

Меѓу откриената керамика од енеолитските населби во скопско посебно се издвојува еден луксузен сад – пехар од Врањак и една длабока чинија со карактеристично вовлечен отвор од Скопско кале (слика 30). Двата сада се обликувани на типичен енеолитски начин и декорирани со графитирање. Сликање со графитирање е најлуксузната техника на декорирање, карактеристична за керамографијата на раниот енеолит.[49]

Се работи за втривање на сребрена боја во свежата глина пред печењето на садот. Во регионите на североисточен Балкан кои биле богати со самородно злато и златна прашина сликањето на ваквите садови било со втривање на златна боја. Како и да е, оваа техника била најлуксузната техника во праисториската керамографија

СЛ. 30. ГРАФИТИРАНИ САДОВИ ОД ВРАЊАК-ВАРВАРА
И ОД СКОПСКО КАЛЕ

широко прифатена во текот на втората половина на V милениум пред н.е., најчеста во источните делови на Балканот од каде што била пренесена во источните делови на Македонија и во скопско.

Нашите два сада претставуваат врвни дострели во употребата на графитната техника на украсување.

Садот од Варвара претставува пехареста форма или широко отворен сад на висока ногасталак, темно печен со механички мазнета површина (слика 30 - 1). Украсен е со канелирање по должината на целото рамо на садот, но и со еден редок мотив, изведен со графитно сликање на дното од внатрешната страна. Четири шрафирани триаголници свртени со врвовите кон центарот формираат мотив сличен на малтешки крст.

Секако таа претстава имала силно семиотичко значење, но дали го означувала најстариот симбол на сонцето, бесконечноста и слободата или, пак, се работи за друга содржина, не може во сегашниот степен на истраженост да се потврди со сигурност.

Вториот сад е дел од инвентарот на куќата 7 на Скопското кале. Претставува вообичаена локална форма на широко отворена здела со истакнато рамо, силно навнатре завиен отвор и четири мали држалки вертикално пробиени (слика 30 - 2). Декорацијата на ваквите садови се наоѓа на горната, ударна половина, поточно по должината на целото рамо.

Во нашиот случај декорацијата го дава главниот белег и најзначајните естетски вредности на садот. Неа ја сочинува една исклучителна и засега единствена комбинација во формирањето на основните мотиви, со употреба на врежување и ребрење покрај доминантното боење со темносребрена графитна боја. Застапени се два основни мотиви, врамени во метопи и тоа еден криволиниски мотив (спиралоиден) и еден геометриски мотив (шаховско поле). Наизменично повторувајќи се околу рамото на садот, тие се всушност распоредени во позиција на крст, околу отворот на садот, гледано од горе. На тој начин е постигнат исклучителен визуелен ефект, една уникатна естетска целина, која овозможува овој сад да го посматраме не само како утилитарен предмет туку уште повеќе како скулпторско-сликарско дело.

Двата сада од Скопското кале и Врањак-Варвара, заедно со уште неколку други садови (од Кале-Велес и Пилаво-Бурилчево), исто така украсени со графитирање го сочинуваат најтесниот и најзначаен избор на уметнички остварувања во енеолитската керамографија на Македонија.

Култни предмети од Ракотинци

На подот во единствениот истражен објект на локалитетот Орловица 2 во Ракотинци, што го определивме како централна градба – светилиште, меѓу другото, се откриени две исклучителни групи наоди, кои по многу нешто заслужуваат посебно внимание. Првата група ја сочинуваат пет необични керамични садови, со неправилно извиено тело и анимални додатоци, а втората ја сочинуваат три глинени модели на печки-фурни. И двете групи се откриени на просторот околу статичните жртвеници во светилиштето заедно со мноштво други наоди.

Керамичните садови со својата специфична форма се блиски до т.н. неолитски аскоси (слика 31). Сепак, аскосите се познати како транспортни садови за носење на грб, додека нашите садови од Ракотинци ги немаат карактеристичните елементи за таа намена.

СЛ. 31. КУЛТНИ САДОВИ - РИТОНИ ОД РАКОТИНЦИ

Од друга страна тие имаат заоблено дно, две брадавичести испакнувања на стомакот и вертикално извлечен врат, како елементи со кои неодоливо потсетуваат на птица. Од тие причини се определени како ритони, што значи форма на садови со животински елементи.

Таквите садови се познати од различни praисториски и антички периоди и секогаш се експонираат како култни форми, поврзани со практикувањето на одредени верувања, ритуални дејствија или се употребувале како вотивни дарови. Во секој случај, тие секогаш имаат посебно значење и посебни естетски вредности, а честопати се изработувани и од благородни метали. Кај нашите примероци тоа не е толку изразено, па се чини дека и не мора да ги издвојуваме како посебна културна или уметничка појава. Сепак, иако се работи за предмети од обична печена глина и тоа без некоја пософистицирана изработка, тие поседуваат неколку уникатни вредности што ги издвојуваат од другите енеолитски наоди од скопско.

Најпрвин, претставуваат сет од седум

СЛ. 32. ГЛИНЕНИ МОДЕЛИ НА ПЕЧКИ ОД РАКОТИНЦИ

садови-ритони, со што тие се единствена колекција од тој вид откриена на едно место. Се јавуваат во различни димензии, меѓу кои најмалите се толку мали што не можеле да бидат во некоја практична употреба. Поголемите имаат одредена врежана декорација околу отворот, но толку редуцирана само колку да се потенцира инспирацијата од животинскиот свет. Секој од садовите-ритони од Ракотинци претставуваат варијанта за себе иако сите се држат до основните принципи за моделирање на ваквите садови. Единствената нивна аналогија се наоѓа меѓу предметите откриени во т.н. култна јама 1 од Скопско кале, во која покрај садот – ритон биле похранети, чувани разни други култни предмети (слика 22). Заедно со садот-ритон од типот на ритоните од Ракотинци во јамата се откриени и поедини минијатурни садови, споменатата глава од фигурина, разни животински коски како и една керамична олтарна површина во форма на голема плитка чинија. Тоа не само што ја истакнува едновременоста и култниот карактер на наодите од Скопско кале и од Ракотинци, туку ги потенцира садовите-ритони како посебна серија со силни локални белези или како скопска група ритони од раниот енеолит.

Слично место и улога во енеолитската култура во скопско имаат и моделите на печки, поточно фурни за печење леб од Ракотници (слика 32). Откриени се во исти околности, заедно со претходно споменатите садови-ритони, така што убаво се дополнуваат во својата улога на култни предмети.

Моделирани се од глина во форма на калотни печки, какви се познати во инвентарот на речиси секоја енеолитска куќа, каде што најверојатно биле со функција на фурна за печење леб, а можеби и за други секојдневни потреби. Во секој случај се работи за домашни објекти од суштинско значење за домашната економија и егзистенција на фамилијата. Нашите модели се минијатурна претстава на тие печки-фурни изработени во различни димензии, кои во секој случај не дозволуваат вистинска употреба.

Слични модели од глина во форма на разни делови од куќниот инвентар како столчиња, маси, кревети, дури цели гарнитури за седење или најразлични печки и фурни се честа појава, главно на територијата на Бугарија. Сепак, сè уште е нејасна нивната точна намена или улога во евентуалните култни активности што дозволува да се среќаваат најразлични претпоставки, дури да се определуваат и како детски играчки.

Нашите модели на калотни печки или фурни со голема извесност можат да се определат како предмети што учествувале, заедно со садовите-ритони во одредени култни активности што се вршеле во куќата-светилиште во Ракотинци. Потребата да се изработат мали модели на фурни за таквите активности зборува дека од нив се очекувало бериќет, храна, топлина и заштита на домот и заедницата.

Уште долго нема да се знае точната намена и активности во кои учествувале овие предмети, но благодарение на јасните услови во кои се откриени наодите од Ракотинци, оваа категорија наоди е веќе во добра мера определена. Тие без сомнение биле специјално моделирани како култни предмети, истакнувајќи се денес како едени од најкарактеристичните мотиви на раниот енеолит во скопско.

III БРОНЗЕНА ДОБА
МЕЃУ ПОДУНАВЈЕТО И ЕГЕЈСКИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ

Бронзената доба во скопско е најслабо истражен период од целиот праисториски развој, иако неговото значење е круцијално за целосно и правилно согледување на културните процеси во текот на III и II милениум пред н.е.

Наоѓајќи се помеѓу подунавско-карпатската и источномедитеранската зона, скопскиот регион појавува специфичен културен развој во текот на бронзеното време. Тој бил, во вистинската смисла на зборот, спојка што ги врзувала сè уште неписмените и длабоко праисториски култури на Средна Европа и Подунавјето, со високоразвиените цивилизации во Егејскиот басен и Источниот Медитеран.[50]

Скопскиот регион бил непосредно поврзан со внатрешноста на Балканот преку долините на Лепенец и Пчиња, а преку долината на Морава трпел влијанија од Подунавјето и Средна Европа. Од друга страна, како дел од Повардарјето бил отворен кон југ за влијанија од егејско-медитеранскиот свет. Таквата негова географија била од пресудно значење не само за формирањето на локалната култура на бронзеното време, но и за одредување на белезите на внатрешно балконската бронзена доба.

1 ОСНОВНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА БРОНЗЕНОДОПСКАТА КУЛТУРА ВО СКОПСКО

Иако поради нискиот степен на истраженост сè уште не може детално да се одредат хронолошките рамки и развојните фази на бронзеното време во скопско, сепак, неспорно е дека треба да се смета на вообичаениот развој низ раното, средното и доцнобронзеното доба. Трите фази со сигурност ја пополнуваат втората половина на третиот и речиси целиот II милениум пред н.е. Притоа, неопходен минимум податоци имаме за раното бронзено доба, значително помалку за средната и најмногу за доцното бронзено доба и преодниот период во железно време.

Раното и средно бронзено доба во скопско не се во целост синхрони со истите периоди во другите балкански региони. Така извесно е дека раното бронзено доба во скопско почнува значително порано од посеверните балкански области, но и значително подоцна во однос на Источен Балкан и егејската област. Средната, пак, бронзено доба сè уште не може со сигурност да се идентификува освен дека завршува некаде околу XIV век пред н.е., кога се востануваат првите вистински контакти со егејскиот, микенски свет, што се зема за почеток на доцното бронзено време. Поради поврзаноста и контактите преку долината на Вардар со егејскиот, пред сè со микенскиот свет, што се одвивале најмногу во текот на XIII век, крајот на бронзеното доба се случил значително порано во однос на другите централно и севернобалкански области, уште во текот на XII век пред н.е.

Од сето ова може да се заклучи дека почетоците на бронзеното доба во скопско треба да се бараат некаде кон средината на III милениум пред н.е., а дека од XVIII до XV век пред н.е. биле векови на средно бронзенодопски развој. Крајот пак на бронзената доба е доволно јасно одбележан со низа крупни историски настани и етнокултурни движења што го зафатиле скопско и долината на Вардар во текот на XII век пред н.е.[51]

Во текот на раното и средното бронзено доба скопскиот регион бил културно речиси во целост свртен кон север, тесно поврзан и отворен за влијанија од тамошните култури најмногу со оние по долината на Морава до Подунавјето (т.н. култура Чернавода III и Бубањ Хум III). Контактите со културите во Егејскиот басен, каде што во тоа време цветаат т.н. кикладска и минојска култура, речиси да не постојат. Одделни елементи од југ сепак биле прифаќани, но само како културни влијанија од т.н. тракомакедонски свет на раното бронзено време. На тој начин, во текот на раното и средното бронзено доба во скопско била создадена една специфична локална култура која била дел од едно значително пошироко етнокултурно единство што ја зафаќала целата територија, од Подунавјето до Егејското Море. Тоа единство во археолошката литература е познато како „Балканско-подунавски културен комплекс на раното бронзено доба“.[52] Во тие рамки, скопскиот регион заедно со Кумановскиот регион претставуваат единствена целина, позната како скопско-кумановска група.[53]

СЛ. 33. ИЗБОР НА КЕРАМИЧКИ ФОРМИ ОД РАНАТА БРОНЗЕНА ДОБА ОД ПЕЛИНЦЕ И КОКИНО КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА Т.Н. СКОПСКО-КУМАНОВСКАТА ГРУПА

Раното бронзено доба во скопско-кумановскиот регион минува низ единствен развоен пат, манифестирајќи единствени културни вредности, кои зборуваат за исклучително значајно, дури централно место и улога што ја имала таа група во рамките на балканското бронзено доба. Таквите вредности се најдобро документирани преку најистражените локалитети во групата, Градиште кај Пелинце и Кокино, во Кумановско како и населбата на Скопско кале во скопско (слика 33).[54]

Во текот на раното бронзено доба скопско-кумановската група покажува најтесни хронолошки и културни релации со централно балканската култура, на север, позната како Бубањ Хум II и III, но постојат и одредени релации и со поединечни локалитети на исток и југ како Езеро А2-Б3 или Кастанас I а-б.

Во секој случај, скопскиот регион се експонира како средина во која во текот на раното бронзено доба се вкрстувале различни културни влијанија, како од север по долината на Морава така и од исток и југ по долините на Брегалница и Вардар. Со тоа, културата на раното бронзено време, всушност, претставува една специфична компилација, единствена по своите белези, која ќе се доразвива во текот на следната фаза на средното бронзено доба, а во голема мера ќе го насочи натамошниот праисториски развој во централните делови на Балканот.

Основниот белег на раното бронзено доба во скопско е високиот степен на унифицираност и конзервативност на материјалната култура. Во однос на претходната енеолитска култура, богата со разновидни форми, изразни средства, техники на продукција и декоративни системи, раното бронзено доба е израз на опадната и ограничена економска и културна моќ.

Најверојатно, условите во текот на III милениум пред н.е. не обезбедувале доволно погодности за мирен и продуктивен живот, така што во материјалната култура сè се сведува само на неколку основни форми керамика (слика 33). Во нивното украсување повеќе не се јавуваат старите софистицирани техники со сликање или со канелирање, туку декорирањето е крајно редуцирано, сведено на елементарни начини на украсување, како и фигуралната пластика која е исклучително ретка.

Животот во населбите од раното бронзено доба во скопско-кумановската група, речиси едновремено бил прекинат, некаде околу XIX век пред н.е.. Во тоа време во скопско, како и во другите балкански региони е документиран пад на дотогашниот населбински систем, што се објаснува како последица на последниот бран на индоевропски продори, преселби и деструкции што неминовно ги следеле. Ако на тоа се додадат и низата климатолошки непогодности кои токму тогаш се регистрирани како нова голема еколошка криза, тогаш станува јасно зошто во тие векови кон крајот на раното и во текот на средното бронзено време интензитетот на живот бил значително опаднат.

Од сите овие причини, следната фаза или средното бронзено доба во скопско е документиран како нестабилен и непогоден период за ми-

СЛ. 33. ИЗБОР НА КЕРАМИЧКИ ФОРМИ ОД РАНАТА БРОНЗЕНА ДОБА ОД ПЕЛИНЦЕ И КОКИНО КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА Т.Н. СКОПСКО-КУМАНОВСКАТА ГРУПА

рен живот кој археолошки тешко се детектира. Извесно е дека сето тоа трае до стабилизирањето на приликите, кога доаѓа до израз спремноста на одредени заедници за востановување нови релации и комуникација со развиениот југ и егејското бронзено време. Токму влијанијата од југ или релациите со микенскиот свет ќе отворат нова страница во културната историја на Македонија, а со тоа и на скопско, која се бележи како доцнобронзено време.

Доцното бронзено време во скопскиот регион или периодот од XIV до XII век пред н.е. претставува нова и последна развојна фаза на бронзеното доба. Иако неговиот развој е фундиран на претходната култура на локалната рано и средно бронзено доба, сепак бил иницира и условен од продорот на нови културни импулси кои сега пристигаат од југ, благодарение на нововостановените контакти со микенскиот свет.[55]

Во тоа време или околу XIV век пред н.е. микенските трговци ги пробивале првите комуникациски линии, од брегот на Егејското Море по главните речни долини до рудоносните области во внатрешноста на Балканот.[56] Еден од таквите региони бил и скопскиот регион каде што постоеле убави погодности за експлоатирање на злато од Маркова Река. Токму таму се отк риени и првите микенски наоди, каков што е еден микенски меч-рапир, откриен во Маркова Сушица како и група микенски форми на садови од Кушур-Долно Соње (слика 36). За жал, од мечот од Маркова Сушица бил сочувана само карактеристичната камена чашка или капакот од рачката, колку да посведочи дека се работело за меч од типот на познатиот бронзен меч од Тетово. Садовите пак од Долно Соње претставуваат локални копии на микенски форми. Таквите наоди се најсигурен индикатор за веќе воспоставените контакти на скопскиот регион со егејската доцнобронзено доба или со микенскиот свет, при што долината на Вардар станала главна комуникациска линија на Балканот во правец север-југ.

Елементи од микенската култура се шириле преку микенските колонии и трговски станици на Халкидик и во Солунскиот залив, низ долината на Вардар до скопската котлина на север. Всушност, некои микенски импортирани предмети се откриени уште по на север, дури во Игларево на Косово, што на најдобар начин ја истакнуваат значењето и улогата на Вардарската комуникација и долината на Лепенец во продолжение.[57]

Благодарение на таквите потреби и погодности, во периодот од XIV до XII век пред н.е. по долината на Вардар била формирана моќна културна група базирана на силните контакти со микенскиот свет поточно на влијанијата од егејската доцно бронзенодопска култура. Позната е како Повардарска или Уланци група според најистражуваниот локалитет во Уланци кај Градско.[58] Скопскиот регион влегува како најсеверен дел од таа културна група, со што за прв пат културно се издвојува од централно балканската средина и потесно се поврзува преку Повардарјето и Уланци групата со егејскиот свет на доцното бронзено доба. Со тоа скопско постепено се ориегејски преселби. Носители на тие процеси биле подунавско-централнобалканските заедници кои се движеле по моравско-вардарскиот пат кон југ, кон богатите а веќе разурнати микенски центри. Значајни ќе бидат последиците од тие продори по долината на Вардар како централно комуникациско подрачје, а со тоа и за скопскиот регион како клучна област на тој пат. Сето тоа ќе го одбележи крајот на бронзеното доба во скопско и почетокот на т.н. преоден период кон новото железно време.

2 ИСТРАЖЕНОСТ И НАОЃАЛИШТА ОД БРОНЗЕНОТО ВРЕМЕ ВО СКОПСКО

Првите археолошки истражувања на бронзеното време во скопско биле преземени како сондирања на локалитетот Скопско кале во 1954 и 1967 година. Резултатите од тие истражувања

СЛ. 34. САДОВИ, ЛОКАЛНИ КОПИИ НА МИКЕНСКИ ФОРМИ ОД КОШУР - ДОЛНО СОЊЕ

ентира кон југ и како географски дел од егејскиот слив, уште во текот на доцното бронзено доба станува повеќе дел од Егејско-источномедитеранскиот отколку од внатрешно балканскиот свет.

Доцно бронзенодопскиот развој во скопско нема да трае долго, така што веќе во текот на XII век пред н.е. ќе биде насилно прекинат со деструктивните процеси во рамки на т.н. втор бран на никогаш не беа во целост објавени, но токму на Скопското кале во последните години од 2007 до 2013 година во континуитет беа вршени обемни истражувања. Со нив локалитетот се афирмира како најзначаен пункт за праисторијата во скопско, а со тоа и за бронзеното време.

На просторот на Скопското кале се откриени остатоци од вкупно десет населби, нумерирани од

Кале I до Кале X). Меѓу нив, втората, третата и четврта населба (Кале II, III и IV) припаѓаат на раното средно и доцно бронзено време. Засега најголемиот број наоди и податоци за бронзеното доба во скопско потекнуваат токму од тие населби.

Покрај Скопско кале, познати се уште неколку наоѓалишта од бронзеното време, на кои се вршени одредени археолошки интервенции. Веќе го спомнавме наодот на микенски меч од Маркова Сушица. Тој бил прилог во еден случајно откриен гроб од XIV век, чија конструкција била во голема мера уништена, а прилозите разнесени.[59]

Во непосредна близина на Маркова Сушица,на локалитетот Врањак кај село Варвара, врз веќе споменатите остатоци од енеолитска населба се откриени значајни наоди од доцно бронзеното доба.[60] Уште неколку поединечни наоди од доцното бронзено доба се откриени на неколку различни локации во скопско.

Иако степенот на истраженост на бронзеното време во скопско е сè уште многу низок, сепак сите споменати локалитети заедно нудат податоци за согледување барем на карактерот и основните белези на бронзеното доба во скопско. Во таа насока од голема корист е поврзаноста на скопскиот со кумановскиот регион во единствена културна целина. Бронзеното доба во Кумановско е повеќе истражена благодарение на наодите од населбата и светилиште на Градиште-Пелинце и светилиштето и астрономска опсерваторија на Кокино, што е од голема корист за појасно да го согледаме бронзеното доба во скопско.[61]

Три локалитети во скопско се издвојуваат како најзначајни пунктови од бронзеното доба, на кои се вршени археолошки ископувања. Скопското кале е далеку најистражен локалитет, со остатоци од сите фази на бронзеното доба. Наспроти тоа, со истражувањата на римско Скупи се откриени некои погребувања од доцното бронзено доба, а со истражувања на локалитетот Врањак кај село Варвара, остатоци од мала стратешка населба од самиот крај на бронзеното доба.

СКОПСКО КАЛЕ

Кога зборуваме за локалитетот Скопско кале мислиме на внатрешниот простор на скопската тврдина, позната пред сè како средновековно и отоманско утврдување. На истиот простор веќе ја споменавме првата, најстара населба од енеолитот, која е именувана како Кале I. Над слоевите од таа населба стратифицирани се остатоците од следните три населби кои го покриваат речиси целото бронзено време. Така, населбата од раното бронзено време е именувана како Кале II, населбата од средното бронзено доба како Кале III, додека со Кале IV е одбележана населбата од доцното бронзено доба и преодниот период.[62]

СЛ.35. ОСНОВА НА КУЌА 1 ОД РАНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 36. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЌА 1 ОД КАЛЕ

За разлика од најстарата-енеолитска населба која ја зафаќала целата внатрешност на тврдината и во продолжение дури до Старата скопска чаршија, населба од раното бронзено доба или Кале II била значително помала. Го зафаќала само највисокиот, североисточен дел на Калето, што значи дека населбинскиот простор бил значително скусен во однос на претходната енеолитска населба.

Таа населба егзистирала само во текот на раното бронзено време и тоа некаде околу средината на III милениум пред н.е. Од неа се откриени остатоци од неколку куќи, неколку отворени огништа и печки-фурни.

Куќите имале стандардна праисториска архитектура од дрвена скелетна конструкција облепена со кал и глина, со земјен под и покривна конструкција од органски материјал, најверојатно слама. Судејќи по единствената целосно сочувана куќа (куќа 1), се живеело во објекти со издолжена правоаголна основа, неретко со апсидално решена челна страна (слика 35). Редовен инвентар во внатрешноста на куќите било огништето како и по некој поголем складишен сад или во подот вкопан питос за жито (слика 36). Таквите решенија се чест случај од тоа време на широкиот балканско-анадолски простор, а најблиску се познати од ранобронзенодопските населби по Долен Вардар.[63]

Во слободниот простор, надвор од куќите биле организирани цели системи на огништа на кои се вршеле разни активности, веројатно се приготвувала храна, се правел жар за затоплување на куќите, а секако и други активности за потребите на домот (слика 37). На истиот простор, надвор од куќите, а во непосредна нивна близина се откриени и калотни печки, поточно фурни за леб.

Движните наоди од рано бронзенодопската населба на Кале се сведуваат главно на керамични садови, камени и кремени алатки и коскени игли, шила и слично (слика 38). Нивни целосни аналогии се познати од наодите најмногу откриени на Градиште во Пелинци, но и во слоевите од раното бронзено доба во повеќеслојните населби по долен Вардар, денес на Грчка територија, како Вардарофца, Кастанас и други.[64]

На истиот простор само на значително помала површина бил организиран животот на Скопско кале во текот на средното бронзено доба (Кале III). Наодите од таа населба се далеку помалубројни, пред сè поради крајно лимитираниот простор што бил на располагање за истражување. Најголемиот дел од таа населба бил уништен со интензивната употреба на истиот простор во текот на помладите периоди, посебно во текот на средниот век и отоманско време. Сепак, за одбележување е откривањето на остатоците од земјен бедем што ја заградувал и штител населбата од нејзината источна страна (слика 39).

Бедемот од средно бронзенодопската населба на Кале претставува единствен пример од тој тип и време во Македонија. Со сите негови карактеристики може да се следи педесетина метри во должина. Бил изграден од набиена земја и камења како јадро, врамено во скелетна дрвена конструкција. Пред бедемот, по должината на надворешната страна бил ископан заштитен

СЛ. 37. СИСТЕМ НА ОГНИШТА ОД РАНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 38. ИЗБОР НА НАОДИ ОД РАНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

ров, широк околу 3 метри (слика 40). Таквата конструкција ја штителa населбата од источната, најпристапна страна, одредувајќи ја така источна граница на населбата. Според диспозицијата на бедемот може лесно да се заклучи дека населбата била концентрирана само на највисоките североисточни делови на локалитетот.

На прашањето од што и како настрадала населбата од средното бронзено доба на Кале не може да се одговори со сигурност. Единствено е сигурно дека врз нејзините остатоци, во текот на доцното бронзено доба била подигната нова населба или Кале IV.

Од доцно бронзенодопската населба на Кале има откриени остатоци од четири куќи за живеење и повеќе складишни објекти. Иако ниту една од откриените куќи не е во целост сочувана, сепак извесно е дека се работи за правоаголни градби со површина од 40 до 50 квадратни метри, најчесто со две внатрешни простории.

Во архитектурата на тие објекти се документирани два типа на градби. Првиот подразбира стандардна праисториска, балканска архитектура, чија форма била определена од дрвени столбови носачи на покривната конструкција и ѕидови од дрвен плет, премачкани со дебел слој кал и глина (слика 41). Вториот тип претставува употреба на камена стопа од 2-3 реда камења, како основа за ѕидовите изградени од непечени, плитарни тули, кои ја носеле покривната конструкција од органски материјали. Таквата конструкции претставувале градежни новини, кои првпат се јавуваат во внатрешноста на Балканот, секако под влијание на егејската и медитерански архитектура на тоа време.

Подот на сите куќи бил од набиена земја, премачкана со подебел глинен слој, а инвентарот во нив е сочуван речиси во изворна положба (слика 42). Редовна појава во куќите било огништето, позиционирано кон средината на главната просторија. Покрај тоа до еден од надворешните ѕидови била изградена печка од глина, поточно фурна за печење леб, која можела да биде повеќе пати обновувана.



СЛ. 39. ЗЕМЈЕН БЕДЕМ ОД СРЕДНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 40. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БЕДЕМОТ ОД СРЕДНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 41.
ДЕЛ ОД КУЌА 4 ОД ДОЦНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 42.
ДЕЛ ОД КУЌА 2 ОД ДОЦНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 43.
ИЗБОР НА НАОДИ ОД ДОЦНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА НА СКОПСКО КАЛЕ

Меѓу инвентарот на куќите од четвртата населба на Кале се откриваат наоди типични за т.н. повардарска или Уланци-култура на доцнобронзеното доба[65] (слика 43). Локални форми керамика меѓу кои и карактеристичната мат сликани садови, коскени и бронзени игли и шила како и впечатливите огнишни садови т.н. садови пирустии претставуваат чести наоди од таа населба, сите со свои директни паралели во наодите на населбите и некрополите од XIII и XII век пред н.е. во рамки на Повардарската или групата Уланци (Манастир-Чашка, Уланци-Градско, Вардарски Рид-Гевгелија, Кастанас и Килиндир кај Кукуш итн.)[66]

Како најзначаен наод во хронолошка и културна смисла се издвојува единствениот импортиран сад, сликана амфора во манирот на субмикенската керамика, која го одбележува самиот крај на бронзеното време во скопско (слика 44). Поради нејзината ексклузивност, тој наод го третираме како посебна појава од бронзеното доба во скопско.

Во секој случај населбата од крајот на бронзеното време на Кале се експонира засега како еден од најзначајните населбински пунктови од тоа време во внатрешноста на Балканот.

Населба од доцното бронзено време најверојатно имало и на Зајчев Рид кај Злокуќани. За жал, таму не се вршени археолошки истражувања така што можеме само да претпоставиме дека била со истите белези како и четвртата населба на Скопско кале. Сепак, од таа населба се откриени неколку погребувања на различни позиции на падините на ридот, поточно во просторот на градските некрополи од римско Скупи.



СЛ. 44.
СУБМИКЕНСКА АМФОРА
ОД ДОЦНО БРОНЗЕНОДОПСКАТА НАСЕЛБА
НА СКОПСКО КАЛЕ

ГРАДСКИ НЕКРОПОЛИ – СКУПИ

Со истражувањата на т.н. североисточна и северозападна некропола на Скупи како најстари погребувања се откриени неколку гробови од доцното бронзено доба.[67] Тие секако припаѓале на населението што живеело на самиот Зајчев Рид и најверојатно биле далеку поголеми и организирани некрополи, но со подоцнежното користење на истиот простор за погребување на римското население од Скупи биле во голема мера уништени. Само на неколку позиции се откриени вкупно осум гроба. Кај сите нив е практикуван единствен ритуал на погребување со згрчени инхумации во конструкции обични цисти или правоаголни јами (слика 45).

Сите елементи од погребниот ритуал и погребните обичаи ги поврзуваат овие погребувања со другите некрополи од крајот на бронзеното време во рамките на т.н. Повардарска или група Уланци.[68] Се работи за строго канонизиран начин на погребување кој бил главното дистинктивно обележје на населението од доцното бронзено време по долината на Вардар. Во истиот правец зборуваат и гробните прилози (керамика, бронзени игли за текстил, накит и слично) чии аналогии се познати повторно од повардарските наоѓалишта.

Бронзенодопските наоди од просторот на градските некрополи на Скупи претставуваат најзначајни податоци за погребувањето во текот на доцното бронзено време во скопско, заедно со трите гроба од истото време и со истите белези, случајно откриени на локалитетот Кошур кај Долно Соње (слика 34). Кога на овие податоци ќе се додадат населбинските наоди од Кале IV, добиваме комплетирана сликата за карактерот и основните вредности на локалната култура на доцното бронзено време. Така, веќе со сигурност може да се смета дека скопскиот регион бил органски дел од т.н. Повардарска група на доцнобронзеното доба. Споменатите наоди се

СЛ. 45. ГРОБ СО ЗГРЧЕНЕЦ ОД СКУПИ ОД ДОЦНА БРОНЗЕНА ДОБА

само најсеверната манифестација на таа култура која била отворена и во целост свртена кон југ и егејскиот свет, а не кон север и централнобалканските култури. Во тоа време, во Источно Косово и по долината на Морава се развивала друга култура со други материјални вредности, но и друг начин на погребување со кремација во урни.[69] Контактите со таа култура ќе дојдат до израз во следната етапа на т.н. преоден период. Сепак, во некрополите од Скупи покрај погребувањата со згрчена инхумација се јавуваат и погребувања со кремација во урни. Тие биле практикувани на еден ист простор, што неминовно го отвора прашањето за нивните меѓусебни релации, пред сè хронолошките и културните.

Погребувањето со спалување во урни се појавува во Македонија на различни локалитети, одеднаш, како готов веќе изграден ритуал, без претходен развој. Се среќава главно по долината на Вардар (Клучка-Хиподром, Ограда- Орешани, Западна некропола Стоби, Мали Дол-Тремник, Геникокастро-Кукуш и т.н.) но и во продолжение кон југ сè до Пелопонез.[70]

На одредени локалитети многу јасно е документирано дека носителите на тие погребувања, со кремација во урни биле тие што ја уништиле локалната т.н. повардарска култура на доцнбронзеното доба, која пак практикувала скелетни погребувања во згрчена положба. Притоа, најголемиот број дотогашни населби и некрополи од локалното население згаснале и повеќе не биле обновени (Кошур-Долно Соње, Манастир-Чашка, Водовратски Пат-Водоврати, Уланци-Градско, Вардарски Рид-Гевгелија и т.н.).

Од друга страна, во некои региони новодојденците се задржале подолго, во одредена мера успеале да се интегрираат во локалната средина дури и да ги користат истите некрополи со локалното население, како во случајот, на пример со некрополата Мали Дол-Тремник кај Неготино.[71] Сепак, таквите појави биле најизразени токму во скопскиот регион, како што ќе видиме со некрополата во Хиподром, но и со ситуацијата во некрополите на римско Скупи. Покрај погребувањата со згрчена инхумација во Скупи се среќаваат и гробови со спалени покојници во урни. Без сомнение се работело за две различни култури, со нивни различни носители кои се погребувале на ист простор, но, сепак, последователно во различно време. Погребувањата со спалување била несомнено помлада појава, донесена во скопско со продорот на заедници од север, од централнобалканските простори, на територијата која била населена со население што своите мртви ги погребувало со инхумација во згрчена положба. Всушност, со појавата на новото население во скопско и новите погребувања со кремација, скопскиот регион влегува во т.н. преоден период, на кој подолу подетално ќе се осврнеме.

ВРАЊАК – СЕЛО ВАРВАРА

Третиот пункт во скопско на кој се вршени археолошки истражувања претставува мала стратешка населба на локалитетот Врањак кај село Варвара, исто така од крајот на бронзеното време. Се работи за локалитет мал по површина, карактеристичен по исклучителна стратешка позиција со која доминирал над сливот на малата Умовска Река во Маркова Река.[72]

Локалитетот го запознавме како енеолитска населба, која го завршила својот живот уште во текот на раниот енеолит или некаде кон крајот на V или во почетокот на VI милениум пред н.е. (слика 28). Од тогаш до крајот на бронзената доба тој простор не бил употребуван, за да во текот на XII век пред н.е., биде поново запоседнат. Целата корисна површина (25 × 38 метри) била заградена со заштитен бедем од аморфни камења, а во внатрешноста биле сместени градби кои најверојатно служеле во военостражарско складишни цели. Остатоците од градбите се документирани како складишни објекти во кои се откриени, групирани на едно место вкупно 29 големи складишни и амбалажни садови, главно питоси и големи амфори. Сите тие служеле за чување жито и друга храна, а биле придружени од неколку помали садови, кои по својата форма биле во истата служба на складирање и чување храна.

Откриените движни наоди на Врањак упатуваат на два момента кои се пресудни за вреднување на локалитетот. Најголемиот дел се керамика и тоа главно амбалажни и складишни садови, без форми типични за вообичаеното, секојдневно населбинско живеење. Нивните типолошки белези упатуваат на чисто локални форми, кои се чести и во другите повардарски наоѓалишта од крајот на бронзеното време. Според таквите карактеристики на наоѓалиштето и на наодите во него извесно е дека се работи за локалитет со посебна намена, за опстојување во кризни времиња, за заштита и чување на храна пред некоја сериозна надворешна опасност.

Сето тоа одговара на времето на почетокот на воените продори и движење на заедниците од подунавските и централнобалканските региони по долините на Морава и Вардар, кон Егеја, што се случувале кон крајот на XII век пред н.е. Со тие настани бил одбележан крајот на бронзеното време и почетокот на преодниот период, не само во скопско туку и по целата долина на Вардар. Со нив ќе биде уништена дотогашната Повардарска или Уланци култура на доцнобронзеното доба и ќе бидат воведени нови вредности што со себе ги донеле и ги наметнале инвазорите од север. Локалитетот Врањак кај Варвара, со сите свои културни манифестации претставува убава илустрација на почетокот на тие немирни времиња, што ќе траат низ целиот преоден период, па сè до почетокот на железното време.

Покрај издвоените три локалитети од каде што потекнуваат најголемиот дел од податоците за бронзеното време во скопско, постојат и други поединечни наоди кои зборуваат во ист правец на определба на бронзенодопска култура во скопско, посебни на доцнобронзеното доба.

Во најгорните слоеви на неолитската населба на Церје-Говрлево, исто како и во неолитската населба во Долни Шамак во Катлановo има откриено делови од садови со форма, изработка и декорација типична за Повардарската или Уланци култура на доцнобронзеното доба. Станува збор за керамика украсена со карактеристична мат сликана декорација и мотиви кои се главниот белег на споменатата култура. Тие најверојатно биле прилози во некои гробови од XII до XI век пред н.е., што биле вкопани во неолитските слоеви, а растурени со земјоделските активности на тој простор.[73]

Во слични околности, како прилози од растурени гробови се откриени три керамички садови на локалитетот Кошур во Долно Соње. Садовите им припаѓале на три гробни конструкции со погребувања во згрчена положба, кои биле уништени со копање септичка јама (слика 34). По својата изработка и форми претставуваат локални копии на доцномикенски садови, кои се честа појава на наоѓалиштата по долината на Вардар од XIII до XII век пред н.е.[74]

Сите споменати наоди само го потврдуваат карактерот на доцната бронзенодопската култура во скопско, која била целосно културно ориентирана кон југ, со припадност кон Повардарската група на доцното бронзено време, сè до почетокот на немирните времиња и преодниот период.

3 ПРЕОДЕН ПЕРИОД ИЛИ КРАЈОТ НА БРОНЗЕНОТО И ПРЕМИНОТ ВО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ ВО СКОПСКО

Кон крајот на XIII век пред н.е. и во текот на следните два века, речиси во цела Југоисточна Европа и Источен Медитеран се случувале крупни и бурни историски настани, процеси исполнети со миграциски движења, воени продори и перманентни деструкции. Со оглед на генералниот правец на движење, од север кон југ и кон Егејскиот базен и богатите источномедитерански цивилизации, тие настани се познати како Големи егејски преселби.

Локалните заедници од крајот на бронзеното време по долината на Вардар, а со тоа и во скопскиот регион сепак не биле инволвирани во тие први бранови на преселби од крајот на XIII век пред н.е., кои се одвивале, пред сè по морски пат и се поврзуваат со пропаста на микенските центри во континентална Грција. Македонија и скопско биле заобиколени од тие први миграциски движења, но не и од вторите.[75]

Долината на Вардар како централно комуникациско подрачје по линијата север-југ ја одиграла најзначајната улога во настаните од т.н. втор бран преселби што се случиле кон крајот на XII и во текот на XI век пред н.е. Поради тоа, доцно бронзенодопскиот развој во скопско не траел повеќе од два века. Во текот на XII век пред н.е. веќе бил насилно прекинат со низа деструкции, како последица на тие преселби, поточно на продорот на одредени подунавски и централнобалкански заедници по моравско-вардарскиот пат кон егејските области на југ.

Во тие настани настрадале сите центри на локална култура на доцното бронзено време, особено по долината на Вардар. Употребата на сите населби и некрополи што суштествувале во текот на доцнобронзеното доба била насилно прекината и најчесто не била повеќе обновена, а таму каде што животот продолжил како во долновардарските населби, се случила целосна културна промена со појава на нов материјал и појави со потекло од централно и северно балканските простори.

Појавата на нова балканска керамика, нова архитектура, скулптура, како и на други северни форми на материјална култура во Македонија и Егеја била секако поврзана со инвазорите – дос-

еленици дојдени од север. Сепак, најсилен индикатор за продорот на новото население од север во Повардарјето, и понатаму кон југ е појавата на нивниот ритуал на погребување со спалување во карактеристични керамички садови – урни.

Веќе истакнавме дека некрополи со таков обичај на погребување се појавуваат најпрвин во скопско, но како нови, туѓински појави се документирани по должината на целото Повардарје, во Грција, сè до Пелопонез на југ. Сето тоа овозможува јасно да се следи не само правецот туку и карактерот и интензитетот на движењата на нивните носители, што се случувале кон крајот на XII и во текот на XI век пред н.е. Така, според големината, организацијата и прилозите на новите некрополи со спалување извесно е дека тие процеси траеле подолго, и дека движењата се одвивале во двата правца како од север кон југ така и обратно, со тоа што сепак крајната цел била континентална Грција и тамошните веќе спалени, опустошени или значително осиромашени некогашни центри на богатата микенска цивилизација.

Во одделни попатни региони, како во скопско инвазорите се задржале подолго, но никаде не фатиле посериозни корени. Така, нивниот начин на погребување со кремација веќе кон крајот на XI век, во Македонија бил целосно напуштен, а во текот на следното железно време се продолжила старата, бронзенодопска практика на погребување со инхумација во гробови цисти.

Во сите овие настани значајна улога имал скопскиот регион, каде што кон крајот на XII век веќе биле прекинати животот и употребата на сите пунктови од доцното бронзено време. Истовремено се појавуваат нови локалитети со нов материјал и нов начин на погребување, чии носители без сомнение биле заедници од Поморавјето и Источно Косово или од тамошната културна група т.н. Дења Брњица.[76]

Нивното задржување во скопско било забележително, така што се среќаваат неколку локалитети главно од XI век пред н.е., каде што се присутни елементи од културата на новодојдениците од север. Во таа смисла, најзначаен пункт кој е воедно и најдобра илустрација на споменатите настани и на целиот преоден период во скопско и Повардарјето е некрополата Клучка-Хиподром во Скопје.

КЛУЧКА ХИПОДРОМ

Со изградбата на клучката што ги разведува патиштата за Велес и Куманово, на излезот од Скопје, кај скопскиот Хиподром во 1989 година беше случајно откриена, а потоа во две кампањи истражувана некрополa со спалени покојници од преодниот период од бронзеното во железно време (слика 46).[77] Вкупно беа откриени 11 гробови, кои со сите други појави во рамките на некрополата го вброија овој локалитет меѓу најзначајните праисториски локалитети во централните делови на Балканот.[78]

Уште при самото истражување јасно беше дека начинот на погребувања со движните наоди од Хиподром претставуваат новини во културната историја на Македонија. Тие не се врзуваа за дотогаш познатите археолошки наоди од територијата на Македонија, туку за појавите познати во рамки на т.н. група Дења Брњица од непосредната територијата на север по долината на Јужна Морава и во Источните делови на Косово. Така некрополата во Хиподром се сметаше за најјужна манифестација на косовско-јужноморавската културна група.

Меѓу најзначајните појави од Хиподром е откриено дека сите спалувања биле вршени на посебни спалишта во рамки на некрополата. Спалените остатоци низ посебни процеси биле положувани во садови – урни, кои заедно со други садови во функција на капаци биле вкопувани во глинестата здравица до половина, додека горната половина била заштитена со кружна конструкција од редени речни камења. На тој начин биле формирани карактеристични гробни конструкции, кои можеле да бидат организирани во група од неколку урни, покриени со заеднички насип од камења. Помеѓу и околу самите урни биле откриени многубројни остатоци, главно керамика и храна, од активностите што се одвивале при чинот на погребување.

Со таквите белези некрополата во Хиподром отсликува неколку моменти битни за познавањето на преодниот период не само во скопско туку и во целото Повардарје. Најпрвин, извесно е дека погребаните во Хиподром дошле во скопско од територијата непосредно на север од Македонија, од каде што се познати голем број некрополи од истиот тип (Дења Брњица-Приштина, Горна Стражава-Прокупље, Граштица -Приштина и итн.) уште од постарите периоди.[79]



СЛ. 46.
УРНА СО ПОКЛОПЕЦ
ОД КЛУЧКА-ХИПОПДРОМ

Според големината на некрополата во Хиподром извесно е дека задржувањето на дојденците во скопско не било само инцидентно туку траело најмалку неколку децении. На тоа упатуваат и некои гробни прилози меѓу кои се јавуваат и предмети со потекло од егејската област (слика 47). Најсликовит пример за тоа е познатиот наод на микенски шлем формиран на карактеристичен микенски начин од заби секачи од дива свиња, откриен како прилог во гробот-урна број 7. Таквите наоди не се откриваат надвор од микенскиот свет и не подоцна од XII век пред н.е., што зборува дека несомнено се работи за воен плен, кој бил резултат на чести продори кон југ во Грција и повторно враќање во скопско.

Покрај некрополата Клучка-Хиподром во скопско, познати се уште неколку такви погребувања, кои исто така го потврдуваат подолгото присуство во скопската котлина на населението што се кремирало со употреба на урни.

На локалитетот Ограда кај Орешани се откриени четири гроба со кремирање во урни, групирани во единствена конструкција од нафрлени камења[80]. По сите белези тие одговараат на погребувањата во Хиподром исто како и веќе споменатите, вкупно 4 гроба-урни во рамките на градските некрополи во Скупи.[81]



СЛ. 47.
ИЗБОР ОД НАОДИ
ОД КЛУЧКА-
ХИПОПДРОМ

Некрополата во Хиподром, како и погребувањата во Орешани и во Скупи по сите свои белези не излегуваат од рамките на XI век пред н.е. Веќе во текот на следниот, X век, тие повеќе не биле во употреба, а населението во скопско се вратило на старите бронзенодопски обичаи, практикувајќи скелетно погребување во гробови цисти. Така, употребата на погребување со кремација во урни во скопско може да се смета за епизодно и најдобар индикатор за траењето на преодниот период. Притоа, извесно е дека како носители на погребувањата со спалување треба да се сметаат протодарданските заедници, додека за носители на погребувањата со инхумација во цисти, протопајонците или протоагријаните како најсеверни Пајонци.

Со стабилизирањето на приликите бил надминат транзицискиот периодот, така што се отворила новата страна на железнодопски развој, со што ќе се стигне до конечното формирање на палеобалканските народи, а меѓу нив и на пајонските Агријани во скопско.[82]

V ЖЕЛЕЗНА ДОБА

КОНЕЧНО ФОРМИРАЊЕ НА ПРВИТЕ **ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ**

По немирните настани и миграциски движења во текот на преодниот период, општите прилики во скопско почнале да се смируваат, а со тоа и да се формира новата култура на железното време. Таа ќе се востанови и развива низ трите стандардни развојни фази на: раното (X-VIII век пред н.е.) полно (VII и VI век пред н.е.) и доцножелезно време (VI и V век пред н.е.).[83]

Сепак претходните настани оставиле длабоки последици по сеопштиот натамошен развој. Најпрвин, во текот на раното железно време се случува културната декаденција. Евидентна е опаднатата економска моќ, како и депопулацијата или крајно редуцираниот интензитет на живеење во однос на доцното бронзено време. Вистинската стабилизација ќе се обезбеди дури во текот на полното железно време, кога ќе се зголеми бројот на населби, а населението ќе може несметано да ги ползува локалните ресурси и да ги развива локалните културни вредности. Тој развој ќе продолжи и во текот на доцното железно време, но ќе биде значајно редизајниран со продорот на елементи од класичната хеленска култура. Нивното постепено прифаќање и употреба, секако според локалните потреби и вкус, сепак брзо, уште во текот на втората половина на V век пред н.е. ќе го прекинат дотогашниот железнодопски развој и ќе отворат простор за новото раноантичко време во скопско.

1 ФИЗИОНОМИРАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЖЕЛЕЗНОДОПСКАТА КУЛТУРА ВО СКОПСКО

Како последица на настаните во претходниот транзициски период во текот на првите векови од железното време, скопскиот регион покажува силна културна рецесија. Едноставно морало да се почне речиси од нула, со основање на нови населби на нови позиции и востановување на нови вредности. Притоа, забележителна е културната ориентираност кон север кон централнобалканските простори. На сметка на претходно остварените тесни релации со развиениот егејски југ биле востановени нови релации со централно и севернобалканските области.

Во генезата на новата железнодопска култура, тие релации ќе одиграат значајна улога.[84] Во материјалната култура ќе се појават многу нови форми, кои за извориште ги имаат широките централнобалкански простори до Подунавјето на север. Исто така, во текот на раното железно време во скопско ќе се појават и елементи од други култури од западнобалканскиот простор до Средна Европа на север. Така, мноштво наоди на бронзени фибули, белегзии, торквеси или

железно оружје, првпат ќе се појават во текот на раното железно време во Македонија, како форми дотогаш познати главно од средноевропската т.н. халштатска култура. Со време тие ќе бидат широко прифатени и адаптирани на локалниот вкус и потреби. Ќе се здобијат со посебна популарност, така што во текот на полното железно време ќе бидат локално продуцирани, давајќи и значаен белег на локалната железнодопска култура во Македонија и скопско.

Сепак старите традиционални вредности од бронзеното доба не биле во целост заборавени. Напротив, сите споменати новини во материјалната култура ќе бидат накалемени на домашната културна основа уште од бронзеното време. Старите бронзенодопски вредности не само што



СЛ. 48. ЛАЧНИ ФИБУЛИ ОД ДАЛМАТИНСКИ ТИП ОД ПРЖАЛИ-ВАРВАРА

биле одржувани, туку најсилно се манифестираат токму во духовната сфера, во погребувањето и верувањата, што претставува најсилна потврда дека низ претходниот преоден период не се случиле некои позначајни демографски промени.

Старото население од доцнобронзеното доба во скопско сè уште опстојувало на тие простори, секако во крајно редуцирана форма. Нова култура што почнале да ја градат во новонастанатите услови претставувала компилација од сите три споменати сегменти. Врз традиционалните вредности на бронзеното време, во текот на раното железно време се наслоиле елементите прифатени како влијанија од централно балканските и од западнобалканските или т.н. халштатски простори. Така била физиономирана локалната култура на железното време во скопско, која и покрај елементите од страна ќе претставува неповторлива и оригинална вредност. Во текот на полното железно време, таа ќе дојде до најсилен израз, постигнувајќи го врвот на својот развој.

Дали поради самиот карактер на сè уште недоволно стабилизирано време или поради недоволната археолошка истраженост малку се остатоците од раното железно време во скопско, како и во цела Македонија. Неколкуте гробови откриени главно во некрополите што својот полн развој ќе го имаат во следното полно железно време само ги одбележуваат почетоците на тоа што ќе се развива во следните векови.

Најмногу и најречити наоди од раното железно време се откриени на некрополата Пржали кај село Варвара, која била во употреба низ сите фази на железното време, со тоа што најстарите погребувања биле од раното железно време.[85] Карактеристиките на појавите врзани за тие погребувања се најсликовитата илустрација за споменатиот компилациски карактер на раното железно време во скопско. Самиот начин на погребување со инхумација во цисти или со употре-

СЛ. 49. ГРОБ ОД РАНОТО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ НА ПРОСТОРОТ НА ТЕАТАРОТ ВО СКУПИ

ба на големи садови питоси не враќа во локалното доцно бронзено време. Исто така и во гробните прилози доминираат форми чии корени се во повардарската доцно бронзенодопска култура (слика 52). Со тоа, се потврдува сè уште силната локална традиција, како цврста основа за натамошниот, железнодопски развој. Од друга страна, некои такви погребувања биле организирани во заедничка конструкција или Тумул 1, што е новостановена придобивка, резултат на културните влијанија од западнобалканската или халштатска култура. Во истата некропола се откриени и две големи лачни фибули кои претставуваат типични форми, карактеристични за далматинскиот простор и неговата босанска заднина во текот на X до IX век пред н.е. (слика 48). Најверојатно, со движењата на заедници од северозапад кон Македонија овие фибули како ексклузивна странска стока пристигнале во Пржали-Варвара.

Мошне индикативни наоди за раното железно време претставуваат два гроба од Скупи, откриени при истражувањето на римскиот театар.[86] Погребувањата во нив биле со пружена инхумација во правоаголни јами, при што едната била покриена со делови од голем сад – питос (слика 49). Меѓу гробните прилози се издвојуваат керамичните садови и некои форми на бронзен накит, кои се карактеристична за широкиот централно балкански простор во раното железно време или за периодот од IX до VIII век пред н.е. (слика 50). Со тие наоди, веќе се најавува стабилизирањето на приликите како и почетоците на посилно манифестирање на локалните вредности. Бронзениот кружен предмет од гробот 2 можеби е почеток на манифестирањето на култот на сонцето што до полн израз ќе дојде во следната фаза на полното железно време.

Полното железно време во скопско или времето на VII и VI век пред н.е. бил период во кој биле создадени сите услови за мирен развој, со афирмирање на локалните културни вредности. Подемот на некои економски гранки, посебно металургијата на бронза и железо, предизвикал во тоа време основање на повеќе населби во Скопската Котлина, а со тоа и нивни соодветни некрополи. Во однос на претходното рано железно време, евидентно е богатството и разновидноста на материјалната култура, во која доминирале металните

СЛ. 50. НАОДИ ОД ГРОБОТ ОД РАНОТО ЖЕЛЕЗНО ДОБА КАЈ ТЕАТАРОТ ВО СКУПИ

предметите, пред сè бронзениот накит, култните бронзи, железни орудија и оружје, но и развиените форми и декорации на локалната керамика.

За жал, со досегашните археолошки истражувања се опфатени главно некрополите, така што најмногу податоци се однесуваат на погребувањето. Иако се регистрирани многу населби од тоа време сепак на ниедна од нив не се вршени посериозни истражувања. Така, со исклучок на основните белези на населбите, подетални податоци за населбинскиот живот сè уште недостигаат.

Населбите од полното железно време биле ново основани населби, подигани на доминантни возвишенија, лесно бранливи позиции, со добри услови за земјоделство и сточарство, во близина на речните корита, низ кои поминувале основните патните комуникации. Такви биле населбите на Зајчев Рид, Градиште-Бразда, Градиште-Средно Нерези, Градиште-Бучинци, Кале-Студеничани, Кале- Варвара и други, сите распоредени по рабовите на Скопската Котлина. Иако само на некои од нив се вршени археолошки работи, главно мали контролни – сондажни ископувања, според откриените наоди извесно е дека кај сите нив животот започнал некаде во текот на VII век пред н.е., додека во следниот VI век пред н.е. ќе остварат релативно брз економски и културен растеж. Благодарение на тоа, веќе кон крајот на V век и во текот на IV ќе го постигнат својот највисок подем. Ќе прераснат во првите вистински раноантички гратчиња, кои во балкански рамки ќе остварат исклучително високо ниво на културен економски и трговски развој за тоа време.

Досега се вршени истражувањана неколку некрополи од полното железно време во скопско, како оние во: Дубиче-Волково, Ограда-Орешани, Градиште-Бучинци или Зајчев Рид (Скупи)-Злокуќани. Кај сите се работи за поголеми, добро-организирани некрополи, кои во текот на VII и VI век биле во интензивна употреба. Ритуалот на погребување без исклучок е скелетното погребување или приженатa инхумација, додека гробните конструкции биле правоаголни јами-цисти, некаде оградени со камени плочи, некаде со аморфни камења, а некаде покриени со делови од големи складишни садови – питоси или едноставно погребувањето било извршено директно во нив.

Меѓу гробните прилози од тие некрополи доминираат многубројните форми бронзен накит, вообичаени за VII и VI век на поширокиот балкански простор (лачни и наочарести фибули, игли, појасни гарнитури, белегзии, обетки, торквеси, фалери и сл). Исто така, често има и култни бронзи, специфични форми на приврзоци и амулети кои се врзуваат за пајонските заедници од железното време, поради што и се именувани како пајонски култни бронзи.[87]

Во керамиката, како гробни дарови се среќаваат неколку форми на садови кои се воедно основни форми на железнодопската керамографија во Македонија. Се работи за стари форми познати од локалната традиција на бронзеното доба, меѓу кои доминира бокалите со косо засечена задна страна на вратот, кантаровидните садови со две или една вертикални рачки и чиниите со вовлечен обод и хоризонтални држалки на рамото. Сите тие се работени на рака, а украсувани во манирот на централнобалканската керамика на тоа време, со врежување на линии и висечки триаголници, со канелирање, со користење на назабено тркалце-радло и слично.

Во секој случај, целокупната материјална и духовна култура на полното железно време во скопско покажува органска поврзаност со наоѓалиштата од истото време по долината на Вардар, Брегалница и во источните делови на Македонија, но и несомнени влијанија од централно балканските простори.[88]

Сепак, како се работи за целосно оформена култура со силни локални белези карактеристични за пајонските заедници и за историски посведочените пајонски територии, неспорно е дека нивни носители биле северно пајонските племиња. Најсилни индикатори во таа насока се погребните обичаи, поточно ритуалот на погребување со пружена инхумација, како и останатите погребни манифестации што се единствени за сите пајонски заедници на железното време.

Уште посилни индикатори за пајонскиот карактер на таа култура се т.н. пајонски култни бронзи, кои важат за најсилната манифестација на пајонската култура на железното време. Едноставно, тие не се среќаваат кај другите народи, бидејќи се израз само на пајонските верувања и култни активности.

Постигнатиот високо ниво на културен и економски развој на заедниците од полното железно време во скопско отворило простор за подем на занаетчиството и трговијата. Така во текот на доцното железно време или кон крајот на VI и во текот на V век пред н.е. биле воспоставени тесни релации со трговско-занаетчиските центри и грчки колонии на северноегејскиот брег и на Халкидик. Од таму била нарачувана стока и производи за новоиздвоената класа на локална аристократија, така што во скопско се појавуваат првите импортирани предмети, како и првите локални копии на грчки производи. Со тоа започнал долгиот процес на хеленизирање на локалната култура. Сè повеќе се губеле локалните вредности на сметка на усвојување на културните придобивки од југ, до степен што веќе кон крајот на V век се исчезнати речиси сите белези на локалната култура на железното време.

Со тоа завршил милениумскиот праисториски развој на скопско, бидејќи веќе во следната етапа заедниците од скопско ќе ги уживаат сите придобивки на новото историско време или на раната антика.

2 НАЈЗНАЧАЈНИ НАОЃАЛИШТА ОД ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ВО СКОПСКО

Неколку се локалитети од каде потекнуваат најзначајните наоди и податоци за карактерот и вредностите на железното време во скопско. Тие се најчесто некрополи, но некои од нив биле во употреба низ сите фази на железното време, така што во добра мера овозможуваат континуирано да се следи целиот железнодопски развој. Таков е примерот со локалитетот на Зајчев Рид кај Злокуќани, каде што иако инцидентно, во повеќе наврати се откривани погребувања од железното време. Токму во просторот на римскиот град Скупи, со своите некрополи се среќаваат и некои значително постари погребувања, со кои се покриваат периодите од доцното бронзено време до раната антика.

Слична е ситуацијата и со некрополата Пржали кај Варвара, каде што се застапени погребувања од сите фази на железно доба. Локалитетот пак Ограда-Орешани го истакнавме пред сè како некропола со спалени покојници во урни од преодниот период, иако во литературата е познат по групата бронзени предмети од VII век пред н.е.[89] Во текот на 1993 година таму биле вршени истражувања, со кои е потврдено дека споменатата група наоди, всушност, биле гробни прилози од растурени гробови, од некропола со инхумација во гробови цисти, која била во употреба во VII и VI век пред н.е. Сепак, за поврзаноста на овие погребувања со постарите кремации во урни од XI век не може да се зборува.

Другите наоѓалишта претставуваат некрополи од полното железно време, меѓу кои се издвојува некрополата во Дубиче-Волково. Преостанатите некрополи како оние на: Градиште-Бразда, Градиште-Бучинци, Градиште-Средно Нерези се врзани за соодветните населби на тие локалитети, кои биле новоосновани во текот на полното железно време, а својот полн развој ќе го остварат во вековите од раната антика.

ЗАЈЧЕВ РИД – ЗЛОКУЌАНИ

На територијата на римско Скупи, на различни позиции се откриени погребувања од железното време. Тие се само остатоци од некрополи што суштествувале на тој простор, кои подоцна со интензивното градење на структурите од римскиот град биле во најголема мера уништени. Во таа смисла веќе се запознавме со одредени погребувања од доцното бронзено време и од преодниот период, на што треба да се додадат и погребувањата од железното време, така што се чини дека просторот на римско Скупи, поточно падините на Зајчев Рид биле единствениот простор што се користел за погребување во континуитет низ цело железно време, поточно од крајот на бронзеното време до раната антика.

СЛ.51. ГРОБ СО ПОВЕКЕКРАТНО ПОГРЕБУВАЊЕ ОД ПОЛНОТО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ ВО СКУПИ

Погребувања од железното време се откривани на различни позиции, меѓу кои веќе ги спомнавме двата гроба од раното железно време, на просторот на римскиот театар (слика 49). Останатите погребувања од полното и доцно железно време се откривани главно на просторот на т.н. југоисточна и источна некропола на Скупи, каде што се документирани вкупно 22 гроба.[90] Сите претставуваат погребувања со пружена инхумација во гробни конструкции-цисти, кои во одделни случаи биле повеќекратно користени (слика 51). Гробните прилози подразбираат форми на бронзен накит (фибули, игли, белегзии, фалери итн.) и керамика, кои се карактеристични за VII и VI век пред н.е. Заедно со начинот на погребување и погребните обичаи најтесно се врзуваат за наоѓалиштата од тоа време по долината на Вардар со непосредните притоки.

Диспозицијата на откриените погребувања од железното време на просторот на античко Скупи сама по себе зборува за некрополи од различни фази на железното време што биле различно распоредени во однос на населбата, која неспорно била позиционирана на ридот што се издигал над нив, денес познат како Зајчев Рид.

Се работи за природно возвишение, кое со шеесетина метри височина доминирало над околниот терен и сливот на Лепенец во Вардар, што денес се наоѓа на околу еден километар југозападно од ридот. Корисната површина на ридот или евентуалната населба била долга околу 200 метри и широка околу 100 метри. Падините на ридот кон коритото на Вардар биле користени за погребување, така што е евидентна хоризонталната стратиграфија на користење на тој простор за некрополи во текот на железното време Во таа смисла, најстарите погребувања, оние од раното железно време биле позиционирани најблиску до населбата, околу денешната позиција на римскиот театар. Од таму, некрополата почнала да се шири кон коритото на Вардар така

што најмладите железнодопски гробови биле во најниските терени, на просторот на т.н. источна римска некропола. Таквата организација секако била нарушена, а најголемиот број погребувања од железно време уништени со интензивните градежни активност при подигањето и развојот на римскиот град Скупи со неговите некрополи на истиот простор.

Иако на Зајчев Рид досега не се вршени археолошки истражувања, според откриените погребувања на неговите падини, може да се претпостави дека почетоците на употребата на ридот како населба, највероајтно се сместуваат уште во текот на доцното бронзено време. Од тогаш, таа населба била во континуирана употреба низ целото железно време до раната антика.

ПРЖАЛИ – ВАРВАРА

Некрополата на локалитетот Пржали се наоѓа еден километар источно од селото Варвара, на блага падина на левиот брег на Маркова Река, на претпоставена површина од околу еден хектар. Сондажни истражувања се вршени во 1995 и 2000 година, со што на крајно ограничен простор биле откриени вкупно 35 гробови од сите фази на железното време. Кај сите бил практикуван единствениот ритуал на погребување со инхумација, најчесто во обични правоаголни јами ограден со камења, камени плочи или делови од питоси. Притоа, интересна е појавата на организирање на некои гробови (6) од раното железно време во заедничка конструкција или Тумул 1. Тоа е првата, најстара појава на тумуларниот начин на погребување, кој во некои региони во Македонија ќе се развива низ целото железно време. Сепак, бидејќи тумулите ја отсликуваат организацијата на по конзервативните племенски заедници во скопско како и во останатите комуникативни подрачја никогаш не фатиле вистински корени.

Гробните прилози откриени во Пржали се вообичаени за соодветните хронолошки фази. Така, во гробовите од раното железно време, меѓу другото, се среќаваат садови со форми во кои се забележуваат многу елементи од повардарската керамика на доцното бронзено време, кои тогаш била креирани под влијанија на егејското бронзено време (слика 52). Наспроти тоа, присутни се и бројни форми и декорации карактеристични за посеверните балкански подрачја, кои првпат стигнале во скопско и Македонија со настаните во текот на преодниот период.

За контактите со западните делови на Балканот најдобро сведочат споменатите две лачни фибули, случајно откриени секако како прилози во некои гробови од X до IX век пред н.е. (слика 48).

Сето тоа зборува за недоволно стабилизираните прилики и за последиците од претходните времиња што сè уште се чувствувале во текот на раното железно време.

Наодите врзани за полното и доцно железно време не излегуваат од вообичаените рамки и вредности, стандардни за сите некрополи од тоа време. Сепак, мора да се потенцира присуството на одредени форми на култни пајонски бронзи (приврзоци афионови чашки), кои најдиректно ја поврзуваат некрополата во Пржали со другите некрополи од VII век пред н.е. по долината на Вардар и Брегалница (слика 58).

Матичната населба на некрополата во Пржали се наоѓа еден километар јужно на локалитетот Кале-Варвара, висок зарамнет рид што доминира над десниот брег на Маркова Река. Таму не се вршени истражувања, но според површинските наоди секако била употребувана во текот на железното време до раната антика.

СЛ. 52. КЕРМИКА ОД РАНО ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ ОД ПРЖАЛИ - ВАРВАРА

ДУБИЧЕ – ВОЛКОВО

Некрополата во село Волково е првиот регистриран и истражуван локалитет од железното време во скопскиот регион. Уште во 20-тите години од минатиот век случајно бил откриен еден гроб кој бил подоцна, во 1929 година, публикуван и послужил како репер и основа за сите подоцнежни истражувања, не само во Волково (тогаш Вучидол) туку и на целото железно време во скопско.[90] Следните археолошки истражувања се одвивале во 1952, 1954, 1962 и 1985 година и со нив локалитетот во голема мера бил определен и вреднуван како еден од најјаките пунктови на железното време во Македонија.[91]

Локалитетот се наоѓа на една пространа падина еден километар северозападно од центарот на селото Волково, на простор изложен на постојана ерозија и обработуван за лозја, со што некрополата денес е целосно уништена.

Од некрополата во Дубиче-Волково се истражени вкупно 16 гробни конструкции и откриени бројни наоди од растурени гробови. Сите претставуваат инхумации во цисти, најчесто оградени и покриени со камени плочи. Начинот на погребување со сите практикувани погребни обичаи во целост одговараат на погребувањата од VII и VI век пред н.е. во широкиот повардарски регион.[92]

Меѓу движните наоди, кои најчесто се гробни дарови, се издвојуваат наодите на бронзен накит и на керамика. Во бронзениот накит се одржува трендот на форми што се одликуваат со посебна популарност на целиот централнобалкански простор до Подунавјето на север, а во нив влегуваат карактеристични лачни и наочарести фибули, спирални и белегзии со префрлени краишта, фалери и други појасни гарнитури итн. (слика 53).

Меѓу керамичните садови се среќаваат различни форми, но сите работени во еден ист, силно локален манир. Меѓу нив, со посебни стилско ликовни белези се издвојуваат бокалите со коса засечена задна страна на вратот (слика 61). Тоа е носечката керамичка форма на железното време во Македонија, која во наодите од Волково ја имаат најубавата комбинација на форми и декорации, со што формираат една мала но експресивна колекција.

СЛ. 53. ИЗБОР НА БРОНЗЕН НАКИТ, ДУБИЧЕ - ВОЛКОВО

ГРАДИШТЕ – БУЧИНЦИ

Локалитетот Градиште претставува комплексно наоѓалиште со остатоци од различен карактер и од различни периоди, главно од железното време до раната антика. Се работи за истакната висорамнина – рид, што доминира над селото Бучинци, кое пак се наоѓа 17 километри североисточно од центарот на Скопје. Горната површина на ридот е зарамнето плато на кое се откриваат остатоци од населба, која имала убава визуелна комуникација со јужните делови на Скопско Поле пред неа.

На самата населбата не се вршени археолошки истражувања, но на нејзината површината се среќаваат мноштво делови од керамични садови од сите споменати периоди. Исто така, како површински наоди случајно се откриени бронзени предмети (две белегзии и еден приврзок минијатурен сад од фамилијата пајонски култни бронзи) од полното железно време. (слика 58 - 2).[93]

Најзначајните наоди на локалитетот се откриени во подножјето на ридот, поточно на северозападната падина на градиштето. Со археолошки ископувања, вршени најпрвин во 2000 година, а потоа во континуитет од 2005 до 2008 година таму се откриени, вкупно 12 гробови, една колективна, масовна, гробница и олтарна површина – жртвеник. Според тоа, тој простор секако служел за погребување на населението од населбата на градиштето, но и за вршење на одредени култно-ритуални активности.

Гробовите претставуваат конструкции правоаголни јами-цисти, оградени со камења или камени плочи и покриени најчесто со обични камења. Во нив било извршено скелетно погребување, пружена инхумација со сите придружни манифестации карактеристични за тој начин на погребување. Меѓу нив се издвојува гробот 12, во кој било погребано возрасно женско лице, но во посебни услови и со посебен третман и белези (слика 54).[94]

Жената била положена во конструкција обична правоаголна јама заедно со нејзината лична опрема, но и со бронзени предмети кои немаат карактер на личен накит туку очигледно биле од посебно значење во нејзиниот живот или професионална активност. Конструкцијата била затворена со аморфни камења, а наоколу биле вршени активности на ритуално жртвување и јадење храна. Така, на покривното ниво на гробот се откриени многу животински коски, меѓу кои и една глава на коњ. Исто така, еден голем огништен сад за приготвување храна бил положен врз пределот на градите на покојникот.

Најголемиот дел предмети од гробот 12 се откриени во изворна положба. Личниот накит

СЛ. 54. ГРОБ 12 ОД НЕКРОПОЛАТА ВО ГРАДИШТЕ– БУЧИНЦИ

СЛ. 55. КУЛТНИ БРОНЗИ ОД ГРОБОТ 12 ВО ГРАДИШТЕ– БУЧИНЦИ

(торквес, белегзии, фибула, копци) се најдени на соодветните позиции на телото, додека преостанатите, главно култни бронзи, биле групирани во пределот помеѓу фемурите. Во групата култните бронзи се среќаваат афионови чашки со капаче, приврзоци-птици, кружни приврзоци, приврзоци-кафези за птици, стилизирана птица во лет и слично. (слика 55)

Покојникот во гробот 12, во секој поглед, како според третманот уште повеќе според гробниот инвентар имал посебно место и улога во железнодопската заедница од Бучинци. Такви погребување со познати од уште неколку локалитети, главно по долината на Вардар и Брегалница и тоа како гробови на свештенички од железното време.[95] Гробот 12 од Бучинци најдиректни паралели наоѓа во гробот 15 од Лисичин Дол-Марвинци познат како "гробот на пајонската свештеничка од Марвинци".[96] Тие две погребувања, едното во долното другото во горното Повардарје на мошне сликовит начин ја истакнуваат долината на Вардар како единствена етнокултурна целина во VII век пред н.е..

Меѓу другите наоѓалишта од полното железно време во скопско треба да се споменат уште три локалитети и тоа Ограда-Орешани, Градиште-Бразда и Градиште-Средно Нерези. Локалитетот во Ограда-Орешани го запознавме како некропола од преодниот период, а Градиште-Бразда и Градиште-Средно Нерези се познати како населби од раната антика. Сепак на нив се откриени некои наоди од полното железно време, кои едноставно не смеат да се прескокнат.

Во Орешани, покрај постарите погребувања со спалувања во урни откриени се и два гроба-цисти со инхумација од полното железно време, како и низа поединечни наоди од растурени гробови од доцното железно време. Сепак, првооткриени и најпознати наоди од Орешани се десетината бронзени предмети собрани како површински наоди, со земјоделски активности во 70-тите години од минатиот век (слика 56). Меѓу, нив доминантно место имаат формите од фамилијата на пајонски култни бронзи. Тие наоди секако биле прилози од растурени гробови од споменатата некропола од полното железно време.[97]

На Градиште-Бразда биле на едно место откриени група бронзени предмети од VII и VI век пред н.е., (белегзии, копчиња, лачна фибула, макарести приврзоци и приврзок кафез за птици) (слика 57). Очигледно биле собрани и чувани како посебна вредност или како суровина за претопување во рамки на раноантичката населба. Во секој случај тие се сведоштво за употребата на локалитетот уште во текот на полното железно време.

Слична ситуацијата е откриена и на другата раноантичка населба на локалитетот Градиште во Средно Нерези. На самиот локалитет се документирани некои керамични наоди од полното железно време, додека 500 метри западно, на локалитетот Круша е откриен дел од железнодопската некропола. Од неа се истражени два гроба со инхумација, едното погребување е во конструкција циста од камени плочи, а другото во голем сад-питос, со прилози, главно керамика и бронзен накит од VII век пред н.е.[98]

СЛ. 56.
КУЛТНИ ПАЈОНСКИ БРОНЗИ
ОД ГРУПНИОТ НАОД ОД ОГРАДА - ОРЕШАНИ



СЛ. 57.
НАОДИ ОД ГРУПНИОТ НАОД
ОД ГРАДИШТЕ - БРАЗДА

21 НАЈВИСОКИ ДОСТРЕЛИ ВО КУЛТУРАТА НА ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ВО СКОПСКО

Во најтесниот избор на најзначајни продукти или најиндикативни предмети за железното време во скопско влегуваат наодите од фамилијата на пајонски култни бронзи, потоа општо балканските форми бронзен накит како и групата керамични садови – бокали со косо засечена задна страна на вратот.

Пајонски култни бронзи

Најмногу од т.н. пајонски култни бронзи во скопско се поврзани со гробот 12 во Бучинци. Тоа се оние предмети положени врз пределот на стомакот и меѓу фемурите на свештеничката, а во кои доминантно место имаат птиците, афионовите чашки и кружните приврзоци (слика 55). Исто така, афионови чашки со капачиња на кои има птичји протоми се наоѓаат и меѓу наодите од Пржали-Варвара и меѓу бронзените предмети од Ограда-Орешани. Приврзок-птица е откриен меѓу наодите од Орешани каде што се среќава уште и еден роглест предмет, дел од еден срповиден приврзок и топчест ажуриран приврзок т.н. кафез за птици (слика 56). Минијатурни садови во форма на бокалчиња со косо засечена задна страна на вратот се најдени на Бучинци и на Средно Нерези (слика 58). Сите тие се, всушност, најкарактеристичните форми на култни пајонски бронзи.

Во повеќе од 90 % случаи таквите предмети се откривани на територијата на пајонските заедници од железното време, додека останатите најчесто се среќаваат како вотивни дарови во некои светилишта и храмови во Егеја. Иако сродни меѓу себе, сепак поради одредени варијации во локалниот вкус и поголемата популарност на одредени форми, се делат на одделни локални групи пајонски бронзи. Така, покрај јужната грипа (во Долното Повардарје) се издвојува и северна група (средно и горно Повардарје со Брегалница). Култните пајонски бронзи откриени во скопско влегуваат во т.н. северна група која се поврзува со севернопајонските заедници на железното време (слика 59).[99]

СЛ. 58. НАОДИ НА ПАЈОНСКИ КУЛТНИ БРОНЗИ ОД: 1 И 3 - ПРЖАЛИ, 2 - БУЧИНЦИ И 4 - СРЕДНО НЕРЕЗИ

Определбата на тие објекти како предмети поврзани со култот на сонцето кај Пајонците повеќе не е спорна, особено по нивното откривање во изворна положба кај т.н. свештенички погребувањата од железното време на повеќе локалитети во Македонија.[100] Таму тие предмети претставуваат евидентни манифестации на сонцето или елементи што го симболизираат сонцето. Птицата и сите стилизации изведени од неа претставуваат сонце, а сонце е и кругот со сите негови манифестации, исто како и декорацијата на сите тие бронзи изведена со врежани концентрични кругови и снопови на зрачни линии. Од друга страна, за култот на сонцето постојат историски записи кај античките автори дека бил посебно почитуван и негуван кај Пајонците.

Поради сето тоа, култните пајонски бронзи од гробот 12 во Бучинци најверојатно имале улога

СЛ.59 СЕВЕРНА ГРУПА НА ПАЈОНСКИ КУЛТНИ БРОНЗИ

или на симболи на сонцето или претставувале инструменти на свештеничката во вршењето на ритуалните дејствија поврзани со култот на сонцето. И на останатите такви бронзи од скопско намената најверојатно им била иста но тие најчесто се откривани во секундарен контекст, како наоди од растурени гробови. Најверојатно и тие биле дел од т.н. свештенички погребувања или од одредени свештенички активности, бидејќи секоја една пајонска заедница морала да има свештенички-чувари, негувачи и афирматор на култот на сонцето.

Како и да е, во материјалната култура на железното време во Македонија пајонските култни бронзи имаат покрај голема културна, естетска и хронолошка вредност бидејќи се едни од најиндикативните предмети за VII век пред н.е.. Од друга страна, тие важат за најсилен израз на културата на пајонските заедници од тоа време, а примерите од скопско само ја илустрираат локалната култура како значаен дел од севернопајонската група на железната доба.

Балкански форми на бронзен накит

Најзастапени метални наоди во железнодопската култура во скопско се многуте форми бронзен накит кои се редовен инвентар кај речиси секое женско погребување (слика 53, 57 и 60). Се работи за различни типови на лачни и наочарести фибули, игли за коса, белегзии со повеќе спирални навои или само со префрлени краишта, торквеси или ѓердани од разни бронзени мониста, појаси и појасни гарнитури со фалери и други видови копци, копчиња и слично. Сите биле толку популарни и меѓусебно тесно поврзани низ речиси целото полно железно време, што најчесто заедно се посматраат и грубо се датираат во VII и VI век пред н.е., иако поединечни форми во Македонија биле во многу покуса употреба така што имаат значително поголема хронолошка чувствителност.

Во врска со овие предмети најзначајно е тоа што во скопско едновремено се јавуваат форми што имаат различно потекло, а понекогаш и различна употреба од нивната оригинална намена. Сите тие се локално произведени во металуршките работилници на скопските населби, но потеклото на поединечни форми е во други региони на

СЛ. 60. ДЕЛ ОД БРОНЗЕНИОТ НАКИТ ОД НЕКРОПОЛАТА ДУБИЧЕ-ВОЛКОВО, СКОПСКО

СЛ. 61.
БОКАЛИ
ДУБИЧЕ-ВОЛКОВО

Балканот. Така на пример, наочарестите фибули се познати во западнобалкански региони, па сè до Средна Европа уште од бронзеното време, но во Македонија се појавиле во текот на раното железно време, а со најголема популарност се стекнале дури во текот на VIII и VII век пред н.е. Покрај наочарестите фибули, како накит од истото западнобалканско и источноалпско подрачје или со едно име како халштатски накит, се водат и белегзиите, торквесите и фалерите. Сите се стекнале со посебна популарност и почнале локално да се произведуваат во Македонија и скопско во текот на VII век пред н.е..

Од друга страна, пак, лачните фибули со наребрен лак се карактеристични за централнобалканските области до Подунавјето на север во времето околу средината на VII век пред н.е.. За истиот регион само за некоја деценија подоцна се врзуваат карактеристичните пробиени појаси како оној од Волково и поедини крстести копчиња, кои таму се откриваат како коњски украси додека кај нас како женски накит.

Наспроти сите овие форми се јавуваат и поедини локални продукти, како на пример некои форми на лачни фибули или двојни игли за коса, кои до таа мера ќе се рашират и ќе станат популарни на целиот Балкан, што во внатрешноста на Балканот ќе се употребуваат значително подолго отколку во Македонија.

Сите моменти поврзани со тие типови накит јасно сведочат за развиената металуршка дејност во скопско, која можела да прима идеи од разни страни, а да продуцира според своите потреби. Сепак, бидејќи се работи за форми кои се јавуваат на целиот внатрешно балкански простор, тие пред сè сведочат за единствениот балкански вкус во текот на полното железно време.

Сепак, кога во прашање е Македонија и скопско, тие предмети го немаат истото културно и хронолошко значење за локалната култура на железното време како на пример пајонските култни бронзи или локалната керамика.

Колекција на бокали од Волково

Втората најсилна манифестација на локалната култура на железното време во скопско, но и во цела Македонија е керамичката форма бокал, посебно оној со косо засечена задна страна на вратот. Нема локалитет од железното време каде што, меѓу другите, наоди не е откриен и бокал од тој тип како носечка керамичка форма.

Бокалите влечат континуиран развој уште од доцното бронзено доба, но во текот на железното време во Македонија стануваат најомилената форма која регионално ќе се развива со свои локални белези, експонирајќи се како единствена заедничка вредност на целото железното време во Македонија.

Во населбите од железното време во Македонија таа форма била најексплоатираниот сад за домашна употреба, додека во некрополите бокалот со косо засечена задна страна на вратот е стандарден гробен прилог, како вообичаен сад за принесување течна храна при погребувањата.

Со таква широка продукција таа форма развива безброј варијанти во поглед на материјалот и техниката на изработката, обликот на одделни елементи на садот и декорацијата.

Во скопско се откриени бокали во секое од наведените наочалипта но највпечатливи се бокалите од некрополата во Дубиче-Волково (слика 61). Од таму потекнува убава колекција од десетина бокали, кои биле гробен дар при погребувања. Бокалите од Волково имаат посебни формални и естетски вредности поврзувајќи ги во единствена компилација елементите од повардарската и брегалничка културна група на железното време со елементи популарни од истото време (VII и VI век пред н.е.) на централнобалканскиот простор. Тоа е евидентно како во моделирањето на самата форма, уште повеќе во декорацијата.

Формата на бокалите од скопско претставува адаптирање на локалниот вкус и потреби на вообичаениот бокал од полното железно време, на тој начин што биле креирани единствени оригинални појави, карактеристични само за скопскиот регион. Декорацијата, пак, за која биле вообичаено користени најударните делови на садот (вратот и рамото) била изведена најчесто со врежување со остар инструмент во свежа глина или со назабено тракалце-радло. Разни комбинации на паралелни или снопови на линии и висечки штафирани триаголници, формираат специфични композиции во кои не е исклучено да се крие одредена симболика и визуелни пораки.

Така физиономирани бокалите од скопско, пред сè оние од Волково, се здобиле со голема популарност не само во локалната средина туку извршиле и значајно влијание врз керамографијата кај заедниците на север од скопско, каде што одредени елементи ќе се практикуваат значително подолго, во текот на целиот VI и V век пред н.е.. Во Македонија уште во текот на VI век таа форма ќе биде постепено надмината, отстапувајќи му место на влијанијата што пристигале од југ, а кои носеле нови техники на изработка на бокали, пред се, со користење на грнчарско тркало.

VI КРАЈОТ НА ПРАИСТОРИЈАТА И ПОЧЕТОКОТ НА АНТИКАТА

ПОДЕМОТ И КРАЈОТ НА АГРИЈАНИТЕ

Ако го бараме точното време кога завршил праисторискиот и почнал историскиот развој во скопско, тоа секако е V век пред н.е.. Културните појави од тоа време во суштина можат да се посматраат како финална фаза на локалниот железнодопски развој, но во исто време се среќаваат и првите манифестации на античката култура. Во тоа време со Долномакедонското кралство веќе владеат историски владетели (Александар I и Пердика II) што учествувале во конкретни историски настани.

Во текот на V век јужнопајонските заедници од Долното Повардарје влегуваат во македонската држава, а севернопајонските од Средното и Горно Повардарје сè уште уживаат политичка независност, но во тесни меѓусебни релации со појужните македонски области и со хеленските колонии на северноегејскиот брег, Солунскиот залив и на Халкидики. Во секој случај, заедниците во скопско уште во текот на втората половина на V век пред н.е. веќе имале усвоени многу антички придобивки, кои им овозможиле да живеат според критериумите на новото античко време.

Наспроти тоа, на север, во внатрешноста на Балканот кај дарданските и трибалските заедници, како и на запад кај илирските заедници V и IV век сè уште претставувале праисториски период или помлада фаза на тамошното железно време.

Историските извори јасно ја определуваат територијата од изворштето на Вардар и Полог на запад преку скопско, кумановско, Кустендил со Пернишко до изворштето на Струма како територија на Агријаните. Тие се познати во раната антика како најсеверни Пајонци, со свое племенско име и свои владетели меѓу кои се спомнуваат Никарх (околу 365-360 година пред н.е.), Симон (околу 355 година пред н.е.) и Лангар (околу 335 година пред н.е.) и Диплај.[101]

Античките автори ја истакнуваат значајната улога на Агријаните, како коњаници и копјаници во војската на Александар III, особено во неговиот поход на Трибалите.[102] На враќање пак од кај Трибалите, посебно е забележана улогата на агријанскиот водач Лангар, кој му помогнал на македонскиот крал да ја отстрани опасноста од илирските Аутаријати, за што како благодарност Александар му ја ветил за жена својата сестра Кина.[103]

Соседи на Агријаните на север биле Дарданците, а некаде во близина, биле богатите рудници на сребро каде што во 423 година пред н.е. била основана хеленската колонија Дамастион, која ковала монети за различни потреби. Така, античките автори спомнуваат дека Дамастион ковал монети за агријанските градови Пелагија, Дапарија и Сарноа.[104] Пелагија се лоцира во Полошко додека Дапарија и Сарноа во скопско, без повеќе податоци за нивно попрецизно убицирање.

Агријаните заземале голема територија на север од т.н. независни Пајонци, а на југ од Дарданците и имале голема економска моќ, со политичка независност во текот на V и IV век пред н.е. скопскиот регион заземал централна позиција во рамките на агријанската територија. Меѓутоа, според некои автори таа територија за време на владеењето на Авдолеон (околу 315 пред н.е.) влегла во рамките на државата на т.н. независни Пајонци.

Иако историјата на Агријаните била во секој случај куса, сепак била забележана како бурна и впечатлива. Така, некои автори веруваат дека средновековните Агарени, народ што се спомнува во средновековната историја на Скопје, во врска со манастирот „Св. Ѓоргија Ѓорга“, биле всушност остатоци уште од античките Агријани.

1 ПОЈАВАТА И ПРОЦУТОТ НА ПРВИТЕ МАЛИ ГРАТЧИЊА КАКО ПРОТОУРБАНИ ЦЕНТРИ ВО СКОПСКО

Скопскиот регион во текот на V и IV век пред н.е., наоѓајќи се помеѓу праисторискиот север и историскиот антички југ, создал специфична локална култура, но со изразени раноантички белези.



СЛ. 62. КАРТА НА РАНОАНТИЧКИ НАСЕЛБИ ВО СКОПСКО

1 ГРАДИШТЕ - БРАЗДА
2 КАРТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
3 ГРАДИШТЕ - БУЧИНЦИ
4 ЗАЈЧЕВ РИД
5 ИСАР - СТУДЕНИЧАНИ
6 ГРАДИШТЕ - НЕРЕЗИ
7 СКОПСКО КАЛЕ
8 КАЛЕ ВАРВАРА

На просторот на старите железнодопски населби била извршена реорганизација, така што бил испланиран посебен станбен, занаетчиски, трговски и јавен дел. Новите јавни градби и куќи за живеење почнале да се градат по нови архитектонски и градежни критериуми. Наместо архитектура градена на стариот, праисториски начин со дрвена скелетна конструкција, ѕидови од кал или плитар и покривна конструкција од слама, почнале да се градат градби на камени темели, со долна зона од неколку реда камен, надѕидани со тули и покриени со ќерамиди (тегули и имбрекси). Таквите населби биле заштитени со подигање на нови камени бедеми и длабоки заштитни

ровови пред нив. Сите тие елементи претставувале почетоци на урбанизација, што на тие населби им дава карактер на вистински мали гратчиња.[105]

Таквите промени ги зафатиле сите населби кои својата иницијална употреба ја имаа во текот полното железно време, какви што се на пример: Градиште-Бразда, Градиште-Средно Нерези, Градиште-Бучинци, Зајчев Рид-Злокуќани, Кале- Варвара, Исар-Студеничани. Сите тие се од т.н. градински тип или мали утврдени населби со површина од 2-4 хектари површина.[106] Лоцирани се на доминантни позиции, а сепак комуникациски лесно достапни, во близина на речни долина и со шумски и рудни ресурси во позадина.

Единствен локалитет што се издвојува од споменатите како по својата позиција, големина така и по својот карактер е Скопското кале, поточно петтата фаза на употреба на Скопското кале (Кале V).[107] Таму, во текот на V и IV век до првите децении на III век пред н.е., просторот не бил користен за населба, туку како култен простор. Иако на Скопско кале се вршени обемни истражувања не се откриени населбински слоеви од раната антика туку само жртвени јами и остатоци од различни активности и ритуални дејствија со жртвувања. Од друга страна, во однос на останатите населби во скопската котлина, таа позиција се издвојува како централна, така што најверојатно служела за задоволување на заедничките религиозни потреби на сите околни населби (слика 62).

Со исклучок на Скопското кале сите раноантички населби во Скопско се распоредени по рабовите на Скопската Котлина, на последните ограноци на Скопска Црна Гора, Водно и Китка, така што формираат единствен населбински систем.

Во материјалната култура на раната антика, посебно во V век сè уште се забележува негување на традиционалните вредности од железното време. Но,и покрај тоа доминираат раноантичките форми на керамика, оружје и метал, честопати импортирани од југ, од хеленските колонии на северноегејскиот брег или уште почесто локално изработени, како нивни копии. Со тоа било остварено изненадувачки високо ниво на хеленизираност на локалната култура, како и високо ниво на економски и културен развој, што може да се мери со најразвиените центри на раната антика на Балканот.

Остваренот брз развој на раноантичките населбите во скопско бил резултат на најмалку два фактора. Најпрвин, сите населби за основа ги имале претходно остварените високи економски дострели уште во текот на железното време, благодарение секако на интензивниот подем на металургијата. Така биле создадени услови за развој на занаетчиството и трговијата, а тие уште кон крајот на VI и кон почетокот на V век пред н.е. овозможиле да се издвои богата класа на локална племенска аристократија, за која рамките на дотогашното бескласно железнодопско општество веќе биле претесни. Секако од нив биле регрутирани локалните владетели од IV век пред н.е., кои историјата ќе ги запомни по нивната економска моќ и значајна улога во конкретни историски настани на Балканот.

Вториот фактор била географијата на регионот како основен предуслов за брз подем на занаетчиството и трговијата. Позицијата на скопско овозможувала од една страна лесна експлоатација и пласман на рудните и дрвни ресурси, а од друга лесна и непосредна комуникација со македонските центри и грчките колонии во Солунскиот залив и на Халкидики.

Интензивниот раноантички развој во скопско бил прекинат во моментот на неговиот најсилен подем. Најпрвин скопските населби страдале од келтските воени походи од 279/278 година.[108] Во многуте нивни напади на патот кон Егеја населбите во скопско биле повеќе пати опожарувани и со тоа економски ослабени. Таквата ситуација ја користеле Дарданците, кои, велат изворите дека често навлегувале од север заради пљачка и робови и повторно се враќале назад. Тоа уште повеќе го правел животот во скопско невозможен, така што набрзо сите населби готово истовремено замреле, а Скопската Котлина доживеала силна депопулација. Така, во текот на III век пред н.е. Скопската Котлина ќе остане несигурна и ненаселена сè до основањето на римско Скупи. Засега археологијата нема откриено ниту една населба од III и II век пред н.е. во скопско.

2 НАЈЗНАЧАЈНИТЕ ПУНКТОВИ И НАОДИ ОД РАНАТА АНТИКА ВО СКОПСКО

Раноантичките населби во скопско израснале од претходните железнодопски населби кои во текот на V век биле целосно изменети, наново испланирани, организирани, изградени и развивани, по нови, веќе антички критериуми. Распоредени се на последните, најниски ограноци на околните планини, на врвот на природни возвишенија, кои со височина од 50 до 100 метри над долината и речните корита под нив доминираат над околниот простор. Сите биле фортифицирани и со елементи на примарна урбанизација, така што се познати како првите мали гратчиња. Сите имале ист развоен пат и заедничка историја од V век, низ IV век до првите децении на III век пред н.е.

Како што веќе истакнавме, засега се познати такви раноантички гратчиња на локалитетите: Градиште-Бразда, Градиште-Средно Нерези, Градиште-Бучинци, Зајчев Рид-Злокуќани, Кале-Варвара, Исар-Студеничани. Меѓу нив, како најистражувани, а со тоа и најзначајни се издвојуваат населбите на Градиште-Бразда и Градиште-Средно Нерези. Третиот локалитет е Скопското кале, кој по самиот свој карактер, позиција и наоди се издвојува од другите, не како населба туку како култен простор. На крајот треба да го издвоиме и локалитетот Катлановска Бања, како ретка раноантичка некропола, со значајна позиција на самиот влез во Скопската Котлина. Од овие наоѓалишта потекнуваат најзначајните наоди и податоци за раната антика во скопско.

СЛ. 63. ПАНОРАМА НА ГРАДИШТЕ-БРАЗДА

ГРАДИШТЕ – БРАЗДА

На локалитетот Градиште-Бразда, во повеќе наврати, во текот на 80-тите и 90-тите се вршени археолошки истражувања на неколку различни пунктови. Со нив се откриени бројни археолошки наоди, а локалитетот се афирмира како еден од најјаките пунктови од раната антика во внатрешноста на Балканот.[109]

Локалитетот е позициониран на северозападниот раб на Скопската Котлина на едно не така високо, но стратешко возвишение, на последните ограноци на Скопска Црна Гора. Со 70 метри височина, над јужната периферија на денешното село Бразда и коритото на Чучерска Река во неговото подножје, ридот Градиште доминира над околниот простор и посебно над Скопската Котлина пред него (слика 63). Во планинскиот венец на Скопска Црна Гора населбата имала богати ресурси на шуми и дрво, како и разни рудни богатства и идеални услови за сточарење. Западно од населбата, сè до коритото на Лепенец се шире-



СЛ. 64.
ПЛАН-ОСНОВА
И ПАНОРАМА
НА ЅИДАНАТА ГРОБНИЦА
ВО БРАЗДА

ле плодни површини, погодни за земјоделството, а низ тој дел на околу 2 километри западно од населбата поминувала трасата на една од најзначајните комуникации кон север и денешно Косово.

Со таквите погодности раноантичката населба на Градиште-Бразда ги имала сите услови за брз развој, со што набрзо ќе прерасне во економски најсилна населба, а можеби и во политички и управен центар на регионот. Неколку моменти мошне речито упатуваат на тоа.

Раноантичката населбата на Бразда по населбинска површина била најголема во однос на другите населби од тоа време во скопско. Само заштитениот дел опфатен со градските бедеми заземал површина од 3,5 хектари, на што треба да се додаде уште толкава површина во подножјето на ридот каде се ширело отвореното подградие. Во споредба со Бразда сите останати населби биле сместени на површина од 2-3 хектари.

Населбата на Градиште-Бразда имала најсложен фортификациски систем на заштита кој подразбирал обѕидување на сите зони – терасести делови на теренот. Притоа, највисоката зона била посебно издвоена и најдобро заштитена со свој заштитен бедем, формирајќи така акрополен дел на градот. Ако се знае дека акрополот или горниот град секогаш бил резервиран за најмоќните семејства, за локалната аристократија или локалните владетели, тогаш градот на Бразда добива карактер не само на економски туку и на управен центар.

Во северното подножје на населбата уште во текот на V век била изградена монументална градба од делкани травертински блокови по теркот на јавните градби во најразвиените центри на класичниот свет (слика 64).[110] Врз основа на концепцијата со една главна комора, издвоен влез и долг пристапен ходник, определена е како владетелска гробница, што ја поткрепува констатацијата за Бразда како управен-политички центар. Самата градба всушност претставува комплексен објект кој бил изграден и служел како гробница само во првата фаза (крај на V век). Во втората фаза, над самата монументална гробница, во текот на IV век бил организиран простор на кој биле извршувани разни религиозни и ритуални дејствија. Како остатоци од таквите активности врз гробницата се откриени иљадници делови од керамични садови остатоци од консумирање храна, мноштво, животински коски, жртвени јами и поедини погребувања.

Јужно од населбата на соседните помали ритчиња најверојатно со простирале соодветните некрополи, иако денес целиот тој простор е уништен од ерозии и земјоделски работи. Сепак,

таму биле откриени неколку гробни конструкции цисти од камени плочи. Дури се смета дека споменатата група на бронзен накит од полното железно време потекнува од таквите гробови, кои биле растурени уште во раната антика (слика 57). Притоа бронзите биле собрани и сочувани најверојатно за претопувања. Биле откриени како групен наод на северната тераса од раноантичката населба, на која биле организирани занаетчиски и металуршки работилници со печки за топење на мали количества метал.

Многубројни се движните наоди од досегашните истражувања на Градиште-Бразда кои го илустрираат карактерот и над регионалното значење на населбата во текот на раната антика. Така, меѓу луксузната керамика доминираат импортираните грчки сликани вази од т.н. тип Ст. Валентин, карактеристични за втората половина на V век пред н.е., како и локални копии на атички сликани црвено фигурални садови од крајот на V и IV век пред н.е.. Сепак, најбројни се локалните сиво печени садови работени на колце според хеленските форми од тоа време.

Населбата од раната антика на Градиште-Бразда била без сомнение најдобро испланираната, најразвиената и најбрзо растечка населба, а заедно со другите споменати особености можеме да ја сметаме за централна населба по улога и значење во скопско.

ГРАДИШТЕ – СРЕДНО НЕРЕЗИ

Раноантичката населба на Градиште-Средно Нерези не се разликува битно од Градиште-Бразда посебно не по својата големина и економска моќ.[111] Единствената разлика е во конципираноста на населбинскиот простор. На Градиште-Средно Нерези, како и на сите други околни населби, нема посебно издвоен акрополски дел, како во Бразда, туку целата населбинска површина е единствено плато. Исто така, природната лимитираност на просторот во Средно Нерези не дозволува ширење на населбата во подградија, што значително ги намалува можностите за зголемување на населбинските активности.

Локалитетот се наоѓа на северните огранци на Водно, позициониран на зарамнето плато кое доминира за околу 50 метри над коритото на реката Вардар, која тече во неговото западно подножје (слика 65). Со својата истурена положба кон котлината, населбата излегува на главната вардарска комуникација, додека со својата планинска заднина лесно ги обезбедувала шумските ресурси.

Населбата имала стрмни и тешко пристапни страни со што биле обезбедена сигурна заштита, но и покрај тоа по работ на платото била изграден

СЛ. 65. ПАНОРАМА НА ГРАДИШТЕ - СРЕДНО НЕРЕЗИ

СЛ. 66.
СРЕБРЕНИ НАОДИ
ОД ГРОБОТ 1
ОД ЖДАНЕЦ

заштитен бедем. Површината зафатена со бедемот била во големина од 3,2 хектари.

Соседното ритче на југоисток од Градиште, на кое денес се простира населба Жданец било користено како некропола за населението од населбата. Со изградбата на Жданец во 1964 година биле уништени бројни гробови, од кои најголемиот број биле конструкции цисти. Во неколку наврати (1970, 1971 и 1990) на тој простор биле вршени истражувања и биле откриени десетина гробови. Меѓу нив две гробни конструкции се издвојуваат како ексклузивни наоди од некрополата Жданец или од населението на раноантичка населба на Градиште-Средно Нерези.

Првото погребување било извршено во IV век пред н.е., на вообичаен начин со инхумација во конструкција од камени плочи, но било опремено со невообичаено богати дарови (слика 66).[112] Разни форми накит од сребро, садови од сребро и бронза, ретко железно оружје и слично претставувале гробни прилози кои упатуваат на покојник од висок ранг, секако од локалната аристократија.

По дваесет години на самата западна периферија на некрополата во Жданец, со копањето



СЛ. 67. РЕКОНСТРУКЦИЈА
НА ПОГРЕБУВАЊЕТО СО КОЛА ОД ЖДАНЕЦ

СЛ. 68. НАОДИ НА
СРЕБРЕНИ ТОКИ
КАКО КОЊСКА ОПРЕМА
ОД ЖДАНЕЦ



темели за станбена објект беа откриени делови од голема погребна јама.[113] Во неа беа најдени остатоци од специфично погребување со кола, за жал во најголемиот дел веќе уништено. Сочувани беа само одделни делови од колата, како и делови од два впрегнати коња и од поедини погребување, поточно покојници положени врз самите коњи и околу колата. Покојникот над коњите е идентификуван како коњоводец а четирите скелети околу колата како војници-чувари (слика 67). Сите биле во исто време усмртени и испратени со господарот на оној свет. За жал, главното погребување кое секако било донесено на некрополата со колата не било откриено.

Меѓу објектите што се сочувале од таквото необично погребување се делови од колата, елементи од коњската опрема (железни узди, коњски ремени украсени со сребрени копчиња), бронзени двојни игли, бронзени и керамични садови, железни копја и други ситни наоди (слика 68). Сите тие се сведоци за исклучителноста на погребувањето, но и за несреќната судбина да биде сочуван само еден сегмент. Сепак споменатите погребувања од Жданец зборуваат за високото културно ниво и големата економска моќ на населението од населбата на Градиште-Средно Нерези во текот на V и IV век пред н.е..

СКОПСКО КАЛЕ

Скопското кале се наоѓа на истурениот, јужен крај на долгиот срт што се протега по должината на левиот брег на Вардар и што доминира над самиот центар на модерно Скопје. Таму, беа вршени сондажни истражувања во 1954 и 1967 година. Притоа, беа откриени поедини наоди од раната антика, но без неопходниот контекст на наоѓање, така што беа едноставно определени како остатоци од раноантичка населба. Сепак, од 2007 до 2013 година беше истражен целиот внатрешен простор на Кале. Со тие истражувања беше утврдена генералната стратиграфија на Скопското кале, во која беа документирани десет различни населби. Над праисториските слоеви, а под слоевите од средниот век се позиционирани остатоци од раната антика или од периодот V и IV век. Меѓутоа, не се работи за населбински слоеви туку за остатоци од одредени култни активности.[114]

На различни позиции, на целата територија заградена со надворешните бедеми на скопска-

СЛ.69.
ЖРТВЕНИ КОНСТРУКЦИИ ОД РАНОАНТИЧКО КАЛЕ,
ВО ФАЗА НА ОТКРИВАЊЕ

СЛ.70.
ПОЕДИНИ НАОДИ ОД РАЗЛИЧНИ ЖРТВЕНИ ЈАМИ
ОД РАНОАНТИЧКО КАЛЕ

СЛ. 71.
БРОНЗЕНИ МОНЕТИ
ОД РАНОАНТИЧКО КАЛЕ

та тврдина се откриени различни објекти, како: култни јами, жртвени конструкции, животински погребувања и многубројни остатоци од други ритуални активности.

Вкупно се откриени пет култни јами со раноантички материјал во изворна положба, но и многу други оштетени јами, без наоди или само остатоци од разнесен инвентар од уништени такви објекти, со подоцнежните градежни активности на истиот простор. Сите биле со отвор од околу 1-2 метри и исто толку длабоки, со цилиндрична форма. Во нивната внатрешност редовно се откривано делови од керамични садови и накит како и животински коски. Според условите на откривање и содржината, најверојатно во тие јами биле оставани остатоците од активностите со јадење и прилагање на храна, но и секојдневни вредности како поедини форми накит монети и слично.

Во некои случаи остатоците од поедини култни активности едноставно биле покриени со насипани камења, во форма на посебни жртвени конструкции (слика 69). Се чини дека во таквите активности посебна улога и значење имале кучињата. Во една таква конструкција откриена е теракотна глава на куче, додека во друга целосен скелет на куче со елементи вообичаени за погребување.

Кое е вистинското значење на тие наоди тешко може да се дофати, но постојат неколку моменти што укажуваат дека тој простор, во раната антика не бил користен како другите околни населби.

Најпрвин, старите мислења дека на Калето имало раноантичко утврдување, се покажаа погрешни. Поедини камени блокови што се сметаа за делови од раноантички бедеми всушност се покажаа како паднати делови од средновековните бедеми. Така, остатоци од раноантичка фортификација не само што не се документирани на Калето туку нема ниту населбински слоеви од раната антика. Во таа смисла, наодите од раната антика не се јавуваат во нормални населбински слоеви, со остатоци од вообичаена населбинска архитектура или други појави карактеристични за населбинското живеење. Напротив, тие се јавуваат на различни позиции на целиот простор на Калето, но како поединечни, засебни манифестации.

Меѓу наодите поврзани со таквите појави најбројна е керамиката, но секогаш делови од керамички садови и тоа полуксузни садови, како грчки импорт или локални копии на грчки форми. Другите типови керамика, како градежна, складишна или кујнска-огнишна керамика, кои се всушност најсилниот индикатор за населбински карактер на локалитетот, не се откриени. Иста е сликата и со ситните метални наоди меѓу кои се среќаваат главно парчиња накит и по некој друг вреден предмет како што е бронзениот сад – фијала, или многубројните лачни фибули од т.н. малоазиски тип (слика 70). На сето тоа треба да се додадат и трите бронзени монетите на македонските владетели Александар III и Антигон Гонат, откриени како дел од инвентарот на поедини жртвени конструкции и култни јами (слика 71).[115]

Сите движни наоди од раната антика одговараат на улогата на вотивни дарови, многу повеќе отколку на потребите за населбинско живеење за што би требало да бидат застапени, пред сè наоди на алатки, орудија, рачни мелници, оружје и слично.

Како заклучок, во врска со раноантичките наоди на Скопското кале може да се извлече дека целиот простор на Калето најверојатно бил користен како заеднички – централен култен простор за населението од околните населби како Градиште-Средно Нерези, Градиште-Бразда, Зајчев Рид-Злокуќани и другите (слика 62).

Истата историска судбина што ги снашла сите раноантички гратчиња во скопско важела и за Скопското кале. Речиси едновремено сите згаснале, некаде во текот на првите децении на III век пред н.е.

КАТЛАНОВСКА БАЊА – КАТЛАНОВО

Локалитетот во Катлановска Бања претставува некропола на која се откриени само два гроба, но со својата позиција и разновидноста на гробните дарови, заслужува посебно да се издвои.[116] Некрополата се наоѓа околу 500 метри североисточно од самата Катлановска Бања, на десниот брег на Пчиња, на простор кој е денес зафатен со куќи од викенд-населбата наречена Кочкова Населба. Во секој поглед таа е надвор од населбинскиот систем и поврзаноста со другите веќе споменати локалитети од раната антика во Скопско.

СЛ. 72. ФИБУЛИ
ОД Т.Н.ТРАКИСКИ ТИП
ОД КАТЛАНОВСКА БАЊА

Иако се засега откриени само два гроба, извесно е дека во Катланово се работи за локална некропола во која било погребано локално население, на традиционален начин, со пружена инхумација во конструкции цисти од камени плочи.

Некрополата е позиционирана точно на преминот од Скопската Котлина кон Овче Поле, по линијата на најприродната и најлесна комуникација. Низ праисторијата и раната антика таму поминувала трасата на главната комуникација од скопско кон исток и југ. Во таа смисла, патот од Катланово, преку долината на Катлановска Сушица се пробивал во Овче Поле и Штипско или во земјата на т.н. Независни Пајонци. Оттаму еден крак продолжувал по долината на средна и горна Брегалница кон долината на Струма и тракискиот исток, додека другиот крак по Долна Брегалница стигнувал до Повардарје и Македонија од каде што продолжувал кон хеленскиот југ. На тој начин локалитетот во Катлановска Бања бил со улога на вистинска врата за излез и влез во скопско од двата правци од исток и југ.

Меѓу откриениот археолошки материјал евидентни се елементи од различни страни, што е најдобра илустрација за значењето на локалитетот како комуникациски пункт и крстопат на важни патишта. Така, присутни се форми карактеристични за тракискиот исток, но и предмети со потекло од хеленскиот југ, додека мноштвото други наоди се вообичаени за пајонско-македонската рана антика. Во таа смисла како гробни пролози во двата гроба се среќаваат вкупно 11 фибули од т.н. тракиски тип (слика 72). Овие наоди се карактеристични за тракискиот свет и последните децении од V век пред н.е.. Исклучително се ретки на македонска територија така што фибулите од Катланово претставуваат засега најголема колекција на такви фибули откриени не само во Македонија туку и пошироко.

Наспроти тоа од југ, како атички импорт, поточно како производ продуциран најверојатно во некоја од грчките колонии на северноегејскиот брег се јавува црнофигуралниот лекит, а најверојатно и малата амфорица или амфорискос, во кој била транспортирана одредена скапа содржина од југ (слика 73).

Меѓу останатите прилози во двата релативно богати женски гробови од Катланово се среќаваат уште еден пар сребрени, чунести обетки како и пар сребрени, купасти наушници. И едните и другите се луксузна стока работени во техника

СЛ. 73. ДЕЛ ОД САДОВИТЕ –
ГРОБНИ ПРИЛОЗИ
ОД КАТЛАНОВСКА БАЊА

на филигран и гранулација, што се јавуваат на широкиот македонски простор во текот на V век пред н.е. Останатите наоди се вообичаени форми на т.н. малоазиски бронзени фибули и бронзени прстени кои се среќаваат и во V и во IV век пред н.е., како и еден ѓердан од 22 стаклени мониста (слика 74).

Споменати наоди од двата навидум обични гробови од Катланово всушност претставуваат најубав пресек, слика на карактерот, економското и општествено ниво и вредности на раната антика во скопско. Тоа било време на економски моќна култура, цврсто фундирана на локалната традиција, супериорна во однос на соседните култури на север, со голем степен на веќе усвоени антички вредности, благодарение на развиени комуникации и трговски релации со најразвиените региони на Балканот и Блискиот Исток.

Носителите на таа култура во скопско биле Агријаните, најсеверните пајонски заедници чии владетели играле значајна улога во општо балканските историски случувања во текот на V и IV век пред н.е.. Постојат претпоставки извлечени од античките извори, дека за време на владеење на кралот Авдолеон или некаде околу 315 година пред н.е. територијата на Агријаните бил присоединета кон кралство на т.н. независни Пајонци. Како и да било историјата на Агријаните, а со тоа

СЛ. 74.
ДЕЛ ОД
ГРОБНИТЕ
ПРИЛОЗИ
ОД КАТЛАНОВСКА
БАЊА

и подемот на раноантичката култура во скопско не траел долго.

Во 279-278 година пред н.е. Келтите (Галите) од Средно Подунавје тргнале со голема сила кон југ, кон Делфи. Нивниот поход низ земјите на Трибалите, Дарданците, Агријаните Пајонците и низ Македонија до светилиштето Делфи во Грција, подразбирал долготрајни борби, пљачкосувања и деструкции, со катастрофални последици по локалните заедници.[117] Таму каде што поминале Келтите, велат античките автори, долго време потоа животот не можел да се врати. Токму таа судбина на насилно срушени раноантички гратчиња и трајно прекинат развој, ја снашла Скопската Котлина. Дури со римските освојувања и основањето на Скупи, во скопско повторно ќе се врати животот и ќе се востановат основите на новиот културен и историски развој во рамки на Римската Империја.

БЕЛЕШКИ

1 Todorova H. 2007, 1-6
2 Тодорова Х. 1986
3 Mitrevski D. 1999; Митревски Д. 2013
4 Garevski P. 19561,34
5 Фидановски Љ. 2012,13
6 Здравковски Д. 1995
7 Митревски Д. 2007
8 Митревски Д. 2013, 132
9 Тасиќ Н. 1995
10 Mitrevski D. 1999
11 Митревски Д. 2013
12 Митревски Д. 1997, 25-27
13 Митревски Д. 2013, 214-234
14 Соколовска В. 1990
15 Папазоглу Ф. 1969
16 Garasanin M. 1979; Наумов Г. 2009, 25-42
17 Здравковски Д. 1995,
18 Грашанин М. 1979; Бенац А. 1989
19 Митревски Д. 2013, 109-111
20 Фидановски Љ. 2012
21 Фидановски Љ. 2012
22 Санев В, 1988, 9-12; Санев В. 1995, 25
23 Санев В. 1988
24 Митревски Д. 2016, 67-69
25 Галовиќ Р. 1967, Гарашанин М. Спасовска Г. 1976
26 Санев В. 1995, 33
27 Митревски Д. 2013, 110
28 Наумов Г. 2016, 73-201
29 Фидановски Љ. 2012-а
30 Чаусидис Н. 2008
31 Санев В. 1988
32 Фидановски Љ. 2012
33 Санев В. 2006
34 Наумов Г. 2009, 235-241
35 Санев В. 1988
36 Митревски Д. 2013, 111
37 Todorova H. 2007,5
38 Митревски Д. 2016
39 Garasanin M. 1979
40 Tasic N. 1995; Митревски Д. 2013
41 Todorova H. 1986
42 Cochadziev S. 2007
43 Митревски Д. 2016
44 Митревски Д. 2016
45 Митревски Д. 2016
46 Митревски Д. 2013
47 Тодорова Х. 1986
48 Митревски Д. 2016, 69-104
49 Настева И. - Карпузова С. 2005
50 Garasanin M. 1983
51 Митревски Д. 2013, 191-194
52 Garasanin M. 1983
53 Митревски Д. 2013, 177-179
54 Булатовиќ А. - Станковски Ј. 2012
55 Mitrevski D. 1999
56 Bejko L. 2002
57 Luci K. 1997
58 Mitrevski D. 1998; Митревски Д. 2013
59 Настева И. - Видески З. 1996, Mitrevski D. 2008, 149
60 Видески З. 2005
61 Булатовиќ А. - Станковски Ј. 2012
62 Митревски Д. 2016
63 Hansel B. 1989
64 Трајковска Л. 1999; Булатовиќ А. - Станковски Ј. 2012, Hartley 1939, Aslanis J. 1985
65 Митревски Д. 2016, 133-142
66 Јовчевска Т. 2008, Митревски Д. 1997, Hochstetter A. 1984
67 Јованова Л. 2015, 18
68 Митревски Д. 2013, 183
69 Luci K. 2007
70 Митревски Д. 2013, 193
71 Локалитетот Мали Дол – Тремник, преставува некропола со двата ритуали на погребување, каде погребувањата со спалување во урни се јасно стратиграфски позиционирани над постарите скелетни погребувања во згрчена положба. Исто така, евидентна е и разликата во културниот инвентар поврзан со двата различни типа на погребување, што зборува за две различни култури и две различни времиња. Благодарност за информациите и документацијата на д-р А.Папазовска, раководител на ископувањата.
72 Видески З. 2005, 67.
73 Фидановски Љ. 2012, Митревски Д. 2013, сл. 62
74 Митревски Д. 1997, кат. бр. 26, 293
75 Митревски Д. 2013
76 Luci K. 2007
77 Mitrevski D. 1994
78 Митревски Д. 1997
79 Luci K. 2007
80 За достапот до информациите и документацијата благодарност до м-р К. Ристов, раководител на ископувањата.
81 Јованова Л. 2015, 22
82 Соколовска В. 1990
83 Mitrevski D. 2013, 20

[84] Mitrevski D. 2006

[85] Публикувањето на резултатите од истражувањата во Пржали-Варвара и Ограда-Орешани од м-р К. Ристов се во тек. За користење на информациите му должам голема благодарност.

[86] За отстапениот материјал му должам благодарност на д-р А. Јакимовски, раководител со истражувањата на театарот во Скупи.

[87] Митревски Д. 1988

[88] Vasic R. 1987

[89] Пашиќ Р. 1978

[90] Трухелка Ќ. 1929

[91] Kilian K. 1975, 56

[92] Митревски Д. 1997

[93] Георгиев З. 1987, 125

[94] Temov S. 2007

[95] Mitrevski D. 2007

[96] Митревски Д. 1999

[97] Kilian K. 1975

[98] Ристов К. 1996

[99] Митревски Д. 2013, 227-232

[100] Mitrevski D. 2007

[101] 314-312

[102] Griffit T. G. Macedonija II, 430

[103] Arrian, Anab. I, 5

[104] Соколовска В. 1990, 24

[105] Микулчиќ И. 1982

[106] Mikulchich I. 1999

[107] Митревски Д. 2016

[108] Papazoglu F. 1969

[109] Микулчиќ И. 1982

[110] Микулчиќ И. - Соколовска В. 1990

[111] Микулчиќ И. 1982

[112] Соколовска В. - Пашиќ Р.

[113] Микулчиќ Г.

[114] Митревски Д. 2016, 151-165

[115] Mitrevski D. 2016

[116] Ристов К. 1999

[117] Папазоглу Ф. 1969, Митревски Д. 2008

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Aslanis I.1985 – Kastanas-Die Fruhbronzezeitlichenfunde und befunde, PAS Band 4, Berlin 1985

Bejko L. 2002 – Mycenaean Presence and Influence in Albania, Greek Influence along the East Adriatic Coast, Split 2002

Benac A. 1989 – Certains problems des rapports de la Macedonie et des Balkans occidentaux au neolithique, Maced. acta. archaeol.10, Skopje 1989

Булатовиќ А.-Станковски Ј.2012 – Бронзеното време во базенот на Велика Морава и долината на Пчиња, Београд-Куманово 2012

Vasic R. 1987 – Oblast Istocnog Kosova, Juzne Srbije i Severne Makedonije, PJZ V, Sarajevo 1987

Видески З. 2005 – Енеолитска населба „Врањак“, од село Варвара - Скопје, Зборник на Музејот на Македонија 2 (археологија), Скопје 2005

Galovic R. 1967 – Zelenikovo. Neolitsko naselje kod Skoplja, ZNM Beograd V, Beograd 1967

Гарашанин М. – Спасовска Г. 1976 – Нови ископувања во Зелениково кај Скопје. Maced. acta archaeol. 2, Скопје 1988

Garasanin M. 1979 – Centralnobalkanska zona, PJZ II, Sarajevo 1979

Garasanin M. 1983 – Podunavsko-balkanski kompleks, PJZ IV, Sarajevo 1983

Garasanin M. 1982 – The Eneolithic period in the Central Balkan region, CAH Vol. III, Cambridge 1982

Griffit T.G. Macedonia II, 430

Zdravkovski D. 1995 – Middle Neolithic in the region of Skopje, ZborniknaMuzejotna Makedonija.N.S.-1 (Arheologija), Skopje 1995

Zdravkovski D. 2006 – New aspects of the Anzabegovo-Vrsnik cultural group, Hommage to Milutin Garasanin, SASA Special edition, Beograd 2006

Garevski R. 1956 – Geologische und palaontologische Forshingen in den Hohlen von Mazedonien. Fragm. balcanica. Prirodonaucen Muzej, 1, 34, Skopje 1956

Jovanova L. 20156 – Скупи – Некрополи, Inventaria Archaeologica Personarum II, Скопје 2015

Јовчевска Т.2008 – Манастир - некропола од преодниот период од доцното бронзено време, Народен Музеј Велес, Велес 2008

Kilian K. 1975 – Trachzubehor der Eisenzeitzvischen Agais und Adria, Pr. Z 50, Berlin 1975

Luci K. 2007 – Dating the Donja Brnjica Culture Based on Metal Finds, The Struma/Strymon River Valley in Prehistory, G. H. Stiftung, Sofia 2007

Микулчиќ И. 1991 – Жданец, Скопје – раноантичко погребување, Maced. Acta archaeol. 12, Скопје 1991

Mikulcic I. 1979 – Istocna nekropola u Skipi, Sahranjivanje kod Ilira, CBI, Sarajevo 1979

Микулчиќ И. 1982 – Скопје со околните тврдини, Скопје 1982

Микулчиќ И. 1999 – Антички градови во Р. Македонија, Скопје 1999

Митревски Д. 1988 – Карактеристични форми на „Македонски Бронзи“ од наогалиштата по долината на Вардар, Maced. actaarchaeol. 9, Скопје 1988

Митревски Д. 1995 – Праисториска некропола Клучка-Хиподром кај Скопје, ЗММ (А) 1, Скопје 1995

Митревски Д. 1997 – Протоисториски заедници во Македонија, РЗЗСК XXVII, Скопје 1997

Mitrevski D. 1998 – New aspects of the Bronze Age Sites on the Northern Periphery of the Mycenaean World, Mensch und Umwelt in der BronzezeitEuropas, Oetker-VogesVerlag, Kiel 1998

Mitrevski D. 1999 – The spreading of the Mycenaean Culture through the Vardar Valley, Ancient Macedonia VI, T-2, Thessaloniki 1999

Митревски Д. 1999-а – Гробот на Пајонската свестеничка од Марвинци, Maced. actaarchaeol. 15, Скопје 1999

Mitrevski D. 2003 – Praehistory in Republic of Macedonia, Recent research in Balkan, Thessaloniki 2003

Mitrevski D. 2006 – Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, Folia Archaeologica Balkanica I, Skopje 2006

Mitrevski D. 2007 – Grobovi na svestenicki od zeleznoto doba vo Makedonija, Situla Ljubljana 2007

Митревски Д. 2008 – Келтиво Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот Факултет Скопје, Кн.61, Скопје 2008

Митревски Д.2013 – Праисторија на Република Македонија, Милениумски културно историски факти, Кн. 1, Скопје 2013

Настева И.-Видески З. 1996 – Бронзенодопски гроб од Маркова Сушица, Maced.actaarchaeol. 14, Скопје 1996

Настева Колиштркоска И. -Карпузова С. 2005 – Графитно декорирана керамика од лок. Пилаво с. Бурилцево, Кочанско, Зборник на Музејот на Македонија.Н.С.-2 (Археологија), Скопје 2005

Наумов Г. 2009 – Процесите на неолитизација во Македонија, Неолитски заедници во Македонија, Скопје 2009

Наумов Г. 2009 – Неолитска визуелна култура и обреди, Неолитски заедници во Македонија, Скопје 2009

Papazoglu F. 1969 – Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba, CBI, Djela XXX, Kn.1, Sarajevo 1969

Ристов К. 1996 – Гробот - питос од Средно Нерези, Maced.actaarchaeol. 14, Скопје 1996

Ристов К. 1999 – Два гроба од Катлановска Бања, Maced. actaarchaeol. 15, Скопје 1999

Санев В. 1988 – Светилиштето од Тумба во Мацари, Maced.actaarchaeol. 9, Скопје 1988

Санев В. 1995 – Неолитот и неолитските култури во Македонија, Цивилизации на почвата на Македонија, Книга 2, МАНУ, Скопје 1995

Sanev V. 2006 – Antropomorfic cult plastic of Anzabegovo - Vrsmik cultural group, Homage to MilutinGarasanin, SASA Special edition, Beograd 2006

Соколовска В. 1990 – Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, Maced.actaarchaeol. 11, Скопје 1990

Соколовска В, - Пашиќ Р. 1975 – Еден гробод Жданец, Зборник Димче Коцо, Скопје 1975

Tasic N.1995 – Eneolithic cultures of central and west Balkans, Beograd, 1995

Temov S,2007 – Eden grob od zeleznotovreme, Situla , Ljubljana 2007

Todorova H. 1986 – Kamenomednataepoha v Bulgaria: Petohil. predinovata era, Sofia 1986

Todorova H. 1990 – Das Fruhneolithicum Nordbulgariensim Kontexst des ostbalkanischen Neolithicums, Die erste Bauern 2, Zurich 1990

Todorova H. 2007 – Die paleoklimatische Entwicklung in VII-I Jt. vor Chr., The Struna/Strymon River Valley in Prehistory, G.H.Stiftung, Sofia 2007

Trajkovska L. 1999 – Gradiste - Pelince, Maced. acta archaeol.15, Скопје 1999

Фидановски Љ. 2012 – Церје-Говрлево и Милош Билбија, Музејна град Скопје, Скопје 2012

Фидановски Љ. 2012-а – Адам од Македонија, Музејна град Скопје, Скопје 2012

Hansel B. 1989 – Kastanas. Die Grabung der Baubefund, PAS, Band 7-2, Berlin 1989

Heurtley W. A. 1939 – Prehistoric Macedonia, Cambridge 1939

Hochstetter A. 1984 – Kastanas/Die handgemachtekeramik, PAS Band 3, Berlin 1984

Чаусидис Н. 2008 – Отворите на неолитски жртвеници од типот мајка-кука, Maced.actaarchaeol. 18, Скопје 2008

Chochatziev S. 2000 – Periodizacija na eneolita ot basena na reka Struma, Trakia i sosednite reioni prez neolita i halkolita, Sofia 2000

Chochatziev S. 2007 – Das Fruhchalkolithikum des Stryonbereichs, The Struma/Strymon River Valley in Prehistory, G.H.Stiftung, Sofia 2007

Виктор Лилчиќ Адамс

СКУПИ И АНТИЧКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА НА СКОПСКО

ВОВЕД

Во еволуцијата на човековиот род, низ епохите на бронзата, железото и антиката, цивилизацијата претставува највисокото плато на кое што човекот излегол, и тоа во различни временски периоди, насекаде околу земјината топка.

Ѕвездата на цивилизацијата блеснала над најстарите градови, оформени во Египет и Месопотамија, подоцна напредувала преку Мала Азија и Источниот Медитеран на Крит и Пелопонез, и хеленските градови на југот од Балканскиот полуостров, од каде што незапирливо се вивнала на север во Пајонија, Пелагонија, Агријанија, Линкестида, Македонија и кнежевствата на Десаретите, Пенестите и Девриопите.[1] Цивилизаци-



КАРТА 1. СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО РАНАТА АНТИКА

скиот блесок на овие рани цивилизации започнал во архајскиот и класичниот период, под влијание на Источно медитеранскиот цивилизациски круг. Овој ран цивилизациски бран на север запира на линијата Полог - Скопско - Кумановско. На северозапад во тоа време во пределите на Косово е евидентирана културата на Дарданците,[2] на североисток во горниот тек на реката Јужна Морава културата на Трибалите, каде во раната антика бил оформен сеуште загадочниот, можеби најсеверниот агријански, град, кај селото Кршевица близу Врање, за кој што некои истражувачи веруваат дека тоа бил енигматичниот и фамозен град Дамастион.[3]

Во регионот на Скопје, во средиштето на Балканскиот полуостров, одамна населен со пајонскиот народ Агријани, кои изградиле градови, населби, тврдини. Оваа скопска, агријанска цивилизација во раната антика била константно напаѓана од Дарданците.[4] Се чини дека македонски воени единици успешно го бранеле Скопско во периодот од владеењето на Касандар до Антигон Гонат. Меѓутоа по загинувањето на Деметриј II, Скопско паднало во дардански раце, и како таква област било освоено од Римјаните. Денес се гордееме со раната античка скопска цивилизација што цутела над 1200 години, од архајскиот период па се до VI век од новата ера, кога била разурната под силниот налет на аваро-словенските групи.

Како што обично бива, и во Скопско, во раната антика, за цивилизацискиот примат се натпреварувале два града. Едниот град бил на локалитетот Градиште, Бразда, а другиот на локалитетот Исар кај село Студеничани. Постоеле уште неколку помали градови и утврдени населби, и тоа на локалитетите Градиште, село Средно Нерези, Злокуќанско Кале, село Злокуќани, Долно Кале, село Драчевица (над селото Варвара), Градиште, село Бучинци, Кале село Брњарци, Градиште село Горно Коњари и други.

II ГЕОГРАФСКИ КОНТЕКСТ

Географски гледано, моќната природа одамна го оформила Скопскиот Басен, во силна природна тврдина. Оваа тесна котлина, низ која тече пластарата света пајонско-македонска река Аксиј (Вардар), одсекогаш била природно бранета со високите планински венци на Жеден (1260 м), Скопска Црна Гора (1626 м), Китка (1569 м), Карадица (2380 м) и Градиштанска Планина на исток (853 м).[5]

Скопско во зората на далечното геолошко детство, во плиоценот (5-1.8 милиони години), било исполнето со огромно езеро.[6] Со истекувањето на езерото се раздвижиле силните водотечинија на четирите големи реки: Вардар, Треска, Лепенец и Пчиња. Тие ги создале најстарите природни порти во природната географско - топографската фортификациска рамка околу Скопската Котлина. Луѓето во предисторијата, антиката и средниот век, уште подобро ги обезбедиле овие природни порти, со свои тврдини.

На западните влезови биле: Градиште кај село Оращје северозападно од Радуша, Врвот Кике (Мае Кикес) над Карпалак помеѓу село Бојане и село Рогле, Марков Град, село Матка, Голема Кула, село Кучково. На северните порти биле: Голема Кула, помеѓу селото Горно Свиларе и село Кучково, Давина Кула на реката Лепенец, село Чучер. Отвореното поле преку село Арачиново кон Куманово го чувале: Кале кај селото Брњарци, Барско Кале кај селото Мојанци, и Градиште кај селото Бучинци. Југоисточните порти ги чувале: градот на Маркови Кули, село Летевци на Пчиња, Пењок кај утоката на Кадина Река во Вардар, Кале и Градиште село Долно Добрино и други. Високиот планински пат на југ кон долината на Бабуна го чувале повеќе утврдувања: Горно Кале, село Драчевица, Кале, село Алдинци и доминантната спекула Кале над селото Црни Врв. На излезите кон Овчеполе на исток биле тврдините: Градиште село Горно Коњаре, Градиште над селото Коњаровска Сушица и Градиште село Лугунци. Портата Матка над тесниот карпест процеп што го пробиле водите на Треска била заштитувана со тврдините Марков Град, село Матка и кастелот под манастирот Св. Никола Шишевски (село Нир) село Шишево.

Скопскиот басен претставува прилично широка, издолжена долина, ориентирана од запад кон исток, со приближно правоаголна форма на низинскиот предел, голема просечно 32 х 12 километри. Низ долината од дамнини течела реката Вардар (античкиот Axius), во правец од северо-



КАЊОН МАТКА

ПОГЛЕД ОД ГРАДИШТЕ ТАОР
КОН СКОПСКО ПОЛЕ

запад кон југоисток. Вардар доаѓа од соседниот регион на Долни Полог, Тетовско, низ тесната Радушка Клисура, од просторот на општината Јегуновце, преку Оращје, Дворце, Радуша, и влегува во Скопскиот Басен помеѓу селата Рашче и Горно Свиларе. Потоа тече главно допирајќи го јужниот раб на Басенот за да излезе во југоисточниот агол низ Таорската Клисура, преку атарите на селата Таор, Пакошево, општината Зелениково, Ново Село, кон соседниот регион на општината Велес. Во горното течение Вардар ја прима од десната страна големата притока, реката Треска (Велика Река), што дотекува преку регионите на Кичево и Поречје и за 4.4 километри и реката Лепенец, која што дотекувајќи од Качаничката Клисура, се влева во Вардар кај селото Злокуќани, во близина на античкиот град Скупи. Во долното течение, од левата страна, ја прима исто така големата притока, реката Пчиња. Останатите притоки, рекичката Фуш / Дервенска кај Глумово, Серава во Скопје и Маркова Река пред Драчево, се помали.

Скопскиот басен на запад е ограничен со високите планински венци на Голем Жеден и планината Осој – Ивања како северен отклон на планинскиот масив Сува Гора. На југ со масивот на Каршијак - Водно, а на југоисток со планината Китка, на исток со Градиштанска Планина. На север со планината Скопска Црна Гора, додека на североисточната страна е отворен кон соседниот Кумановски регион на линијата Арачиново, Миладиновци, Коњаре.

Низ долината од дамнини воделе повеќе патни комуникации кон соседните региони. Во основа нашите археолошки истражувања докажуваат дека најстарите патишта водел долж речните корита, додека во античката епоха, поточно во Римскиот царски период, новата римска администрација врз база на воените искуства, го анализирала географскиот релјеф и проектирала измени во патните правци на поедини делници.

Откривме дека древната предисториска и античка магистрала била удвоена низ Таорската Клисура од Велешкиот регион, долж двата брега на реката Вардар, потоа низ Качаничката Клисура кон соседно Косово. Споредeн патен правец водел долж долината на реката Пчиња кон север преку Кумановскиот регион, пределите на Прешево и Бујановац долж долината на Јужна Морава.

Во Скопскиот Басен од западната страна воделе најмалку три патни правци. Патот долж Радушката Клисура. Патот низ пределот Дервен долж рекичката Фуш низ теснецот Карпалак помеѓу селата Бојане и Рогле. И третиот пат низ Клисурата Матка долж реката Треска. Секако постоеле и споредни, или паралелни, логистички патни делници за кои ќе стане збор во текстот подолу.

III РАНАТА АНТИКА ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Историски настани и етнички проблеми, Агријанија, Македонија

Долгиот предисториски период на релативен мир и просперитет во Скопскиот Басен во бронзеното и железното време, на преминот од класичниот во средно хеленистичкиот период наеднаш станува турболентен. Младите пајонски Агријани,[7] веројатно како и нивните не толку далечни претци од доцно-бронзенодобниот период од долината на Аксиј, што тргнале да го бранат градот Троја од Хелените, сега ги гледаме како најверни воини на Александар III Македонски во исцрпувачката мисија кон точката на изгрејсонцето на Исток. Но, како што се убедивме, младоста агријанска претежно останала во Персија и малкумина Агријани се вратија да ги бранат родните огништа од агресијата на Дарданците. Утринската зора на почетокот од III век пред н.е. осамнала во Скопско во ликовите на дојденците од северозапад. Најпрво келтските воини на кралицата Иомара силно удриле на Агријанија во 280/279 година пред н.е. Во тие децении речиси згаснале огништата агријански, а поголемиот дел од нив се повлекувале преку Кумановско, наугоре по Крива Река и изворите на Струма (Strymon), кон јадрото на Агријаните околу Крива Паланка и Кустендил. Дали испустеле нивните села и градови во Скопскиот Басен, Кумановско, и во Полог (Гостиварско и Тетовско)?

Дарданците пак извесно време се држеле мирни, веројатно уште споменувајќи си го нападот на кралот Филип II на нивниот град Јамфорина или поради вестите што доаѓале од Исток, за младиот крал Александар, кој го освоил сиот тогаш познат цивилизиран источен свет. Па и во деценииите, по пробивот на Келтите на Балканот, во времето на македонскиот крал Антигон Гонат, тие биле примирени, сè до загинувањето на кралот Деметриј II, кога започнале да дивеат. Дали непријателските агресивни Дарданци успеале да ја урнат зародената пајонско агријанска цивилизација[8] во Скопско во ова време? Историските податоци за ова време говорат за константни напади на Дарданците преку Скопско, врз пајонските и македонските градови особено за владеењето на Деметриј II. Дарданците во интензивни грабливи виори прелетувале тогаш низ Скопско, Полог и Овче Поле, низ клисурите и планинските премини, удирајќи во северните јадра на раната балканска античка цивилизација то ест во кралствата Пајонија, Пелагонија, Линкестида, Деврионј и Македонија.[9]

Најновите истражувања на Скопско, сепак подотвораат една слика во која гледаме дека и во раната антика Агријаните се сéуште присутни во своите живеалишта, во градовите и утврдувањата кај Бразда, Студеничани, Варвара, Средно Нерези, Брњарци, Скопското Кале, Горно Коњари и т.н. Имено, откриените монети на македонските кралеви, пред се на Александар III Македонски, Филип III Аридеј, Касандар и Деметриј Полиоркет, засега скромно по квантитет но децидно, зборуваат за военото присуство на македонска војска на споменатите македонски кралеви во Скопскиот Басен во втората половина од IV и во III век пред н.е.

Во тој контекст сметам дека држи логиката за континуитет во автохтоноста на Агријаните во Скопско, каде што нивната цивилизација била покорена но, не и уништена, со оглед на нивните примарни цели, пајонските и македонските градови на југот.

Како и да било, вистината секако ќе ја откријат идните археолошки истражувања на посочените агријански населби и градови во Скопско, меѓутоа останува фактот дека Римјаните осамнале во Скопско веќе во втората половина од II век пред н.е. Имено по освојувањето на кралството Македонија и неговото разделување на четири мериди - делови, го овластиле пелагонскиот град Пелагонија (Висока и Старо Бонче, Крушевица и Бонче) за центар на Четвртата мерида, од 168-148 година пред н.е., пред се поради неагресивноста на Пелагонците но и поради фактот дека преку територијата на кралството Пелагонија минувале четирите патни комуникации од Пелагонија кон Повардарјето. А Римјаните биле заинтересирани да излезат на Аксиј и како што историјата кажува, да тргнат во експанзија на север кон земјите околу реката Дунав.

Уште во Скопско тие се судриле со своите некогашни дардански сојузници кои им ја барале

БРАЗДА, ГРАДИШТЕ
САКРАЛНА ЦИСТЕРНА

РАДИШАНИ, СЕЛИШТЕ,
КРАЛ КАСАНДАР

Пајонија, која што Римјаните ја освоиле заедно со кралството Македонија. Тие ја затекнале, освоиле Пајонија како северна македонска област Стратегија Пајонија под кралевите Филип V и Персеј.

Наспроти молкот на историските извори за доцниот IV век пред н.е. и III век пред н.е. за случувањата во Скопско, во последно време се огласија конкретни археолошки наоди. Најнапред зачестеното присуство на монетите на македонскиот крал Касандар, и тоа на три локалитети. Бронзената монета на Мае Кикес село Рогле, посочува кон идејата дека македонска воена единица на кралот Касандар го контролирала теснецот Карпалак помеѓу скопското село Бојане и тетовското село Рогле. Бронзена монета на Касандар откривме и на локалитетот Селиште северно од Радишани, како и во рамките на тврдината Кале над селото Брњарци. Бронзена монета на Касандар е откриена и во градот кај Бразда.[10] Претпоставувам дека монетите на Касандар претставувале воjнички плати на

неговите војници, според што овие воени единици на Касандер би биле најсеверна појава на македонските воени единици на на територијата на Република Македонија. Всушност, верувам дека иницијацијата за македонски воени гарнизони во Скопско ја наредил лично кралот Александар III, при неговото враќање / марширање со војската од Дунав кон дасаретскиот град Пелион, во 335 година пред н.е. Бидејќи познато е дека Александар константно во текот на воените кампањи оставал македонски воени единици за контрола на освоените земји. А како што е познато, во контекстот на неговиот марш низ земјите на Агријаните и дружењето со агријанскиот крал сојузник Лангар, добил вознемирувачка вест за претстоен напад од страна на Аутаријатите. Сметам дека токму оваа закана, што ја елиминирал агријанскиот крал Лангар,[11] може да биде објаснување на присуството на монетите на Касандер во Скопско.

Монетите на Касандер се забележани и на многу други места во нашата држава, и тоа во рамките на силните воени бази на локалитетите Маркова Кула село Корешница над Демир Капија, на Кулиште Свети Размо кај Охрид, на локалитетот Кула село Бабино во долината на Црна Река (Еригон) и т.н. Тука би забележал и дека, само Пелагонците се служеле интензивно во рамките на трговијата и пазарот со македонската парична валута. Пајонците ги користеле сребрените и бронзените монети на своите кралеви. А Агријаните, Линкестите, Десаретите, Пенестите и Девриопите немале парични валути, барем досега не се откриени, па се чини дека долго во раната антика практикувале стоковна размена, или ретко се користеле со монетите на македонските кралеви и со монетите на градовите Пела, Тесалоника, Амфипол и Лихнид во II век пред н.е. Така што, во науката е одамна отворен проблемот на монетите на македонските кралеви – војнички плати на војниците во македонските единици и гарнизони.

Во фокусот на обидите за проникнувањето проблемот на предримското население на Скопско, мошне е значаен моментот на оформувањето на раната античка цивилизација, која што очигледно не можеле да ја создадат ниту Трибалите ниту пак дарданските агресори кои во тоа време живееле во рамките на култури, при што немале доволно време културно да созреат и преминат кон цивилизиран степен на живеење, за што толку очигледно сведочат изворите. Напротив, речиси сите историски вести говорат за интензивно паѓање и ограбување на пајонските, пелагонските и македонските градови.

Еден од дискутабилните моменти во таа насока е и проблемот на убикацијата на „дарданскиот“ град Синтиа во Скопско, што бил освоен од страна на македонскиот крал Филип V во 211 година пред н.е. во рамките на неговиот брз поход од правецот на Пелагонија, имено за елиминација на заканата од дарданските напади преку тој град кон Македонија. Акциите и правецот на маршрирањето на кралот, познати од перото на Тит Ливиј, воделе преку пустошење на соседните илирски земји, од каде “*со иста брзина тргна во Пелагонија од каде го освоил дарданскиот град Синтиа, преку кој Дарданците можеле да упаднат во Македонија*”. Потоа претрчувајќи низ Линкестида и Бојотија до Темпе и назад во Тракија го освоил главниот град Јамфорина (Iamphorynna), на племето Меди.[12]

Описот на Ливиј е кус и исполнет со три силни марша. Првиот на северозапад во илирските простори, вториот на север преку Пелагонија кон Дарданците со враќање во Бојотија и третиот на североисток во долината на Струма. Важен патоказ за лоцирањето на Синтиа претставува веста дека градот Синтиа се наоѓал на местоположба од каде Дарданците лесно можеле да упаднат во Македонија. Ф. Папазоглу, потпирајќи се на податокот дека со освојувањето на пајонскиот град Билазора во 217 година од страна на кралот Филип V, ја отфрла Вардарската магистрала како опционен правец на дарданска агресија во случајов и ја истакнува најзападната патна линија Косово - Долни Полог. Меѓутоа археологијата на тој правец нема досега лоцирано град солиден кандидат, освен можеби Градиште, село Орашје, на особено важна геостратегиска позиција во Радушката Клисура на крстосницата на Вардарскиот пат со патот што доаѓа од Косово. Меѓутоа, досега, на овој археолошки локалитет освен археолошки културни хоризонти од римскиот царски период, доцната антика, рана Византија и средниот век не се регистрирани остатоци од раната антика. Останува да се претпоставува дали градот Синтиа бил, или на локалитетот Градиште, Бразда или на Исар, Студеничани, и бил пајонско агријански град освоен и држен од страна на Дарданците, чиј главен, директен коридор за навлегување во Македонија била Вардарската магистрала низ Скопскиот Басен. Или можеби градот Синтиа се наоѓал на територијата на Косово, некаде на просторот пред Качаничката Клисура.

IV РАНОАНТИЧКИТЕ ГРАДОВИ И ТВРДИНИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

ЗЛОКУЌАНИ • ЗЛОКУЌАНСКО КАЛЕ • ЗАЈЧЕВ РИД • ОПШТИНА КАРПОШ • ПРЕДРИМСКО СКУПИ

УРНА, РАН МАКЕДОНСКИ ПЕРИОД

ПРЕДРИМСКО СКУПИ

КРАЛ АВДОЛЕОН (315–286/5), ТЕТРАДРАХМА

Помеѓу позначајните архајски и раноантички утврдени населби во Скопско се вбројува и акрополата на градот Скупи кај селото Злокуќани. Локалитетот забележан уште од страната на А. Џ. Еванс како Злокуќанско Кале. Првите согледувања за најраното населување на ова издолжено плато во литературата публикувал И. Микулчиќ. Тој истакнал дека на платото големо околу 200/230x100 м, во предисторијата бил оформен предримски опидум на површина од околу 2 ха. Притоа за прв пат публикува сребрена монета на пајонскиот крал Авдолеон, како и три фибули и една масивна бронзена белегзија.[13] Неговите првични согледувања делумно беа потврдени со археолошкото ископување на театарот од римско време во Скупи, под раководство на А. Јакимовски, во чиј што источен сектор беа откриени два гроба од архајско време, во еден од нив урна со карактеристичен пајонски бронзен префориран диск од 4 кругови со алка за прицврстување, што според Д. Митревски: *обично се опредолува како култен приврзок поврзан со култот на сонцето кај заедниците во тој дел на Балканот или кај населението кое подоцна ќе биде идентификувано како најсеверното племе Агријани*.[14] Меѓутоа, тука би истакнал дека споменатите наоди датираат од доцното железно време – архајскиот период од една страна. И. Микулчиќ истакнува монета на Авдолеон и хипотеза за егзистенција на раноантичко градче – опидум на друга страна. И на трета страна, археолошките сондирања на акрополата на Злокуќанско Кале од страна на Музејот на град Скопје не дале такви податоци освен темели од римски градби.

БРАЗДА • ГРАДИШТЕ • ОПШТИНА ЧУЧЕР – САНДЕВО

Најсеверниот и најголемиот во Скопско од раната антика, на вкупна површина од 9.5 хектари, на локалитетот Градиште над селото Бразда, го истражувал и опишал во архелошката литература И. Микулчиќ во 1982 година.[15]

Градот бил изграден на доминантниот рид што се издига над јужната периферија на селото Бразда, и над составот на Реката Бањашница и Мирковачка Река, кои што од неговото западно подножје продолжуваат да течат под името Вражанска река, лева притока на Лепенец. Градот се наоѓа на 3.3 км источно североисточно од коритото на Лепенец и прастарата патна магистрала долж реката, што секако погодувало за избегнување на директните напади од север низ Качаничката Клисура.

Градот се состоел од најмалку три сегменти. Акропола со приближно правоаголна форма на врвот од ридот, помала источна станбена тераса и поголема западна станбена тераса. И големо, јужно / југозападно подградие, што се протега до подножјето на ридот.

Судејќи според наодите од површинските рекогносцирања[16] и археолошките ископувања на цистерната во северозападното подножје[17] и во акрополата, егзистенцијата на градот се одвивала од VII век пред н.е. до VI век од н.е. Во постарата литература се споменува бронзена монета на македонскиот крал Касандар, како и оловен проектил за праќа со натпис Клеомахов / на Клеомах.[18]

Во рамките на Проектот Археолошки катастар 2015, е откриен сребрен тетробол на пајонскиот крал Патрај, тип Аполон / орел.[19]

Се истакнува квалитетно изведениот објект во југозападното подножје на градот, опфатен во рамките на масивниот одбранбен ѕид широк 2.2 метри. Истражувачите на објектот претпоставиле дека се работи за гробница меѓутоа токму одбранбениот ѕид ја елиминира оваа хипотеза впрочем како и останатите наоди во објектот. Објектот се состои од два дела, приоден коридор и правоаголна просторија. Не поседува преткомора што е вообичаено кај гробниците. Најблиска аналогија претставува сличниот објект откриен во југозападното подножје на античкиот град Билазора на Градиште, село Кнежје Светиниколско. Според З. Георгиев, се работи за неопходна цистерна во комбинација со одбранбена кула, за водоснабдување на градското население.[20] Додека А. П. Реско ја класифицира цистерната во Билазора, како сакрален базен.[21]

Откриените наоди на квалитетна импортирана садова грнчарија од типот Сент Валентин вази го датираат објектот во периодот од околу 440-

БРАЗДА, СНИМКА ОД СЕВЕРОЗАПАДНА СТРАНА

БРАЗДА, ДОЦНОАНТИЧКИ ЅИД

КРАЛ ПАТРАЈ, АВЕРС И РЕВЕРС



ОЛОВЕН ПРОЕКТИЛ ЗА ПРАЌЕ И КЛЕОМАХОВ НАТПИС

КРАЛ АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСК, АВЕРС И РЕВЕРС

ЦАР ЈУСТИН II, АВЕРС И РЕВЕРС



БРАЗДА
ГРАДИШТЕ



БРАЗДА,
SИД ОД
САКРАЛНА
ЦИСТЕРНА

420 година пред н.е. Од формите биле откриени: хидрии, амфори, ојнохои, кантароси, скифоси.[22]

Сите досега откриени материјални елементи одат во прилог на констатацијата дека на локалитетот Градиште кај селото Бразда се наоѓал најголемиот градски пајонско-агријански центар на Скопскиот Басен од раната антика.

БРЊАРЦИ • КАЛЕ, ОПШТИНА ГАЗИБАБА

Според Ј. Трифуноски, во 1964 година: „*Називот Кале се однесува на карпестото возвишение, кое што лежи североисточно од Брњарци. На таа страна е падината на Скопска Црна Гора. Селаните зборуваат, дека на споменатото возвишение се наоѓаат: „ѕидини, темели и камења делкани“.*[23]

Локалитетот го истражував најпрво заедно со Н. Чаусидис на 17. август 1987 г, кога ја изработив неговата планиметрија, а потоа со И. Микулчиќ, кој ги публикуваше почетните резултати и планиметријата.[24] Во рамките на продолжителните истражувања во текот на 2005 и 2015 г, беа откриени голем број дополнителни наоди кои уште појасно ја создаваат почетната голема слика на нашите познавања на ова исклучително значајно утврдување.

Локалитетот се наоѓа на 0.87 км северно с/з од центарот на Брњарци. Претставува ниско, но доминантно возвишение во јужната падина на Скопска Црна Гора, на нејзиниот југоисточен завршеток помеѓу селата Арачиново и Страчинци. Врвот на ридот бил зарамнет, со што било офомено издолжено плато со ориентација југ – север (ј/з-с/и), кое што било утврдено со силен одбранбен ѕид, со правоаголна форма, голема 116x43/34 м, широк просечно од 1.1 до 1.5 м. Под северното чело се наоѓа планинското седло кое што било пресечено со одбранбен ров. Во средиштето на кастелот се наоѓаат контури на издолжена централна просторија. Од селаните дознавме дека, до пред околу 50 години обиколниот одбранбен ѕид бил сочуван до околу 1-1.5 м над земјата но, селаните низ годините го разградувале во потрага по градежен материјал за своите куќи. На двете потесни челни страни се гледаат контури на долги одбранбени челни кули.

Во стручната литература до 2002 беше обелоденета само доцноантичката фаза базирана најмногу врз градежната техника.[25] Меѓутоа со поновите истражувања со методот на рекогносцирање беа откриени голем број движни археолошки наоди меѓу кои најрелевантни за хронолошкото определување се монетите. Така беа откриени следните монети: сребрена драхма на пајонскиот крал Ликеј, бронзени монети на македонските кралеви Александар III Македонски, Касандар, Деметриј Полиоркет, Антигон Гонат и сребрена драхма на Дирахион. Наредната група монети датира од IV – VI век н.е. И третата група монети датира од X-XIII век н.е. Освен тоа беа откриени: бронзен накит, вид копча од доцното железно (архајски период) време, сребрена фибула од малоазиски тип, бронзена фибула од истиот тип, врв од бронзена стрела македонски тип, карактеристични рачки од хидрии за вода и т.н.

Согласно строго оформената правоаголна форма на утврдувањето и неговата местоположба, И. Микулчиќ ја истакна воено стратегиската функција на кастелот, но во периодот на доцната антика, со задача за контрола на патот Скупи-Пауталија-Сердика и за Астибо,[26]



ПЛАН НА КАЛЕ, БРЊАРЦИ

РАЗВОДНИК ЗА РЕМЕНИ

ЕКСАГИЈА

СРЕДНОВЕКОВНА ОБЕТКА

БРОНЗЕН КЛИН

ПРСТЕН, XI/XII ВЕК

КРАЛ КАСАНДАР

ФИБУЛА, РАНА АНТИКА



БРЊАРЦИ, КАЛЕ, ПОГЛЕД НА УТВРДЕНОТО ПЛАТО СО ПОЗИЦИИТЕ НА СЕВЕРНОТО И ЈУЖНОТО ЧЕЛО, ОДБРАНБЕНАТА ФОСА И КОНТУРАТА НА ХРАМОТ

БРЊАРЦИ, КАЛЕ, ЈУЖЕН СИД

МАКЕДОНСКИ ТИП СТРЕЛА

СРЕБРЕНА И БРОНЗЕНА ФИБУЛА



СРЕДНОВЕКОВЕН ПРСТЕН

ЕКСАГИЈА

ПОЈАСНА ТОКА

СРЕДНОВЕКОВЕН КРСТ ЕНКОЛПИОН

1. КРАЛ ЛИКЕЈ, АВ. РВ. **2.** КРАЛ АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ, АВ. РВ. **3.** КРАЛ ДЕМЕТРИЈ I ПОЛИОРКЕТ, АВ. РВ. **4.** КРАЛ АНТИГОН ГОНАТ, АВ. РВ.
5. ЦАР КОНСТАНТИЈ II, АВ. РВ. **6.** ЦАР АЛЕКСИЈ I КОМНЕН, АВ. РВ. **7.** ЦАР АЛЕКСИЈ I КОМНЕН, АВ. РВ. **8.** ЦАР МИХАИЛ VII ДУКА, АВ. РВ.

што е очигледно. Меѓутоа за нас е интересен моментот на присуство на монетите на македонските кралеви на локалитетот во исто време со пајонската монета на кралот Ликеј. Забележуваме монети на кралевите во чие што време имало потреба да се заштитува Скопско од агресивните Келти и особено од Дарданците, кои што најверојатно заради интензивното присуство на македонската војска и тоа не само на Кале Брњарци, туку и на други места во Скопско, мируваат во текот на IV и првата половина од III век н.е., како што забележала и Ф. Папазоглу во историските извори за тоа време, и дури во времето на Деметриј II силно напаѓаат на Агријанија, Пајонија и Македонија.[27]

БУЧИНЦИ • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Според Ј. Ф. Трифуноски, „*Градиште лежи крај селото на северозападната страна. Тоа е рид со висок 530 м. На темето од ридот се гледа истакнато возвишение и долбок вештачки ров на северната страна. Селаните зборуваат, а тоа се гледа и од топографското име, дека на тоа возвишение некогаш постоела тврдина утврдена населба.*“[28]

Во 1976 г локалитетот го споменува И. Микулчиќ.[29] Како резултат од теренските археолошки истражувања на И. Микулчиќ, произлезе првата хоризонтална планиметрија на утврдувањето, публикувана во 2002 година.[30] Тој забележа дека егзистенцијата на утврдената населба датира, во прва фаза, од хеленистичкиот период и втора фаза, како рефугиум од доцната антика / рана Византија, од VI век н.е.[31] Вториот истражувач, С. Темов, ја датира утврдената населба во архајскиот период, врз база на археолошките истражувања на повеќе гробови од VII-VI век пред н.е.

Бучинци се наоѓа во отворената рамнина на просторот помеѓу Скопско и Кумановско.

На ридот Градиште, северозападно над селото се наоѓаат главно две утврдени зони. Повисоката акропола е на јужната страна додека северно надоврзано на акрополата е подградието. Акрополата е голема 163x87, со неправилно извиена форма и клиновидно издадено јужно чело. Подградието е големо околу 130x63 м.

Во 2015 г, В. Л. Адамс со соработниците И. Ширтовски и К. Денковски, изработи најнова георефернцирана планиметрија.



БУЧИНЦИ, *ГРАДИШТЕ* АКРОПОЛА, ПЛАН И СЕВЕРНА СТРАНА

ГОРНО НЕРЕЗИ • СОФЦЕ, ОПШТИНА КАРПОШ

Локалитетот со ова име, што за прв пат бил споменат од страна на А. Еванс во 1885 година, сеуште останува мистерија. Според Еванс: „*Околу 15 минути под ова место* (Тимпаница – Градиште Горно Нерези) *беа уште поинтензивни урнатини. На една страна suд од камени блокови без малтер широк околу шест стајки (1.8 м), од локален камен серпентин, се спушта долж страната на ртот; и околу 100 јарди (91.44 м) подолу, врти на десно под агол и води долж лицето на падината додека не заврши во контури што очигледно се кула. Понатаму од оваа точка остатоците беа слаби. Масивноста на овој suд укажува на порано време на неговата изградба; но грубоста на блоковите и отсуството на малтер ни забрануваат да го сметаме за римски. Не е невозможно дека тука, на северозападната падина од планината Каршијак (Водно) имаме урнатини на едно дарданско* утврдување[32] *што постоело пред римските освојувања. Староседелците ова место го нарекиваат Софце или Софија; но сепак тука немаше траги од црква, ниту пак било каква работа што би можело да се датира во средниот век.*“[33] Локалитетот Софце или Софија на јужните падини на Водно сеуште не е откриен.

САТЕЛИТСКА СНИМКА
НА „ГРАДИШТЕ“
ДОЛНО НЕРЕЗИ

КРАЛ АНТИГОН ГОНАТ,
АВЕРС И РЕВЕРС

ЦАР ГАЛИЕН,
АВЕРС И РЕВЕРС

СРЕДНО НЕРЕЗИ • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА КАРПОШ

Според Ј. Хаџи Васиљевиќ: „*На ова место има остатоци од стара тврдина. Оној дел остатоци под Ждanец ги нарекуваат Долно, а оној над Ждanец Горно Градиште*“.[34] Според Ј. Трифуноски: „*Возвишенијата Горно и Долно Градиште се наоѓаат во пониското дел од падината на Водно северно од селото. Таму се сега селските лозја. ...Но при копањето на лозјата*



ПЛАН НА
„ГРАДИШТЕ“
ДОЛНО НЕРЕЗИ

ПАРАГНАТИДА / ШТИТНИК ЗА ШЛЕМ:
ХЕРАКЛЕ СЕ ОДМАРА

КРАЛ ФИЛИП III АРИДАЈ,
АВЕРС И РЕВЕРС

селаните наоѓале остатоци од стари ѕидови и делови од стари керамиди. Некои велат „Тамо бил град“.[35]

Анонимна, во првата половина од XX век, големата раноантичка утврдена населба на Градиште, Средно Нерези, била археолошки третирана со ископувања на П. Гоцкова Славска во 1953 и Р. Пашиќ во 1956.[36] Во 1971 година случајно била откриена некрополата на платото источно од утврдената населба.[37] Подоцна, И. Микулчиќ изврши површински археолошки истражувања и ја изработи првата планиметрија на утврдената населба.[38]

Ридот Градиште, Средно Нерези, претставува пространо плато, во к.о. Карпош, големо 312x155 м, на околу 3.2 ха, на 0.45 км источно ј/и од десниот брег на реката Вардар, односно на 0.75 км источно од спојот на подножјето на Водно и Вардар. Нема сомнение дека просперитетот и развојот на утврдената населба во раната антика го должи на контролата на патот што доаѓал од Полозите и кој што на ова место го преминувал Вардар. И веројатно на плодната рамнина северно, планината со шумите и пасиштата јужно. Во тој поглед И. Микулчиќ ја истакнува ваквата местоположба покрај која „... *поминувал пространиот повардарски пат, кој ја сечел целата Скопска Котлина и ја поврзувал со соседните области. Се ова му дава на нерешкотото Градиште веројатно централна позиција во однос на целата Скопска Котлина*“.[39]

Платото било високо околу 40 метри над полето, и било оградено, утврдено во раната антика со полнетица однатре обложена однадвор со големи блокови од локален седиментен камен. Во тој контекст можеби не би погрешиле ако помислиме дека токму овој локалитет е Софце / Софија од описот на А. Еванс. И. Микулчиќ забележал контури на јужен одбранбен ров.[40] Хронологијата на населбата е определена во три фази, исклучувајќи ги денешните десетина современи станбени и објекти со помошен карактер на платото. Најстарата фаза ги опфаќа во континуитет архајскиот период и класичниот период, т.е. времето на најголемиот просперитет. Втората фаза претставува мала населба, всушност мало село од републиканскиот и римскиот царски период, од I век пред и I век од новата ера, сконцентрирана на источниот дел од платото и третата фаза било мало селце од средниот век.

Локалните агријански жители на утврдената населба на Градиште, Средно Нерези, се погребувале на соседниот источен простор од ридот. За жал овој простор, со градењето на Скопје, особено по земјотресот од 1963 година, бил покриен со современата населба Жданец, така што и некрополата била покриена. Сепак при градежните работи биле откриени три ситуации. Во еден гроб од типот циста биле откриени извонредно богати прилози: сребрени фибули од т.н. малоазиски тип, чуновидни обетки, игли, гердан, сребрен пехар тоалетна капсула, нож, врв од копје и железен антички меч од типот махајра, со рачка во вид на коњска глава. Согласно машките и женските прилози во гробот В. Соколовска и Р. Пашиќ сметаат дека содржел двојно погребување на машка и женска индивидуи, кое што се датира на преминот од V во IV век пред н.е.[41] Од еден друг гроб бил откриен златен статер на македонскиот крал Филип III Аридеј.[42] Во 1990 година бил откриен дел од поголема гробница, конкретно дромос – ходник кон гробната комора, во кој што биле откриени остатоци од кочија. Скелети од два коњи, оплати, обрачи и украсни клинци како делови од четирите тркала. Откриени се скелети на четири мажи, тројцата биле воини копјаници, четвртиот коњоводец. Четирите скифоси покрај секој од нив во литературата се интерпретирани како чаши од кои овие млади луѓе го испиле последниот отровен пијалок за да го придружуваат и чуваат својот господар во задгробниот свет. Гробницата е датирана според наодите во доцниот V или во IV век пред н.е.[43]

ГОВРЛЕВО • ГРАДИШТЕ (РАНА АНТИКА), ОПШТИНА СОПИШТЕ

Градиште Говрлево е опишано во поглавјето Скопската котлина во доцната антика. Првиот археолог кој го истражувал и ја снимил планиметријата е И. Микулчиќ.[44] Според него, во раната антика била населена акрополата, т.е. највисокото плато големо околу 100x45 м, што било утврдено со одбранбен ѕид од големи, грубо кршени варовнички камења. Со површинските истражувања биле регистрирани фрагменти и делови од сива пајонска садова керамика и други форми, што упатуваат на железното време односно архајскиот период.[45] Животот на Градиште, Говрлево продолжил во текот на раноримскиот царски период како и во доцната антика.



1. МОНЕТА ЈУЛИЈ КАЈСАР, АВЕРС РЕВЕРС
2. МОНЕТА ЦАР АНТОНИЈ ПИЈ, АВЕРС РЕВЕРС
3. МОНЕТА ЦАР КОНСТАНТИЈ II, АВЕРС РЕВЕРС

ФИБУЛА, ДОЦНА АНТИКА

ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“ ГОВРЛЕВО



ГОРНО КОЊАРИ • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градиште, Горно Коњари се наоѓа на левиот брег на реката Пчиња, на 1 км јужно, незначително јужно ј/и, од центарот на селото Горно Коњари. Ј. Ф. Трифуноски во 1964 година забележал: „*Потегот Градиште лежи лево од Пчиња на границата од атарот кон соседното Средно Коњаре. Таму има слаби остатоци од некогашните ѕидови. Материјалот од тие ѕидови е користен за ѕидањето на школото во Горно Коњаре*“,[46] Но и под селото Средно Коњаре, тој наведува дека: „*Градиште е помало возвишение покрај Пчиња. На површината на земјата нема остатоци од древности. Во подножјето на Градиште постоел стар мост подоцна урнат. Можеби мостот и Градиште се од исто време.*“[47]

Градиште, Горно Коњари за прв пат влегува во стручната литература во 1991 година, кога З. Георгиев ги публикуваше резултатите од своите истражувања на три утврдени населби на реката Пчиња од железното време, архајскиот период и раната антика.[48] Ридот Градиште се издига за околу 44 метри над речниот брег на Пчиња. Врвот претставува доминантна чука издигната на јужната страна со благ спуст кон север северозапад. На врвот од чуката се гледаат развлечени контури од висока кула, што З. Георгиев го интерпретира како „*набљудувачки објект од земја со кружна форма и со пречник од околу 10 м*“.[49] На теренот се издвојува акрополен дел, што ја опфаќа кулата и тесен простор на север, голем 90/80x30/35 м. Западно и северо-западно на пониско рамниште била утврдена долга тераса, голема 160x55 м, што на север завршува со клиновидно чело. Контурите на влезот се забележуваат на нејзиниот североисточен дел. Животот со текот на времето се проширил и надвор од ѕидовите, особено на соседното плато јужно од утврдувањето преку одбранбениот ров. Според површинските истражувања на локалитетот, З. Георгиев лоцира две основни хронолошки фази на егзистенција и тоа, од железното време и од раната антика. Тој ја евидентирал концентрацијата на железнодобната керамика, чинии со вовлечен раб украсени со низи од убоди или вертикални канелури и други форми, на источната страна на утврдувањето. Втората фаза е раната антика, периодот од V до III век пред н.е., кон кој што припаѓаат фрагменти и делови садова керамика, и тоа се добро познатите форми на ихтии, хидрии, скифоси од атички тип.[50]



ПЛАН НА *ГРАДИШТЕ*, ГОРНО КОЊАРИ

ГРАДИШТЕ,
СНИМКА ОД ИСТОК

БРОНЗЕН ДИСК СО КРИН

АРХАЈСКИ ПРИВРЗОК

ФИБУЛИ, МАЛОАЗИСКИ ТИП

КРАЛ ПАТРАЈ,
АВЕРС И РЕВЕРС

КРАЛ АЛЕКСАНДАР III,
АВЕРС И РЕВЕРС

КРАЛ ДЕМЕТРИЈ I ПОЛИОРКЕТ,
АВЕРС И РЕВЕРС

ТЕТРАОБОЛ КОВАН ОД КРАЛЕВИТЕ
ФИЛИП V И ПЕРСЕЈ, АВЕРС И РЕВЕРС

Во текот на подоцнежни истражувања на Градиште, Горно Коњари, В. Л. Адамс со соработниците изработи втора георефернцирана планиметрија на локалитетот и ги зголеми познавањата за неколку нови движни наоди. Беа откриени: архајски бронзен приврзок, дел од кружен бронзен диск со централна кружна перфорација со декорација на крин, две бронзени фибули од т.н. малоазиски тип. Потоа бронзени монети на: македонските кралеви Александар III и Деметриј I Полиоркет, четвртинка од сребрена тетрадрахма на пајонскиот крал Патрај (Аполон / коњаник со копје прободува паднат непријател),[51] сребрена автономна монета кована под Филип V и Персеј (187/6-179), бронзена монета на градот Пароreја.

Оформувањето на тврдината на локалитетот Градиште, Горно Коњари, секако се должело на потребата од контрола на патот долж реката Пчиња но и на споредниот патен правец кој што се одвојувал од овој простор и водел кон соседното Овчеполе, пат кој бил заштитуван и во доцната антика преку кастелот Градиште, Сушица Коњаровска.

ДРАЧЕВИЦА (ВАРВАРА) • ДОЛНО КАЛЕ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Доминантната утврдена населба што се издига над десниот брег на Маркова Река кај селото Варвара, што влезе во литературата како Кале, Варвара,[52] административно припаѓа на к.о. Драчевица, на крајниот северен дел од атарот (к.п. 1-21).

Според Ј. Ф. Трифуноски, кој прв го споменува локалитетот во литературата: *„Југоисточно од Варвара постои возвишението Кале (454 м). Возвишението е на темето зарамнето и тука се сеѓа ниви. Се кажува дека е Кале „римско место“ и дека на него околните жители наоѓале тенки тули и керамиди. Пониско од Калето на северната падина е теме од речната тераса со нивите. Тука селаните изорувале остатоци од куќи (камен и керамиди) и земјени садови; ова е извесно траг од помало подградие.“*[53]



ПЛАН НА „ДОЛНО КАЛЕ“ ДРАЧЕВИЦА

ДРАЧЕВИЦА,
ДОЛНО КАЛЕ ОД СЕВЕРОИСТОЧНА СТРАНА



ДВОСЕЧНА ЖЕЛЕЗНА СЕКИРА, ЛАБРИС

ДНО ОД ВАЗА

КРАЛ КАСАНДАР, АВЕРС И РЕВЕРС

Првите археолошки податоци и првата планиметрија во литературата ги изнесе И. Микулчиќ во 1982 година. Втората планиметрија на В. Лилчиќ Адамс беше изработена во 2016. и 2017 г. Се работи за приближно триаголно плато, големо 155x105 м, со заоблено североисточно чело и заоблено издадена и повишена југозападна страна, со највисоката кота од 454.5 м. Околу акрополата биле оформени неколку станбени тераси. Утврдивме две јужни југоисточни тераси, од кои долната се протега далеку на североисточната страна на сртот. На северната падина под акрополата се три засебни станбени тераси, додека на западната страна документирав уште една станбена тераса. Сите овие станбени тераси претставуваат заштитени издолжени платформи на кои биле оформени станбени објекти во раната антика, што припаѓале на засебни групи на луѓе. Тоа можеле да бидат или поедини семејства или можеби воени единици.

Пред заобленият југозападен ѕид – ешарпа, бил прокопан широк одбранбен ров. Површинските наоди укажуваат на егзистенција во периодот од V-IV век пред н.е., при што се издвојуваат карактеристични керамички фрагменти од луксузни сликани вази, скифоси, ојнохои, мали амфори, чинии, потоа сиво печени локални агријански форми како хидрии, амфори, скифоси и мали чинии.[54] Со најновите рекогносцирања на локалитетот во 2016. и 2017 година, откриени се: бронзен прстен, три бронзени монети на македонскиот крал Касандар (глава на Херакле кон десно на сите три, коњаник кон десно на две монети и лав кој лежи на третата монета), железна секира од типот лабрис од IV-III век пред н.е. (аналогии секири лабриси од: Маркова Кула, Корешница, Пешула, Добрево и Цуцулигово, Карабуниште).

Функцијата односно класификацијата на утврдувањето на Долно Кале, Драчевица (Варвара) предложена во литературата засега е дискутабилна и би требало да се извршат посериозни археолошки ископувања за да се дојде до поиздржани заклучоци.



КРАЛ КАСАНДАР (316–297), БРОНЗА

СКОПЈЕ • СКОПСКО КАЛЕ, ОПШТИНА ЦЕНТАР

Скопското Кале го запознаваме во литературата низ перата на разни учени, од А. Ј. Еванс, преку Р. Груиќ, А. Дероко, В. Мошин, И. Микулчиќ, С. Антољак, Д. Георгиев, М. Бошкоски и други.[55]

Ридот Скопско Кале, во строгиот центар на Скопје, над левиот брег на реката Вардар поседува пространо плато големо околу 315 x 140 м, со површина од 2.3 ха. Првите сондажни археолошки ископувања биле реализирани во 1953 и 1967 година,[56] додека наредните систематски ископувања под раководство на проф. д-р Д. Митревски, од 2007-2012 година, во категоријата капитален



ПЛАН, СКОПСКО КАЛЕ

СКОПСКО КАЛЕ

СКОПСКО КАЛЕ, СКОПЈЕ,
НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ

проект на Владата на Република Македонија, менациран преку Управата за заштита на културното наследство, конечно се дефинирани основните хронолошко стратиграфски фази.[57]

Така, најстарата фаза во населувањето на Скопското Кале датира од раниот енеолит,[58] додека наредните населувања датираат од раното и средното бронзено време, како и од преодниот период, од крајот на бронзеното време и почетокот на железното време.[59]

За нас е од особен значај откривањето и културната и хронолошка идентификацијата на раноантичката егзистенцијална фаза на Скопското Кале, датирана во периодот од средината на V век пред н.е. до првите децении од III век пред н.е.[60] Во услови на девастиран раноантички културен хоризонт, лоциран со ограничен интензитет и во состојба на секундарен контекст во рамкиите на нивелација на теренот за подигање на објектите на средновековниот град од X век н.е., како што констатира Д. Митревски, евидентно е двоумењето околу карактерот на фазата, во насоките „*вообичаена раноантичка населба*“ или „*култен простор*“,[61] при што базирајќи се најмногу врз наодите од 5 јами со жртвени култни погребувања а во недостатокот на населбински наоди од видот алатки орудија, мелници - дробилки за жито, складишна керамика и т.н., дава предност на култниот карактер на платото на Скопското Кале што и не мора да биде во колизија со идејата што следи.

Имено, во контекстот на откриените движни наоди, се истакнуваат и две бронзени монети на Александар III Македонски (336-323) и една бронзена монета на Антигон Гонат (277-239), потоа импортирана садова трпезна керамика, поголем број лачни бронзени фибули од малоазиски тип, оловен проектил на праќар, како и врв од една бронзена стрела, аналогна на поголем број стрели откривани во истражувањата на античките македонски воени кастели и бази ширум Македонија.

Во контекстот на некои од споменатите движни наоди, кон предложените хипотези логично е да се помисли на воено стратегиска стражарница на античка македонска воена единица на Скопското Кале за контрола на вардарскиот патен коридор, односно блокирање на Дарданските упади преку Скопско кон Пајонското Кралство и кон Македонското кралство. Имено веќе е констатирано дека во времињата на владеењето на македонските кралеви Филип II и Александар III Македонски, Дарданците се релативно пасивни во однос на пајонските и македонските цивилизациски центри. Но, интересно е што Ф. Папазоглу бележи пасивност на Дарданците и во продолжението, под владата на македонскиот крал Антигон Гонат (277-239).[62]

Имено веќе забележавме дека во текот на последните години, во Скопско се повеќе се откриваат монетите на македонските кралеви, при што бележиме зголемување на примероците на Касандар и на Деметриј I Полиоркет. Откритијата

АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ,
БРОНЗЕНА МОНЕТА, АВЕРС И РЕВЕРС

КРАЛ АНТИГОН ГОНАТ,
БРОНЗЕНА МОНЕТА, АВЕРС И РЕВЕРС

се во рамките на површински рекогносцирања без стратиграфски контекст, но се назира дека кореспондираат со два значајни историски моменти. Првиот е смртта на младиот македонски крал Александар III. А вториот е големата Келтска инвазија во 280/279 година пред н.е.

Се чини дека животот на платото на Скопското Кале, згаснува можеби после Келтската инвазија на воините на кралицата Иомара, или можеби, дури после владата на македонскиот крал Антигон Гонат. Имено, историските податоци говорат дека Дарданците кои за владата на Гонат сеуште се држеле резервирано, силно удираат на Пајонија во текот на владеењето на македонскиот крал Деметриј II (239-229), кој и самиот веројатно загинал во една битка против нив.[63] Веројатно токму со овите случувања може да се толкува отсуството на монети на Антигонидите: Филип V и Персеј во Скопско, кои ја стабилизирале својата северна граница на границата помеѓу Велешко и Скопско, преку граничните утврдувања: стратегиската база на Отовичко Кале кај Башино Село, Кале кај селото Слп, Цуцулигово кај селото Карабуниште и најсеверниот Филипов кастел Градиште село Долно Добрино.

СТУДЕНИЧАНИ • ИСАР, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Хронолошки гледано, локалитетот е за прв пат споменат во литературата во 1930 година од страна на Ј. Хаџи-Васиљевиќ: „*Хисар е на тромеѓата Студеничанои, Моране и Вртекица. – Бил град на врвот. Сега има малку шума*“;[64] „*Во местото Хисар, помеѓу селата Студеничани и Морани, постојат видни траги од некаква стара тврдина или кастел. И ги нарекуваат тие остатоци Кале. Тоа зазема доста простор. И тука, орајќи, наоѓале селаните големи тули и други траги од градби*“.[65]

Првите археолошки сондирања на локалитетот ги извела П. Гоцкова Славска во 1953 година, меѓутоа резултатите никогаш не биле публикувани.[66]

Подоцна, во 1958 година, Ј. Трифуноски на две места, пишувајќи за селото Моране и за Студеничане, информира за истиот локалитет. Под

ПЛАН НА
ИСАР
СТУДЕНИЧАНИ



СКОПСКО КАЛЕ,
ДЕЛ ОД КОРИНТСКИ
КАПИТЕЛ

СКОПСКО КАЛЕ,
ОЛОВНО ЗРНО,
СО НАТПИСОТ „НА КЛЕОМАХ“

Моране, цитирајќи го Ј. Хаџи-Васиљевиќ, наведува дека: „*Околу 500 м с/з од селото постои местото Исар. Тоа е релативно ниско и на темето зарамнето возвишение со ниви. При орањето селаните наоѓале остатоци од земјени ќупови, керамиди и гробиште. Изгледа дека тука некогаш постоело мало утврдување. Жителите, кои се тука доселени, за Исарот немаат никакви приказни, освен што поединци наведуваат дека тука некогаш се држел "пазар". Еден дел на темето на Исарот се нарекува Бел Прст.*“[67] Додека под селото Студеничани го именува истиот локалитет како Кодра Каља: „*Топографскиот назив Кодра Каља (утврден рид) се однесува на возвишението што лежи во источниот дел од атарот на границата кон Моране. Тука селаните изорувале тули, керамиди и бакарни пари. За утврдената населба, која што тука постоела, денешните селани ништо не кажуваат.*“ [68]

Врз база на интензивните археолошки рекогносцирања на локалитетот, во 1982 година И. Микулчиќ ја изнесува првата планиметрија и основните информации за содржините на материјалната култура,[69] за потоа да ги сумира и класифицира остатоците на градот.[70]

Исар или Кале, се наоѓа на 13 км ј/и од центарот на Скопје, во атарот на општината Студеничани. Се работи за голем и значаен град од раната антика, со акропола, долен град и некропола. Акрополата била оформена на широко плато со приближно правоаголна форма. Ова плато е наведнато кон север с/и, и зазема површина од 1.8 ха. На врвот, на јужната страна на платото постоел храм за чии остатоци пишува В. Лилчиќ Адамс.[71]

Долниот град се простирал на долгата тераса што се протега долж северната и источната падина околу акрополата. Вкупната површина на градот изнесувала 4.5 ха. Со површинските истражувања на локалитетот беа откриени делови од храмот и тоа керамички акротерии, фрагменти и делови од раноантичка грнчарија, атички сликани вази, дел од калап за теракотна фигурина на божицата Атена.[72]

ГРАД ПЕЛА, БРОНЗЕНА МОНЕТА, АВЕРС И РЕВЕРС

КАЛАП
ЗА
ТЕРАКОТНА ФИГУРА
НА БОЖИЦАТА АТЕНА

ДЕКОРАТИВЕН
АНТЕФИКС/
АКРОТЕРИЈА
ОД ГРАДСКИОТ
ХРАМ

ДЕЛОВИ
ОД
АНТЕФИКСИ/
АКРОТЕРИИ



ИСАР-КАЛЕ
СТУДЕНИЧАНИ,
ОД ЈУГ

ХЕРСОНЕС ТРАКИСКИ

ФРИЗ
ДОРСКИ
СТИЛ

БАЗА

РАЧКА

ОЛОВЕН
ТЕГ

СВЕТИЛКА

ФИБУЛИ



КРАЛ АМИНТА III
(394–379/369)

КРАЛ ЛЕОНТ
(ОК. 278/7–250?)

КРАЛ АНТИГОН ГОНАТ
(277–240/39)

КРАЛ АНТИГОН ГОНАТ
(277–240/39)

ГРАД АМФИПОЛ
(187–168)

ГРАД ТЕСАЛОНИКА
(187–168)

ГРАД ТЕСАЛОНИКА
(187–168)

ГРАД ТЕСАЛОНИКА
(187–168)

ГРАД ПЕЛА
(187–168)

ГРАД ПЕЛА
(187–168)

ГРАД ПЕЛА
(187–168)

АВТОНОМНА МОНЕТА
(187–179)

РАЧКА ОД СКИФ

ДНО ОД ВАЗА

ДЕЛОВИ ОД ВАЗА

Движните наоди од локалитетот, како и остатоците на акрополата и долниот град, укажуваат на егзистенција на мошне богат цивилизациски градски центар во периодот од VI до IV век пред новата ера, кој што по своја прилика бил оформен од локалните пајонски Агријани, град кој се издигнал секако и благодарение на патните врски со соседното пајонско-македонско подрачје, преку патната комуникација долж десниот брег на реката Вардар на линијата Градиште, Добрино, Цуцулигово, Карабуниште, Кале, Слп.

Имено, опсервацијата на комуникациските траси од антиката и средниот век во југоисточниот агол на Скопско укажува на користење на два, односно дури и три значајни патни правци.

1 Најстарата патна траса во железното време, но и во архајскиот и класичниот период, потврдена на археолошките локалитети кај Катланово (раноантичка некропола), Солиште, с. Летевци и Маркови Кули, с. Летевци, водела долж долината на Пчиња од селото Бадер, по левиот брег на Вардар до Велешко.

2 Но, во хеленистичкиот период бил користен непосредно десниот брег на Вардар судејќи според античките тврдини Кале, Слп и Цуцулигово над Карабуниште со наоди од времето на македонските кралеви Филип V и Персеј, што укажува на патен правец долж самиот брег на Вардар од Велешкиот крај во Скопско.

3 И трета е патната линија што ја откривме во 2016 година. Овој пат водел долж десниот брег на Аксиј, со навлегување во долината на Кадина Река, до под селото Гумалево, потоа преку просторот на Долно Добрино. Од Добрино една делница водела преку Стар Слп кон превојот Дурмишевец и кон Велешко. Но магистрална била делницата што водела кон Карабуниште, Слп преку селото Белештевица кон Велес.

Засега е очигледно, дека, магистралниот пат во раната антика водел од градчето на Исар, Студеничани до селото Таор, каде се двоел. Или минувал преку Вардар, и преку Катланово, водел низ Бадерско-Пчињската клисура, долж левиот брег на Вадар преку селата Сопот и Башино Село излегувал во Велешко. Додека патната комуникација долж десниот брег на Вардар, од атарот на Белештевица преку атарите на селата Слп, Карабуниште, Смесница, Стракојадица, Зелениково до Исар Студеничани, во архајско време и раната антика поседувала магистрална функција.

КАТЛАНОВО • БАЊСКИ РИД, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

На ридчето Бањски Рид над Катлановска Бања, најстар наод во текот на истражувањата претставува една бронзена монета на македонскиот крал Деметриј I Полиоркет. Останатите наоди посведочуваат подоцнежни културни хоризонти од римскиот период. Деталниот опис на овој локалитет е даден во поглавјето Доцноантички кастели и градчиња во Скопско.

БРОНЗЕН УКРАС АНТИКА



ПЛАН НА *БАЊСКИ РИД*, КАТЛАНОВО

ЛЕТЕВЦИ • МАРКОВИ КУЛИ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Во Бадерско-Пчињската клисурата, приближно на средината помеѓу нејзиното устие во Вардар и селото Бадер, реката во широк лак врти околу два рида. Повисокиот од нив, наречен Маркови Кули, бил искористен уште во периодот на железното време и раната антика. Претпоставувам дека во тоа време ридот бил утврден. Во текот на истражувањата на јужната ерозивна падина во 2016 година беше откриена сребрена драхма на пајонскиот крал Патрај (тип Аполон – протом на див вепар). Останатите наоди посведочуваат подоцнежни културни хоризонти од римскиот период, доцната антика и средниот век. Детални-от опис на овој локалитет е даден во поглавјето Доцноантички кастели и градчиња во Скопската котлина.

МОНЕТА
НА КРАЛ ПАТРАЈ
(ОК. 340/35–315)
АВЕРС И РЕВЕРС

Ова се засега позначајните археолошки локалитети од почетоците на создавањето на цивилизацијата во Скопскиот регион. Се надевам дека во догледно време ќе бидат откриени уште локалитети, најмногу како најдолни културни стратуми на веќе познатите раноантички градови и тврдини на локалитетите од римскиот царски период и доцната антика.

Во Скопско се откриени и остатоци од отворени населби од раната антика, меѓутоа поради карактерот на овој труд фокусиран на цивилизациските појави, овие локалитети нема да бидат разгледувани во текстот.

V РАНОРИМСКИОТ ПЕРИОД ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Историски осврт

Историските вести за периодот по освојувањето на Македонија од страна на Римјаните зборуваат за стационирање на власта во Тесалоника, потоа за период на проблематичност во односите, пред се, со нивните поранешни сојузници Дарданците но и со други среднобалкански племиња кои константно пустошеле низ Македонија.[73]

Од повеќето историски извори за периодот по оформувањето на римската провинција Македонија во 148 година пред н.е., би ја издвоиле Дарданската војна (Bellum dardanicum) на римскиот намесник Гај Скрибоиј Курио (C. Scribonius Curio), кој прилично ги смирил Дарданците. Имено во првата половина од I век пред н.е. кога римскиот намесник Апиј Клавдиј Пулхер војувал со Медите, од 77-76 година пред н.е., Дарданците им пружале помош на Медите. Бидејќи Клавдиј се разболел и починал, бил назначен нов намесник - проконзулот Гај Скрибоиј Курио. Во 76 година пред н.е. Курио ја довршил војната со Медите и веќе во рана пролет, наредната 75 година пред н.е. тргнал на Дарданците. Вестите говорат дека во Дирахиј на јадранскиот брег истоварил пет легии (30.000 легионери). Една од легиите се побунила со оглед на претстоечкиот неизвесен поход против Дарданците. Но Курио ја расформирал а легионерите ги распоредил во другите легии. Бројноста на римските легии очигледно говори за нивната решеност засекогаш да ги елиминираат Дарданците како закана за нивните константни пробиви во внатрешноста на Балканот. Курио војувал од пролетта 75 година пред н.е. до 73 година а во 72 година го прославил триумфот. Според традицијата Г. Скрибоиј Курио бил првиот римски намесник кој излегол на реката Дунав.[74] Во рамките на неговото крстосување низ земјите што ги окупирале Дарданците, а тоа се регионите на Скопско-Куманово, Косово и секако горниот тек на Морава, тој ја применил казната decimasia – десеткување. Изворите, поточно Амијан Марцелин и Флор, индиректно ни ја пренесуваат екстремната суровост со која било постапено со Дарданците односно со варварите. Според Флор: „*... најсуровите меѓу тие непријатели биле скротени со истите средства коишто и самите ги користеле. Дури и врз заробениците се изведувале орѓии со мечот и оганот. Но на варварите ништо не им се чинеше погрозно отколку отсекувањето на рацете на живите, и нивното оставање да ја надживеат својата казна*“.[75]

Во продолжетокот на I век пред н.е. историските вести зборуваат за самоволието на римските намесници на Македонија. Така намесникот Калпурниј Пизон (57-55 г), според Публиј Сестиј: „*им го продал на Тракијците и Дарданците миротворот за големи пари и потоа за да им овозможи да дојдат до пари, им ја препуштил Македонија да ја пустошат и ограбуваат*“.[76]

Наредниот податок од Дион Касиј за Мезиската војна на Марко Крас од 29 година пред н.е., и покрај тоа што е индиректен, по аналогија може да отслика дел од состојбите на територијата на Скопско-кумановско. Имено: „*Бастарните, преминувајќи и тогаш преку Дунав, ја освојија Мезија отспротива нивната земја, а потоа Трибалите кои се нејзини соседи, и Дарданците кои што живееја во земјата на овие* (на Трибалите). *Се дознало тоа што чинеле, немаа никаква работа со Римјаните, ама кога ја преминаа планината Хем ...*“[77] Ф. Папазоглу, според овој податок, интерпретира дека Дарданците кои во ова време живееле на Трибалската територија, несомнено се проширале во дел од долината на Јужна Морава. Но за какво живеење станува збор? Имено, ако внимателно ја следиме Дарданската територијална експанзија од раната антика, од прилично малата протогена матична територија на северозапад на Косово, голема приближно околу 70x60 км,[78] тешко е да се поверува дека за период од околу два века, конкретно во V и IV век пред н.е., Дарданците имале толку голем наталитет за да можат да ги населат земјите на Косово и Горна Морава. Сметаме дека зад таканаречените „живеење“ во зоната на Трибалите се крие нешто сосема друго. Имено, според Агатархид од Книд, во дарданските походи, учествувале и голем број робови, т.е. еден господар водел со себе дури и до 1000 робови.[79] Всушност, Ф. Папазоглу смета дека, бидејќи

СКУПИ, ТЕАТАР, ТЕАТРОН - СУБСТРУКЦИЈА

Агатархид вели дека тие т.н. „робови“, во мирно време ја обработувале земјата на господарот а во војна го придружувале, тоа не биле буквално робови туку еден вид зависни селани (луѓе В.Л.А.).[80] Тоа не може ништо друго да значи, освен дека зоните на Косово и Јужна Морава биле освоени од страна на Дарданците а локалното население претворено во полу-зависно население.

Но што се случувало во тоа време со територијата на Скопско? Историските податоци молчат но, археолошките податоци зборуваат за над десетина градови и утврдувања, а тоа всушност била раноантичка цивилизација во Скопско, која што никако не може да се нарече дарданска.

Самиот факт што Римјаните го одбрале токму Скопско, а не регионот на Косово (од каде навлегувале Дарданците), да ги стационираат своите две легии, 5. Македонска и 4. Скитска во времето на царот Октавијан Август, веројатно околу 13-11. година пред н.е., а секако и да ја основаат токму во Скопската котлина колонијата Скупи, само ја потврдува хипотезата дека пајонските Агријани се автохтони и во римско време го населувале Скопскиот басен. Рим имал доверба во локалното Агријанско население во Скопско и токму затоа, кај Злокуќанско Кале го стационирал своето оружје, подготвено да тргне низ Качаничката Клисура. При што логично е да се претпостави дека, и ако Дарданците имале некаква форма на присуство во Скопско во III и II век пред н.е., Римјаните ја елиминирале и ја основале римската колонија Скупи на утоката на Лепенец во Вардар, како цврста римска база за ширењето на *pax romana* кон Косово.

КОЛОНИЈА ФЛАВИЈА СКУПИ

Античкиот град Скупи бил оформен на падината и на рамнината западно под ридот Злокуќанско Кале кај скопското село Злокуќани. Оформен врз основите на голем легионерски воен логор – castrum, градот во раноримскиот царски период заземал површина од 44 хектари, со што претставувал најголем антички град на територијата на Република Македонија.

Во 1885 година, што значи пред точно 130 години, статоците на Скупи, контурно ги опишал во стручната литература англискиот археолог А. Џ. Еванс.[81]

Првите археолошки ископувања започнале помеѓу двете светски војни, кога професорот по класична филологија од Белград д-р Н. Вулиќ го ископувал античкиот театар.[82] Од 1966 година археолошките истражувања во Скупи ги изведува Музејот на град Скопје под раководство на археологот Д. Корачевиќ.[83]

Значаен пресврт во познавањата на градската површина и основните елементи на инфраструктурата, како и историјатот на Скупи и неговите некрополи, донесоа истражувањата на професор д-р И. Микулчиќ некаде од 1975, до 1982 година кога ја публикуваше студијата *Старо Скопје со околните тврдини*.[84]

По пензионирањето на Д. Корачевиќ, на теренот во Скупи, археолошките работи ги продолжи археологот Л. Јованова кон која во меѓувреме се приклучија М. Ончевска Тодоровска и И. Кузмановски. Овој тим посветено и вредно ги истражи најголемите површини од долгата Источната некропола, го отвори просторот околу јужниот градски sид каде регистрираше постара градска населба и откри неколку непознати објекти меѓу кои се истакнува втората градска ранохристијанска базилика.[85]

Во 2013 година, беше одлучено да се интензивираат истражувањата во Скупи преку откривањето и реконструкцијата на најголемиот антички театар во Република Македонија, со што се дава огромен придонес во актуелизирањето на целиот археолошки локалитет за што поскоро отворање на јавно користење за потпирањето на развојот како на општината Карпош, така на градот Скопје и Република Македонија, започнаа истражувањата на театарот. До 2016 година, театарот беше потполно ископан. Раководството го понесе: проф д-р Антонио Јакимовски со соработниците: Л. Јованова Алексиева, М. Ончевска Тодоровска и И. Кузмановски. Во 2016 година, беше конзервирана сценската зграда и театронот.

Историски контекст

Историските извори говорат дека кон крајот на III и текот на II век пред н.е., очите на Рим биле вперени кон кралството Македонија. Во моментот кога го освоиле, во него интегрално биле сите територии на денешната Република Северна Македонија. Но дали и пајонско агријанскиот Скопско-кумановскиот крај? Се разбира да! [86]

Сметам дека основната причина зошто Скопскиот басен како пајонско-македонски во старт не бил приклучен кон римската провинција Македонија, била обврската на Римјаните кон нивните сојузници Дарданците кои, по победата над Македонија, од Римјаните за својата контрибуција побарале за награда да ја добијат Пајонија. Како што се гледа Скопско во тоа време била тампон зона со која Рим во старт калкулирал дипломатски со Дарданците. Како што гледаме по натамошните случувања, Римјаните реализирале неприродно припојување на Скопско-кумановскиот крај, не кон провинција Македонија, туку кон Горна Мезија, што се должи на римската тактика на манипулација со сојузниците. Но, како што погоре видовме, Дарданците бидејќи изреагирале крајно неблагодарно, на сцена настапило римското оружје.

Северната граница на провинцијата Македонија од 148 година пред н.е. до крајот на II и во првите децении на I век пред н.е., била прилично несигурна и константно напаѓана и тоа не само од незадоволните Дарданци туку и од други балкански континентални племиња како Скордисците, Медите, Мезите, Трибалите, Сардите, Дентелетите. Очигледно Рим бил принуден да го брани освоениот плен, а за тоа и бил способен. Во акција стапиле римските легии. Се одвивале казнени експедиции, под команда на Гај Скрибониј Курио, Дарданската војна од 75-73, и Марко Ликиниј Крас од 29-28 година пред н.е., кој ги покорува Гетите и Тракијците.

Откога Рим увидел со кого има работа, сосема нормално ги стационирал легиите на прагот на дивиот континентален дардански и трибалски свет. А тоа била најсеверната раноантичка циви-

ОКТАВИЈАН АВГУСТ, ПРИМА ПОРТА, ВАТИКАНСКИ МУЗЕЈ, РИМ

ТИБЕРИЈ, НАЦИОНАЛЕН АРХЕОЛОШКИ МУЗЕЈ, МАДРИД

лизирана зона на Балканот во тоа време - Скопската котлина. Се смета дека на падината под Злокуќанското Кале (Зајачки Рид) Рим ги стационира легиите: V Македонска (V Macedonica) и IV Скитска (IV Scythica), во текот на владеењето на првиот римски цар Октавијан Август, некаде околу 13-11 година пред н.е.[87] Кон крајот на I век пред н.е. воинствените племиња се покорени и Рим ја основа големата провинција Горна Мезија на просторите на Косово, Горна Морава и Скопско-Кумановскиот басен, и се разбира дека за главен град е определна позицијата од каде константно ќе може да се стартува во некои изненадни случаи на побуни и војувања од страна на континенталните племиња. Се разбира дека тоа бил Скопскиот басен и Скупи - точката од каде тргале римските легии во нападите и казнените експедиции на север, точката која според С. Душаниќ, кон крајот на I век н.е. служела како главна римска база за војните против Дакијците.[88]

За V Македонска легија, се смета дека била стационирана во Скупи некаде до владата на Тибериј (14-37 година н.е.), по што била префрлена во градот Оеск, на северната граница (лимес) на реката Дунав. Додека IV Скитска легија останала во Скупи нешто подолго, до крајот на владата на царот Клавдиј (54 година н.е.) а потоа била преместена во Сирија.[89]

Провинцијата Горна Мезија е основана во 15 година н.е. меѓутоа како што гледаме во Скупи сеуште престојуваат легиите така што трансформацијата на легискиот логор во цивилна градска населба ќе се одвива дури во втората половина од I век н.е. Зошто Рим се одлучил за колонијален статус на градот Скупи за време на Флавиевците а не за муниципален статус? Сметам дека ова може да биде знак за испустеноста на оваа територија од страна на цивилизираните пајонски Агријани. Поради тоа Рим бил принуден да ја гради - пополнува локалната лојалност преку дедукција, то ест со населување на предвреме пензионирани војници од легиите: Седма Клавдиева (VII Claudia), Петта Македонска (V Macedonica), Петта Алавда (V Alaudae), Четврта Македонска (IV Macedonica),

Прва Италска (I Italica). Овие војници согласно римската политика и нивните активни воени чинови, сега по дедукцијата, добивајќи цивилни градски функции, ја понеле управата на градот Скупи.[90]

Колонијален статус на градот Скупи

Статусот колонија Скупи го добива под владата на Флавиевската династија, царевите Веспазијан, Тит, Домицијан. Мислењата се поделени околу Веспазијан или Домицијан. Скупи добива статус колонија, поконкретно Colonia Flavia Scupinorum,[91] со тоа што е впишан во римската триба Quirina (општината Квирина во градот Рим).

На натписите се среќаваат главно следните две верзии: Colonia Flavia Felix Dardanorum;[92] Colonia Flavia Scupinorum. За одбележување е поинаквата интерпретација на кратенката FFD, од страна на професор Н. Вулиќ, како F(lavia) F(elix) D(omitiana).[93]

За името на градот Скупи постојат во литературата главно две хипотези.

Според лингвистот П. Скок, историчарот Ф. Папазоглу и археологот И. Микулчиќ, името Скупи треба да се толкува како: *сйреи, засолнишйа, шуйи*.[94]

Додека, според класичарот палео лингвист П. Хр. Илиевски,[95] името Скупи има предсловенско потекло, така што доаѓа од зборот skopos во значење: чувар, стражар односно во значение на стражарница, место од каде може да се гледа далеку, што е далеку пологично имајќи ја предвид највисоката кота на Злокуќанското Кале среде рамното Скопско Поле, од која што погледот допирал до Давина Кула, Чучер, до Кале, Барово, до Маркови Кули на Водно и т.н.

Населените војници од споменатите римски легии, имале разнородно потекло, претежно од западните провинции, како што се гледа на нивните надгробни епитафи. Се споменуваат Шпанија, Галија, Северна Италија. Градовите Салона, Аквилеа, Плакентиа, Курикта, Берит или пак Стоби. Меѓутоа за нас е интересен податокот за регрутирање на римски легионери од подрачјето на Скупи во текот на II век н.е. во легиите на Горна Мезија и на преторијанските кохорти. Например на латеркулумот од Виминакиј се споменуваат 33 војници со потекло од Скупи, со локалните когномени: Bithus, Daizo, Dassius, Mestrius, Mestula, Sausa. Двајца легионери со потекло од Скупи се среќаваат во легијата IV Флавија, стационирана

ХАДРИЈАН, ПАЛАЦО НУОВО, МУЗЕЈ КАПИТОЛИНЕ, РИМ

во Сингидунум. А забележани се и повеќе преторијанци со потекло од Скупи во Рим.[96]

За жал историските извори за градот Скупи молчат во текот на раноримскиот царски период. Се знае дека градот го посетиле на поминување царевите: Хадријан, помеѓу 121-125 година н.е., потоа Септимиј Север со синот Каракала во 202 година н.е. и во 244 година н.е. царот Филип Арабјанинот.[97] Индиректно се навестува дека можеби градот го посетил и царот Галиен, според натписот што го видел А. Еванс во урнатините на Давина Кула, Чучер.[98]

Колонијална градска организација на Скупи

Градската организација била слична со римските колонии ширум царството. Со градот управувал колонијален сенат или градски совет – ordo decurionum (ordo coloniae, splendidissimus ordo coloniae).[99]

ПЛАН,
ЗЛОКУЌАНИ

ЗЛОКУЌАНСКО
КАЛЕ - СКУПИ,



СКУПИ,
ЦЕНТРАЛНО
ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

На чело на колонијата стоеле двајца градоначалници (duumviri) што биле бирани од членовите на градскиот совет. Еден од градоначалниците на Скупи во II век н.е., бил и Гај Корнелиј Магно со потекло од Бејрут во Сирија. Биле откриени надгробни стели на осум градоначалници на колонијата Скупи.[100]

Во Скупи функционирале цивилните градски служби: магистрати (duumviri quinquenalis), едили (aediles), квестори (questores) а забележени се и свештенички функции како августали - свештеници во служба на царскиот култ, потоа аугури и понтифекси. Во Скупи е регистрирано здружение на севири августали (seviri Augustales).[101]

Полеогенетски зачетоци на Скупи

Според површинските рекогносцирања на И. Микулчиќ, формата на градот Скупи, во нејзиниот најразвиен обем, била правоаголник, а се должела на формата на раниот римски воен логор – каструм во кој биле сместени погоре споменатите легии. Според И. Микулчиќ, неговите димензии изнесувале 738x590 метри, или мерено според римскиот мерен систем, тоа се точно 2500 x 2000 римски стапки (pes, pedes).[102]

Ваквата, особено правилна правоаголна форма се насетува на југозападната страна на каструмот, во селото Злокуќани. Врз југозападниот ѕид бил оформен современиот асфалтен пат што се одвојува во центарот на Злокуќани од главниот пат Злокуќани – Влае и води во северозападна насока. Во рамките на археолошките истражувања во крајниот северен агол на к.п. 689 (К.О. Злокуќани), беше откриен северозападниот агол од фортификацијата на Скупи и тоа во форма на четвртина полукруг, а не прав агол со аголна кула, како што можеби би се очекувало. Очигледно е дека токму ваквата аголна заоблена форма упатува на аналогија со легиски воен логор.

Североисточниот дел на градот го опфаќал платото на врвот од ридот Злокуќанско Кале / Зајачки Рид, каде конфигурацијата на теренот не овозможила изведување на правилна правоаголна форма на каструмот. Според И. Микулчиќ градската површина изнесувала 44 хектари. Тој

информира дека градскиот ѕид кој што бил сондиран на неколку места, бил широк 3.20 метри.[103] Природните одбранбени елементи на Скупи се состоеле пред се од речните корита. Околу 500 м југозападно од југозападниот градски ѕид се влева реката Лепенец во Вардар. Освен тоа коритото на реката Вардар тече речиси долж јужниот југоисточниот градски ѕид на 150 / 540 / 450 метри. Освен тоа биле ископани широки одбранбени ровови (fossae), и тоа долж северната страна широк 30 метри (100 стапки), долж североисточната страна и долж југоисточната страна широк дури 60 метри (200 стапки).

Случајно раскопаната кула, на северозападниот ѕид, на потегот каде асфалтниот пат Злокуќани – Бардовци поминува врз градскиот ѕид, имала квадратна форма, со широчина од околу 8 м.[104]

Урбана градска агломерација

Градската површина на Скупи начелно е проценета на 40-44 хектари *intra muros* површина.[105] Во споредба со останатите антички градови од римскиот царски период, ова е најголемата градска површина на територијата на Република Македонија. Втор по големина е Лихнид со 32 хектари, потоа Стоби со 19 хектари; потоа следат помалите градови како Стибера со 10 хектари, Хераклеја Линкестидска со околу 7-10 хектари, Еурист со околу 10 хектари и другите. Општо земено, полеогенетските истражувања во Република Македонија се сéуште на почетокот, и тие зависат директно од степенот на археолошките

ГРАДСКА УЛИЦА ВО СКУПИ



ВЕНЕРА *ПУДИКА*, СКУПИ II ВЕК

ископувања и откривања на градските ѕидови. Големи потешкотии притоа прават оние антички градови врз кои во средниот и поновиот век се подигнати современите градски урбани агломерации чии што темели се вкопале врз древните градски површини, во куќите и одбранбените ѕидови. Во меѓувреме започнаа геомагнетните скенирања и со развојот на оваа технологија се надевам за догледно време македонската наука ќе добие попрецизни податоци за античките градски површини.

Што се однесува до Скупи, врз база на досегашните истражувања е заклучено дека најстарата населба оформена на Злокуќанското Кале, датирала во железното време, поточно во архајскиот период и мерела приближно 3 хектари. Сепак морам да се согласиме дека се ова сеуште произволни тврдења на И. Микулчиќ, без никакви потврди од археолошки ископувања на акрополниот простор на Злокуќанско Кале. Во текот на најновите археолошки ископувања на театарот на западната падина на ридот, на просторот на театронот во горниот дел беа откриени два гроба кои за среќа не биле уништени од градителите на театарот. Според наодите се смета дека некрополата на архајските пајонско/агријанските старожители на Скупи се протегала на околу 150-180 метри западно од акрополата, на падината, и тоа во зоната над театарот и до горниот завршеток на театарските седишта.

Археолошките истражувања и ископувања на градската површина траат со повремени подолги прекини во текот на XX век и почетокот од XXI век. Н. Вулиќ започна со откривањето на античкиот театар,[106] продолжија Д. Р. Миочевиќ,[107] а го финализираше проф д-р А. Јакимовски со соработниците, во периодот од 2013-2015 година.

Освен театарот откриени се: широката градска улица и палатата покрај улицата кои што датираат од времето на процутот на градот. Наредните два објекти: базиликалниот објект кај Старскиот Дом означен како Базилика 1 и Домот под ранохристијанската базиликата во горниот дел од градот означена како Базилика 2 потекнуваат од раниот IV век н.е. од времето кога градот Скупи бил главен град на доцноантичката Провинција Дарданија. Потполно се откопани остатоците на ранохристијанската Базилика 2. Со прекопување на канал за современ водовод во 1957 и 1971 година, биле регистрирани уште неколку објекти и тоа три профани градби, една со хипокаустен под, остатоци од една база и дел од поплочена градска улица.[108]

ТЕАТАРОТ ВО СКУПИ

Во продолжение, јужно од градската улица М. Ончевска Тодоровска откри една ранохристијанска базилика означена како Базилика 3 (ранохристијанска), како и мала бања во која е откриена мермерна фигура на божицата Афродита / Venera pudica со делфин покрај нозете.[109] Освен тоа откриен е поголем дел од југоисточната градска зона со остатоци од објекти врз кои гази градскиот ѕид.

Театар

Римскиот театар на градот Скупи се наоѓал на југозападната падина на Злокуќанско Кале / Зајачки Рид, на околу 200 метри под акрополата. Неговите остатоци биле ископувани три пати до конечното откривање. Истакнавме дека со археолошките ископувања започнал проф д-р Н. Вулиќ од 1935-1937 година, продолжил проф д-р Д. Рендиќ Миочевиќ од 1959-1961,[110] а проф. д-р А. Јакимовски со тимот потполно го истражил и ископал во периодот од 2013-2015. Резиме на сознанијата, до пред последните комплетни истражувања, во литературата, како и реконструкција на планот на театарот, изнесе проф. д-р И. Микулчиќ во 1982 година.[111] Подоцна со одделни проблеми од градежништвото и архитектурата на театарот во Скупи се занимаваше и проф. д-р В. Лилчиќ-Адамс.[112] Меѓутоа најисцрпна студија за театарот публикуваше А. Јакимовски со соработниците Д. Митревски, М. Јованов, Л. Јованова, М. Ончевска-Тодоровска, Ф. Вељановска, Г. Павловски, И. Кузмановски, И. Толевски, В. Милошевски и Г. Лилчиќ.[113]

Театарот во Скупи го претставува потполно римскиот архитектонски концепт, со следните основни елементи: сценска зграда со сценска фасада, кавеа – театрон или гледалиште и полукружна оркестра. Неговата изградба се определува во времето на римските императори: Хадријан за кој се знае дека го посетил градот Скупи во периодот од 121 до 125 година н.е. и Антонин Пиј, што значи помеѓу 120-150 година н.е., што се проценува меѓу останатото и врз база на стилско-типолошката анализа на мермерните украси.

Сценската зграда на театарот во Скупи била двокатна и висока околу 10 метри со големина од 92.4x16 метри. Во текот на првите ископувања биле откриени поголем број откршени декоративни делови и фрагменти од мермерни капители во коринтскиот стил, потоа бази, архитрави, довратници и делови од венци. Сите тие претставуваат елементи од извонредно репрезентативна пластична архитектонска декорација на фасадата. Низ сценската зграда минувале три ходници преку кои се излегувало кон оркестрата. Со 6 простории во централниот дел, ориентирани кон оркестрата и со уште две издолжени простории во позадината на запад. Северно и јужно од централниот дел на сценската зграда се проширените крила, издадени

на исток за уште околу 6 метри, ја фланкираат оркестрата но и влезните пристапи – пародои во оркестрата на југ и на север. Сценската зграда е археолошки откриена во централниот дел и јужното крило. За жал, поради надслоеноста на современото гробиште на село Злокуќани не е откриено северното крило, кое што согласно симетријата на објектот е слично на јужното. Долж западната фасада покрај сценската зграда е откриен канал за одводнување со правоаголен пресек, одозгора покриен. Забележано е дека каналот бил граден со тули во пет редови, од форматот 0.40x0.28x0.02 м.[114] Сценската зграда на источната страна кон оркестрата и гледалиштето имала особено репрезентативно украсена фасада (scaenae frons). Постоела полукружна голема ниша околу централниот коридор и две странични, правоаголни над страничните коридори. Основните градежни материјали од кои бил граден театарот биле: локалниот глинест скаменет шкрилец, потоа травертинот во големо количество, додека мермерот бил користен исклучиво во сценската фасада. Постои идеја дека травертинскиот материјал бил носен од мадемот кај селото Чајлане, но, не е неприфатливо да бил користен и мадемот кај селото Бразда.

Архитектонската декорација на фасадата на сценската зграда се состоела од следните елементи: основа – подиум на фасадата, компонирана од долги правоаголно рамнети травертински блокови, врз кои биле положени подиумските елементи: базен раб – крепидома и венецот на подиумот. Овие елементи впрочем како и сите останати елементи од фасадата на сценската зграда биле откриени во крајно девастирана состојба. Евидентно е дека во некое време по уривањето на театарот, ова место било предмет на експлоатација на готов каменен материјал што бил на лице место грубо обликуван со откршување и дотерување во најобични упростени форми за секундарна употреба на некое друго место. Со откривањето на голем дел слична пластична декорација на Скопското Кале, заклучуваме дека овој материјал бил носен токму за изградба на Скопското Кале. Останати главни елементи на фасадата на сценската зграда се состоеле од следните делови:

Бази на колоните кои што биле мермерни или пак травертински. Сочуван е и поголем дел од голема база што веројатно припаѓала на главниот ордер. Се работи за вообичаениот римско-јонски тип компониран од квадратна плинта, два торуси со скотија помеѓу нив.

Колоните на главниот ордер биле монолитни, мермерни. Со благ ентазис – проширување во долната половина. Со просечен дијаметар на долните делови од 0.58 м. На горните делови поседувале издаден профил т.н. „египетско грло“ со рабна лента – лизис и низок торус најгоре, со вкупен горен дијаметар од 0.51 м. Пресметаниот дијаметар на основата на капителот изнмесувал 0.48 м, а регистрираните дијаметри на некои од колоните од: 0.41 м, 0.43 м, 0.46 м и 0.48 м, укажуваат на припадност на горниот кат на скената, која што очигледно била двокатна.

Капители. Не се откриени цели капители. Единствено фагменти акантови лисја од капители коринтски тип. Се работи за издолжени, витки и тесни лисја, со по 4-5 перки. Како декоративен манир врз нив се забележани ситни карактеристични урези, типични за капителите од западен тип од II век н.е.[115] Забележуваме дека уметникот каменорезбар ги следел западните уметнички ателјеа од Остија и Рим, каде што главна карактеристика претставувало забестото нарежување на главното лисно стебло,[116] со извесна разлика што уметникот од Скупи, овие карактеристични урези ги изработил и на лисните ребра од длановите.

СКУПИ, ПСЕУДОКАПИТЕЛ

СКУПИ, ТЕАТАР, МЕРМЕРНИ ФРАГМЕНТИ ОД КОРИНТСКИТЕ КАПИТЕЛИ

Архитрав. Сочувани се десетина фрагменти и делови од архитравите на scaenae frons. За жал ниту еден со полн профил. Меѓутоа врз база на скромните осататоци, реконструиран е полниот профил на архитравот. Речиси сите откриени делови и фрагменти, му припаѓаат токму на овој реконструиран профил архитрав со само еден исклиучок. Тоа е долниот дел од еден архитрав со поголеми димензии од реконструираниот, па според тоа се претпоставува дека истиот можеби му припаѓал на долниот, првиот кат од сценската фасада, освен ако не бил архитрав од некој од пролезите – коридорите во долниот кат на скената.

Архитрав 1, од првиот кат или од пролезот. Сочувана е долната, плафонска страна, првата фасција на предната и задната страна, профилите кима реверса и астрагалите над неа, како и почетокот од втората фасција. На софитот се гледа пано, врамено со профилацијата кима реверса. Во средишниот дел се наоѓа орнамент на дуплирани, преплетени ленти со т.н. „очи“. Широчината на софитот (плафонската површина) изнесува 0.587 м. Височината на првата фасција на едната страна 0.07 м, а на втората 0.075 м Височината на кимата и астрагалот 0.07 м. Ова е единствен откриен пример на архитрав од театарот во Скупи, на кој и двете страни биле орнаментирани.

Архитрав 2. Реконструираната височина на архитравот 2 изнесува 0.55 м Долната, плафонска страна е широка 0.487 м Во неа бил вклесан долг пано со полукружни терминали. Во него го гледаме на некои фрагменти истиот но, димензионо намален орнамент плетенка (преплетена дупла лента со „очи“). На некои фрагменти гледаме пак полукружен завршеток на пано, исполнет со орнамент на листеста ластарка, додека на вториот фрагмент има издолжени лисја папирус. Ова плафонско пано поседува конвексен профил, што бил врамен со профилот кима реверса (упростен тип Б).

Архитравот 2 бил профилиран на една – фронталната страна и тука профилите биле орнаментирани. Задната страна има иста профилација како предната но, без орнаменти. Почнувајќи од горе гледаме три фасции разделени со три профили – кима реверса (тип Б) и астрагал (перла-калем). Од горе, фасциите се покриени со профилот кавето, што не е орнаментиран и има рамен завршен профил. Горната широчина на архитравот изнесува 0.665 м (малку повеќе од 2 римски стапки / pes). Сеуште не се откриени фрагменти или делови од зоната на фризот.

Венец – corona. Сочувани се 6 поголеми и повеќе помали делови и фрагменти од завршниот

ЕХИНУС, ОРНАМЕНТ, ЈАЈЦЕ – ЈАЗИК (ДЕТАЉ)

ИМПОСТ - КАПИТЕЛ
ЗА СТОЛБЕЦ

венец. Исто така и неговиот полн профил кај два примероци. Значи ги гледаме раскошно орнаментираните следни профили од зоната на венецот:

Долу е дентикулата, со просечна широчина: dentes 45 mm, intersections 21-23 mm. Последните, меѓу просторите имаат обичен, правоаголен пресек.

Одгоре е профилот ехинус (орнамент јајце – јазик). Потоа издадениот гејзон што оддолу го потпираат правоаголни конзоли со подвиени терминали (оформени како двочлен балтеј / појас на фронталните чела). Долната страна на овие конзоли има по еден исклесан акантов лист (со по 5 дланки и по 4 перки). Конзолите се врамени со ехинус (јајце-јазик). Во правоаголно вдлабените касети помеѓу конзолите се наоѓаат четирилисни розети. Фронталната страна на гејзонот има низок, рамен прпофил. Горе е кима реверса (тип Б). Потоа, тесен, незначително издаден рамен профил и врз тоа доаѓа симата. Зоната со сима содржи орнамент: упростени, лепезесто обликувани листови палмети. Терминалите на нивните перки се наизменично извиткани кон долната и кон горната страна.

Вкупната просечна височина на завршниот венец изнесува 0.38 м. Испадот на завршниот рамен профил во однос на фронтот на дентикулата изнесува 0.29 м (речиси 1 стапка/pes). Значајно е што на некои фрагменти на симата, наместо палмета, се гледа онамент на кима реверса (тип Д).

Откриени се и неколку довратници и надвратници што содржат профили на три фасции, потоа кима без орнамент и рамен профил.

Н. Вулиќ при ископувањата забележал: „... *нема сомнение дека театарската зграда одозгора била покриена со тула* (мисли на керамиди В.Л.А). *Насекаде околу зградата се најдени тули за покрив со обод. Најдени се и други тули во изобилство, што значи дека зградата била изградена не само од камен, туку и од тули.* ...“[117]

Гледалиштето (кавеа – театрон) било изградено врз природната падина но сепак било испланирано и проектирано, преку ископани темелни стапки-ровови во кои се ѕидани носечките конструктивни полукружни и радијални ѕидови. Една патека – дијазома го делела гледалиштето на два дела. Седиштата од долната дијазома биле фундирани врз субструкција компонирана од три и делот од четвртиот семициркуларен ходник и носечките ѕидови помеѓи нив. Четвртиот ходник ги делел дијазомите, а во него биле изградени скалила со излези во зоната на седиштата помеѓу двете дијазоми. Од повеќето вакви пролези (вомиторији) во текот на ископувањето се откриени два сочувани. Горната дијазома на гледалиштето била оформена врз рам-конструкција оформена

врз 28 радијално оформени ѕидови носачи што ги поврзувале четвртиот и петтиот полукружен ходник, со што формирале 24 правоаголни (издолжени трапези поради полукружната форма на гледалиштето) простории, со централен ходник со влез-излез долу и горе на средишната оска.

Евидентирани се дел од сводните тули со кои што биле зидани сводовите на полукружните коридори. Сводните тули со кои биле засводени овие коридори биле технички совршено изработени. Цврсто печени со светла до темно црвена боја. Со рамни страни, дотерувани со алатки. Просечните димензии изнесувале 0.389x0.389x0.059 м. Истите се регистрирани во вториот полукружен ходник на левата страна од гледалиштето, и во преградниот полукружен ходник на десната страна на гледалиштето. Во урнатините Н. Вулиќ открил и тула со печатот PAVLI.[118]

Оркестрата има полукружна форма, типична за римските театри. Се наоѓа помеѓу сценската зграда на запад и гледалиштето на исток. Од север и југ, во меѓу зоните на сценската зграда и гледалиштето биле оформени два пародои – приоди кон оркестрата. Карактеристично е што во текот на археолошките ископувања на оркестрата биле следени и постапно откривани значајни културни хоризонти, помеѓи кои се издвојуваат воглавно две целини. Археолошкиот тим на проф. д-р А. Јакимовски, регистрираа два населбински хоризонти и тоа постар од доцната антика и рана Византија и втор од средниот 10-12 век н.е. Се работи за скромни живеалишни објекти, на сиромашни заедници, поготово византиската од 10-12 век. Тие најверојатно егзистирале од експлоатацијата на градежниот материјал што го разградувале, адаптирале и извезувале кон средновековното Скопје на Скопското Кале и веројатно за објектите во долниот град околу Скопското Кале.

Конечно, стилско-типолошката анализа на репрезентативната пластика на театарот во Скупи на В. Лилчиќ Адамс во 2001 година, ја потврдува оценката на И. Микулчиќ изречена околу 20 годи-

СКУПИ,
ТЕАТАР

на пред тоа, „*Уметничкото и техничкото ниво на оваа пластика не заостанува зад најпознатите дела од тоа време. Никогаш порано, ниту пак подоцна во текот на илјадагодишната античка епоха кај нас, не било достигнато вакво ниво*.“[119]

Се смета дека токму посетата на римскиот цар Хадријан на почетокот од II век н.е., на македонските градови, го означила почетокот на културниот натпревар помеѓу градовите и нивната релативна благосостојба. Во најголемите градови имено биле подигнати театри, а театарот во Скупи, очигледно го изградиле и украсиле, во периодот од околу 120-150 година, група архитекти и уметници дојдени од Италија.

Објект со аркада и колонада

Наредниот објект што ќе го опишеме датира од IV век н.е. и со извонредно изработениот внатрешен каменен мобилијар го продолжува врвното уметничко и техничко рамниште на архитектурата и градежништвото на Скупи. Остатоците на Објектот со аркада и колонада се наоѓаат во западната половина од градот Скупи, во линијата на средишната оска с – и, ј – з, и тоа веднаш до Старскиот дом во Злокуќани, поточно западно од него, делумно во неговиот двор, делумно под каналот за вода и делумно под нивата западно до каналот.

Во текот на четири сезони, од 1966-1969 година, бил откопан само североисточниот дел од објектот, со ориентација с/з – ј/и. Под неговите темели бил регистриран објект што пострадал во пожар. Не североисточната страна, Објектот со аркада и колонада се допира до една градба со засега неидентификуван карактер, што според откриената сидарија начелно се датира во втората половина од IV век. Објектот со аркада и колонада се состои од две простории. Широка централна сала и обиколен ходник во форма на издолжена потоковица. Основата на целиот објект во реконструирана верзија изнесувала 30.70x23.50 м. Ценето според градежните и стилските одлики на елементите, се смета дека објектот бил со јавен карактер. Средишната апсидално заокружена сала на северната страна имала мозаичен под, украсен со едноставни геометриски орнаменти. Околу неа обиколувал сид во долниот дел носен со столбци од тули. Од внатрешната страна на секој столбец била конструирана колонада. Столбовите стоеле врз ниски мермерни постаменти и квалитетно профилирани бази. Над нив биле коринтски капители, потоа архитрав и завршните сегменти од венецот. Врз ваквата конструкција се опирале конструкции на аркади од тули што ги премостувале премините меѓу централната сала и обиколниот коридор. Регистрирани се и елементи од сидни мозаици и мермерна оплата.

СКУПИ, ОБЈЕКТ СО АРКАДА И КОЛОНАДА
КОРИНТСКИ КАПИТЕЛ

Функционалниот карактер на оваа градба во урбаната шема на градот од раниот царски период, сеуште не е познат. Очигледно за тоа погодуваат и скромните податоци како и недовршените археолошки истражувања на овој најрепрезентативен објект од периодот на преминот од раниот римски царски период во доцната антика. Камената архитектонска пластика била откриена во мал обем но со извонредно впечатливи високо квалитетни уметнички карактеристики. Откриените елементи претставуваат делови од внатрешната колонада комбинирана со архиволти врз сиданите столбци.

Стилобат. Колонадата се опирала врз стилобат конструиран од широки травертински плочи со обичен правоаголен пресек. На одредени растојанија, од надворешната страна кон обиколниот коридор, биле изсидани столбците, откриени вкупно 12-13. На секој под нив му кореспондирала колона од внатрешната страна.

Постаменти. Откриен е еден цел и дел од друг постамент од мермер. Тие стоеле врз стилобатната подлога. Биле високи 0.545 м, широки 0.655 м. Поседувале, оддолу рамен профил, потоа обратна кима реверса, рамен снижен кубус и повторно истата профилација но по обратен редослед.

Бази. Врз постаментите лежеле бази од кои е откриена само една, од бел мермер. Базата поседува римско-јонска профилација. Горниот раб на трохилот е во линија со горниот торус, со вкупна височина од 0.29 м. Пречникот на лежиштето за столбот изнесува 0.45 м.

Столбови – колони. Сочуван е долниот дел од едно стебло на колона, од травертин во должина од 1.63 м, во монолит. Долу со здебелен профил, со два ниски торуса. Долниот дијаметар изнесува 0.45 м со што потполно одговара на откриената база. Поседува иста дупка за метална спојка – кламфа голема 6.5x6.5x7 см.

Капители. Откриен е само еден примерок, од бел мермер и мал дел од абаковиот рог со спирала. Целосната височина изнесува 0.435 м, Долниот дијаметар за за столбот изнесува 0.345 м Дијагоналата на абакот 0.815 м. Во долната половина од капителот доминираат два венци со по 8 акантови лисја во секој. Листовите имаат нагласено главно стебло со длабоки врежани линии. Пет дланки со по 4 перки. По два долни врва од долните дланки се допираат со соседните, формирајќи на тој начин ромбоидни рамкички. Основата на допрените перки од втората дланка чини хоризонтална линија. Венците завлегуваат по малку и во горниот дел на капителот. Нема каулис туку само ратворени лисни чаши. Од нив раснат куси, надворешни хелици со рамен профил. Додека внатрешните се деформирани во вид на мали знаменца. Устата на калатот (кошницата) е тенка. Абаковата плоча врз калатот е дводелно профилирана и тоа со благо конкавни грло и благо конвексно обликуван свиток. Во средината на фасцијата на абакот е оформен цветот (flos), со крилесто обликувани ливчиња, при што се забележува деформирано горното и долното ливче. Датирање: капителот е сличен на таканаречените северијански капители од времето на Северите до средината на III век н.е. Поблиски аналогии во Македонија наоѓаме кај четири капители од Ротондата во Солун. Имаат ист облик па дури и манир на изработката, поради што сметаме дека веројатно биле изработени од истото уметничко ателје или можеби и од истиот мајстор. Датирањето е во првата половина од IV век.[120]

Архитрав. Сочуван е само еден сегмент, од бел мермер. Долу поседува три фасции, горните две се разделени со тесни ленти – астрагали (перла-2 зрна), додека лентата меѓу првата и втората фасција има само коси урези. Над фасциите е кима реверса без орнаменти, а горе завршен рамен профил. Долгите бочни страни имаат ист профил. Широчината на фронталната страна изнесува, долу 0.44 м, горе 0.53 м, а височината 0.43 м

Венец. Сочуван е потполно еден пример, како и делови од втор, и двата од бел мермер. Профилацијата содржи, оддолу, дентикула (dentes 45 mm, intersections 25 mm). На аглите се моделирани два мали плода – јаболчиња. Гејзонот е проектиран за 70 мм, со рамно чело. Одоздола конкавно издлабен. Над него следи кима реверса без орнаменти. Истата профилација ја носат и бочните страни. Широчината на фронтот: долу 0.615 м, горе 1.09 м. Височината на венецот 0.30 м (pes). Испадот е 0.24 м. Должина на елементот 1.287 м.

Столбци. Споменатите столбци што ја делеле централната сала од обиколниот коридор биле сидани од градежни тули, технички прецизно изработени, со рамни и остри рабови, во форматот 0.42x0.28x0.055 м. И надворешните контрафори биле сидани од тули во формат 0.48x0.355x0.055 м.

Домус 2, доцноантички, под Базилика 1

Оваа приватна куќа била откриена точно 100 метри јужно, ј/з од центарот на оркестрата на театарот, веднаш до ранохристијанската Базилика 1, всушност базиликата била делумно изградена

врз западниот дел на Домусот. Овој комплекс бил истражуван во 1973, 1979 и во 1980 година од страна на Д. Корачевиќ.[121] Објектот има ориентација северозапад – југоисток. Sидовите содржеле многубројни раноримски сполии. Бил изграден во раниот IV век. Се состоел од две групи простории, источна и западна. На источната страна биле откопани делови од две големи простории,

СКУПИ,
ФРЕСКО-ДЕКОРАЦИЈА

едната централна поседувала квалитетна фреско декорација со геометриска орнаментика.

На северозападната страна се наоѓала мал термален тракт во рамките на целиот објект, составен од две простории. Поширокатa источна просторија се наоѓала јужно од апсидата на базиликата. Во нејзиниот југозападен дел, под подот бил вграден хипокаустен канал за загревање на просторијата. Каналот е голем 4.2x1.6 м. Хипокаустниот систем се состоел од долен под од тули во форматот 0.27x0.153x0.075 м. Врз долниот под биле положени, вертикално, цилиндрични, шупливи суспензури, со дијаметар 0.20 и височина од две стапки или 0.60 м. Врз распоредената субструктивна конструкција на цилиндричните суспензури бил положен годниот под, составен од масивни подни тули од форматот bipedales две стапки во квадрат (0.6x0.6 м). Овие тули бипедали биле редени – фиксирани делумно врз странични-те sидови на каналот, а делумно врз суспензурите. Биле особено цврсто печени со дијагонални декоративни прстести линии помеѓу аглите. Тестирањето на неколку типични примери ги изнесува просечните димензии: 0.585x0.585x0.075 м. Врз вториот под бил положен водо-отпорен слој хоросан/хидростатен малтер, дебел 0.08 м. Лицата на sидовите на каналот биле измазнети со малтерен премаз помешан со плева. Западно од ова одделение се наоѓало уште едно помало одделение со мала полукружна апсида на југозападната страна и со тесно огниште (praefurnium) во југоисточниот sид.[122]

Ранохристијанска Базилика 1

Судејќи по извонредно силната ранохристијанска активност на епископијата на градот Скупи во текот на доцната антика, јасно беше дека во периметарот на градот егзистирала најмалку една централна, епископска ранохристијанска базилика но придружена со уште неколку базилики, аналогно на околните градови Стоби, Царичин Град кај Лебане, или пак градот на Давина Кула, Чучер Сандево.

Првата ранохристијанска базилика во Скупи беше откриена во периодот од 1975-1979 година.[123]

СКУПИ, БАЗИЛИКА 1,
ТРАНЗЕНА

Базиликата била подигната во југоисточната четвртина од градот, на околу 50 метри југозападно под театарот. Црковната градба била ориентирана со влезот од градската улица, што условило значително изместување на вообичаената ориентација запад – исток во северозапад – југоисток. Претпоставувам дека градбата на античкиот театар во кој веројатно биле жртвувани христијаните во текот на II и III век н.е. ја условила локацијата на базиликата во неговата близина. Базиликата била подигната, врз остатоците од два постари објекти. Еден е т.н. Домус 2 на југозападната страна, објект нарекуван уште и Градска вила (Villa urbana). Вториот објект се протегал под базиликалниот нартекс, презвитериумот, централниот и јужниот брод на базиликата.[124]

По уривањето на базиликата, најверојатно кон доцниот VI или почетокот од VII век н.е., поминале неколку векови, по што, во периодот од X-XII век, нејзиниот градежен материјал бил ваден и носен за изградба на други објекти. Еден прозорски мено е откриен во секундарна употреба во субструкцијата на северниот sид на Скопското Кале.[125] Во северозападниот дел на северниот кораб на базиликата беа откриени делови од сувосидови од мала колиба оформена врз самиот под, потпрена на северниот sид, со две јами за складирање на жито вкопани во подот и две керамички вази. Во источниот дел на коработ е откриена мала печка – огниште. Очигледен е впечатокот дека тука престојувале луѓето кои егзистирале од разградувањето на урнатините на објектите од античкиот град во зрелиот византиски период.

Базиликата 1 се состоела од централен, широк трокорабен наос, северозападен нартекс со северен анекс, потоа широка полукружна апсида и мала тролисна просторија прилепена поднадвор јужниот кораб на неговата југоисточна страна, со очигледна функција на крстилница. Должината на базиликата изнесувала 39 метри а широчината 18 метри. Била градена од кршени, приделкувани камења. На места биле полагани либажни редови кршени тули. Sидовите биле широки 0.7-0.85 м, што е еквивалент на 2.5 римски стапки.

Базиликата е откриена во мошне девастирана состојба, особено во просторот на јужниот кораб, но сепак е можно да се изврши основна реконструкција на елевационите делови. Нема евидентен ексонартекс на запад. Влезот од улицата што водел директно во нартексот бил решен преку три камени скалила. Нартексот е правоаголна просторија со троделна поделба и три посебни влеза од кои е зачуван само северниот влез. Се претпоставува дека, освен северниот анекс – пастофорија, постоел симетричен анекс и на јужната страна на нартексот. Подовите на нартексот и анексите биле послани со подни тули, редени ортогонално со sидовите на прсториите.

СКУПИ, БАЗИЛИКА 1,
КРСТИЛНИЦА

СКУПИ, ОБЈЕКТ СО АРКАДА И КОЛОНАДА
ЦИВИЛНА БАЗИЛИКА

Стандардниот формат на тулите ги поседува димензиите 0.423x0.286x0.046 м. Довратниците на влезовите во нартексот биле опшиени со градежни тули од форматите: 0.45x0.29x0.05 м и 0.35x0.285x0.05 м Во северниот агол од нартексот била оформена ниска правоаголна ниша (1.9x1 м), одгоре пресводена.[126]

Од нартексот се влегувало низ посебни влезови во северниот – женски кораб и во јужниот – машки кораб. Додека во наосот се влегувало преку искачување низ едно скалило и трибелон премин, за кој што се претпоставува дека бил во форма на два sидан и столбци.

Централниот кораб бил поделен од страничните со колонада од столбови со бази и капители, фундирани врз правоаголни sидани бази. Колонадата носела sидани арки, што поседувале фреско декорација. Подот на базиликалниот наос бил послан со водоотпорен (хидростатен - хоросан) малтер со тенко измазнет површински слој. Не е пронајдена ниту една мозаична коцкичка, така што може да се претпостави дека подот бил покриен со мермерни плочки. Ист под но на повисоко рамниште поседувала зоната на презвитериумот на источниот дел од централниот кораб пред апсидата.

Крстилницата била оформена врз термалната просторија со апсидиола на Домус 2, со тоа што била оформена уште една апсидиола на источната страна со преградување на хипокаустниот канал. Ваквиот тип на крстилници по правило би требало да биде крстилница со четири или три апсидиоли, но поради тесниот простор и решението за секундарно искористување на постарата апсидиола на термалниот комлекс на Домус 2, биле оформени само две апсидиоли.

За жал, откриената камена пластика на базиликалниот внатрешен мобилијар е малуброjна.[127] Регистрирани се откршени делови од два коринтски капители од бел мермер, шест делови од ажурирана парапетна плоча од олтарна преграда со централна декорација на шестокрак ранохристијански крст во кружен медаљон, два двојни прозорски столба – менои од бел мермер, и дел од столб, дел од парапетен столбец и дел од импост.

И покрај скромната сочуваност на остатоците на оваа, засега најстара ранохристијанска црква во Скупи, цениме дека истата била особено репрезентативно изградена и украсена.

Врз база на откриените монетите на подот во нартекот на базиликата, на Теодосиј I (379-395), Анастазиј (491-518) и Јустинијан (527-565), во литературата беше изнесено мислење дека базиликата била подигната во доцниот IV или раниот V век.[128]

Меѓутоа историските извори од речиси целиот IV век н.е. посведочуваат живо одржување на божјата служба во Скупи. Бидејќи епископот Дак од Скупи, учествувал на црковниот конзил во Никеја уште во 325 година н.е.[129] Епископот Парегориј од Скупи, учествувал на синодот во Сердика (Софија) во 343 година.[130] Епископот Урсилиј од Скупи бил еден од потписниците на писмото на епископите од провинцијата Дарданија до царот Лав во 458 година.[131] Епископот Кар од Скупи, според писмо од папата до шестте митрополити на Илирик, во петата деценија од V век н.е.[132] Можеби и епископот Урсикин, кому му било адресирано писмото на папата Гелазиј во 493 година, бил од Скупи.[133] Митрополитот Јован од Скупи, бил потписник на писмото до папата Гелазиј, како одговор на Гелазиевото писмо од 493 година, со кое дарданските спископи го осудуваат монофизитското учење.[134]

Според тоа верувам дека го имаме пред нас најстариот божји храм, ранохристијанската Базилика 1, изграден во непосредна близина на симболот на христијанските страдања, античкиот театар во Скупи, храм кој што многу веројатно бил оформен уште во првата половина од IV век н.е.

Ранохристијанска Базилика 2 со атриум

Гледајќи го планот на постарата ранохристијанска Базилика 1, воочуваме дека таа со својата надолжна ориентација, не само што го следи урбанот растер на градот, туку невообичаено, поседувајќи ги основните елевациски елементи на ранохристијанскиот храм, нартекс и наос, со анексите и крстилницата, била оформена без атриум или пак ексонартекс.

Меѓутоа, во 2008 и 2009 година, во Скупи беше откриена уште една ранохристијанска базилика, во чија што планиметрија веќе ја гледаме потполно развиена христијанската идеологија на првиот рај - атриумот, водениот тек на прочистувањето од првиот т.н. Адамовиот грев – нартексот и христијански благословениот живот – земјината плоча – наосот, со гробот Христов во презвитериумот и апсидалниот сончев канал, меѓутоа со терминални апсидиоли на страничните кораби за разделувањето на вознесувањето на женските од машките души на патеката *ad lucem* (кон светлината).[135]

СКУПИ, ДОЦНОАНТИЧКИ И РАНОВИЗАНТИСКИ МОНЕТИ, ОТКРИЕНИ СЕВЕРОИСТОЧНО ОД ТЕАТАРОТ

Базиликата што според градежните карактеристики се датира во доцниот V и во VI век н.е., ја открила и интерпретирала М. Ончевска Тодоровска.[136] Објектот се наоѓа во централното градско подрачје на Скупи, на истата улица – кардо, како и Базилика 1, веднаш до асфалтниот пат кон Бардовци а приближно отспротива Старскиот дом. Нејзината максимална должина мерена со трапезоидниот двор пред атриумот на запад изнесува 53 метри, со широчина од 16.20 метри. И овој објект го следи урбаниот градски растер, иако апсидалната ориентација е нешто повеќе насочена кон исток отколку онаа на Базилика 1.

Накусо, основните базиликални елементи ги содржат следните карактеристики.

Таканаречените влезни простории, на западната страна, од улицата кардо кон атриумот биле незначително трапезоидно обликувани. Атриумот бил оформен во вид на буквата П, со тоа што комплувиумот бил споен со нартексот, чиј што покрив се сливал во заедничкиот имплувиум. Подот на атриумот бил поплочан со подни керамички тули. Атриумот поседувал балкон-галерија кон која се пристапувало преку скалила, што биле откриени во северниот дел до sидот. Трипартитниот нартекс поседувал латерални анекси од кои е откриен само северниот, поподен исто така со подни керамички тули. Од нартексот во латералните кораби на трипартитниот наос воделе единечни порти, додека во централниот кораб се преминувало низ троделен трибелон. Зоната на презвитериумот со олтарната менза била идентификувана единствено врз база на трагите во подната структура. Квадратниот презвитериум голем 6 x 6 метри бил послан со камени плочи. Долж северниот и јужниот sид на латералните кораби, биле евидентирани ниски sидани банкини, што служеле за седење на верниците во корабите. Помеѓу корабите била проектирана колонада со столбови и парапети поставени на sидан стилобат.



СКУПИ, СРЕДНОВЕКОВЕН НАКИТ И АЛАТКА,
ОТКРИЕНИ СЕВЕРОИСТОЧНО ОД ТЕАТАРОТ

Страничните кораби на источните страни биле опремени со полиукружни апсидиоли, додека централниот кораб бил терминиран со апсида, однатре полукружна, однадвор тространа. Откриената архитектонска камена пластика е повеќе од скромна. Камени елементи од влезната порта во атриумот во вид на свод. Делови од двата столба на трибелонот со декоративно изведени издолжени латински крстови со проширени краци во вид на ластовичја опашка. Еден капител со „богата декорација“ и една камена топка – имитација на пиниј што по своја прилика терминирала еден од олтарните столбци. М. Ончевска Тодоровска информира дека Базилика 2, била фундирана врз дел од постар објект - античка терма, потоа врз база на откриените монетни наоди „*од V, и почетокот на VI век, како и бројни монети од втората половина на IV век н.е.*“, смета дека базиликата имала мошне кус век на постоење, имено била изградена кон крајот од V или почетокот на VI век, и пострадала во земјотресот од 518 година. Односно дека по уривањето градежниот шут во височина до околу 1.5 м, не бил расчистуван во најголемиот дел, единствено бил оформен постурбан микростанбен комплекс околу базиликата (датиран во полниот VI и почетокот на VII век) и делумно врз влезните простории на западната страна, а биле откриени и погребувања со инхумирани покојници, без гробни прилози, оптимално датирани во раното средновековие.[137]

Конечно, свесни дека на подовите од храмот божји со работно име Базилика 2, откриен во Скупи кај Злокуќани во 2008 година по раѓањето Христово, биле откриени множество монети од втората половина од IV век, и свесни за сеуште раната позиција на пастофориите на западната страна, околу нартексот, се согласуваме делумно со изнесеното датирање на М. Ончевска Тодоровска во доцниот V век, време кое концидира со особено живата ранохристијанска активност на Скупскиот митрополит Јован. Меѓутоа несомнено е и тоа дека за допрецизирање на датирањето на подигањето на обој божји храм, неопходно е да се извршат дополнителни анализи на откриениот нумизматички материјал како и керамичкиот материјал и особено скромните делови од архитектонската камена пластика.

Градска куќа – Домус 3, под доцноантичкиот градски ѕид

Археологот Л. Јованова, истражувајќи во југоисточниот градски дел на Скупи, открила значителен дел од доцноантичкиот градски ѕид како и остатоци од една градска куќа Домус 3 под ѕидот, што датира од доцниот III век н.е. со регистрирана егзистенција во текот на IV век н.е.[138]

Некрополите на Скупи

Некрополите на градот Скупи посериозно ги истражувале И. Микулчиќ и Л. Јованова. Констатирано е дека постоеле четири некрополи, расположени покрај четирите главни патишта што излегувале од градот.

1 Североисточна некропола. На североисточната страна излегувал патот што водел пореку Визбеговското поле и Визбегово кон Скопска Црна Гора, од каде што токму покрај оваа патна траса бил спроведен главниот градски водовод, на релацијата од изворот кај селото Бањани до Скупи.

2 Северозападната некропола била оформена долж патот што излегувал на главната градска порта и водел преку античкото село Кавадин (Црковен Рид, Бардовци), на левиот брег на реката Лепенец кон Качаничката Клисура. Некрополата ја истражувала Л. Јованова.[139]

3 Јужната некропола се наоѓа на југозападната сатрана од Скупи на просторот до некогашниот антички мост преку Аксиј. Не била истражена. Според ретките камени споменици, И. Микулчиќ заклучува дека се работи за мала некропола на која биле закопувани Италиците.[140]

4 Источната некропола била најголемата главна градска некропола. Таа се протегала од излезот на градската југозападна порта. Гробните алеи биле ориентирани од двете страни на патот во должина од околу 1 км на исток. Северно од античкиот пат биле вршени погребувањата на најдолните падини од ридот на кој што е Хидрометеролошкиот завод, па дури и на неговите западни падини свртени кон градската акропола. Гробните алеи јужно покрај патот се шириле дури до левиот брег на реката Аксиј. Нејзината површина изнесувала околу 30 ха.[141] Западниот дел од оваа некропола поблиску до градот го истражувал, публикувал и интерпретирал И. Микулчиќ.[142]

Источниот дел од некрополата го истражувала и публикувала и продлабочено студиски интерпретирала Л. Јованова.[143]

СКУПИ, ИСТОЧНА НЕКРОПОЛА,
ГРОБНИ САРКОФАЗИ, МАЛОАЗИСКИ ТИП

СКУПИ, НЕКРОПОЛА,
НАКИТ

Во почетниот дел од некрополата на западната страна блиску до градот, било евидентирано погребување на автохтоните жители, додека кон исток се доселениците. На платото северно биле доцноантички погребувања. Евидентираните гробни форми, обичаи и ритуали биле разновидни. Но главно во раниот римски период покојниците биле кремирани, со исклучок на една група скелетни гробови од рано царско време. Карактеристични биле мали четвртести јами, карактеристични уште од предримско време. На преминот од I век пред н.е кон I век од н.е., па се до некаде првата половина од III век н.е. се појавиле и биле практикувани т.н. етажни гробови, т.е. големи четвртести јами со централен ров – алвеола во дното во смисол на долен кат, со двосливен покрив од тегули. Биле евидентирани повеќе камени сандаци – саркофази, со двосливни покривни капаци, како имитација на божјите храмови, божја куќа - гаранција за вечниот живот. Од гробните прилози е забележено присуство на садови за вода, плитки чинии, накитот на покојниците, по некој предмети кои говорат за професијата на покојниците, речиси редовно керамички светилки - луцерни и редовниот „обол за Харон“ – монетите што биле полагани или во устата на покојникот или некаде покрај него, поради верувањето дека со оваа паричка душата

СКУПИ, НЕКРОПОЛА,
КЕРАМИЧКИ СВЕТИЛКИ - ЛУЦЕРНИ

КЕРАМИЧКА СВЕТИЛКА - ЛУЦЕРНА,
ПЕРСОНИФИКАЦИЈА НА ПРОВИНЦИЈА АФРИКА, ДЕТАЉ

(психе) го плаќа превозот до подводното / подземјата царство на Ад.

Значајно е да се истакне дека во периодот од I до III век н.е. гробовите биле интензивно маркирани со надгробни камени споменици од типот стели со соодветни епитафи, главно на латински јазик а поретко на старогрчки, од кои што дознавме огромен број податоци од животот и општественото и градско уредување на Скупи. Со нивно истражување се занимавале главно Н. Вулиќ, Б. Драгојевиќ Јосифовска и С. Бабамова раководител на Лапидариумот со епиграфскиот оддел при Археолошкиот музеј на Северна Македонија во Скопје.[144]

Б. Драгојевиќ-Јосифовска во нејзиното капитално дело за надгробните споменици во Скупи и Скопско, евидентирала 159 надгробни споменици, главно од категоријата надгробни стели како најбројна, а помалку кипуси и саркофази. Индиректно ги регистрирала мавзолеите. Таа извршила типолошка поделба на четири типови стели. 1) Две варијанти на стели со зашилен – двосливено обликуван челен фронтон, со епиграфско - натписно поле: а) стели со триаголен фронтон и б) стели со петоаголен челен фронтон. 2) Стели со заоблен фронтон и епиграфско поле. 3) Стели со заоблен или шилест фронтон со епиграфско поле во форма на диптих. 4) Стели со релјефно поле и со епиграфско поле под него.[145]

Полски вили

Римјаните секако извршиле центуријација на Скопското Поле, меѓутоа со овој проблем сеуште никој не се занимавал. Но познато е дека во првите векови од новата ера ширум Скопско биле оформени голем број полски имот кои милуваме да ги нарекуваме полски вили рустики, наспроти урбаните – градски вили во градот Скупи. За истите сведочат обично малите семејни гробишта покрај полските вилите а честопати и самите објекти. Така, една приградска вила била откриена речиси до самиот северозападен градски бедем на Скупи.[146] Уште една вила била откриена на местото на Железарата во населбата Автокоманда.[147] Надгробните споменици на една семејна некропола биле откриени на крстосницата кај Архивот на Град Скопје во Карпош.[148] Надгробен ципус со пинија беше откриен при градежни работи кај зградата до општинските бараки на општината Карпош.[149] На масивното стебло од една колона посветена на Јупитер и Јунона, откриено во секундарна употреба во нартексот на базиликата на локалитетот Коњушница, село Орман, е споменат управителот на една вила (vilicus) по име Филип.[150]

Религијата, храмови, богови

Нашите познавања за античките божества во Скопско се однесуваат главно за римскиот царски период, затоа што токму во раниот царски период се забележани имињата на боговите на натписите и од тоа време датираат малку статуи на божест-

БРОНЗЕНА ГЛАВА НА ДИОНИС ТАУРОС, С. ЈАБОЛЦЕ – СКОПСКО

СКУПИ,
ПОРТРЕТ
НА ВЕНЕРА ПУДИКА

вата. Најстара секако би била бронзената глава на Дионис Таур од село Јаболци, јужно од Водно.[151] Се работи за глава на Дионис во природна големина која што најверојатно била отсечена од целата статуа во некое од поголемите светилишта на југот на Балканот, и која што по некоја случајност останала во околината на скопското село Јаболци.

Во првите векови од н.е. во Скопско се забележени божествата од римскиот пантеон, како Јупитер и Јунона, потоа Аполон, Минерва, Венера, Немеза, Фортуна. Локалните фигури како Дракон и Дракена. Забележен е и полубогот Херкул.[152]

Римската војска било преку селењето на легиите било преку регрутацијата на легионерите во Скопско ги донесува источните божества како Митра, Долихен, божицата Сириа, Збелтиурд.

VI АНТИЧКИТЕ ПАТИШТА НИЗ СКОПСКАТА КОТЛИНА

Магистралниот пат од Скупи кон Стоби

Низ Скопско во антиката минувал магистралниот пат што ги поврзувал егејските краеви со континенталниот Балкан. Во римско време се смета дека овој пат претставувал јужен крак на таканаречениот Via militaris (Воjнички пат: Константинопол - Сердика - Наисус - Сингидунум). Во Македонија, од север, овој пат водел преку Косово, територијата на античкиот град Улпијана, а не како што извесно време се сметало на линијата Морава - Грделичка Клисура. Поради нагласената коса проекција на картографските извори од кои била прецртувана Tabula Peutingeriana, изработувачите на оваа ценета древна карта, на делницата Naissus - Scupi - Stobi, или префрлиле по грешка некои од крајпатните станици и пред Скупи, на релацијата кон Стоби. Или можеби, што ми изгледа логично, ги споиле двата постоечки патни правци што воделе долж двата брега на реката Аксиј од Скупи до Стоби.

Трасата на овој пат според Појтингеровата карта водела преку: Scupis XXI виња за бања XII Anausaro XXXII ad fines VII ad Hercule VIIII Presidio VIIII ad Cephalon XIII Gurbita VIII Stopis. Вкупниот број на римските милји изнесува 111, или претворено во километри од 164.28 – 166.5 км. Меѓутоа, растојанието помеѓу Скупи и Стоби изнесува 84 км (52.2 милји), што значи дека дистанцата помеѓу Скупи и Стоби на Појтингеровата карта била дуплирана.

Во обидите за корекција на грешката во науката биле изнесени различни предлози, и тоа на Н. Вулиќ, Ф. Папазоглу, М. Мирковиќ, Т. Томоски, Б. Ѓорѓиевски,[153] како и И. Микулчиќ,[154] кој ја реконструираше оваа делница врз база на картографските извори и археолошките локалитети. Во продолжение излагаме еден предлог за реконструкција на овој пат.

На излезот од Качаничката Клисура патот минувал крај големата населба од римско време на локалитетот Царевец. Влезот во клисурата на ова место, во антиката го контролирал кастелот на ридот Давина Кула, атар на селото Чучер. Според откриената железна фибула од т.н. малоазиски тип, очигледно е дека на ридот бил лоциран мал стражарски кастел во раната антика за одбрана на Скопско од непријателските пробиви. Подоцна во периодот од III-VI век н.е. кастелот бил обновен и трансформиран во доцноантичко градче. Незначително оддалечувајќи се од левиот брег на реката Лепенец, низ Визбеговското Поле, патот водел кон левиот брег на Вардар каде влегувал директно во градот Скупи, за што сведочи и откриениот милјоказ на ова место, со ознаката 2 милји. Од Скупи, патот во благ лак заземал правец кон И-Ј/И, водејќи преку рамнината на атарот на село Белимбегово, минувал северно од мочурливиот предел Шамак пред Катланово и избивал на реката Пчиња. Ја следел долж десниот брег до каструмот на локалитетот Дрма - Смрѓец, пред селото Бадер, каде е изнесен предлог за убицирање на станицата Praesidium од Појтингеровата карта (види го описот на локалитетот). Ова била претпоследната точка на провинцијата Горна Мезија, на магистралниот пат кон провинцијата Македонија.

Истражувачите на патот предложија две варијанти на продолжетокот од Бадер кон земјите на соседната римска провинција Македонија. На два пати И. Микулчиќ се произнесе, околу трасата на магистралниот пат од зоната Катланово / Бадер. Најпрво со правец преку косите Крст и Кожелска Корија то ест преку селото Кожле од каде се спуштал кон устието на реката Пчиња во Вардар.[155] Потоа, најпрво е неодреден, навидум приклонет кон трасата низ коритото на Пчиња: „*Од Бадер на југ патот го поминувал устието на Пчиња покрај граничната врдина кај Кожле*“, но од друга страна во продолжение го цитира А. Еванс, кој видел делови од римска калдрма кај селото Блаце.[156]

Но факт е дека на тој правец нема никакви антички инсталации за контрола и одржување на патот. Напротив, археолошките локалитети и наодите укажуваат дека, само една патна траса водела во предисторијата, низ бронзовата епоха како и низ железното време, а во континуитет и низ антиката и средниот век, и тоа долж самото корито на реката Пчиња, и тоа од Бадер до велешкото село Сопот. Токму на тој пат се регистрирани две крајпатни утврдувања, на локалитетите Кула Бадер и Солиште, Летевци. Во средишниот дел на клисурата



СКУПИ,
МИЛЈОКАЗ ОД ВРЕМЕТО НА МАРК АВРЕЛИЈ

е градот на локалитетот Маркови Кули, Летевци. Овие локалитети, древни кастели и градот на Марковите Кули, Летевци кој што можеби еден ден со сигурност ќе биде идентификуван како кастелот Бедеријана од текстот на Прокопиј, недвосмислено ја исцртуваат насоката на еден значаен пат, за кој уште еднаш подетално ке стане збор подолу во текстот. Од устието на Пчиња во Вардар, овој пат водел долж левиот брег низ клисурата и по околу 4 километри доаѓал до кастелот Кале село Сопот, каде е убицирана станицата ad Cephalon од Појтингеровата Карта. Се смета дека токму тука била границата помеѓу раноримските провинции Moesia Superior и Macedonia а тоа го потврдуваат освен лингвистичката дистинкција помеѓу латинскиот збор praesidium и старохеленскиот збор кефалон - кефалос – глава. Всушност, при наближувањето кон доминантната акропола на Кале Сопот, од северната страна, гледаме дека истата наликува на глава.

Меѓутоа, со интензивните теренски археолошки истражувања, како на Бадерско-Пчињската Клисура така и на Таорско-Карабунишката клисура на Вардар во последните години документиравме уште неколку непознати но значајни локалитети, за кои ке стане збор подолу во текстот. Сметам дека дуплираното растојание помеѓу Скупи и Стоби од 111 римски милји, односно 166.5 км, претставува сериозен проблем кој што допрво ќе мора да се решава, при што помислувам дека се тоа две патни траси, што воделе долж двата бреда на реката Аксиј (Вардар). Во тој контекст би наспомнал например, дека со убикацијата на споменатите станици Гурбита (Згрополци), ад Кефалон (Сопот), Президум (Бадер), сеуште остануваат да „висат“ значајни локалитети со потврдена егзистенција од IV век (времето на протогената верзија на Појтингеровата карта), како што се Велешкото Кале кај Велес, Маркови Кули, кај село Летевци.

Патните правци во Скопско во антиката

Царот Диоклецијан во рамките на реформите го поделил Римското Царство на два дела: источен и западен, со император со титулата август на секој дел и помошници со титулата кајсар. Ваквата влада со четири водачи била одржувана во текот на четири последователни смени а потоа овој систем се распаднал. Секоја половина имала по два дела наречени префектури (praefectura, -ae). Источното Римско Царство било поделено на префектурите Илирик и Ориенс. Префектурата Илирик во која се наоѓале и нашите земји, била поделена на две диецези: Дакија и Македонија, а пак овие биле поделени на повеќе провинции.

Според оваа поделба Скопско-кумановскиот басен припаднал во доцноантичката провинција Дарданија (регионите Косово и Скопско-кумановско) со главен град Скупи.[157] Причината била поради тоа што кога Римјаните ја освоиле, оваа област истата била во рацете на Дарданците. Се смета имено дека Дарданците иако ја освоиле скопската област во III век пред н.е., тие не ја населиле бидејќи не биле демографски способни, туку населението го поробиле, а пределот го користеле во нападите на античкото кралство Македонија. Откако нападнале на пајонските Агријани, кои во најраната антика ги населувале регионите на Полог, Скопско, Кумановско и на исток, тие ги принудиле да се повлечат во долината на Крива Река. Се чини дека Агријаните не успеале да се спротивставата соодветно на Дарданците, затоа што најголемиот дел од нив веќе биле преселени и останале на Исток, каде го придружувале Александар III Македонски.

Границата на доцноантичката провинција Дарданија во Република Македонија, водела од врвот Љуботен, преку масивите на Сува Гора, Караџица, Голешница и Градиштанска Планина. На југоисток, исток од Асаница преку ридестиот предел Средорек на планината Козјак. Дискутабилна е припадноста на големиот доцноантички град кај село Коњу (Транупара ?) кон Дарданија или кон Средоземна Дакија.

Географско-топографските особености го чинат Скопскиот басен извонредна крстосница на патните правци. Низ Скопскиот басен во доцната антика минувале главно две позначајни сообраќајни комуникации. Древната античка магистрала север – југ, од Дунавските краеви преку Косово, Качаничката Клисура на Бадерската Клисура на Пчиња кон Егејското море. И попречната магистрала, исток / југоисток – запад, од Јадранскиот брег по долината на реката Дрим, преку Шар Планина низ Полог, Скопско, преку Штипско и Струмичко на исток кон Константинопол.

Меѓутоа, непредвидливите премрежија во доцната антика предизвикале потреби да се заштитуваат многу поголем број помали патни правци кои воделе преку планинските премини на сите страни од Скопската Котлина.

На западната страна, во Скопскиот басен воделе потесни долини и клисури, а проширениот предел кон исток, овозможил најмалку две патни комуникации.

Главните западни влезови во Скопско во доцната антика биле контролирани со стражарски кастели. Така, теснецот меѓу Бојане и Рогле бил заштитен со кастелот Мае Кикес (Врв Кике), село Рогле и со долгиот ѕид - клаузура Марков Ѕид кај село Церово. Радушката Клисура, од скопската страна, била блокирана со стражарскиот кастел на ридот Кале, село Горно Свиларе. Теснецот Матка бил блокиран со кастелите Марков Град Матка и кастелот на Манастирот Св. Никола во Нир отспротива, но и со стратегиската позицијата на ридот Голема Пешт помеѓу селата Матка и Глумово. Алтернативен пат, паралелен на магистралниот во Качаничката Клисура долж Лепенец, водел од Качаник преку селата Иваја, Котлина до теснецот Клисурица низ којшто влегувал во скопскиот агол кај селото Горно Свиларе. Теснецот Клисурица бил заштитуван со моќниот кастел на ридот Голема Кула на границата на атарите на Горно Свиларе и Кучково.

Ќе се осврнеме малку подетално на една доцноантичка верзија на главната патна магистрала низ Скопско чиј што продолжеток до Стоби, аналогно основните информации претставени на Појтингеровата карта несомнено побарууваат продолжителни теренски археолошки истражувања. Таканаречениот Вардарски пат (Via Axia) минувал низ Скопскиот басен по дијагонала. Патот доаѓаал не преку долината на Јужна Морава како што би се очекувало и каков што е случајот со актуелната магистрала, туку низ долгата Качаничка Клисура, долж реката Лепенец, од соседниот регион Косово, влегувал во Скопско кај Стенковец, отспротива селото Орман.[158] Тука бил контролиран од доцноантичкиот кастел на ридот Давина Кула, Чучер, кој подоцна во V и VI век н.е. прераснал во значаен доцноантички град. Патот продолжувал за околу десет километри долж левиот брег на Лепенец, и влегувал на северната градска порта во доцноантичкиот град Скупи.

Од Скупи, патот, излегувајќи на југоисточната градска порта водел долж левиот брег на реката Вардар, минувал низ градската некропола. Во продолжение, прашање е, дали патот водел до малиот стражарски кастел што бил подигнат на Скопското Кале, каде што го минувал Вардар или само на 3 км југоисточно до местото на левиот брег на Вардар, каде што бил откриен милјоказ со ознаката „2 милји (до Скупи)“[159]? Како и да е, се чини дека во доцната антика на некоја од споменатите точки патот ја минувал реката Вардар и продолжувал по десниот брег на Вардар до мостот кај селото Таор. Тука на ридот Градиште над селото бил изграден силен крајпатен стражарски кастел, за контрола на преминот преку Аксиј. Во науката е изнесена и идејата дека токму Таор бил родно место на византискиот цар Јустинијан I. Таор бил значи важна крстосница, раздвојување на два пата. Еден што водел кон Катланово и долината на Пчиња а друг што продолжувал покрај Вардар.

Пчињската делница, од Таор се движела по јужниот раб на močурливиот предел Шамак (некогашното езеро Јелатно), во северното подножје на ридестиот предел минувајќи покрај малата населба од отворен тип на локалитетот Тотинци (каде регистриравме мала античка населба од отворен тип) до утврдувањето на локалитетот Дрма-Смрѓец, 700 метри северозападно пред селото Бадер. Овој предел, како и напредувањето во долината на Пчиња кај Бадер, преку Дрма-Смрѓец е рамен, со далечни визури што гарантирало извесна безбедност. Меѓутоа, токму кај Бадер патот приоѓал кон десниот брег на Пчиња и под ридот Солиште, село Летевци, влегувал во тесната Бадерско-Пчињска клисура. Влезот во клисурата на ова место бил посебно обезбеден со два фортифицирани објекти. Патот избивал на реката под карпестиот рид Кула, Бадер (кота 279.5 м), од каде после околу 500 метри преминувал на левиот брег на реката во јужното подножје на ридот Солиште, Летевци. Всушност, на доминантниот рид Солиште (кота 357.6 м), бил изграден во доцната антика силен кастел - стража со акрополен дел поставен на врвот точно над тунелот, на автопатот Скопје - Велес. На западната падина од ридот што се протега за околу 200 метри било утврдено долгото западно подградие, надолу по падината од ридот, оформено така заради вооружена блокада на влезот во клисурата и отфрлање на напаѓачките групи кои доаѓале од север од Бадерското поле. Потоа, на околу еден километар во Бадерската Клисура, на левиот брег на доминантен рид, се издига акрополата на гратчето на локалитетот Маркови Кули, село Летевци, околу кој што реката Пчиња врти во широк лак оформувајќи голем полуостров на кој во доцната антика била изградена ранохристијанска црква и некропола.

Истражувањата на археолозите И. Микулчиќ, К. Трајковски, во поново време и В. Л. Адамс, на овој локалитет презентираат слика на населба од доцната бронза и железното време со можен континуитет и низ раната антика (драхма на пајонскиот крал Патрај), потоа доцноантичко градче со егзистенција од IV-VI век н.е., со егзистенцијален континуитет низ средниот век начелно од X-XIV

век во ликот на средновековниот град Кожле, чие што име го наследило селото Кожле високо над десниот брег на Пчиња.[160]

Магистралниот пат од тука продолжувал до устието на реката Пчиња во Вардар и потоа долж левиот брег на Вардар до доцноантичкиот кастел на локалитетот Кале, село Сопот, претпоставената станица ad Cephalon од Појтингеровата карта.

Додека од Таор продолжувале две патни траси, долж двата брега на реката Вардар. Едната, покрај левиот брег на Вардар била заштитувана од утврдувањето на Пакошевска Карпа, Пакошево на околу 4 километри јужно од Таор. Тоа било мало крајпатно утврдување со егзистенција од IV-VI век н.е. Во продолжение кај Ново Село, на 2 км јужно кај Ново Село се наоѓа големата античка населба со богатата некропола на Рамниште. Левиот брег на Вардар во продолжение до устието на Пчиња, никогаш не бил испитуван. На тој простор, на топографската секција 1:25.000, отспротива вливот на Кадина Река, постои топоним Црквине.

Освен тоа, долж десниот брег на Вардар од мостот кај Таор водел исто така еден пат, преку атарот на Зелениково. Од атарот на селото Смесница се двоел. Еден крак, ја минувал Кадина Река на нејзиното устие во Вардар и водел долж брегот се до излезот од клисурата под селата Карабуниште и Слп, од каде се влегувало во Велешкиот крај преку атарот на селото Белештевица. Овој пат бил контролиран со најмалку три а можеби и четири стражарски кастели. Првиот кастел бил оформен на ридот Пењок (Пенџук) над железничката станица Кадина Река. Вториот кастел би бил Градиште на некаде над левиот брег на Вардар, северно од Карабуниште. Третиот кастел е Цуцул, Карабуниште, на ридот што се издига јужно над манастирот Св. Илија, Карабуниште. Од тука, на околу 3.5 км јужно, патот минувал под Кале, Слп, значаен стражарски кастел во IV и V век н.е.

Ова биле патиштата во коритото на Вардар. Но постоел и еден повисок патен правец што водел од Зелениковско, преку атарите на денешните села: Смесница и Добрино. Токму кај Долно Добрино патот двоел. Една делница водела кон Стари Слп, Рлевци. Овој пат бил контролиран од фортификациите на Кале и Градиште, Долно Добрино, и минувајќи на потегот помеѓу Стари Слп и планинскиот премин Дурмишевец кој што бил непосредно контролиран од кастелот на Градиште Рлевци во периодот на раната и доцната антика. А втора делница водела од Долно Добрино кон кастелот Цуцулигово, село Карабуниште, Кале, Слп и кон Велешко Кале.

ЗАПАДНИ ВЛЕЗОВИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Како што веќе споменавме, најстарите патни комуникации воделе долж долините на реките. На западната страна во Скопско влегувале реките Вардар и Треска.

Водите на реката Треска, од кичевското село Извор, течеле 138 километри главно низ Кичевското Поле и планинскиот регион Пореч до Скопско. Последните дваесетина километри, од Поречкото село Здуње до Матка, претставувале тешко проодна клисура, денес потполно блокирана со водите на вештачките езера Матка и Козјак.

Страните на оваа клисура се стотици метри високи, речиси вертикални карпи под кои течеле водите на реката Треска позната и како Велика Река. Не е познато нејзиното античко име, но, знаеме дека покрај речниот тек водела најкусата патна сообраќајница помеѓу Скопско и Пелагонија како и Кичевијата.

Во раноримскиот царски период, токму во зоната помеѓу Матка и Здуње, била повлечена граничната линија меѓу провинциите Горна Мезија (Скопско) и Македонија (Пореч). Нема податоци дека провинциската граница во првите векови од н.е. била посебно одржувана, контролирана.

Но, во доцната антика оваа состојба се сменила. Во периодот од IV-VI век н.е., границата ги делела доцноантичките провинции Дарданија, во регионите на Скопско и Косово на север и провинцијата Македонија Втора, што се протегала на северозапад во Полог, запад Кичевско, југ Пореч и Пелагонија и на југоисток. Обидувајќи да откриеме каде точно била трасирана граничната провинциска линија, се упатуваме во местоположбите на неколку доцноантички кастели во тој регион кои несомнено ја контролирале токму провинциската граница.

Во постарата литература опстојуваше убедување дека клисурата кај Матка во минатото била непроодна. Меѓутоа поновите истражувања на древните стражарски кастели на ридовите околу клисурата,[161] што се потпираат и на сведочењето на Ѓорче Петров,[162] го посведочија прастариот пат што водел низ долината на Треска од Брод до Матка: „*Од горниот крај на скопското поле се одделува коњски пат, којшто низ клисурата на Треска и по нејзината долина води нагоре во Пореч. Патот минува по самата долина на реката. Бидејќи и последната, како што видовме, е тесна, каменита и карпеста, тој пат е многу незгоден, а која река ќе дотече по него не може воопшто да се оди, бидејќи водата е силна и ја покрива целата долина. Селаните од Долно Порече следуваат по него во Скопје и носат овошје и друго. Патувањето станува опасно поради неколкуте арнаутски села коишто се наоѓаат по падината на клисурата. Поради тоа поречани претпочитаат да одат на пазар во Прилеп и Битола место по тој пат*“.

Влезот Здуње – Долна Матка во долината на Треска

Приодот од поречкото село Здуње до Долна Матка се состоел од три дела. Првиот дел, долг околу 5 км, водел од Гургурска Лака кај големата кривина на утоката на Расова река. Реката била кривулеста, но долината со просечната широчина од 100-300 метри, овозможувала непречено патување. Наредните 6.5 км, од Гургурска Лака кон североисток, Треска течела во слични услови, примајќи ги водите од доловите, Пеколник оддесно и Речиште кај Црвена Карпа (517 м) одлево. Тука, над левиот брег над Треска, се издига 1238 м високиот врв Брикул. Се наоѓа источно од селото Луковица. На неговиот врв се остатоци од некогаш моќно доцноантичко утврдување, кое служело за контрола на патот во клисурата но и како кастел спекула, за визуелна комуникација со кастелот Кале, Барово на Водно. Од вливот на Речиште во Треска, кон североисток, следел најризичниот дел од патот. Наредните 13.8 километри до т.н. Порта Матка (денес преградена со бетонската брана на езерото Матка), претставувале најтешко прооден терен, со речиси вертикални сурови карпи на планината Ивања одлево и Ивањскиот Осој – Козјак оддесно. На околу 1.5 км после големата кривина, под изворот Коритиште, во атарот на раселеното село Козарево (денес атар на селото Св. Петка), водите на Треска дотекувале до карпестиот процеп Матка. По избивањето низ процепот, наредните 8 км Треска има смирен тек и се влева во реката Вардар.

Портата Матка, била контролирана и заштитувана во доцната антика со посредство на доцноантичкиот кастел на локалитетот Марков Град и малиот сеуште дискутабилен кастел – стража на археолошкиот локалитет – споменик на културата Манастирот Св. Никола (во Нир) Шишевски.

Оваа патна траса за влез / излез во Скопско на југозападниот агол, сепак била употребувана исклучиво во летните месеци, и тоа кога водата секнувала, намалувала. Сообраќајот бил исклучиво карвански, пеш или со делумно јавање.

Влезот на превојот Крстец

Токму блокирањето на овој пат со надојдените води во зимските месеци, предизвикало оформување заобиколен, алтернативен пат, што водел на релацијата Брикул – Луковица – премин Крстец – Бели Пат. Бидејќи, минувањето долж десниот брег на Треска, преку искачување низ стрмниот предел од Здуње преку долниот дел од долината на Оча Река преку рамништето на Венец и Козјак и повторното спуштање преку стрмните западни падини на Водно, било речиси невозможно, била трасирана заобиколница на левиот брег на Треска. На таа страна висока пречка претставувала планината Ивања, како северно продолжение на Сува Гора. Заобиколницата избивала преку превојот Крстец на споменатиот Бели Пат што водел од Ларце до Горна Матка – Глумово, помеѓу кои се наоѓа доцноантичкот воен пункт на локалитетот Голема Пешт, Горна Матка.

Притоа постоела уште една патна комуникација, и тоа во југоисточната падина на планината Ивања, а над клисурата на Треска, што водела по кривулеста изохипса од тврдината Марков Град преку средновековните раселени села Стара Матка – Момково – Ивања, на седлото помеѓу високиот Крстец Тепе (1402 м) и врвот Крастава Чука (1184 м) за Луковица. Меѓутоа, бидејќи оваа траса, што ја посведочуваат и споменатите раселени села, била полна со кривини поради конфигурацијата на релјефот, била оформена споменатата патна линија Брикул – Луковица

– Крстец (1268 м) – месностите Брестович и Ќелија – Раович.

Планинскиот премин Крстец претставувал озобено важна стратегиска комуникациска крстосница. Тука се сечеле патиштата од Матка и од Полог, како и од Сува Гора и од Здуње. Во неговото североисточно подножје, на точно 2 км, се издига ридот Киша, кота 970 м (црква на албански).

Влез по Белиот Пат

Традицијата на оваа патна линија што водела од превојот Света, преку Ларце, потоа на повисоката планинска изохипса, од заселокот Јабланица, покрај ридот Киша (Црква), над Мерово, преку Раович, Горна Матка, и денес ја одржуваат шарпланинските сточари кои циклично, наесен и напролет ги селат стадата во зимските бачила во Средното Повардарје и обратно. Овој пат познат под називот Бели Пат, водел долж северното подножје на пчланината Осој / Ивања и се спуштал преку Горна Матка и Глумово во Скопското Поле.

Белиот Пат бил контролиран од малиот доцноантички кастел на локалитетот Градиште на ридот југозападно над меровскиот заселок Јабланица. На неговиот правец, некаде помеѓу денешните села Мерово и Раович, поточно кај потезите Љуми е Бодинит и Рајна, минувала старата раноримска провинциска граница меѓу Македонија и Горна Мезија односно меѓу Македонија Втора и Дарданија во доцната антика. Тука некаде треба да се бараат остатоците на големиот Марков Ѕид (Мури Маркет алб.), всушност долгата клаузура што повеќе пати ја посетував и документирав на југоисточната падина од Марков Ѕид, село Церово пред околу две децении. Според кажувањата на локалните жители, делови од ѕидното платно се гледаат на југ / југоисток во правецот кон Ивања, но и кон североисток на сртот на Голем Жеден на север кон Радуша. Марков Ѕид претставува голем културен - археолошки феномен кој што сеуште не е докрај истражен и познат.

СЕВЕРНИ ВЛЕЗОВИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Влезот Качаник – Горно Свиларе

Алтернативен пат водел од Качаник преку атарите на селата: Котлина – Кривеник – Грачани – Горно Свиларе, каде што излегувал низ теснецот Клисурица што бил контролиран од силниот кастел на локалитетот Голема Кула на границата на атарите на селата Кучково и Горно Свиларе.

Влезот низ Радушката Клисура во долината на Вардар

Се работи за патната комуникација меѓу Долни Полог и Скопско, како и меѓу западно Косово од каде доаѓал прастариот пат од Јадранското Море преку реката Дрим и градот Призрен, околу врвот Љуботен, на клучката кај село Орашје на Вардар во Радушката Клисура.

Патот влегувал во клисурата околу 3.7 км североисточно од општина Јегуновце. Тука бил контролиран од античкиот и средновековен град на ридот Градиште, Јегуновце. Водејќи покрај брегот на Вардар, по околу 1.5 километар, патот доаѓал до полето помеѓу селата Дворце и Орашје. Тука, на 0.8 км северно од реката, на високиот рид Градиште (Kalaja e Nices), егзистирал значаен антички и средновековен град на кој се надоврзувала споменатата патна линија од западно Косово. Наредните 5 км патот продолжувал долж Вардар до позицијата на селото Радуша и за наредните 7 км, заобиколувајќи го доминантниот рид Кале, Горно Свиларе, што се наоѓа точно отспротива селото Рашче, влегувал во Скопското Поле.

Влезот Рогле – Бојане

Коридорот по кој минува актуелната магистрала Тетово – Скопје бил користен и во минатото. Со таа разлика што од запад се спојувале две патни линии, а во Скопско се раздвојувале исто така два патни правци.

Прастарата патна врска од Гостивар, што водела долж десниот брег на Вардар, преминувала на планинскиот превој Света, помеѓу Милетино / Горни Челопек и Ларце и кај Групчин се спојувала со патот што доаѓал од правецот на селото Желино низ раседлината помеѓу Мал и Голем Жеден. Потоа патот минувал низ теснецот Карпалак, помеѓу ридовите Кука село Рогле и Марков Ѕид село Церово. Излегувајќи од теснецот, патот се двоел. Еден правец водел долж рекичката Дервенски Поток (Фуш) кон Сарај а вториот правец водел од Бојане преку Копанце и кај Рашче продолжувал долж десниот брег на Вардар.

ИСТОЧНИ ВЛЕЗОВИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Скопското поле на североисток е речиси отворено кон соседниот Кумановски регион. Познати се главно две позначајни патни траси. Едната водела долж подножјето на Скопска Црна Гора преку атарите на денешните села Арачиново, Никуштак, Матејче, Слупчане, Лојане, Ваксинце. Втората водела на исток до Пчиња кај Горно Коњаре и за соседното Овче Поле.

Јужни комуникации преку кои се преминувале планините Китка и Карацица ќе бидат опишани подолу во текстот.

СКОПСКО ПОЛЕ,
ИСТОЧЕН ПРИОД

VII ДОЦНАТА АНТИКА ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

ДОЦНОАНТИЧКИ КАСТЕЛИ И ГРАДЧИЊА

АЛДИНЦИ • КАЛЕ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Според Ј. Трифуноски: „*Више селото, на возвишението кај утоката на Кадина (на картата е означена како Вукадинова река) и Ајлаџичка Река, се најдуваат урнатини од некоја тврдина (Каља). Народот за ова градиште не знае ништо да кажува. Може да се земе дека оваа населба била станиште на посада, што го штитела патот на гребенот од Мокра Планина*“.[163] Првиот археолог што ја истражуваше оваа карактеристична утврдена позиција, И. Микулчиќ, ја изработи и првата, некомплетна планиметрија.[164] Врз база на тоа а без конкретни движни материјални наоди од локалитетот, тој ја интерпретираше фортификацијата како доцноримско гратче – локален опидум, што по големината се наоѓа на трето или на четврто место во Скопската Котлина.[165] Наредните теренски истражувања што беа реализирани во 2016 година од страна на археолошки тим на Археолошкиот музеј на Македонија дојдоа до поинакви согледувања. Имено се работи за доминантен планински рид над утоката на Луручка Река во Кадина Река. На теренот е евидентиран мал но силен доцноантички кастел што бил оформен на карпестиот срт. Тој се состоел од акропола и источна југоисточна утврдена тераса. Акрополата е голема 145x35 м, а источната тераса 245x20/30 м. Вкупно 245x60 м со површина од околу 0.8 – 0.9 ха. Највисоката кота во средиштето на акрополата изнесува 1375 м. Кастелот поседувал три одбранбени фоси на јужната страна. Првата е веднаш под челната јужна кула на акрополата. Втората е на 30 м јужно од јужното чело на терасата и третиот одбранбен ров е на околу 125 метри јужно од јужното чело на терасата. Акрополата има развлечена триаголна форма исполнета е со контури на правоаголни градби. При истражувањата се откриени 19 бронзени монети, сите исклучиво од VI век н.е. Идентификуван е еден фолис на византискиот цар Анастазиј. Потоа 12 фолиси што сеуште не се идентификувани но, веројатно повеќето му припаѓале на Јустинијан I, како и пет апоени од, по 16 нуми. Освен тоа откриен е и еден железен звонец од карактеристичен доцноантички тип.

Кастелот се наоѓа на прастарата патна комуникација од Скопско кон Велешко и Пелагонија. Сместен е на позиција за одбрана на единствениот премин од Карацица кон Долно Јаболчиште, од евентуалните агресори кои доаѓале по долината на Кадина Река но и од долината на Маркова Река. На раздалеченост од 2.4 км воздушна линија североисточно од кастелот се издига доминантниот врв Каља, Црни Врв, кота 1714 м, кој што примал сигнали за тревога од два кастели на Водно, Маркови Кули, Кисела Вода и Кале Барово. И повеќе од очигледно е дека Кастелот на Кале Алдинци, претставувал значајна воена база за блокирање на патната комуникација кон Велешки Азот по долината на Тополка односно преку Горно Јаболчиште кон Пелагонија, во VI век н.е.



ПЛАН
ЦРНИ ВРВ/
АЛДИНЦИ/
КАЛЕ / КАЉА

КАЛЕ,
ЦРНИ ВРВ / АЛДИНЦИ,
МОНЕТИ ОД VI ВЕК

КАЛЕ, ЦРНИ ВРВ / АЛДИНЦИ,
ИЗГЛЕД ОД СЕВЕРОИСТОЧНАТА СТРАНА



КАЛЕ, ЦРНИ ВРВ / АЛДИНЦИ,
ДЕЛ ОД ОСТАВА, МОНЕТИ ОД VI ВЕК

АЛДИНЦИ (МАЛА РЕКА) • КУЛИЦА, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Мала фортификација евидентиравме во 2003 година на 1.2 км северозападно од селцето Мала Река. Се работи за доминантно плато над коритото на Кадина Река, што се издига точно над преминот на реката, со големина од 124 х 60 м, со височина на централната кота од 1049.1 м. Била утврдено со сувозид. Поседува клиновидно издадено северозападно чело кон реката и широко заоблен југоисточен дел. Не се откриени никакви наоди и нема елементи за датирање. Потребно е да се продолжи со истражувањата. Очигледно е дека се работи за кастел стража за контрола на преминот преку Кадина Река.



ПЛАН НА
„КУЛИЦА“
АЛДИНЦИ

АЛДИНЦИ • МУМЏИЦА, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

На дистанца од околу 1.6 км југоисточно од планинарскиот дом Караџица, во атарот на Алдинци, на сртот од планинскиот масив Алдинска Планина – Мумџица, се наоѓа висок планински збег, утврдено плато големо 200x40-60 м, со неправилно проектиран одбранбен ѕид, од крупни кршени камења, широк просечно 1.5-1.7 м. Со И. Микулчиќ пред многу години, видовме на теренот скромни фрагменти доцноантичка грнчарија, излижани фрагменти тегули и питоси. Тој почувствува дека „*Слично на тврдината Калја – Црн Врв, која лежи 3 км с/з од Кале и на уште повисок гребен, и овој објект претставувал дел од одбранбениот систем на овој микро регион*“.[166]

Всушност, со оглед на најновото идентификување на рановизантискиот кастел стража на Кале, Алдинци, можеме да ја претпоставиме улогата на Мумџица како кастел – спекула, со две можни функции. Или, како кастел спекула за известување, само на посадата на Кале, Алдинци.

Или можеби како кастел спекула, алка во рановизантиски систем што водел на линијата: Маркови Кули, Кисела Вода – Кале, Црни Врв – Мумџица, Алдинци и можеби во правец кон врвовите околу село Горно Јаболчиште. Тука би посочил на доминантниот врв Јанево Кале / Кале,[167] на спојот на четирите катастарски општини Не-

жилово, Горно Врановци, Црешнево, Бистрица (кота 2112 м). Во оваа констелација, доколку на Јанево Кале постоела позиција на спекула, претпоставувам дека во иднина некаде во близината, на пониските коти, би требало да биде откриен рановизантиски кастел база.

Во контекстот на потрагата по кастел спекула – алка за сигнален трансфер во VI век кон југот, го посетивме врвот Лисец, каде регистриравме единствено остатоци од храм што бил веројатно посветен на Аполон Громовникот, но, немаше елементи на кастел спекула.[168]

БАДЕР • ДРМА – СМРЃЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Локалитетот Дрма-Смрѓец, на околу 1.3 км северозападно од селото Бадер, беше прилично нагласено истакнат како сигурен кандидат за убикација на станицата Praesidum, позната од Појтингеровата карта, како место на патниот правец од Скупи за Стоби но, и како кандидат за убикација на тврдината Бедериана, од која што потекнувал византискиот цар Јустин I.[169] И. Микулчиќ, кој ја изработи првата и засега единствена планиметрија на локалитетот, меѓутоа врз база на површинско рекогносцирање и релјефната конфигурација на теренот, истакна на планот силна фортификациска рамка и класификација во категоријата кастел (голем 280/200 x 150 / 140 м, површина од 3.6 ха, со реновирање на кастелот со помлад јужен и постар северен тракт). Неговите површински истражувања на локалитетот евидентираа остатоци од стебла од колони, ситни фрагменти доцноантичка садова керамика и мали бронзени монети од IV век н.е.



ПЛАН НА
ДРМА - СМРЃЕЦ, БАДЕР

Многу години подоцна, професор д-р Б. Ангеловски, реализира систематски археолошки ископувања на локалитетот, од 2016-2018 година, при што откри: комплекс на станбени простории со хореум, градба со апсида, и монети од III и IV век, предмети од метал, стакло, садова керамика како и оловна икона со претстава на „Дунавски коњаник“.[170] Засега не е евидентиран културен хоризонт од VI век, врз кој што би претпоставувале идентификација на локалитетот со тврдината / кастелот Бедериана спомената кај Прокопиј.

А со Президиј работите можат да стојат и на следниот начин. Да се потсетиме на трасата на патот од Скупи до Стоби според Појтингеровата карта: Scupis XXI виња за бања XII Anausaro XXXII ad fines VII ad Hercule VIIII Presidio VIIII ad Cephalon XIII Gurbita VIII Stopis.[171] Протогениот извор за картата претставува Tabula mundi (карта на светот) на географот Касториј нацртана во IV век н.е. Тоа значи дека наведените места од Скупи до Стоби треба да поседуваат културен хоризонт од IV век н.е. Локалитетите од Скупи до Стоби на кои се регистрирани културни остатоци од IV век н.е. се следните: Скопско Кале, Маркови Кули на Водно, Кисела Вода, Градиште село Таор, Бањски Рид село Катланово, Дрма, село Бадер, Солиште, село Летевци, Маркови Кули, село Летевци, Кале, село Сопот – Велешко Кале, Велес, Којник, село Грнчиште (1 км северно од Градиште, Згрополци).

Од предложениот список отстапува Бањски Рид, Катланово, во поглед на оддалеченоста на локалитетот за точно 3 км јужно. Можеби бањата и не била директно на патната траса туку е само означена со виња, за оние патници кои што би сакале да ја посетат. Останатите станици би можеле да се споредат: Scupis XXI виња за бања (Катланово) XII Anausaro (Градиште, Таор) XXXII ad fines VII ad Hercule (Дрма Бадер) VIIII Presidio (Маркови Кули, Летевци) VIIII ad Cephalon (Кале, Сопот) XIII Gurbita (Градиште, Згрополци) VIII Stopis, со заменување на ad fines со ad Hercule дури можеби и со Presidio, поради тоа што најверојатно (ad fines – „кај границата“), била провинциската граница помеѓу доцноантичките провинции Македонија Втора и Дарданија. Но, претпоставувам дека сепак на крајот ќе произлезе дека составувачот на картата во IV век н.е. ги споил двата патни правци од двата брега на реката Аксиј.

БАДЕР • КУЛА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ



ПЛАН НА
1. КУЛА, БАДЕР
2. СОЛИШТЕ, ЛЕТЕВЦИ

Пред самиот влез во тесната Бадерско-Пчињска клисура, на 850 м југоисточно од село Бадер, над десниот брег на Пчиња се издига низок карпест рид, што го истражував во 2010 година со И. Станчевски. Горниот дел од ридот е зарамнето плато со издолжена форма големо 60x12 м. Платото се наоѓа на котите 279.5 м и 279.2 м, а се издига за 62.5 м над речното ниво. Реката доаѓајќи долж североисточното подножје на Кула, во

ГЛЕТКА КОН ПРИОДНИОТ КОРИДОР
ВО ТЕСНАТА БАДЕРСКО-ПЧИЊСКА КЛИСУРА;
ВО ПРЕДЕН ПЛАН КУЛА, БАДЕР

широк лак врти околу југоисточната страна, и навлегува во клисурата долж јужното подножје на ридот, во продолжение пак, заобиколувајќи го западното подградие на соседното утврдување Солиште, Летевци, околу неговото западно подножје. Североисточната страна на Кула, Бадер и југоисточното чело имаат голи карпести падини додека долгата југозападна страна како и северозападното чело биле утврдени со одбранбен сувозид, чие што лице е покриено под земјениот насип. Според скромните површински керамички фрагменти, претпоставуваме две егзистенцијални фази и тоа од железното време и од доцната антика.

БРЊАРЦИ • КАЛЕ, ДОЦНА АНТИКА, ОПШТИНА ГАЗИБАБА

Основниот опис на Кале, Брњарци е изнесен во поглавието за рано античките градови и тврдини во Скопско. Во текот на истражувањата евидентирана е и интензивна доцноантичката фаза, базирана врз наодите на бронзените монети од IV век н.е., една мала ексагија и бронзена тока од типот Сучидава. Конечно овие движни наоди потврдуваат егзистенцијален континуитет од IV до VI век н.е., меѓутоа откривме и голем број средновековни монети и предмети што го посведочуваат егзистенцијалниот континуитет на ова градче најмалку до XIII век н.е.

БУЛАЧАНИ • КУЛА / КУЛИШТЕ, ОПШТИНА ГАЗИБАБА

ПЛАН НА
КУЛА, БУЛАЧАНИ



Според Ј. Трифуноски: „*Северно од Булачани на падината на Црна Гора се наоѓа потегот Кулиште. Лежи помеѓу две длабоки долини. На Кулиште постојат остатоци од ѕид со широчина 1.5 м и околу нив се „големи буки“. Ѕидот е граден од камен, тула и вар. Тоа е остаток на некоја тврдина.*“[172] Утврдувањето го посетував неколку пати и тоа на 15. 03. 1975 г, 24. 07. 1978 г и 25. 04. 2009 г, при што е изработена основната планиметрија на кастелот, публикувана во 1982 г.[173] Кастелот го опиша во литературата И. Микулчиќ.[174] Се наоѓа 2.5 км северно од селото. Бил изграден на тесен планински гребен, што бил на северната страна вештачки просечен за оформување на одбранбена фоса. Падината јужно од пресекот била зарамнета и опколена со добранбен ѕид во цврста малтерна техника, широк во просек од 1.5-1.7 м. Утврдената површина мери 120x30 м.



БУЛАЧАНИ
КУЛА,
ПОГЛЕД ОД
ЈУГОЗАПАДНА
СТРАНА

Нема елементи на кули. Највисоката кота е 899.0 м а најниската 860 м. На површината се гледаат скромни фрагменти од доцноантичка садова грнчарија. Според И. Микулчиќ се работи за висок планински, рановизантиски кастел за контрола на блиските наоѓалишта на железо. Потребно е продолжително истражувања на локалитетот за допрецизирање на хронологијата и функцијата.

БУЧИНЦИ • ГРАДИШТЕ, ДОЦНА АНТИКА, ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Во опсегот на значајното утврдено гратче од архајско време и раната антика, според И. Микулчиќ бил пронајден фолис на источно римскиот цар Јустинијан I, како и доцноантичка кујнска керамика и питос. Воедно во западното подножје во 1984 г, биле откриени повеќе доцноантички гробови од типот камени цисти.[175] Засега нема елементи за егзистенцијален континуитет од раноантичката утврдена населба до доцноантичката населба од VI век.



БУЧИНЦИ, *ГРАДИШТЕ*
ИСТОЧЕН БЕДЕМ

ГОВРЛЕВО • ГРАДИШТЕ, ДОЦНА АНТИКА, ОПШТИНА СОПИШТЕ

На еден рид (кота 633.8 м), десно од Треска, 100 метри северно од селото Говрлево, преку долот, егзистирало мало античко гратче, на локалитетот Градиште, Говрлево. Тоа се состоело од централен северозападен акропол (100x45 м), северно подградие, јужно подградие, југоисточна тераса со ранохристијанска базилика и југоисточно подградие под терасата. Вкупната површина (210x90 м) изнесува 2.5 ха. Со методот на површински археолошки рекогносцирања беше регистрирана егзистенција од доцното железно време, потоа хеленистичкиот период и континуиран живот од II до VI век н.е. Ова го потврдуваат и нумизматичките наоди. И. Микулчиќ регистрирал монети на римските цареви Аврелијан и Константин I.[176] Подоцна се забележани монетите на царевите Константиј II (337-361) мала бронза и Јустинијан I (527-565) апоен од 16 нуми.[177] Додека во рамките на Проектот Археолошки катастар 2017 година беа откриени следните монети: дупондиј или ас на Јулиј Кајсар (45 г.пред н.е.) и дупондиј на Антонин Пиј (138-161). Освен тоа откриени се и две железни доцноантички фибули, железна алатка, парче згура од топење на железна руда и оловна ексагија со линиесто врежани ознаки (се распознаваат буквите ABC, при што буквата а е со прекршена хаста во манирот на VI век н.е.).

На југоисточната тераса се распознаваат контурите на трокорабна ранохристијанска базилика. За жал со интензивната обработка на теренот, биле девастирани нејзините sидови и денес се мошне соголени. На теренот се распознаваат контурите на апсидата, на јужниот sид, а се гледа и еден висок постамент со база. Базиликата е опишана од страна на И. Микулчиќ во 1981 и 1982 година, повторно спомената во 2002,[178] и потоа никој не ја истражувал. Основните информации говорат за трикорабен наос, со голмина од 32.5 x 11.3 метри, апсида широка 5.45 м, длабока 3.6 метри. Според планот на И. Микулчиќ имала атриум и нартекс, што е засега дискутабилно.

ГРАДИШТЕ, ГОВРЛЕВО, ОД СЕВЕР

Можеби алката за конекцијата на функционирањето на населбата на Градиште Говрлево, во железното време и антиката, со патната комуникација во клисурата на Треска/Велика Река, на дистанцата Здуње – Долна Матка, ја чини просторот на средновековното село Козарево, што се наоѓало на 1.5 км западно од селото Св. Петка, во стрмниот дол наудолу кон Треска. За жал овој крај никогаш не бил истражуван, последните жители на селото се раселиле во XIX век, а традицијата на собирање на жителите од околните села на селиштето Козарево и урнатините на црквата Св. Ѓорѓи, на празникот Ѓурѓовден, се одржувала се додека не била подигната бетонската брана Матка.[179] Всушност, Говрлево со околните села Барово, Света Петка и раселените села Винско и Козарево, се наоѓаат на крајниот западен дел од патната линија долж јужното подножје на планината Каршијак / Водно, и логично е поврзувањето на комуникацијата во долината на Треска, која што патем речено, во минатото била блокирана токму кај Козарево. Затоа што речиси целиот десен брег на Треска, од врвот Козјак (633.8 м), па се до теснецот Матка, претставува речиси вертикална, непроодна планинска бариера, висока од некогашното ниво на реката до работ од 500-1200 метри. Во овој момент склони сме да претпоставиме дека патната линија од Градиште, Говрлево продолжувала на југ преку античката населба на локалитетот Рудине,[180] на 1 км источно од работ на споменатата бариера, северно до самиот асфалтен пат Нова Брезница – Брана Козјак, од каде се спуштала наудолу кон реката.

Меѓутоа логично е и да се претпостави, дека гратчето на Градиште, Говрлево било директно ставено во функција на одржување на високиот кастел-спекула на Кале, Барово/Св. Петка/Грчец, регистрираната егзистенција на ова место, во доцната антика, и особено во VI век. Најкусиот пристап од градот Скупи за Кале Барово, водел преку Ѓорче Петров – Сарај – Градиште/Манастириште, Грчец. Но, од последниот локалитет теренот наеднаш се издига за 627 метри, на растојание од 2.3 км, до овој кастел на врвот. Додека патот од Скупи до Говрлево по заобиколна линија околу Водно бил попогоден при што од Св. Петка на пример до Кале е дистанцата 2.4 км, на височина од 310 метри.

ПОСТАМЕНТ СО БАЗА ОД РАНОХРИСТИЈАНСКА БАЗИЛИКА

ГОРНО НЕРЕЗИ • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА КАРПОШ

Во белешките за римската патна линија од Салона до Скупи, од 1885 година, А. Еванс запишал: „*Од карпестиот срт што го оформува највисокиот врв на Каршијак, ние се спуштивме кон североисток низ шума од шпански костен (локално нарекуван Куштање што е блиску до Castanea) до едни забележителни урнатини. Прво што посетивме беше наречено Тимпаница и се покажа како остатоци од мошне значителен објект од камен; ѕидовите беа од грубо обликувани камења силно зацементирани, и можеби му припаѓале на еден римски кастел, но неговиот план не можеше да биде препознаен со сигурност.*“[181]

Многу подоцна, во 1964 година, Ј. Трифуноски повторно го споменува утврдувањето кај Горно Нерези во описот на селото: „*Возвишенијата Горно и Долно Градиште се наоѓаат во нискиот дел на падината на Водно, северно од селото. Таму се селските лозја. На површината на земјата нема видливи остатоци од древности. Но при копањето на лозјата селаните наоѓале остатоци од ѕидови и делови од стари керамиди. Некои велат: ‘‘Тамо бил град’’.*“[182]

Првото археолошко истражување на локалитетот го започна В. Л. Адамс во периодот од 1976 - 1978 година.[183] Првата планиметрија на локалитетот ја изработи И. Микулчиќ во соработка со В. Л. Адамс, додека за локалитетот пишуваше и И. Микулчиќ.[184] Во 2003 година И. Толевски го истражуваше, и ги публикуваше (2004 г) сознанијата за доцноантичката некропола, во северозападното подножје на Градиште.[185] Кастелот Градиште, Горно Нерези беше истражуван и во рамките на Проектот Археолошки катастар на Археолошкиот музеј на Македонија под раководство на В. Атанасов во 2015-2016 година при што беа откриени монети од VI век н.е.

ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“, ГОРНО НЕРЕЗИ



ТРОРЕБРЕСТА СТРЕЛА И ФИБУЛА

ЦАР ЈУСТИН II (565–574), ПОЛУФОЛИС, 20 НУМИИ

ГОРНО НЕРЕЗИ
ГРАДИШТЕ
ДЕЛ ОД ЗАПАДНИОТ СИД

БРОНЗЕНА ФИБУЛА, ЛУКОВИЧЕСТ ТИП

Локалитетот Градиште се наоѓа на северната падина на планината Водно, на околу еден километар источно с/и од селото Горно Нерези. Тоа е доминантен купест рид со стрмни падини на север, исток и запад, додека на јужната страна ридот е врзан со тесно планинско седло и гребен со масивот на Водно. Долж источното подножје на гребенот тече Варнички поток а долж западното подножје потокот Буковиќ.

Последниве години во јавноста се појави идеја дека овој локалитет претставува древна пирамида. Сепак желбите на сензационалистите и псеудо-археолозите се едно, а реалноста која што уште пред 130 години ја констатирал англискиот археолог Артур Еванс е сосема друго. Еванс локалитетот го нарекува Тимпаница, што претставува локален топоним на поширокото подрачје околу Градиште, што го гледаме на поновата топографска карта (1:2500 на) како Тумбаница.

Врвот на ридот Градиште претставува удвоено плато вештачки оформено во доцната антика. На самиот врв, на горното плато се наоѓаат контури на правоаголна просторија оформена во карпите со издолжена ориентација исток – запад, со отклон на источната страна кон север, што по својат прилика претставувала мала ранохристијанска црква изградена во VI век, и веројатно обновена во средниот XII-XIII век. Долното пошироко плато поседува заоблена форма на запад и север, било утврдение по работ со цврст одбранбен ѕид во малтерна техника. Ѕидот е измерен во широчина од 1.8 м што точно се совпаѓа со мерката на А. Еванс. Инаку главниот одбранбен ѕид ја следи конфигурацијата на теренот без поголеми прекршувања, освен на североисточниот агол на тврдината каде што јасно се препознава една четвртеста полукула, која што можеби на оваа позиција имала и функција на контрафор, поради стрмнината на теренот што токму на ова место можел лесно да попушти. Уште едно прекршување се гледа на југоисточниот, вовлечен дел на бедемот, што дава индиции за уште една можна кула. Веднаш, северно од ова прекршување, над одбранбениот ѕид, се гледа во работ на платото уште едно помладо ѕидно платно, што потекнува од некоја обнова на тврдинскиот ѕид. Западниот и источниот ѕид на јужната страна се спојуваат во клиновидно јужно чело, што доминира над планинското седло, кое што очигледно

ГРАДИШТЕ, ГОРНИ НЕРЕЗИ,
ДОЦНОАНТИЧКИ И СРЕДНОВЕКОВНИ МОНЕТИ

било вештачки продлабочено со одбранбен ров (fossa), со кој што жителите на кастелот го бранеле овој најлесен, јужен приод кон утврдувањето. На јужниот дел од западниот ѕид, пред неговото поврзување во јужното чело, истиот благо врти кон внатрешноста, што индицира постоење на главна влезна порта.

Големината на кастелот изнесува 112 м во правецот север-југ, и 105 м во правецот запад-исток. Вкупната површина изнесува близу еден хектар. Внатрешноста на кастелот била разделена на тераси на кои во доцната антика објекти биле изградени од кои што на места се назираат темелите и грамадите. На површината на локалитетот се гледаат бројни парчиња од покривни тегули – керамиди коринтски тип, со остро профилирани подолжни страни. Од садовата керамика се застапени фрагменти огнишни лонци.

Кастелот бил снабдуван со вода за пиење преку керамички цевки – тубули, а овој подземен аквадукт водел долж тесниот гребен од југ.

Со површинските рекогносцирања во 1994 година се евидентирани следните наоди, депонирани на ФЗФ Скопје. Средно долги железни клинови воглавно за ковање на дрвена граѓа и мали клинчиња воглавно за потковици. Две оловни пломби за керамички садови. Фрагменти од ободи на доцноантички садови. Дел од железна игла на фибула. Дел од железно резе за кутија – трезор. Железен шилец – стрелица за птици (?). Долг железен предмет - алатка со ушка (сличен има Голема Кула, Г. Свиларе / Кучково). Железен, троребрест врв од стрела. Четири мали бронзени монети од IV век н.е., нечитливи. Византиска бронзена монета ураниск од XII/XIII век н.е. Во текот на рекогносцирањата во 2016 година, во Археолошкиот музеј на Македонија беа депонирани следните наоди:

Провери во дневникот за 2016 и во списокот на депонирани предмети:

Железна фибула со подвиткана нога и глава на навој; 1 византиски ураниск; 1 Теодосиј; 2 миними од IV век н.е.; 2 полуфолиси на Јустин II, ковница Тесалоника: V година.

Се чини дека жителите на кастелот имале две некрополи. Едната била евидентирана во северното подножје на Градиште. На ова место во текот на рилањето на лозјата, сопствениците разорале повеќе гробови со инхумирани (скелетни) покојници во гробови конструирани со камени плочи од типот цисти.[186]

И. Толевски, пак, откри површински остатоци од северозападна некропола Гробови, но на околу 400 метри северозападно, на левиот брег од долот што се спушта долж западното подножје на Градиште. Сопствениците на лозјата на широкото зарамнето плато Гробови, раскопале дваесетина гроба. Нема многу показатели за гробните конструкции освен еден постамент со правоаголна дупка за прицврстување на „трнот“ на надгробната стела, како и една специјално обработена тегула коринтски тип за оформување на двосливна гробна конструкција.[187] Тој евидентирал на површината многубројни фрагменти и делови коринтски тегули, една лачна луковичеста фибула со игла на шарнир, што датира од втората половина на IV век, фрагменти од садова керамика и 7 доцноантички монети што биле ставени покрај покојниците според обичајот обол за Харон. Монетите се од типот мали бронзи на римските цареви Валентинијан I (364-375) и Валенс (364-378), биле исковани во Константинопол, Тесалоника, Сискиа (Сисак).[188]

ГОРНО СВИЛАРЕ • КУЧКОВО, ГОЛЕМА КУЛА, ОПШТИНИ САРАЈ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Локалитетот Голема Кула, претставува издолжен рид, на самата граница на катастарските општини Горно Свиларе и Кучково. Оддалечен е околу 1 км северно од Горно Свиларе. Во литературата прв го споменува Ј. Трифуноски,[189] додека подоцна го истражува, и публикува В. Л. Адамс.[190] Имајќи ја предвид полукружната форма на северната челна кула, можеме да претпоставиме дека кастелот бил подигнат на преминот од III во IV век н.е. Во текот на истражувањето на остатоците од периметралната фортификациска рамка на кастелот, беа забележани две паралелни ѕидни платна. Тоа несомнено говори дека одбранбениот ѕид на кастелот бил обновуван – репариран. Во долниот дел, приближно на средината на кастелот, до самиот североисточен раб на ридот ориентиран кон теснецот Клисурица, забележани се остатоци на можна ранохристијанска базилика. Се работи

ПЛАН НА
ГОЛЕМА КУЛА,
ГОРНО СВИЛАРЕ, КУЧКОВО



РАЧКА
ОД БРОНЗЕН
САД

за контури на издолжен правоаголен објект со градежни елементи од сводеста конструкција и концентрација на покривни тегули коринтски тип. На ова место е откриена рачка од бронзен бокал со рудиментирано оформена антропоморфна маска. Кастелот е долг 222 м, и се протега од северната челна кула на падина до ниското јужно чело, со ориентацијата по должина паралелно со теснецот Клисурица, што недвосмислено ја илустрира и неговата функција за контрола на ризичниот премин. Широчината на кастелот варира, од 54 м северно, 34 м на средината на линијата на претпоставената ранохристијанска црква и 25 м на јужниот дел. Површината на кастелот изнесува 0.8 ха. Највисоката кота на врвот од кулата изнесува 616.0 м, додека ниското седло на 18 метри северно с/з пред кулата е на котата 613.0 м. Најниската кота на кастелот, на југоисточното чело кон излезот од теснецот кон Горно Свиларе изнесува 552.5 м. Според тоа, разликата од најниската до највисоката кота на фортификацијата изнесува 63.5 м. Ваквата состојба секако ја диктирала самата конфигурација на страните на теснецот Клисурица, која што луѓето во доцната антика имале потреба – задача да ја контролираат. Се има чувство дека источниот раб кон теснецот можеби и не бил посебно утврден, поради мошне стрмната и лесно одбранлива падина. Оваа линија е искривена поради карпестиот раб на околу 11 дистанци. Северната страна на кастелот била оформена со два sида, кои што во вид на штит го преградуваат огранокот на ридот што се спушта од север и се спојуваат на врвот од сртот во големата полукружна кула. Таа е широка 8.5 м и издадена кон седлото за 7 м. Нејзината контура е денес висока 2.5-3 м. Sидот источно од кулата е покус и изнесува 8 м, додека југозападниот е подолг и благо свиен, со вкупна должина од 40 м. Тој се спојува со западниот sид под тап агол, на кој се забележани контури на одбранбена кула. Западниот sид е извиен и долг 211 м. Бил проектиран на западната, југозападната и јужната падина од ридот.



ГОЛЕМА КУЛА,
ПОГЛЕД ОД ИСТОК

ЧЕЛНАТА КУЛА,

ПОГЛЕД ОД СЕВЕР

ПРОСТОРИЈА ВО КАРПА

Неговата траса, надворешното лице и делови од sидното платно се одлично видливи. Најсеверниот дел од sидот, од контурите на можната кула, водат 80 м во јужен ј/з правец. Во наредните 38 м sидот го менува правецот кон југ ј/и. Последните 93 м sидот се следи директно на југоисток, се до спојот на тесното југоисточно чело на кастелот. На овој последен дел регистрирано е двојно sидно платно.

Со археолошкиот метод на површинските рекогносцирања, регистрирани се делови и фрагменти од т.н. ребрести рановизантиски амфори (VI век н.е.) фрагменти од доцноантичка садова керамика, некои декорирани со брановидни линии. Откриена е железна алтка – инструмент, со издолжена форма, зашилена на едниот крај, лентеста орнаментирана со хоризонтални и Х линии, терминирана со триаголна ушка-рачка (аналогна откриена на Градиште, Г. Нерези). Потоа, дел – сечилото на едносечна железна секира. Дел од железен врв на двосечна стрела со шуплив тулец за вметнување на дрвениот дел од стрелата. Откриена е мала ексагија

ГОРНО СВИЛАРЕ *КУЧКОВО*, ПОГЛЕД ОД ГОЛЕМА КУЛА КОН *КЛИСУРИЦА*

МОНЕТА
ЦАР ВАЛЕНТИНИЈАН I
АВЕРС И РЕВЕРС

ЖЕЛЕЗЕН
ВРВ
ОД СТРЕЛА

ДРУГИ НАОДИ
ОД ЛОКАЛИТЕТОТ
ГОЛЕМА КУЛА

– бронзен тег за мерење благородни метали, со ознака на вредноста B и мала бронзена монета на римскиот цар Валентинијан I (364-375) искована во Siscia (Сисак).

Очигледно е дека низ теснецот Клисурица водел значаен патен правец и тоа бил алтернативниот пат на магистралниот, што водел по Лепенец од Качаник до Скупи. Но, факт е и дека излегувајќи во западниот агол на Скопско, овој пат можел да прими и делница од Косово, а и да продолжи низ клисурата на Матка преку Пореч кон Пелагонија или кон Кичевско.

ГОРНО СВИЛАРЕ • КАЛЕ, ОПШТИНА САРАЈ

Споменав дека влезот во долгата Радушка Клисура, од Скопска страна, го заштитувал кастелот на Кале, Горно Свиларе, отспротива селото Рашче, преку реката Вардар. Го истражувале В. Л. Адамс и И. Микулчиќ.[191] Се работи за доминантен конусовиден рид на кој во поново време е подигната антена на мобилна телефонија. На врвот се наоѓа мало елипсоидно плато, кое што во доцната антика било обиколено со силен одбранбен ѕид во цврста малтерна техника. Фортификацијата е голема 80x60 м. Во кастелот на самата површина се извонредно видливи контурите на објектите. Евидентирани се пет архитектонски целини со најмалку 22 простории, како и контури на централна, еднокорабна ранохристијанска црква и контури на цистерна за вода. Документирани се контури на 5 четвртести одбранбени кули. Две од нив го фланкирале главниот влез во кастелот на северозападната страна. Ранохристијанската базилика, подигната во центарот на кастелот, била еднокорабна, голема приближно 12x6 м, и тоа

КАЛЕ,
ГОРНО СВИЛАРЕ,
ОД ЈУГОИСТОК



ЦАР АНАСТАЗИЈ I
МОНЕТА
АВЕРС И РЕВЕРС



ПЛАН НА „КАЛЕ“ ГОРНО СВИЛАРЕ

ДЕЛ
ОД ФУТРОЛА
ЗА НОЖ

ОПКОВ ЗА ВОЈНИЧКА ЧИЗМА

ТЕГУЛА
(КЕРАМИДА)
КОРИНТСКИ ТИП



КАЛЕ,
ГОРНО СВИЛАРЕ,
ПРОСТОРИЈА 1

најверојатно само со нартекс, трибелон, еднокорабен наос и апсида. На источната блага падина надвор од тврдинискиот ѕид, документирав двоен прозорски столб – мено, најверојатно од апсидалната бифора или трифора на црквата.

Од движните наоди се регистрирани два типа железни врвови од стрели. Два примероци припаѓаат на обични дволистести стрелици со шуплив тулец за вметнување на дрвениот дел. Вториот тип е троребрест железен врв од аварска стрела. Откриени се мали клинчиња од груби војнички чизми, како и дел од железен опков за чизма, со мали кружни перфорации за клинците. Потоа пет железни ножеви и бронзен опков од рачка за нож, дел од луковичеста фибула за војничка наметка. Монетите им припаѓаат на царевите: Диоклецијан (284-305), Констанс (337-350), Теодосиј (379-395), Анастазиј (491-518), Јустинијан I (527-565). Логично е според тоа да се претпостави дека кастелот бил оформен во раниот IV век и активно го контролирал влезот во Радушката Клисура сè до времето на царот Јустинијан, кога некаде кон крајот на VI или почетокот од VII век н.е. најверојатно бил освоен и разурнат во некој напад на Аварите.

ГРЧЕЦ • ГРАДИШТЕ • МАНАСТИРИШТЕ, ОПШТИНА САРАЈ

На околу 1.5 км североисточно од селото Шишево, 0.95 км северно од Горни Грчец се наоѓа ридот Градиште / Манастириште.[192] Ридот се наоѓа на северното подножје на планината Водно веднаш над полето на Долни Грчец. Врвот претставува благо наведнато плато кон север, големо околу 110x60 м, со заоблен северен раб и рамна јужна одбранбена линија. На врвот на ридот, кота 417 м, се наоѓаат урнатини од една ранохристијанска базилика, кои што во литературата беа погрешно интерпретирани како јужна челна кула – бастион на доцноантичкиот кастел.[193] Приближ-



ПЛАН НА
ГРАДИШТЕ –
МАНАСТИРИШТЕ
ГРЧЕЦ, ШИШЕВО

ГРЧЕЦ, ГРАДИШТЕ – МАНАСТИРИШТЕ
ПОГЛЕД ОД ЗАПАД

ните димензии на базиликата изнесуваат 18x9 м. Во нејзините урнатини се евидентирани делови од подни плочки од мермер, веројатно од подот на презвитериумот, или од подот на централниот наосот. Токму од оваа базилика биле однесени неколку камени архитектонски елементи во селото Горни Грчец и биле вѕидани како сполии во селската џамија. Се работи за најголемото досега видено мено во целиот Скопски регион, со височина од 1.43 м, кое што било положено како праг на главниот влез во џамијата. На фасадите на џамијата се евидентирани уште неколку елементи: горен дел од колона од бел мермер (дм. 0.32 м), три дела од колони од бел и розов мермер во јужниот ѕид, долен дел од стебло на колона од травертин, дел од база на колона, дел од колонета од бел мермер можеби од олтарната преграда. Пред тремот на џамијата лежи обработен блок од розов мермер со кружно вдлабнување.[194] Не е доволно јасна функцијата на кастелот и воопшто дали се работи за кастел како што е изнесено во литературата. Според И. Микулчиќ, кој што не ги согледал остатоците од ранохристијанската базилика, се работи за доцноантичка кула спекула – набљудувачница за контрола на западниот крај на Скопското поле, што секако има логика. Од една страна точно е дека во полето северно од Градиште / Манастириште водел прастар пат. Меѓутоа по работ на платото нема остатоци од цврста структура на одбранбен ѕид. Патем, И. Микулчиќ за наведените архитектонски елементи од џамијата во Горни Грчец смета дека биле донесени од базилика во опфатот на фортификацијата на Кале / Градиште, Шишево/Борово/Грчец, на западниот врв на планинскиот гребен Каршијак – Водно, при што исцртал контури на објект со апсидално заокружен источен ѕид, во централната позиција на планот на овој локалитет.[195]

ДИВЛЕ • КУЛА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Локалитетот се наоѓа на 1.4 км источно од селото Дивле.[196] Се работи крајниот источен раб од Дивланскиот рид Венец, кота 833 м, со извонредни визури на исток кон доминантниот масив Градиште над Ѓуришкиот Манастир. Заобленият карпест клиф на ова место бил искористен за оформување на моќна фортификација. Со силен одбранбени ѕид била заградена приближно трапезовидна форма, голема 22x120 м, со површина од 2.06 ха. Внатрешноста е зарасната во бујна вегетација но се гледа дека била исполнета со градби. Периметралниот ѕид е урнат но бидејќи бил висок и граден квалитетно во цврста малтерна техника, денес извонредно јасно се следат неговата масивна контура. Влезот бил на североисточниот агол. На јужната, источната и северната страни не забележавме контури на одбранбени кули, додека на западниот ѕид, поставен на рамната полесно пристапна страна, евидентиравме остатоци од најмалку 4 кули. Со внимателното истражување на површината откриени се монети од IV век н.е. и бронзена тока од типот Сучидава од VI век н.е. На површината се наоѓаат фрагменти од доцноантичка садова керамика.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ



ПОЈАСНА ТОКА,
СУЧИДАВА ТИП



ПЛАН НА,
„КУЛА“,
ДИВЛЕ

ДОЛНО КОЛИЧАНИ • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Локалитетот претставува остатоци на полу укрепено планинско село расположено на благата планинска коса, на 1.3 км северно с/з од селото Долно Количани. Го истражувал и ја изработил засега единствената планиметрија, што тука ја претставуваме во георефернцирана форма, И. Микулчиќ.[197] Издолженият рамен дел од возвишението од ридот бил опколен со одбранбен ѕид, широк од 1.5-1.8 м. Структурата на ѕидот е скромен малтерен инкертум. Опфатената површина мери 240x35/43 м. Евидентирани се уште две станбени тераси, релативно утврдени. Една на источната падина, втората на југозападната падина. На површината се гледа интензивен доцноантички културен хоризонт, поради интензивната обработка на нивите од страна на жителите од Количани. Фрагменти од садова керамика, делови од питоси, рачни мелници, бронзени монети од доцната антика, главно од III до VI век н.е., што недвосмислено говори за рамките на егзистенцијалниот континуитет на ова мало полу укрепено доцноантичко планинско село.



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“, ДОЛНО КОЛИЧАНИ

ГРАДИШТЕ, ПОГЛЕД ОД ИСТОК

ОБОДИ ОД ПИТОС, ДЕКОРИРАН СО РАНОХРИСТИЈАНСКИ КРСТОВИ И СО РОЗЕТИ ВО КРУГОВИ

ДОЦНОАНТИЧКИ МОНЕТИ И КРСТ

ДОЛНО ДОБРИНО • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Локалитетот Градиште не беше познат во ниту една стручна или поширока литература се до 16. 09. 2016 година В. Л. Адамсен за прв пат го откри, истражуваше и го исцрта хоризонталниот план. Локалитетот е низок рид на 0.8 км северно од селската џамија на Долно Добрино. Ридот со кота 444 м, се издига помеѓу Трнска Река што тече околу источното подножје на ридот и Добринскиот поток, десна притока на Добринска Рекичка, што течејќи низ селото и делејќи го на два дела, протекува околу западното подножје на Градиште. Врвот од ридот бил зарамнет и на него била опформена утврдена населба чиј што егзистенцијален континуитет траел најмалку од архајскиот период до почетокот на Отоманскиот период. Населбата доживеала неколку обновувања од кои особено значајна е новата фортификација од VI век н.е. Се работи за издолжена фортифицирана површина голема 141x42 м исполнета со контури на древни урнати градби. На јужната страна од акрополата бил оформен силен предѕид чие што фронтално чело било поврзано со акрополата преку западен и југоисточен ѕид, кои што чинеле воедно и силно утврден станбен простор. Така вкупната големина на кастелот изнесува 165x50 м, со вкупна површина од близу 0.5 ха. Откриени се следните движни наоди: бронзен привезок од т.н. пајонско македонски бронзи од архајско време, монети од раната антика меѓу кои е една бронза на македонскиот крал Филип V, мали доцноантички бронзени монети од IV век н.е., неколку бронзени монети од времето на царот Јустинијан I, една монета од типот скифат – мало небо од XII-XIII век н.е. и една сребрена венецијанска монета од XV/XVI век, делови од покривни доцноантички / рановизантиски керамиди лаконски тип и др.

Со сите овие сознанија, како и блиското возвишение Каља што се издига на доминантниот рид на 1.2 км североисточно над Градиште, постанува јасно дека пред нас се наоѓа значајна патна траса што ги поврзувала Скопско и Велешко долж десниот брег на реката Вардар. Патот доаѓал од правецот на градот на Исар, Студеничани, водел преку долниот тек на Кадина Река, потоа долж Добринска Река покрај гратчето / кастелот на Градиште, Долно Добрино. Од Долно Добрино патот водел кон селото Карабуниште, поточно кон благиот седлест превој Петров Гроб јужно од кастелот Цуцулигово, Карабуниште, потоа во јужното / југоисточното подножје на Кале, Слп, избивал на десниот брег на Вардар. Споредeн крак водел кон



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“,
ДОЛНО ДОБРИНО

ПРСТЕН, СРЕДЕН ВЕК;
АРХАЈСКИ НАКИТ

ДОЛНО ДОБРИНО, *ГРАДИШТЕ*,
ПОГЛЕД ОД ЈУГОИСТОК

просторот на Старото сел Слп и еден крак водел на преминот Дурмишевец кој што бил заштитуван од кастелот Градиште, с. Рлевци, додека друг крак водел наудолу преку селата Слп, Белештевица за Велешко. Ова значи дека постоеле два патни правци низ Таорската Клисура долж двата брега на реката Вардар, и секако значи дека можеби овие откритија можеби ќе влијаат во ревидирање на податоците од Појтингеровата карта што влече потекло од IV век н.е.

АНТИЧКИ МАКЕДОНСКИ, РИМСКИ, РАНОВИЗАНТИСКИ
И СРЕДНОВЕКОВНИ МОНЕТИ

ДОЛНО ДОБРИНО • КАЛЕ • КАЉА, ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Според Ј. Трифуноски; „*Северно од селото постои возвишение викано Каља (605 м). Населението на темето од Каља најдувало остатоци од ѕидови, а некои кажуваат дека тука бил „римски град“ („како каља во Скопје“). Положбата на добринската тврдина е таква што не може лесно да и се приђе. Можно е дека оваа тврдина била станиште на посадата, што го штитела прелазот преку планинскиот предел. Возвишението Каља е под густа шума*“.[198]

Во 1982 г, И. Микулчиќ ја споменува Каља како мал регионален центар – доцноантичко село со површина од 1 ха без да го посети локалитетот,[199] Со тоа што после резултатите од мојата експедиција во 1987 г, го интерпретираше утврдувањето како кастел за контрола на патот покрај Аксиј, но и како пограничен кастел помеѓу провинциите Македонија Втора (Средно Повардарие и пошироко) и Дарданија (Скопско),[200] што и делумно одговара на неговата функцијата.

Каља ја посетив истражував и го нацртав хоризонталниот план во 1987 година.[201] Локалитетот е претставен и коментиран во литературата од страна на И. Микулчиќ.[202] Се работи за доминантен рид на 1.9 км североисточно од селската џамија на Долно Добрино, кота 635.6 м. Врвот на ридот бил зарамнет и околу платото со издолжена форма и ориентација север – југ, бил оформен

ДОЛНО ДОБРИНО, КАЛЕ, ПОГЛЕД ОД ЈУГ



ПЛАН НА „КАЛЕ“ (КАЉА), ДОЛНО ДОБРИНО

одбранбен сувосид со издигнати контури на северно и јужно чело. Големината на оваа издолжена елипсовидна фортификација изнесува 190x70 м. На површината на локалитетот нема видливи движни наоди, керамички фрагменти или било каквки други наоди. Со оглед на доминантната кота и фортификациската рамка, претпоставувам дека се работи за четвртата по ред рановизантиска спекула за сигнална трансмисија низ територијата на Република Македонија во VI век н.е. Ова го потврдува овогодишното откритие на рановизантиската воената база од каде поаѓале војниците на стража на Каља. При што сметам дека фортификацијата на Каља Долно Добрино, била оформена исклучиво во VI век н.е. за потребите на т.н. рановизантискиот оптички „телеграф“ низ територијата на Македонија. А тоа го докажуваат и остатоците на Градиште, Долно Добрино.

ДРАЧЕВИЦА • ГОРНО КАЛЕ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Според Ј. Трифуноски во описот на селото Горно Количани: „*Западно од селото, на границата кон Драчевица, се наоѓа утврдување во урнатини наречено Кале (ф.н. 162: спореди Ј. Х. Васиљевиќ, н.д. 402). Тврдината била на ридот што се издига помеѓу две долини. Покрај остатоците од каменитe ѕидови на градиштето се гледаат и големи керамиди, а порано постоела и една железна порта. Селанитe мислат дека оваа тврдина ја изградил некој „цар или крал“, а поединци, зборувајќи за нејзината старост, наведуваат дека е таа „римска“. Под градиштето е потегот Чаршија. По кажувањето, на овој потег бил „град со чаршија.*“[203]

Првите археолошки истражувања, во кои учествував, ги реализираше И. Микулчиќ а потоа ги публикуваше во 1982, 2002.[204] Просто е неверојатно зошто градителите на утврдувањето Кале, Драчевица, го одбрале ова место, вовлечено во тесната долинка на Калдиречка рекичка. Тоа е најсеверниот завршеток на планинската коса што се спушта на североисток од масивот на врвот Бајрак преку Празниторба над Калдирец. Карпестот врв на кој се потпира јужното клиновидно чело на акрополата на Кале се издига над течението на Калдиречка Река во источното подножје и Тими Долскиот поток во западното подножје. Локалитетот се наоѓа на 1.26 км југоисточно од селото Драчевица. Утврдувањето се состои од три фортифицирани сегменти.

Акропола, град и подградие. Акрополата на врвот, има превиткана приближно триаголна форма голема 67x7/25 м. Бранета на јужната страна кон планинското седло со издадено тригонално



ПЛАН НА „ГОРНО КАЛЕ“, ДРАЧЕВИЦА, ГОРНО КОЛИЧАНИ

ГОРНО КАЛЕ, ГОРНО КОЛИЧАНИ (ДРАЧЕВИЦА)

МОНЕТИ НА ЦАРЕВИТЕ: ГАЛИЕН, АНАСТАЗИЈ I И ЈУСТИНИЈАН I

клиновидно чело. Моќната фортификациска рамка на акрополата била бранета со една внатрешна кула на западната страна за заштита на тесниот влез-потерна, потоа со полукружен аголен потпор за ѕидот на северозападниот агол, со полукружна полу-кула на 4 м јужно од споменатиот агол и со надворешна четвртеста кула на северниот ѕид.

Градот се простирал на косата падина северно и североисточно под акрополата, на површина од 130x90 м. Регистрирани се остатоци од две четвртести одбранбени кули на маркантниот западен ѕид и масивен и челен бастион на северозападниот агол на градот што го бранел приодот по сртот од северната страна. Фронталниот ѕид на овој бастион бил зајакнат со повеќе надворешни контрафори.

Подградието што се простира на падините северно и северозападно под градот е големо 225x100/125 м. Номинално е разделено со споменатиот срт на два дела, источен и западен. Одбранбените ѕидови биле од цврст малтерен емплектон, широки во просек од 2 м на подградието до 2.35 м околу акрополата. Вкупната површина изнесува 2.7 ха.

Откриени се доцноримски бронзени монети, меѓу нив на царевите Галиен и Валентинијан I, а со поновите истражувања во 2013 г, меѓу малите бронзени апоени од IV век н.е. и од VI век н.е., се истакнува фолис, апоен од 40 нуми на царот Анастасиј (491-518).

И. Микулчиќ претпоставува дека на почеток, на карпестата акропола бил изграден мал кастел-стража. Потоа бил оформен градот под акрополата. Тој правилно ги воочил и интерпретирал фортификациските елементи во насоката на воен објект.[205] И денес ако ги наредиме познатите објекти на линијата од Драчево, преку Пеленица, Драчево, па и Градиште Долно Количани, потоа Кале, Драчевица, малата отворена населба на Градиште Црвена Вода, и крајниот кастел – база на Кале, Алдинци, станува јасно дека се работи за заштита на прастариот планински пат што во доцната антика водел по западната падина на Китка, преку преслапот под Мумџица и Сипачан на Карацица, кон јужните територии на Пелагонија и Велешко, што значи во доцноантичката провинција Македонија Втора. Археолошките состојби и слики, навестуваат посебно внимание на овој патен коридор во VI век, кога најверојатно под Јустинијан, ако не и порано, биле стационирани воени контингенти на Кале, Драчевица и на Кале, Алдинци.

ДРАЧЕВО • ПЕЛЕНИЦА, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

На 2.9 км југозападно од црквата Св. Климент Охридски во Драчево, на рамно терасесто плато, средна кота 350 м, над десниот брег на Количански поток, околу кое врти асфалтниот пат Драчево – Долно Количани, во доцната антика била оформена правоаголна фортификациска рамка со внатрешни објекти меѓу кои се издвојуваат контурите на една еднокорабна ранохристијанска црква и ротондален објект со мозаичен под.

И. Микулчиќ ги цитира првите ископувања на локалитетот во текот на 1936/1937 г, што ги следел Р. Груиќ, директор на Скопскиот музеј со асистенција на архитектот И. Чакеља кој изработил техничка документација (непубликувана), што ги објавил Ф. Месеснел. Наведено е дека тој исцртал „*наводно*“ мозаична површина од 200 м^2.[206] Локалитетот го споменуваат: М. Грбиќ: „*римско византиска и средновековна населба*“,[207]



ПЛАН НА „ПЕЛЕНИЦА“, ДРАЧЕВО

ПЕЛЕНИЦА, ДЕЛ ОД КОЛОНА

ДРАЧЕВО, *ПЕЛЕНИЦА*, ЈУГОЗАПАДНИОТ ДЕЛ ОД ПЛАТОТО

ДЕЛ ОД КОЛОНА

ДЕЛ ОД АРА

ГРАДЕЖНА ТУЛА

и Ј. Трифуноски, во атарот на селото Љубош.[208] Денес овој простор е заграден и почитуван од месното население како Манастир Пеленица на Преполовена Руса Среда.

И. Микулчиќ организираше истражувања во кои учествував, во осмата деценија на XX век и исцртување на планиметријата.[209]

Како што е споменато погоре, на локалитетот се истакнуваат три позначајни објекти. Периметалниот одбанбен ѕид кој што на север, исток и запад има релативно рамни траси и западниот кој што е извиен и снабден со контури на две четвртести кули. Овој ѕид е на јужната страна покус одошто е претставен на планот на И. Микулчиќ. Контурите на јужниот ѕид ги забележав во линија што под асфалтниот пат во дворот на манастирот. Вкупната површина на фортификацијата изнесувала нешто околу 130x100 м. Вториот објект се контурите на еден базиликален објект со апсида на исток, долг околу 20 м, потпрен на западниот одбранбен ѕид. И третиот посебен објект во северозападниот агол на утврдениот простор, претставува ротонда со пречник од 10.80 – 11 м, со ѕид широк 1.6 м. И. Микулчиќ ги интерпретираше остатоците како „ ... *една палата ... луксузна резиденција на некој богат земјопоседник во рамките на неговиот голем имот (вила рустика)*“, посочувајќи паралели на ротондалниот објект со слични кружни сали на Јадранскиот брег на Бриони, Полаче на Мљет. Тој смета дека објектот настанал и егзистирал во периодот од III до V век н.е.[210]

ДРЖИЛОВО • ИСАР, ОПШТИНА СОПИШТЕ

Според Ј. Трифуноски: „*Северно од главниот дел на селото Држилово постои потегот Исар. Тоа е тесна стрмна коса на која се гледаат слаби остатоци од ѕидови на некогашна мала тврдина. Исар лежи десно од Патишка Река каде што постои клисурест дел и каде што е долината погодна за одбрана. Според кажувањето на Исарот некогаш се „држел пазар*““.[211]

Локалитетот го истражував во 2003 година. Долгнавестиот рид Исар се наоѓа на 2 км северно од селото Држилово, и доминира над Патишка Река и Присојски Дол. Очигледно е дека се работи за контрола на патната комуникација долж Патишка Река. Врвот од ридот со највисока кота 677.4 м, ориентиран ј/з – с/и, бил зарамнет и обиколен со одбранбен ѕид граден во техниката на опус инкертум со слаб варовен малтер. Ова долгнавесто утврдено плато затвора површина голема 204x30/38 м, односно 0.6 ха. Не се регистрирани покривни тегули, меѓутоа има фрагменти од садова керамика со карактеристична доцноантичка профилација, како и еден фрагмент со карактеристична зелено-жолта оловна глеѓ од VI век н.е.



ПЛАН НА „ИСАР“, ДРЖИЛОВО



ЛОКАЛИТЕТОТ ИСАР, ДРЖИЛОВО

ДЕЛОВИ ОД САДОВИ

ЕЛОВО • ИСАР, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Доминантниот рид Исар, село Елово, се издига на 1.36 км јужно од селото Елово. Според Ј. Трифуноски: „*Југоисточно од Елово е големото возвишение Исар (1133 м). Се зборува дека тука „во римско време“ било утврдување. На Исарот има траги од ѕидови, постоеле старо гробиште, канал во земјата и „една пешт“ (пештера). Мештаните наведуваат дека на овој Исар некогаш бил оржен „пазар“ за околните планински села*“.[212]

Локалитетот го истражувавме во 2003 година. На врвот од ридот, кота 1130.7 м, евидентиравме утврдена површина со елипсоидна форма голема 96x62 м опколена со сувозид а без кули. Воедно не забележавме никакви остатоци од садова или градежна керамика. Општиот впечаток е дека се работи за еден доминантен кастел – спекула – набљудувачница со далечни визури долж долината на Маркова Река од пределот на Црни Врв преку селата Малчиште и Маркова Сушица

ПЛАН НА „ИСАР“, ЕЛОВО



МОНЕТА НА ЦАР ГРАТИЈАН

ИСАР, ЕЛОВО,
ПОГЛЕД ОД ЈУГ

ЗЕЛЕНИКОВО • ЦРКВИШТЕ, ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Црквиште се наоѓа на доминантна кота 429 м, на 1.67 км западно с/з од центарот на општината Зелениково. Тука на најистакнатиот северен дел од косата што се спушта од правецот на селото Вражалце, била оформена фортификациска рамка.

Локалитетот што прв го истражуваше И. Микулчиќ.[213] Го посетивме во 2014 г, заради снимање на втора, ревидирана планиметрија. Се работи за утврдена површина од 110x53 м, снабдена со клиновидно чело – кула градена во цврста малтерна техника, свртена кон југозапад кон тесното планинско седло и елипсоидно заоблен северен дел. Влезот бил на југоисточната страна. На теренот не се забележани никакви контури на одбранбени кули. Во јужниот дел на тврдината се наоѓаат остатоци од мала трокорабна градба (голема околу 22x12 м) врз која врз средниот кораб била изградена еднобродна средновековна црква. Симетричноста во планот на Микулчиќ, која што го убедила да го датира кастелот во VI век н.е., сепак не е реална, туку приближна. Се работи за доцноантички кастел кој што би требал да се истражи попродлабочено за да се даде точна хронологија и типологија. Котата 446 м доминира над десниот брег на Вардар и има одлична визуелна комуникација со акрополниот бастион на Градиште Таор на 3.6 км северно. Меѓутоа е преиска за да комуницира со Кале, Добрино. Претпоставувам дека се работи за визуелно поврзување со Пакошевска Карпа на 3.3 км на исток ј/и.



ПЛАН НА
„ЦРКВИШТЕ“,
ЗЕЛЕНИКОВО

МОНЕТА
ЦАР ЈУСТИНИЈАН I
АВЕРС И РЕВЕРС

КАТЛАНОВО • БАЊСКИ РИД, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

На тесниот Бањски Рид над бањскиот комплекс во Катланово се наоѓаат остатоци од фортификирана, издолжена површина од 200x45 м. Во текот на нашите истражувања во 2001 година, евидентиравме дека ова плато било интензивно населено. На карпестата рамнина северозападно пред с/з чело на ова утврдување се гледаат вештачки оформени базени за топла вода во карпата. Остатоци од одбранбениот ѕид се наоѓаат на средишниот дел од североисточниот раб на платото. Откриени се следните движни наоди. Бронзена монета на македонскиот крал Деметриј I Полиоркет (македонски штит / шлем), бронзена монета сестерциј на Александар Север, еден апоен од 20 нуми на Јустинијан и уште еден полуфолис – 20 нуми на царот Јустин II. Позицијата на утврдувањето, на прв поглед доминирајќи директно над десниот брег од коритото на реката Пчиња, упатува на еден стражарски кастел, можеби поврзан и со патниот коридор кој од спротивниот речен брег води преку селата Градманци и Круша за Овчеполе.



ПЛАН НА
„БАЊСКИ РИД“,
КАТЛАНОВО

ДЕЛОВИ
ОД ПОКРИВНИ ТЕГУЛИ,
КОРИНТСКИ ТИП

МОНЕТА НА
КРАЛ ДЕМЕТРИЈ I
ПОЛИОРКЕТ

КАТЛАНОВО • КАЛЕ – ПРЖАР, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Ова утврдување прв го споменува Ј. Трифуноски: „*Источно од селото, на левиот брег на Пчиња, се подига возвишение наречено Кале или Пржаљ (397 м). Според кажувањето, тука некогаш била утврдена населба. Селаните копале на Кале и откриле „еден бунар“ и остатоци од ѕидови. Може да се земе дека ова градче била станица на помала посада која го штитела важниот пат на преминот преку Пчиња*“.[214]

Ридот Кале Пржаљ / Пржар се наоѓа на 1.17 км источно од Катланово. Тоа е доминантен рид кота 398 м, што се издига над современиот автопат Велес – Скопје. Го истражував и документирав во 2003 г. На благо заобленото плато на врвот од ридот била оформена елипсоидна фортификација, чиј што моќен земјен насип има големина од 120x83 м и површина од 0.653 ха. Камењата евидентирани во насипот несомнено биле вградени во одбранбениот сувоѕид а биле носени од друго место. Нема никаква видлива керамика или пак други наоди, единствено остатоците на одбранбениот периметрален ѕид сведочат за стратегиската функција на еден кастел - спекула на оваа истакната и доминантна позиција од која што се отвораат широки визури кон Скопје, кон горниот тек на Пчиња и секако кон влезот во Бадерско-Пчињската Клисура кај Бадер.



ПЛАН НА
„КАЛЕ ПРЖАР“,
КАТЛАНОВО

КАТЛАНОВО, *КАЛЕ ПРЖАР*
ПОГЛЕД ОД ЈУГОИСТОК

КИСЕЛА ВОДА • МАРКОВИ КУЛИ, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Тврдината на локалитетот Маркови Кули / Марково Крувче / Маркова Магазија, ја посетил и евидентирал уште англискиот археолог Артур Еванс: „*Во едно село во југоисточното подножје-то на Каршијак, кое што веќе го опишав како стара бања, што се нарекува Кисела Вода од незначително киселиот извор што беше таму, очигледно беа римски гробишта; на лице место видов еден голем саркофаг без натпис, а, спо-ред жителите, многу други (саркофази) биле откопани на истото место. Дознавајќи за еден натпис врежан врз една карпа на самиот врв на планината, тргнав со локални водичи, да го ис-тражам. На околу еден час над Скопје, видов урнатини на еден антички кастел, што завршуваа со полигонална кула, и со простории ископани во површината, од кошто што произлегло неговото име, Маркова Магазија што значи „магацини-те на Марко“. Тој секако потекнува од старото српско време. За околу еден час од врвот излегов на еден стар пат, кој што ја следи, прилично рамномерно источната контура на планината; во согласност со локалното мнение патот води во една насока за Прилеп и Охрид, а во друга на-сока преку Шарпланина за Призрен. Нема сом-нение дека патот бил користен во деновите на старата српска доминација како средство за комуникација со бројните манастири расфрлани околу овој алпски регион. Можно е сејак, дека овој пат ја чинел римската патна комуникација помеѓу Скупи и Хераклеја или Лихнид*.“[215]

МАРКОВИ КУЛИ, ПОГЛЕД ОД ЈУГОИСТОК



ПЛАН НА „МАРКОВИ КУЛИ“, КИСЕЛА ВОДА

ЧЕЛЕН БАСТИОН КУЛА, СРЕДЕН ВЕК

Првите археолошки истражувања и изработ-ката на првата планиметрија на утврдувањето, ги реализираше професорот И. Микулчиќ во перио-дот од 1976-1980 година а резултатите ги публи-куваше на повеќе места.[216]

Локалитетот го истражуваа уште и професо-рите В. Л. Адамс, М. Фулер од САД, К. Ристов и Х. Талевски, додека В. Л. Адамс со И. Ширтовски, во јули 2016 година, ја изработија втората ревиди-рана планиметрија на локалитетот, што за прв пат се публикува во овој труд.

Кои се егзистенцијалните фази и што прет-ставувала тврдината Маркови Кули на Водно? И. Микулчиќ во 1982 година го сметал за рановиза-нтиски градски центар на Скопскиот регион.[217] Во 1999 го интерпретира како „*најсилна тврдина во Македонија и пошироко*“ што „*го штитела град-от (Јустинијана I?) во центарот на денешно Скопје, 3 км северозападно од него*“,[218] При што и во 2002 година останува на истото мнение.[219]

Сметам дека функцијата на оваа извонред-но моќна доцноантичка / рановизантиска тврдина била делумно поинаква, но да се потсетиме накусо на основните карактеристики на местоположбата на фортификацијата и на регистрираните стратуми.

Планинскиот венец Каршијак – Водно на ис-ток завршува со незначително одделен рид висок

АКРОПОЛА,
ИСТОЧНА
ПРАВОАГОЛНАТА КУЛА,
ОДВНАТРЕ

МОНЕТА
ЦАР
ЈУСТИНИЈАН I
АВЕРС И РЕВЕРС

569.6 м. Врвот на овој рид претставува тесно плато што благо се спушта кон исток во должина од околу 360 м, а потоа до околу 1 км, до неговото подножје до кота 270 во урбаниот дел на општината Кисела Вода. Во северното подножје на ридот се наоѓа скопската населба Пржино. Коритото на реката Вардар се наоѓа на 3 км северно североисточно од ридот, што значи доволно рамен простор долж десниот брег на реката по кој во минатото водел патен правец од античкиот скопски центар Скупи како и од средновековниот центар Скопско Кале кон Таорската Клисура. Од врвот на Маркови Кули се отвораат широки визури кон север, исток и југ. Така, на северниот хоризонт, на 14.3 км северозападно, во идеални услови се гледа акрополата на Давина Кула, Чучер. На 6.4 км северозападно се гледа акрополата на градот Скупи (кота 311 м). Не е проверена доволно видливоста кон источната страна, но како изгледа, огновите од Маркови Кули, Водно, во VI-от век, можеле да се видат и од Градиште, Коњаровска Сушица, и особено од Средно Градиште, Трстеник (кота 855 м) на дистанцата од 34.43 км, која што заедно со Долното Градиште, Трстеник најверојатно биле главната спекула и база за сигнална трансмисија кон Овчеполието.

Огновите на Маркови Кули Водно, во доцната антика биле набљудувани и на две значајни точки на југ и југоисток. Од моќниот утврден кастел Исар, село Рамни Габер на североисточната падина на планината Китка, кота 580 м, на дистанаца од 12.7 км, и од кастелот спекула Кале, над селото Црни Врв, јужно, кота 1714.0 м, на дистанца од 19.22 км.

Издолженото плато на Маркови Кули на западната највисока кота има клиновидно зашилена форма и издолжена, приближно правоаголна форма на источната страна, со вкупна должина, заедно со полигоналниот западен бастион, а без источната утврдена тераса 322 м, и максимална широчина измерена на средината на платото од 80 м, без издадените кули. Првите истражувања евидентираа нешто поинакви генерални димензии на тврдината. Вкупна должина од 400 м, широчина од 70 м. Широчина на главниот одбранбен ѕид од 1.8-2.55 м, вкупно 35 кули, меѓу кои што се истакнуваат: голема полукружна кула на најзападната страна од јужниот ѕид (8x7 м), и уште четири триаголни кули (големи по 11x7.5 м) на истиот ѕид. И. Микулчиќ претпоставил на северната страна симетрична состојба како на јужниот одбранбен ѕид, што бил бранет со четири триаголни кули со површински видливи контури. Меѓутоа ова е само претпоставка која што допрво ќе треба да се докаже со археолошки истражувања. Акрополата поседува масивна челна, триаголна, клиновидна кула, голема 15x7 м. Челниот западен полигонален бастион што бил оформен во средниот XII-XIII век, околу рановизантиското клиновидно чело, има дијаметри 16.6 м и 14.25 м.

Западниот дел од утврдувањето бил издвоен со посебен ѕид зајакнат со 4 правоаголни кули со што била оформена акропола. Кулите се големи: 4.5 x 5.4 м и 5,5 x 5,5 м. Во таквата триаголна акропола биле регистрирани две големи цистерни за вода, големи: 23,5 x 12,5 м, и 16,4 x 11,7 м, од кои поголемата, северна е длабока 11 м. Цистерните биле градени по рановизантиските стандарди, со околу 1.8 м дебели ѕидови, однатре измазнети со црвеникав хидростатен малтер. Капацитетот на цистерните изнесува најмалку 2400 м^3 вода, што била спроведена преку подземен аквадукт конструиран со керамички тубули од изворите кај Горно Водно. Подот на големата цистерна бил изведен од големи керамички тули од форматот бипедали. По уривањето на големата цистерна, некаде во VII век н.е., некој извадил еден бипедал во источниот дел на цистерната, ископал мала дупка во матерната субструкција и сокрил мала остана со златен накит, лачна фибула од понтски тип, појасна тока од типот Сучидава, златна обетка и златен приврзок. И. Микулчиќ, ја лоцира стратиграфијата на акрополата преку четири стратиграфски фази.

1 Јустинијаново време преку монета на Јустинијан I

2 Последната третина од VI век, преку 16 монети на Јустин II, со последната монета датирана во 569/70 година н.е.

3 Во раниот VII век се случило обемно реновирање потврдено со монета на царот Маврикиј Тибериј од 602 година н.е.

4 Повторното обновување на тврдината во XI-XIII век.[220]

Источниот дел од тврдината

И. Микулчиќ го измерил јужниот ѕид на источното плато на кастелот со широчина од 2.35 до 2.55 м, и на него евидентирал осум петоаголни кули, големи според него: 7x8 м, 8.3x9.5 м, 9x10 м, и 10x11 м. Освен тоа опишал контури на вовлечен, главен влез на овој ѕид, што денес не може да се воочи на теренот. Исто како што никако не можат да се видат и осумте кули за кои тој претпоставува дека биле изграден на северниот ѕид. На крајниот источен одбранбен ѕид на кастелот, однатре, се гледаат контури на правоаголем објект за кој се претпоставува дека бил цистерна за вода.[221]

Кастелот поседувал масивен источен предѕид – протеихизма, со издадена клиновидна форма, на кој што И. Микулчиќ забележал контури на четири петоаголни одбранбени кули. Меѓутоа во текот на изградбата на патот околу ридот, предѕидот е девастиран. Во заштитните археолошки истражувања на К. Ристов беа евидентирани три правоагоилни кули и еден влез низ западниот ѕид.

Ако ги резимираме досегашните сознанија за утврдувањето на Маркови Кули, Кисела Вода, можеме да ги извлечеме следните прелиминарни заклучоци. Првото утврдување на платото било оформено во првата половина од IV век н.е., што е посведочено како со полукружната кула така и со монетите од ова време. Подоцна, во VI век н.е., најверојатно царот Јустинијан наредува да се подигне најмоќната фаза на кастелот, со сите три тракта, акропола со цистерните, источниот дел од платото т.н. подградие и источната заштитна протеихизма, екипирани со масивните тригонални и пентагонални кули симетрично распоредени во обѕидијата. Ценето според, вкупно претпоставените 34 одбранбени кули и двете големи цистерни за вода, овој кастел, изграден на околу 350 метри над рамнината и над 3 километри широкиот рамен коридор долж десниот брег на реката Вардар, имал пред се воено-стратегиска улога, за заштита на пат-

АКРОПОЛА, ТРИАГОЛНА ЧЕЛНА КУЛА, VI ВЕК

ниот коридор кон кастелот кај Таор и приодот кон Таорската клисура низ која што водел патот кон главните провинциски доцноантички градови Стоби на Македонија Втора и Солун на Македонија Прва. Но, истакнатата позиција на кастелот, со визури кон Давина Кула и кон Исар Црни Врв и Исар Рамни Габер, очигледно ја определува функцијата на кастелот во комбинираната категоријата кастел база и спекула, за сигнални трансмисии за известување на Европската цивилизација на Византија за пробивите на северните агресори.

КУЧЕВИШТЕ • ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

Локалитетот го воведува во стручната литература Н. Чаусидис во 1989 г, кој ја изработи и првата хоризонтална планиметрија,[222] при што го класифицира како збег / рефугиум на постарата населба на локалитетот Градиште Беговиште и околните низински населби во доцната антика. Се работи за доминантен карпест гребен подигнат повисоко во Скопска Црна Гора, наугоре по Урвичка Река, на оддалеченост од 6.2 км северно од селото Кучевиште. Ридот поседува мала акрополка на највисокиот карпест врв – плато, кота 1080.9 м. Н. Чаусидис евидентирал еродиран културен хоризонт, фрагменти од доцноантичка садова керамика. Тој не успеал да го согледа одбранбениот sид, но ги претпоставил неговите траси.

Локалитетот го споменува и И. Микулчиќ во 2002 година, сметајќи го за рефугиум, меѓутоа со непрецизни информации за неговата површина.[223]

Локалитетот го истражував во 2013 г, при што детално го откривме и следевме северозападниот одбанбен sид во густата шума. Sидот под остриот раб на северната тераса на таа страна е долг околу 132 м. На северната страна се врзува за карпестото подножје на акрополката, додека на југозападната страна заокружува кон југ, со што го формира југозападното чело на кастелот. Секако дека на југоисточната карпеста падина бил проектиран одбранбен sид кој што поради изложеност на ерозијата одамна бил девастиран и испран надолу во подножјето на ридот. На 18 м североисточно под малата акрополка, карпестиот гребен бил просечен и била оформена одбранбена фоса за блокирање на приодот по тесниот гребен



ПЛАН НА „ГРАД“, КУЧЕВИШТЕ

КУЧЕВИШТЕ *ГРАД*, ПОГЛЕД ОД ЈУГ

ДЕЛ ОД НАОДИ: ФИБУЛА, СЕКИРА, КЛУЧ, ПОЈАСНА ТОКА СУЧИДАВА ТИП И ПРСТЕНИ (VI ВЕК)

МОНЕТИ ОД РИМСКИОТ, ДОЦНОАНТИЧКИОТ И СРЕДНОВЕКОВСКИОТ ПЕРИОД

од североисток. Во текот на нашите истражувања снимена е втора ревидирана планиметрија со попрецизни информации за фортифицираната површина (голема 131x67/35 м), и откриени се следните движни наоди: бронзен дупондиус од II/III век н.е., неколку мали бронзи од IV/V век н.е., два фолиси и еден апоен од 16 нуми на Јустинијан I и сребрена средновековна монета од XIV век. Една фибула, две токи од типот Сучидава, еден бронзен тег – ексагија со ознаката H (8) и друго.

КУЧЕВИШТЕ • ГРАДИШТЕ 1, ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

На 1 км северо-западно од селската црква во Кучевиште се наоѓа долгнавест рид со највисоката кота 697 м, вовлечен помеѓу две суводолици во подножјето на Скопска Црна Гора, а источно од ридот Завртак, односно 1 км источно од каменоломот под ридот Ум. Горниот дел од ридот бил опколен со одбранбен сувозид со големина од 138x65 м, и вкупна површина од 0.58 ха. Под северното чело на ваквата фортификација била прокопана одбанбена фоса со заокружена форма околу подножјето на ридот. На самиот врв од ридот на северната страна се гледаат контури на заоблено фортифицирана површина. Претпоставувам дека се работи за еден доцноантички збег.[224]



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ 1“, КУЧЕВИШТЕ

КУЧЕВИШТЕ, ГРАДИШТЕ 1, ПОГЛЕД ОД СЕВЕР

КУЧЕВИШТЕ • ГРАДИШТЕ 2 БЕГОВИШТЕ, ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

И овој локалитет го гледаме со првиот стручен опис во литературата од страна на Н. Чаусидис.[225] Се работи за доминантен рид, на 3.2 км северно од селото Кучевиште. Ридот се наоѓа на планинската коса Беговиште помеѓу Изворски поток источно и Урвички поток западно. Платото



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ 2 БЕГОВИШТЕ“, КУЧЕВИШТЕ

на врвот оддалечено 0.8 км североисточно од манастирот Св. Архангел. Според планот на Н. Чаусидис, се работи за утврден простор на два нивоа, со одбранбен ѕид широк 1.5 м. Тој евидентирал и контури на правоаголна кула на северниот ѕид за одбрана на тврдината од евентуални напади по седлото од север. Структурата на одбранбениот ѕид е во скромна малтерна техника.

Утврдувањето го истражував на почетокот на 2013 година. Изработена е втора ревидирана планиметрија. Констатирано е дека трасата на одбранбениот ѕид на источната страна, помеѓу долното ниво и горното северно ниво била поврзана меѓутоа првиот истражувач не успеал да ја открие во густата шумска вегетација низ која просековме коридор и ја снимивме на теренот. Утврдената површина е голема 217x100 м, највисоката кота 904.0 м. Откриени се поголем број движни наоди. Еден излижан од употреба римски дупондиј, како и излижан антонинијан од III век, две луковичести фибули, една од I век н.е., како и повеќе монети од IV/V век н.е. Сите откриени наоди зборуваат за егзистенцијален континуитет од I – V век н.е. Нема постари ниту помлади наоди, со исклучок на чаури и куршуми од 1917-1929 г. Класификацијата е третирана различно. Н. Чаусидис, утврден викус. И. Микулчиќ рефугиум. В. Л. Адамс руднички кастел.

КУЧКОВО • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Локалитетот се наоѓа вовлечен зад теснецот Клисурица, во северна насока. Тука во долот по кој доаѓал прастариот кираџиски пат од село Горанце, се издига издолжен, гол, карпест рид, со највисока кота 631.3 м, познат под името Градиште (Витина). Ј. Трифуноски го споменува како топоним во атарот на Кучково, без посебен коментар.[226] Ридот се наоѓа на 2.42 км на запад с/з од центарот на Кучково, 1.5 км западно од манастирот Св. Ѓорѓи, и 3 км јужно од државната граница на Република Македонија со соседно Косово. Ридот, кој што е составен од хромни карпи, има издолжена ориентација во правец север – југ и одгоре е оформен во три височинки. Северните две во минатото биле опфатени со силен одбранбен ѕид. Тоа бил масивен сувоѕид, конструиран со поголеми и помали камења од локално потекло. Тие биле поставани со долгите лица кон надворешната фасада на ѕидот. Долгата западна страна на ридот претставува стрмен карпест раб, додека источната падина е поблага. Градителите на утврдувањето го оформиле источниот ѕид, на падина, во просек 10-20 метри под платото. Документирани се следните сегменти од фортификациската линија. Јужното чело

ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“, КУЧКОВО

КУЧКОВО, *ГРАДИШТЕ*, ПРЕМЕР НА ЅИДОТ

МОНЕТИ НА: ГРАДОТ ФИЛИПИ, ВАЛЕНТИНИЈАН I И ДОЦНОАНТИЧКА НЕЧИТЛИВА БРОНЗА

на тврдината било оформено во вид на развлечен клин, околу јужната страна на средната височинка. На западната карпеста страна, ѕидот е ерозивно излизган, додека одлично е сочуван на јужната и источната страна. Темето на челото е широко 5 метри. Оттука ѕидот води за околу 45 метри во североисточен правец, по благата падина а потоа благо врти во северен правец. Трасата на овој дел е одлично видлива и висока во просек за околу 1.5 м над околниот терен. Делот од ѕидот што води по источната падина е релативно рамен во следните 85 метри, до една масивна карпа на која што бил призидан, за потоа да започне благо да завиткува околу североисточната падина на северната височинка. Ова заокружување на ѕидот се следи 107 метри, а потоа започнува северното чело на тврдината. Ѕидната траса на северниото чело е долга 60 метри и одлично видлива. Опишаната источна траса на падината, со вкупна должина од 192 метри, беше идентификувана по целата должина. Трасата на ѕидот има благи извиткувања со куси промени во правецот. Северниот челен ѕид на западната страна завршува во остар клин, оформен на карпеста падина.

По целата површина на утврдувањето не се регистрирани никакви контури или остатоци од внатрешни објекти. Во рамките на прво-

то истражување не беа најдени ниту било какви движни наоди за културно-хронолошка определба на тврдината. Поради тоа, а врз база на големите камења во масивниот одбранбен сувозид и извонредно значајната геостратиска местоположба, тврдината беше интерпретирана како типичен воен објект, кој датира можеби од периодот на раната антика или од железното време.

Утврдениот простор е голем 243x46/46/53 метри, на површина од приближно 1 хектар. Утврденото плато поседува доминација над долгата клисура со патот во западното подножје на ридот, од каде се пружаат широки визури на север од каде доаѓал алтернативниот пат од Качаник, но и од планинскиот предел од правецот на Радуша, како и кон југ кон влезот во теснецот Клисурица. Сето тоа очигледно ни ја презентира воено стратегиската, времена функцијата на утврдувањето Градиште, Кучково.

Во текот на наредните површински истражувања на локалитетот беа откриени три монети од римскиот раноцарски период.

ЛЕТЕВЦИ • МАРКОВИ КУЛИ • КАЛЕ • БАДЕРСКО КАЛЕ • КАСТЕЛОТО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Следејќи ја трасата на патот по кој одел А. Еванс, истражувајќи го Скопско, внимание привлекува неговото патешествие преку Катлановска Бања, селата Бадер, Блаце и Кожле.

Еванс запишал: „*Појдовна точка на моите истражувања беше* (Катлановска/В.Л.А.) *Бања, во Пчињската долина, топлите бањи и античките каменоломи кои што веќе ги опишав, кои што очигледно, ја чинеле бањската станица, означена на Картата на Појтингер како прва станица на патот кон Тесалоника, 21 милја* (31.5 км) *одалечена од Скупи. Самиот римски пат, во својата јужна насока, мора да продолжувал од околината на (Катлановската) Бања, долж левиот брег на реката Пчиња, и ја преминувал (реката), а ридот над преминот претставувал природна позиција за кастел што го контролирал овој премин. На оваа позиција, всушност, се наоѓаат урнатините на една турска кула стражарница, позната како Бадерско Кале, кое што претходно го контролирало патот низ теснецот; патот што секако бил римски пат. Името на ова Кале е интересно, бидејќи покажува дека името на Бадер се уште се одржува на двата речни брега, и неговата функција ја дополнува причината за постоење на постар, византиски "frourion", каков што била Бедериана, во близината на селото. Самото село Бадер лежи на десниот брег на реката, која што е тука лесно минлива. Селото е проста група куќи од сувозидишта; всушност единствена значајна карактеристика е фонтаната подигната од побожната дама со муслиманско име Фатима; неговата местоположба, сепак, закачена на стрмнината под „железните порти“ на речниот тек, секако беше прекрасна. Јас не можев да забележам било какви остатоци од римско време, иако во близината имаше христијански гробишта од некоја антика во одреден степен расфрлани околу еден даб. За еден час пешачење нагоре странично од долината, и од влезот* (во клисурата/В.Л.А.) *кај што лежи Бадер, е селото Блаце, каде што беа откриени два римски натписи од инженери вклучени во рударичките операции на вадење на камен во околината, поврзани со изградбата на македонската линија. . ... Од ова село, што зазема централна и контролна местоположба на овој ридест предел, помеѓу Пчиња и Вардар, води права патна линија, речиси кон југ,*

ПОКРИВНА ТЕГУЛА *КОМНЕНОВСКИ ТИП*
И
ДОВРАТНИК, ЦРКВА „СВ. НИКОЛА“



ПЛАН НА ГРАДИШТЕ – МАРКОВИ КУЛИ, ЛЕТЕВЦИ



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ – МАРКОВИ КУЛИ“, ЛЕТЕВЦИ

ЛЕТЕВЦИ,
МАРКОВИ КУЛИ

МОНЕТИ ОД ДОЦНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД И СРЕДНИОТ ВЕК НА ЦАРЕВИТЕ: ВАЛЕНТИНИЈАН II, ЈУСТИНИЈАН I, ЈУСТИН II, И КРАЛОТ СТЕФАН УРОШ II МИЛУТИН, АВЕРС И РЕВЕРС

кон селото Кожле и сливот на двете реки. За овој пат јас сум наклонет да го сметам за римски.

Во македонскиот (В.Л.А.) *манастир Св. Јован, што лежи на стрмниот лев брег на Пчиња, блиску до нејзиниот влив, видов словенски натпис, што фон Хан го прикажа во Велесе, и за кој што тој претпостави дека посетува референца за Јустинијан. Тој е насликан со црни букви во малата византиска црква, над влезната порта; но во никој случај не одговара на описот на фон Хан. Неколку збора беа неразбирливи, но натписот целосно е јасен и се чита вака: „Оваа црква беше изградена од темели и насликана со трудот и подвигот на возљубениот од Бога епископ господин Јосиф ... од Манастирот Зографу. Во времето на Патријаршијата на благословениот ... господар и епископ на Јустинијана Прва од Охрид, господарот Зосим, и од ... султан Мехмед. Тогаш Крит беше заземен. И китиорите беа од* (селото/В.Л.А.) *Рудник, Јово, Неда, Нера ... ица, Продан, Стефан, Васо, Дамчета. Во годината (1669)*“.“[227]

Од известувањето на Еванс се гледа дека Бадерското Кале на кое била турска кула, се наоѓало на доминантен рид на левиот брег на Пчиња, над местото каде што древниот пат преминувал од десниот на левиот брег, и дека Бадерското Кале го чувало и контролирало теснецот низ кој течела реката Пчиња.

Бадерско Пчињската Клисура е долга 8 км, и била заштитувана со сигурно познати три утврдувања. Првото утврдување е Кула, Бадер, на десниот брег на Пчиња на самиот влез во клисурата, околу 1 км југозападно од Бадер. Второто утврдување е Солиште, Летевци на ридот над левиот брег на Пчиња, на самиот влез во клисурата, 1 км северозападно од Летевци, веднаш отспротива Кула, Бадер. И третото утврдување е Маркови Кули / Град Кожле / Кастелото, Летевци. Од мошне скромниот опис на Еванс се има чувство дека Бадерското Кале, кое што како топоним и остатоци од утврдување во литературата го споменува единствено тој, се наоѓало на ридот Солиште. Меѓутоа, на акрополниот врв на ова железнодобно и доцноантичко утврдување, што се наоѓа точно врз Катлановскиот тунел низ кој минува магистралниот пат Скопје – Велес, кој што бил максимално девастиран од страна на градителите на железниот столб за далноводот за електрична струја, и не можев да видам никакви остатоци од отоманскиот период, сметам дека со топонимот Бадерско Кале, Еванс го именувал третото утврдување, Маркови Кули / Град Кожле / Кастелото, Летевци. Всушност, од описот на неговата посета на црквата Св. Јован Ветерски, што се наоѓа на околу 2 км јужно од Маркови Кули, Летевци, очигледно е дека Еванс длабоко навлегол во Бадерско Пчињската клисура и дошол речиси до вливот во Вардар.

Според Ј. Трифуноски, „*Околу 500 м јужно од Летевци се наоѓа карпестото возвишение Кале. На неговото теме има траги од ѕидови.*

ГРАДИШТЕ,
МАРКОВИ КУЛИ,
ЛЕТЕВЦИ

ЕКСАГИЈА (VI ВЕК), ТОКА СУЧИДАВА ТИП (VI ВЕК)
И СРЕДНОВЕКОВНА АПЛИКАЦИЈА - ОЛОВЕН МОДЕЛ ЗА КАЛАП (XI - XII ВЕК)

ДОЦНОАНТИЧКИ ФИБУЛИ,
КРСТЕСТ Т - ТИП / ЛУКОВИЧЕСТИ

Нивната дебелина е околу 1 м. Во подножјето на возвишението има остатоци од 20-тина гробови и една црква. Некои селани велат дека е тоа Марково Кале. На Калето селаните ископувале големи земјени ќупови."[228]

Овој локалитет, под името Кале номинално го споменува и Ј. Хаџи Васиљевиќ,[229] додека Т. Томоски, во 1978 година изнесува нешто попрецизен опис на кастелот, и го публикува првиот хоризонтален план изработен од И. Микулчиќ.[230] Досега најобемниот стручен опис на кастелот – град во литературата претставил И. Микулчиќ, кој реализираше истражувања на локалитетот, во кои активно учествував, во повеќе наврати во периодот од 1975-1982 година.[231]

Во периодот од 2008 и 2009 година, на локалитетот беа изведени први археолошки ископувања под раководство на К. Трајковски,[232] при што е сондирано во акрополниот дел, на јужната падина во подградието и беше откопана мала ранохристијанска црква од VI век н.е. на североисточниот агол на карпестото плато на западниот полуостров околу кој кружи Пчиња.[233]

Во 2016 година В. Л. Адамс со тимот од Проектот Археолошки катастар изработија најнова, ревидирана комплетна георефернцирана планиметрија на локалитетот.

Утврдувањето е доказ за магистралниот пат што бил користен во текот на железното време, антиката и средниот век во Бадерско-Пчињската клисура, на дистанцата од Бадер до вливот на Пчиња во Вардар. Материјалните наоди, монетите и дел од архитектурата укажуваат на извонредниот значај на утврдувањето во текот на доцноантичкиот период, од IV-VI век н.е.

Утврдувањето се наоѓа точно во средината на клисурата. Тука, реката Пчиња, од јужен правец зазема југозападен правец, заобиколувајќи западно, под еден доминантен карпест рид, околу издолжениот ридест полуостров. На 1.5 км западно, на рамниот дел, повисоко над десниот брег на Пчиња се наоѓа селото Кожле, додека на 1.3 км североисточно од градот високо над левиот брег на реката се наоѓа селото Летевци. Современиот асфалтен пат Скопје – Велес, минува точно преку планинското седло, источното чело на подградието, при што пресекол и оштетил дел од источното чело, поточно ја девастирал источната кула на оваа позиција.

Локалитетот се состои од следните утврдени и други зони и објекти: акропола; североисточна тераса на доцноантичкиот кастел; северно подградие; јужно подградие; североисточна некропола; ранохристијанска црква; средновековна црква Св. Никола на Милутин од 1313 година, со некропола; и пештерна капела.

Акрополата има издолжена форма, голема 65x30 м. Акрополата била изградена во доцната антика, и била обновена во средниот век, бранета со две кули, западна и источна. На западниот сид, на највисоката кота во утврдувањето во средниот век била изградена доминантна кула – бастион, додека на источното чело била оформена пониска кула со трапезовидна основа, голема 8x8 м. Со ископувањата во акрополата биле откриени остатоци од големата правоаголна просторија потпрена на јужниот сид како и монети од IV и од VI век н.е.

На североисточната страна на ридот, што се спушта кон седлото, И. Микулчиќ забележал 40 метри долг одбранбен предсид со кој што кастелот бил бранет од нападите од седлото. Над него, бил оформен главниот источен сид на подградието, кој што во постара фаза на запад бил врзан со акрополата и трапезовидна кула. Овој сид се спуштал на северната падина кон остатоците од главната влезна порта во кастелот. Во подоцнежна, средновековна фаза, врската со акрополата била пресечена, и биле проектирани две сидни платна кон седлото каде се спојувале или во клиновидно чело или во силна одбранбена кула.

Северното подградие започнувало на исток од главната влезна порта во кастелот и се протегало до северозападната правоаголна кула. Источната страна претставува стрмна карпеста и некорисна површина, додека западната страна е поширока тераса наведната кон север.

Јужното подградие всушност било споено со северното. Според нашите теренски проверки, не постоел сид што ги врзувал северозападната кула со западниот агол на акрополата. Туку, од северозападната кула, по карпестиот гребен билк проектиран одбранбен сид, кој после околу 10 метри благо вртел кон југ и за околу 100 м излегувал на карпестиот масив што доминирал над вливот на долот во Пчиња. Нема сомнение дека на ова карпесто плато некогаш била подигната моќна одбранбена кула која што патниците кои доаѓале покрај коритото на Пчиња од југ, прво неа ја здогледувале на северниот хоризонт. Од ова карпесто плато, сидот водел во североисточна насока и за околу 120 м се спојувал со источното чело на кастелот. Северното и јужното подградие го сочинувале всушност долниот град.

Североисточната некропола, се чини била главна некропола на утврдувањето во железното време, во доцната антика и во средниот век. Се наоѓа на околу 40 м североисточно преку асфалтниот магистрален пат. Се работи за тесно плато на ридот наведнато кон југозапад големо приближно 80x30 м, на кое што се наоѓаат остатоци од гробови, на места разголеми гробни цисти.

Ранохристијанската црква што ја откопал тимот на К. Трајковски, се наоѓа на карпестото плато високо над реката Пчиња, на североисточниот агол на полуостровот околу кој врти реката, западно од кастелот. Базиликата била тробродна со централна полукружна апсида и гробови во југозападниот анекс. Во врска со овој објект, пред истиот да се ископа, во литературата беше изнесена и друга хипотеза. Имено, тоа можел да биде „*сложен и богат станбен комплекс (villa). ... можеби имот на некој виш офицер*."[234]

На крајниот југозападен дел од полуостровот, околу 75 метри североисточно од речниот брег, во средниот век била оформена тераса со некропола, во чија што средина кралот Милутин, околу 1313 г ја подигнал средновековната црква Св. Никола.

Во вертикалната карпа врз која што се потпира долгиот мост на современата магистрала, на јужната страна од долот, се наоѓа мала пештера во која се наоѓаат слаби остатоци од фрески според кои Т. Томоски претпоставил дека се работи за пештерска црква.[235]

Во рамките на површинските истражувања и документирања на утврдувањето, во 2017 година тимот на Филозофскиот факултет од Скопје откри поголем број на движни артефакти на јужната падина, надвор од јужниот градски бедем. Најстар наод претставува една сребрена драхма на пајонскиот крал Патрај со претставата Аполон / протом на див вепар. Овој наод како и дел од рачка на хидрија, ја илустрираат егзистенцијата на локалитетот во IV и веројатно низ III век пред н.е.

Откриени се: бронзен дупондиј на римски цар од II век н.е., три монети од III век, бронзени миними од IV век, две фибули од т.н. луковичест тип. Откриени се дури 12 примероци монети од VI век, како и две бронзени ексагии со вредност од по една номизма. Откриена е една оловна имитација на карактеристичните срцевидни токи од X / XI век. Потоа четири средновековни византиски монети од типот ураниск (скифати), а во рамките на ископувањата на К. Трајковски, во акрополата на средновековниот град, била откриена сребрена монета на кралот Милутин.

Сумираните сознанија ни претставуваат една значајна населба од железното / архајско време и раната антика, врз која бил подигнат доцноантички и потоа рановизантиски кастел, а врз него и средновековниот град Кожле во втората половина од XII век со егзистенција до XIV век. Сосема е очигледно дека интересот на луѓето од предисторијата антиката и средниот век, за оваа местоположба во средината на Бадерско-Пчињската клисура, се должи на древниот магистрален пат што водел долж речните брегови на Пчиња. Меѓутоа, во науката, пред околу 34 години беше изнесена една поинаква хипотеза.

Имено, древниот магистрален пат не минувал во Пчињската клисура, туку водел од нејзината утока во Вардар, нагоре до селото Кожле и потоа се спуштал преку селото Блаце на просторот на современо Катлановo.[236]

Денес знаеме дека магистралниот пат водел низ Бадерско-Пчињската клисура. Делумни докази за јужниот дел од трасата се средновековните цркви Св. Јован Ветерски и пештерната црква отспротива. Локалниот топоним Штур, што се гледа на топографската секција 1:25.000, на ридестиот предел западно од Ветерско, потекнува од влашкиот збор кштур а овој произлегол од каштур – castrum.

За жал во текот на теренските проверки не успеавме да лоцираме утврдување на овој простор, па затоа претпоставувам дека топонимот најверојатно го означувал блиското утврдување – кастелот на локалитетот Маркови Кули/ Кале / „Бадерско Кале“ / Кастелото.

ЛЕТЕВЦИ • СОЛИШТЕ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Северниот дел од патната траса долж Бадерско-Пчињската клисура, од влезот до Маркови Кули, Летевци, е долг 3.5 км. Влезот во клисурата, низ кој што најверојатно поминал и А. Еванс, претставува теснец, заграден со доминантен карпест рид со проширен гребен што се спушта на запад кон речното корито. Удирајќи во карпата, пред милиони години, Пчиња била принудена да сврти на десно и да се пробие околу карпестиот гребен. Така била створена природна влезна порта во клисурата. Портата била бранета во железното време и во доцната антика / рана Византија со оформување на силно утврдување на ридот Солиште. Фортификацијата се состоела од два дела, акрополен и западна утврдена тераса (види план во делот за Бадер Кула, општина Петровец).

Акрополата била оформена на највисокото плато, позиционирана точно над Катлановскиот тунел низ кој минува магистралниот пат. Постарата акропола од железното време била оформена со сувозид кој не може да се види без ископувања. Доцноантичката / рановизантиската акропола била приближно правоаголна, оформена со цврст малтерен одбранбен ѕид, што бил пробиен со градежните работи за подигање на металниот столб за далноводот, пред неколку децении.

Западната тераса, со закосен спуст кон запад, била исто така утврдена со долг ѕид на северната страна, со поглед кон речното корито и патот што приоѓал од север кон влезот, и со долг ѕид на јужната страна чија што траса се следи според конфигурацијата на теренот.

Движните наоди се состојат од изобилие фрагменти и делови садова керамика од железното време. Доцноантички покривни керамиди од коринтски тип, мали фрагменти доцноантичка грнчарија, доцноантичка железна фибула.

Очигледно е дека на Солиште, Летевци, бил подигнат кастел стража, за блокирање на влезот во Бадерско-Пчињската клисура од север.

Северниот одбранбен ѕид на акрополата и на западното подградие биле така поставени да на нив можеле да се наредат голема единица војниците и да стрелаат со разновидно оружје врз евентуалните агресори кои се движеле долу на патот покрај реката.

ЉУБАНЦИ • КУЛА, ОПШТИНА БУТЕЛ

Околу 500 м североисточно од составот на Љубанска Река и потокот, на карпестиот срт, во доцната антика бил изграден мал но силен планински кастел. И покрај тоа што А. Еванс го посетил Љубанци во 1883 година, не го забележал кастелот. Во 1971 година ја среќаваме првата информација за Кула, Љубанци од страна на Ј. Трифуноски кој запишал: „*На местото Кула на планинскиот масив, некогаш престојувал воен одред кој се грижел за безбедноста. Се познаваат ѕидови во урнатини, широки околу 1 м* (Местото Кула е запишано на топографската карта, размер 1:50.000). *Во тој планински крај е и местото Муратица или Муратово Џаде. Таму водел патот*

ПЛАН НА „КУЛА“, ЉУБАНЦИ

МОНЕТИ НА, ЈУСТИНИЈАН I (527–565), ФОЛИС И АЛЕКСИЈ I КОМНЕН (1092–1118), ТЕТАРТЕРОН





ЉУБАНЦИ, *КУЛА*
ПОГЛЕД ОД ЗАПАД

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I, ПОЛУФОЛИС,
ТЕСАЛОНИКА

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I, ФОЛИС,
НИКОМЕДИЈА

ЉУБАНЦИ,
ЧЕЛНА КУЛА - ПЕНТАГОН, VI ВЕК

во насокаша Барјак – Пуљак – Било – Рамно – Корбулиќ – Косово.“[237]

Првиот археолог кој ја истражувал Кула е Н. Чаусидис, кој ја изработил и првата планиметрија на кастелот и ги публикувал првите елементарни податоци за културната стратиграфија во 1989 година.[238]

Последниве години, Кула ја истражувал и В. Л. Адамс со соработниците, при што ја додефинирал хронологијата и изработил втора хоризонтална планиметрија на кастелот.

Навистина е тешко да се интерпретира овој малечок но извонредно цврст планински кастел закачен на стрмниот планински срт над составот

на потоците. Има приближно триаголна форма со не особено доминантно северно чело, свртено кон планинското седло и брането со масивна петоаголна рановизантиска кула изградена во цврста малтерна техника.

Северозападната одбранбена линија лесно се следи во конфигурацијата на теренот, но потешко ја дефинираме југозападната одбранбена линија што речиси по изохипса го заградува кастелот на долната страна. Југоисточната одбранбена линија била проектирана долж карпестиот раб наугоре но, ѕидот одамна се девастирал и излизгал под дејството на ерозијата.

Наодите на монетата на Јулијан II (360-363), една мала бронза од IV век, мало железно резе од клучалница на мала кутија за чување драгоцености, како и петоаголната кула, ја датираат изградбата и егзистенцијата на кастелот во периодот од IV до VI век н.е. Основните претпоставки одат во насоката, кастел збег или кастел стража за контрола на блискиот рудник за експлоатација на железна руда на локалитетот.[239]

МАЛЧИШТЕ • МАРКОВА СУШИЦА • МАРКОВО КАЛЕ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

На ридот што се издига над составот на еден поток, лева притока на Маркова Река, над нејзиниот лев брег, на 1 км југозападно од манастирот Св. Димитрија во Маркова Сушица, во доцната антика бил подигнат доцноантички кастел составен од три сегменти.

1. Акропола, со триаголна форма голема 55x35 м, со челниот ѕид и источната кула голема

СЕКИРА И МОТИКА,
VI ВЕК



ПЛАН НА „МАРКОВО КАЛЕ“,
МАРКОВА СУШИЦА,
МАЛЧИШТЕ

АКРОПОЛА

АКРОПОЛА,
РАБ, ДЕТАЉ

АКРОПОЛА,
СЕВЕРЕН ЅИД, РАБ

ДОЛЕН ГРАД,
ЅИД, ДЕТАЉ

МАРКОВИ КУЛИ, СУШИЦА, МАЛЧИШТЕ,
МОНЕТИ ОД ДОЦНОАНТИЧКИОТ
И РАНОВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД

ЕКСАГИЈА
НОМИЗМА

БРОНЗЕНА АПЛИКАЦИЈА
СРЕДЕН ВЕК

6x6 м. Југозападна петоаголна кула со протеихизма под кулата свртена кон седлото.

2. Подградие на источната стран големо 126x100 м, со најмалку три кули.

3. Протеихизма, издадена на југоисточната страна.

Уште во 1985 година А. Еванс забележал малку под Маркова Сушица, на десниот брег на Маркова Река, стар рудник за злато, кој што Турците го активирале десетина години пред неговото доаѓање во селото.[240]

Во 1958 година, Ј. Трифуноски забележал за утврдувањето Марково Кале: „*Југозападно и близу Сушица, се наоѓа возвишението Марково Кале. Возвишението се наоѓа покрај Маркова Река, на местото каде што е долината на спомената река погодна за одбрана. Поради тоа тука постоела тврдината, за која што народот верува дека ја изградил Кралот Марко. Остатоци од каменитe ѕидови (местимично дебели повеќе од 1 м) јасно се познаваат. Возвишението Марково Кале сега е под пасиштe и шума*“.[241]

Исцрпниот опис на површинските остатоци на кастелот, како и првиот хоризонтален план, во литературата, во 1982 година, ги публикуваше И. Микулчиќ, по интензивните теренски истражувања и премерот на остатоците на одбранбените ѕидови на утврдувањето.[242]

Локалитетот подоцна го истражуваше В. Л. Адамс, при што ја изработи втората ревидирана планиметрија на кастелот што тука се публикува.

Откриени се: една мала бронза од IV век; 5 монети од VI век (апоени: еден фолис од 40 нуми на Јустин I; три апоени на Јустинијан I, еден од 5 нуми и два од 16 нуми; и еден апоен од 20 нуми на царот Јустин II); потоа оловно тегче со ознака B (2), бронзен прстен,, железна мотика од VI век, железни врвови од стрелици двосечни и троребрести.

Вкупната површина изнесува нешто над 1 ха. Се смета дека кастелот започнал да се гради уште во III век, доживеал преправки во IV и V век, голема обнова во VI век, и репарации и повторно заживување во XIV век н.е.

МАТКА • ГОЛЕМА ПЕШТ, ОПШТИНА САРАЈ

На југоисточниот дел од планинската коса Пештерец, преку ниското тесно седло, се издвојува издолжено и тесно карпесто плато, со благ пад кон југоисточната страна. Позицијата е доминантна со широки визури кон Скопското Поле на исток, север и југ, кон влезовите што ги примале патните комуникации од Полог низ Скопскиот Дервен, по Дервенска Река (Фуш), потоа долж реката Вардар и по Треска. Тоа плато е ридот Голема Пешт, место што било населено уште во енеолитската епоха, а подоцна било уште двапати ревитализирано.[243] Во текот на доцната антика (од втората полоовина на III век до крајот на IV век) и во средниот век (XII-XIII век). Локалитетот се состои од два дела: акрополно плато што претпоставувам било утврдено со сувосид и јужни станбени тераси.

Платото е големо 122x37 метри. Највисоката кота на северозападниот врв изнесува 482.6 м, а најниската на југоисточниот крај 465 метри. Ова плато најверојатно било утврдено со одбранбен сувосид но, со оглед на високата и издадена доминантна местоположба, без висока вегетација, терен кој отсекогаш бил изложен на силна ерозија, sидовите, како и голем дел од културните хоризонти, биле одамна излизгани. Девастирањето на sидовите можеби било изведено и со искористувањето на градежниот камен за изградба на куќите во соседните села Матка и Глумово. На површината е регистриран дел од покривна керамида – тегула, од коринтскиот тип. Внатрешноста на платото нема карактеристични контури на градби. На југоисточниот дел избива карпеста маса во која се насетуваат контури на една просторија. Ситни парчиња малтер се забележани единствено во урнатата маса на западниот челен sид. Јужната страна претставува долга искривена травертинскаа вертикала, просечно висока од 2-5 метри. Западниот највисок дел на платото бил бранет со sид, чии што контури се единствен остаток од главната фортификациска рамка на кастелот. Неговата должина изнесува 12 метри. Северната страна била природно бранета со долга, искривена карпеста вертикала, висока просечно од 6-7 метри а на места и повеќе. Најниската, источна страна на платото, терминира со ниско, природно оформено чело. На десетина метри северозападно од темето на челото, во високата карпа се гледа природно оформена полупештера, позната како Голема Пешт, според која целиот рид го носи името. Влезот е широк 6 метри а длабока е 11 метри. Со оглед на теренската конфигурација, на јужната страна и постоечкиот приод низ карпите кон пештерата, претпоставуваме дека таа во минатото можела да биде населена. Западно и југозападно, под споменатото ниско седло со кое што платото е одделено од масивот Пештерец, се протега мала станбена тераса, бранета од јужната страна со масивен sид, граден со големи камења, дури и цели карпи, што биле грубо цепени и полагани без врзно средство. Токму на ова место беа регистрирани бројни фрагменти и делови садова грнчарија од бронзено време, што го посочува енеолитскиот карактер на станбената тераса. Со детални истражувања на површината на платото беа откриени голем број доцноантички монети. Истите се најдени рамномерно и речиси на самата површина на локалитетот насекаде. Дел од нив (92) се откриени во концентрација на североисточната падина, во близина на карпестиот раб. Несомнено се работи за депо од т.н. отворен тип, бидејќи беа собрани во состојба на „лизгање“, на простор од околу 7 м долж падината на 2.5 м широчина. Најголемиот дел од овие монети им припаѓале на римските цареви Константин I (307-337), Констанс (337-359) и Констанциј II (324-361), додека последниот примерок е на Теодосиј (379-395). На овој простор се најдени и неколку монети од втората половина на III век, за кои се претпоставува дека не биле дел од депото, а веројатно и осамениот примерок на Теодосиј I.

Инаку, најрана монета на локалитетот е дупондиј на царицата Фаустина Помладата (147-

ПЛАН НА „ГОЛЕМА ПЕШТ“, МАТКА/ГЛУМОВО



ЦАР КОНСТАНТИН I (307–337), МАЛ ФОЛИС



КОНСТАНТИЈ II (324–361), МАЛ ФОЛИС



МАТКА, *ГОЛЕМ ПЕШТ*

ЦАРИЦА ХЕРЕНИЈА ЕРТУСЦИЛА (249/251), СЕСТЕРЦИЈ

ЦАР ЈОВИЈАН (363–364), СРЕДЕН ФОЛИС

ЦАР ГАЛИЕН (253–268), АНТОНИНИЈАН

ЦАР ЛИКИНИЈ I (308–324), ФОЛИС

ЦАР АВРЕЛИЈАН (270–275), АНТОНИНИЈАН

ЦАР КЛАВДИЈ КВИНТИЛ (270), АНТОНИНИЈАН

ЦАР МАРКО АВРЕЛИЈ ПРОБ (276–282), АНТОНИНИЈАН

ЦАР МАРКО АВРЕЛИЈ ПРОБ (276–282), АНТОНИНИЈАН

ЦАР МАРКО АВРЕЛИЈ ПРОБ (276–282), АНТОНИНИЈАН

ЦАР МАРКО АВРЕЛИЈ ПРОБ (276–282), АНТОНИНИЈАН

ЦАР КАР (282–283), АНТОНИНИЈАН

ЦАР ДИОКЛЕЦИЈАН (284–305), АНТОНИНИЈАН



ЦАР МАКСИМИН II ДАЈА (309–313), ФОЛИС

ЦАР ЛИЦИНИЈ I (308–324), ФОЛИС

ЦАР ЛИЦИНИЈ I (308–324), ФОЛИС

156). Потоа монетата на царицата Херенија Етрусцила (249-251) од ковницата Виминакиј (Костолац). Монетите од втората полоовина на III век се исклучиво бронзени антонинијани, со тенко посребрување, што идеално го сочувало релјефот на поголемиот број од нив. Монетите од почетокот на III век се состојат од неколку големи фолиси со исто така тенко посребрување, потоа неколку мајорини и кентентионали, додека најголемиот број примероци се мали бронзи од Константин I до Теодосиј I. По нивното чистење и анализа, е констатирано дека се работи за временски континуитет од втората половина на III до крајот на IV век н.е.[244] Посебно внимание привлекоа пет деформирани монети, секако под дејство на висока температура, како дејство од силен пожар воп кој некогаш согорела тврдината.Тоа се примероците на царевите: Аврелијан (270-275), Диоклецијан (284-305), Галериј (293-305) и Ликиниј (308-324). Историските извори информираат за особено силни немири на почетокот од IV век, кога, во 322/23 година, западното готско племе Тервинги пусто-

ЦАР КОНСТАНТИН I (307–337), ФОЛИС

ЦАР КОНСТАНТИН I (307–337), ФОЛИС

ЦАР КОНСТАНТИН I (307–337), ФОЛИС

ЦАР КОСТАНС (337–350), МАЛ ФОЛИС

ЦАР КОНСТАНТИН II (317–340), МАЛ ФОЛИС

ЦАР КОНСТАНТИН II (317–340), МАЛ ФОЛИС

ЦАР ЈОВИАН (363–364), СРЕДЕН ФОЛИС

ЦАР ВАЛЕНС (364–378), МАЛА БРОНЗА

ЦАР ГРАЦИЈАН (367–383), МАЛА БРОНЗА

ЦАР АВРЕЛИЈАН (270–275), АНТОНИНИЈАН

ЦАР ПРОБ (276–282), АНТОНИНИЈАН

ЦАР АВРЕЛИЈАН (270–275), АНТОНИНИЈАН



ЦАР АВРЕЛИЈАН (270–275), АНТОНИНИЈАН

ЦАР АВРЕЛИЈАН (270–275), АНТОНИНИЈАН

ЦАР МАРКО АВРЕЛИЈ ПРОБ (276–282), АНТОНИНИЈАН

шело низ областите на Долна Мезија, Тракија и Македонија. Царот Константин I тргнал од Тесалоника и ги проиморал да се повлечат. Сепак нема конкретни елементи за поврзување на ова историско случување со датираното опожарување на Голема Пешт. Освен тоа, останатиот број идентификувани монети на платото, укажуваат на континуитет во егзистенцијата на ова место во времињата на наследниците на царот Константин I, се до крајот на IV век н.е., иако меѓу нив нема горени монети.

Очигледно дека кастелот на Голема Пешт претставувал мошне значаен стратегиски пункт. Тука, од коритото на Треска се одвојувал заобиколниот пат што водел преку превојот Крстец на планината Ивања кон Здуње во Пореч̌е. Монетните наоди на Голема Пешт ни го илустрираат времето на користење на овој пат, и тоа во периодите на бронзеното време, доцната антика и средниот византиски период. Последната монета е византиски скифат (ураниск) од XII/XIII век н.е., што можеби посведочува само стражарница.

МАТКА • МАРКОВ ГРАД, ОПШТИНА САРАЈ

Марков Град, Матка, претставува извонредно значајна стратегиска тврдина, подигната точно над карпестиот процеп Матка.[245] На оваа точка се спушта речиси вертикално карпестиот срт на планината Ивања под називот Аргачи вертикалните Андрееви Карпи. Бидејќи потребата за контролирање на теснецот била одсекогаш актуелна во минатите времиња, и покрај тоа што конфигурацијата на теренот е крајно незгодна, на карпестиот срт над Андреевите Карпи во доцната антика била оформена силна тврдина. Ова место е мошне тешко пристапно и визуелно воочливо, па дури и одблиску, затоа што кастелот бил мошне вешто вклопен во карпите. Тврдината се состоела од три дела: висок акропол, западно подградие, источно подградие и доминантна кула Маркова Ветерница / Ветер Воденица.

Акрополот на Марков Град има форма на неправилен триаголник (63x56.5x48 м) се простира на површина од 0.25 ха. Во централниот дел се наоѓа карпесто плато (20x17 м), што било дозидувано на северната и источната страна, заради комплетирање на нивелацијата за фундирање на широк станбен објект. Теренот на јужниот дел бил повисок за околу еден метар, но е рамен и на него била изградена средновековната црква Св. Недела. Таа е мала еднокорабна куполна црква подигната во периодот од 1350-1360 година, најверојатно од Бојко, кефалијата на средновековниот град Матка.[246] Над јужниот ѕид на црквата, се издига висока карпеста вертикала, наугоре кон кулата Маркова Ветерница. Западниот одбранбен ѕид на акрополот е долг 63 м и широк приближно 1.2-1.8 м Тој се протега од контурите на една кула



ПЛАН НА „МАРКОВ ГРАД“, МАТКА

НАОДИ ОД *МАРКОВ ГРАД*



ПЛАН НА „МАРКОВ ГРАД“, МАТКА: А. АКРОПОЛА; В. ЗАПАДНО ПОДГРАДИЕ; С. ИСТОЧНО ПОДГРАДИЕ

(бр. 5) до карпестата вертикала на југ. Неговата конструкција потсетува на ѕидовите на средновековниот град Маркови Кули, Летевци. И тука, кај Марков Град Матка, е евидентиран заштитен одбранбен градобран. Ѕидот е зачуван до 6.5 м височина. На јужната страна била оформена вовлечена, главна влезна порта со влез широк 1.3 м Височината не е сочувана, но изнесувала најмалку 2 м, судејќи според хоризонталните надвратници. Во 1856 година, Ј. Х. Константинов запишал: „... *на ѕидот од крепоста Маркова, железни врати постоеле до 1790 година. На крај еден посветен мухамедански Арбанас ги откорнал особено забележливите врати, ги однел во својот дом и таму повикал цигани-ковачи кои му исковале рало и секири. По извесно време сиот негов дом се истребил и денес е пуст.*“[247] Ѕидот, од портата до јужната карпа е долг 9 м. Во градобранот биле оформени стеснети отвори – стрелници, што служеле за исфрлање стрели и за заштита од разни проектили. На падината десетина метри пред главниот акрополен ѕид со влезната порта бил оформен предѕид (протеихизма), долг 19 метри. Така била засилена одбраната на главниот приод во градот. Во средниот дел на западниот ѕид, на една издадена карпеста позиција, била оформена кула за набљудување (4.5x3 м). Поради ерозивниот терен, од неа е зачуван единствено дел од северниот ѕид. Западниот одбранбен ѕид бил поврзан со северниот во остар агол и тоа е најиздадената северозападна точка на акрополата. Северниот ѕид е долг 57 м и е благо превиткан на средината. Тој се следи на теренот одлично и тоа најмногу на источната страна каде се потпира, поврзува со карпата. Тој потпирал и заштитувал долга тераса (50x10 м) во која се видливи контурите на објекти потпрени на ѕидот. Особено се истакнува еден објект во западниот дел со димензии 11.5x6 м (бр. 9). Во овој момент без археолошки истражувања можеме само да претпоставиуме дека се работи за одбранбен ѕид од VI век н.е. Сепак доцноантичката фортификациска рамка на овој дел била широка. Северната одбранбена линија е евидентирана на падината, 8-10 метри под спшоменатиот средновековен ѕид, додека северозападната одбранбена линија е евидентирана на стрмната падина, 10 метри под клиновидното северозападно аглесто чело на акрополот. Акрополот на Марков Град имал тесен источен излез, помеѓу карпите на источната страна. Тесна патека во продолжеток водела во источното подградие Бојана и слегувала наудолу до црквата Св. Андреаш. Археолошките рекогносцирања на подградието откриј изобилие на делови и фрагменти доцноантичка градежна ке-

рамика. Пред се тули во форматот 0.42x0.26x0.004 м и полутули во форматот 0.40x0.14x0.04 м Потоа покривни тегули, коринтски тип со остри рабови, широки 0.42 м и дебели до 0.025 м Голем дел од овој материјал бил вsидан во средновековната црква Св. Недела но, се наоѓаат како површински материјал насекаде во тврдината. Во текот на археолошките истражувања во централниот објект покрај црквата, во 1989 година, откриен е постар културен хоризонт, содржан во песоклива жолтеникава земја со многу парчиња кршен камен, малку фрагменти животински коски и фрагменти садова керамика без посебна профилација. Но, откриена е и мала бронзена доцноантичка монета од IV/V век н.е.што ја потврдува егзистенцијата на акрополот од ова време.[248] Централниот станбен објект во акрополот датира од средниот XIV век. Овој долг правоаголен објект бил изграден на централното карпесто плато, на околу пет-шест метри северозападно од црквата. Објектот (14.7x6.5 м) се состои од две простории. Бил изграден во квалитетна малтерна техника. Во средновековниот културен стратум, дебел од 0.3-0.5 м, откриен е средновековен материјал, главно фрагменти и делови од кујнска керамика, црепни за печење леб, железни клинови од дрвенаријата, железен нож. Најдени се ситни фрагменти од тенко сино стакло, веројатно од мали кандила. Од животинските коски се застапени: домашна и дива свиња, овца, коза, говедо, кокошка и рогови од елен.

Југозападното подградие на Марков Град, што е документирано во шумската падина под карпите, го заштитувало приодот кон кастелот на западната страна. Тоа била фортифицирана површина голема 120x50 метри, опфатена со силен одбранбен sид на запад и на север, поврзан, потпрен на југ на вертикалните карпи и на исток на акрополата. Со површинските рекогносцирања беа евидентирани доцноантички материјали: делови од покривни тегули, делови од големи питоси за складирање жито, но, откриен е и дел од средновековен сад. Марков Град бил снабдуван со вода од изворот Горна Ковачица. Овој извор се наоѓа наугоре во долот, на околу 500 метри западно. Водата била спроведувана низ керамички цевки – тубуси до југозападното подградие, или во чешма или во цистерна.

Источното подградие Бојана се протега на долгата и стрмна источна падина, на големина од 323x107/100/65 м. Подградието завршува на исток со тесно неправилно плато што доминира над карпестиот теснец на реката Треска, т.н. Порта Матка. Во рамките на оваа фортификациска



МАТКА, МАРКОВ ГРАД, ИСТОЧНО ПОДГРАДИЕ „БОЈАНА“

линија било опфатено и т.н. Северно Седло, што се наоѓа педесетина метри источно од главниот sид. Оваа издадена карпеста чука доминира над коритото на Треска и има извонредна визура кон: Манастирот Св. Никола Шишевски (во Нир), Кале Барово и Голема Пешт, Матка. На рамниот дел западно пред чуката се наоѓаат контури од правоаголен објект, sидан со варов малтер.

Со површински рекогносцирања на подградието се контатирани делови од покривни тегули (доцноантички коринтски тип), бронзена монета – ас од Републиканско време, половина монета од III век н.е., повеќе мали миними од IV век, меѓу кои е идентификуван царот Аркадиј (383-408) и еден фолис (40 нуми) на царот Јустин I (518-527). Меѓу наодите се издвојува мала бронзена фибулка со игла на шарнир, од т.н. зооморфен тип познат како „египетски лавови на сонцето“, со лак што бил декориран со минијатурни лавовски глави споени во вратовите.

Маркова Ветерница / Ветер Воденица, била кула спекула. Имено високо на карпите, над југозападното подградие, а југозападно над акрополот, на издвоен карпест врв на сртот што се спушта кон Марков Град, била оформена одбранбена кула, чии што sидови низ вековите се распаднале и градежниот материјал денес се гледа на површината. Чуката е позната кај месното население под називот Ветер Воденица, што е навидум логично имајќи ги предвид силните воздушни струења преку остриот карпест гребен. Четвртестата форма на кулата ја забележал во 1940 година Р. Љубинковиќ со зборовите „*правоаголна зграда*“.[249] Истражувањата на оваа чука во периодот од 1989-1995 година, регистрираа изобилие градежен материјал, камен со многу малтер и по некој фрагмент од антички тули, како и фрагменти од црепни, железни клинови и животински коски.

Претпоставувам дека првото утврдување на локалитетот Марков Град било оформено уште во III век н.е. Излижаниот од употреба бронзен републикански ас тешко може да се користи како аргумент за фортификација на ова место во републиканско време. Повеќе сум склон да верувам дека се работи за реупотреба на асот во VI век н.е. како еквивалент на рановизантиски фолис, што било вообичаено во тоа време. Сепак првото сигурно утврдување било оформено во IV век и во фази било зацврстувано во текот на V и VI век н.е., со единствена задача на кастелот. Да се контролира стратегиски важниот процеп Матка низ кој што можело брзо да се премине од Скопско во Пелагонија или кон Десаретија, и обратно.

МИРКОВЦИ • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ЧУЧЕР – САНДЕВО

Ј. Трифуноски во 1971 година запишал: „*Остатоци на друго, помало римско утврдување има на планината Црна Гора (атар на селото Мирковци)*,“[250] како и подолу во текстот: „*Местото Градиште се наоѓа на планинскиот дел од атарот* (на селото Мирковци). *Лежи покрај патот кој води од Скопска Црна Гора кон селото Корбулиќ во областа на Биначка Морава. На тоа место на површината на земјата сега се гледаат слаби остатоци од ѕидови*.“[251] Во два наврати, внимателно и детално го рекогносциравме ридот Градиште над Мирковци од подножјето до врвот, меѓутоа не беа забележани никакви траги или остатоци од утврдување.

МОЈАНЦИ • НИКУШТАК • БАРСКО КАЛЕ, ОПШТИНИ АРАЧИНОВО, ЛИПКОВО

Овој значаен и голем доцноантички кастел се води во археолошката литература под селото Никуштак. Согласно катастарската поделба на Република Македонија, со поголемиот дел припаѓа на к.о. Никуштак а со помалиот југозападен дел на к.о. Мојанци. Всушност на повисокиот терен некогаш постоело средновековно село Бара, од каде доаѓа протогениот назив на локалитетот Барско Кале. Го истражував и ја снимив првата планиметрија со А. Зеколи. И. Микулчиќ дополнувајќи ја оваа планиметрија, заедно со останатите податоци од теренските рекогносцирања ги публикуваше во 2002.[252] На 2.64 км југозападно од село Никуштак на котата 840 м бил изграден силен доцноантички кастел со триаголна форма. Истиот во текот на VI век прераснува во мало градче. Акрополата мери околу 175x120 м, а целиот периметар со источното подградие околу 650x600 м. Микулчиќ го идентификува со градот Мерион, местото во кое во доцниот IV век, биле стационирани единиците на pseudocomitatenses Merenses, односно градот Мерион како седиште на епископ, според Хиерокловиот Синекдем во VI век н.е.[253]



ПЛАН НА „БАРСКО КАЛЕ, КАЉАЈА“, МОЈАНЦИ, НИКУШТАК

ПАКОШЕВО • ПАКОШЕВСКА КАРПА, ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Според Ј. Трифуноски: „*Пакошевска карпа или Градиште е тесно карпесто возвишение на источната страна на селото. Тоа е мошне погодно за одбрана. На темето од возвишението се наоѓаат камен, песок и вар од некогашните ѕидови.(275) Каменот од некогашната тврдина селаните го употребувале за градењето на своите куќи*“.[254]

На 0.45 км јужно ј/и од селото Пакошево, на доминантна карпа над левиот брег од коритото

ПЛАН НА „ПАКОШЕВСКА КАРПА“, ПАКОШЕВО

ЖЕЛЕЗЕН СОР





ПАКОШЕВСКА КАРПА, ПОГЛЕД ОД ЈУГ

ЦАР ЈУСТИН II (565–578), ФОЛИС, 40 НУМИИ

ПАКОШЕВСКА КАРПА, ТЕГУЛИ/КЕРАМИДИ, КОРИНТСКИ ТИП

на реката Вардар бил изграден кастел стража во доцната антика.

За жал одбранбените sидови на теренот веќе ги нема а во поново време на врвот од урнатините селаните подигнале крст. Со истражувањата се откриени доцноантички монети мали бронзи од IV век како и еден фолис, апоен од 40 нуми на царот Јустин II. Според И. Микулчиќ, утврдувањето било големо 32x20 м, обградено со одбранбен sид широк од 1.5-1.6 м.

ПАЛИГРАД • ГРОПА МЕ УЈ (ДУПКА СО ВОДА), ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

На два пати го проверував на теренот податокот на Ј. Трифуноски за постоење на утврдување на возвишението Гропа ме уј (дупка со вода), на 15 минути одење западно од селото Палиград. Всушност се работи за сосема погрешна местоположба. Селаните ме упатија на местото што се наоѓа долу покрај левиот брег на Кадина Река, на 2 км југозападно од селото, или околу 200 м источно од големата кривина на Кадина Река под крстосницата Китка-Превалец на патот помеѓу Црвена Вода и Мала Река, односно патот кон Палиград.

ПАЛИГРАД, ОСТАТОЦИ ОД ОДБРАНБЕНИОТ SИД

РАМНИ ГАБЕР • (ВРТЕКИЦА), ИСАР, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Според Ј. Трифуноски: „*Топографскиот назив Хисар се однесува на возвишението (601 м), кое што лежи под селото на северната страна (десната падина од долината на Моранска Рекичка). На темето од возвишението сега е нива, но порано се познавале остатоци од sидови и камени плочи. Според кажувањето на сегашните доселени муслимани на Хисарот била „кања“ (тврдина) кога тука било „каурското време“*“.[255]

Локалитетот го истражував во 2003 и 2008 г.[256] Снимена е првата планиметрија на утврдувањето. На едно возвишение на планинската коса што се спушта во североисточен правец од планината Китка помеѓу селата Вртекица и Рамни Габер, ограничена со доловите на Моранска Река на запад и безимен дол на исток, на котата 601 м, на 2 км северно с/и од Рамни Габер и 1.65 км источно ј/и од селото Вртекица, во доцната антика бил оформен кастел спекула. Се работи за моќна, утврдена површина голема 135x100 м. Веруваме дека се работи за малтерен одбранбен периметар макар што на површината не го евидентиравме. Фортификацискатa рамка ја чини обиколна ешарпа зад чии што контури се крие одбранбениот sид за кој веруваме дека бил во најмалку две фази. Формата на кастелот е заоблена на источната страна и благо вовлечена на западната страна со издадени чела на југозапад и на северозапад. Во текот на истражувањата евидентиравме тегули од коринтски тип, имбрекси, згура од топена руда, садова керамика со доцноантички типолошки карактеристики, фрагменти керамика со профи-



ПЛАН НА „ИСАР“, РАМНИ ГАБЕР

ИСАР, РАМНИ ГАБЕР,
ПОГЛЕД ОД ЈУГОЗАПАД

ЦАР ХОНОРОИЈ (393–423),
СОЛИД

ЦАР МАКСИМИЈАН
(286–305, 306–308, 310),
ФОЛИС

НАОДИ ОД
РАМНИ
ГАБЕР:
СОР
И
РАЛО

ЈУЖНА ЛИНИЈА
НА ОДБРАНБЕНИОТ БЕДЕМ

ОДБРАНБЕН
ЅИД

лација од VI век н.е., оловни фрагменти, потоа едно железно рало. Од монетите се застапени 13 мали доцноантички бронзи, и еден солид на царот Хонориј (393-423) искован во Солун.

Прилично богатиот културен хоризонт во периодот од IV до VI век н.е., во споредба со наодите како и извонредните широки визури кон запад северозапад каде на хоризонтот се гледа воената база на Маркови Кули, Водно, упатува кон класификацијата кастел – спекула.

РОГЛЕ • ВРВ КУКА • МАЕ КИКЕС (ВРВОТ НА КИКЕ), ОПШТИНА ЖЕЛИНО

На просторот помеѓу скопското село Бојане и полошките села Церово и Рогле, се наоѓа најтесниот премин помеѓу Скопско и Полог, наречен Карпалак. На ова место каде што се допираат планинските масиви на Голем Жеден од север и северниот ридест масив на планината Осој - Ивања од југ, Дервенска Река што ги собира водите од доловите над селата Ларце, Мерово, Чифлик и Групчин, пробила тесна раседлина и продолжила да тече на југоисток кон селото Глумово каде се влива во реката Треска. Тука минувал магистралниот пат од Полог кон Скопско. Над југозападната страна над Карпалак, се издига Врвот Кука (кота 656 м), видливо издвоен од планинскиот масив. На врвот уште во раната антика било оформено утврдување чија што форма без археолошко ископување не ни е позната, меѓутоа судејќи според наодот на монета на македонскиот крал Касандар, очигледно е дека се работи за македонска воена посада за контрола на теснецот.

Платото на врвот било утврдено во доцната антика со силен малтерен ѕид во техниката емплектон. Формата на фортикацијата е симетричен седмостран полигон. Општо земено, основната фортификациска форма е тригонална со три правоаголни кули на најиздадените агли. Една на



ПЛАН НА
„MAE КИКЕС / ВРВ КУКА“,
РОГЛЕ

ОЛОВЕН ПРЕДМЕТ
ДЕКОРИРАН СО РАНОХРИСТИЈАНСКИ КРСТ

ФИБУЛА, ЛУКОВИЧЕСТ,
Т - ТИП

ДОЦНОАНТИЧКИ
КЛУЧ

АНТИЧКА МАКЕДОНСКА
СТРЕЛА

БЕЛЕГЗИЈА,
XI - XII ВЕК

УМБО ОД КРУЖЕН ШТИТ,
ДОЦНА АНТИКА

ДЕЛ ОД ВОЕНА ОПРЕМА,
РАНА АНТИКА

МАЕ КИКЕС / ВРВ КУКА, РОГЛЕ
ГЛЕДАНО ОД СЕВЕРОЗАПАД

КРАЛ
КАСАНДАР

ЦАРИЦА
ХЕРЕНИЈА ЕТРУСКИЛА

ЦАР
ВАНЕНТИНИЈАН I

ЦАР
ТЕОДОСИЈ I

ЦАР
АРКАДИЈ

ЦАР
ЈУСТИН I, ПРЕКОВ НА ЈУСТИНИЈАН I

ЦАР
ЈУСТИН I

ЦАР
ЈУСТИНИЈАН I

ЦАР
ЈУСТИНИЈАН I

клиновидното чело свртено кон Полог и по една на југоисточните агли.[257]

Кастелот е голем 124x93 м со одбранбен ѕид широк 1.7 м. Просечната големина на кулите изнесува 4.6x4.8 м. Видливата фортификациска рамка била оформена веројатно во VI век н.е., меѓутоа движните наоди укажуваат на постара егзистенција. Најстариот наод е монетата на македонскиот крал Касандар (316-297), следи монета на римската царица Херенија Етрускила, сопругата на Трајан Децијс, искована во Виминакиј во 251 година. Следат монетите од IV-VI век, на царевите: Теодосиј I (379-395), Маркијан (450-457), Јустин I (518-527), Јустинијан I (527-565), а забележени се и монети на Теодосиј II (402-450), Аркадиј (383-408) и Јустин II (565-578).

Откриени се железни фибули, врвови од стрели, ножови, железни клучеви од врати, од касети, струшки, ножици, куки, алки, појасни токи, клинови, шила, железен умбо од кружен коњанички штит, парчиња згура од топење и преработка на железо и бронза.

Во средината на кастелот се гледаат контури од објект, издолжен во правец југоисток – северозапад. Најверојатно се работи за ранохристијанска базилика, меѓутоа досега не се откриени никакви камени елементи од карактеристичниот внатрешен мобилијар.

На просторот северозападно близу базиликата се откриени повеќе коцки слепени во мали „пити“ од ѕиден мозаик. Коцките се од стаклена паста во пет бои: аквамарин, кобалт, зелена, карнеол црвена и жолтеникава со позлата.[258]

На пониската широка тераса, југоисточно од кастелот, се простира големо подградие. Локалните жители во северниот дел на подградието ископале дел од поголем објект.

Во североисточната падина, на сртот што се спушта кон патот, наспроти чуката Карпалак / Марков Ѕид, на една посебно издадена чука, се наоѓаат урнатини од една кула – стражарница, преку која луѓето од кастелот, директно го контролирале теснецот, што бил на околу 30 метри под кулата.

Значењето на кастелот на Врвот Кука, кој што со време, поради екстремно актуелната местоположба во доцната антика прераснал во мало градче, било уште поголемо и поради фактот што токму на ова место минувала провинциската граница помеѓу Горна Мезија / Дарданија, источно во Скопско и Македонија / Македонија Втора, западно во Полог.

Резимирајќи ја егзистенцијата на животот во кастелот – гратче на Врвот Кука, Рогле, започнуваме со сознанието за воената посада на македонскиот крал Касандар. Можеби пред една деценија ова сознание изгледаше чудно но веќе денес, кога присуството на македонската војска на Касандар е евидентирано преку неговите монети на повеќе локалитети во Скопско чувствуваме дека се доближиме до една реална можност. Касандар секако имал проблеми со повеќе племиња кои ја напаѓале Македонија по смртта на Александар Македонски така да и во иднина не треба да се изненадиме кога ќе ги откриваме неговите монети на северната периферија на античкото кралство Македонија.

Подоцнежните движни наоди укажуваат на рапидно зголемување на улогата на теснецот во III век и така останало се до немирниот VI век н.е., кога гратчето било освоено и разурнато од страна на Аварите, чии што тробребрести врвови од стрели се откриени на локалитетот. Средновековниот културен хоризонт го посведочува дел од бронзена белегзија (XI - XII век).

СУШИЦА КОЊАРЕВСКА • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Според Ј. Трифуноски: „*Називот Градиште се однесува на возвишението ... северно од селото околу 1.500 м. Таму има камења од ѕидови, тули и земјани ќупови. До Градиштето е чешмата Врбица. Во народот се кажува, сека на Градиштето постојувале „латинците„. Од тврдината до споменатиот извор постоел „подземен тунел“*“.[259]

Оваа тврдина ја истражував во 1996 г. Се работи за доминантен рид, кота 707.7 м, на 2.65 км северно од селото, вовлечен во ридестиот предел помеѓу селата Винце и Живиње. Се работи за типичен доцноантички кастел со правоаголна рамка на западната северната и дел на јужната страни и благо заоблен ѕид на источната страна, со големина од 120x66 м, на површина од 0.55 ха, со контури на 4 аголни кули и контури на влез на југоисточната страна. На северната страна на повисокиот дел од ридот било оформено силно северно чело со контури на посебно утврден станбен комплекс. Од движните наоди издвојуваме: мошне излижан сестерциј на Антонин Пиј (138-161), потоа постреформски ков на Аврелијан (270-275), средна бронза на Константин I (307-337), апоен од 16 нуми на Јустинијан I (527-565). Една железна фибула со подвиткана нога и еден железен врв од тробребреста аварска стрела. Но и два лентести бронзени краци од полиелеј од една ранохристијанска црква што постоела во акрополниот простор на кастелот.

Функцијата на кастелот била несомнено во врска со заштитата на прастариот патен правец помеѓу Скопско и Овчеполе, долж Сушичкиот поток, каде и денес води автопатот од Горно Коњари на Пчиња преку Сушица, кон Преот во Овчеполе.



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“, СУШИЦА КОЊАРЕВСКА

НАОДИ ОД ГРАДИШТЕ, СУШИЦА

СУШИЦА КОЊАРЕВСКА, ДВА БРОНЗЕНИ КРАЦИ ОД ПОЛИКОНДИЛО/ ПОЛИЕЛЕЈ

РАНОХРИСТИЈАНСКИ КРСТ

ПОЈАСНИ ТОКИ VI ВЕК



ПЛАН НА „ГРАДИШТЕ“, ТАОР

ИМПЕРАТОР ТЕОДОСИЈ II (402–450)

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565)

ИМПЕРАТОР КАРАКАЛА (198–210)

ИМПЕРАТОР МАКСИМИЛИЈАН ХЕРАКЛИЈ (286–310)

ЦАР ЈУСТИНИЈАН II (527–565)

ЦАР ТИБЕРИЈ II (578–582)

ЦАР МАВРИКИЈ (582–602)

КОНСТАНТИН VII И РОМАН ЛАКАПЕН (920–944)

ЖЕЛЕЗЕН ШЛЕМ

ЖЕЛЕЗЕН ПАПОК (УМБО) ОД ШТИТ

МОНОГРАМ ОТПЕЧАТЕН ВРЗ ОБОД ОД ПИТОС

РАНОХРИСТИЈАНСКИ ИМПОСТ

ЛУКОВИЧЕСТА ФИБУЛА

ФИБУЛА СО ПОДВИТКАНА НОГА

ЖЕЛЕЗЕН СРП

ВРВ ОД СТРЕЛА

ЖЕЛЕЗЕН КЛУЧ

ТАОР, БАСТИОН - КУЛА ОД ЈУЖНА СТРАНА

ТАОР • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Дали, најславниот источно римски цар Флавиј Петар Сабатиј Јустинијан, синот на Сабатиј и Вигилантиа, кои според изворите потекнувале од селото Таврисиј и од кастелот Бедериана, бил роден во античкото село Таврисиј, денес Градиште над скопското село Таор?

Ова го тврдел уште во 1885 година англискиот археолог Артур Еванс во неговата книга *Scupi, Skopia, and the Birthplace of Justinian*.[260]

Скопско го посетувале патеписци и учени луѓе, со разни причини, уште од XVI век. Австрискиот конзул Г. Хан, во текот на своето патување по долината на Вардар кон Солун, ја забележал фрапантната сличност помеѓу имињата на скопските села Таор и Бадер, со Таурисиј - родното место на царот Јустинијан, и Бедериана – тврдината од која потекнувала царевата мајка Вигилантиа. Меѓутоа, поради зимскиот снег, тој не го посетил Таор. Единствено бил информиран дека кај Таор има некои стари градби.[261]

Мотивиран токму од можноста за убикација на овие две славни историски места, гледаме дека околу деценија ипол подоцна, англискиот археолог А. Еванс, всушност и ја насочил целата своја експедиција од Лондон во Скопје и Скопско.[262]

А. Еванс го посетил пределот кај Катланово, Таор и Бадер. Тој ја изработил и првата хоризонтална планиметрија на Градиште, Таор, со приближен размер и димензии, како што и самиот наведува. Доаѓајќи во Таор најпрво ја посетил црквата Св. Илија каде регистрирал неколку камени сполии а потоа се искачил и на Градиште, при што забележал: „*Ги истражував соседните падини над селото барајќи било какви антички градби но залудно, се додека еден Македонец не ме одведе до терасата над црквата Свети Илија, на која што беа буквално расфрлани римски керамиди и остатоци од градежен материјал, и беше откружена со темелите на антички ѕидови и урнатините од градбите. И дека тоа беше "frourion"* (тврдина) *или "castellum"* (кастел) *од доцно римското време јас не се посомневав. Таа имаше очигледно повеќе од четири аглі, но ако, како што претпоставувам, точките A, B, C и D во приложениот план (сл. 91)[a] (Темелите околу аголот A беа мошне неопределени, и со цел да се утврди линијата на овој дел од кастелот очигледно е дека се потребни ископувања. Дадените мерки се приближни) беа всушност кули, ние пред нас ја имаме Тетрапиргијата (Четирикулие) не баш во согласност со описот на кастелот Таурисиј на Прокопиј. Во секој случај, појавата на ваквиот кастел на позицијата според хипотезата, каде што бевме доведени да го бараме Јустинијановиот четирикулен кастел мора да се смета како значајна случајност*".[263]

Така е лансирана хипотезата што имала привржаници и противници до денес.[264]

Во 1964 година Таор го посетил Ј. Трифуноски, при што забележал: „*На повисокото земјиште источно од Таор постои потег од Тули. Во народот се раскажува: 'Туе бил некои стар царски град'. На површината на земјата денес се гледаат остатоци од ѕидови широки 2 м. Ѕидовите се градени со камен, тенки тули и со малтер. Западниот, северниот и источниот дел на ѕидот се долги по околу 300; јужниот дел е долг само 100 м. На потегот Тули сега има неколку ниви. Сопствениците на нивите при орањето наоѓале гробови и стари пари*."[265]

Во 1967 година Т. Томоски, ја преобјавува библиографијата на напорите на учените за убикација на историските места Таурисиј и Бедериана, и воедно изнесува куси информации од состојбата на локалитетот.[266]

И. Микулчиќ е првиот археолог, истражувач на локалитетот Градиште, Таор. Тој ја изработил втората попрецизна хоризонтална планиметрија на Градиште, Таор.[267]

Археологот К. Ристов ги започна првите археолошки ископувања на локалитетот во 2000 - 2004 година, при што откри значителен дел од североисточниот агол на кастелот со две главни фази во хронолошко-стратиграфски аспект, и ја публикуваше третата хоризонтална планиметрија на кастелот.[268] [102.]

Во 2014 година, В. Л. Адамс ја изработи четвртата планиметрија на кастелот комплетирана со хоризонтални и вертикални параметри.

Па така ако ги сумираме досегашните сознанија од локалитетот Градиште (Чешија, Тули, Латински Гробишта), потпрени главно врз археолошките и нумизматичките информации на И. Микулчиќ, К. Ристов со В. Милошевски и В. Л. Адамс, можеме да констатираме дека на ридот над селото Таор на левиот брег на реката Вардар

постоела античка населба што живеела во следните временски периоди:

1) III-II век пред н.е. (монети на Епир и Пела)
2) Доцен II век н.е. – 518 година
3) VI век н.е.
4) VII-XIII век н.е.[269]

К. Ристов во поглед на откриената архитектура констатира две видливи главни фази. Постара фаза на живот, во ликот на откриените индивидуални куќи, без одбранбен ѕид, според него треба да се датира од IV до почетокот на VI век, поточно до земјотресот од 518 година. Помладата фаза, според него треба да се датира од 518 година до почетокот на VII век н.е.[270]

Одбранбениот ѕид затвора приближно тригонална површина (А), голема 178x140 м, со утврдени тераси на северн (В) и на исток. Тригоналната површина е на јужната страна издолжена и подигната до котата 306.7 м, околу која што има заокружено проширена купеста контура на доминантен челен бастион кула (1) за одбрана на кастелот од нападите преку јужното планинско седло попреку кое била прокопана одбранбена фоса (кота 298.8 м). На северната страна, тригоналната површина, според И. Микулчиќ била однатре преградена со одбранбен ѕид со три правоаголни кули,[271] додека во планот на К. Ристов, гледаме само една и тоа североисточната (3), а двете западни кули ги нема.[272] Прегрдниот ѕид поаѓа од истакнатата североисточна кула (3) кон запад и преку две благи прекршувања се спојува со западниот ѕид. Останатиот северен дел од тригоналната површина на кастелот претставува долга тераса, ограничена со западниот ѕид кој што терминира со контури на одбранбена кула со непозната форма (4) на северозападниот агол, и со долг северен ѕид кој што на теренот се крие под високата ешарпа и пролезен простор на источната страна низ кој што најверојатно водел главниот приод во кастелот.

Споделувајќи го истото чувство што го имал и А. Еванс, констатирам дека и покрај тоа што кастелот сигурно имал 4 а можеби и повеќе правоаголни кули, и секако и други форми на кули, тригонална и други форми, општо гледано тригоналната форма на утврдувањето на Градиште, Таор, не соодветствува со очекуваната форма на терминот четирикулите – тетрапиргиан. Во случајов единствено можно оправдување на таквото непоклопување на формите можеби е фактот што Прокопиј кој го пишувал списот De aedificiis, од Африка врз база на вестите од луѓето кои доаѓале од Европа, т. е. од префектурата Источен Илирик и лично, самиот тој, никогаш не видел ништо од тоа што го запишал.

ЦЕРОВО – РОГЛЕ • МАРКОВ ЅИД (МУРИ МАРКЕТ), ОПШТИНА ЖЕЛИНО

Марков Ѕид се вика долгиот рид, северно од Врвот Кука, отспротива теснецот. На неговата источна падина се наоѓаат остатоците од голем каменен сувоѕид, со широчина од 2.4 – 2.5 метри. Забележани се контури од две кули на растојание од 120 м (400 стапки).[273] Овој северен дел од ѕидот што води преку ридот Марков Ѕид и продолжува на север, започнува од котата Карпалак, што се наоѓа на околу 100 м од современиот автопат Скопје – Тетово, над самиот теснец. Контурата на ѕидот е одлично видлива во наредните 160 метри кон запад / северозапад. Наредните 70 метри ѕидната маса се губи. Во наредните 150 метри ѕидот е одлично видлив, со благо наугорен правец, речиси по изохипса, доаѓа до првото проширение, што условно го именуваме како кула. Нејзините контури се приближно правоаголни (10x10 м). Наредните 120 м се наоѓа уште една кула. Ѕидот продолжува кон север с/з и по наредните 170 метри доаѓа до работ на ридот, под кој е длабок дол. Но ѕидот продолжува и на соседниот рид, преку долот, што е широк околу 100 метри. На падината отспротива поради стрмниот терен го нема ѕидот, но по 270 метри во северозападен правец ѕидот е повторно видлив. Тука, се гледа заоблена контура на камената ѕидна маса како почеток на ѕидот, што укажува на фактот дека ѕидот и не бил проектиран – изграден во долот, туку се работи за потполно нова ѕидна линија. Првите 30 м од новиот ѕид заземаат северен правец, а потоа ѕидот врти кон северозапад и се искачува по благата планинска коса за околу 300 метри нагоре, кон билото на Голем Жеден. Широчината на ѕидот на ова место изнесува 2.4 м.

Според жителите на Рогле, ѕидот се протега како „*камена река*" како што велат, со километри и тоа на север по билото на Голем Жеден во правец кон Радуша и на југ, по ридовите кон се-

лото Раович и планината Ивања. Денес, ако би се обиделе да ја лоцираме базата од каде бил граден монументалниот повеќе километарскиот Марков Sид, очигледно е дека најпрво ќе помислиме на кастелот – гратче Врв Кука, Рогле. А ако внимателно го опсервираме најзастапеното време на егзистенцијата, проценето според движните наоди, иако ова не може да биде мериторен репер, очигледно е дека големиот проект Марков Sид бил реализиран во доцната антика. Меѓутоа во урнатиоите на sидот не се забележани никакви движни наоди, керамички фрагменти или пак малтерни фрагменти. Од друга страна, стандардот на регистрираната широчина од 2.3-2.5 е раноантички. Важно е притоа да се потсети дека sидот е ориентиран кон скопската страна, значи за одбрана од нападите од Скопско. Засега Марков Sид во литературата е интерпретиран како доцноантичка клаузура помеѓу доцноантичките провинции Дарданија (Скопско) и Превалитана (Полог).[274] Меѓутоа, сметам дека за сигурна интерпретација е сеуште рано, се додека не се реализираат попродлабочени археолошки истражувања на целата негова траса.

ЦРЕШЕВО • МААЛО ВИНИЧЕ • КАЛУЃЕРОВЕЦ • (ДАНДАРЕВИ НИВИ), ОПШТИНА ГАЗИБАБА

Утврдувањето го истражувавме со И. Микулчиќ,[275] Локалитетот е истражуван уште еднаш во 2014 година кога е снимена втора ревидирана планиметрија.

Поседува издолжено утврдено плато – акропола со ориентација север - југ (с/з-ј/и), подигнато на северната страна во вид на карпесто чело под кое, на околу 20 метри се наоѓа длабоко планинско седло низ кое што поминува патека. Највисоката кота на акрополниот дел изнесува 580.8 м. Акрополниот простор е голем 112x28 м, додека целокупната површина изнесува 172x56 м. Западно под акрополата се протега долго подградие кое што завршува на југ со контурно видлива одбранбена sидна траса. На теренот се гледаат ретки керамички фрагменти.



ПЛАН НА „КАЛУЃЕРОВЕЦ/ ДАНДАРЕВИ НИВИ“, ЦРЕШЕВО, МААЛО ВИНИЧЕ

ЦРВЕНА ВОДА • ГРАДИШТЕ, ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

На двапати го проверував на теренот податокот на Ј. Трифуноски, за постоење на утврдување Градиште кај ридот Вртешка помеѓу селата Црвена Вода и Калдирец. На теренот се наоѓаат скромни остатоци од фрагменти доцноантичка керамика на падината на десниот брег на потокот Бри Нерези, според кои што може да се заклучи дека се работи за еден доцноантички заселок а не за утврдување.

ЦРНИ ВРВ • КАЛЕ • (КАЉА), ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Над југоисточната периферија на селото Црни Врв високо се издига планината Кале / Каљаја со највисоката кота од 1712 м на самиот врвот со утврдувањето Каља. Планинскиот врв претставува издолжен срт во правец југозапад – североисток во должина од 1 км. Ј. Трифуноски во 1958 година забележал дека „*На9 Црни Врв 09 источната страна постои извишено место Каља. На Каља се наоѓаат остатоци 09 sидови. Се раскажува дека тоа бил „старовремски град*“ ...“.[276] И. Микулчиќ е првиот археолог кој изнесува поголем опис меѓутоа без да го посети.[277] Локалитетот го посетив во 2008 година, со марш од правецот на селото Црни Врв, при што е истражуван и снимен фортифицираниот периметар.[278] Кастелот се наоѓа во североисточниот дел на сртот но, нé на крајот, туку за околу 450 м југозападно од северниот крај на планинскиот масив. Градителите на кастелот го заградиле карпестиот врв на северозапад и проектирале продолжетоци на sидот на југ и север по југоисточната падина. Се работи за сувоsид граден од локалната карпа,

ЦРНИ ВРВ, *КАЛЕ*
ПОГЛЕД ОД ЈУГОИСТОК



ПЛАН НА „КАЛЕ/КАЉА“,
ЦРНИ ВРВ

ЦРНИ ВРВ, *КАЛЕ*
ПОГЛЕД ОД ЈУГОЗАПАД И ДЕТАЛИ ОД БЕДЕМОТ

широк 1.7 м, што претставува доцноантички / рановизантиски стандард. Ѕидот има мошне прави фасадни линии на места е висок и до 1 м. Поради силната ерозија на оваа стрмна падина, не можевме да го лоцираме точно југоисточниот ѕид што имал рамен правец по изохипса но кој што на оваа страна бил испран – излизган. Според тоа големината на кастелот изнесува 77 х околу 50 м. На теренот не видовме никакви керамички остатоци и не најдовме никакви метални наоди. Од кастелот на север се отвора широка визура кон масивот на планината Водно. Извонредно јасно ја регистиравме визуелната комуникација со доцноантичката стратегиска база на Маркови Кули, Кисела Вода, како и Кале, Барово.

ЧУЧЕР • ДАВИНА КУЛА, ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

Древниот кастел – град на Давина Кула во долината на реката Лепенец се издвојува од сите доцноантички фортификации во Скопско.

Локалитетот се наоѓа околу десет километри северно од центарот на Скопје, на врвот од доминантниот рид што се издига над левиот брег на реката Лепенец, на самиот излез од 23 километри долгата Качаничка клисура што доаѓа од правецот на Качаник преку Елес Хан (Генерал Јанковиќ) во соседно Косово.

Во далечната 1896 година, македонскиот преродбеник и револуционер Ѓорче Петров забележал: „*Право над грлото на Качаничкиот премин и под селото Чучер постои тераса со остар гребен. На оваа тераса се направени доста јаки утврдувања до кои не може никој да пристапи. Повеќето тврдини се направени, а продолжуваат да се градат и други на исток од Скопје, малку налево од железничката пруга (патникот од возот може да ги види истите заради заштита на широкиот премин откај Куманово. Се разбира дека тие тврдини имаат значење само за премините, а не за целиот тој крај, бидејќи од Црна Гора тие две тврдини се забележуваат*“.[279] И повеќе е од очигледно дека Ѓорче Петров, иако не го именува локалитетот, го споменува токму градот на Давина Кула.

Десетина години пред Ѓорче Петров, во 1883 и 1884 година, Англичанецот Артур Џон Еванс лично го посетил локалитетот Давина Кула, при што судејќи според неговите зборови, заклучуваме дека тој бил првиот истражувач на ова место.

Еванс забележал: „*Планинска патека води од теснецот на Бањани, го минува селото Чучера, каде што во капелата на црквата видов уште еден римски надгробен натпис, и потоа преку еден дол води во долината на Лепеница, на јужниот крај од Качаничкиот премин. На оваа точка, еден врв во вид на полуостров се префрлува на левиот брег од потокот. На преминот што го поврзува овој р’т со главниот венец на Карадаг* (Црна Гора) *и допирајќи го потоа врвот на ридот, имаше многу остатоци на широк простор. Урнатините беа највообичаени. Освен контурите на ѕидовите и остатоци од камења и од тули, сега не може да се види ништо, но тоа прекриваше значителен простор, вклучувајќи го врвот на ридот, како и седлото на истиот. Тие покажуваат дека тука мора да постоел силно утврден град. Денес тука во близината никој не живее но, жителите на Бањани го викаат местото Давина, со традицијата дека градот припаѓал на дама со тоа име, уништен од Турците кога тие ја освоиле земјата. Местото го викаат исто така и Стари Базар или Стар Пазар, а остатоците на тврдината од врвот се познати, како и уште многу други старословенски „градови“ како Маркова Кула, што значи дека „кулата е на краловиот син Марко“. Меѓу остатоците открив неколку фрагменти од римски саркофази и орнамент очигледно во српско-византиски стил, од кој што, како и од локалната традиција, можеме да заклучиме дека урнатините се од средновековен српски град и тврдина, која што порано го чувала јужниот крај на преминот, како што Качаник го чувал северниот. Главен објект на моето истражување беше еден римски камен, за чие што постоење кај овие урнатини бев известен од повеќе селани. После повеќе од една неуспешна посета на самото место, јас успеав да го пронајдам во парчиња помеѓу грмушките на јужната падина од ридот. Се покажа дека овој споменик, којшто локалната општина го подигнала / посветила на императорот Галиен, е најинтересниот историски остаток од римското Скупи... Оваа скршена плоча што ја открив на падината на Давина, ја содржи следната важна посвета на императорот Галиен, од локалното собрание.* INVICTO IMPERATORI PIO FELICI GALLIENO AVGUSTO, DIS ANIMO VOLTVQVE COMPARI RES PVBLICA. *Според формата на плочата (висока 5 стапки = 1,5 м), може да се смета дека таа била дел од база за статуа на самиот император, воедно и дека ова е сочуван историски запис за подигање на еден таков споменик од страна на граѓаните на Скупи*“.[280]



ПЛАН НА
„ДАВИНА КУЛА“,
ЧУЧЕР

ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА
ПАНОРАМА ОД СЕВЕРОИСТОК

Подоцна, Давина Кула ја посетил и Никола Вулиќ кој забележал три надгробни плочи - стели со епитафи, што биле откриени на ридот Кула и пренесени во селото Чучер.[281]

Професорот Иван Микулчиќ кој интензивно го истражуваше градот на Давина Кула од 1975 до 1980 година, сознанијата заедно со првата планиметрија на локалитетот ги објави во 1982 година.[282]

Во периодот од 1998 до 2000 година, В. Л. Адамс од Филозофскиот факултет во Скопје, ги реализираше и првите археолошки ископувања на локалитетот, и тоа на остатоците од двете ранохристијански цркви а резултатите ги публикуваше со теренските соработници, И. Станчевски, А. Николоска и С. Ивановска во списанието Македонско Наследство / Macedonian Heritage.[283]

Најстариот наод на локалитетот е една железна фибула од т.н. малоазиски тип од III и II век пред н.е., што индицира можност за постоење на раноантичка стражарска тврдина во обемот на акрополата. Истражувањата на Д. Митревски на Скопското Кале и на В. Л. Адамс со соработниците на неколку раноантички утврдувања во Скопскиот басен, изнесоа на виделина бронзени монети на македонските кралеви Александар III Македонски (Скопско Кале), Касандар (Бојане /

Рогле, Побужје, Брњарци), Деметриј I Полиоркет (Горно Коњари на Пчиња и Брњарци) и Антигон Гонат (Скопско Кале и Брњарци). Според тоа, очигледно е дека античките македонски кралеви го контролирале регионот на Скопско во IV и III век пред н.е.[284]

Акрополата на градот поседува елипсовидна форма, голема 184 x 110 метри. Идентификувани се остатоци од две sидни платна. Постариот sид има посолидна структура, фундиран на запад врз карпеста раседлина, висока од 2-4 метри. Подоцна, на оваа страна бил изграден помладиот sид,



ИСЕЧОК ОД КАРТА СО МЕСТОПОЛОЖБАТА НА ДАВИНА КУЛА

Нумизматичката циркулација на Давина Кула потврди монетни наоди речиси во континуитет од III до VI век н.е.[285] Монетите како и епиграфскиот натпис со помен на божествата Јупитер и Јунона, како и раноримските стели што биле секундарно вградени во една доцноантичка гробница на планинското седло северно под градот на Давина, со сигурност ја датираат најстарата населба во периодот на Римското Царство на Давина Кула во текот на III век н.е.

во послаба структура, вовлечен за околу 1-9 метри навнатре. Приближно на неговата средина била конструирана триаголна кула, карактеристична за 6. век н.е. Помладиот sид што датира од VI век н.е. бил изграден на јужната и источната страна речиси директно врз постариот sид, со незначително повлекување навнатре. Со површинските истражувања биле евидентирани контури на 8 правоаголни кули, поврзани со помладиот sид. Воедно воочени се контури на два влеза во акрополата, како и за 18-34 метри издаден предsид на јужната и југоисточната страна за заштита на акрополата од таа падина. Однатре оваа протеихизма, биле регистрирани контури на мала доцноантичка некропола.

Во опфатот на акрополата се евидентирани контури на ранохристијанската Базилика А, и станбен комплекс со долги улични коридори околу кои биле оформени помали правоаголни простории.

Долни град. Северно од акрополата, на пониско издолжено плато со приближно правоаголна форма се простира долниот град. Се работи за цврсто фортифицирана градска површина голема 184 x 60 метри (200x100 римски стапки). Во фортифицираниот опфат се наоѓаат контури на станбени објекти, потоа една еднокорабна ранохристијанска Базилика (Базилика Б) и централен правоаголен форум. Долниот град поседувал три влезни / излезни премини. Јужен излез кон акрополата. Широк западен / југозападен влез за премин кон пониskиот западен, фортифициран сектор - падина Ц1, и тесен премин кон источниот фортифициран сектор Ц3. Ова се три сектори чија што надворешна фортификациска рамка го заштитувала Долниот град во вид на затворена протеихизма, на западната, северната челна и источната / североисточната страни. Во 1998 година беше отворена контролна сонда однатре масивниот челен северен sид, на местото на претпоставената градска порта. Меѓутоа на ова место немаше порта туку беше откриен компактен градски sид, искривен нанадвор, долж целата откопана должина од 5 метри, со внатрешно лице измазнето со малтерен премаз. Се претпоставува дека овој sид се искривил или под дејство на силните удари со опсадната справа *aries* (овен) или под влијание на земјотресот од 518 година н.е. На длабочина од 1.25 м под површината, беше откриен внатрешен sид што го потпирал - зајакнувал наведнатиот масивен челен sид, однатре.

И. Микулчиќ евидентирал уште две подградија. Северно подградие на површина од 1,55 ха, и Источно подградие на површина од 3,5 ха.

Инфраструктура. Среќна околност во вакватa состојба на остатоците на градот на Давина Кула е тоа што се работи за т.н. „запакуван“ археолошки локалитет. Имено селата Орман и Чучер како и Бразда се прилично оддалечени, поради што градежниот материјал никогаш не бил организирано разградуван и одвлекуван од локалитетот. Извесни, но незначителни девастации биле предизвикани од страна на војските во 20 век. И. Микулчиќ евидентирал околу 30 архитектонски целини, како во акрополата така и во долниот град, што значи вкупно 60 комплекси, со по две, три или повеќе простории, градени во техниката на доцноантичкиот *opus incertum*, широки во просек две римски стапки (60-65 см).

Се претпоставува дека градежните комплекси околу двете ранохристијански цркви, претставувале придружни црковни објекти, поготово оние во акрополата, како резиденција на градскиот епископ.

Базилика А

Урнатините на Базилика А се наоѓаат во западниот, највисок дел од акрополата на Давина Кула. Првиот опис на базиликата го сторил И. Микулчиќ во 1982 година. Тој претпоставил дека тоа била трокорабна градба, што во една доцна фаза била урната и потоа реконструирана како еднокорабна со исклучиво обновување на централниот кораб по целата должина. Подоцна, во 2000 година, нартексот и трибелонот на базиликата го ископа тимот на В. Л. Адамс. Во рамките на ископувањата е констатирано дека базиликата била еднокорабна со нартекс, без ексонартекс и без никакви анекси, какви што има например Базилика Б. По отстранувањето на високиот насип од градежен материјал во нартексот е откриен подот и трибелонот - преминот кон базиликалниот наос. Нартексот на западната страна имал само еден, централен влез. Во северозападниот агол на нартексот се откриени секундарно sидани четири скалила со платформа, што воделе по дрвени скали нагоре кон галерија над нартексот, претпоставуваме отворена кон наосот. Овие скалила секако и галеријата биле оформени секундарно во втората фаза на обновата на базиликата во VI век, судејќи по јасно видливите фуги на платформата во однос на sидот на нартексот. Во југоисточниот агол на нартексот е откриен дел од столб, од травертин (дм 0.335 м, со нецелосна височина, сочувана до 1.085 м) со натпис на двете страни. На едната страна се гледа титулата император (PERPETUO IMP. AVG.) карактеристична за римскиот царски период до доминатот. Се очекува овој натпис да биде соодветно прочитан и потоа интерпретиран во стручната литература. Травертинскиот столб со натписите е откриен во *in situ* позиција, во секундарна улога, како сполија во југоисточниот агол на нартексот на базиликата. Неговата цилиндрична форма упатува на миљоказ



БАЗИЛИКА А
ЧЕТИРИТЕ СКАЛИЛА
СО ПЛАТФОРМА, ЗА КАЧУВАЊЕ
КОН ГАЛЕРИЈАТА НА НАРТЕКСОТ



ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА,
БАЗИЛИКА А, НАРТЕКС ОСНОВА

ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА,
БАЗИЛИКА А, ОСНОВА
(ГОРЕ, ЛЕВО)

во првобитна функција, што можеби во раниот римски царски период ја означувал дистанцата од излезот на магистралниот пат низ Качаничката Клисура кај градот на Давина Кула до градот Скупи кај Злокуќани. Подоцна, овој столб бил преместен горе во градот на Давина Кула, секундарно моделиран, пресечен по средина на натписот, превртен наопаку, при што во долна кружна страна била издлабена правилна полукалотеста длабнатина. Така оформен столбот бил монтиран во аголот на нартексот, каде очигледно бил користен како мини писцина („базенче“) за потребите на покрстувањето на верниците со попрскување со вода, карактеристично за VI век. Наодите монети во нартексот како и извесни хронолошки моменти регистрирани кај трибелонот, во прв ред типолошката разлика на формата и профилацијата на двете откриени бази, како и типологијата на јонскиот импост капител, укажуваат најмалку на две фази во градбата и обновата на Базилика А. Претпоставуваме дека првата фаза датира на крајот од IV или почетокот од V век, судејќи според наодот на една мала бронзена монета на царот Валентинијан II (375-392). Иако монетата не мора да биде пресуден доказ за толку рано датирање на базиликата. Втората фаза, на обновувањето на базиликата, по нејзиното уривање што можеби се случило во земјотресот од 518 година, споменат од страна на хроничарот Марцелин, може да се датира во раните години од владата на Јустинијан I. Ова го посведочува наодот на негова монета, апоен од 20 бакарни нуми, откриена во нартексот на базиликата. Од друга страна ова го потврдуваат и типолошките особености на камената ар-

БАЗИЛИКА А, ТРАВЕРТИНСКИ СТОЛБ СО НАТПИС,
ВО СЕКУНДАРНА УПОТРЕБА КАКО КРСТИЛНИЦА

БАЗИЛИКА А,
ЈОНСКИ ИМПОСТ - КАПИТЕЛ, ТИП МАЛО НЕБО (УРАНИСК)

ДАВИНА КУЛА,
ЈОНСКИ КАПИТЕЛ, ВО ЛУТА



ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА,
БАЗИЛИКА А, ТРИБЕЛОН

ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА, БАЗИЛИКА А, ТРИБЕЛОН,
ПАДНАТИ ТУЛИ ОД ЈУЖНАТА АРКА

хитектонска пластика на трибелонот. Откриени се двете бази и еден јонски импост капител од локален травертин. Јужната база поседува порани типолошки карактеристики, со плинта и заоблена профилација на само еден торус и цилиндричен врат, подлога за колоната. Додека северната база поседува типична т.н. јустинијановска, аглеста, закосена профилација на истите елементи. Јонскиот импост капител според местоположбата на наоѓањето, на 0.5 м западно од јустинијановската северна база, очигледно ѝ припаѓал. Се работи за особено редок речиси уникатен јонски импост тип капител. Без украсна орнаментика, со кружно заоблени пернични страни и со плитко означени волути на фасциите. Ваков тип капител беше познат само од Нерези, пренесен од манастирскиот двор на црквата Св. Пантелејмон во археолошкиот музеј во Скопје и загубен во големиот Скопски земјотрес од 1963 година. Во научната литература (В. Лилчиќ, 2003) е предложено именување на овој навистина единствен тип капител, како капител Мало небо (ураниск), со оглед на кружната форма на јонскиот дел моделирана како небото, според имагинацијата на луѓето во антиката, односно според симболичко-сотериолошка идеја на капителот како место на премин од зоната на животот кон горната небесна зона. Освен тоа, регистрирани се остатоци од тесна банкина - клупа долж јужниот и западниот ѕид однатре. Не е регистриран под од цврст градежен материјал, слично како и кај нартексот од Базилика Б. Остатоците од покривната конструкција со тегули се откриени во поголема концентрација во јужната страна на нартексот, помалку во средината а воопшто ги нема на северната страна. Прагот на трибелонот - троделниот премин од нартексот во наосот, бил изведен со малтерен премаз. Постариот праг бил со бел варовен малтер додека во втората фаза на обнова со црвенкаст хидростатен малтер, поради примесите на толчена тула. Откриени се делови на колони со кружен пресек, како и долни делови од стеблата на колоните. Двата столба - колони со базите и капителите ги формирале трите премини од нартексот кон наосот. Централниот симболички му бил посветен на Исус Христос а страничните, северниот за жените, јужниот за мажите. Премините одгоре биле полукружно пресводени со градежни тули, што го докажува остатокот на паднатата сводна конструкција на јужниот премин, чии што тули по паѓањето се сочувале во карактеристичната радијална состојба.

Базилика Б

Во средиштето на Долниот Град на Давина Кула, јужно од централниот форум, се наоѓаат остатоците на долната базилика позната како Базилика Б. Базиликата ја идентификувал И. Микулчиќ, кој врз база на површинските археолошки истражувања во периодот од 1975 - 1980 година, претпоставил дека се работи за трокорабна, што подоцна била обновена како еднокорабна базилика, со обнова на средишниот кораб. Во контекстот на изместената ориентација на надолжната базиликална оска запад - исток, во однос со околните станбени објекти и форумот, очигледно е дека зависела од идејата на базиликалните ориентации, *ad lucem* (кон светлината) и тоа со ориентирањето на апсидата на почетокот на градбата во правецот на точката на изгрејсонцето на денот на почетокот на градбата. Базиликата Б за прв пат ја ископувал В. Л. Адамс со соработниците во 1998 и 1999 година и тоа во презвитериумот и апсидата, нартексот, трибелонот, двата западни влезови во нартексот, потоа северниот и јужниот влез во северниот и јужниот анекс. Беа изведени и сондирања однатре, долж периметралните ѕидови на северниот анекс на нартексот, потоа долж јужниот анекс на нартексот на западниот ѕид, проскомидијата (северниот анекс на олтарниот простор) мал дел на источниот ѕид, како и во ѓаконикон (јужниот анекс на олтарниот простор) однатре сите четири ѕидови. Констатирано е дека се работи за мала еднокорабна ранохристијанска базилика со нартекс опремен со северен и јужен анекс и со северен и јужен анекс надоврзани на источниот дел од кораб на црквата. Целосната должина на базиликата, со апсидата, изнесува 20.12 метри, широчината на наосот 7.68 метри, широчината со западните анекси изнесува 15.85 метри, а со источните анекси, 15.90 метри. Ископувањата на презвитериумот изнесоа на виделина девастирана слика. Евидентирани се наноси урнат градежен материјал, паднат од горните ѕидни партии. Воглавно градежен камен со раздробен варовен малтер. Под него е регистриран темно-кафеав земјен нанос со мали фрагменти од внатрешниот малтерен ѕиден премаз и траги од сликана фрескодекорација. Источниот дел од објектот бил фундиран врз при-

ЧУЧЕР,
ДАВИНА КУЛА,
ОСНОВА
НА БАЗИЛИКА Б



ЧУЧЕР,
ДАВИНА КУЛА,
БАЗИЛИКА Б,
ОСНОВА НА НАРТЕКСОТ

ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА,
ПОКРИВНИ КЕРАМИДИ - ТЕГУЛИ *КОРИНТСКИ ТИП*

родна карпа за што сведочи дебелината на земјениот насип - полнетица. Подот не е регистриран на ниту едно место во овој простор, веројатно поради неговото прекопување во минатото. Ѕидовите на објектот се сочувани во просек од 0.56 - 0.94 м, градени во *opus incertum* со релативно добро обработен слог, приделкувани градежни камења врзувани со редок варовен малтер. Апсидалниот ѕид има типична полукружна форма, и широчина од 0.87 м. Комуникацијата помеѓу презвитериумот и ѓаконикон и проскомидијата водела преку широки пролези (1.74 м), што најверојатно одгоре биле сводесто обликувани со што била реализирана трансептална врска помеѓу наосот / презвитериумот со двата анекси, што е мошне карактеристична кај базиликите од VI век н.е. Во текот на ископувањето се регистрирани мошне мали фрагменти од ѕидниот малтерен премаз со остатоци од бои, меѓу кои се дефинирани жолтеникаво-окерна боја, темно сина боја и црвена боја. Низ сета површина од објектот се откриени бројни фрагменти градежна керамика од типот на градежни тули и покривни керамиди - тегули, коринтски тип. Откриен е голем број фрагменти архитектонска камена пластика, за жал во особено фрагментарна и дислоцирана состојба во однос на протогената функција, што очигледно укажува на нечие дивеење во источниот дел од внатрешноста на црквата, пред нејзиното дефинитивно уривање. Каменатa пластика била изработена од локалниот камен травертин а поретко се гледаат и фрагменти од сиво-бел мермер. Во основа се откриени фрагменти и делови од олтарната ограда околу презвитериумот, односно од парапетни плочи од травертин, фрагменти декорирани со ранохристијанските симболи, и тоа преплетени кругови во чии состави, во модусот на оптичка подвоеност се моделирани споени, четирилисни розети, ранохристијански крстови со проширени краеви во обично или во кружно поле, ромбоидни рамки со листести или солзовидни завршетоци на аглите, како и декорација на рамки од крлушки (риба / пинија - шишарка). Откриени се и две бази со доцноантичка профилација. Потоа рудиментиран капител коринтски тип од VI век н.е. со аналогии со олтарните капители од Суводол, општина Новаци, како и со аналогии во обработката на акантовите листови со

ЧУЧЕР,
ДАВИНА КУЛА,
БАЗИЛИКА Б,
ОЛТАРЕН ПЛУТЕЈ
ПРЕПЛЕТЕНИ
КРУГОВИ

ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА,
ДЕЛ ОД ОЛТАРЕН КАПИТЕЛ

листовите од конзолите од фонтаната во Хераклеја Линкестис датирана во 561/562 година н.е.[286] Во јужниот дел од просторот на презвитериумот откриени се три големи травертински блока, обработени мошне прецизно. Тие имаат паралелопипедни форми, со дупки и каналчиња за метални спојки, што очигледно посочуваат на нивна функција во подната субструкција и тоа можеби во пролезите кон јужниот анекс или за олтарната преграда. Во текот на чистењето на дивата површинска вегетација врз западниот дел од наосот, откриен е дел од травертинска плоча со натпис, претставена подетално во поглавјето со епиграфски натписи. Во натписот, на латински јазик се споменуваат божествата Јупитер и Јунона. Нартексот на Базилика Б е ископан во 1999 година. Горниот слој при ископувањето на нартексот се состоеше од градежен нанос од горните урнати ѕидови кои паднале врз покривниот хоризонт кровни тегули, што први паднале врз подот. Во подолниот дел врз подот помешани со покривните тегули, беа откриени повеќе фрагменти камена архитектонска пластика, елементи, делови и фрагменти од колоните на трибелонот, базите и капителите расфрлени низ нартексот. Нартексот на Базилика Б е голем 7.65 х 4.75 м (однатре 6.30 х 3.40 м). Базиликата немала ексонартекс, при што е констатирано дека директно се влегувало од широкиот западен уличен коридор во нартексот, низ два симетрично поставени западни влезови, просечно широки по 1.36 м. Споредните влезови од нартексот во северниот и јужниот анекс се широки 1.25 м и 1.29 м. Претпоставувам дека колоните на трибелонот со капителите биле урнати во исто време кога била кршена презвитеријалната преграда, по што, кога целата зграда била урината, прва паднала покривната конструкција од дрвените греди, летви и покривни коринтски тегули врз подот. Истата е регистрирана во значителен дел при што беа и неколку цели тегули. Источната граница на нартексот, то ест преминот во еднокорабниот наос, кај Базилика Б, бил оформен во вид трипартитен трибелон, со пресводени премини. Тој се состоел од главен праг со положени подни травертински плочи. Деловите кон северната и јужната анта биле оформени во вид на дебел малтерен праг, со карактеристичниот хидростатен малтер. Во средната партија, врз тра-

ЧУЧЕР, ДАВИНА КУЛА,
БАЗИЛИКА Б, ЈОНСКИ ИМПОСТ-КАПИТЕЛ

вертинскиот праг, биле асиметрично положени две травертински бази, со карактеристична доцноантичка профилација од VI век, за што сведочат само отисоците на нивните квадратни плинти. Делови од базите се откриени поблиску до јужниот дел на трибелонот. Откриени се и два капители. Всушност едниот се состои од два дела од една волута на јонски капител, датиран во III век н.е., што бил можеби секундарно вграден во трибелонот како сполија. Додека вториот е репрезентативен јонски импост капител од травертин за кој што со сигурност сметаме дека бил протоген дел на трибелонот. Импостниот дел на капителот е низок (0.13 м) и двочлен. Горниот дел претставува масивна плинта со импостен дел, надолу стеснет кон јонскиот дел. Двете челни страни на импостниот дел, што некогаш гледале, една кон нартексот другата кон наосот, што значи кон запад и кон исток, биле декорирани со по еден ранохристијански крст со проширени краци, декорирани со врежани каналчиња однатре краците. Импостната плинта одгоре содржи започнат, но недовршен орнамент на крст во кружен прстен, што говори за секундарна употреба на травертинскиот блок во една протогена форма, планирана најверојатно за изработка на плутеј, што подоцна била преупотребена за изработка на јонскиот импост капител. Интересно е дека, според декорацијата на перничните страни кај јонскиот дел, овој капител претставува уникатен примерок. Имено перниците по средината на волутите биле префатени со двочлен балтеј, од кој раснат на двете страни по едно бршленово стебло со особено карактеристични срцевидни бршленови лисја. Според регистрираните состојби во рамките на археолошките ископувања на Базилика Б, може да се заклучи дека уривачите на базиликата извесно време престојувале во градот на Давина Кула, при што темелно го девастирале внатрешниот каменен мебел, и тоа особено во источниот дел на црквата во зоната на презвитериумот. Претпоставувам дека особено ги иритирал изгледот на убаво декорираната олтарна преграда, а можеби и барале некакво сокриено црковно богатство за кое претпоставувале дека се наоѓа во олтарниот дел. Имено во овој простор на базиликата не успеавме да ги регистрираме дури ни постаментните плочи за олтарната преграда, додека елементите од олтарната преграда, базите, колоните, капителите, олтарните плочи и друго, беа откривани во искршена, фрагментарна состојба, насекаде расфрлени низ наосот. Откога ја задоволиле девијантната желба за уништување а веројатно и за ограбување, тие излегле од црквата и ја разурнале. Така веројатно може да се објасни речиси целосно сочуваната, урната покривна конструкција во нартексот. Не се регистрирани траги од опожарување и може да се претпостави дека уривањето било изведено со надворешни удари и со повлекувањето на колоните од трибелонот со јажиња.



ЈОНСКИОТ ИМПОСТ-КАПИТЕЛ
ОД ГОРЕ

Форум

Во централната позиција на Долниот Град се наоѓаат контурите на градскиот плоштад - форумот. Неговата хоризонтална планиметрија со предлог реконструкција уште во 1982 година ја изработил И. Микулчиќ. Се работи за речиси квадратна форма голема 44/44.5 x 44/44.5 метри. Во овој надворешен зиден опфат биле оформени внатрешни простории широки во просек околу 7.5 метри. Во 1998 година беше ископана контролна сонда во средина на форумот. Откриена е една јама што според содржината била оформена во доцниот VI век н.е., со пречник од 1.5 м и длабочина од 0.30 м. исполнета со отпадоци, при што се откриени фрагменти од ребрести амфори, рановизантиска фибула и нога од стаклена чаша од VI век.

Во текот на археолошките истражувања на Давина Кула беа откриени голем број движни археолошки предмети. Банкарството односно трговијата ги посведочува една бронзена ексагија. Со ексагиите биле контролирани тежините на монетите а номизмата била еквивалент на еден рановизантиски златен солид. Ексагијата од Давина Кула е мала квадратна плочка со ознаката N (nomisma, тежина 4.3 гр, 11.5x11x4 мм), декорирана со минијатурен крст изведен со 5 пунктирани точки и цвет во иста техника.[287] На западната падина, на околу 30 метри под ѕидот на акрополата, во линија на Базилика А, е откриена оловна пломба со која било запечатено некое писмо што до црковниот поглавар на Давина Кула го испратил Тома епархот на Константинопол во 547 година н.е., според карактеристичниот монограм на едната страна. Стаклен тег со втиснат

ЧУЧЕР, *ДАВИНА КУЛА*,
ОЛОВНА ПЛОМБА
НА СВЕШТЕНИКОТ ТОМА

ЧУЧЕР,
ДАВИНА КУЛА,
БРОНЗЕНА
ЕКСАГИЈА

МИНИЈАТУРЕН (18 mm)
БРОНЗЕН КЛУЧ

ДЕЛ
ОД КЛУЧ
СО ДВА
ЗАБА



ФИБУЛА
СО ПОДВИТКАНА НОГА
И
ПОЈАСНА АПЛИКАЦИЈА

НАОДИ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ *ДАВИНА КУЛА*, ЧУЧЕР

идентичен монограм што потекнува од непознат локалитет во Источниот Медитеран, датиран во VI Век н.е., поседува Британскиот музеј. Истиот монограм е познат и на еден тег, еквивалент за 18 номизми, откриен при ископувањата на Феники во Албанија.[288] Заклучувањето на вратите од куќите е посведочено преку дел од нога на железен клуч со два заба, и најмалиот бронзен клуч откриен во Македонија, со големина 18x12 мм. Ова минијатурно бронзено клуче, од типот мали прстенести влечни клучеви, откриено како површински наод во југозападниот дел од Долниот град, има рамна нога со 10 минијатурни цилиндрично обликувани забци.[289] Откриени се неколку фибули (т.н. безопасни игли) за прицврстување на облеката. Доминира рановизантискиот тип фибула со подвиткана нога. Најквалитетна е бронзената фибула откриена во форумот. Останатите се железни, со тоа што на еден примерок се забележува оплата со тенка сребрена ламарина. Истата тенка сребрена оплата се гледа и на еден карактеристичен дел од појасна гарнитура - издолжена железна плочка со полукружни завршетоци на двете страни украсени со по три бронзени нитни.

Откриена е и карактеристична тока од типот Сучидава, во форма на човечка маска, датирана во втората половина од VI век н.е.

Во урнатините на западниот одбранбен ѕид на западното подградие околу Долниот Град, некаде на неговата средина, во рамките на силно опожарен површински хоризонт, беа откриени две еленски рокчиња, од кои едното целосно сочувано. Сочуваното рокче е долго 115 мм и со максимална широчина од 15 мм. На поширокиот крај од рокчето биле грубо моделирани во парови по два машки и по два женски ликови, за кои Е. Манева претпоставува дека ги претставувале словенските божества Перун Свевид и Мокош. Таа ја опишува функцијата на еленските рокчиња - амулети во насоката амулети - предзнаци на словенските верувања но и како инструменти за вадење и чистење на раните од оружје, пред се отровните стрели или од змиско каснување, при што го датира амулетот од Давина Кула во периодот од 9 - 10 век н.е.[290]

ЕЛЕНСКО РОГЧЕ

Епиграфски споменици од Давина Кула

На локалитетот Давина Кула биле откриени шест епиграфски споменици.[291] Се чини најзначајниот, тој што го видел А. Еванс, бил посветен на една победа што ја извојувал римскиот цар Галиен (253/260-268). На плочата што до денес не е сочувана, локалната заедница на градчето на Давина или на градот Скупи, го овековечила на латинскиот јазик, следниот статус: „*На непобедивиот император, на побожниот и блажен, на возвишениот Галиен, на еднаквиот по душа и по лик со боговите*“.

Според една идеја, граѓаните на Давина Кула му ја посветиле плочата на царот Галијан, имајќи ја предвид победата на неговиот војсководец Регалијан, Галиеновиот намесник за Панонија и Мезија, врз Сарматите, под ѕидините на градот Скупи. А според друга идеја, тоа била некоја Галиенова победа во битките од 267 година, врз Готите и Херулите, што можеби се одиграла во теснецот под градот на Давина Кула.

ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИК СО ПОСВЕТА НА БОГОВИТЕ ЈУПИТЕР И ЈУНОНА

ДАВИНА КУЛА, ЧУЧЕР, ВРВОВИ ОД СТРЕЛИ

Вториот значаен натпис на латинскиот јазик, што граѓаните на Давина Кула го посветиле на врвните римски божества, брачниот пар Јупитер и Јунона, говори за егзистенција на нивниот храм подигнат во градот на Давина. Локацијата на храмот можеби била под ранохристијанската Базилика Б, во чиј наос, во 1998 година беше откриена плочата со профилација и дел од натписот.

Останатите натписи, исто така на латински јазик се откриени врз надгробни стели на жителите од градот на Давина Кула. Стелите биле подигнати врз гробовите на следните луѓе. Стелата на Ауфидија Викторија, која преминала мошне млада, на 28 години, ја подигнал нејзиниот сопруга Гај Јулиј Јулијан. Дионисиј Петрониев си подигнал стела себеси и на сопругата Јулија Ингенуа која преминала на 60 години. Стелата на исто така младата Јулија Маркелина, која преминала на 30 години, и нејзиниот син кој преминал на 18 години, ја подигнал таткото Кај Јулиј Кајан. И стелата на младата Јулија, која исто така преминала на 30 години, ја подигнал/ла Сода Келер.

Нумизматички циркулација на Давина Кула, Чучер

Во текот на повеќегодишните археолошки истражувања на Давина Кула, како со рекогносцирањата така и со археолошките ископувања (1998-2000) беа откриени вкупно 25 монети, депонирани во Археолошката музејска збирка на Филозофскиот факултет во Скопје. Монетите ни ја претставуваат нумизматичката циркулација на ова место во периодот од III до VI век н.е.[292]

ископувања беа откриени само две монети, на Валентинијан I (375-392) и Јустинијан I (527-565), и тоа во нартексот на Базилика А.

Изложените сознанија за археолошкиот локалитет Давина Кула, во атарот на селото Чучер овозможуваат да согледаме значајна стратегиска точка на јужниот крај од т.н. Качаничка клисура низ која во антиката минувал магистралниот пат што водел од регионот на Косово во регионот на Скопје. На врвот од ридот Давина Кула во раната антика бил оформен стражарски кастел спекула, чија што функција била обновена во III век н.е.

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565), ПОЛУФОЛИС, 20 НУМИИ

ЦАР АНАСТАСИЈ I (518–527), ФОЛИС, 40 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИН I (518–527), ФОЛИС, 40 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565), ПОЛУФОЛИС, 20 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565), ПОЛУФОЛИС, 20 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565), 16 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565), ПОЛУФОЛИС, 20 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИНИЈАН I (527–565), ФОЛИС, 40 НУМИИ

ЦАР ЈУСТИН II (565–574), ПОЛУФОЛИС, 20 НУМИИ

Хронолошки гледано најстари се примероците од втората половина на III век н.е., и тоа на римските цареви Филип I Арабјанин (ковница Виминакиј), Клавдиј и Максимијан. Четвртиот век н.е. е застапен со императорите Константин I, Валентинијан I и Теодосиј I. Петтиот век е застапен со императорот Маркијан и можеби со Теодосиј II. Додека од VI век н.е. имаме континуитет со царевите Јустин I, Јустинијан I и Јустин II, последниот застапен со сигурно датиран апоен од 20 бакарни нуми од 567/568 година, искован во Тесалоника. Поголемиот број монети се откриени воглавно на падините околу градот, додека со археолошките

што подоцна во текот на IV, V и VI век прераснал во поголема цивилизациска единица со карактер на доцноантички град.

И. Микулчиќ, за името Давина ја наведува локалната традиција, според која тоа било името на сестрата на Крали Марко, при што го поврзува со името Дева, Девина, старословенско женско божество на доброто и светлината. Во поглед на името на античкиот град на локалитетот Давина Кула, тој е неодлучен помеѓу градовите Венденис, Неутина или Диоклетиана, епископските центри, што ги споменува хроничарот Хиерокле, на почетокот од VI век н.е.[293] М. Бошкоски, интерпретирајќи го текстот на хроничарот Прокопиј (De aedificiis / Περι κτισματον - за градбите), се залага за идентификација на кастелот - град на Давина Кула со кастелот Даван, еден од кастелите во рамките на доцноантичката провинција Дарданија, кои пострадале во моментот на земјотресот од 518 година.[294] Периферно внимание е посветено на називот Прискупера (Priscupera), уште една тврдина од списокот на кастелите што пострадале во земјотресот од 518 година, чија што разложена етимолошка интерпретација може да означува место што се наоѓа пред градот Скупи.

Конечно, во овој момент од познавањата на археолошкиот локалитет Давина Кула, село Чучер, по извршените површински теренски археолошки рекогносцирања и почетните органичени археолошки ископувања на Базилика А, Базилика Б, Форумот и Северното чело на Долниот Град, можеме грубо да ги поставиме следните хронолошки фази на егзистенцијата на животот на ова место.

1. Прва егзистенцијална фаза од III / II век пред н.е.
2. Втора егзистенцијална фаза III-VI век н.е.
3. Трета фаза од IX-XI век н.е.

Во која категорија локалитети би требало да се определи утврдувањето на Давина Кула? Одговорот секако се наоѓа во продолжителните археолошки истражувања на ова место. Засега претпоставуваме дека акрополата во раната фаза претставувала кастел кој подоцна со оформувањето на долниот град и втората црква прераснал во класата мал доцноантички - рановизантиски град. Гледаме две мали еднокорабни цркви покрај патот во прилично несигурниот 6. век.

Сепак основната функција во овој век била одбраната на патот. Веројатно токму оваа фортификација им задавала главоболки на варварите, на што упатува присуството на аварословенски наоди. Од друга страна фрагментираните наоди на архитектонската камена пластика кај двете цркви укажуваат на фактот дека некоја варварска група го одвоила градот, притоа престојувала подолго време во него, ограбувајќи, уривајќи и кршејќи ги сите објекти.

ШИШЕВО • СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ (ВО НИР), ОПШТИНА САРАЈ

Високо над десниот брег на Треска, на линија наспроти манастирот Св. Андреја, на 500 м височина, се наоѓа средновековниот манастир Св. Никола Шишевски. Тој е сместен на седлесто плато, меѓу вертикални карпести ридови. Платото било заградено со одбранбени ѕидови на североисток и на запад, најверојатно уште во доцната антика, а врз таа линија подоцна во средниот век била подигната манастирската ограда. Остатоците од овој мал доцноантички кастел, насетени со површинските рекогносцирања, зафаќаат 0.35 ха. Регистрирани се делови од покривни тегули, од доцноантичкиот коринтски формат, слично како на Марков Град, Матка.[295]



ПЛАН НА „СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ“ (ВО НИР), ШИШЕВО

МАНАСТИРОТ „СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ“

ШИШЕВО • БАРОВО • ГРЧЕЦ, КАЛЕ, ОПШТИНИ САРАЈ И СОПИШТЕ

На највисоката кота (1044 м), на крајниот западен дел од планинскиот гребен Каршијак / Водно, се наоѓаат останките на моќниот кастел спекула Кале. На теренот го истражувале И. Микулчиќ и В. Лилчиќ.[296] Фортифицираниот периметар го делат трите катастарски општини: Барово, Шишево и Грчец. Врвот претставува релативно зарамнето плато, со приближно четириаголна форма. Утврдената површина е голема 100x80 м. Фортификациската рамка се состои од силен одбранбен sид од кршени варовнички камења врзани во цврста малтерна техника. Внатрешната површина е полна со контури на урнатите објекти. Извонредно јасно се гледа долгата редица внатрешни простории, однатре, долж источниот одбранбен sид, што е карактеристика за кастелите од VI век н.е. во Македонија. Најстар движен наод претставува еден керамички фрагмент од ваза премачкан со густ црн фирнис, датиран во IV век пред н.е., што би значело дека од ова време датира најстариот културен хоризонт на оваа точка. Следат движните површински наоди од доцната антика според кои заклучуваме дека кастелот бил оформен во доцната антика. Откриени се следните



ПЛАН НА „КАЛЕ“,
БАРОВО, ШИШЕВО,
ГРЧЕЦ

КАЛЕ,
БАРОВО,
ШИШЕВО,
ГРЧЕЦ
ПОГЛЕД
ОД ЈУГОИСТОК

МОНЕТИ НА: ТЕСАЛОНИКА (35 ГОДИНА ПР. Н.Е.),
КРИСП (317–326), КОНСТАНТИН I (307–337) И АНАСТАЗИЈ I (491–518),
ФИБУЛА ОД I ВЕК ПР. Н.Е. И ТРИ ДОЦНОАНТИЧКИ ФИБУЛИ

монети. Излижан од долгата употреба, бронзен сестерциј на римскиот цар Марко Аврелиј (161-180), за кој верувам дека бил во секундарна употреба. Бронзена монета на римскиот цар Крисп (317-326). Мала бронза на царот Аркадиј (283-408). Во јужниот агол на кастелот е откриена мала остава од отворен тип со 25 бронзени монети на византиските цареви: Анастазиј I (491-518) – 3 примероци; Јустин I (518-527) – 4 примероци и Јустинијан I (527-565) – 16 примероци. Со исклучок на еден примерок од 16 нумии, сите други се апоени од по 40 нумии.[297] Со површинските истражувања на кастелот се откриени и железни врвови од стрели, доцноантички фибули и друго. Нема наоди од средниот век.

Кастелот на Кале, очигледно претставувал државна инвестиција и тоа во функција на одбраната на градот Скупи во доцната антика. Стражарите од овој стратегиски кастел – спекула, имале задача да ја примаат сигнализацијата од соодветните кастели од западните влезови во Скопскиот басен: Кука, село Рогле, Кале, село Горно Свиларе, Голема Кула, село Горно Свиларе / Кучково и Врв Брикул, село Луковица и да го известуваат градот Скупи, што се наоѓал на вливот на реката Лепенец во Вардар, под селото Злокуќани, кој што согласно изворите, континуирано егзистирал низ VI век н.е. под името Скупи.[298]

КОЖЛЕ • ЈАСИКОВЕЦ – ПЛОЧИ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Доминантниот рид Јасиковец-Плочи се издига над левиот брег на реката Вардар, на 2,2 km југозападно од селото Кожле, помеѓу ридовите Црквине (кота 340 m) на запад, и Камење (кота 335 m) на исток. Утврдувањето го открив во 2016 година. Тоа се состоело од тесна издолжена акрополка (околу 90×25 m) на највисоката кота (330 m) на ридот и широк североисточен, лесно утврден простор со сувосид (ок 180×90 m). Според површинските наоди на рачно работена садова керамика од раната антика и малите доцноантички бронзени монети, како и фортификациските елементи, очигледно е дека се работи за значајно крајпатно стражарско утврдување за контрола на патот по должината на левиот брег на Вардар во раната и во доцната антика.

ЦАР ВАЛЕНТИНИЈАН I (364–375), СРЕДНА БРОНЗА



ПЛАН НА „ЈАСИКОВЕЦ – ПЛОЧИ“, КОЖЛЕ

РАНОВИЗАНТИСКИ ОПТИЧКИ ТЕЛЕГРАФ НИЗ СКОПСКО

Австрискиот историчар, академикот Јоханес Кодер се осврнува на проблемите на т.н. оптички телеграф во средниот византиски период на просторот на Мала Азија, за известување на Константинопол за нападите на Арабјаните во 7. век н.е., на релацијата од 670 километри од т.н. Киликиски Порти на источната граница до Цариград.[299] Согласно изворите: Теофан, Константин Порфирогенит, Псеудо-Симеон и Јован Скилица, од споменатите 9 станици на овој телеграф, Ј. Кодер информира дека можат со сигурност да се убицираат првите два и последниот.[300]

Истражувајќи ги константно старите градови и тврдини на територијата на Република Македонија полни 40 години, открив дека истата била покриена со сличен сигнален визуелен начин на известување во VI век н.е. Главните линии на нашиот македонски рановизантиски оптички телеграф се следните.

1. Вардарска магистрала сегмент на патот Дунав – Тесалоника.
2. Дијагонален оптички телеграф од Ресенско – Пелагонија – Средно Повардарје
3. Оптички телеграф од Скупи преку Мургаш, Коњух, Видим, Шталковица
4. Оптички телеграф: Клепа – Црни Врв, Калапетровци – Радовишко
5. Оптички телеграф во долината на Треска од Кале Седларево – Врв Брикул, Луковица – Кале, Барово/Грчец/Св. Петка – Скупи

Основниот принцип на системот се состоел од два или три главни елементи. Доминантна кула набљудувачница – спекула, од каде бил праќан

КАРТА НА РАНОВИЗАНТИСКИ ОПТИЧКИ ТЕЛЕГРАФ

сигналот и кастел – база за сместување на главниот контингент војници од каде биле испраќани помали единици на смени, горе во кастелот спекула на стражарење. И третиот елемент се малите или големите градови за чија што безбедност бил реализиран целиот систем. Во некои случаи биле одбирани доминантни врвови од ридови на кои бил оформуван кастел-база од кој што директно биле примани и испраќани сигналите.

Наредниот значаен момент бил внимателна анализа и селекција на конкретни издадени пунктови на определени дистанци кои што требале помеѓу себе да комуницираат, при што најголемиот проблем било визуелното премостување на клисурите.

Низ Скопскиот Басен, како што наведовме минувал дел од рановизантиската оптичка сигнализација на главната патна магистрала кон мегалополисот Тесалоника. На тој пат се наоѓале позначајните градови: Скупи, Стоби, Стена и Добер.

Линковите низ Качаничката Клисура се сéуште проблематични. Претпоставувам дека првиот сигнален комплекс тврдини претставуваат тврдините Врањак и Кале / Градиште, кај селото Ланиште (Lianishta) од Качаничката страна. На пониска позиција на доминантниот рид Врањак (кота 684 м) е регистрирано мало утврдување опфатено со одбранбен ѕид широк 1.7 м, на места зачуван и до 2.5-3 м, во џврста малтерна техника, во должина од околу 50-60 метри.[301] Меѓутоа на топографската секција Качаник (1:25 000, бр. 681-4-1) на повисоката кота југозападно над Врањак, се гледа топонимот Градиште (837 м). Се работи за доминантен рид што се издига директно над теснецот што води од утоката на Крива Река во Лепенец, кон Елез Хан (Генерал Јанковиќ) и Скопско. Очигледно е дека котата Градиште 837 м претставува солидна точка за испраќање оптички сигнали долж Качаничката Клисура на југ. За жал, немаме никакви научно издржани информации за овие две утврдувања на влезот во клисурата од страната на Косово и градот Качаник, ниту пак имаме информација која наредна точка го прифаќала оптичкиот сигнал за да го пренесе на градот на ридот Давина Кула, Чучер. Оптичкиот сигнал од Давина Кула бил приман од акрополата на градот Скупи на 7.9 км и од рановизантиската воена база на ридот Маркови Кули на Водно, Кисела Вода на 14.3 км. Од Маркови Кули на Водно кон југоисток, кон Таорската Клисура односно Пчињско-Бадерската Клисура, продолжетокот на сигнализацијата е веќе јасен.

Маркови Кули се видливи јасно од кастелот на Исар, Рамни Габер (580 м), на дистанца од 12.7 км.

На Исар, Рамни Габер истражував и документирав значајна доцноантичка фортификација. Со оглед на околината исполнета со длабоки долови и недоволно простор за интензивно земјоделие, освен за екстензивно сточарење, а со оглед на доминантната кота 580 м, се добива впечаток дека првенствената улога на фортификацијата била кастел за набљудување и примање и испраќање оптичка сигнализација, и тоа помеѓу стратегискиот кастел Маркови Кули на Водно, на дистанца од 7.3 км до Градиште над Таор долу до коритото на Вардар (кота 290 м) и трета кота во продолжение на југ југоисток кон соседниот предел на општината Зелениково. Наредната позиција на сигнализацијата од Исар Рамни Габер, била фортификацијата Кале/Каља, село Добрино, што се наоѓа на 10 км југоисточно, на кота 624 м. Овој кастел, според истражувањата се состои од издолжена елипсоидна фортификациска рамка, сувозид, со засилени северно и јужно чело. Неодамна ја откривме на теренот и рановизантиската база од VI век н.е. од каде војниците тргале на стража. Тоа е Градиште, Долно Добрино.

Централната точка во Средното Повардарје кој што ги примала и препраќала оптичките сигнали во VI век, бил врвот Клепа кота 1149 м. Најзначајните крајпатни точки долж магистралниот вардарски пат во Таорската и Пчињско-Бадерската клисури: тврдините со регистриран културен хоризонт од VI век: Градиште Таор, Солиште Летевци, Маркови Кули Летевци и Кале Сопот од велешката страна, немаат директна визуелна комуникација со Клепа.

Од Кале, село Добрино кон Клепа сигналот го примал кастелот на Градиште Рлевци: Кале Добрино (624 м) – 7 км - Градиште Рлевци 824 м, каде што е со сигурност откриен доцноантички културен хоризонт од IV-V век, па претпоставуваме дека егзистирал и во VI век н.е. Веќе од кастелот на Градиште Рлевци (кота 824 м), што патем го контролирал и планинскиот патен премин Дурмишевец, се отвора хоризонтот кон високата спекула на врвот Клепа, видлива на 25.3 км кон југ, или кон рановизантиската воена база што ја опслужувало спекулата Клепа, локалитетот Скачинско Кале (968 м), на дистанца од 24.2 км.

Во рамките на предложената релација на, условно кажано, Јустинијановиот оптички телеграф низ територијата на Република Македонија најслаба е засега кариката: Исар Рамни Габер – Кале, Добрино – Градиште, Рлевци.

Во обидите да ја откриеме оптичката сигнализација од Скопско кон Велешко и врвот Клепа, истражувавме уште една варијанта во оваа насока. Имено, функцијата на доминантниот кастел спекула Кале, Добрино била активирана за контрола на два патни правци преку планината Голешница.

1 Понискиот пат што водел долж долниот тек на Кадина Река, низ атарот на денешното село Крабуниште, на Старото Село Слп, до преминот Дурмишевец (), контролиран ог Градиште, Рлевци.

2 Повисокиот пат, што водел, долж долниот тек на Кадина Река, потоа по Диковска Река, преку атарот на селото Диковец, наугоре на планинскиот премин Вилјак (1125 м), од каде се спуштал до селото Дреново на свиокот на Тополка, која дотекува од Долно Јаболчиште, и продолжува надолу кон Лисиче, над кое источно над Лисичкото Езеро се издига доминантната доцноантичка и рановизантиска воена база на врвот Бањичко Кале, Бањица. Според информациите од Т. Јовчевска, археолог во музејот во Велес, токму во пределот околу преминот Вилјак, односно доминантниот врв Лисец (1935 м), во рамките на личен увид, регистрирала правоаголен објект во должина од околу 10 метри со ѕид широк 1.5 м. Инаку на доминантниот планински врв Дива Леска (1388 м), на 1 км источно с/и од Вилјак, имало грамади од камења. По посетата на оваа позиција во август 2016 година, ја отфрливме како опција бидејќи утврдивме дека се работи за остатоци од квалитетно ѕидан мал антички паганѕки храм (околу 10x10 метри) изграден на преминот од I во II век н.е., посветен веројатно на богот громовник Аполон.

Во оваа насока ја истражувавме и можната визуелна релација: Маркови Кули, Водно – Каља село Црни Врв – планинскиот врв Лисец на Голешница – Клепа.

Имено, во еден момент помисливме дека сме премногу сконцентрирани на барањето за лоцирање на сигналната линија блиску до главната магистралната патна комуникација низ Пчињско-Бадерската и Вардарско-Сопотската Клисура при што, не обративме внимание на повисоките планински предели на Китка, Карацица и Голешница. Што знаеме за доцноантичките фортифицирани објекти во овие предели од Скопската и од Велешката страна? Високо во планинскиот дел на Карацица, на 169 метри се издига високиот кастел спекула Каља над селата: Црни Врв на северозапад и Алдинци на исток, од каде на 19.22 км на север постои директна визуелна комуникација со кастелот Маркови Кули на Водно. Во близина, поточно, на 1.5 километар југоисточно под Каља Црни Врв, на ридот над составот на Јуручка Река и Кадина Река, се наоѓа Каља Алдинци, за која е во литературата изнесена класификацијата планински град.[302] Меѓутоа, имајќи ги предвид само например унифицираните простории на највисокиот срт во кои очигледно престојувала посада војници а не граѓани, претпоставивме дека овој голем воен кастрон служел за две цели. За контрола на прастариот планински пат преку планинскиот масив од Скопско во Велешко и во долината на Бабуна, и за опслужување на високиот кастел спекула на Каља Црни Врв. Патот започнува од пределот на Драчево и води долж Драчевичка Река, преку моќната воена база на локалитетот Кале Драчевица, за која што првиот истражувач И. Микулчиќ наведува: „*планот на акрополата на градот бил креиран од едно стручно лице (воен архитект). Исто така тешко е да поверуваме дека финансиските средства, потребни на акрополата и, делумно, градот можело да се обезбедат само од локални извори .... Зошто овде не се работи за обичен регионален кастел-refугиум за сточари и стока*“,[303] сметајќи го акрополот за воен објект. Потоа патот води наугоре по долината на Кадина Река до Каља Алданци. Од тука продолжува по планинскиот срт на Алдинска Планина (Мумџица), и се спушта во горниот дел од долината на Тополка водејќи низ просторите на денешните села Горно Јаболчиште, Долно Јаболочиште, Дреново – излегува преку Лисиче кон Чашка. Но дали и на линијата на овој прилично висок планински пат било можно да се организира и оптичка сигнализација од Калја Црни Врв кон југоисток заега останува под знак прашање.

Меѓутоа, опцијата со врвот Лисец (1935 м) ќе треба да се исклучи бидејќи врвот не бил користен за визуелно поврзување ниту со Калја Добрино ниту со Калја Црни Врв бидејки објектот на врвот е паганѕки храм а не сигнална кула. Притоа е очигледно превисок за денонокно одржување во сите временски периоди од годината. Инаку, и двата извонредно значајни геостратегиски планински патни правци: Драчевица – Алдинци – Јаболчиште – Дреново, и, Зелениково – Диковец – Дреново, очигледно претставувале голема закана за безбедноста на жителите на доцноантичката / рановизантиска провинција Македонија Втора, така што особено во VI век н.е. се налагало дефинитивно воено присуство во овој регион. Па така, токму тука, на излезот од долината, над денешното вештачко езеро Лисиче, се издига доминантниот рид Бањичко Кале (кота 820 м) на чиј што врв во доцната антика бил изграден моќниот воен

кастел токму за контрола на овој планински влез во доцноантичката провинција Македонија Втора.

Според ова, сметам дека сигналната линија низ Скопско во VI век водела од Давина Кула, на Маркови Кули, Кисела Вода, преку Исар, Рамни Габер и Кале, Добрино, на Градиште, Рлевци и Клепа. И потоа од Клепа кон Тесалоника, т.е. кон актуелната граница на Република Македонија, оптичката сигнализација водела на релациите: Клепа (1149 м) – 41 км - Маркова Кула, Корешница (кота 397 м) – 25.5 км – Жапката, Валандово (кота 632 м) – 18.8 км – Кале Дуб Карабали, Богданци (кота 682 м) – и 61 км до Тесалоника.

Проблемот на Таврисиј, Јустинијана Прва и Скупи

Градот Јустинијана Прва кој што точно на 14. Април 535 година го основал лично византискиот цар Јустинијан, егзистирал во континуитет до 602 година од н.е. Со царски указ Јустинијана Прва била востоличена како автокефална архиепископија и главен град – метропола на целата префектура Илирик.

Веројатно уште долго ке трае потрагата по точната локација на овој фамозен град метропола и архиепископија по име Јустинијана Прва, бидејќи, и денес во текот на втората деценија од третиот милениум од новата ера, сеуште не е откриен крунски материјален доказ за неговата убикација, но, сумирајќи ги досегашните сознанија од историските извори и археолошките истражувања, главно на археолозите од Република Македонија и Република Србија, се чини дека некои нешта стануваат појасни. Во светската наука доминира хипотезата за убикацијата на градот Јустинијана Прва на локалитетот Царичин Град кај Лебане во соседна Република Србија, претпоставувам не толку поради градската површина од околу 7 хектари, која што во споредба со доцноантичките градови кои што ги наведува Прокопиј, очигледно изгледа мала,[304] колку врз основа на дури 8 ранохристијански базилики во градот и неговата непосредна околина, како и врз база на типичниот монограм на царот Јустинијан врз јонскиот импост капител од трибелонот на Базиликата со трансепт во Долниот Град.[305]

Секоја потрага по локацијата на градот Јустинијана Прва започнува со два првокласни извори. Првиот извор е текстот во кој самиот цар Јустинијан зборува за причините на основањето, во неговата Новела број 11: „*Сакајќи на многу и различни начини да ја изѕигнеме нашата татковина, во која што Господ ни даде можност за прв пат да го согледаме светот што тој го создал, сакавме и во свештен поглед најмногу да ја почестиме со тоа да оној кој биде свет поглавар на Јустинијана Прва, нашата татковина, биде не само митрополит туку и архиепископ по неговата власт, а тие се: и самата Средоземна Дакија и Крајбрежна Дакија и Втора Мезија, Дарданија и провинцијата Превалитана и Втора Македонија и дел од Втора Панонија, која е во градот Бакенси. Кога имено во далнешно време беше востановена префектурата во Сирмиум, тука беше целата власт на Илирик и во цивилните и во епископските работи; подоцна, кога за времето на Атила таа граница беше опустошена, дојде од градот Сирмиум во Солун како бегалец префектот Аѕраениј; по него дојде тука и самата префектура и свештеничката чест, и солунскиот епископ, не по својот авторитет, туку по заштита на префектурата, се здобил со извесни права. И откога сега, со божја помош, нашата држава толку се прошири, така што имаме свои градови и на двата брега на Дунав, па повторно се под нашата власт и Виминакиј и Рекидава и Литерата, што се од онаа страна на Дунав; ценевме за потребно, онаа славна префектура, што беше во Панонија, да ја поставиме блиску до Панонија, во нашата пресрекна татковина, бидејќи, не е далеку Панонија Втора од Средоземна Дакија, а многу е одалечена Македонија Прва од Панонија Втора.*“.[306]

Вториот нешто поопширен извор, со површен опис на градот, потекнува од перото на хроничарот Прокопиј, кој што во неговото дело За градбите (De aedificiis) навел: „*Некаде во подрачјето на европските Дарданци, кои живеат зад границите на Епидамнијците, во непосредна близина на кастелот наречен Бедериана, беше село по име Таврисиј. Тука е роден царот Јустинијан, основачот на светското царство. Околувајќи го на брзина ова село со сид во форма на четириаголник и подигајќи на секој агол по една кула, создаде четирикулен кастел па така и го нарече Четирикулие* (Тетрапиргиан). *Таму* (крај / покрај / одспротива / карши В.Л.А.) *изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима, на латински тоа значи прва - одолжувајќи се на тој начин на својата татковина / родителка. Инаку ќе беше згодно, меѓусебе здружени, сите Ромеи да земаа учество во оваа обврска, бидејќи овој крај го исхранил заедничкиот спасител. Откога сосида таму и водовод, постигна градот непрекинато да изобилствува со непресушна вода. И многу други значајни и за помен достојни (згради) изгради основачот на градот. Не е лесно да се набројат сите божји храмови* (цркви / базилики), *невозможно е да се опишат сите управни згради, големината на тремовите, убавината на плоштадите, чешмите, улиците, базите, продавниците. Тоа беше просто напросто град голем и со многу жители и во секој друг поглед најреден и достоен да биде метропола на целата област. Бидејќи до толкав голем значај се издигна. Покрај тоа одбран е и за архиепископско седиште на Илирик, бидејќи останатите градови заостанувале зад него како прв град по големина. На тој начин тој му ја возврати на царот славата. Бидејќи тој се гордее што го родил царот и обратно, овој се гордее што го изградил градот. И ова малку што ќе биде доволно, бидејќи е невозможно се детално да се изложува, затоа што е неминовно да секој опис на град што му е достоен на еден цар, испадне полошо одошто му прилега.*

И кастелот Бедериана го обнови од темел и утврди многу подобро. Во Дарданија беше стар град кој се викаше Улпиана. Уривајќи го речиси сиот сид на тој град - името беше мошне недоверлив и сосема неупотреблив - та изградувајќи во него многу други прекрасни згради и издигајќи го до убаво уредување какво што е сега, го нарече Iustiniana Secunda. Secunda од латински значи втора. Во нејзина близина подигна друг град кај што пред тоа не бил и го нарече со името на неговиот стрико Iustinopolis (Јустинов град). *Увидувајќи дека со времето се оштетени сидовите и на Сердика и на Наис па и Германиа и Павталиа, ги утврди и создаде неосвоиви за непријателите. На просторот меѓу овие градови издигна уште три градчиња и тоа Кратискара и Квимедава и Румисиана. И така тие градови од темел нови ги изгради. Сакајќи како најсигурна заштита на овие места, како и на целата Европа, да ја направи реката Дунав, го обезбеди брегот на таа река со многубројни тврдини, за што ќе зборувам малку подоцна, и долж целиот брег размести воени стражарници за да со нивна помош најсигурно се спречи преминувањето на тамошните варвари*“.[307]

Основни хипотези за убикацијата на Јустинијана Прва

Поведен од сличноста во имињата на селата Таор и Бадер со Тавресиј, родното село на царот Јустинијан, и Бедеријана кастелот од каде потекнувал вујкото на царот, англискиот археолог Артур Џ. Еванс, во 1885 година ја лансирал хипотезата за убикацијата на родното место на царот во Скопското село Таор, истакнувајќи ја локацијата на Јустинијана Прва на Скопското Кале,[308] очигледно поведен од масивните камени блокови со кои бил сидан т.н. киклопски североисточен сид. Подоцна во текот на XX век, беа лансирани уште неколку хипотези за убикацијата на Јустинијана Прва. Беа предлагани следните места: Скупи, Скопско Кале, Лихнид – Охрид и Царичин Град кај Лебане во Република Србија. Но да појдеме од почеток во анализата на кандидатите.

Градот Скупи, кој што се развил од раноримски легиски логор, во доцната антика продолжил да егзистира во континуитет под истото име, примајќи го христијанството за што сведочат неколкуте ранохристијански епископи од Скупи, кои ја застапувале градската епископија на неколку позначајни црковни собири. Ако одиме хронолошки, најпрво се споменува епископот Дак на конзилот во Никеја во 325 година н.е. Потоа епископот на Скупи Парегориј бил присутен на црковниот собир во Сердика (Софија) во 343 година. Потоа митрополитскиот епископ Кар од Скупи е споменат во писмото на папата Леон во 446 година н.е. Потоа епископот Урсилиј од Скупи е споменат во писмото на дарданските провинциски епископи до царот Леон во 458 година н.е. Архиепископот на Јустинијана Прва – Бененат не учествувал на петтиот екуменски конзил во Цариград во 553 година н.е.[309]

Значи, ако ги следиме историските вести во кои на директен или индиректен начин се споменуваат имињата на градовите Скупи и Јустинијана Прва, ќе видиме дека во ниту еден момент истите не се преклопуваат. За овој проблем особено детално се произнесол уште пред 91 година хрватскиот учен проф д-р акад. Г. Новак.[310] Навистина изворите не ги споменуваат имињата на епископите од Скупи во VI век, како оние во текот на IV и V век. Но хроничарот Марцелин, опишувајќи го силниот земјотрес од 518 година, истакнува дека во провинцијата Дарданија освен пропаѓањето на 24 кастели, и самиот главен град Скупи до темелите пропаднал, иако неговите граѓани за среќа се спасиле, бидејќи пред тоа привремено избегале од градот пред непријателот.[311] Согласно зборовите на Марцелин, градот Скупи во 518 година бил главен град – метропола на провинцијата Дарданија. Неполни десет години потоа, во 527 година, на чело на царството застанува царот Јустинијан, кој, во 535 година, во својата царска наредба, позната како Novella XI, со идеја да го зајакне црковното влијание во крајдунавските провинции, меѓу нив

посебно Панонија Втора, основал нова митрополија / архиепископија, но поучен од силните варварски напади на Атила (457), Готите (489) и Аварите (505 г), градот и црковното седиште Јустинијана Прва го лоцира на безбедна оддалеченост од Дунав, и тоа како што самиот наведува, „*во нашата пресрекна татковина*“ – неговото родно место, но и на други две места во истиот текст, во провинцијата Средоземна Дакија.

Некаде во тоа време, помеѓу 530 и 552 година, учениот Јустинијанов хроничар Прокопиј од Кајсареја Приморска, во делото *За градбите на господарот наш Јустинијан*, прилично детално ги набројува градовите и тврдините кои што царот ги подигнал од основа или ги обновил, но никаде ни збор не кажува за Скупи.

Според К. Манерт, токму ова премолчување на градот Скупи од страна на Прокопиј, претставува силен аргумент дека токму Скупи е Јустинијана Прва.[312]

Додека, Г. Новак, смета дека ова премолчување на Скупи, од страна на Прокопиј, кој секаде ги истакнува обновувањата на градовите од страна на Јустинијан, како например градот Улпијана, очигледно докажува дека во времето на пишувањето на De aedificiis, Скупи бил обновен од страна на жителите така што царот немал потреба да интервенира.[313]

Освен тоа, и во делото на Хиерокле, Synekdem, што го пишувал помеѓу 518 и 537 година н.е., се наведува дека провинцијата Дарданија има три града: метрополата Скупи, Мерион и Улпијана.[314]

Изворите молчат за Скупи во втората половина од VI век, дури во VII век, Теофилакт во својата Историја споменува дека Словените го поробиле Скупи. Но и во Космографијата на анонимниот автор од Равена повторно се споменува Скупи.[315]

Раното христијанство и ранохристијанските базилики

Христијанската религија мошне тешко се ширела во континенталниот дел на Балканскиот полуостров во текот на првите векови од новата ера. Христијаните биле масовно жртвувани во оркестрите на античките театри во Лихнид, Хераклеја, Стоби и секако и во најголемиот македонски театар во главниот провинциски град Скупи. Па дури откога биле издигнати големите и раскошни христијански храмови во Стоби и околината во V век од н.е., во Скопско никнале димензионо помали цркви. Очигледно населението тешко се откажувало од боговите.

Сепак во доцноантичкиот град Скупи во текот на V изникнала ранохристијанска базилика под театарот, секако не случајно. А подоцна во VI век подолу во рамниот дел била изградена уште една базилика со што градот се гордеел со најмалку две intra muros ранохристијански цркви и најмалку една extra muros базилика, најверојатно со гробјански карактер.

Во VI век Христовата идеја навлегла длабоко во целата Скопска територија. Така со интензивните теренски истражувања спроведени главно од И. Микулчиќ и В. Л. Адамс и други, собрани се прелиминарни информации за постоење на над 20 ранохристијански цркви. Поголемиот дел од нив се претставени од страна на И. Микулчиќ во 1981 г,[316] и В. Л. Адамс во 2002 година.[317]

Типолошки и функционално разгледувано, разликуваме градски населбински базилики. Тука мислиме на двете intra muros базилики во градот Скупи. Потоа поголемиот број од базиликите во рамките на утврдените населби како што се Градиште, Говрлево, Градиште, Таор, двете еднокорабни базилики во градот на Давина Кула, Чучер. Потоа базиликите во рамките на утврдувањата од различен карактер. Такви се со сигурност базиликите во кастелите: Кале, Горно Свилари, Голема Кула, Кучково / Г. Свилари, Градиште/ Манастириште Шишево / Грчец, Кука, Рогле, Црквиште, Зелениково и други. Дел од базиликите со придружните објекти имал несомнено крајпатен карактер на ксенодохиони - одморалишта, во смисол на заштита на патниците под закрила на Бога. Таква би била базиликата на Црквиште, Арачиново. Базилики од манастирски тип какви што биле сконцентрирани околу Долна Матка, Шишево, како и Горно Нерези. Конечно и гробјанските базилики од кои што имаме само еден остаток во Скопско, имено јонскиот импост капител од големата Источна некропола во Скупи. Големиот број податоци во врска со ранохристијанските базилки во Скопско, веќе во овој момент, овозможуваат да се изработи една обемна студија посветена на оваа материја. Единствено се налага концентрација на истражувањата на оваа посебна археолошка тема со организирано откривање на овие свети божји храмови во Скопско. Голем дел од ранохристијанските базилики ќе бидат откриени во доцноантичките градови и утврдувања. Претпоставуваме дека во поголемиот број од тука претставените педесетина утврдени градови и тврдини поседувал најмалку една ранохристијанска црква, така што сметам дека изнесата бројка од 20 базилики во иднината секако ке се дуплира.



КАРТА 2. СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ДОЦНАТА АНТИКА

VIII КЛАСИФИКАЦИЈА НА АНТИЧКИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИСКИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА

Раноантички градови и тврдини во Скопско

Класифицирањето на археолошките локалитети со цивилизациски карактер во Скопската котлина во контекстот на нивната некогашна функција прв го изнесе И. Микулчиќ во неколку наврати.[318] Врз основа на моите теренски и кабинетски истражувања на сите локалитети изложени во овој текст, ја предлагам следната класификација.

1. Бразда, Градиште
   град, регионален центар
2. Брњарци, Кале
   кастел стража
3. Бучинци, Градиште
   градче
4. Долно Добрино
   кастел стража
5. Долно Нерези, Градиште
   градче
6. Говрлево, Градиште
   градче
7. Горно Коњари, Градиште
   кастел стража
8. Драчевица (Варвара), Кале
   кастел стража
9. Злокуќани, Зајчев Рид / Злокуќанско Кале
   градче
10. Карабуниште, Цуцулигово
    кастел стража
11. Скопје, Скопско Кале
    кастел стража
12. Слп, Кале
    кастел стража
13. Студеничани, Исар
    град

Доцноантички градови и тврдини во Скопско

1. Алдинци, Кале
   кастел стража
2. Алдинци (Мала Река), Кулица
   кастел спекула
3. Алдинци, Мумџица
   кастел спекула
4. Бадер, Дрма – Смрѓец
   кастел стража
5. Бадер, Кула
   кастел стража
6. Брњарци, Кале, (доцната антика)
   градче
7. Булачани, Кула
   кастел руднички
8. Бучинци, Градиште, (доцната антика)
   кастел стража
9. Говрлево, Градиште
   градче
10. Горно Нерези, Градиште
    викус утврден
11. Горно Свиларе / Кучково, Голема Кула
    кастел стража
12. Горно Свиларе, Кале
    кастел стража
13. Грчец, Градиште / Манастириште
    кастел стража
14. Дивле, Кула
    кастел база
15. Долно Количани, Градиште
    викус полу утврден
16. Долно Добрино, Градиште
    кастел база
17. Долно Добрино, Кале / Каља
    кастел спекула
18. Драчевица, Кале
    1. кастел 2. градче
19. Драчево, Пеленица
    викус утврден
20. Држилово, Исар
    кастел стража
21. Елово, Исар
    кастел спекула
22. Зелениково, Црквиште
    кастел стража
23. Злокуќани, Злокуќанско Кале, СКУПИ
    град
24. Карабуниште, Градиште
    кастел стража
25. Карабуниште, Пењок / Пенџук
    кастел стража
26. Катлановo, Бањски Рид
    кастел стража
27. Катлановo, Кале – Пржар
    кастел спекула
28. Кисела Вода, Маркови Кули
    кастел база
29. Кучевиште, Град
    кастел руднички
30. Кучевиште, Градиште 1
    кастел рефугиум
31. Кучевиште, Градиште 2 Беговиште
    кастел руднички
32. Кучково, Градиште
    кастел база
33. Летевци, Маркови Кули / Бадерско Кале кастел стража
34. Летевци, Солиште
    кастел стража
35. Луковица, Врв Брикул
    кастел спекула
36. Љубанци, Кула
    кастел руднички
37. Малчиште/Маркова Сушица, Марково Кале кастел руднички
38. Матка, Голема Пешт
    кастел стража
39. Матка, Марков Град
    кастел стража
40. Мојанци (Никуштак), Кале
    градче
41. Пакошево, Пакошевска Карпа
    кастел стража
42. Рамни Габер (Вртекица), Исар
    кастел спекула
43. Рогле, Врв Кука / Мае Кикес
    кастел стража / градче
44. Седларево / Саларево, Кале Јасики
    кастел спекула
45. Слп, Кале
    кастел стража
46. Сопот, Кале, ad Cephalon
    кастел стража
47. Сушица Коњаровска, Градиште
    кастел стража
48. Таор, Градиште
    градче
49. Церово – Рогле, Марков Сид (Мури Маркет)

    клаузура
50. Црешево, Виниче, Калуѓеровец
    кастел рефугиум
51. Црни Врв, Кале / Каља
    кастел спекула
52. Чучер, Давина Кула
    кастел стража / град
53. Шишево, Св. Никола Шишевски (во Нир)
    кастел стража
54. Шишево / Барово / Грчец, Кале
    кастел спекула

СКОПСКО И ПАЈОНИЈА

СКУПИ: АВДОЛЕОН | БРЊАРЦИ: ЛИКЕЈ | БРАЗДА: ПАТРАЈ

ЛЕТЕВЦИ: ПАТРАЈ | ГОРНО КОЊАРЕ: ПАТРАЈ | СТУДЕНИЧАНИ: ЛЕОН

СКОПСКО И АРГЕАДИТЕ&АНТИГОНИДИТЕ

БРАЗДА: АЛЕКСАНДАР III | РАДИШАНИ: КАСАНДАР | БРЊАРЦИ: АЛЕКСАНДАР III

БРЊАРЦИ: КАСАНДАР | БРЊАРЦИ: ДЕМЕТРИЈ I | БРЊАРЦИ: АНТИГОН ГОНАТ

РОГЛЕ: КАСАНДАР | НЕРЕЗИ, ЖДАНЕЦ: ФИЛИП III АРИДАЈ | КАТЛАНОВО: ДЕМЕТРИЈ I

ДРАЧЕВИЦА / ВАРВАРА: КАСАНДАР | СКОПСКО КАЛЕ: АЛЕКСАНДАР III АНТИГОН ГОНАТ | ДОЛНО ДОБРИНО: АНТИГОН ГОНАТ

ЗГОЛЕМЕНАТА МОНЕТАРНА ЦИРКУЛАЦИЈА ВО VI ВЕК СВЕДОК ЗА ГРЧОВИТАТА ОДБРАНА НА СКОПСКАТА АНТИЧКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

БАРОВО: АНАСТАЗИЈ | ДРАЧЕВИЦА: АНАСТАЗИЈ | Г.СВИЛАРЕ: АНАСТАЗИЈ

МАТКА: ЈУСТИН I | ЉУБАНЦИ: ЈУСТИНИЈАН | ТАОР: ЈУСТИНИЈАН

КУЧЕВИШТЕ: ЈУСТИНИЈАН | ПАКОШЕВО: ЈУСТИН II | НЕРЕЗИ: ЈУСТИН II

EXAGIA SOLIDI ОД VI ВЕК ВО СКОПСКО

ЧУЧЕР | ЛЕТЕВЦИ | СУШИЦА | ЛЕТЕВЦИ | КУЧЕВИШТЕ | Г. СВИЛАРЕ

ПОЈАСНИ ТОКИ ОД VI ВЕК ОД СКОПСКО, ТИП СУЧИДАВА

ЧУЧЕР | ДИВЛЕ | ЛЕТЕВЦИ | КУЧЕВИШТЕ

КИСЕЛА ВОДА | ТАОР | ЧУЧЕР | ТАОР

IX ПОГОВОР

Скопскиот регион бил посетуван од разни патеписци во текот на Отоманскиот период, но првите истражувачи, во XIX век, кои обратиле внимание на древностите на Скопско, биле тројца. Австрискиот конзул Г. Фон Хан кој патувал од Белград за Солун. Англискиот археолог А. Еванс откога се заинтересирал за атрактивната можност за откривањето на фамозното родно место на царот Јустинијан I и неговата велика фондација, градот метропола и архиепископија Јустинијана Прва, што царот го подигнал некаде во континенталниот Балкан, специјално дошол од Лондон во Скопје во 1883 година. И преродбеникот, револуционерот и учителот Ѓорче Петров кој живеел неколку години во Скопје, интензивно ја посетувал околината и ги забележал планините, реките, селата и некои од древностите.[319]

Веќе во првата половина од XX век, Скопско го истражувале, и публикувале соодветни податоци во однос на етнологијата и географијата, археологијата историјата на уметноста, епиграфијата: Ј. Хаџи Васиљевиќ,[320] Н. Вулиќ,[321] Н. Окуњев и други истражувачи додека во втората половина од истиот век: Ј. Ф. Трифуноски, Б. Алексова, А. Керамитчиев, И. Микулчиќ, В. Л. Адамс[322] и други истражувачи од помладата генерација. Сметајќи дека во поновата археолошка литература честопати неоправдано се изоставуваат првите споменувања и почетните макар и скромни описи на древните цивилизациски локалитети во Скопско, во овој текст, посебно ги истакнувам нивните информации за локалитетите со цивилизациски карактер во Скопската котлина.

Па така согледуваме дека во зависност од сопствените интереси, етнолозите и гоеографите попатно ги споменувале древностите од типот на црквите, манастирите и утврдените населби од типот кале и градиште. Археолозите и епиграфичарите како А. Еванс и другите биле поконкретни и ги забележале првите импресии поврзани со археолошките локалитети или епиграфските споменици. Меѓутоа со развојот на археолошката методологија и насочениот интерес кон полеогенезата на Скопско, И. Микулчиќ ја создаде првата обемна слика на старите градови и тврдини во Скопско, обелоденета во повеќе негови дела.[323] Тој ги започна првите сериозни археолошко - топографски премерувања на старите градови и утврдувања со бусола – магнетен север и методот на триангулација, потпирајќи се на полигонскиот влак. Јас продолжив да ги документирам одбранбените периметри со истиот метод при што го усовршив теренското снимање со полигонскиот влак. Откривме дека употребата на сорот со куса рачка извонредно користи за просекувањето на дивата вегетација израсната врз урнатите стари ѕидови. На тој начин пред секој теренски премер се стартува со претходна фаза на елиминација на густите трња или пак ниската вегетација, што претходно оневозможуваше прецизна планиметрија. Се префрливме од картографската платформа 1:50.000 на 1:25.000, а започнавме заедно со помладите колеги да ги георефернцираме планиметриите. Од Агенцијата за катастар на Република Македонија (во периодот од 2012-2013 година) набавени се хартиените геодетски подлоги, со хоризонталниот и вертикалниот план за речиси цела територија на Република Македонија (со мали исклучоци за Полог и Мариово) па така и за Скопско, во размерите 1:2500, 1:5000 и 1:10.000. Ставањето – цртањето на хоризонталните планиметрии на состојбите на ѕидовите од теренот во децималниот координатен систем, со координатите на географската должина по хоризонтала, источно од Кралската опсерваторија во Гринич, Англија и по вертикала, географската височина, од Екваторот, беше особено голем одскок на македонската археологија. Таквиот документ, со издржана и конкретна информација за неговата точна местоположба дава можност на сите добронамерни професионалци и заинтересирани за запознавање со културните остатоци во Скопско и Република Македонија, да дојдат до овие одамна заборавени места на кои им ја должиме нашата грижа и заштита и кои на тој начин полесно ќе ги заштитиме и вклучиме во процесот на планирањето на нивното активно вклучување во современиот развој на македонското општество.

Продолжувајќи го делото на И. Микулчиќ, ги заокружив теренските истражувања во Скопско, откривајќи досега непознати антички утврдувања. Заедно со соработниците, дипломираните археолози: мојот син † Саша Лилчиќ, потоа Ванчо Милошевски, Иван Станчевски, Игор Ширтовски, Владимир Атанасовски, Кирил Денковски, Велимир Ќокоровски, Филип Аџиевски, Горан Лилчиќ, Виктор Симоновски и други, реализиравме константни теренски истражувања и кабинетска обработка на материјалите во последните две децении на веќе познатите локалитети заради заокружување на хронологијата и површинската стратиграфија. Започнати се и првите археолошки ископувања на доцноантичкиот град на Давина Кула, реализиравме ревизиони премери во Скопскиот регион, при што се оформени комплетни, георефернцирани планиметрии на повеќето старите градови и тврдини во Скопско, со што е создадена најновата слика на античката цивилизација во Скопско што тука ја претставувам прелиминарно и ограничено. Притоа фокусот во овој текст е ставен на основните елементи на полеогенезата, делумно на историјатот на истражувањата, како и основните елементи од метриката на античките фортификации во Скопско. Важно е притоа да се знае дека резултатите се во поголемиот дел добиени со теренските истражувања со методот рекогносцирање, а помал број од сеуште малубројните археолошки ископувања и сондирања на локалитетите.

Напоменувам дека во текот на теренските премери беа снимени и контурите на голем број додатни појави, како кули, одбранбени ровови, внатрешни објекти, влезови – порти низ градските ѕидини. Го истакнувам зборот контури, бидејќи е значајно, во текот на кабинетското исцртување, истите да се прикажат реално, а не реконструирано она што не е археолошки откриено – ископано, како што во многу случаи практикуваше И. Микулчиќ.

Поради концентрацијата на цивилизациските форми на животот во утврдувањата и поради околностите што истите биле градени на повисоки позиции изложени на ерозијата низ вековите, во текот на нашите истражувања полесно се откриваа голем број движни археолошки предмети, главно монети, орудија, накит, керамички фрагменти и делови од садови и друго. Истите беа депонирани главно во Музеј на Македонија (пред околу две години пренесени во Археолошки музеј на Македонија, денес Археолошки музеј на северна Македонија), потоа во Археолошката музејска збирка на Филозофскиот факултет во Скопје, во Археолошки музеј на северна Македонија, како и во некои други музеи.

Конечно, во овој текст се наоѓа и првата верзија на предстоечкиот корпус на старите градови и тврдини за Скопје и скопските општини. Во неа го изнесувам само најмаркантното материјалото недвижно и движно археолошко наследство во истражуваната територија, бидејќи просторот и времето не озвозможија да биде поинаку. Но, планирам во блиска иднина, уште подетално да ги обработам и интерпретирам тука истакнатите антички цивилизациски точки. Во овој труд го обелоденувам најголемиот дел од граѓата, откриена пред се во рамките на голем број обемни теренски археолошки експедиции при археолошките рекогносцирања и ископувања, врз основа на која секој заинтересиран читател ќе може да добие конкретни информации за квантитетот и основните контури на квалитетот на античката цивилизација во Скопскиот Басен.

Античката епоха на Скопската котлина била торжествена. Периферно вклопена во општите текови на источно медитеранскиот цивилизиран свет, на неговиот краен северен раб, релативно отворена и ранлива во однос на средишниот континентален балкански простор. Населението низ вековите константно ја градело скопската цивилизација, која што постојано била напаѓана, уривана и повторно подигана.

Патните комуникации, особено Повардарската, условиле оформување на два значајни града во раната антика, јужниот на Исар, Студеничани, северниот на Градиште, Бразда. Цивилизациските импулси доаѓале од југот долж реката Вардар, што значи од правецот на пајонската и појужната, македонска цивилизации. Нападите меѓутоа во Скопско, доаѓале од северните предели на Косово и од долината на Морава. Археолошките наоди говорат во прилог дека во втората половина од IV и првата половина од III век пред н.е. во Скопско се присутни антички македонски воени единици за одбрана на пајонските градови и села но најмногу патниот коридор низ Скопската котлина по кој атакувале Дарданците и други конт9инентални балкански племиња, кон кралствата Пајонија и Македонија. Ваквата одбрана делумно ја пореметил келтскиот пробив на почетокот од III век пред

.е. но уште повеќе загинувањето на македонскиот крал Деметриј II во една битка против Дарданците. Настанатиот хаос потоа, го стабилизирал македонскиот крал Филип V, кој оформил серија воени бази и кастели долж главната комуникација од Велешкиот крај од страната на Башино Село – Отовица и особено на линијата Белештевица – Слп – Карабуниште – Добрино – Студеничани. Сепак според наодите македонскиот крал Филип V не успеал да го анектира Скопскиот басен. Изгледа дека најсеверната точка до која излегол било утврдувањето Градиште кај Добрино, што значи само на самиот праг на Скопската котлина.

Монетите на квесторот Гај Тамиј Публилиј (168-166) од Градиште, Добрино упатуваат на правецот по кој римските легии навлегле во Скопско. Овоие монети како и сребрениот денар од 148 година откриен во ископувањата на античкиот театар во Скупи,[324] го ограничуваат дведецениискиот период во кој се одвивале неуспешните комуникации на Рим со нивните поранешни сојузници Дарданците, што терминира со бруталната Римско – Дарданска војна (Гај Скрибониј Курио, 75-73 г пред н.е.) и нешто подоцна со покорувањето на Гетите и Тракијците (Марко Ликиниј Крас од 29-28 г пред н.е.), што била конкретна порака и за Скордисците, Медите, Мезите, Трибалите, Сардите, Дентелетите дека во внатрешноста на Балканот дошол нов господар.

Кон крајот на I век пред новата ера сеуште недоверливиот Рим кон континенталните балкански племиња, станува свесен за потребата од силна воено стратегиска база на северниот агол на пајонската цивилизација. Легискиот логор на просторот од Злокуќанско Кале до северниот дел на селото Злокуќани, во I век н.е. прераснува во римска колонија. Била потребна лојалност во оваа сеуште несигурна но значајна стратегиска позиција на патот кон Дунав. И тоа биле колоните – дедуцираните римски војници кои ја организирале градската управа и изградба на Скупи и се расеале насекаде низ Скопско со своите полски имоти во новонастанатиот Скопски Римски Мир.

Очите на граѓаните во Скопската котлина, низ римскиот период, од I-III век гледале царски статуи на градскиот плоштад во Скупи, гледале од театарските седишта кон оркестрата каде во еден момент веројатно во ложата седел и лично царот Хадријан а подоцна и некои други римски цареви, но нешто подоцна на преминот кон доцната антика скупјани гледале и погубувања на христијани во истата таа оркестра.

Турбулентните настани што започнале уште во III век н.е., и продолжиле преку нападите на Хуните и Готите во V век, Аварите и Словените низ VI и VII век, предизвикале изградба на заштитни ѕидови околу градови и голем број тврдини по работ околу Скопската котлина, најмногу концентрирани долж влезовите и насочени во одбраната кон северот. Се гледа присуство на организирана одбрана особено во времето на царот Јустинијан, во ликот на високи стражарски спекули и крајпатни кастели стражи. Се гледа обновата на градското средиште Скупи, преку обновата на неговите улични портици од колонадни во аркадни фасади. Но со ископувањата на античкиот театар видовме и доцноантичка постурбана населба врз оркестрата[325] од која некогаш зрачел највисокиот цивилизациски дострел. Во VI век и уште повеќе во средниот IX-XI век и потоа низ XII и XIII век,[326] чеканите на наемните работници ги разбивале минуциозните акантови листови што во II век н.е. врз театарските мермерни капители ги обликувале вештите уметнички раце на каменоделците дојдени од Рим.[327]

Голата егзистенција на некои групи сиромашни надничари или заробеници, од тоа време, избива над почитта кон врвните цивилизациски дострели на античките Скопјани, водена од византиските господари на Скопје и Скопската котлина.

Во Скупи, тој величествен центар на Скопската котлина, од кој над половина милениум зрачела цивилизацијата, остануваат скршените фрагменти од прекрасните капители, архитрави и венци откриени во оркестрата и урнатините на најголемиот антички театар во нашата земја. Урнати храмови и базилики, палати и улични портици. Искорнати градски улици.

Но, наспроти Скупи, ги најдовме осакатените камени трупови на капителите, архитравите, базите, меноите и други камени архитектонски елементи, масивните камени плочи од улиците употребени за изградбата на новиот средновековен скопски центар – Скопското Кале.[328]

БЕЛЕШКИ

[1] Лилчиќ В., 1996.

[2] Соколовска В., 1987-1989, 9-34.

[3] Поповиќ П., 2012, 10-51; Радојчиќ Н, 2012, 52-57; Крстиќ В., Ђорђевиќ А., 2012, 105-107.

[4] Микулчиќ И., 1982.

[5] Извор: топографските карти на Војногеографскиот институт Белград (размерите: 1:25.000, 1:50.000; 1:100.000, 1:200.000) и Агенцијата за катастар на недвижности Скопје (размерот 1:25.000).

[6] Гаревски Р. и Малез М., 1994; Толевски И., 2013.

[7] Str. VII, frg. 36, сп. Соколовска В., 1987-1989, 18, ф.н. 47.

[8] Микулчиќ И., 1971, 170-173.

[9] За константните агресивни ограбувачки напади на Дарданците врз Пајонија, Пелагонија и Македонија види кај Papazoglu F., 1969, 101-208. За експанзијата на Дарданците види кај Соколовска В., 2003, 27-47.

[10] Микулчиќ И., 1982, 23.

[11] Arr. I. 4-5: Arijan, Aleksandrova Anabasa, Skopje 2000, стр. 6, превод на македонски јазик проф. д-р Маргарита Бузалкова-Алексова.

[12] Микулчиќ И., 1982, 17; Papazoglu F., 1969, 116-117.

[13] Микулчиќ И., 1982, 27, сл. 9, Т. I в.

[14] Митревски Д., 2017, 147-157.

[15] Микулчиќ И., 1982, 21-23; истиот, 1999, 130-131; ibid, 2002, 148-149, Abb. 40.

[16] Бразда Рекогносцирање И. Микулчиќ со асистенција на В. Лилчиќ-Адамс пред почетокот на археолошките ископувања

[17] Соколовска В., 1990, 79-93; Микулчиќ Г., 1990, 93-102.

[18] Микулчиќ И., 1982, 23.

[19] Депониран во Археолошки музеј на Македонија Скопје.

[20] Георгиев З., 1996, 7-32.

[21] Aparicio Resco P. A. 2013, 51-54.

[22] Микулчиќ И. & Соколовска В., 1990, 79-91; Микулчиќ Г., 1990, 93-101; Микулчиќ И., 1999, 118-123.

[23] Трифуноски Ј., 1964, 21.

[24] Mikulčić I., 2002, 149-151.

[25] Mikulčić I., 2002, 151.

[26] Mikulčić I., 2002, 151.

[27] Papazoglu F., 1969, 104-112.

[28] Трифуноски Ј., 1964, 36.

[29] Mikulčić I., 1976, 31.

[30] Mikulčić I., 2002, 151.

[31] Mikulčić I., 2002, 152.

[32] Очигледно е дека А. Еванс во 1883 година, без елементарно познавање на раноантичката материјална цивилизација на Агријаните во Скопско, бил под импресија на античките извори што посочуваат на протегањето на доцноантичката провинција Дарданија на југ во Скопско.

[33] Evans A., 1885, 95.

[34] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1930, 258.

[35] Трифуноски Ј., 1964, 103.

[36] Материјалите не биле публикувани, види кај Микулчиќ И., 1982, 30, ф.н. 9-10.

[37] Соколовска В. – Пашиќ Р., 1975, 231-244.

[38] Микулчиќ И., 1971, 168-170; истиот, 1973, 264; истиот, 1982, 29-31, сл. 10, 11, 12.

[39] Микулчиќ И., 1982, 29-30.

[40] Микулчиќ И., 1982, 30.

[41] Соколовска В.-Пашиќ Р., 1975, 242.

[42] Микулчиќ И., 1982, 29, сл. 12; истиот, 1999, 123, 125, сл. 79.

[43] Микулчиќ И., 1999, 125.

[44] Микулчиќ И., 1982, 74-76.

[45] Микулчиќ И., 1982, 26-27.

[46] Трифуноски Ј., 1964, 64.

[47] Трифуноски Ј., 1964, 66.

[48] Георгиев З., 1990/1991, 97-99, сл. 7, план III.

[49] Георгиев З., 1990/1991, 98.

[50] Георгиев З., 1990/1991, 99, сл. 7.

[51] Идентификувана од страна на И. Станчевски.

[52] Микулчиќ И., 1982, 24-26.

[53] Трифуноски Ј., 1958, 120.

[54] Микулчиќ И., 1982, 25.

[55] Види кај Митревски Д., 2015, 10, ф.н. 1.

[56] Микулчиќ И., 1982, 31, ф.н. 16.

[57] Митревски Д., 2015, 1-213, Т. I-CVII, со цитирана литература.

[58] Митревски Д., 2015, 72-126.

[59] Митревски Д., 2015, 127-163.

[60] Фаза Кале V или раноантичко Кале според Митревски Д., 2015, 166-190.

[61] Митревски Д., 2015, 166-167.

[62] Papazoglu F., 1969, 105-106, 111.

[63] Papazoglu F., 1969, 112.

[64] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1930, 266.

[65] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1930, 402.

[66] Микулчиќ И., 1982, 33, ф.н. 21.

[67] Трифуноски Ј., 1958, 105.

[68] Трифуноски Ј., 1958, 110.

[69] Микулчиќ И., 1982, 32-34.

[70] Микулчиќ И., 1999, 131-132.

[71] Лилчиќ-Адамс В., 2001, сл. на стр. 20, 33-34.

[72] Станчевски И., 1993, 163-169; Микулчиќ И., 1999, 132.

[73] Проева Н., 1994, 119-126.

[74] Papazoglu F., 1969, 137-140.

[75] Papazoglu F., 1969, 139, ф.н. 168.

[76] Papazoglu F., 1969, 141.

[77] Papazoglu F., 1969, 142-143.

[78] Соколовска В., 2003, 27-47. На проблемот патем се осврнува и Papazoglu F., 1969, 372, која што очигледно претерува со предлогот за површината на дарданската матична територија, како и со предлогот за вкупниот број на Дарданците.

[79] Микулчиќ И., 1982, 21, ф.н. 13.

[80] Papazoglu F., 1969, 369.

[81] Evans A. J., 1885, 82-146.

[82] Вулиќ Н., 1961, 3-23, сл. 1-56.

[83] Корачевиќ Д., 2002.

[84] Микулчиќ И., користена литература наведена на крајот од текстот.

[85] Јованова Л., Ончевска Тодоровска М., види во списокот на користена литература наведена на крајот од текстот.

[86] Lilchikj Adams V., Shirtovski I., Atanasovski V., Simonovski V., Adzievski F., 2016.

[87] Микулчиќ И., 1982, 36-37, со цитирана литература.

[88] Според Петровиќ В. П., 2007, 105, ф.н. 342.

[89] Микулчиќ И., 1982, 37-38.

[90] Dragojević-Josifovska B., 1982, 25-28.

[91] Јованова Л., 2013, 834-835, со цитирана литература под ф.н. 108.

[92] Dragojević-Josifovska B., 1982, 57-58, no 15.

[93] Цитирано според В. П. Петровиќ, 2007, 103, ф.н. 337.

[94] Види кај М. Бошкоски, 2009, 36, ф.н. 25.

[95] Види кај М. Бошкоски, 2009, 37, ф.н. 27.

[96] Според Петровиќ В. П., 2007, 105.

[97] Сп. Јованова Л., 2016, 12.

[98] Evans A. J., 1885. („... *Се покажа дека овој споменик, којшто локалната општина го подигнала / посветила на императорот Галиен, е најинтересниот историски остаток од римското Скупи. . . . Оваа скршена плоча што ја открив на падината на Давина, ја содржи следната важна посвета на императорот Галиен, од локалното собрание.* INVICTO IMPERATORI PIO FELICI GALLIENO AVGUSTO, DIS ANIMO VOLTVQVE COMPARI RES PVBLICA. *Според формата на плочата (висока 5 стапки = 1,5 м), може да се смета дека таа била дел од база за статуа на самиот император, воедно и дека ова е сочуван историски запис за подигање на еден таков споменик од страна на граѓаните на Скупи*“).

[99] Dragojević-Josifovska B., 1982, 88, 89, nº 62, nº 63, според В. П. Петровиќ, 2007, 105.

[100] Dragojević-Josifovska B., 1982, no-s. 12, 64, 45, 65, 6, 46, 15, 31.

[101] Dragojević-Josifovska B., 1982; В. П. Петровиќ, 2007, 105-106; Л. Јованова, 2016, 14.

[102] Микулчиќ И., 1982, 41.

[103] Микулчиќ И., 1982, 41.

[104] Микулчиќ И., 1982, 41.

[105] Микулчиќ И., 1982, 41; истиот, 1999, ; ibid. 2002, 132-144.

[106] 6 Вулиќ Н., 1961, 3-23, сл. 1-56.

[107] Rendić-Miočević D., 1981, 41-51.

[108] Лилчиќ-Адамс В., 2001, 151, ф.н. 31.

[109] Ончевска Todorovska M., 2009, 75-84; ibid, 2009/2; иста, 2011, 365-379; ibid, 2012, 347-358.

[110] Лилчиќ-Адамс В., 2001, 151, ф.н. 32, ф.н. 33.

[111] Микулчиќ И., 1982, 41-42.

[112] Лилчиќ-Адамс В., 1996, 32-33; истиот, 2001, 148-163.

[113] Јакимовски А. и соработници 2017, 1-487.

[114] Лилчиќ-Адамс В., 1996, 33, ф.н. 66.

[115] K. Freyberger, 1990, 69-81.

[116] K. Freyberger, 1990, Beilage V, 2 folium, grundmaster I, form 1.

[117] Н. Вулиќ, 1961, 16.

[118] Лилчиќ-Адамс В., 1996, 33 со цитирана литература.

[119] Микулчиќ И., 1982, 42.

[120] Лилчиќ-Адамс В., 2001, 167 со цитирана литература.

[121] Лилчиќ-Адамс В., 1996, 34-36, ф.н. 67.

[122] Лилчиќ-Адамс В., 1996, 34-36.

[123] Гарашанин М. и Корачевиќ Д., Базилика II во Скупи, МАА 5, Прилеп 1979; И. Микулчиќ, 1982, 43.

[124] Јованова Л., Скупи, Colonia Flavia Scupinorum, Скопје 2016, 36.

[125] Лилчиќ-Адамс В., 2002, 666-667.

[126] Лилчиќ-Адамс В., 1996, 37.

[127] Лилчиќ-Адамс В., 2002, 622-623.

[128] Гарашанин М. и Корачевиќ Д., 1979, 39.

[129] Братож Р., 2000, 24.

[130] Братож Р., 2000, 24, 26.

[131] Братож Р., 2000, 32.

[132] Братож Р., 2000, 42.

[133] Братож Р., 2000, 44, 46.

[134] Братож Р., 2000, 46-47.

[135] Лилчиќ-Адамс В., 2003.

[136] Ончевска Тодоровска М., 2009/2, 105, 107.

[137] Ончевска Тодоровска М., 2009, 107-108.

[138] Јованова Л, 1916, 42-43.

[139] Јованова Л., 1992, 191-200.

[140] Микулчиќ И., 1999, 141.

[141] Микулчиќ И., 1999, 141.

[142] Mikulčić I., 1971/2, 43-45; исти, 1974, 109-143, сл. 1-78; исти, 1975, 89-102, T. I-XII; исти, 1975/2, 127-151; исти, 1976, 191-210; исти, 1979, 245-258, T. I-V.

[143] Јованова Л., 1992, 121-125; иста, 2002, 318-321; иста, 193-207; иста, 617-638; иста, 56-77; иста, 2016.

[144] Вулиќ Н., 1931; исти, 1933; исти, 1941-48; Dragojević-Josifovska B., 1982.

[145] Dragojević-Josifovska B., 1982, 38-39.

[146] Микулчиќ И., 1982, 46.

[147] Материјалите од заштитните истражувања никогаш не биле публикувани

[148] Спасовска-Димитриоска Г., 1992, 221-245.

[149] Лилчиќ Адамс В. 2001, 141, ф.н. 14.

[150] Лилчиќ Адамс В., 2012, 94.

[151] Битракова Грозданова В., 1999, 100-121.

[152] Dragojević-Josifovska B., 1982, 190.

[153] Лилчиќ-Адамс В., 1994, цитирана литература.

[154] Микулчиќ И., 1999, 225-226, со цитирана литература.

[155] И.Микулчиќ, 1982, 55, 91.

[156] Микулчиќ И., 1999, 226.

[157] В. Лилчиќ, 227-529.

[158] Микулчиќ И., 1982, 14.

[159] Микулчиќ И., 1982, 54.

[160] Микулчиќ И., 1982, 91-92.

[161] В. Лилчиќ во: Матка, Скопје 2011, 44-46.

[162] (Петров Ѓ.), 1897, 363.

[163] Трифуноски Ј., 1952, 57.

[164] Микулчиќ И., 1982, 66-68. Имено поради неочекувана средба со диви шумски сверови тимот се повлече од локалитетот без да го доврши премерот на утврдувањето. Полигонскиот влак не беше затворен а публикуваната планиметрија не соодветствува со реалната состојба на теренот.

[165] Микулчиќ И., 1982, 68.

[166] Микулчиќ И., 1982, 68.

[167] Trifunoski J. F., 1977,

[168] † Јовчевска Т., Лилчиќ Адамс В., Милошевски В., Ширтовски И., Китановски А., Античкиот храм на Лисец, село Дреново, општина Чашка, во печат

[169] Микулчиќ И., 1999, 226; Mikulčić I., 2002, 145-146.

[170] Ангеловски Б., Спасова Д, Станчевски И., Денковски К., Дрма – Бадер, Археолошки Информатор, бр. 1, Прилеп 2017, 47-52; Ангеловски Б & Спасова Д., Археолошкиот локалитет Дрма – Бадер и проблемот на убикацијата на Бедеријана, Balcanoslavica no 47, Прилеп 2018, 45-54.

[171] Сп. Dragojević-Josifovska B., 1982, 19.

[172] Трифуноски Ј., 1964, 12.

[173] Микулчиќ И., 1982, сл. 34 на стр. 74.

[174] Микулчиќ И., 1982, 73-74; Mikulčić I., 2002, 152.

[175] Mikulčić I., 2002,151-152.

[176] Микулчиќ И. 1982. 75.

[177] Лилчиќ Адамс В., 1991, 168-169.

[178] Микулчиќ И. 1981, 116; истиот, 1982, 75.

[179] Лилчиќ Адамс В., 1995, 96-98.

[180] Лилчиќ Адамс В., 2011, сл. на стр. 93.

[181] Evans A., 1885, 95.

[182] Трифуноски Ј., 1964, 103.

[183] Лилчиќ-Адамс В., 1978, 227-234.

[184] Микулчиќ И., 1982, 76-78; Mikulčić I., 2002, 165-166.

[185] Толевски И., 2004/1, 68-79; Толевски И., 2004/2, 57-65.

[186] Лилчиќ Адамс В., 1978, 231.

[187] Толевски И., 2004/2, 57-65.

[188] Толевски И., 2004/1, 68-79.

[189] Трифуноски Ј., 1950.

[190] Види: Лилчиќ-Адамс В., 2012 со цитирана постара лит.

[191] Mikulčić I, 2002, 166-168, Abb. 58.

[192] На Листот Скопје /Ј бр 13 размер 1:2500, на Геодетска управа на Р.М. Скопје, од 1961, просторот северно од ридот и ј/з е Подградишта, додека на топографска карта за Грчец изработена од страна на Воено-географскиот институт Белград во размерот 1:25.000, на истиот рид стои топонимот Манастириште.

[193] Микулчиќ И., 1982, 79-80; Mikulčić I., 2002, 170, no. 38.

[194] Лилчиќ В., 2002, 614-617; истиот, 2011, 39-40.

[195] Микулчиќ И., 1982, 71-72, план сл. 32.

[196] Утврдувањето го истражував со И. Станчевски на 13. 06. 2001 година.

[197] Микулчиќ И., 1982, 1-83.

[198] Трифуноски Ј., 1952, 75.

[199] Микулчиќ И., 1982, 146.

[200] Mikulčić I., 2002, 158.

[201] Истражувачки тим со А. Зеколи и Г. Тренкоски на 28. 05. 1987 година.

[202] Mikulčić I., 2002, 158-159.

[203] Трифуноски Ј., 1958, 168.

[204] Микулчиќ И., 1982, 83-86; Mikulčić I., 2002, 161-163.

[205] Микулчиќ И., 1982, 86.

[206] Микулчиќ И., 1982, 88 ф.н. 16.

[207] Грбиќ М., 1954, 118.

[208] Трифуноски Ј., 1955, 228-229.

[209] Микулчиќ И., 1982, 86-88.

[210] Микулчиќ И., 1982, 88.

[211] Трифуноски Ј., 1958, 178.

[212] Трифуноски Ј., 1958, 181.

[213] Микулчиќ И., 1982, 89-90

[214] Трифуноски Ј., 1955, 508.

[215] Evans A. 1885, 94.

[216] Микулчиќ И., 1982, 48-53, 129-133; Микулчиќ И., 1999, 382, сл. 263; Микулчиќ И., 1996, 284-290; Mikulčić I., 2002, 190-195.

[217] Микулчиќ И., 1982, 48.

[218] Микулчиќ И., 1999, 382.

[219] Mikulčić I., 2002, 58.

[220] Mikulčić I., 2002, 192.

[221] Микулчиќ И., 1999, 382.

[222] Чаусидис Н., 1989, 192-195.

[223] Mikulčić I., 2002, 171.

[224] Локалитетот го истражувале и документирале професорите д-р В. Л. Адамс и д-р А. Јакимовски на 10. 10. 2005 г.

[225] Чаусидис Н., 1989, 191-193, планиметрија на Т. V стр. 194.

[226] Лилчиќ Адамс В., 2012, 82, ф.н. 53.

[227] Evans A. 1885, 142-143.

[228] Трифуноски Ј., 1964, 80.

[229] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1930, 23, 401.

[230] Томоски Т., 1999, 232-233, 244. На стр. 249 од истотиот труд, Т. Томоски приложува и вертикален план, но само на полуостровот околу кој кружи Пчиња и западниот дел од акрополата на кастелот-средновековен град.

[231] Микулчиќ И., 91-92, 133-135, план после стр. 136; Mikulčić I., 2002, 171.

[232] Резултатите се публикувани кај: Толевски И., 2016, 1-289.

[233] Античкиот пат ја следел долината на Пчиња, односно водел покрај речното корито, така што го заобиколувал полуостровот и преку него се искачувал западниот приод кон градот. На ридестиот полуостров биле оформени два христијански култни објекти. Споменатата ранохристијанска црквичка на карпестото плато на врвот. И еднокорабна средновековна црква посветена на Свети Никола, со некропола во 1310 година, што ја изградил кралот Милутин. За жал во текот на нашите истражувања востановивме дека непознати сторители тешко го оштетиле источниот дел на црквата ископувајќи го целиот длабоко во здравицата. Воедно востановивме и илегални ископувања од голем размер и на просторот на североисточната градска некропола отспротива магистралниот пат.

[234] Микулчиќ И., 1982, 92.

[235] Томоски Т., 1999, 233.

[236] Микулчиќ И., 1982, 92; Лилчиќ В.А., 1994, 115, опција а).

[237] Трифуноски Ј., 1971, 91.

[238] Чаусидис Н., 1989, 183-188.

[239] Згуровце.Чаусидис Н., 1989.

[240] Evans A., 1885, 98.

[241] Трифуноски Ј., 1958, 122.

[242] Микулчиќ И., 1982, 92-95.

[243] Лилчиќ Адамс В., Теснецот Матка, МАА бр. 3, Скопје 1997, 46-59, 67.

[244] Лилчиќ В.&Милошевски В. Доцноантички монети од Големa Пешт, Матка, Македонско Наследство 3, Скопје 1997, 81-96.

[245] Види кај Лилчиќ-Адамс В., 1995.

[246] За Бојко види поопширно В. Лилчиќ, 1995, 57-60, со наведена литература.

[247] Сп. Лилчиќ В., 1995, 53, 56.

[248] Сп. Лилчиќ В., 1995, 33-34.

[249] Сп. Лилчиќ В., 1995, 63.

[250] Трифуноски Ј., 1971, 17.

[251] Трифуноски Ј., 1971, 76.

[252] Mikulčić I., 2002, 176-177.

[253] Mikulčić I., 2002, 176.

[254] Трифуноски Ј., 1964, 107.

[255] Трифуноски Ј., 1958, 159.

[256] Во 2003 г,со Д. Донев, Е. Скулмен и Славко Мрѓа од Морани, и на двапати во 2008 г.со Ј. Маневска Лилчиќ, П. Кузмановски и Ж. Кузмановска.

[257] Единствени истражувачи на кастелот беа: Микулчиќ И., 1982, 100-102: Mikulcic I., 2002, 467-468; Лилчиќ В., 1996, 63, 64, 66.

[258] Микулчиќ И., 1982, 100.

[259] Трифуноски Ј., 1964, 62. Локалитетот го посетив два пати. Првиот пат, во 1996 година, со колегата И. Станчевски, ја затекнавме во солидна состојба без никакви траги на илегални ископи. Меѓутоа во текот на втората посета во 2017 година затекнавме страотна состојба. Непознат сторител со тешка механизација го срамнил акрополниот дел до стерилната здравица, при што како изгледа според бронзените делови од ранохристијански црковен полиелеј, комплетно е уништена ранохристијанска црква.

[260] Evans A., 1885, 82.

[261] Hahn J. G. von, 1868, 156.

[262] Како што и самиот запишал: „*Од силата на овие забелешки на фон Хан, и оваа впечатлива сличноста на имињата, јас си ја наметнав оваа специјална задача да ги истражувам Бадер, Таор, и околниот регион.*“ Evans A., 1885, 142.

[263] Evans A., 1885, 145.

[264] Види: Баришиќ Ф., 1963, 127-140.

[265] Трифуноски Ј., 1964, 105.

[266] Томоски Т., 1967, 233-239.

[267] Микулчиќ И., 1977, 93-106, сл. 1-3, сл. 5-12; Микулчиќ И., 1982, 103-106; Mikulčić I., 2002, 187-189.

[268] Ристов К., 2006; истиот, 2012, 6-8.

[269] Милошевски В., Каталог во: К. Ристов, 2012, 25-36.

[270] Ристов К., 2012, 6.

[271] Mikulčić I., 2002, 188, Абб. 80.

[272] Ристов К., 2012, 11, сл. 12.

[273] Лилчиќ Адамс В., 2011, 71, ф.н. 87.

[274] Mikulcic I., 2002, 469.

[275] Mikulčić I., 2002, 189-190.

[276] Трифуноски Ј., 1958, 183.

[277] Микулчиќ И., 1982, 107, со инвертно свртена карта по хоризонтала на сл. 60.

[278] На 28. Март 2008 г, со Адис Назифи археолог, и со Бесим Рамадани од Радуша и Исмет Алимовски од Малчиште во својство водич на тимот.

[279] (Петров Г), Материали по проучувањето на Македония.

[280] Evans A. 1885.

[281] Види кај Басотова М., 1998, 78-82.

[282] Микулчиќ И., 1982, 107-116.

[283] Лилчиќ-Адамс В., 1998, 22-43; Лилчиќ-Адамс В., Иван Станчевски, Сања Ивановска, Александра Николоска, 2000, 14-43; Лилчиќ-Адамс В., 2000, 30-40.

[284] Митревски Д., 2016; Lilchikj Adams V., Shirtovski I., Atanasovski V., Simonovski V., Adzievski F., 2016., 26-28.

[285] Станчевски И., 2000, 78-89.

[286] Лилчиќ Адамс В., 2002, 734-738.

[287] Лилчиќ-Адамс В., 2001, 287 бр 4, 289, 294 сл 4.

[288] Entwistle C., 1994, 88, no. 84, со цитирана литература.

[289] Лилчиќ-Адамс В., 1992, 204, 212 сл. 20-21.

[290] Манева Е., 2001, 41-55.

[291] Басотова М., 1998, 78-82.

[292] Станчевски И., 2000, 78-89.

[293] Микулчиќ И., 1982, 107, ф.н. 37; Mikulčić, 2002, 57 f.n. 97, 153-158.

[294] Бошкоски М., 2009, 44, ф.н. 58.

[295] Лилчиќ-Адамс В., 1995, 58.

[296] Микулчиќ И., 1982, 71-73; Mikulčić I., 2002, 146-148.

[297] Лилчиќ В. & Станчевски И., 1990, 113-116; Лилчиќ В., 1995, 37-39.

[298] Новак В., 1925.

[299] Кодер Ј., 2011, 95-97.

[300] Кодер Ј., 2011, 95.

[301] Berisha M., 2012, 88.

[302] Микулчиќ И., 1982, 66-68.

[303] Микулчиќ И., 1982, 83-86.

[304] Например во споредбата со градот Јустинијана Втора (Улпијана над 30 хектари). Види ја споредбената табела кај Лилчиќ Адамс В., 2001.

[305] Лилчиќ Адамс В., 2001.

[306] Corpus Juris Civ. III, Novellae, според Novak G., 1925, 190.

[307] Види кај В. Лилчиќ, 2001.

[308] Лилчиќ Адамс В., 2001, 14 фн 7.

[309] Братож Р., 2000.

[310] Novak G, 1925, 189-204.

[311] Marcellini V C. Comitis Chronicon ed. cit. 1. c., сп. Ј. Новак, 1925, 195, 197.

[312] Сп. Novak G., 1925, 198.

[313] Novak G., 1925, 200-201.

[314] Сп. Novak G., 1925, 199.

[315] Novak G., 1925, 199, ф.н. 4-7.

[316] Микулчиќ И., 1981, 97-124.

[317] Лилчиќ-Адамс В., 2002, 611-668.

[318] Микулчиќ И. 1999; Mikulčić I., 2002.

[319] Hahn J. G. von, 1868; Evans A. 1885; (Петров Г), 1896.

[320] Хаџи Васиљевиќ Ј., 1930.

[321] Вулиќ Н., 1931, 1933, 1941-48.

[322] Делата се наведени во користената библиографија на крајот од текстот.

[323] Микулчиќ И., 1982; истиот, 1999; истиот, 2002; и во повеќе статии.

[324] Милошевски В. & Лилчиќ Г, 2017, 424, 440, бр. 1.

[325] Ончевска Тодоровска М., 2017, 245-319.

[326] Толевски И., 2017, 321-365.

[327] Види забелешка 116.

[328] Види Лилчиќ В., 2002, 647, 666-667. Спореди и кај Митревски Д., 2015; Митревски Д., 2016.

КРАТЕНКИ

ГЗФФСк Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје

MAA Macedonia Acta Archaeologica, зборник трудови на Македонското археолошко научно друштво

МН Македонско Наследство, Скопје

FAB Folia Archaeologica Balcanica, Faculty of Philosophy Skopje

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Ангеловски Б., Спасова Д, Станчевски И., Денковски К. 2017. Дрма – Бадер, Археолошки Информатор, бр. 1, Прилеп 2017, 47-52.

Ангеловски Б & Спасова Д. 2018. Археолошкиот локалитет Дрма – Бадер и проблемот на убикацијата на Бедеријана, Balcanoslavica no 47, Прилеп 2018, 45-54.

Баришић Ф., 1963 Досадашњи покушаји убикације града Justiniana Prima, Зборник Филозофског факултета, Београдски Универзитет, књ. VII-1, Београд 1963, 127-140.

Басотова М., 1998. Давина Кула Чучер, латински натписи, МН бр. 8, Скопје 1998, 78-82.

Berisha M., 2012. Archaeological Guide of Kosovo, Prishtine, Kosovo Archaeological Institute and Ministry of Culture, 2012.

Битракова Грозданова В., 1999. Дионис Таурос од Скопје, во: Религија и уметност во антиката во Македонија, Македонска Цивилизација, Скопје 1999, 100-121.

Бошкоски М., 2009. Скопје и Скопската област од VI до крајот на XIV век, ИНИ, Скопје 2009.

Вулић Н., 1931. Антички споменици наше земље, САН, Споменик 71, Београд 1931.

Вулић Н., 1933. Антички споменици наше земље, САН, Споменик 75, Београд 1933.

Вулић Н., 1941-48. Антички споменици наше земље, САН, Споменик 98, Београд 1941-1948.

Вулић Н., 1961. Римско позориште код Скопља, Посебно издање САНУ књ. 39, Београд 1961, 3-23, сл. 1-56.

Гаревски Р. и Малез М., 1994. Развојот на релјефот во квартерот, во: Археолошка карта на Република Македонија, Том I, Скопје 1994, 14-21.

Георгиев З., 1990/1991. Три предримски населби крај Пчиња, Годишен зборник на Филозофски факултет, бр. 17-18, Скопје 1990/1991, 91-103, планови I-III, сл. 1-7.

Георгиев З., 1996. 1996 - Раноантички стратешки бунари - кули во Бразда кај Скопје и Кнежје кај Св. Николе, КН 19-20-21 / 1992-93-94, Скопје 1996, 7-32.

Dragojević-Josifovska B., 1982. Inscriptions de la Mésie Supérieure, Vol. VI, Scupi et la région de Kumanovo, Beograd 1982.

Грбић М., 1954. Археолошки наоѓалишта во Македонија, Гласник на музејското конзерваторско друштво на НРМ, кн 1-4, Скопје 1954.

(Петров Г), 1896. Материали по изучването на Македония, София, 1896.

Entwistle C., 1994. In: Byzantium, Treasures of Byzantine Art and Culture from British Collections, ed. by D. Buckton, London 1994.

Evans A. 1885. Antiquarian Researches in Illyricum, Part IV: Scupi, Skopia and the Birthplace of Justinian, Archaeologia Vol. 49, 1, London 1885, 79-167.

Јакимовски А. и соработници 2017. Римски театар Скупи, Музеј на град Скопје, Скопје 2017, 1-487.

Јованова Л., 1992. Скупи, западна некропола 1990, МАА бр. 13, Скопје 1992, 121-125.

Jovanova L., 2002. The disposition of Scupi (Colonia Flavia Scupinorum) in relation to the necropolises from 1st – 3rd centuries, in The Roman and Late Roman City, Sofia 2002, 318-321.

Jovanova L., 2002/2. Colonia Flavia Scupinorum – Western necropolis, grave forms and rituals, Histria Antiqua, vol. 8, Pula 2002, 193-207.

Jovanova L., 2006. Colonia Flavia Scupinorum: Topography, disposition and structure of the city and its necropolises from the first to the third centuries AD, in: Homage to Milutin Garašanin, SASA Special Editions, Belgrade 2006, 617-638.

Jovanova L., 2012. Colonia Flavia Scupinorum – Градот на мртвите покрај градот на живите, Културен Живот бр. 3-4, Скопје 2012, 56-77.

Јованова Л., 2015. Скупи – некрополи, Inventaria Archaeologica, Том II, Каламус, Скопје 2015, 1-322.

Jovanova L., 2016. Colonia Flavia Scupinorum – The World of the Dead (The 2nd International Symposium of Archaeology MORTUI VIVOS DOCENT, Strumica, 03-06 nov. 2011), Strumica 2016 (under construction).

Јованова Л. & Ончевска Тодоровска М. 2018. Скупи сектор југоисточен бедем и комплекс терма – базилика со атриум, Музеј на град Скопје, Скопје 2018, 1-492.

† **Јовчевска Т**., Лилчиќ Адамс В., Милошевски В., Ширтовски И., Китановски А., Античкиот храм на Лисец, село Дреново, општина Чашка, подготвено за печат.

Кодер Ј., 2011. Византијски свет, Београд 2011.

Корачевиќ Д., 2002. Скупи, градска територија, Скопје 2002.

Крстиќ В., Ђорђевиќ А., 2012. Кале - Кршевица 2001-2011: Каталог налаза, 58-104, и литература 105-107.

Лилчиќ-Адамс В., 1978. Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези Скопско, МАА, No 4, Скопје 1978, 227-234.

Лилчиќ В. & Станчевски И., 1990, Нови монетни наоди од неколку доцноантички градишта во Скопско, Гласник на Институт за национална историја, XXXIV 1-2, Скопје 1990, 113-132.

Лилчиќ-Адамс В., 1991. Нови наоди од доцноантичките крајпатни кастели кај Рогле Свиларе, Сопот (ad Cephalon) и Фариш, Историја 1988/89/XXVI-XXV/бр. 1-4, Скопје 1991, 145-154, + T. I-XII.

Лилчиќ-Адамс В., 1992. Прилог кон античкиот клуч, МАА бр. 13, Скопје 1992, 201-212.

Лилчиќ-Адамс В., 1994. Античка патна мрежа, во: Археолошка карта на Република Македонија, МАНУ, Том I, Скопје 1994, 112-118.

Лилчиќ-Адамс В., 1995. Матка низ вековите, Скопје 1995, 1-153, сл. 1-64.

Лилчиќ-Адамс В., 1996. Источната ѕвезда на цивилизацијата, МН бр. 1, Скопје 1996.

Лилчиќ Адамс В., 1997. Теснецот Матка, МН бр. 3, Скопје 1997, 46-59, 67.

Лилчиќ В.&Милошевски В., 1997. Доцноантички монети од Голема Пешт, Матка, МН 3, Скопје 1997, 81-96.

Лилчиќ-Адамс В., 1998. Давина Кула, пролегомена кон хронологијата, МН бр 8, Скопје 1998, 22-43.

Лилчиќ-Адамс В., Иван Станчевски, Сања Ивановска, Александра Николоска, 2000. Давина Кула, Чучер, студентски истражувачки камп 1998, 1999, МН бр 12, Скопје 2000, 14-43.

Лилчиќ-Адамс В., 2000. Давина Кула, Чучер, 2000, археолошки ископувања на Базилика1, МН бр 15, Скопје 2000, 30-40.

Лилчиќ-Адамс В., 2001. Ексагија солиди, Зборник Vetustatus Vestigatio на Александрина Цермановиќ - Кузмановиќ, Универзитет у Београду, Филозофски факултет књ. 20, Београд 2001, 287, Т. I/4.

Лилчиќ-Адамс В., 2001/2. Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, том I, Скопје 2001.

Лилчиќ-Адамс В., 2002. Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот, том II, Скопје 2002

Лилчиќ-Адамс В., 2003. Ранохристијанска црква, Скопје 2003.

Лилчиќ-Адамс В., 2004. Рановизантијски кастели и градиќи на северу Скопско-кумановског региона, Ниш и Византија том II, Ниш 2004, 180-181.

Лилчиќ-Адамс В. & Ширтовски И. & Атанасов В. & Симоновски В. & Ациевски Ф., 2016. Античкото кралство Македонија и Република Македонија, Скопје 2016.

Лилчиќ-Адамс В., 2011. Ранохристијански базилики околу Матка, во: Матка културно наследство, Скопје 2011, 34-41.

Лилчиќ-Адамс В., 2012. Археологијата на општината Ѓорче Петров, северни корени на древната македонска цивилизација, во: Студии за општина Ѓорче Петров, Скопје 2012.

Lilchikj Adams V., Shirtovski I., Atanasovski V., Simonovski V., Adzievski F., 2016. Ancient Kingdom of Macedonia and the Republic of Macedonia, Cultural Heritage Protection Office, Skopje 2016, 1-86.

Манева Е., 2001. Словенски, паганси амулет од Давина, Македонско Наследство бр. 15, Скопје 2001, 41-55.

Микулчиќ Г., 1990. Кантароси и скифоси од гробницата во Бразда, МАА 11, Скопје 1990, 93-101

Микулчиќ И., 1971. Кон проблемот на предримското население во Скопската котлина, Историја год. VII-2, Скопје 1971, 166-173.

Mikulčić I., 1971/2. Skupi – istočna nekropola, 1971, A.P. br. 13, Beograd 1971, 43-45.

Микулчиќ И., 1973. За местоположбата на античкото Скопје, Историја год. X-2, Скопје 1973, 262-272.

Микулчиќ И., 1974. Доцноримски гробови од Скупи, ГЗФФ кн 26, Скопје 1974, 109-143, сл. 1-78.

Микулчиќ И., 1975. Раноримски скелетни гробови из Скупа, Старинар Н. С., Књ. XXIV-XXV, 1973-74, Београд 1975, 89-102, Т. I-XII.

Микулчиќ И., 1975/2. Римски ламби од Скупи, 1970, ГЗФФ, кн 27, Скопје 1975, 127-151.

Mikulčić I., 1976. Antičko staklo iz Skupi-a I ostali makedonski nalazi, Arheološki Vestnik SAZU, XXV, Ljubljana 1976, 191-210.

Микулчиќ И., 1979. Неилирски елементи меѓу скупским налазима на прелазу из предримског у римско доба, во зборникот: Сахрањивање код Илира, Научни скупови САНУ, књ. VIII, Београд 1979, 245-258, Т. I-V.

Микулчиќ И., 1981. Траги на ранохристијански базилики околу Скопје, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 33, Скопје 1981, 97-124.

Микулчиќ И., 1982. Старо Скопје со околните тврдини, Скопје 1982, 107-116.

Микулчиќ И. & Соколовска В., 1990. Гробницата во Бразда кај Скопје, МАА 11, Скопје 1990, 79-91.

Микулчиќ И., 1999. Антички градови во Македонија, Макропроект „Историја на културата на Македонија“, кн. 8, МАНУ, Скопје 1999, 1-455, слики 1-282, карти 1-2.

Микулчиќ И., 1996. Средновековни градови во Македонија, Скопје 1996.

Mikulčić I., 2002. Spätantike und frühbyzantinische befestigungen in NordMakedonien, München 2002, 1-508.

Митревски Д., 2015. Скопско Кале, кн. 1, Од Праисторија до раната антика, Менора, Скопје 2015, 1-213, Т. I-CVII.

Митревски Д., 2016. Скопската тврдина Кале од праисторија до раната антика, ПНВ публикации, Скопје 2016, 1-175, планови 1-13, табли. I-CVII.

Митревски Д., 2017. Гробовите од железното време под римскиот театар во Скупи, во: Римскиот театар Скупи, Скопје 2017, 147-157.

Novak G., 1925. Justinijana Prima – Skoplje?, Скопље и јужна Србија, Скопје 1925.

Ончевска Тодоровска М., 2004. Доцноантичка грнчарија од Скупи (втора половина на IV-VI век), Скопје 2004, 1-1-191.

Ончевска Тодоровска М., 2004/2. Остава на монети од Скупи, Македонско Наследство 23, Скопје 2004, 29-42.

Ончевска Тодоровска М., 2009. Thermal facility in Scupi, NI institute for protection of the mmonuments of culture and Museum – Strumica, Symposium “Water, Life and Pleasure” 2008, Strumica 2009, 75-84.

Ончевска Тодоровска М., 2009/2. The Great Early Christian Basilica in Scupi and Early Christianity, Macedonian Heritage 34-35, Skopje 2009, 103-112.

Ончевска Тодоровска М., 2011. Новата голема базилика од Скупи, МАА 20, Скопје 2011, 365-379.

Ончевска Тодоровска М., 2012. The Statue of Venus Pudica from Scupi, FAB II, Skopje 2012, 347-358.

Ончевска Тодоровска М., 2017. , Доцноантичка населба на просторот од римскиот театар во Скупи, во: Римски театар Скупи, Музеј на град Скопје, Скопје 2017, 245-319.

Папазоглу Ф., 1957. Македонски градови у предримско доба, Скопље 1957, 1-377.

Papazoglu F., 1969. Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba, Sarajevo 1969, 1-497.

Papazoglou F. 1988. Les villes macédoine a l’époque romaine, École Française d’Athènes, Paris 1988, 1-528.

Петровиќ В. П., 2007. Дарданија у римским итинерерима, градови и насеља, Београд 2007, 1-158.

Поповиќ П., 2012. Кале - Кршевица 2001-2011: Централни Балкан између Грчког и Келтског света, Београд 2012, 10-51.

Проева Н., 1994. Римски период, во: Археолошка карта на Република Македонија, Том I, МАНУ, Скопје 1994, 119-126.

Радојчиќ Н, 2012. Кале - Кршевица 2001-2011: Ископавања у Кршевици и заштитни радови на локалитету, Београд 2012, 52-57.

Rendić-Miočević D., 1981. Scupi, istraživanja rimskog teatra 1959-1961 god., Antički teatar Jugoslavije, Novi Sad 1981, 41-51.

Resco P. A., 2013. The Sacred Pool of Bylazora, in: The Bylazora excavations 2008-2012, Vol I, Canyon Lake 2013, 51-54.

Ристов К., 2006. Таор, прелиминарен извештај од истражувањата 2000-2004 година, Macedoniae Acta Archaeologica, бр. 17, Скопје 2006.

Ристов К., 2012. Таор,Tauresium, монети од археолошки истражувања / coins from archaeological excavations, Скопје 2012, 1-47.

Соколовска В. – Пашиќ Р., 1975. Еден гроб од Ждинец, Зборник (1967-1974), кн VI-VII, посветен на Димче Коцо, Археолошки музеј на Македонија, Скопје 1975, 231-244.

Соколовска В., 1987-1989. Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, Macedonia Acta Archaeologica 11, Скопје 1987-1989, 9-34.

Соколовска В., 2003. Дарданци у предримско доба, Новопазарски зборник 27, Нови Пазар 2003, 27-47.

Спасовска Димитриоска Г., 1992. Заштитно ископување на римската некропола на ул. Партизанска, Скопје, МАА бр. 12, Скопје 1992, 221-245.

Станчевски И., 2000. Циркулација на монетите на Давина Кула, Чучер, според досегашните истражувања, МН бр. 12, Скопје 2000, 78-89.

Стојановски А., 1974. Дервенциството во Македонија, Скопје 1974, 1-357, карта.

Толевски И. 2004/1. Северозападната некропола на доцноантичката тврдина Градиште, Горно Нерези, Македонско Наследство бр. 22, Скопје 2004, 68-79

Толевски И., 2004/2. Доцноантичка гробна тегула коринтски тип од Горно Нерези, Македонско Наследство бр. 23, Скопје 2004, 57-65.

Толевски И., 2013. Географија на Република Македонија, во: Милениумски факти Том 1, Скопје 2013, 1-42.

Толевски И., 2016. Кастелото над реката Пчиња, изд. Магор, Скопје 2016, 1-289.

Толевски И., 2017, Средновековна населба подигната врз урнатините на римскиот театар во Скупи, во: Римски театар Скупи, Музеј на град Скопје, Скопје 2017, 321-365.

Томоски Т., 1967. Таорско Градиште, Жива Антика год. XVII, Скопје 1967, 233-239.

Томоски Т., 1978. Овче Поле во средниот век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 4 (30), Скопје 1978, 243-265.

Томоски Т., 1999. Таорско Градиште (Taurisium – Bederiana – Justiniana Prima), во: Македонија низ вековите, Скопје 1999, 29-35.

Трифуноски Ј., 1950. Качаничка Клисура, Српски етнографски зборник књ. LX, Насеља и порекло становништва књ. 32, Београд 1950, 30-559, регистар 561-579, карта: Гиго Милески.

Трифуноски Ј., 1951. Кумановско – Прешевска Црна Гора, Српски етнографски зборник књ. LXII, Насеља и порекло становништва књ. 33, Београд 1951, I-VI (содржина), 1-237, Т. I-IV, карта.

Трифуноски Ј., 1952. Поречието на Кадина Река, Филозофски факултет на Универзитет Скопје, посебно издание кн. 3, Скопје 1952, 1-112, Т. I-IV, карта Г. Милески.

Трифуноски Ј., 1954. Скопски Дервен, Српски етнографски зборник књ. LXVII, Насеља и порекло становништва књ. 34, Београд 1954, VIII-XI (содржина), 1-461, Т. I-VI, карта: Гиго Милески.

Трифуноски Ј., 1955. Скопско Поље, Српски етнографски зборник књ. LXIX, Београд 1955, I-IV садржај, 341-566, Т. I-XIV, карта.

Трифуноски Ј., 1955/2. Старе тврђаве у сливу Маркове Реке, Старинар Н.С., књ. 3-4, Београд 1955, 227-229.

Трифуноски Ј., 1958. Слив Маркове Реке, Филозофски факултет на Универзитет Скопје, посебно издание кн. 7, Скопје 1958, 204, Т. I-VII, карта Г. Милески.

Трифуноски Ј., 1964. Сеоска насеља Скопске Котлине, пети део, Скопје 1964, 1-124.

Трифуноски Ј., 1971. Скопска Црна Гора, Скопје 1971, 1-123.

Trifunoski J. F., 1977. Oblast Babune i Topolke, Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena, knj 47, Jugoslavenska Akademija znanosti i umjetnosti, Zagreb 1977, 127-290, karta.

Хаџи Васиљевић Ј., 1930. Скопље и његова околина, Београд 1930, 1-609.

Hahn J. G. von, 1868. Reise von Belgrad nach Salonik, Wien 1868.

Чаусидис Н., 1989. Новооткриени доцноантички тврдини на Скопска Црна Гора, Macedonia Acta Archaeologica бр. 10, (1985-1986), Скопје 1989, 183-188.

3

Елица Манева

СКОПЈЕ И СКОПСКО ВО СРЕДНИОТ ВЕК

АРХЕОЛОШКАТА ОСТАВИНА – СВЕДОШТВО ЗА МАТЕРИЈАЛНАТА КУЛТУРА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН VI-XIV ВЕК

КРАХ НА АНТИКАТА – РАЃАЊЕ НА СРЕДНОВЕКОВИЕТО

Просторот на Скопскиот регион со векови бил во составот на моќната Римска Империја. Во него се отсликани сите подеми и падови што и се случувале на оваа долговечна и силна античка држава.

Во периодот од IV-VI н.е. настанува повеќевековниот, драматичен транзициски процес во кој од истрошениот антички систем се изродила епохата на средновековието. Реформите што многу надарени, римски императори ги преземале за спас и продолжување на животот на Империјата се преобразиле во смерници за коренити, медиевални промени.

Трите наведени века со испреплетените политички, воени, економски и духовни собитија, истовремено се време и на *доцната антика*, и на *раното христијанство,* како и на т.н. *Голема преселба на народите*, за крајот на V и VI век, со право да се нарече *рановизантиски период.*

Огромните простори со Средоземното Море како ѕрбет на Римската Империја кои биле резултат на офанзивната моќ на оваа држава, веќе се престориле во причина повеќе за нејзината немоќ и исцрпувачка дефанзивност. Згора на тоа, оваа огромна територија требало да се контролира и управува од еден центар, од градот Рим. Тоа, само по себе била своевидна управно-правна и административна кочница.

Војните станувале сè помногубројни, било со надворешните непријатели и растечките варварски наезди, било заради внатрешните немири. Граѓанските борби за превласт станале вообичаено секојдневие. Таквата атмосфера резултирала со урнисување на стопанството коешто во голема мера почивало на робовскиот труд и немотивираност на неговите основни чинители. Дензаден страдале и селата, и градовите, и земјоделието, и занаетите, и трговијата, и војската, а со тоа и одбранбената моќ на државата.

Опаѓањето на бројот на население со репродуктивно, работно и воено- способни жители, римските императори почнувајќи уште од крајот на III век и потоа, во континуитет до доцната антика, сè повеќе ги присилувало да се потпираат на популации коишто ги населувале на опустените територии. Од нивните редови, како и од свежите, демографски ресурси на воинствените племиња надвор од границите на Империјата се формирале и платеничките одреди на империјалната војска. Се внесувале и различни форми на институцијата наречена „федерати“ или „сојузници“ која служела за пополнување на бројот на воените и даночни обврзници.

СЛ. 1
ДИОКЛЕЦИЈАН
(284-305)
АВЕРС И РЕВЕРС

Подоцна, слична практика ползувала и Византија со т.н. „стратиоти“.

Оставајќи ги на страна етничките, воените, социјалните и културни превирања, како резултат на овие политики, платениците како замена за далеку полојалните, автохтони војски, дополнително, материјално ја исцрпувале државната каса. На тоа се надовр-зувале и давачките, еден вид данок, надомест или форма на „помош“ која се „дарувала“ на племенските



КАРТА I

САТЕЛИТСКА СНИМКА И КАРТА НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИТЕ ВО СКОПЈЕ И СКОПСКО

СЛ. 2
КОНСТАНТИН ВЕЛИКИ
(305-324-337)
АВЕРС И РЕВЕРС

водачи за да се зачува достоинството и самопочитта, но, првенствено за да ги спречат нивните воинствени и во основа, ограбувачки походи во покраините на Империјата.

Како последица на сите наведени премрежја следеле и инфлациите и хиперинфлациите со дотогаш невидени размери. Тие јасно се детектирани и со археолошките ископувања и на нашите простори, особено во IV век.

Монетарните реформи привремено ги запирале овие процеси, но, сепак, во раното средновековие се актуализирало и натуралното стопанство како замена за стоковно-паричната размена. Тоа е уште еден феномен својствен на средновековниот, рурален, а не на античкиот систем. И оваа појава е посведочена во скопскиот регион во последните децении на VI век.

Уште од крајот на III век, императорот Диоклецијан (284-305) ја согледал сериозноста на агонијата во која западнала Римската Империја и извршил серија реформи со кои успеал донекаде да отстрани одделни недостатоци и за подолг период да го продолжи животот на државата. Но, цената на тоа во голема мера значела и медиевација на општествениот систем – процес кој се чинел неминовен. **Сл. 1**

Тој извршил темелна, административна реформа со која ја означил *тетрархијата*. Тој ја вовел и семејната хиерархија како почеток на наследната монархија. Ја поделил територијата на четири дела – префектури и дванаесет диецези, додека бројот на иситнетите провинции изнесувале сто и една, со што поефикасно се контролирала управната и воената власт во нив. Притоа, тој им дал предност на источните покраини, како прекогницио за виталноста на овој дел од Империјата, бирајќи ја и Никомедија за свое пребивалиште. Диоклецијан не бил веќе *princeps – прв*, тој владеел како *dominus – господар* облечен во пурпур, пред кого поданиците се поклонувале со чинот на „проскинеза“ – на колена. Со тоа на повидок е средновековното, апсолутистичко, монархистичко владеење. Тој се дивинизирал и постанува *Sol Invicti – Непобедливото Сонце*.

Обидувајќи се да ја спречи инфлацијата направил монетарни реформи, издал заканувачки едикти, но почнал делумно и да ги воведува натуралните надоместоци, пред сè за администрацијата и војската која ја снабдувал со храна и облека за извршените работи.

Диоклецијан јасно ја воочил и потенцијалната опасност од надворешните, варварски продори и презел значајни, градежни зафати за зацврстување, како на граничните тврдини, така и на укрепените градови во внатрешноста.

Во целата какофонија на оваа гибелна криза, Диоклецијан не се обрнал на пропаѓањето на античкиот религиозен и духовен живот. Напротив, со жестоките прогони на христијанските верници се обидел насилно да го сопре пасивниот и огорчен отпор на населението кое сè помасовно ги напуштало старите верувања и политеизмот. Спасот од безизлезноста на сите општествени состојби сè повеќе се барал и наоѓал во новото монотеистичко учење за Спасителот Исус Христос, во религијата која нудела воскресение и вечен живот за праведните, без оглед на нивниот општествен статус, економска моќ, етничката или полова припадност.

Константин Велики (305-324-337) **Сл. 2** како еден од следните владетели и реформатори на античкото општество набрзо го согледал потенцијалот на христијанските верници и нивното значење за опстанок на државата, макар што уште во 311 година бил издаден *Галериевиот едикт* за право на христијаните на вероисповест и слободно обновување на нивните храмови. Како епска метафора, пророчкиот сон на Константин Велики што го сонил на Мулвискиот мост со кој била објавена неговата победа во претстојната битка со помош на христијанските симболи, доведува до озваничувањето на оваа религија со Миланскиот едикт во 313 година. Со тоа христијанството влегува низ големата врата во животот на доцноантичкиот свет. Конечно во времето на Теодосиј I Велики (379-395) оваа религија постанала единствена и онаа која потоа, ќе нема толеранција за другите верувања. Тоа доведувало и до соодветни реперкусии во севкупниот светоглед на античкото

живеење кое за разлика од претходните периоди може да се нарече и време на христијанската антика.

На нашите простори, христијанството постанува доминантна религиозна и духовна нишка во текот на целото средновековие сè до доаѓањето на Османлиите кон крајот на XIV и на помасовно присуство на Евреите Сефарди од Шпанија и Португалија кон крајот на XV век.

Константин Велики оди чекор понапред и во монетарните реформи. Со отфрлањето на римскиот *aureus* и воведувањето на златниот *solidus* и со другите, соодветни, парични измени тој се смета и за основоположник на средновековната нумизматика.

Големата политичка зрелост на Константин и почитувањето на веќе воспоставената практика на доселување на странски популации во депопулизираните подрачја на Царството, на негова иницијатива се случува во 334 година кога голем број (300.000!) Сармати – воини заедно со нивните семејства биле населени во Скитија, Тракија, Италија и Македонија.

Основањето на Константинопол и неговото осветување на 11 мај 330 година, значело формирање на новата долговечна, христијанска метропола – на *Kratos Romeion* или на Источното Римско царство. Византија, како денес ја нарекуваме оваа држава е изведенка од името на античкото гратче *Vizantion* (основано од Визас од Мегара) на чија територија никнал Константиновиот град. Оваа држава која повеќе од еден милениум ќе зачува и пренесе многу традиции од антиката, ќе биде значаен политички фактор на поширокиот евроазиски простор и ќе го обележи средновековниот период на нашите територии. Тоа ќе опстојува сè до конечниот пад под Османлиите во 1453 година кога на своевиден начин, напојувајќи се со други содржини, сепак, останува како најзначаен урбан центар.

Според подобието на Константинопол почнувајќи уште од IV век и во другите градски населби почнала да се менува урбанистичката слика; централните делови се пренаменувале за христијански храмови. **Сл. 3** На сметка на тоа почнал процесот во кој се напуштаат, уриваат,

СЛ. 3 ВЕНЕРА ПУДИКА, IN SITU, УРНАТИНИ НА ГОЛЕМИОТ ТЕРМАЛЕН ОБЈЕКТ (БЛИЗУ БАЗИЛИКАТА СО АТРИУМ)
(СПОРЕД М. ОНЧЕВСКА ТОДОРОВСКА)



СЛ. 4 МЕСТОПОЛОЖБА НА СКУПИ И „КАЛЕ“ – СКОПЈЕ (СПОРЕД И. МИКУЛЧИЌ)

запустуваат, пренаменуваат или преградуваат античките јавни и сакрални објекти. Изгледот на градовите се менувал заедно со религиозната содржина на градбите. **Сл. 32**

Римските владетели успевале колку-толку да ги контролираат долготрајните инвазии на варварите, пред сè на германските племиња кои удирале на северните граници на Империјата. Тоа им успевало било со војни, било со дипломатски односи или со нивно населување и инфилтрирање во економскиот и воениот систем на државата. Веќе од средината на IV век германските народи почнале сè помасовно да се покрстуваат примајќи ја аријанската ерес. Со сите тие активности, нивното сказание попримило други текови насрчувајќи се кон западниот дел на Царството и воопшто, кон просторите на Западна Европа.

Наврапитата пенетрација на азиските номади – Хуни коишто во 375 година преку *Вратата на народите* навлегле во Европа внесува големи потреси на сиот простор на Империјата. Тоа е почетокот на т.н. *Голема преселба на народите* во која се збришани многу племиња, помалите гранични државички на Царството, разместени, расселени или приклучени на нивниот племенски сојуз многу народи кои им се нашле на патот. Во тој вител, дел од словенските маси се населуваат во Панонија, северно од дунавскиот лимес. Процесот на насилна или програмирана преселба на егзогени популации продолжува и во средновековието, но со нешто помал интензитет.

Во 378 година, на бојното поле, во борбите со варварите погинува императорот Валенс. Тоа е почеток на крахот и хаосот на античката епоха. Воени одреди од распрснатите, варварски народи крстосувале по римските провинции при што страделе незаштитените имоти, селата, населбите и послабо укрепените градови, како и оние кои биле поизложени со својата местоположба на нивните сурови продори.

Во низата поделби на римското царство за поефективно функционирање, онаа од 395 година извршена од царот Теодосиј I останува конечна.

Жестоките продори на Хуните во петтата деценија на V век имале за цел да го освојат и Цариград. Меѓутоа, овие преголеми амбиции на Атила завршиле само со непоправливи штети на урбаниот живот, особено во балканските покраини вклучувајќи ги и областите на денешна Р. Македонија. Притоа, биле „уништени не помалку од 70 града во Источното римско царство“ (Микулчиќ, И. 1996, 22, n. 3).

СЛ. 5
ТЕОДОРИХ
(495-526)
АВЕРС

Западното римско царство дефинитивно пропаднало во 476 година со смртта на императорот Ромул Августул. Тоа било узурпирано од Одоакар чие потекло било германско.

Со благослов на источноримските владетели, западниот дел од Царството е даден на управување на Теодорих (493-526) – Остроготот по род, воспитаник на Константинопол и творец на Остроготска Италија со центар во Равена. **Сл. 5**

На тој начин е отстранета и големата германска опасност за Источното царство коешто за време на Анастазиј (491-518) успеало да закрепне. Монофизитист по убедување, толерантен кон аријанството на Остроготите, тој се свртува кон економските проблеми извршувајќи дури две парични реформи во 498 и во 512 година. **Сл. 6**

СЛ. 6
АНАСТАЗИЈ
(491-518)
АВЕРС И РЕВЕРС

Во времето на Анастазиј се преземени и значајни градежни зафати, особено за зацврстување на бедемите и за намалување на градските територии заради поефикасна одбрана. Оваа мерка применувана и од неговите наследници, толку потребна во тие немирни времиња, значела натамошно, сериозно менување на урбанистичката слика на античките градови воопшто, па и на нашите простори. Со оваа практика ќе се продолжи и подоцна, во време на владеењето на Јустинијан I (527-565) **Сл. 7, Сл. 7а**.

По релативно кусото владеење на неукиот цар – воин Јустин I (518-527), на власт доаѓа неговиот сестрано образован, амбициозен и контроверзен внук од сестра, Јустинијан I (527-565). Неговата епоха и сè што е направено во тоа време е еден вид предлошка за средновековието во речиси сите домени на животот. Имал скромно потекло од „Таврисион близу Бедериана“, антички населби, коишто според одделни проучувачи етимолошки се толкуваат како изведенка за топонимите на селата Таор и Бадер во скопскиот регион. **Карта I** Локалитетите во наведените села донесуваат значајни археолошки материјали. **Сл. 15**

За време на неговото долготрајно владеење Јустинијан I се справувал со безброј внатрешни кризи и надворешни непријатели кои атакувале од сите страни вдолж огромните простори на Царството. Несомнено е дека тој промовирал апсолутистичко

СЛ. 7
ЈУСТИНИЈАН I
(527-565)
АВЕРС И РЕВЕРС

СЛ. 7а ЈУСТИНИЈАН I, МОЗАИК, *СВ. СОФИЈА*, ИСТАНБУЛ

владеење, со најголема поддршка и издигање на црковниот дигнитет. Извршил темелни реформи во правниот систем, христолошките спорови, градежништвото – било од сакрален, профан или дефанзивен карактер. Значаен е по своите административни зафати, како и по спроведувањето на нормите во секојдневниот живот и образование. Како завршен удар на античката култура во 529 година ја укинал и Академијата во Атина – последното упориште на паганскиот неоплатонизам. Успевајќи да се одржи на власт по востанието „Ника“ во 532 година и по суровите и беспоштедни судири меѓу странките на „зелените“ и „сините“ тој продолжил со реализација на своите амбиции во сите наведени сфери.

Меѓу најзначајната и најдолготрајна оставина, актуелна во одделни сегменти до наши дни е Јустинијановата кодификација на римското право – *Corpus iuris civilis.* Покрај *Кодексот* од 529, дополнет во 534 година, во 533 ја издал и *Збирката закони – Дигестите.* Потоа следел третиот дел т.н. *Прирачник за судиште – Институции*, за на крај да излезе збирката со нови правни одредби - *Новели.*

Со овие списи тој го зацврстил царскиот апсолутизам, длабоко убеден во божјата промисла за неговата мисија. Меѓутоа, во граѓанското право внесол многу попрогресивни прописи околу ослободувањето на робовите, во заштитата на жените-вдовици и нивните наследни права, како и на децата кои се ослободуваат од неприкосновената моќ на родителот. Наспроти тоа, во кривичното право имал многу построги прописи. Особено биле сурови казните во доменот на религиозните отстапки и брачните престапи. Како типично средновековна одредба може да се толкува онаа за врзаноста на земјата на *колоните* или за закрепостените селани како основа на средновековниот економски систем.

Со *Синегдемот на Хиерокле* во 535 година биле извршени значајни административни и управни реформи во провинциите и во статусот на градовите. Притоа, метрополата Скупи веќе била главен град на провинцијата Дарданија.

Изворите споменуваат дека тој изградил и цели градови како што била велеубавата *Јустинијана Прима*, а ја обновил и *Улпијана*, наречена уште и *Јустинијана Секунда*.

Додека неговите генерали војувале на запад и југ, а лимесот во Тракија и Дакија бил реорганизиран и накусо зацврстен, околу 535 година ја објавил својата XI Новела со која побарал седиштето на префектот од Илирик да се премести од Солун во новосоздадената *Јустинијана Прима*. Со тој акт рангот на овој град постанал архиепископски со јурисдикција над цела *Дачка диецеза*, како и над *Македонија Секунда*. Со тоа претходното право на Солун било сведено само над јужните провинции на Илирик. Меѓутоа, падот на Сирмиум во 536 година, инвазијата на Кутригурите во 540 година и последователните продори на словенските маси во Илирик и Тракија го предизвикале селењето на префектот во Солун. За тоа има податоци од 536 и 541 година, додека во 545 година во Новелата CXXXI се разгледува прашањето за основање на наведената метропола само за црковни потреби. Со тоа биле потврдени ингеренциите на архиепископот на *Јустинијана Прима*. Притоа, Илирик добил два понтификални викари во *Јустинијана Прима* и во Солун. Тоа значи дека *Јустинијана Прима* била црковно-административен центар.

Фундусот на сакралните споменици во Константинопол, Равена, Рим, Ерусалим и мноштво градови низ Империјата вклучувајќи ги и нашите простори; црквите, базиликите, мозаиците, архитектонската пластика, објектите на применетите уметности, на монетоковањето, утилитаријата и останатите недвижни и движни, профани, инфраструктурни и верски, ексклузивни и секојдневни предмети на духовната и материјална култура од времето на јустинијановата епоха со археолошките ископувања катадневно се зголемува. И на просторот на Скопскиот регион нив ги има во недоброј (Микулчиќ, И. 1990).

„Соломоне, те надминав“ – кликнал тој кога во 537 година ја видел довршена Св. Софија во Константинополис, еден од ненадминатите и најинспиративните монументи на сите времиња. **Сл. 7а**

СЛ. 10 ИРАКЛИЈ (610-641)

СЛ. 11 ГРАДИШТЕ, ТАОР (ПЛАН СПОРЕД К. РИСТОВ)



Чувствувајќи го безредието во градовите каде се прибирале сè повеќе бегалци, Јустинијан пробал и со правни мерки (Новела LXXXVIII) да го регулира сè помасовното издавање и плаќање на станарина на дојденците. Уште повеќе, се обидел (како и Зенон пред тоа) да ги востанови прописите за висина на куќите (не повеќе од 100 стопи) и растојанието меѓу нив (не помалку од 12 стопи – Новела LXIII).

Малала дава податок дека Јустинијан интервенирал и во начинот на исхрана на населението. Имено, животниот век во тоа време бил исклучително мал. Постоел огромен морталитет кај децата (Манева, Е. 1989, 161-181). Просекот на живот кај мажите изнесувал 35-44 година, а кај жените 25-34.

Со подеднаква страст, како и во другите области тој се впуштал и во црковните спорови. (Особено е значаен V Вселенски собор во Константинопол во 553 година на кој присуствувале и епископи од повеќе епископски центри од Македонија, меѓу кои и од Скупи).

Припадноста на аријанската ерес е иницијалната причина за уништувањето на Остроготска Италија како легитимна наследничка на Западното римско царство. Со тоа прашање Јустинијан почнал да се занимава уште од времето на неговиот претходник Јустин I кога во 523 година со посебен едикт биле осудени и аријанците. Наследниците на Теодорих биле немоќни да се изборат со амбициите на Јустинијан, всушност, со неговата мегаломанска идеја за *Restitutio Romana* или повторното обновување на некогашната Римска империја (*Renovatio Imperii*). На тој начин огромна енергија се вложувала во воените акции преземени против Остроготите сè до нивниот крај во 555 година. На ист начин се постапило и со кралствата во Шпанија и Северна Африка.

Утопијата на оваа замисла се покажува, пред сè, преку нетрпеливоста во христолошките расправи што го разјадувале ткивото на Римската Империја, цепејќи го од внатре нејзиното единство уште од првите децении на IV век. Тоа се провлекувало и низ средновековието за да доведе до целосен расцеп во 1054 година.

Во таа смисла, неговата жестокост со која сакал да се справи со аријанската ерес значела сиот воен и човечки потенцијал да се насочи на јаловите борби против Осроготите на запад, потоа и против Вандалите во Африка, а едновремено и на војните против Сасанидите на Исток. За сметка на тоа доаѓа до очигледната порозност на северната граница од каде надирале варварските народи.

Ползувајќи ја бројната војска, и Јустинијан како и неговите претходници, го поседувал силниот потенцијал во вид на работна снага која била заслужна за огромните градежни зафати во Империјата. Веќе во средновековието овој феномен не можел да се сретне со таков интензитет.

Со помош на војската тој градел или обновувал огромен број на дефанзивни воени градби – крепости, патишта, мостови, цистерни, акведукти и други профани и инфраструктурни објекти. Со тоа, неговата епоха го обележала нè само византиското средновековие, туку во одделни сегменти и европското, како и градежништвото на Османлискиот период.

Тој преземал грандиозни зафати во одбранбениот систем на Европа и Азија, во низите од повеќеструки гранични појаси, особено на дунавскиот лимес, но и во внатрешноста на Балканот.

Освен од воениот делокруг, ги обновувал, зацврстувал и адаптирал сидините и на цивилните тврдини. Последниве често ги намалувал по обем со цел да се добие поефикасна одбрана (Jovanova, L. 2015, 242-245).

Свесен за здравствените неприлики тој посветувал голема грижа и за инфраструктурата во самите населби така што градел или обновувал мноштво чешми, фонтани, поила, одводни канали, водоводи, термални комплекси, акведукти и сл.

Меѓутоа, демографската криза и недостигот на човечки ресурси коишто би ги опслужувале тврдините во граничните области и во внатрешноста на огромните територии на Царството, како и неможноста да се одговори на мегаломанските амбиции на владетелот станувале сè поочебијни како и последиците од нив.

Домородното население било десеткувано. За оваа дополнителна напаст во вид на демографски кризи придонесувале и пратечките манифестации на овие состојби: воени пустошења со големи човечки жртви и заробеништва, депортации, бегство во подобро бранетите градови, глад, запустување на комунално-хигиенските услови, како и феноменот на циклични епидемии на заразни болести. Феноменот на бактериски инфекции постанал актуелен уште од времето на императорот Марко Аврелиј (161-180). Овие страотни зарази пренесувани од глодарите се провлекувале и низ средните векови како едно од најфаталните патила за луѓето од оваа епоха.

Демографските небидници кулминирале за време на владеењето на Јустинијан, за кон крајот на VI век да се почувствуваат последиците со невидени размери на депопулизација на Царството.

СЛ. 8
ЈУСТИН II
(565-578),
АВЕРС И РЕВЕРС

Така, низ блесокот на Јустинијановото владеење почнале да се изѕираат и темните петна како наличје на преголемата дисперзија на моќта која конечно се урнала во себе самата.

На материјалниот, воениот и демографскиот пад, на епидемиите со фатални ефекти, се надоврзале и климатските, тектонските, еколошките и астрономски непогоди. Истовремено, мигрантските бранови со свежи алохтони маси на народи надирале од север преку недоволно бранетите граници, престојувајќи сè послободно во пустосаните покраини на Царството.

За време на владеењето на Зенон (471-491) на европско тло доаѓаат Кутригурите, уште едно азиско, номадско племе кое (како и Хуните пред тоа) ги држело под своја власт словенските племиња стационирани северно од Дунав. Тие, заедно ќе навлегуваат во Тракија, Македонија и Тесалија за време на Анастазиј, како и подоцна за време на владеењето на Јустинијан.

Во 540 година Кутригурите и Словените нападнале навлегувајќи сè до Цариград и до Коринт на југ. Овие продори продолжиле потоа во Тракија, Илирик и Дакија почнувајќи од 545 до 551, речиси секоја година, за во 559 да се случи големиот напад на чело со кутригурскиот каган Заберган кој стасал сè до Термопилите на југ и до сидините на Константинопол (Popović, V. 1978, 596-648). И во таа пригода страдале голем број тврдини вдолж главните патишта, додека словенските престојувања во царските, до крајна мера депопулизирани покраини, постанувале вообичаена појава. Впрочем, на Словените кои биле во основа пешоодна војска и уште земјоделци-полуномади во постојана потрага по плодна земја, оваа состојба со напуштените земјишта им била добредојдена.

Историскиот тек на случувањата на Балканот коренито се изменил кога северно од дунавската граница, на повик на завојуваните германски народи Лангобарди и Гепиди се приклучило азиското номадско племе Авари.

Во 568 година под налетот на нивната жестина и двете германски племиња мигрираат кон Италија и западноевропските покраини, а Аварите го формирале *Првиот* или *Големиот аварски каганат*. Во него во својство на вазали биле вклучени и словенските племиња кои, всушност, биле предстражи на левиот брег на Дунав, на нивните, подвижни престолнини во Панонија.

Кога Јустин II (565-578) **Сл. 8** во 572 година одново завојувал со Персија, демографската криза и немоќта да се брани северната граница сосема избиле на виделина. Списите на Менандер и Јован Ефески недвосмислено кажуваат за словенските инвазии и престојувања во ромејските земји во времето од 578 до 584 година.

Сè до неуспешната опсада на Константинопол во 626 година, Првиот аварски каганат бил најголемата воена закана и материјален товар со „помошта“, (односно „данокот“) што Византија го давала за да ги одбегне аварските напади. Вешти во уривањето на крепостите со своите опсадни постројки тие една по една ги освојувале тврдините на дунавската граница вклучувајќи го и најмоќниот царски град Сирмиум во 582 година. Со тоа го скршиле отпорот на лимесот, а балканските провинции, претходно опустошени, биле отворени за нови инвазии од север (Ковачевиќ, Ј. 1977).

Веќе кон крајот на 584 година, Аварите испратиле одред од 5000 одбрани, словенски воини во опсада на Солун – вториот по значење и големина град во Царството (ВИ I, 75).

Чудата на Св. Димитрија Солунски I и II како најопсежни, историски извори за овие случувања ја споменуваат и втората опсада на Солун две години подоцна во 586 година. (ВИ I, 176-178). Тогаш каганот ги собрал неверниците од „Склавинија“... народ кој бил под „негово заповедништво“ и со други варвари тргнале во поход на Солун. „Тоа била најголемата војска што била видена“... „на број до сто илјади...“ – „нешто помалку или повеќе...“ (ВИ I, 177). Но, Аварите, како и другите номади преферирајќи го амбиентот на степите и рамниците, адекватни на нивниот номадски начин на живот, се враќале по извршените пљачкосувања во своите центри во Панонија. Притоа, тие главно се движеле вдолж главните магистрали каде страдале крајпатните градови и тврдини.

Во серијата опсади кои с случувале во VII век Солун не бил заземен. Тој бил опашан со сил-

СЛ. 9
МАВРИКИЈ
(582-602)
АВЕРС И РЕВЕРС

ни бедеми, бил бранет и од копно и од море, имал моќна одбрана, но и како што длабоко се верувало, бил под закрила од својот патрон – Св. Димитрија (Баришић, Ф. 1953; Lemerle, P. 1954, 265-308; Id., 1981, 1-10). Меѓутоа, во заднината на овие настани се случил т.н. *прв бран на трајното словенско населување*. Сето тоа се одвивало во времето на царот Маврикиј (582-602). **Сл. 9**

Археологијата во тој поглед го дала својот голем придонес. Имено, јасно се следи патешествието на овие продори според археолошките, групни наоди на монети и други артефакти засолнати во земјата во овие немирни времиња (Popović, V. 1975, 445-507; Id., 1978, 596-648).

Девастирањето и напуштањето на многу населени места и градови во Македонија се своевидно сведоштво за колапсот што следел по 586 година, после кој се случуваат соодветните промени евидентирани од крајот наVI и поодминатиот VII век.

Скриеното депо од Скупи датирано со монети на Маврикиј од 583/4 (Ончевска Тодоровска, М. 2004, 28-42) значи дека и Скупи, како и другите антички градови во овие области страдал од инвазиите на Словените, односно Аварите и Словените при опсадите на Солун. Последната монета откриена на *Градиште,* с. Таор е, **Сл. 11** исто така од времето на Маврикиј (Ristov, K. 2015, 385, fig. 28), како и на тврдината *Маркови Кули*, Водно (Микулчиќ, И. 1999, 394). **Сл. 12, Сл. 13a-f**

На територијата на Р. Македонија во последната деценија на VI век монетите се исклучително ретки. Од VII век откриени се неколку поединечни наоди и остави со монети ковани во времето на Фока (602-610), Ираклиј (610-641), **Сл. 10** Констанс II (641-668), Константин IV (668-685) и Јустинијан II (685-695) се најдени во Македонија, но нивната циркулација е драстично намалена и може да се поврзе или со постоење на одделни пунктови каде функционирало некакво византиско присуство (Манева, Е. 2013/$_1$, Т. XIII) или со воените дејствија што во овие краеви биле преземени од наведените византиски цареви (Хаџи-Манева М., 2008, 389-390, Карта I).



СЛ. 12
МАРКОВИ КУЛИ, ВОДНО, СКОПЈЕ
(ПЛАН СПОРЕД Х. ТАЛЕВСКИ)

II БАШТИНЕЊЕ НА АНТИЧКОТО НАСЛЕДСТВО ВО СРЕДНИТЕ ВЕКОВИ

Со бројните реформи на римските императори во периодот IV-VI век, античкото општество доживеало коренити промени трансформирајќи се во медиевално.

Продорот на странски популации и распаѓањето на управно-административниот систем кон крајот на VI и почетокот на VII век, доведуваат до тоа просторите и на скопскиот регион да навлезат во средновековната доба. Меѓутоа, и покрај сите трансформации во текот на следните векови, сè до османлиските освојувања на крајот од XIV век, ова време претставува една засебна епоха со повеќе свои глобални и заеднички особини. Тоа е средновековието со специфични карактеристики и како епоха е означена од VII до крајот на XIV век.

Историските случувања на овие простори во наведеното време, со поголеми или помали осцилации, главно се бурни. Продорот на разни освојувачи, формирањето и распаѓањето на бројни државни формации, востанија, ереси, епидемии, депортации, природни и воени катаклизми и ред други турбулентни настани од политички, социјален, духовен, економски и културен аспект се дел од средновековието и во овој регион. Но, од друга страна и покрај сите превирања, овој простор првенствено е обележан со византиската сфера на севкупно влијание. Византија, пак,



СЛ. 13 АРХЕОЛОШКИ НАОДИ
ОД ПРЕМИНОТ НА VI ВО VII ВЕК
ОД *МАРКОВИ КУЛИ*, ВОДНО

сметајќи се себе си за легитимна наследничка на големото Римско царство, во многу домени е чувар на одделни антички вредности.

Пред сè, тоа е *христијанската религија*, чие раѓање и канонизирање е плод на антиката. Со неа се обележани средновековните уметности (ликовната, музичката, применетата, книжевноста итн.), сакралната архитектура и нејзиниот ентериер, урбаната структура на населбите, секојдневниот живот, обичаите, празнувањата, погребните ритуси, начинот на исхрана, како и утилитарните предмети и занаетите.

Античката иконографија, често, со додавање на религиозни мотиви, каков што е примерот со изгледот на светителите и други антички предлошки, се трансформира во христијанска и медиевална.

Паричните реформи од доцната антика се основа на средновековната нумизматика.

Кодификацијата на римското право и, особено, активностите на Јустинијан I во тој домен во голема мера го обележуваат правниот систем, нè само во византиската сфера, туку почнувајќи од XII век и во западноевропското законодавство со одделни реперкусии и до нашето современие. Сепак, постојат одделни измени кои даваат специфично, средновековно обележје.

Така, Лав III (717-741) е значаен за византискиот правен систем. *Еклогата* што тој ја објавил во 726 година донесува одделни промени и попрактична примена во однос на преобемниот Јустинијанов законик. Иако се труди да биде поблаг во одделни сегменти на семејното и наследното право, *Еклогата* внесува сурови правила во кривичните закони како: сечење на носот, јазикот, рацете, ослепување, стрижење на косата и брадата и нивно запалување и слични физички, брутални казни кои не биле својствени за Јустинијановото право и се оддалечуваат од христијанската етика, попримајќи ориентални и обичајни обележја (Острогорски, Г. 1969, 168). Тогаш страдал и иконодулот Јован Дамаскин кому му е отсечена десната рака затоа што пишувал за поддршка на иконите. Со тоа се создава и култот на Богородица Троеручица како исцелителка. **Сл. 124ab** (Манева, Е. 2017/2, 157-165). Поглавје V.

Василиј I (867-886) отпочнал процес на обновување на јустинијановиот правен систем, а го завршил со „Василиките“ Лав VI – Мудриот (886-912). Тоа биле шест тома со 60 книги кои земале, главно, податоци од делата: *Кодекс* и *Дигесте* и нешто помалку од *Институциите* и *Новелите* на Јустинијан, како и мали позајмици од Јустин II, Тибериј и од Прохион. Овој пат делата биле напишани на грчки јазик. Лав VI ги додал и своите нови 113 наредби слично на јустинијановите *Новели* нарекувајќи ги: „Исправки и чистење на старите закони“. Со тоа царската власт постанала

СЛ. 14 ЛАВ VI, МУДРИ (886-912) – ЦАРОТ ВО СТАВ НА ADORATIO СО ОТВОРЕНА КРУНА, КЛЕЧИ ПРЕД НОЗЕТЕ НА ИСУС ХРИСТОС. МОЗАИК ОД НАРТЕКСОТ НА *СВ. СОФИЈА* – ЦАРИГРАД

неограничена, а царските служби добиле најзначајно место во државниот систем. **Сл. 14** Дел од овие акти биле битни и за црквената организација која подоцна се однесувала и на правата на Охридската архиепископија и титуларната јурисдикција на архиепископијата на *Јустинијана Прима* (види напред поглавје IV).

ПЕЧАТ ВРЗ ОБОДОТ НА КЕРАМИЧКИ ЌУП, ГРАДИШТЕ - ТАОР (СПОРЕД К. РИСТОВ)

Со формирањето на доцно-античките егзархати, пред сè, оние во Равена и Картагина во доцната антика се најавува милитаризацијата и на византиската управа. Всушност, со тоа се навестува воведувањето на воено-административната организација на *темите*. Со оваа институција одново се воспоставувала византиската власт во областите кои биле изгубени во текот на големите преселби на народите во раниот среден век (Острогорски, Г. 1969, 98).

Нашите и соседните области како теми биле организирани во IX век, почнувајќи од почетокот, па сè до втората половина на истиот.

Ангажирањето на платеничка војска како искуство од антиката, продолжило да се практикува и во средновековието со изнајмување на „стратиоти“ од странски, воинствени народи. Тие освен што учествувале во воените дејствија, постанувале и даночни обврзници и добивале свои имоти.

Околу средината на X век, царот – писател Константин VII Порфирогенет (913-959) ги напишал делата *За тематското уредување* и *За административната управа на Царството*, секако, ползувајќи постари, зачувани списи за наведената проблематика, особено од *Географскиот спис* на Хиерокле од времето на Јустинијан I. Но, тој ја напишал и книгата *За церемониите* во голема мера инспирирана од делото на Петар Патрикиј, исто така, од Јустијаново време. Константин VII во делото *За церемониите* го вметнал и *Клитерологионот* на Филотеј за византискиот управен апарат околу 900 година и со тоа ги опфатил сите сегменти од доменот на дворскиот церемонијал, крунисувањето, како и од областа на секојдневниот живот вклучувајќи ги и празнувањата, **Сл. 291, Сл. 296**, **Сл. 297ab** театарските, плоштадните **Сл. 290** и циркуски игри (Манева, Е. 2013/3, 88-

СЛ. 16 ВАСИЛИЈ II (СО ОТВОРЕНА КРУНА), СЦЕНА ОД ГОЗБА
МИНИЈАТУРА ОД МАДРИДСКИОТ РАКОПИС НА ЈОВАН СКИЛИЦА

92), гозбите, обедувањата **Сл. 16** и деталите околу исхраната, музичките инструменти, танците, формите на музицирање, обичаите, облеката итн. Античката инспирација во сето тоа е очигледна (Константин VII Порфирогенет, 2014).

И Псевдо-Кодин во XIV век ги опишал одеждите, инсигниите и сè што приличи во врска со изгледот на различните припадници на службите и нивниот општествен статус. Ова дело, како и претходното претставува драгоцен придонес за толкување не само на ликовните претстави, туку и за археолошките артефакти. Античките предлошки и во ова дело се среќаваат во повеќе случаи. На почетокот на своето излагање Псевдо-Кодин вели дека ако не се знае како изгледаат, на пример, облеката и чизмите на деспотите, би требало да се погледаат „старите мозаици“ (Pseudo-Kodinos, 1966, 3, 13).

Постои податокот дека при стапување на престол на Константин X Дука (1059-1067), во присуство на сенаторите, а со помош на Михаил Псел и патријархот Коснтантин Лихуд) тој ги обул црвените чевли како една од царските инсигнии (Острогорски, Г. 1969, 323).

Досегашните сознанија и интердисциплинарните проучувања покажуваат дека средновековната, владетелска круна од типот на *камелавкион* има античко потекло. Нејзината првобитна генеза се врзува за сасанидските шлемови кои влијаеле на изгледот на античките калотести, железни шлемови со спојки кои биле во употреба кај римските воини уште од IV век. **Сл. 17**



СЛ. 18 (a-c) ШЛЕМОВИ ОД ТИПОТ SPANGENHELM

СЛ. 17
ЖЕЛЕЗЕН,
КАЛОТЕСТ ШЛЕМ
ОД IV ВЕК,
ГРАДИШТЕ, ТАОР

ШЛЕМ
ОД
ЕРМИТАЖ

РЕКОНСТРУКЦИЈА
НА ШЛЕМОТ
ОД ХЕРАКЛЕА

МОНЕТА
НА КРАЛОТ ТЕОДАТ
СРЕДИНА НА VI В.,
СО ШЛЕМ ВО СВОЈСТВО
НА КРАЛСКО ДОСТОИНСТВО

Нивната еволуција води кон луксузните типови со бакарни и позлатени делови произведувани најнапред во Константинопол кон крајот на V век (Манева, Е. 2008/1, 861-885). **Сл. 18a-c**

Додека единствениот владетел на Царството, царот од Константинопол – Анастазиј (491-518) во тоа време носел *бисерна ѓиѓема*, **Сл. 6** на високите воени заповедници им се дарувале луксузени типови на шлемови со спојки (*Spangenhelm*). Покрај Ромеите, на највисоки воени позиции, како што е познато, тогаш се наоѓале и Германи, вклучително и Остроготи чиј крал Теодорих во 493 година постанал легитимен наследник на Западното римско царство со седиште во Равена. **Сл. 5**

Почитувајќи го приматот на владетелот од Константинопол, тој не употребувал истоветна дијадема или круна од отворен тип. Но, за неговите наследници и за останатите владетели на новосоздадените држави во Западна Европа и Северна Африка, шлемот од типот *Spangenhelm*, постанал симбол за легитимна, кралска власт.

На монетите ковани во Равена и Рим, со вакви шлемови се прикажувани наследниците на Теодорих, кралевите на Визиготите, Вандалите, а потоа, во 600 година и на Лангобардите (Wroth, V. 1911, T. X).

Најилустративен пример за тоа се гледа на челната плочка со релјефна претстава од чинот на крунисувањето за крал на Агилулф – лангобардскиот владетел, во 600 година по пристигнувањето

СЛ. 19 ПЛОЧКА ОД ЧЕЛНИОТ ДЕЛ НА ШЛЕМ СО ПРЕТСТАВА НА КРУНИСУВАЊЕТО НА ЛАНГОБАРДСКИОТ КРАЛ АГИЛУЛФ ВО 600 ГОДИНА.
НЕМУ МУ ПРИНЕСУВААТ ДАРОВИ И НА КРАЈОТ КРУНИ КОИ СЕ ВАРИЈАНТИ НА ШЛЕМОВИТЕ ОД ТИПОТ SPANGENHELM,
ОДНОСНО ШЛЕМ КОЈ СТАНУВА ЗАТВОРЕНА КАЛОТЕСТА КРУНА –КАМИЛАВКИОН



СЛ. 20 САМУИЛ СО КАЛОТЕСТА, МЕТАЛНА КРУНА, ГАВРИЛ РАДОМИР СО СВИЛЕНА И ЈОВАН ВЛАДИСЛАВ СО СООДВЕТНА ВЕЛМОШКА КАПА, СИТЕ ВО ЦЕРЕМОНИЈАЛНА, СВЕЧЕНА ОБЛЕКА И ОБУВКИ, КАКО И ОСТАНАТОТО СЕМЕЈСТВО. СЦЕНА ОД СВАДБАТА НА САМУИЛОВАТА ЌЕРКА МИРОСЛАВА (ОКОЛУ 997 ГОДИНА). МИНИЈАТУРА ОД МАДРИДСКИОТ РАКОПИС НА ЈОВАН СКИЛИЦА

СЛ. 21
ЦАРОТ УРОШ V И КРАЛОТ ВОЛКАШИН
СО ИСТОВЕТНИ, ВЛАДЕТЕЛСКИ ИНСИГНИИ
И СО КАЛОТЕСТИ КРУНИ
ОД ТИПОТ КАМИЛАВКИОН.
МАНАСТИР ПСАЧА (1371)

во Италија. Меѓу другото, во церемонијалната поворка додека тој седи на тронот него му принесуваат и 2 варијанти на затворена круна, всушност, варијанти на шлем од типот *Spangenhelm*. **Сл. 19**

Ваквата генеза резултира со тезата дека затворениот облик на круни со калотеста форма од типот *камелавкион* може да се промовира како западен облик. Од *камелавкионот*, пак, еволуирала и *митрата* како инсигнија на црковните великодостојници (Piltz, E. 1977).

Крунисувањето можеле да го озваничат само патријархот од Константинопол или римскиот папа. Борејќи се за примат и легитимитет, новоформираните држави кои Византија ги третирала како свои опоненти добивале круни од Рим. Така се случило затворени круни, варијанти на камелавкион да добијат владетелите на Самуиловата држава, **Сл. 20** српските, бугарските, а веќе од времето на Манојло I Комнин (1143-1180) тоа да го прифатат и византиските владетели, вклучително и Палеолозите итн. Веќе после 1300 година камелавкионите и од нив еволуираните митри постанале вообичаен облик и за световните и за црковните првенци. **Сл. 20, Сл. 21, Сл. 93** (Манева, Е. 2018/$_3$, 233-252).

На фрескоживописот тоа е потврдено и кај новонастанатата династија на Мрнавќевиците. Најречовит пример за тоа се среќава во манастирот *Псача* каде св. Константин, царот Урош V и кралот Димитрија Волкашин имаат ист вид круни, сите од типот на *камелавкион.* **Сл. 21**

Интересен е и примерот од јужниот надворешен портал на Марковиот манастир каде покрај веќе покојниот крал Волкашин и Марко е претставен со сите владетелски инсигнии, но и со варијанта на затворена круна (Ђурић, В., 1974, 73). **Сл. 93**

Имајќи го сето ова предвид, особен интерес предизвикува археолошкиот наод на шаховска фигура од *Скопско Кале.* Тоа е коскена фигури-



СЛ. 22 КОСКЕНА,
МИНИЈАТУРНА
ФИГУРИНА БИСТА
НА СУВЕРЕН
СО КАЛОТЕСТА КРУНА,
СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 23 ОПСАДА, НАПАД И ОДБРАНА НА ГРАД-ТВРДИНА СО ПРЕТСТАВА НА „ЈУРИШНИ СКАЛИ“ КОИ ОВОЗМОЖУВАЛЕ БОРБИ ГРАДИ В ГРАДИ. МИНИЈАТУРА ОД МАДРИДСКИОТ РАКОПИС НА ЈОВАН СКИЛИЦА

СЛ. 24 ВАРИЈАНТИ НА МЕТАЛНИ ДЕЛОВИ ОД ВОЈНИЧКИ ПОЈАСИ ОД ТИПОТ SUÇIDAVA – ВТОРА ПОЛОВИНА НА VI ВЕК, ГРАДИШТЕ, ТАОР

СЛ. 25 ФИБУЛИ СО ПОДВИЕНА НОГА, ДОДАТОЦИ НА ВОЈНИЧКА ОДЕЖДА, VI ВЕК, ГРАДИШТЕ, ТАОР

СЛ. 26 СТРЕЛИ СО ТУЛЕЦ И ТРН, ГРАДИШТЕ, ТАОР

на – минијатурна биста на суверен со затворена калотеста круна од типот на *камелавкион* и околувратник – *маниакес* како несомнени инсигнии на владетелско достоинство. Во вертикалните и челни обрачи на круната и во околувратникот кај оваа фигурина видливи се перфорации во кои биле вметнати (дополнително извадени) украсни „камчиња“. **Сл. 22** (Подетално види Поглавје XI) (Манева, Е. 2018/$_2$, 181-194).

Средновековните шлемови како воен реквизит имаат поедноставен конусовиден облик **Сл. 183** или се мрежести. Делото на царот Лав VI Мудриот, *Тактика* се занимава со воената вештина и оружјето, но во голема мера се служи со податоци од *Стратегикон* на Псевдо-Маврикиј од VI век.

Наоружувањето, опсадните постројки **Сл. 183-185** и нивните посади, војничките ознаки на облеката, **Сл. 194, Сл. 195** личното офанзивно оружје (стрелите) **Сл. 186** и одбранбената обружба (оклопите) **Сл. 193, Сл. 194** на пешоодната војска, коњаницата и коњската орма, како и боевата тактика во средниот век и покрај евидентната еволуција во основа остануваат во цивилизациските рамки формирани во антиката. Тоа е така сè до појавата на огненото оружје во XIV век и после тоа сè помасовната примена на барутот со што, всушност, почнува новото доба.

Нападното опсадно оружје е во своевидна интеракција со крепостите како систем на дефанзива. Замената на студеното со огнено оружје ја прави во голема мера депласирана и одбранбената архитектура. **Сл. 183-185, 199, 194, 195**

Античката, римска култура, сепак, своите најголеми дострели ги постигнала во *градежништвото*. Било заради цврстината на материјалите или заради совршеноста на нивната функционалност, многу од овие објекти му одолеале на времињата и се зачувале со векови, некои дури и до денешни дни.

Римјаните, поседувајќи практичен дух, имајќи моќни ресурси на работна сила било од робовите или уште повеќе од големиот потенцијал што го нудела војската во мирнодопско време, огромната територија на Царството ја прекриле со мрежа од крепости со различна големина, намена и значење. Дел од нив биле лоцирани покрај солидно изградени друмови и патишта, вклучувајќи ги и мостовите и другите инфраструктурни градби. Изградени на најзначајните стратешки локации или на места со природни предиспозиции на теренот, дел од овие тврдини останале во употреба низ средниот век, со мали измени и преправки.

Во времето на Самуиловата држава на подрачјето на Македонија историските извори набројуваат десетици градови кои биле изградени во античко време, а потоа одново биле ставени во употреба со одделни доградби и прилагодувања според потребите. **Сл. 4**

Хипотезата на Константин Петров дека средновековниот бедем од *Скопско Кале* бил надограден на антички каструм, се темели на тоа што модулот на ширината на ѕидот изнесува 9 римски стопи (или 266 см) (Петров, К. 1958, 230, 231).

Монументалните, јавни градби; палати, судници, вили, инфраструктурни објекти, фонтани, чешми, канали, потоа храмови, театри, амфитеатри итн., и покрај својата цврста градба ретко се зачувани. Причини за тоа имало повеќе. Една од нив била потребата од пренамена во кризните времиња на доцната антика. Тогаш, бегалците кои пристигнувале во подобро укрепените градови го рустифицирале урбаниот простор градејќи ги своите живеалишта. Од друга страна, заради паганската намена или нехристијанската подобност на храмовите, театрите и сл., доаѓало до нивно излегување од употреба и потоа до разградување и ползување на градежниот материјал за изградба на други објекти. Најочебиен пример за тоа е монументалниот театар од Скупи чии седишта, како и градежниот шут од останатите девастирани антички објекти, послужиле како мајдан за подоцнежните градби. **Сл. 3, Сл. 32, Сл. 35, Сл. 36, Сл. 71 - Сл. 74**

Античките *терми*, како специфични монументи продолжиле да егзистираат и да се градат и во византиската и пошироката средновековна епоха. Тие биле широко прифатени од подоцнежните цивилизации. Нивните благодети, архитектонската и наменска шема се практицирале дури и во рамките на Отоманската империја. Непосреден пример за тоа од скопскиот регион е зачуваниот *акведукт* од с. Визбегово **Сл. 27** кој по примерот на римските и византиските урнеци бил изграден во XVI век (Петров, К. 1998, 86-111). Преку него, со вода се снабдувале скопските, бројни амами кои функционирале до 60-тите години на XX век. И до денешни дни вакви бањи се во ексклузивна употреба.

За континуитетот на античките *населби* на овие простори, а со тоа и на некрополите и светите места во средните векови (забележано и до нашето време), постојат безброј примери. Причините за тоа се познати, многу пати елаборирани и сосема логични. Тоа се: природните диспозиции на теренот, економските ресурси за стопанисување, геоморфолошките, почвените, климатските, хидролошките, комуникациските и други погодности, како и мемориите, сакрална традиција или верувањето во светоста на одделни локации (Манева, Е. 2018/$_1$, 75-90).

СЛ. 27 АКВЕДУКТ – ВИЗБЕГОВО, СКОПЈЕ

Во тој поглед интересни податоци даваат и зачуваните топоними. Не ретко, преку нив се открива минатото на еден простор и пред да почнат посериозни, археолошки истражувања. **Сл. 4**

Меѓутоа, во рамките на оваа забележителна појава, во средновековието постои и една посведочена законитост. Имено, во периодот на доцната антика, нагласено се преферирале укрепените места кои биле лоцирани на понепристапни места, секако, заради посигурна заштита од миграциите на евро-азиските народи на овие подрачја.

За разлика од средновековието, во времето на Отоманската империја кога нејзините граници станале далечни за овие области, градовите одново се проширале во поблагопријатните услови во подножјата на крепостите. По правило, горните делови, акрополите на утврдените градови постанувале касарни.

Анализата на местоположбата на над стотина средновековни *некрополи* од тлото на Р Македонија покажа дека околу две третини од нив биле лоцирани или врз антички урнатини и гробишта или околу ранохристијанските комплекси (Манева, Е. 1995, 63-71**,** Карта I).

За разлика од периодот од VII до средината на IX век (Манева, Е. 2013/1) од крајот на IX-X век, **Сл. 28** и потоа преку целото средновековие речиси до денешни дни, во погребувањата на христијанското население се рефлектираат верските канони на оваа религија (Кораќевиќ, Д. 2002, 171, сл. 119, 120; Јованова, Л. 2016, 45).

И христијанските *храмови*, главно, ги ползувале традиционалните свети и мистични места на теренот. Освен тоа, применувани се и поархаични, антички, градежни, архитектонски и ликовни дострели. Меѓутоа, не изостанувале, ни новите импулси било како влијанија од Западна Европа или како автохтона еволуција. Оваа проблематика е мошне комплексна, но истовремено таа излегува од темата на интересирање во овој осврт.

Од друга страна, движниот *црковен инвентар* и бројните предмети на култот во основа ги носат ранохристијанските особини. Нивната луксузна изработка, помпезниот изглед, скапите материјали и макотрпните, златарски техники, **Сл. 29** во одделни кризни периоди во средновековието се заменувале со поедноставна изработка и поевтини материјали како што се: дрвото, керамиката (особено глазираната), стаклото, неплеменитите метали и сл.

Дел од движните предмети со христијански мотиви, служеле и како накит за лична употреба. Така, крстот како мотив има длабоки апотропејски значења, постанувајќи замена за античките амулети. **Сл. 108 – Сл. 116**



СЛ. 28 ХРИСТИЈАНСКА НЕКРОПОЛА,
С. ОРЕШАНИ, СКОПСКО.
НАОДИ ОД ГРОБОВИТЕ IX-XI ВЕК

СЛ. 29 СКАПОЦЕН ЦРКОВЕН САД
ОД СРЕДНОВЕКОВНИОТ ЖИВОПИС,
„СВ. АНДРЕЈА“, МАТКА (1389)

СЛ. 30 АЛАТКИ И МЕТАЛНИ ПРЕДМЕТИ
ЗА СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА,
ГРАДИШТЕ, ТАОР

СЛ. 31 ДРВЕНА СТАТУА
НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ,
ВТОРА ПОЛОВИНА НА XIII ВЕК

Накитот е една од најстарите, архетипски категории и како таков тој е присутен во сите култури, почнувајќи од праисториските, па и во средновековните сè до нашето современие. Тој во многу сегменти има тесни релации со античките значења, начин на примена, изработка, морфологија итн. Истовремено, постојат хронолошки нечувствителни видови коишто со векови се речиси непроменети, но се јавуваат и антички рецидиви или видови од т.н. феномен на *renovatio* или обнова на одделни форми и мотиви, особено во XII век. Од друга страна накитот по својата природа е „моден“ детаљ и може да биде мошне чувствителен и карактеристичен само за мал временски период. Освен тоа, во средновековието постојат видови кои се изработени под влијание на западноевропските работилници или се импорт од тие области. Во таа смисла треба да се споменат и специфичните видови карактеристични за одделни етнички заедници кои се населуваат во овие простори во средните векови.

Слични паралели можат да се направат и при категоризацијата на *керамичката продукција.* Имено, постои една маркантна група садови кои спаѓаат во хронолошки нечувствителни видови. Дел од нив ја влечат својата генеза од праисториските култури. Тука спаѓаат и разните типови на кујнска, куќна, складишна и транспортна керамика како антички атавизми коишто опстојуваат и во средните векови.

И кај луксузната, *глазирана керамика* како посебен дострел на применетата средновековна уметност во технолошки и морфолошки поглед постојат антички традиции. Делумно тоа се одделни рецептури во глазирањето, во марморизирањето, торевтичкиот манир на декорирање, морфолошкиот изглед на трпезните, но и црковните садови итн. Меѓутоа, средновековната, глазирана керамика по своите квалитети и специфики, сепак, спаѓа меѓу најавтентичните, археолошки артефакти. Како технолошка постапка која нуди поголем естетски впечаток, цврстина, помала порозност и други квалитети, глазираната керамика со одделни измени има масовна примена и во османлиската, а потоа и во народната, македонска, грнчарска продукција каде се изградува во специфичен, фолклорен стил.

Антички традиции се зачувани и во доменот на *утилитарните предмети* за секојдневна употреба било лична или онаа во домашните работи.

Истото е забележано и во *стопанските дејности*, односно во алатките и орудијата во многу занаети кои траеле со векови. **Сл. 30**

Меѓутоа, сите овие наследени, антички традиции и предлошки се само еден дел од духовната и материјална култура на средновековието на овие простори.

Трајното населување на нови етнички заедници меѓу кои доминираат *словенските*, симбиозата на сите тие чинители како: демографски, популациски, културни, религиозни, обичајни, начинот на домување, стопанисување, каков-таков техничко-технолошки развиток, западните влијанија, афинитетите во изборот на античкото наследство итн., го прават оној посебен спој специфичен за средновековната култура на овој простор.

Во таа смисла масовната *христијанизација,* преводот на светите и богослужбени книги, создавањето и примената на *глаголицата* и *кирилицата* како засебни писма адекватни на јазичките предиспозиции на словенските јазици, дејноста на *св. Климент* и *св. Наум Охридски* на ова тло итн. се никулецот на специфичната, средновековна култура. **Сл. 31** (Манева, Е. 2017/$_1$, 329-339).

Таа опстојувала на своевиден начин и во рамките на повеќевековното траење на Отоманската империја кога, покрај другото, примала и одделни ориентални влијанија.

Сè се тоа елементи од коишто се изнедрува зародишот на македонската народност со сопствена самосвест веќе јасно дефинирана уште од периодот на *Преродбата,* крај на XVIII –XIX век и потоа (Maneva, E. 2007, 41-43).

III ОДЛИКИ НА РАНОТО СРЕДНОВЕКОВИЕ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН (VII-X/XI ВЕК)

Од античко Скупи до средновековно Скопје

Скупи е градот кој е најмаркантната, античка, урбана целина, сместен на вливот на Лепенец во Вардар. Тој бил распослан на *Зајчев Рид* познат и како *Калиште*, на атарот на с. *Бардовци* и с. *Злокукани* – топоним којшто е врежан во народната меморија како простор чие население доживеало страотно пустосување.

На овој терен се живеело и во праисторијата. За тоа сведочат остатоците од доцнобронзениот и железнодопскиот период (XII-VI век пр. н. е.)



СЛ. 32 ПЛАН НА СКУПИ (ДОЦНА АНТИКА)

(Митревски, Д. 2016). После археолошкиот хијатус од V до I век пр. н. е., кон крајот на I век. н. е., за време на флавиевската династија [Веспасијан (69-79) или Домитијан (81-96)] бил основан римскиот град Скупи така што на околниот простор се населувале ислужени воени ветерани на кои им се доделувале имоти. Тоа го потврдуваат епиграфските податоци и војничките дипломи. Во Скупи престојувале и легиите: VII Claudia, V Macedonica, V Alaudae и IV Macedonica (Јованова, Л. 2008, 197-222).

Како *Colonia Flavia Scupinorum* доминира во скопскиот регион во текот на римскиот империјален период. Во тоа време локацијата „Кале“ – Скопје била војнички логор, како дел од одбранбениот систем на Скупи. **Сл. 4**

Всушност, постојат две основни раздобја во неговото егзистирање во антиката: *Постара урбана етапа* од доцниот I до доцниот IV, односно до средината на V век и *Помлада урбана етапа* од средината на V до доцниот VI век. И двете наведени етапи содржат повеќе фази на живот. Постарата етапа се одликува со просперитет и нагорна линија во развитокот на градот што е адекватно и на еуфоријата на Римската империја и нејзиниот најголем процут во првата половина на II в. н. е. Како и во другите римски градови и во Скупи никнуваат најмонументалните градби (театар, терми, палати итн.), но се среќаваат и луксузни предмети од импорт, **Сл. 3** донесени од разни страни на огромната држава (Јованова, Л., Ончевска Тодоровска, М. 2018, 151-404). Во оваа фаза Скупи бил посетуван и од повеќе римски императори.

Упадот на Костобоките во 170/171 не оставил фатални последици. Но, веќе во 268/269 година Готите, а особено Хуните во 447(?) година и потоа другите варварски народи, почнале сè почесто да го урнисуваат градот. Неговата површина од 43/44 ha (*intra muros*), со облик на *urbs quadrata* било сè потешко да се брани. *Помладата* етапа од животот на Скупи се дели на периодот од доцниот V до земјотресот во 518 година, после кое следи фазата на обновување од оваа катастрофална непогода и конечно уште една градежна реновација за време на владеењето на Јустинијан I (Jovanova, L. 2015, 217-252).

И во *Помладата етапа*, Скупи бил најважен урбан репрезент на овие простори и главен град на провинција. Меѓутоа, последиците од земјотресот во 518 година биле разорни и тешко премостливи. Во времињата што следат се случувале и многу други непогоди и овде и во поширокиот регион: климатски промени, суши, мистериозни, астрономски појави што резултирале со глад, како и со озлогласените пандемии на чума. Дополнително напаствување за населението претставувале и продорите на варвари и нивните сè почести



СЛ. 33
БАЗИЛИКА СО БАПТИСТЕРИУМ, СКУПИ



СЛ. 34
БАЗИЛИКА СО АТРИУМ, СКУПИ



СЛ. 35
РАНОСРЕДНОВЕКОВНА МИКРОУРБАНА ЦЕЛИНА, ТЕРМИ – СКУПИ

ограбувања, дури и престојувања на територииите на Царството.

Во Скупи, во ова време, веќе бил напуштен монументалниот театар, хореумот (складиштето за жито) и други јавни и приватни градби. Обемот на бедемите бил намален заради поефикасна одбрана. Доминантна положба во градот добиле христијанските сакрални градби (Кораќевиќ, Д. 2002, 125; Onchevska Todorovska, M. 2015, 267-288). **Сл. 32, Сл. 33, Сл. 34**

Scupi е моќен верски центар во ранохристијанскиот период. Неговите епископи имале примат над останатите дардански претставници за време на Вселенските и останатите црковни собири и случувања. Тој имал улога и на митрополија.

Во 325 година на Никејскиот собор се споменува епископот на Скупи – Дакос. Во Сердика, на Соборот во 343 година учествувал епископот и митрополит Парегориј. Во епистоларните, папски документи се наведени, именувани и неименувани епископи на Скупи; оној со непознато име од 424 (во писмо од папата Целестин I), Урсилиј бил потписник на писмо од тројца дардански епископи до царот Лав I во 458 година, Јован бил потписник на писмо од дарданските епископи до папата Геласиј во 494 година со осуда на монофизитизмот (Јованова, Л. 2018, 64) итн. Епископ од Скупи се споменува и на Соборот од 553 во Константинопол.

Засега се откриени две, доста монументални базилики: *Базилика со крстилница* во непосредна близина на Римскиот театар **Сл. 33** и *Базилика со атриум* во централното подрачје **Сл. 34** (Кораќевиќ, Д, 2002, 125; Ончevska Todorovska, M. 2015, 267-288). И двете се трикорабни, а втората и триапсидална.

Во *Хиерокловиот Синегдемос* од 527 година Скупи е именуван со статус на провинциска метропола. На тоа, секако, делувал земјотресот од 518 година, разурнувањето на многу градби и намалениот градски простор.

Постоењето на помлада фаза од градските терми оди во прилог на мотивите да се подобрат хигиено-комуналните прилики во новонастанатите услови за живот обременети со страв од заразните болести.

Во глобалните рамки на Римското царство под притисок на варварските упади и другите наказанија, населението од загрозените подрачја бега. Барајќи посигурно засолниште овој наплив на страдалници се прибира во подобро заштитените и понепристапни градови или крепости. Византиските центри на моќ не биле веќе во копнениот, несигурен простор туку во приморските градови од каде се „контролирала“ внатрешноста на некогашната држава.

Бегалците ги запоседнувале напуштените јавни градби, дури и делови од комуникациите и инфраструктурните објекти, некогаш градејќи над нив скромни домови или адаптирајќи ги за своите насушни, животни потреби. **Сл. 35** Така, освен централните простори, со промената на составот на жителите се менувале и останатите делови. Живеалиштата постанувале збиени, улиците тесни, урбаните инфраструктури се менувале и рустифицирале, навиките – исто така, а комуналните погодности станувале сè понеефикасни (Кораќевиќ, Д. 2002, сл. 114).

СЛ. 36 СНИМКА ОД ПТИЧЈА ПЕРСПЕКТИВА НА ОСТАТОЦИТЕ ОД РИМСКИОТ ТЕАТАР ВО СКУПИ

Во доцниот VI и VII век Скупи ја живее првата фаза од својата *Постурбана етапа.* Во ова време веќе биле разурнати и напуштени и градбите од последната урбана фаза. Урнисаниот град, пред сè, почнува да се „разградува“; тој постанал погоден мајдан од кого се црпеле градежни материјали кои се носеле во околните, подобро позиционирани локации, понепристапни и подобро бранети. Ова било, особено актуелно при средновековните обновувања на блиските населби и тврдини, а како процес продолжило и во следните векови при изградбата на средновековните бедеми и другите објекти на *Скопско Кале.* **Сл. 36, Сл. 71 – Сл.74**

На територијата на Р. Македонија се регистрирани многу поединечни и десетици остави или групни наоди со монети при што како *terminus post quem non* се примероците ковани во време на Маврикиј и тоа оние од 583/4 и 584/5 (Хаџи Манева, М. 2008, 381-395, Карта I). **Сл. 9**

Меѓу овие трезори е и оној од Скупи со 97 монети (70 римски и 27 рановизантиски). Два полуфолиса од ова депо – како најдоцнежни биле ковани во 583/4 (Ончевска Тодоровска, М. 2004, 28-42). Нема сомнение дека тие, закопани во самиот град, во неговиот северен дел, над античката улица биле скриени за време на некаква голема опасност. Не е без основа ако се каже дека во тоа време Скупи претрпел големо пустошење со што завршил неговиот урбан живот (Jovanova, L. 2015, 219-252).



СЛ. 37ab
ПЛАН НА СРЕДНОВЕКОВНАТА НАСЕЛБА ВРЗ РИМСКИОТ ТЕАТАР СКУПИ
АРХИТЕКТОНСКА
И ФОТО ДОКУМЕНТАЦИЈА
(СПОРЕД И. ТОЛЕВСКИ)



СЛ. 37c
ПЛАН НА СРЕДНОВЕКОВНАТА НЕКРОПОЛА
ВРЗ РИМСКИОТ ТЕАТАР СКУПИ
(СПОРЕД И. КУЗМАНОВСКИ)

d e f

СЛ. 37 d-f
СРЕДНОВЕКОВНА
НЕКРОПОЛА
ВРЗ РИМСКИОТ
ТЕАТАР СКУПИ
ПОСЕБНИ ПОГРЕБУВАЊЕ

Симптоматично е и тоа дека сите овие трезори или групни наоди врз подовите на куќите останале во урнатините до наши дни. Тоа е сигурна индикација дека нивните сопственици и наследници никогаш не се вратиле по нив. Следната монета најдена на просторот на Скупи е од Лав VI (886-912).

И на локалитетот *Градиште* – Таор серијата на монети од VI век завршува со полуфолис кован во времето на Маврикиј. После тоа следи подолг хијатус сè до X век којшто е посведочен со монета на Роман I Лакапин (920-944) (Ristov, K. 2015, 385, fig. 28). **Сл. 11**

Раритетен е наодот на монета од Маврикиј откриена на тврдината *Маркови Кули* – Водно датирана во 601/602 година (Микулчиќ, И. 1999, 394). **Сл. 12**

Доселување на Словените во скопскиот регион

Во науката постои аргументирана теза дека со т.н. *Прв словенски бран* најнапред биле населени јужните делови од Балканскиот Полуостров и дека тоа се случило кон крајот на VI и во VII век. Притоа, словенските племиња се стационирале во опустените територии на Македонија и соседните подрачја.

Од историските извори, меѓу кои најзначајни се *Миракулите* на *Св. Димитрија Солунски* I и II (Баришиќ, Ф. 1953). Познати се имињата на племињата: Берзити, Драговити/Дрогувити/, Дреговиќи, Струмјани, Смољани, потоа на Халкидик: Сагудати и Ринхини, во Нов Епир – Вајунити, во Тесалија – Велегезити, а најјужно, на Пелопонез – Езерци и Милинци (Седов, В. 1995, 153, рис. 49).

Известувањата на Константин VII Порфирогенит (**ВИ II**) кажуваат дека василевсот Ираклиј **Сл. 10** намерно ги доселувал словенските племиња на Хрватите и Србите во пустосаните балкански покраини на просторите западно и северно од нашите територии. Тие се мошне индикативни како испробан, политички потег со кој требало да заживеат депопулизираните области. Со тоа се создавала одбранбена зона која ја штителa византиската територија, пред сè, од нападите на Аварите и другите номадски, воинствени племиња кои ја населувале Панонија северно од Дунав. Тоа од одделни проучувачи се смета за *Втор бран* на словенско населување, предизвикан по барање на Византија, веројатно, кон крајот на третата деценија на VII век, после крахот на Првиот или Голем аварски каганат и неуспешната опсада на Цариград во 626 година (Ковачевиќ, Ј. 1977).

Што се однесува до скопскиот регион постои и една специфична теза дека кон крајот на VI век тој бил опустошен, но дека словенското населување се случило подоцна, како повратен бран при воените акции на византиските императори против *Склавинијата* во втората половина на VII век (Бошкоски, М. 2009, 64, 65, 137) или многу подоцна (Микулчиќ, И. 1996, 35).

Во VII и VIII век изворите ги споменуваат племенските сојузи – *Склавинијата* како полудржавни заедници на Македонските Словени (Lemerle, P. 1954, 265-308; Popović, V. 1980, 230-265). Од тоа време се познати и имињата на кнезовите и нивните трагични судбини. Тоа се Хацон од почетокот и Пребонд од осмата деценија на VII и Акамир од крајот на VIII век. Улогата на последниов од нив, и меѓу словенската популација, и во византискиот, дворски живот била необично значајна (Бошковски, М. 2007, 39).

Историските извори за прашањето на словенското населување се познати, толкувани на различни начини, но, сè уште оставаат дилеми за неговото разрешување. На археолошките истражувања останува да ја прецизираат оваа проблематика. Кога е во прашање скопскиот регион, со право се очекува резултатите од ископувањата на руралните населби од земјанки и полуземјанки и некрополите над и околу урнатините на неколку локации во Скупи и скопско и нивните продлабочени проучувања да ги дополнат сознанијата за времето на словенското населување во овие подрачја.

Кус осврт на историските прилики во раното средновековие во скопскиот регион

Историската слика на поширокиот простор во текот на VIII-IX век е мошне сложена и во голема мера се рефлектирала на состојбата во нашите подрачја.

Од 711-802 владеела Исавријската династија која била против иконите. Со доаѓањето на власт на енергичниот цар Никифор I (802-811) кој, патем речено, го подржувал култот на иконите и православието, во Византија се случуваат крупни општествени, економски и културни промени. Особено внимание заслужува колонизацијата во словенизираните погранични подрачја на Тракија

и Македонија (Острогорски, Г. 1969, 196). Византиската власт во Илирик била формална сè до воведувањето на тематското уредување кое значело даночна и воена обврска за населението. Како посебна тема, Македонија (со западните делови на Тракија) за прв пат се споменува во 802 година. (Таа била основана меѓу 789 и 802 година). Потоа, во првата половина на IX век со тематска управа биле опфатени и околните територии, макар што во внатрешноста на Балканот тоа не било доследно консолидирано.

За глобалната слика на компликуваната историска и духовна состојба во првата половина на IX век, најзначајна случка е завршувањето на иконоборството во 843 година. Со тоа е ставен крај на несогласувањата што ја блокирале византиската политика од внатре и одново бил востановен култот на иконите. Тоа силно се одразило и на натамошното културно и духовно творештво во областите кои биле во сферата на византиското влијание.

Неизвесно е и со повеќе спротивставени мислења прашањето кога точно областите на скопскиот регион влегле во состав на бугарската држава. Сепак, може да се каже дека меѓу 852 и 864 година, скопската котлина веќе била под бугарска власт. Тоа, секако, било за време на владеењето на кнезот Борис (852-889) којшто после покрстувањето во 864 година го добил и името Михаил. Во тоа време, земјите од Белград, преку долината на Морава, скопскиот регион, сè до охридско-девалското подрачје биле дел од Бугарија (ВИ I, 299; Аџиевски, К. 1994, 32, 33; Бошкоски, М. 2009, 99). Неговиот наследник Симеон (893-927) ја проширил државата до Дунав, Дрина, Јадран и Коринт на југ, добивајќи ја и титулата цар. Во 867 година се случува расколот меѓу Рим и Константинопол, т.н. Мала шизма.

Во борбите меѓу Византија и Бугарија, византискиот цар Лав VI (886-912) (чии монети се откриени нè само во Скупи туку и во *Скопско Кале*), како сојузници ги повикал Угрите со што ѝ нанел големи загуби на Бугарија. Симеон, за возврат, ги вклучил воинствените Печенези од јужно-руските степи. Последиците од овие случувања се многу далекусежни. Угрите се населуваат во Панонија во 896, додека Печенезите силно ќе ги брануваат балканските простори во текот на X и XI век, делумно ќе се инкорпорираат како стратиоти, оставајќи траги од своите воинствени дејствија или населувања, материјална и духовна култура во поширокиот простор, како и во скопското подрачје.

Археолошки наоди од раното средновековие

Со ископувањата во скопскиот регион сé понагласено се навестува постоење на средновековни културни стратуми чии натамошни истражувања ќе одговорат на прашањата за енигматичниот период на медиевалната археологија во овие области.

К. Петров при своите истражувања на *Скопско Кале* забележал остатоци од рурални градби, колиби – земјанки на просторот пред „Кружната“ кула, **Сл. 73** и ги датирал во IX-X век. Тоа го потврдил и И. Микулчиќ при своите истражувања (Петров, К. 1975, 75-76; Микулчиќ, И. 1982, 121).

Керамиката од средновековните сектори во Скупи, од *Клучка – Хиподром* – Скопје, каде врз праисториски остатоци биле откриени траги од населба со земјанки и керамика, како и од Маркови Кули – Водно и од *Скопско Кале* се атрибуирани како ранословенски и средновековни од VII-XIV век, (Ристески, Б. 2002, 71-81; Idem., 2004, 48-71).

Сепак, од она што досега прелиминарно е објавено јасно се согледа дека на огромната територија од 44 хектари над разурнатиот, антички град Скупи животот не само што не престанал со земјотресот од 518 година, туку на повеќе локации, често доста одвоени една од друга, тој продолжил и во средниот век и тоа од VII до XII век! (Јованова, Л. 2016, 33, 34, 45).

Во седумдесеттите години на XX век, при ископувањето на Базиликата со крстилница (Гарашанин, М., Кораќевиќ, Д. 1979, 36, 39, сл. 2) **Сл. 33,** над северниот брод била откриена калотеста печка што го пробила подот на црквата. Во централниот брод на истата базилика две јами биле вкопани во средниот брод, а покрај северниот биле откриени колци од „надстрешник“, веројатно колиба – земјанка (Кораќевиќ, Д. 2002, 158, сл. 110). И во аподиториумот на термите најдени се постурбани траги, објект, јама (силос) во подот, а северно од термите два објекти со 12 простории сидани со кал, многу „примитивно“ во однос на античката сидарија. **Сл. 35** Слични појави имало и западно од монументалната *Цивилна базилика*, со повеќе фази на живот и со „примитивни“ отворени огништа (Кораќевиќ, Д. 2002, 160, 161, сл. 112).

Керамиката се третира како средновековна. Интересно е и непочитувањето на водоводот кој носел вода во термите, па преку него била по-



СЛ. 38 a-d
КЕРАМИЧКИ ФРАГМЕНТИ СО ДЕЛОВИ ОД ГЛАГОЛИЧКИ ЗАПИСИ
a-b НАОД ПОД ПРАГОТ НА КУЌА 1, c-d НАОД ПОД ГОЛЕМАТА ПЕЧКА 4

СЛ. 39 ОСНОВА НА КУЌА 5, СРЕДНОВЕКОВНА НАСЕЛБА
РИМСКИ ТЕАТАР, СКУПИ

СЛ. 39а
ДНО ОД КЕРАМИЧКИ ОТКРШОК
СО ОТИСОК НА ДАВИДОВА ЗВЕЗДА
И БУКВА ОД ЕВРЕЈСКИОТ АЛФАБЕТ
КУЌА 5, РИМСКИ ТЕАТАР, СКУПИ

дигната „постурбана“ градба. За сметка на тоа западно од Калдариумот на термите и Хореумот бил ископан бунар кој го покажува средновековниот концепт на водоснабдување на овие рурални, разединети населби од средниот век. Јужно и југозападно од термите, исто така се среќаваат објекти со „примитивни“ огништа. Југозападно од Калдариумот откриен е под од објект со полукружна форма на ЈИ и со керамика од IX-XI, но и со јама и керамика од VII-XI/XII век. Јужно и западно од оваа јама откриени се 9 скелетни гробови без прилози, со несомнени, христијански карактеристики (Кораќевиќ, Д. 2002, 169-176, Т. 11/1-7).

Во југоисточната некропола на Скупи која брои 5200 гроба констатиран е континуитет на погребување, со мали прекини, од XII век пр. н. е. до XII в.н.е.! (Јованова, Л. 2016, 45)

Со ископувањата на темелните остатоци од *Театарот* во Скупи во периодот 2013-2016 година најдени се само 2-3 седишта од огромното гледалиште кое собирало околу 7000 посетители. Колку време било потребно и за кои сè намени биле користени овие материјали кои се разнесувале и реупотребувале уште од доцната антика треба да покажат егзактните петрографски анализи.

Познато е дека во просторот на орхестрата биле откриени остатоци од доцноантички градби. Со ископувањата на горниот дел од гледалиштето над разграденият театар откриен е уште еден комплекс од колипки и полуземјанки и некропола. Се чини дека на овие простори егзистирале повеќе населби од карактеристичниот, словенски, *разбиен тип* кои биле „поместувани“ во текот на времето. **Сл. 36, Сл. 37ab, Сл. 38a-d, Сл. 39, Сл. 47-66**

Прелиминарните согледувања од досегашните откритија на овој простор временски можат да се определат од IX до XI век. Покрај оваа локација се подигнала и некропола (Толевски, И. 2017, 321-365; Кузмановски, И. 2017, 367-418) **Сл. 37c-f**.

Тоа била рурална населба од отворен, неукрепен тип на чиишто жители очигледно им конвенирале условите коишто ги пружал градот во урнатини, но, веројатно, со одделни зачувани инфраструктурни погодности. Тука, секако, треба да се земат предвид и ресурсите што ги имала околината како обработливо земјиште погодно за земјоделие (ниви, овоштарници, лозја), сточарство, богатство со вода; извори и реки, со шуми и пасишта, со трска, рогузина, што како амбиент им одговарал на живеењето и стопанисувањето (лов, риболов, дрводелство итн.), и на словенските жители на оваа постурбана населба.

На просторот на Р Македонија постојат аргументирани, археолошки сведоштва за присуство на аналогни населби и други траги со ранословенско присуство (Манева, Е. 2013/$_1$, 1266-1275).

Во регионот на северна Пелагонија, над урнатините на доцноантичкиот кастел *Дебреште*, на 25 км северозападно од Прилеп откриена е населба од полуземјанки со словенска провениенција. На тоа наведува и словенскиот топоним на локалитетот (Kravari, V. 1989, 251, ВИ I, 224, 225). Само мал дел од оваа проблематика е публикувана, но, постојат и веродостојни реконструкции на колибите (Манева, Е. 2013/$_1$, 1266, 1267, сл. 3) и на претпоставените калотести печки кои се споменуваат на повеќе локации.

Колиби со *s*идови од плитар и дрвени столпци со сламен покрив се споменуваат и *во Маркови Кули*, Прилеп од X-XI век (Бабиќ, Б. 1986, 225, 233).

И регионите на Брегалничкиот и Струмичкиот басен се сметаат за простор населен со словенско население – (Стримонци или Струмјани) (Панов, Б. 1961, 201-243; Idem., 1982, 46 n. 48).

Дел од научната јавност смета дека Брегалничката епископија и градот Равен биле поврзани со кирилометодиевската мисија од средината на IX век. Словенски траги се навестуваат и на лок. *Кале* Крупиште (Алексова, Б. 1989, 189-202; Eadem., 1989/$_1$ etc.).

Одделни археолошки наоди од околината на Баргала и Штип (земјанка, керамички садови, урни со словенска провениенција и кремирани покојници и др.) одат во прилог на ранословенското присуство во овој регион (Манева, Е. 2013/$_1$, 1266-1269).

Постоењето на „мали колиби“ со „примитивно формирани темели“ од кршени камења и антички цреповi, остатоци од огништа и јами со животински коски и откршоци од словенска грнчарија работена на „примитивно, бавно колце“, лошо печени и исчадени од „отворените огништа“ биле откриени во утврдениот дел на Охрид и врз поликонхалната црква на Плаошник (Маленко, В. 1985, 269, 283).

Евидентно е дека многу наоѓалишта, вклучително и населбата над урнатините во Скупи биле лоцирани во непосредна близина на црковни, ранохристијански објекти **Сл. 32** или како што е случајот во Охрид покрај старите, ранохристијански, биле подигнати и нови цркви.

Траги од словенските паѓански верувања во скопско

Пред да се анализираат останатите наоди, барем оние кои ѝ се достапни на јавноста, а во очекување на поопсежни резултати од овие значајни откритија од раносредновековниот и ранословенскиот период од локалитетот *Театар* во Скупи, треба да се посочи вниманието и на зачуваните траги од стара, словенска религија во скопскиот регион.

За да се прифати новата вера требало да се отфрлат старите верувања за кои св. Климент бил сосема свесен, нарекувајќи ги „бесови и демони“. Меѓу другото се споменува и обичајот на човечки жртви или „ДЪТЕУБИВАНИЕ“ (Илиевски Хр. П. 1989, 266-277). И во Житието на св. Наум се споменуваат паганските, словенски идоли како „КОУМИРИ ДРВЕНИ И КАМЕНИ“ на кои им се принесувале жртви (Илиевски Хр. П. 1989, 270, n. 2-13).

СЛ. 40 ОСНОВА НА ДАВИНА КУЛА, ЧУЧЕР

СЛ. 41 РОГЧЕ – СЛОВЕНСКИ ПАГАНСКИ АМУЛЕТ КРАЈ НА IX ПОЧЕТОК НА X ВЕК, ДАВИНА КУЛА, ЧУЧЕР

Дека овие кажувања во житијата на свв. Климент и Наум за паганските верувања, богови, идоли и жртви не биле измислица туку реалност сведочат трагите од словенското светилиште на лок. *Давина,* с. Чучер на 12 км северо-западно од Скопје. **Сл. 40** На таа локација чиј топоним се врзува за името на богинката Дева (Дива, Сива, Жива) како епифании на Мокош – женскиот пандан на словенскиот бог Перун, постојат пунктови кои упатуваат на паганско светилиште со *Капиште (Кипиште)*, лековит извор итн (Манева, Е. 2013/$_1$, 1273-1274).

Имено, во Давина, во западниот дел од доцноантичкиот бедем откриен е еден целосно зачуван и еден откршен амулет изработени од еленови рогови. **Сл. 41** (Манева, Е. 2008/$_2$, 861-885). Овој вид амулети со приказ на четири глави на горниот дел (две машки и две женски или два божевни пара: Перун и Мокош и Дажбог и Лада ставени под една капа се реминисценција на *Збручкиот идол* изработен од камен како најпрепознатлив репрезент на словенската, паганска религија од IX и преминот кон X век (Рыбаков, А. Б. 1983, 438-470).

Кирилометодиевската мисија и дејноста на свв. Климент и Наум Охридски

Кирилометодиевската мисија во Моравија пропаднала во 885 година. Нивните ученици биле приморани да побегнат прибирајќи се во бугарската престолнина Плиска кај кнезот Борис. Но, таму, црквата основана уште во 870 година била под силно влијание на византиските свештеници со богослужба на грчки јазик и следствено на тоа со неприфаќање на словенската богослужба. Познато е дека во тоа време биле погубени дури 52 бољари како приврзаници на старите верувања и на нивното издвојување од словенската маса. Не добивајќи помош од Византија кнезот Борис се свртел кон Рим, а папата Николај I тоа го прифатил со задоволство. За да се избегне натамошниот судир со етаблираниот клер и моќната бољарска врхушка словенските просветители свв. Климент и Наум биле испратени во Кутмичевица во Охридско-деволските, далечни, западни, гранични покраини (*Кирило-Методиевска енциклопедия*, Том III, 154).

Несомнено е дека овие области биле населени со словенско население за да биде возможно ширењето на просветителската, културната и градителската дејност и покрстувањето на домицилниот јазик.

Формирањето на *Охридската просветна, духовна и книжевна школа* значело и вистинско продолжување на мисијата што ја почнале свв. Кирил и Методиј. Св. Климент од 886 до 893 бил учител и просветител, а од 893 до 916 година бил со чин епископ, додека неговата дејност после 893 ја преземал св. Наум.

Во житијата се вели дека св. Климент „обиколувајќи ги сите области..., тој громогласно им го проповедал на паганите божјото спасение. Во секоја парохија имал избрани (κλῆρος) со кои повеќе од своето време им ги раскривал подлабоките места во Библијата“ (Петар Хр. Илиевски, 1989, 266, 267, n. 1). Во Житието од Теофилакт Охридски се вели дословно дека св. Климент „...на едни им ги покажуваше формите на буквите, на други... смислата на напишаното, а на трети ги нагласуваше рацете, за да пишуваат и не само дење, туку и ноќе... Затоа и неговите ученици биле најдобри од сите по живот и по учење. Од нив поставувал четци, подѓакони, ѓакони и свештеници. Во секоја област тој се служел со триста ученици...“ (од *Житието на св. Климент Охридски* /Теофилакт Охридски/ - според Панов, Б. 1985, 217).

Наведените историски и црковни извори, зачуваните легенди за мисијата на свв. Климент и Наум Охридски (Целаковски, Н. 1974, 21-24; Саздов, Т. 1989, 151-156), како и археолошките наоди упатуваат на тоа дека и населбата со земјанки од Скупи била вклучена во просветителската дејност на св. Климент. Во прилог на оваа теза одат и други аргументи.

Како најегзактен показател за временската припадност, барем во еден период од егзистирањето на населбата е наодот на монета од византискиот василевс Лав VI (886-912). **Сл. 14** (Толевски, И. 2017, 238).

Со археолошките ископувања врз Римскиот Театар Скупи (2013 година) се откриени населба и некропола од средниот век (крај на IX-XI век). Населбата содржела 21 куќен објект, додека некрополата броела 73 гроба со 86 погребувања (Кузмановски, И. 2017, 367-418).

Населбата се состоела од група густо збиени колипки и полуземјанки обележени во основата со локален, кршен камен и црепови од антички тули и тегули. На аглите, овие колиби со правоаголна до трапезовидна основа и мала квадратура од 10 до 15 m^2, се забележуваат остатоци од носечките, дрвени трупци коишто ја држеле сламената, покривна конструкција. Влезовите им биле ориентирани, главно, кон југозапад, а наспроти нив или покрај нив се наоѓаат остатоци од внатрешните отворени огништа оформени од антички црепови. **Сл. 37ab, 39**

Печки, односно огништа се наоѓани и во околниот, надворешен простор, во „дворштата“ каде вообичаено се одвивале многу дејности сврзани со стопанскиот и секојдневниот, домашен живот од жителите на населбата. Овие специфики на домување главно се обележје на словенската популација (Vàňa, Z. 1983, 161-163). Меѓутоа, истовремената некропола источно од населбата и неколку невообичаени, погребни, пагански обреди каде се присутни шаманистички, номадски обичаи (истовремено погребување на покојници, култ на черепот, страв од моќите на покојникот **Сл. 37c-f**) треба дополнително да се анализираат (Кузмановски, И. 2017, 367-418).

Со увидот од автопсија на керамичките садови во населбата се забележани грнинја, паници, чаши, ќупчиња за складирање, сите во разни варијанти датирани, главно меѓу IX и XI со евентуални појави и во XII век (Ристески, Б. 2002, 166-167 etc.).

Интересно е дека меѓу садовите постојат грнинја со кружен отисок од бавно, рачно колце на дното од постарите типови на словенска керамика, како и десетина разновидни печати на надворешната страна на дното од садовите, веројатно, како ознака на различни работилници; манир кој се следи од X-XII век (Рыбаков, А.Б. 1948, 169; Bajalović – Hadzi-Pešić, M. 1981, 47-49, T. X, etc.).

Овој број на 10-тина керамички отисоци од статичниот дел од грнчарското колце е многу голем за да ја отслика реално вистинската продукција во околниот простор. Меѓу печатите доминираат христијанските крстолики форми, но се среќаваат и сè уште неидентификувани знаци (Толевкси, И. 2017, Т. VII).

Хебрејскиот печат втиснат на дното кај еден фрагментиран сад откриен во *Куќа 5* (без попрецизен контекст на наоѓање) е меѓу најзагадочните наоди во населбата од Римскиот театар Скупи. **Сл. 39, Сл. 39а** Претставата на Давидовата ѕвезда – штит и буквата „К“ – „Kју“ (Koff – quf – q) од хебрејскиот алфабет не оставаат сомнеж за неговата припадност. Давидовата ѕвезда спаѓа меѓу најзначајните симболи на Јудаизмот, додека буквата во средината освен сигнатура на име, место и продукција, има и значења на писмен, речовен и бројчен знак (број 100, но со подлабоки, дополнителни толкувања, гематриски, религиозни и монотеистички елементи). Освен што временски се врзува за периодот на крај на IX-X век, просторно и керамолошки овој примерок има релации со наодите од градот Херсонес, некогашно византиско, а потоа хазарско упориште и јудаистички центар (Артамонов, И. М. 1962, 261-282, 303, обр. p. 277, 269, n. 22).

И од Скопско Кале потекнува бокал со врежана Давидова ѕвезда, но од крај на XV-XVI век. **Сл. 284, 284а**

Изненадување е и откритието на два откршоци од керамички садови со врежани графити со глаголички букви. **Сл. 38a-d**

Едниот од нив е дополнително врежан со остер предмет врз постар примерок од откршено грне со брановиден мотив во горниот дел. Зачувани се делови од два реда на глаголички натпис кој сè уште не е сосема протолкуван (Толевски, И., Јакимовски, А. 2017, 357-358). Овој примерок бил откриен под влезот на *Куќа 1* (Јакимовски, А., Толевски, И. 2016, 179-197). **Сл. 38ab**

Вториот керамички откршок **Сл. 38cd** со, исто така, нецелосен, двореден и сè уште неидентификуван, глаголички натпис бил врежан во пределот на реципиентот над рамното дно, но пред печењето на садот. Овој примерок бил најден во слојот со пепел под *Големата Калотеста печка бр. 4* која била лоцирана меѓу колибите и служела за заеднички потреби на жителите на населбата. Местото на наоѓање на овие керамички фрагменти со глаголички натписи и нивното делумно толкување ги отвора прашањата за профилактичката улога на „записите“. Во случајов тоа се совпаѓа и со словенските, маанистички верувања за светоста на куќниот праг и на огништето и нивната поврзаност со култот на претците (Манева, Е. 2017/$_1$, 335, 336, сл. 15аб).

Овие наоди, изгледот на населбата, можноста што ми беше дозволено да обработам дел од накитот кој хронолошки се определува во времето од IX-XI век, релативно големиот број на крстови; привзоци, енколпиони и други крстолики форми **Сл. 116** наведува на помислата дека меѓу жителите на словенската населба со земјанки и колипки над урнатините на театарот во Скупи, како дел од можна *енорија* постоеле ученици, но и клер или граматици кои ги учеле и применувале новосоздадените азбуки во рамките на дејноста на свв. Климент и Наум Охридски.

Накит и метални предмети од Скупи и Градиште, Таор (IX-XI/XII век)

Накитот од раносредновековната населба над урнатините на театарот во Скупи е релативно богат и главно се датира меѓу IX-XI со можност за нешто пошироко детерминирање. Со овие наоди, и покрај скромноста на оваа рурална населба, сепак, се согледува нејзиниот црковен, цивилен и „жилишен“ карактер. Досега се откриени 21 колиба, а на соседниот простор веќе се појавува некропола.

Сличен репертоар на накит се среќава и на локалитетот *Градиште*, с. Таор макар што таму се понагласени елементите поврзани, пред сé со воената функција на тврдината (како во античкиот, така и во средновековниот период) која била значајна за одбраната на стратешката позиција на Таорската Клисура. **Карта I, Сл. 4**

Темелната проученост на нумизматичкиот материјал од локалитетот *Градиште* – Таор, е сигурен репер за неговото егзистирање во средниот век од времето на Роман I Лакапин (920-944) до Алексиј III Ангел (1195-1203) (Ristov, K. 2015, 361-392, Fig. 27). И овој временски период може условно да се сфати и нешто пошироко, но, симптоматично е што и на Скупи нема наоди после XII век. Уривањето на „Кружната кула“ од „комненскиот“ бедем на *Скопско Кале* е означено со



СЛ. 42 НАУШНИЦА – ГРАДИШТЕ, ТАОР, IX ВЕК

СЛ. 43 НАУШНИЦА СО ТРИ КОЛЕНЦА, ТЕАТАР – СКУПИ, IX-X ВЕК

СЛ. 44 ГРОЗДОЛИКА НАУШНИЦА, ТЕАТАР – СКУПИ, КРАЈ НА IX-X ВЕК

СЛ. 45 ГРОЗДОЛИКА НАУШНИЦА, ТЕАТАР – СКУПИ, КРАЈ НА IX-X ВЕК

СЛ. 46 ГРОЗДОЛИКА НАУШНИЦА, ТЕАТАР – СКУПИ, КРАЈ НА IX-X ВЕК

СЛ. 47 СРЕБРЕНА НАУШНИЦА СО ЧЕТИРИ ЈАГОДИ, АРЕАЛ НА БАЗИЛИКА СО БАПТИСТЕРИУМ, СКУПИ X-XI ВЕК

СЛ. 48 УКРАСЕН КОРПУС НА НАУШНИЦА СО ЧЕТИРИ ЈАГОДИ, ОТКУП ОД СКОПСКО, X-XI ВЕК



СЛ. 49 ПРСТЕН СО ПРЕТСТАВА НА ПТИЦА – ПАТКА, ТЕАТАР – СКУПИ, X-XI ВЕК

СЛ. 50 ПРСТЕН СО ПРЕТСТАВА НА ПАТКА, ТЕРМИ – СКУПИ, X-XI ВЕК

СЛ. 51 ПРСТЕН СО ПРЕТСТАВА НА ОРЕЛ, ТЕРМИ – СКУПИ, X-XI ВЕК

СЛ. 52 ПРСТЕН СО ПЕНТАГРАМ, СКУПИ X-XI ВЕК

СЛ. 53 ПРСТЕН СО ПЕНТАГРАМ, ТЕАТАР – СКУПИ, IX-X ВЕК

СЛ. 54 ПРСТЕН СО ПЕНТАГРАМ, ГРАДИШТЕ, ТАОР, X-XI ВЕК

СЛ. 55 ПРСТЕН СО ПЕНТАГРАМ, НЕКРОПОЛА КРСТ, С. ОРЕШАНИ, IX-X ВЕК

СЛ. 56 ПРСТЕН СО ТРИЧЛЕНА РАЗДЕЛБА НА ГЛАВАТА, ТЕАТАР, СКУПИ, КРАЈ НА X-XI/XII ВЕК

СЛ. 57 ПРСТЕН СО КУПЕСТА ГЛАВА, ТЕАТАР, СКУПИ, КРАЈ НА X-XI/XII ВЕК

СЛ. 58 ПРСТЕН СО ЛИТУРГИСКИ НАТПИС: „ГОСПОДЕ ПОМОГНИ!“, ТЕАТАР, СКУПИ, КРАЈ НА X-XI/XII ВЕК

монета од истиот владетел Алексиј III. Можеби, тоа е поврзано и со заземањата на овие области од Калојан во 1203 година.

Меѓу објавениот раносредновековен накит од *Градиште* – Таор, вниманието го привлекува наушницата со лунулест облик на украсниот корпус, со ѕвездолик додаток во долниот дел (Ристов, К. 2006/$_1$, сл. 7). **Сл. 42** Примерокот е лиен од бронза во техника со пробивање. Недостига теглето во горниот дел, но зачувана е ушката во која тоа се закопчувало. Скоро идентичен примерок, потекнува од Подунавјето (од непознат локалитет) и е датиран во VIII-IX век (Бајаловиќ–Хаџи-Пешиќ, М. 1984, Т. XXIII, 2). Поедноставениот изглед на примерокот од *Градиште* – Таор дава за право тој да се датира во IX век.

Трите прстени од Таор: еден со врежан пентаграм, **Сл. 54**, еден со три мали врежани крстчиња (и двата со лентести обрачи и широки, рамни овални глави), како и прстенот со мала кружна, плочеста круна со два пунцирани мотиви на „птичје“ око припаѓаат на репертоарот на X-XI век (Ристов, К. 2006/1, сл. 7).

Меѓу наушниците од населбата со земјанки над урнатините од *Театарот* во Скупи најден е еден примерок на бронзена наушница-обетка со кревка, кружна алка, со кука и ушка за закопчување и со три нанижани коленца. **Сл. 43** Таа датира во периодот IX-XI век со нагласок на пораниот период (Davidson, G. 1952, Pl. 108, n. 2007) и има аналогии во раносредновековните некрополи од Македонија. Имено, еден ваков примерок потекнува од локалитетот *Циганско гробиште,* с. Радолишта, Струга (Манева, Е. 1992, 223-226, Т. 18,$_{86/8a6}$), а други седум наушници со 3 „коленца“ се откриени на локалитетот *Брестo-Бурлатица*, с. Виничени, Велес, од просторот на устието на Брегалница во Вардар (Манева, Е. 1992, 232-234, Т. 18/93/$_{3-11}$). Значајно е да се спомене и тоа дека од оваа локација потекнува и фрагмент од словенската фибула од VII век (Манева, Е. 2013/$_1$, 1270, сл. 1).

Бројчано најзастапени, истовремено и најрепрезентативни меѓу наушниците, односно обетките се трите сребрени примероци со гроздолик додаток во централната позиција на украсниот корпус, додека теглето се закопчувало со ушката на долниот дел. Сите тие се откриени над *Театарот* во Скупи. **Сл. 44, Сл. 45, Сл. 46**

Гроздоликите обетки се меѓу најзастапените накитни предмети на широките подрачја на византиската сфера на влијание, особено во Панонија и на Балканот. Нивната генеза е доцноантичка. Најчесто биле импорт, односно копија на византиското златарство, а како облик одговарале на „словенскиот“ афинитет. Оттаму е и нивната вообичаена „атрибуираност“ на Словените.

Примероците од *Театар* – Скупи по својот изглед се најблиски до егземпларот од *Дебреште*, Прилеп (Манева, Е. 1992, 51-52, Т. 15/$_{67/5}$), односно до најраните примероци од Моравија датирани од крајот на IX, односно од X век (Dostal, B. 1966, 36, 37, obr. 8/21-28).

Со постарите ископувања на просторот околу *Базиликата* со баптистериум **Сл. 33** и јужно од неа, во близина на *Театарот*, меѓу средновековните остатоци била откриена и специфична обетка со четири јаготки, но со елементи од преден тип блиски до гроздоликите форми. **Сл. 47** Оваа обетка датира од крајот на X-XI век.

Во Народниот музеј во Белград се наоѓа долниот, украсен корпус од уште една обетка со четири јаготки по потекло од скопскиот регион. Таа е излеана од сребро и датира од истиот период како претходниот примерок, од крајот на X-XI век (Манева, Е. 1992, 220, 222, Т. 16,$_{80/1}$). **Сл. 48**

Меѓу *средновековните прстени* од Скупи, како и од населбата со земјанки над Театарот, забележани се примероците со широка кружна или елипсовидна, плоснатa глава со врежана птица – патка во профил, **Сл. 49, Сл. 50**, потоа со стилизиран орел со раширени крилја во анфас, **Сл. 51** сите од периодот X-XI век, како и со врежан пентаграм. Последнава претстава е најмногу застапена и се среќава на прстени од *Скупи* **Сл. 52** (Ончевска Тодоровска, М. 2010, 284, сл. 3, 4), *Скопско Кале* **Сл. 53** *Градиште*, Таор, **Сл. 54**, како и на некрополата *Крст,* с. Орешани. **Сл. 55**

Овие три типа мотиви на прстените како карактеристичен репертоар се забележани и на локалитетот *Одрци* во Бугарија и се датираат во периодот X-XI век (Дончева-Петкова, Л. 1999, Т. XLVII, 616-620, 624-627).

Мотивот на пентаграм кој доминира меѓу прстените, познат е уште од IV век и има многу комплексна и амбивалентна симболика, но истовремено се смета и за еден од основните христијански мотиви. Преку овој идеограм се согледува идејата за богочовекот Исус Христос и *стигмата* - нанесените пет рани на распетието. Со тоа тој станува еден вид пандан на Крстот (Jobes, G. 1962, 1252).

Прстените со покревка структура со мотив на пентаграмот се среќаваат од IX-X век, а во XI век пентаграмот се јавува и кај лиените примероци, за потоа, во почетокот на XII век постепено да се напушта неговата употреба (Davidson, G. 1952, 238, Pl. 104/$_{1872-1873}$; Aleksova, B. 1966, Pl. XIX, 216-217, 229-230)

Меѓу средновековните прстени од Скупи се најдени и примероци со „тричлена разделба на главата“, како *renovatio* на античките свршенички форми **Сл. 56** со широко датирање меѓу крајот на X до XII век (Манева, Е. 1992, 85, 86, Т. 80), потоа оние со нагласени рамена и глава, полно лиени, типични, исто така, за крајот на X до почетокот на XII век и за локалната продукција (Манева, Е. 1992, Т. 77-79).

Во руралната населба над *Театарот* во Скупи најдени се уште два типа прстени чие византиско потекло и нешто полуксузната изработка се несомнени. Тоа е прстенот со висока, полукалотеста (до конусовидна) глава, типичен и чест наод во периодот од крајот на X до почетокот на XII век, како поскап, сребрен производ со посложена изведба; со примена на филигран и гранулација и со мошне кревок, лентест обрач (некогаш и филигрански!) (Манева, Е. 1992, 86, Т. 80, 81). **Сл. 57**

Конечно, меѓу прстените што колегата Игор Толевски љубезно ми ги отстапи за обработка од автопсија спаѓа и прстенот со типичниот, литургиски, грчки натпис во два хоризонтални реда ΚΕΒΟ ΗΘΗ, односно *Господе, помогни*! Натписот е изведен врз пространа кружна глава која поминува во лентест, широк обрач. Тие биле омилени од крајот на X до пред крај на XI, но не е исклучено да се употребувале и во текот на целиот X до почетоците на XII век (Гатев, П. 1977, 42, 43, обр. 6). **Сл. 58**

Полно лиените копчиња со печуркасти глави, од доцниот X-XI век се дел од репертоарот на оваа култура и значи навестување за изгледот на облеката со словенска провенциција (Манева, Е. 1992, 115, сл. 2, машки гроб бр. 38).

Релативно големиот број на крстови откриени во средновековната населба подигната врз урнатините на Римскиот театар Скупи сам по себе кажува за христијанската припадност на голем дел од месното население. Тоа на своевиден начин, уште еднаш ја потврдува тезата за влијанието на мисијата на свв. Климент и Наум Охридски.

Најдените примероци се прелиминарно објавени (Толевски, И. 2017, Т. VI). **Сл. 116** (Поглавје V).

Археолошки траги од номадска материјална култура во скопскиот регион

При ископувањата на делови од руралните населбински остатоци во Скупи (Ончевска Тодоровска, М. 2005, 21, 23), *Градиште, с.* Таор (Ристов, К. 2006, сл. 9, Idem, 2015, Fig. 26), како и необјавени примери од *Скопско Кале* и еден евидентиран од *Кале* с. Лешница од реонот на Матка (Димитрова, Е. et al. 2011, 74) откриени се разновидни метални елементи – аплики за ремени со номадска, односно доцноном адска провениенција. **Сл. 59a-c, Сл. 59j, Сл. 59g-i, , Сл. 60a-f, Сл. 61, Сл. 62, Сл. 63**

на ова место ќе бидат прелиминарно претставени оние кои ни беа достапни.

Со оглед на тоа што со нивната презентација се отвора ново поглавје во средновековната археологија на Македонија, се прави кус осврт на оваа интересна проблематика. Истата заслужува многу попродлабочена студија што пак, од друга страна, излегува од рамките на концепцијата на ова, релативно популарно издание.

Измина повеќе од еден век откако во стручната литература се полемизира, во стотици стручни и научни трудови, за намената, облиците, начинот на примена, провениенцијата, симболиката и другите специфики на металните додатоци за ремени кај номадските популации од средновековието.

И во поновата литература, ова прашање останува мошне актуелно со тоа што се навестуваат и одделни, поверодостојни сознанија (Werner, J. 1974, 109-139: Khalikova, E.A., Kazarov, E. P. 1977; Платнева, А. С. 1981; Spinei, V. 1996; Дончева-Петкова, Л. 1999; Eadem, 2005 etc.).

Нивното присуство е забележано во археолошките локалитети на огромните простори почнувајќи од неверојатните, скандинавски наоди кај Варјазите (750-850), (Hedenstierna – Jonson, Ch., Holmquist Olavson, L. 2006, 22-31 etc.) преку делови од Западна и Централна Европа (Werner, J. 1974, 109-139; Ковачевић, J. 1977; Spinei, V. 1996; Dumitriu, L. 2001 etc.) во Прицрноморието, Закавказјето, Поволжјето, во Јужноруските степи, во Новгород, Лагада и северните европски области, сè до Централна Азија (Платнева, С. А. 1961; Eadem., 1981; Артамонов, И. М. 1962; Khalikova, E. A., Kazarov, E. P. 1977; Мурсаева, В. В. 2000 etc.). Балканот, исто така, е територија каде овој вид археолошки наоди се присутни и обработувани во помала или поголема мера (Davidson, G. 1952, Pl. 115; Бајаловиќ – Хаџи-Пешиќ, М. 1984; Дончева-Петкова, Л. 1999; Eadem, 2005; Дончева, С. 2013, 152-170 etc.).

Оттука, нивната појава на територијата на Република Македонија и конкретно во скопскиот регион не изненадува.

Наодите на метални аплики од скопско **Сл. 59a-f – Сл. 63** се разновидни, но со непознат, археолошки контекст. Секој од нив има десетици аналогии распрснати ширум огромните, наведени простори од Европа и Азија. Згора на тоа, кај различни автори има посочено и различни етнички носители, па и временската припадност не се поклопува заради очигледното долго траење на одделни форми. Од тие причини, во оваа фаза на истраженост се чини беспредметно инсистирањето на нивно дословно детектирање.

Нивното глобално претставување значи само посочување на општите проблеми во врска со нив. **Сл. 64**

Имено, постојат многу отворени прашања и контроверзи кои ја обременуваат оваа проблематика. Пред сè, тоа е етничката етикетираност на носителите, временската атрибуираност, дисперзираните центри за производство, симболиката на ликовните претстави, компонирањето на елементите и нивната намена, типот на подлоги: кожни ремени (коњанички, коњски) украси на утилитарни предмети, торбички итн. **Сл. 65**

Како значаен исчекор во научните толкувања за нивната употреба е аргументираното сведоштво за амулетското значење и секундарната примена како гробни прилози во женските и детски гробови на метални аплики од печенешките, коњанички и конски орми од X-XI век во некрополите во Одрци во Бугарија (Дончева-Петкова, Л. 2005, 175).

Она што е заедничко за овие материјали во наизглед неспоивите простори од културата на средноварјошкиот период (750-850 година), преку германските, словенските, туркменските, азиските, номадски народи итн., е општата прифатеност на источниот коњанички костим кој подразбира употреба на кафтан, препашан со појас и со соодветна коњаничка и коњска обружба. Појасот кај номадските, азиски народи (за разлика од античката, индоевропска облека која е од поинаков тип) значел ознака на родова, кланска, статусна припадност, имајќи и практична и/или парадна примена.

Хуните со своите продори први ја носат оваа облека во Европа уште од крајот ан IV век, за потоа да се зачести нивното присуство со доаѓањето на другите номадски племиња.

Кога станува збор за упадите на доцноном адски народи кои поминувајќи ја дунавската граница доспевале до Македонија, пустошејќи некогаш и населувајќи се, асимилирајќи се како



СЛ. 59 (a-f)
СКУПИ –
ЕЛЕМЕНТИ
ОД
НОМАДСКИ
ГАРНИТУРИ

СЛ. 59 (g-i)
СКУПИ –
ЕЛЕМЕНТИ
ОД
НОМАДСКИ
РЕМЕНИ

СЛ. 59 j
СКУПИ –
ЕЛЕМЕНТ
ОД
НОМАДСКИ РЕМЕН
СО СРЦЕВИДЕН ОБЛИК



СЛ. 62
АПЛИКАЦИЈА
ОД
НОМАДСКИ РЕМЕН,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 63
АПЛИКА
ОД
НОМАДСКИ РЕМЕН,
КАЛЕ, ЛЕШНИЦА – МАТКА

И покрај недостигот на податоци за начинот на откривање, за метричките, технолошко-техничките и металографските карактеристики на наведените материјали, недовршените истражувања на Скупи, *Градиште,* с. Таор итн., сознанијата дека има откриени уште слични наоди чие публикување ќе донесе пошироки сознанија, сепак, христијани – стратиоти или неповратно заминувајќи во своите матични подрачја, не може, а да не се споменат: Печенезите, Узите, Половците и Куманите.

Интересен е и податокот од Скилица кој забележал дека Јован Владислав, последниот владетел од Самуиловата династија во 1017 година

СЛ. 60 (a-f) АПЛИКИ
ОД НОМАДСКИ ГАРНИТУРИ,
ГРАДИШТЕ, ТАОР



СЛ. 64 ПОЈАСНА,
НОМАДСКА ГАРНИТУРА –
РЕКОНСТРУКЦИЈА,
(СПОРЕД J. WERNER)

СЛ. 61 ЈАЗИЧЕ
ОД НОМАДСКИ РЕМЕН,
ГРАДИШТЕ,
ТАОР



СЛ. 65 КОЊСКИ ОГЛАВНИК
ОД РЕМЕНИ СО МЕТАЛНИ АПЛИКИ –
РЕКОНСТРУКЦИЈА,
(СПОРЕД Н. А. КИРПИЧНИКОВ)

ангажирал платенички одред од Печенези за борба против византиската војска на Василиј II.

Но, и Византија во своите сложени, дипломатски односи и деликатните врски со номадите, во склад со помпезните, церемонијални постапки на номадските првенци им дарувала патрикиски статус и богати дарови, а за возврат си го „купувала“ мирот и уште ги покрстувала воинствените бранови на народи кои непрекинато надирале од северните и азиските простори.

Во литературата одамна се понудени идејни решенија за изгледот на појасите и коњската обружба на номадската аристократија. Посочени се и голем број на центри за дистрибуција и изработка на овие аплики. Што се однесува до примероците од скопско, се надеваме дека дополнителните истражувања ќе пружат поконкретни решенија.

• • •

Во текот на археолошките ископувања на *Скопско Кале* во 2009 година откриен е интересен примерок на коскен држач од камшик. **Сл. 66** Типолошки тој припаѓа на широко датираните варијанти од IX-XIII век (Кирпичников, Н. А. 1973, 71-75, рис. 40-42). Обликуван е од рогови изрежани во облик на птица – грабливка (орел, сокол), чиј врат се стеснува за на него да се прицврстат исплетените кожни ленти од камшикот. **Сл. 66** Издлабената кружна перфорација (во вид на око на птичјата глава) е местото каде се вовлекувал прстот на јавачот.

СЛ. 66
КОСКЕНА ДРШКА ОД КАМШИК,
СКОПСКО КАЛЕ

Камшиците имале инсигниско и култно значење, но и практична улога која упатува на сплотеноста на коњот и коњаникот. Со вибрациите и страничните замавнувања, без удари, коњот се управувал според желбите на јавачот. Притоа, се постигнувала интуитивна синергија; без тврдо седло, без подбоднување со мамузи, без потковување.

IV РАСТОТ И ПРОЦУТОТ НА СРЕДНОВЕКОВНАТА МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА, СКОПЈЕ ОД X-XIV ВЕК

Скопско Кале или *Горниот град* на средновековно Скопје е лоцирано на возвишение кое доминира над околината со надморска висина од ~ 260 m. *Калето* е оддалечено од античко Скупи 6 км низводно по Вардар – или 1 час обично, пешоодно движење. **Карта I, Сл. 4**

Истражувајќи ја етимолошката изведенка на топонимот Скопје од Скупи, С. Антољак ги набројал, се чини, сите варијанти од овој корен кои се среќаваат во пишуваните извори од грчки, латински и словенски јазици, сè до податоците од современото доба. Иако списите на Стефан Византиски се третираат како компилација на доцноантички (528-554 година) со подоцнежни додатоци, Антољак во делото на овој автор *За градовите* го гледа првиот помен на градот (Антољак, С. 1985, 810) ∑κόποι. Без оглед на издржаноста на оваа претпоставка, без сомнение, градот Скопје по своето значење во средните векови бил она што и Скупи во антиката – најзначаен, урбан пункт во скопскиот регион: Урнисаниот, сјаен антички град Скупи, всушност, само се „помести“ на местото на некогашниот војнички логор и одново како град Скопје го достигнал својот подем, постанувајќи значаен средновековен (едно време дури и кралски и царски) центар, урбано јадро кое зрачело со својата стратешка, економска и културна моќ.

Првите податоци за *Скопско Кале* како значаен археолошки локалитет потекнуваат од 1885 година кога при својата посета на овие краеви го нотирал англискиот археолог Сер Артур Еванс. Тој, исто така бил заинтересиран и за локалитетите *Градиште* кај с. Таор и оние кај с. Бадер. Притоа, се задржал на етимолошката поврзаност на имињата на овие две села во скопско со родното место на царот Јустин I, односно неговиот внук Јустинијан, споредувајќи ги со античките имиња што ги споменува Прокопиј како *Тавризион* и *Бедериана* и со привлечноста за можната убикација на мистериозната *Јустинијана Прима*.

Од крајот на XIX до почетоците на XX век следат серија посети и проучувања на средновековното Скопје од многу учени; патописци, археолози, историчари, етнолози, архитекти, историчари на уметноста, филолози итн., коишто пишувале и го изучувале минатото на градот, неговата околина, *Калето*, неговото материјално и духовно наследство (В. Кнчов, Ј. Хаџи-Васиљевиќ, Н. Вулиќ, Р. Грујиќ, А. Дероко, Ј. Трифуновски, К. Петров, Т. Томоски, В. Мошин, С. Антољак, Ж. Винчиќ, Б. Бабиќ, И. Микулчиќ, А. Шукарова, В. Лилчиќ-Адамсен, М. Бошкоски, Д. Митревски итн.).

Во 1953 година, откако *Скопско Кале* престанало да служи како воена касарна биле преземени првите, археолошки ископувања (Гоцкова-Славска, П. 1955). Притоа, биле откриени остатоци од праисториски култури.

Со земјотресот во 1963 година биле нанесени големи оштетувања како на современо Скопје, така и на *Скопско Кале*. Тогаш биле сериозно погодени и современите музеи и Заводот за заштита на спомениците на културата кои биле лоцирани на тој простор.

Во 1967/8 година биле преземени пообемни, археолошки истражувања на *Скопско Кале* кои се фокусирале на заштитните бедеми, кулите и воопшто на откривање на периметарот на градот (Бабиќ, Б. 1971, 45-54; Бабиќ, Б., Микулчиќ, И.

1983, 55-63; Микулчиќ, И. 1982, 118-128; Винчиќ, Ж. 1971 и др.).

Во периодот 2000-2004 година биле извршени оддели, превентивни, конзерваторски работи на *Кале* кои, сами по себе не донеле нови сознанија за локалитетот.

Скопско Кале – Стратиграфска слика

Со интензивните, систематски, археолошки и конзерваторски кампањи во периодот 2007-2014 година изведени од екипа под раководство на Д. Митревски од Филозофскиот факултет, Институт за историја на уметноста и археологија, УКИМ од Скопје беше „истражена површина од околу 90% од локалитетот“. Останатите околу 10% се сметаат за нужна резерва која според современите археолошки стандарди и прифатени конвенции би овозможила евентуални, подоцнежни контролни испитувања (Митревски, Д. 2015, 18, 19). **Сл. 67**

Следејќи ја фактичката состојба после овие обемни ископувања, стратиграфската структура на *Скопско Кале* се покажа мошне сложена. Таа може да се сведе на постоење на живот во пет долги епохи: праисторија, антика, среден век, отоманско и современо доба. Во тие рамки егзистирале 10 културни периоди со по еден или повеќе слоеви и тоа K-I до K-X (Митревски, Д. 2016, 8, 9).

K-I е населба од *постариот енеолит;*

СЛ. 67 ПЛАН – ОСНОВА НА СКОПСКО КАЛЕ СО СИТЕ ВРЕМЕНСКИ ЕТАПИ (СПОРЕД Д. МИТРЕВСКИ)

K-II и K-III се населби од *раното* и *средното бронзено доба;*

K-IV претставува *Преоден период* (XII-X в. пр. н.е.);

K-V може да се подели на две фази: K-Va како *Рана* антика и K-Vб како *Римски царски и доцноантички период;*

K-Va е *Рана антика* (V-IV в. пр. н.е.), или период кога *Скопско Кале* било култно место за поширокиот простор. Најдени биле жртвени јами и култни предмети, додека најстарата монета е бронза кована од Александар III Македонски. Крајот на овој период, веројатно, го означиле Келтите и нивниот продор во 280/279 год. пр. н. е..

K-Vб или *Римскиот, царски и доцноантичкиот период* не обилува со наоди во „конзистентен, археолошки контекст“ (Митревски, Д. 2015, 8). За тоа придонеле и нивелациите на теренот и подоцнежното, интензивно ползување на овој простор. Меѓутоа, наодот на четириесетина антички монети почнувајќи од времето на Нерон (54-68) па сè до Јустин II (565-578), наодот на три фрагментирани фибули од крајот на III-IV век карактеристични и за римската воена опрема, **Сл. 69а-с** недостигот на помаркантни, населбински наоди во римскиот период упатуваат на постоење на воен кастрон кој имал улога да го штити Скупи како, впрочем, и останатите крепости во околината, подигнати на важни стратешки позиции. **Карта I** Во прилог на оваа констатација се и податоците за римските некрополи на левиот брег на Вардар покрај Камениот мост, на Бит-пазар и во Тавталиџе (Enciklopedija JAZU, Том 4, 216).

СЛ. 69 а-с
РИМСКИ ФИБУЛИ,
СКОПСКО КАЛЕ,
КРАЈ НА III-IV ВЕК

СЛ. 68
РИМСКА МОНЕТА
ОД ВРЕМЕТО
НА АНТОНИНИТЕ,
СКОПСКО КАЛЕ

Состојбата во Царството била нестабилна уште од времето на Антонините. **Сл. 68** Хаосот што ја зафатила римската војска меѓу 235 и 284 година (Острогорски, Г. 1969, 50), пљачкосувачкиот продор на Готите и Херулите регистриран на овие простори во 267/8 и 268/9 година, на глобален план резултирал со обнова на тврдините ширум Царството. Тие биле со текот на времето разградени во сигурните времиња на *Pax Romana.* Дел од нив, потоа се подигале од темели на важните стратешки позиции. Оваа дефанзивна активност, особено, била застапена со реформите на Диоклецијан (284-305). **Сл. 1** Ваквата состојба и наодите на римски империјални монети на *Скопско Кале* претставуваат валиден аргумент за оваа претпоставка. Извесно е овде да бил подигнат, а потоа и обновен претпоставениот кастрон кој служел за сместување на воените посади за одбрана на Скупи во немирните времиња на антиката, сè до времето на Јустин II кога овој простор, веројатно, бил напуштен. **Сл. 8**

Според стратиграфскиот модел на културни поделби Д. Митревски следејќи ја фортификациската и населбинска шема, средните векови на *Скопско Кале* ги евидентира како K-VI и K-VII. Притоа K-VI е означен како *византиски* и во него се вбројува и *Самуилова доба,* преку впечатливата *комненовска* фаза и поголемиот дел од немирниот XIII век сè до 1282 година. Падот на Цариград од крстоносците во 1204 година и политичкиот хаос што настанува после тоа во сферата на византиското влијание се огледува и преку историските збиднувања во Скопје. Со голема брзина се менуваат владетелите и државите на кои им припаѓал градот. Од Калојан во 1203, преку Стрез до 1214, потоа српска, епир-

ска, па бугарска доминација во времето на Иван Асен II и уште неколку куси владеења и упади од соседните држави за во 1261 одново да биде востановена византиската превласт.

К-VII, како *зрело доба на средновековието* се смета периодот од заземањето на Скопје од српскиот крал Милутин во 1282 година, па сè до неговото освојување од Османлиите во 1392 година. **Сл. 70**

во рамките на пространата Отоманска империја. Значајно е и тоа дека во 1492 и 1495 година во овие краеви помасовно се доселуваат и Евреите – Сефарди од Шпанија и Португалија внесувајќи нов импулс во економскиот, културниот и духовниот живот **Сл. 284, Сл. 284a (**Манева, Е. 2013/2, 1957-2032).

Следната фаза од отоманското владеење е периодот меѓу две големи катаклизми; катастрофалниот земјотрес од 1555 до страотното опожарување на градот од Пиколомини и неговите војски во 1689 година и непосредните последици од тоа; економското пропаѓање, чумите и други несреќи.



СЛ. 70 ПЛАН – ОСНОВА НА СКОПСКО КАЛЕ ВО СРЕДНИОТ ВЕК СО НЕДВИЖНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРЕНОТ (СПОРЕД Д. МИТРЕВСКИ)

К-VIII е времето на *Ранатa отоманска* етапа кога *Скопско Кале* или *Kala*, односно градот – *шехер* чие име се транскрибирало во Üsküp го живее својот живот како важно административно средиште на *санџак* и воен центар на *крајиште*

Етапата К-IX се протега од околу 1700 година сè до XIX век (*доцна отоманска фаза*), а потоа следи *модерното* доба или К-X кое завршува со големиот земјотрес во 1963 година (Митревски, Д. 2015, 36-41, План 11).

Улогата на касарна која *Скопско Кале* ја имало во отоманско време продолжила и потоа во периодот на кралството СХС, како и во рамките на ех Југославија сè до 1953 година.

Оваа повеќевековна употреба на локалитетот за воени потреби дополнително ги девастирало културните слоеви со претпоставените нивелации на теренот и дејствијата во склад со намената.

Од 1953 година просторот на *Калето* бил наменет за музејска и рекреативна дејност.

По извршените археолошки и ископувања, следат процесите на конзервација и презентација со уредување на три музејски депанданси. Императив се, во секој случај и публикувањата на откриените наоди.

Средновековен период на Скопско Кале

Кус осврт на историските збиднувања и археолошките сведоштва

Наодите на монети на археолошките локалитети се најчесто материјалите што се најблиску до непобитното сведоштво за животот во тој простор. Се разбира дека и тука постои доза на случајност, на долго траење на некој наод или на отсуство на стоковно-паричен систем за сметка на натуралното стопанисување, вообичаено пред сè за раното средновековие.

Од досегашниот увид во нумизматичкиот фонд откриен на *Скопско Кале* и во руралната, раносредновековна населба над урнатините во *Скупи,* најстарите откриени монети припаѓаат на Лав VI (886-912), **Сл. 14** додека на *Градиште*, с. Таор на Роман I Лакапин (924-944).

На *Кале,* потоа, се откриени во континуитет и монети на Константин VII (913-957), Роман I Лакапин (924-944) и потоа со поголема бројност следат Јован I Цимискиј (969-976), Василиј II (976-1025) **Сл. 77ab** и натаму речиси сите византиски ковања од XI до XIV век, како и венецијански, бугарски и српски серии, ковањата на одделни самостојни господари од втората половина на XIV вклучително и емисиите на самиот град „Скопје“. **Сл. 92** Освен тоа откриени се и засолнети депоа со монети, како во *Кале*, така и во околината. **Сл. 77ab – Сл. 85ab, Сл. 92**

И за време на Отоманската империја се почитувала традицијата на градот Скопје за ковање на пари и почнувајќи од 1471 година почнала да работи монетоковачница (*дарајана*). Таа престанала со работа кога и многу други, ширум Царството со посебна забрана од султанот во 1640 година (Манева, Е. 2013/$_2$, 1987, 1988).

Во средновековието Скопје најчесто бил административен, духовен и стратешки центар за што сведочат и десетиците печати **Сл. 86** (Mihajlovski, R. 2012, 145-158). За разлика од него безимената, раносредновековна рурална населба над разурнатиот Скупи била привлечна за живот заради економските ресурси погодни за стопанисување кои овозможувале релативно добра егзистенција на нејзините жители.

Од втората четвртина на X век во Македонија почнува да зема замав богомилството, една во основа антиплутархиска, антидржавна и дуалистичка ерес која со текот на времето ќе се засилува и во разни варијанти ќе се проширува во околните региони сè до Европа.

Градиште – Таор, пак, и според местоположбата во Таориската клисура, но и според карактеристиките на археолошките наоди меѓу кои доминираат елементи од оружјето и војувањето на сметка на населбинските остатоци, несомнено имало, пред сè одбранбена улога на крепост која била во функција на заштита на поширокото подрачје. **Сл. 11 Карта I** Истата улога ја имале и другите околни крепости меѓу кои поопстојно е истражувана значајната тврдина *Маркови Кули* – Водно. **Сл. 12, Сл. 13a-f, Карта I**, **Сл. 4**

Успешната одбрана на крепостите зависела од природните предиспозиции на теренот. Возвишенијата биле најпогодни за нивната локација, доколку биле позиционирани на места подалеку од дострелот на фрлачките, опсадни справи на непријателот. Реките како природна бариера, исто така, се ползувале при подигањето на тврдините. *Скопско Кале* ги имало сите тие погодности, како и стратешката позиција и комуникациската пристапност. Всушност, ова последново, често имало и спротивен ефект, затоа што градот бил често изложен на нападите токму заради главната, балканска комуникација С - Ј на која бил сместен. **Карта I, Сл. 4**

Интересно е да се спомене и тоа дека околу северната страна на *Скопско Кале* се забележани длабоки ровови, со широчина од околу 10-тина метри кои биле дополнителна пречка при напади-

СЛ. 71
БЕДЕМ СО 2 ФАЗИ
НА SИДАЊЕ,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 72
БЕДЕМ И УЛИЦА –
ВНАТРЕШНА СТРАНА,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 73„КИКЛОПСКИ“ БЕДЕМ –
СО КРУЖНА КУЛА
ОД ВРЕМЕТО НА КОМНИНИТЕ,
СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 73а ДЕЛ ОД „КИКЛОПСКИ БЕДЕМ“ СО КРУЖНА КУЛА

СЛ. 74
„КИКЛОПСКИ“ БЕДЕМ – ДЕТАЉ
СО ВООЧЛИВИ СПОЛИИ ВО SИДАРИЈАТА,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 75
ИСТОЧНА ПОРТА –
РЕКОНСТРУКЦИЈА,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 76
ЈУЖНА ПОРТА –
РЕКОНСТРУКЦИЈА,
СКОПСКО КАЛЕ

те на непријателските војски (Трајковски, К. 2013, 1491). Може да се претпостави дека тоа е дел од одбранбениот систем на Самуиловата држава, односно на т.н „деми“ кои се употребувале во клисурите и рововите со поставување на дрвени палисади како заседа.

Бедемот на *Скопско Кале* кој функционирал во времето на Самуил (976-1014) и неговите наследници (Гаврило Радомир (1014-1015) и Јован Владислав (1015-1018), веројатно бил во употреба донекаде и во текот на XI век, со претпоставени доградби заради бурните и насилни настани што го одбележуваат векот. Иако се нарекува Самуилов, не е исклучено тој да бил во основа античка оставина. **Сл. 71**

Имено, почнувајќи од времето на востанието на комитопулите, историските извори, следејќи ги настаните во овие области, споменуваат многу градови и тврдини. Без сомнение тие биле, главно, обновувани постари, постоечки крепости подигнати на погодни стратешки места и покрај сè уште зачуваната античка, патна мрежа. Заради цврстината на нивната градба тие биле прилагодувани и доградувани за потребите на новосоздадената Самуилова држава. Во ова време се вршени доградбите на *битолската тврдина (*односно на античка *Хераклеа*), копањето на заштитни ровови во ЈЗ дел и подигањето на дрвени палисади на крепоста *Цареви Кули* – Струмица, со подигање на специфичен одбранбен бедем (дема), како и други интервенции со кои овие антички тврдини се оспособувале за употреба во средновековието (Манева, Е. 2018/$_1$, 75-90; Rujak, Z. 2016, 23).

Познато е дека Самуил и неговите наследници: Гаврил Радомир и Јован Владислав покрај престолнината во Преспа, а потоа во Охрид, имале и подвижни престолнини – резиденции во Прилеп, Битола и Сетина. Меѓутоа, со освојувањето на новите, огромни територии во околните земји, просторот на Самуиловата држава премногу се зголемил и Скопје како „природен центар на Балканот“ (Оболенски, Д. 2002, 9) се наметнал како значаен, стратешки пункт. Впрочем, вообичаено било, средновековните владетели да поседуваат повеќе *резиденции* погодни за лов и одмор и *рефугиуми* или збегови каде се повлекувале во случај на опасности кои биле побезбедни и опашани со силни бедеми.

Оттука и прашањето дали во времето на Самуил и неговите наследници, среде сите воени дејанија било можно од темел да се подигаат нови тврдини.

Луцидната и темелна анализа што своевремено ја извршил К. Петров на остатоците од бедемот од фазата K-VIa на *Скопско Кале* се изродила во хипотезата, дека истиот бил надограден врз остатоци од евентуалниот, антички кастрон. Овој бедем бил sидан во јадрото со полнетица од поситен, кршен камен залеан со малтер и во *opus incertum* или во слог од покрупни, кршени камења употребени за лицевите страни. Меѓутоа, Петров покажал дека ширината на бедемот од 266 см, со отстапување од ± 5 см одговара на римскиот модул, односно на 9 римски стопи (Петров, К. 1958, 230, 231). **Сл. 72**

Нема сомнение, дека овој бедем бил уриван и разградуван во бројните битки што се одвивале во и околу Скопје во XI век.

Уште во 991 и 1003 година во борбите со Византија градот паѓал под нејзина власт. Заради значењето на Скопје, градот по пропаста на Самуиловата држава во 1018 година станал византиски центар на новоосвоените територии. Тој бил во својство на катепанат, а потоа и седиште на дукс. За време на Комнините заповедниците ја добива-

СЛ. 77 a-b
ВАСИЛИЈ II
(976-1025)
АВЕРС И РЕВЕРС

ат титулата *дукс*, додека *катепан* која била еквивалент за тематски управник, постанува титула на заменик на дуксот. Кон крајот на XI и преминот во XII исчезнуваат и многу други титули. Во грамотите на Василиј II од 1018/1019 година Скопје се споменува како епископски центар и заедно со околината е доделен под јуриздикција на Охридската архиепископија.

Во врска со тоа, стои и тезата изнесена во претходното поглавје за особините на наодите од руралната населба од Скупи, дека претходниот црковен статус на *енорија* постоел и во овој регион.

Населението од Скупи по XII век, веројатно, делумно се сместило во подобро бранетиот простор на *Кале* (?). *Градиште,* с. Таор било, исто така, уништено (според нумизматичките сведоштва) на преминот на XII кон XIII век. Градот Скопје го продолжил животот и покрај сите напади и уривања во вековите што следат. А тие биле многубројни. **Сл. 71 – Сл. 74** Подолговечна и повеќе пати обновувана била и тврдината *Маркови Кули* – Водно, **Сл. 12,** План I

Скопје и неговите градби сигурно доживеале големи разорувања и за време на востанието на Петар Делјан и Тихомир во 1040-1041 година. Подоцна, како центар на востанието на скопскиот првенец Ѓорѓи Војтех и зетскиот принц Бодин во 1072 година, преживувал слична судбина. Кон крајот на векот се случуваат и нападите на Норманите, а не изостанале ни српските пустошења. Константин IX Мономах (1042-1055) почнал со инфлаторските процеси на „расипување“ на вредноста на металите во монетоковањето. Во следните периоди таа криза се продлабочува, така што почнале да се претопуваат и скапоцените, особено црковните посатки.

Алексеј I (1081-1118) со т.н. *харистикија* или давање на манастирите и нивните поседи на управување на световни личности се обидел да ги зајакне позициите на овие осиромашени институции (или да ја ограничи нивната моќ). Но, злоупотребите биле сè почести. Самиот Алексиј I во време на норманската наезда посегнал по црковните скапоцености за следната 1082 година одново да забрани нивно претопување. Тоа, се разбира, и самиот не го почитувал во годините на војни и кризи што следеле.

Тоа не ги запрело инфлациите, но допринело дел од овие скапоцени посатки да ги запознаваме или преку ликовните и пишувани извори **Сл. 16, Сл. 29** или пак преку скриените азна кои се наоѓани случајно или со археолошки ископувања. **Сл. 99, Сл. 100 – Сл. 120**

Не може точно да се каже кога бил подигнат византискиот т.н. *Киклопски* бедем иако има јасни показатели дека бил изграден врз постарите темели. **Сл. 72** Тој е монументален, граден со крупни блокови од зеленикав травертин врзан со розов, хоросан малтер во специфичен слог, со многу антички сполии вградени при sидањето, а донесени, веројатно, од урнатините на Скупи. Бедемот се нарекува уште и *комненовски*, судејќи по монетите на Алексиј I (1081-1118) и Јован II Комнен (1118-1143) најдени при фино чистење на неговите површини, факт кој заслужува внимание, но не мора да биде меродавен толку за неговото подигање колку за хронолошка определба на неговото функционирање. Забележани се дури седум насилни уривања, односно стилови поврзани со оваа фаза.

Во своето дело „Географија“ арапскиот патописец Ел Идризи, околу 1153 година поминувајќи многу градови низ Македонија дава свои видувања и коментари за нив. За Скопје (Ускуфија) вели дека е „голем град со непрегледни обработени полиња, со многу лозја и зрнести култури“ (Недков, Б. 1960, 37).

Од археолошки аспект особено е интересна аголната, Кружна кула во чии урнатини, последната, најмлада монета припаѓа на Алексиј III Ангел (1195-1203), како и во *Градиште* – Таор. Во текот на XII век таа кула имала улога и на станбен објект за видни личности од градот (за градскиот заповедник - кефалија). Во внатрешноста е откриен и фрескоживопис (Митревски, Д. 2015, сл. 33, 39). **Сл. 73, Сл. 73а, Сл. 74** Во 1203 година

СЛ. 78 ab
МАНОЈЛО I КОМНИН
(1143-1180),
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 79 ab
ИСАК II АНГЕЛ
(1185-1199),
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 80 ab
ИВАН АСЕН II
(1218-1241),
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 81 ab
ЈОВАН III ВАТАЦ
(1222-1251),
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 83
ЛОРЕНЦО ТИЕПОЛО
(1268-1274/5),
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 85
АНДРОНИК II ПАЛЕОЛОГ
(1282-1328),
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 82 ДЕПО СО МОНЕТИ:
46 ЗЛАТНИ И 77 СРЕБРЕНИ.
КРАЈ НА XIII ВЕК, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 86 ДЕЛ ОД СРЕДНОВЕКОВНИ ПЕЧАТИ – БУЛИ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 84 СРЕБРЕНА ОСТАВА СКРИЕНА ВО ГРНЕ (МОНЕТИ И ПАР НАУШНИЦИ – СЛ. 131). КРСТ, УСЈЕ – СКОПЈЕ

кога градот бил заземан од Калојан Кулата била демолирана и затрупана така што претставува значајна „затворена археолошка целина“. Материјалите најдени во неа во текот на ископувањата во 1967/8 година имаат прецизен *terminus ante quem* во годината 1203 што е од посебен интерес при нивното датирање (Поглавје IX). **Сл. 250a-d – Сл. 252, Сл. 254 – Сл. 256**

Турбулентните времиња што следат во XIII век за Скопје почнуваат од 1203 кога градот до смртта на Калојан во 1207 бил под бугарска доминација. Потоа од 1207 до 1214 со Скопје владее Стрез, независниот господар на Просек, а по неговото убиство градот потпаѓа под српска власт. Следи епирска доминација од 1218-1230. По битката кај Клокотница во 1230, па до 1246 година со Скопје владее бугарскиот цар Иван Асен II, **Сл. 80** за потоа да потпадне под власта на Никејското царство. Со куси упади од други владеења, конечно од 1261 во Скопската област одново е воспоставена, обновената византиска власт на Палеолозите. Со српските освојувања на кралот Милутин во 1282 година почнува ново културно поглавје. Со тоа Скопје добива значење на политички центар на династијата на Немањиќевците постанувајќи нејзин главен град.

Во оваа етапа од своето постоење градот преживеал големи промени. Пред сè на падините на *Калето*, особено во источниот дел се проширило градските предградија кои се заштитиле со одбранбени ѕидови. На тој начин се издвоил *Горниот град* како *акропола* на владетелите. Централниот дел на тврдината бил ограден со внатрешни бедеми во правец З-И по целата негова основа. Средновековната некропола на градот била лоцирана во подножјето на Гази-Баба (Enciklopedija JAZU, Том 4, 216). **Сл. 89, Сл. 90** Околу 200 гроба, надгробни плочи и наоди (необјавени) се откриени во југоисточниот дел на *Кале* околу крстообразната црква **Сл. 88**, некропола е констатирана и во дворот на црквата Св. Спас (**Карта I**), во Старата Скопска чаршија **Сл. 140**, итн.

На оваа најмаркантна позиција бил изграден и резиденцијален комплекс – владетелска палата со повеќе придружни објекти. За жал, истата е премногу оштетена со подоцнежните интервенции и намени на овој простор. **Сл. 87**

Од овој период, кон крајот на XIII век, веројатно, потекнува и крстообразната црква, сместена на најистакнатото плато во југоисточниот агол на *Калето.* **Сл. 88** Постои основано мислење дека се работи за црква посветена на Св. Богородица.



СЛ. 87
ПАЛАТА – РЕЗИДЕНЦИЈАЛЕН КОМПЛЕКС И МНОШТВО ЈАМИ, ЗАЧУВАНИ ОСТАТОЦИ НА ТЕРЕНОТ, СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 89
НАДГРАДБА ПЛОЧА НА ЗАПОВЕДНИКОТ НА ТВРДИНАТА СТЕФАН ПОРЌА, СКОПСКО КАЛЕ, 1318 ГОДИНА



СЛ. 90
НАДГРОБНА ПЛОЧА НА МАРИЈА ПАЛЕОЛОГИНА ОД ЦРКВАТА „СВ. ДИМИТРИЈА“, 1355 ГОДИНА

СЛ. 88
ЦРКВА ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД СКОПСКО КАЛЕ, СО ДОПОЛНИТЕЛНИ АДМИНИСТРАТИВНИ, СТАНБЕНИ, ЕКОНОМСКИ ОБЈЕКТИ И НЕКРОПОЛА

Околу црквата бил подигнат и заштитен ѕид со влез од запад, со инфраструктурни градби (чешма, водоводен и одводен систем) со остатоци од придружни конаци, административни, станбени и економски објекти, работилници и др., како и со некропола (Митревски, Д. 2015, 36, План 6, 10, сл. 48, 49). И непосредно пред „Кружната“ североисточна кула, надвор од бедемот биле откриени остатоци од црква, веројатно, од времето на Милутин, чија половина била целосно уништена со подигањето на отоманскиот бедем (Петров, К. 1975; Лакалиска, С. 2004, 72-80).

Теодор Метохит, великиот логотет од Константинопол во своите записи вели дека во 1299 година во Скопје имало *Долен град* обѕидан со бедеми. Тој го споменува и мостот на Вардар ма-

кар што не дава подробни податоци за неговиот изглед. Во тоа време на *Кале* се споменуваат *Воденаша* и *Кружнаша ѿирѓа* (кула), *Големаша ѿорша,* палатите, дворците, црквите (Поглавје V) и други зданија.

Археолошките наоди на надгробни плочи од поранешните ископувања (има и новооткопани, но не се публикувани) од кои во едната се споменува името на Стефан Порќа, од 1318 година, веројатно, заповедник на тврдината со прикажан клуч на градот **Сл. 89**, како и онаа на Марија Палеологина од 1355 година **Сл. 90** најдена кај црквата Св. Димитрија се дел од општествената врхушка која живеела и била погребана во Скопје во XIV век. (За златната наушница која се припишува на оваа личност, со двоглав, палеологовски орел и иницијали М ПА и златниот медаљон со алмандини од „растуреniот гроб“ во Ѓуриште, Св. Николе види Maneva, E. 2005, cat. no. 22ab).

За изгледот на градот зборуваат и инфраструктурните објекти, реконструкциите на портите и придружните објекти **Сл. 75** (*Источна ѿорша*) **Сл. 76** (*Јужна ѿорша*).

Кралот Милутин кој владеел во Скопје до 1321; како и другите членови на династијата Немањиќевци подигнале многу црковни објекти од кои спорадични се и разурнати оние во самиот град, додека се зачувани извонредни паметници во неговата околина (Димитрова, Е., Коруновски, С., Грандаковска, С. 2013, 1573, 1645, 1643, 1744-1754 etc.). По битката на Велбужд во 1330, Србија веќе го преземала приматот над околните простори.

За престижот на градот во оваа епоха зборува и фактот што најмоќниот владетел на оваа династија, Душан дефинитивно се крунисал за цар во Скопје во 1346 година. Тоа се случило во присуство на српскиот патријарх Јоаникиј, охридскиот архиепископ Никола и трновскиот патријарх Симеон. Крунисувањето се извршило во црквата *Св. Боѓородица Троеручица* каде бил благословен од новиот српски патријарх. Св. Богородица била заштитничка на градот Скопје и нејзе и се посветени повеќе цркви. (Види V поглавје). **Сл. 124ab**

Кога Скопје постанал царска престолнина, Скопската епископија добила статус на митрополија и првопрестолна архиепископија.

Во 1349 година, во присуство на српскиот патријарх и охридскиот архиепископ бил озваничен и *Душановиоѿ Законик*, односно првите 135 членови. Пет години потоа се додадени уште 66 нови членови така што Законикот содржи 201 член (1354 година).

Како и кралот Милутин, и неговите претходници и наследници и царот Душан не преферирал да „столува“ во една престолнина. Вообичаено било (за разлика од Византија со Цариград, Бугарија со Плиска, Преслав или Велико Трново итн.) да се патува и престојува на разни резиденцијални места (дури и во привремени шатори) во чија близина, сепак, постоел сигурен, добро заштитен и непристапен збег.

Скопје во оваа етапа на живот е многу често споменуван во пишуваните извори, особено значајни податоци се добиваат во списите за необичната женидба на кралот Милутин и малата византиска принцеза Симонида.

За ова време постојат и релевантни ликовни извори во фрескоживописот со кои се расветлуваат и детали за датирањето и изгледот на одделни археолошки артефакти.

Она што е од особена важност за материјалната култура, особено за применетата уметност, но и за економијата и нумизматиката е присуството на саските мајстори, рудари и златари кои на балканско тло стигнале уште од 1241/42 и 1254, во XIII век, а нивното влијание се чувствувало и со векови потоа, особено со активирањето на старите рудокопи (Манева, Е. 2007, 29).

За археолошката оставина значајни се и други поединости од времето на кралот Милутин. Така на пример тој имал телесна гарда (која вообичаено како и кај останатите владетели броела до 300 воини) составена од платеници од редовите на Куманите, Татарите, Осетите од Кавказ, но и од западноевропски витези. Наодот на дршка од камшик во вид на орлова или соколова глава можно е да припаѓал на некој намерник, стратиот или платеник од Скопско Кале. **Сл. 66** Тука, секако, спаѓале и домородните велможи: баштинари и пронијари чиј надомест не бил паричен, туку во вид на земјишен посед и други имоти.

Српската превласт над балканските простори особено се зголемува по победата кај Велбужд во 1330 година над сојузот меѓу Византија и Бугарија при што погинува и бугарскиот цар Михаило. Во воените походи на кралот, односно царот Душан учествувале велможите-*баштинари* кои за сметка на добиените наследни поседи биле должни на повик да се вклучат во војните, поведувајќи со себе и зависни селани.

Според чл. 42 од Душановиот законик: „И сите баштини да се слободни од сите работи и даноци на Царството мое, освен да даваат соќе

СЛ. 91
ДУШАНОВ ЗАКОНИК
(ФРАГМЕНТ)

(паричен данок) и во војска да војуваат според Законот“ (Новаковиќ, С. 1898, 38).

А според чл. 48 биле дефинирани и велмошките инсигнии; плаштот бисерен и појасот златен (како и коњот и оружјето).

Српските владетели на заслужните велможи покрај раскошните облеки им дарувале и појаси со улога на инсигнии. Тие биле изработувани од боена кожа или свила со златни и сребрени апликации, така што некогаш најраскошните тежеле и по 2-3 килограми. На фрескоживописот тоа е доследно прикажано. **Сл. 289** Оваа древна традиција зачувана од библиски времиња, секако е примена преку искуството од Византија.

Во војската биле вклучени и *пронијариѿе*, потоа *краишницише* во граничните области и наемниците.

Последниве биле платеници, телесна гарда, постојано присутна покрај владетелот. Она што е битно за севкупната материјална култура и на овие простори е фактот дека наемната војска на Стафан-Душан се состоела, главно од западноевропски, пред сè германски витези, а главен заведник преку две децении им бил витезот Палман. Неговото влијание во воената тактика, оружјето, хералдиката (Манева, Е. 2016, 54-99, сл. 1-19, Т. I-IV) со тоа и во накитот, применетата уметност и воопшто во начинот на живот бил многу голем. Трагите од тоа се вградиле во многу домени од културата преобразувајќи се и во обнародени феномени.

Од ова време постојат детални описи и за класниот и професионалниот состав на жителите на Скопје.

Во управната власт се споменуваат: севаст градски (виш администратор), вестијар, финансиски управник, прахтор (даночник), изгонџија (курир), судија (велики, мали, жупски), казнец (геометар), писец (надзорник на катастар) и кнез жупски.

Меѓу воената врхушка спаѓаат: кефалија (градски и заповедник на Горни град или Кефалија Кулски), стратори (офицери) комес (заповедник), „страж граду“.

Интересен е составот на граѓаните и нивните занимања: златари, ковачи, оружари, макелари (месари), гребенари, дромохари, апоклисари, винари... Како прислужници на господарите биле: коњух, волобер, ѓеракар (соколар), псар (кој се грижи за ловечките кучиња), коморник, пехарник итн (Томоски, Т. 1999, 123, n. 95-102). Тука треба да се претпостават и духовниците, клерот, трговците, како автохтони така и доселеници итн. Градителите-архитекти, зографите, уметниците на применетата уметност, воените конструктори, скрипторите, ресодери и други учени луѓе, секако, биле жители на градот.

Според наодите од археолошките ископувања и историските записи меѓу главните занимања биле земјоделството, сточарството, но и ловот, риболовот, пчеларството, дрводелството, кожарскиот, грнчарскиот, стакларскиот и други занаети **Сл. 200 – Сл. 206** Обработката на ткаенините: предење, ткаење, шиење, везење итн. делумно биле во доменот на женските ракотворби. **Сл. 216 – Сл. 219**

Постоењето на писари-граматици **Сл. 121** во центар каков што бил Скопје, не само што се подразбира, туку за тоа сведочат и реквизитите откриени како археолошки наоди. **Сл. 122 – Сл. 123ab** Големиот број на пломби го потенцира значајниот административен, црковен и економски статус на Скопје. **Сл. 86** (Mihajlovski, R. 2012, 145-158).

Тешко е да се одговори со археолошки аргументи каде и како живееле сите тие сталежи.

(Освен споменатите, но не документирани и необјавени колиби од IX-X век (Петров, К. 1975, 75-76; Микулчиќ, И. 1982, 121).

Она што се знае за станбената архитектура и што не се наоѓа на територијата на подградијата кои и денес се активно населени и недостапни за ископување се неколкуте објекти на просторот на *Горниот град*. Тие живеалишта за обичните граѓани биле ѕидани со плитар, поставени врз плитки темели од поситен камен, со дрвени, малтерни или земјени подови и покриви од ќерамиди или слама (Митревски, Д. 2015, сл. 53).

Според Законикот на цар Душан (чл. 127) се знае дека дел од зависните, закрепостени поданици служеле во „градозидание“, а дел во „градобљудание“ или денонокно стражарење и чување на градовите. Овие дејности биле посебна обврска во мирнодопски услови. Затоа и не чуди големата градежна дејност во оваа епоха.

По изненадната смрт на царот Душан во 1355 година, од 1356 во Скопје престојувал и Димитрија Волкашин најнапред како жупан, па челник и деспот, а во 1365 тој бил крунисан за крал и совладар на младиот Стефан Урош V, наследникот на цар Душан. **Сл. 21**

Проширувајќи ги своите територии кралот Волкашин го прогласил својот првороден син Марко за свој наследник со титулата Млад Крал или Крале со седиште во Прилеп. По смртта на кралот Волкашин во битката кај Марица во 1371 година Крале Марко го поседувал Скопје до 1377 година. Потоа, со градот и околината завладеал севестократот Вук Бранковиќ, синот на господарот на Охрид Бранко Младеновиќ, значаен велможа уште од времето на царот Душан. Како господар на Скопје тој владеел сè до освојувањето на Османлиите на 6 јануари 1392 година. Значајни се неговите активности во монетоковањето, особено на самостојната емисија што била кована од градот „Скопле“. **Сл. 92**

Зачуваните делови од наводниот севастократорски појас на Бранко Младеновиќ кој му се припишува нему сè уште ја бранат научната јавност во медиевистиката. Во тој поглед е, особено интересен амблемот на т.н. *растечки лав* со кирилски натпис на неговото име БРАНКО кој е прикажан на овие фрагменти, а потоа и драконот и рајската птица. Појасот е од доцниот XIV век. Тој бил византиски производ изработен во техника *chysokentema* погодна за аристократската одежда (Byzanium, 2004, 310, fig. 185). Интересно е да се спомене дека раскошната плаштеница на скопскиот епископ Јован од XIV век денес се чува во Хилендар.

СЛ. 93 КРАЛОТ МАРКО И КРАЛ ВОЛКАШИН. ПРЕТСТАВА НА ЈУЖНИОТ ПОРТАЛ ОД ЦРКВАТА „СВ. ДИМИТРИЈА“ – МАРКОВ МАНАСТИР

Синовите на Волкашин поседувале имоти во околината на Скопје: Крале Марко во североисточните делови каде, веројатно и го довршил раскошниот храм *Св. Димитрија*, с. Сушица, а Андреаш во северозападните каде во 1389 година е изграден и живописан манастирот *Св. Андреја* на Матка. **Карта I**

Полиелејот со дедикација на кралот Волкашин од манастирот Св. Димитрија или *Марков Манастир* с. Сушица се смета дека бил поставен во чест на крунисувањето на Крале Марко меѓу 10 јуни 1370 и 31 август истата година (Аџиевски, К. 1994, 243).

Овој артефакт, одамна е влезен во најзначајните дострели на уметноста од доцниот XIV век. **Сл. 95**

Фрескоживописот во внатрешноста и на западната влезна партија, со претставата на св. Димитрија и сите елементи од актуелното коњаничко наоружување претставуваат неисцрпен ликовен извор за детекција на многу сегменти од материјалната култура во последните децении на XIV век.

На надворешниот, јужниот ѕид од Марковиот манастир насликани во 1376/77 и 1389/90 година мошне илустративно е прикажан статусот на Кралот Марко. Од една страна е насликан кралот Волкашин кој веќе одамна бил мртов, но со кралски инсигнии. (Зачуваноста на фреската е мошне лоша). Од другата страна Марко е прикажан на црвена позадина со сите кралски инсигнии: облечен е во пурпурен дивитисион украсен со бисери

СЛ. 92
НЕЗАВИСНО КОВАЊЕ НА МОНЕТИ НА ГРАДОТ „СКОПЛЕ“, КРАЈ НА XIV ВЕК

и бесцени камења. Во левата рака држи свиток со натпис во кој се вели дека тој како „благоверен крал Марко го создаде и наслика овој Божествен храм“. Во десната рака го носи окованиот рог како библиска метафора за „вториот Давид“. Со тоа се нагласува дека тој е миропомазен крал врз кого се излеал *Светиот Дух*. Во Стариот завет се вели: „зошто ти си похвала на силите нивни и со Твоето благоволение се издига нашиот рог“ – Псалм 88: 17; „И јас ќе го направам првородениот син, повисоко од земните цареви“ Псалм 88: 27; „и ќе го продолжам за секогаш неговото потомство и неговиот престол – колку деновите на небото“ – Псалм 88: 29 etc. (*Свето писмо,* Скопје, 1991², 733).

Она што најмногу фасцинира во оваа претстава на Кралот Марко е круната украсена со бисери која е од затворен тип (аналогна на *камелавкионот* иако е нешто помала од онаа на неговиот татко Кралот Волкашин) и со одвај видливи, висечки препендулии од бисерни низанки. Околу главата е прикажан и нимбот (Ђурић, В. 1974, 80-83). **Сл. 93**

И покрај сите молитви и почести, династијата на кралот Марко не е долговечна. Тој погинал во 1395 година како отомански вазал, но останал запаметен како последен легитимно крунисан крал.

Неговата личност е најопеаната легенда во која се напластиле подвизите на јунаците од минатите времиња и преку која се опева самопочитта за иднината. Со тоа е создаден култ кој живее на многу пошироки простори, опеан во огромни епски циклуси така речи до денешни дни (Цепенков, М. 1968).

Уште само св. Климент со сè уште живите преданија во македонското усмено творештво, како и Крале Марко се толку моќни што во народната имагинација можеле да ги втиснуваат своите стапалки во каменот како сеќавање за нивната духовна моќ и неизбришливо присуство на овие простори (Целаковски, Н. 1974, 21-24).

V ХРИСТИЈАНСКА БОГОБОЈАЗЛИВОСТ ПРЕДМЕТИ НА КУЛТОТ И ВЕРАТА

Христијанството е заедничкиот именител за духовноста, културата, уметноста, менталитетот и начинот на живот во текот на целото средновековие на овие простори. Уништената антика преку зачуваниот, религиозен светилник продолжува да живее во Византија и уште еден милениум да зрачи на околниот свет, вклучително и на нашиот. Среде сенишните урнатини, светите ранохристијански комплекси од IV до VI век продолжуваат да ги собираат околу себе и новодојдените популации постанувајќи средишта на средновековните населби за живите и некрополи – вечно почивалиште за мртвите.

Не навлегувајќи во тоа кога точно во овие краеви било прифатено и практицирано христијанството, како најизвесен, почетен датум, за негово официјализирање би можела да се земе втората половина на IX век. Тоа е, всушност, периодот на просветителската и црковната дејност на свв. Климент и Наум Охридски. И покрај одделни паганski **Сл. 41** (Манева, Е. 2013/$_1$, 1272-1275) и еретички манифестации, особено богомилството (Козма Презвитер – *Беседа против богомилите*), сè до османлиските освојувања кон крајот на XIV и помасовното доселувањето на Евреите – Сефарди кон крајот на XV век, христијанството е единствената религија на средновековието во Македонија и во скопскиот регион.

И покрај присуството на разни суеверија, преобразени, архаични преданија, „паганski“ празнувања (Манева, Е. 2013/$_3$, 89-98), народни обичаи во врска со најзначајните моменти во човековиот живот и со сите искушенија од секојдневието, во односот кон смртта итн. основата на сите тие дејанија останува во рамките на христијанската доктрина. Тоа значи дека сè се случува со божја промисла, стравот од ништожноста после смртта се победува со вербата во вечен живот и воскресение, сè е возможно под закрилата на Севишниот и на светителите, а тие пак, можат да се смилуваат со молитви и да помогнат ако се биде богобојазлив и трпелив, како најважни постулати во соодветниот, христијански, морален кодекс.

Највисоките општествени слоеви; владетелите и велможите граделе божји храмови, а црковниот клер го ширел и продлабочувал духовниот живот, макар што со својот авторитет често учествувал и во световната власт.

Воините од највисоките слоеви до закрепостените колони, како и останатите претставници на обичниот народ, со сесрдна побожност се обидувале да ја поднесат суровоста на реалниот живот и на војните.

Црковната историја на Скопје и скопскиот регион е мошне сложена и подложена на многу промени поврзани во крајна линија и со политичката историја. Одделни акценти од неа се прикажани на ова место доколку се поврзани со расветлување на археолошките остатоци или артефакти, коишто се основна преокупација на овој преглед.

Црковната историја на Скупи, чија традиција на своевиден начин се одразила врз средновековната христијанска оставина на Скопје и неговата околина, е многу проучувана и позната на научната јавност.

Како епископско седиште, црковниот живот на Скупи е добро организиран, а познати се и влијателните епископи и нивната дејност во христијанските собори и взаемните односи со центрите во Рим или Константинопол. (Види напред Поглавје III).

Со повеќедецениските ископувања во Скупи се откриени христијански, базиликални градби со специфични конструкции, помала временска припадност и можеби различна намена. Со својата монументалност (53 x 16,20 m) веројатно, во својство на катедрална црква доминира *базиликата со атриум* откриена во 2008 година (Ончевска Тодоровска, М. 2009, 281-292; Eadem, 2015, 267-288). **Сл. 34**

Базиликата со баптистериум лоцирана во југозападниот дел, покрај театарската зграда (првично наречена *Базилика II*) е датирана до земјотресот од 518 година (Кораќевиќ, Д. 2002, 131) или во времето од крајот на V почетокот на VI век (Лакалиска, С. 2000, 11-13). Таа е со поскромни димензии (39 x 18 m), тробродна е, со биконхален баптистериум на југоисточната страна и пастофорија на северната страна од нартексот. Се смета дека оваа базилика, околу која се најдени доцноантички остатоци **Сл. 33** и била во врска со средновековните рурални населби чии делови се откриени на повеќе сектори: *Улица, Терми, Цивилна базилика, Театар итн.* во Скупи. Најдени се и гробови со христијански погребен ритус.

Специфичниот средновековен населбински репертоар над урнатините од Театарот почнувајќи од колибите и полуземјанките, како и движните наоди (керамика, накит, крстови, монети, алатки, нешто оружје, утилитарни предмети и керамички отркшоци со два глаголички графити итн.) во времето на дејствувањето на свв. Климент и Наум и создавањето на *Охридската просветна и книжевна школа*, даваат за право да се верува дека овде постоела *енорија.* (Поглавје III).

Почнувајќи од втората половина на IX век, за време на бугарското владеење во скопската област се споменува постоење на епархии на чело со епископи. Тие биле присутни во поголемите градови меѓу кои, покрај Охрид, се наведува и Скопје. За статусот на Скопје во составот на пространата Самуилова држава зборува и постоењето на скопската диецеза. Во апсидата на катедралната црква Св. Ахил на островот Аил на Преспа, меѓу наброените 14 епархии се наведува и Скопската, за потоа, околу 1000. година таа да биде во состав на самостојната црковна организација со седиште во Охрид (Снѣгаровъ, И. 1924, 23).

После пропаста на Самуиловата држава во 1018 година Скопје е административно седиште на катепанат. Василиј II ја прогласува и автокефалноста на Охридската архиепископија со сите привилегии и со епископи потчинети директно пред царот кој истовремено го назначува и архиепископот. (Првиот, назначен од него, Јован бил со словенско потекло.) Тој издал и три хрисовули во 1018/19 и 1020 година со кои ги гарантирал независноста, границите и финансиските привилегии за свештенството – клерот и црковните прислужници – париците. Меѓу трите категории на епархии, според финансиската моќ, во таа пригода, Скопската е определена во рангот на првостепените со по 46 клирици и 30-40 парици (Снѣгаровъ, И. 1924, 62). Притоа, во Скопската епархија покрај главниот град Скопје (именуван како *civitas*) влегувале уште 4 помали, сè уште неидентификувани тврдини: *Винетцин, Пеаморон, Ликован* и *Принитон.*

Сето ова зборува за високиот административен и црковен статус на Скопје што е компатибилно и со археолошките наоди во периодот од X-XI до XIV век (а и потоа во рамките на Османлиската држава).

Еден податок од Јован Скилица е битен за разбирање на поврзаноста на архиепископијата *Јустинијана Прима* што како вообичаена титуларна традиција во средновековието, во случајов била пренесена на Охридската архиепископија. Тоа е резултат на обновата на Јустинијановото право во времето на Василиј I (867-886). Со дооформувањето на *Василиките* од Лав VI (886-912) во законскиот кодекс целосно била инкорпорирана CXXXI *Новела* на Јустинијан. Со тоа и номинално бил пренесен и тој традиционален формат врз Охридската архиепископија чиешто траење почнало од 1019, па сè до укинувањето од *Високата порта* во Цариград во 1767 година.

За тоа дека градот *Јустинијана Прима* не бил лоциран на просторот на *Скопско Кале* беше елаборирано напред. За тоа нема потврди во досегашните археолошки истражувања на тој простор, така што нејзината местоположба сè уште е дискутабилна.

За зачуваните имиња на изурнатите средновековни цркви од Скопје

Адекватно на стекнатиот ранг, во Скопје биле подигнати десетици цркви како на градското подрачје така и во неговата непосредна околина. За жал, воените пустошења, катастрофалните земјотреси, палежи, насилни уривања, пренамената на просторот за други потреби и непрекинатиот континуитет на живот на ареалот на градот, придонеле на територијата на *Скопско Кале* и неговите подградија одвај да бидат зачувани, незначителни траги од некогашните прославени, монументални сакрални, како и профани градби.

На основа зачуваните записи, повелби и хрисовули, К. Петров направил опсежни истражувања и сериозни анализи со претпоставки за местоположбата на средновековните цркви во Скопје и за светителите на кои им биле посветени (Петров, К. 1969; 157-174; Idem, 1975, 78-81).

Не придржувајќи се кон хронолошката припадност на црквите од Скопје, што како принцип е и невозможно да се спроведе со оглед на недостигот на податоци, нивниот преглед се прави според

СЛ. 124 ОРИГИНАЛНИОТ ИЗГЛЕД НА ЧУДОТВОРНАТА ИКОНА НА СВ. БОГОРОДИЦА ТРОЕРУЧИЦА ПРЕД НЕЈЗИНОТО ПРЕПОКРИВАЊЕ СО ЗЛАТНА ОПЛАТА И СО СКАПОЦЕНОСТИ ВО XIX ВЕК. ВО ДОЛНИОТ ДЕСЕН АГОЛ Е СРЕБРЕНАТА ОПЛАТА ОД РАКАТА НА СВ. ЈОВАН ДАМАСКИН. ДО XIV ВЕК СЕ НАОЃАЛА ВО СКОПЈЕ ВО КАТЕДРАЛНАТА ЦРКВА „СВ. БОГОРОДИЦА ТРОЕРУЧИЦА“, ВО СВОЈСТВО НА ЗАШТИТНИЧКА НА ГРАДОТ. ПОТОА, ПО БУРНИ ПАТЕШЕСТВИЈА, ТАА Е ОДНЕСЕНА ВО ХИЛЕНДАР ВО СВЕТА ГОРА, КАДЕ СЕ ЧУВА И ДЕНЕС

претпоставеното значење и зачуваните списи во врска со нив.

Црквата *Св. Богородица Троеручица* била катедрална. Се претпоставува дека била лоцирана во најблиското подградие, меѓу *Калето* и р. Серава. Нејзиното особено значење произлегувало од големата, чудотворна, литиска икона донесена од Ерусалим. **Сл. 124ab**

Епизодата од нејзиното егзистирање и улогата што ја имала оваа икона во средновековно Скопје од каде се ширел култот кон неа и на пошироки от регион во духовен, ликовен и цивилизациски домен се меморирал и во народното, културно наследство. (Maneva, E. 2017/$_2$, 157-165).

Легендарноста на оваа икона почнува со сториите врзани за животот на големиот христијански теолог св. Јован Дамаскин (680-749). Во склад со неговиот став против еретичката доктрина на иконоборството, тој ја чувал иконата во параклисот на сопствениот дом во Дамаск. Сирија во тоа време била под арапска власт. Калифот го ангажирал св. Јован Дамаскин како грамотен и честит човек за советник одговорен околу прашањата на христијанското население.

Дали со лична наредба на византискиот цар – иконоборец, Лав III Исаврijанецот или заради неговата клевета доставена до калифот против божемната нелојалност на св. Јован Дамаскин (всушност, против неговите писанија во одбрана на иконите), овој доблесен мудрец бил неправедно осуден и му била отсечена десната рака.

Преданието вели дека со вдахновено бдение и молитва пред оваа икона, неговата рака се зацелила. Покрај другото и тоа придонесло да се зацврсти убедувањето во лечбените и другите многубројни моќи на иконите, како медиуми за взаемна синергија меѓу молителот и Бога.

Според востановениот обичај, иконата да се дарува за исполнетото молебдение, св. Јован Дамаскин го донирал сребрениот отисок од исцелената рака. Таа била аплицирана во долниот агол на иконата, под десната Богородичина рака со

која го придржува Младенецот, Исус Христос. Оттука, оваа икона која е во основа од типот на Богородица Одигитрија ΜΡ ΘΥ οδηγή [τρια] го добива епитетот Троеручица (Τριχερούσα).

Станува збор за литиска икона со големи димензии: 0,94 x 0,67 m, двострано насликана во темперна техника со древна рецептура. И додека на предната страна е претставена Божјата Мајка со малиот Исус во десната рака, на другата е прикажана допојасната фигура на св. Никола на чиј омфорос крстесто е запишан криптограмот Ф Х Ф П (Φῶς Χριτοῦ Φαίνει Πᾶσιν) со значење: „Светлоста Христова осветлува сè“.

Надвор од легендарните, обнародени преданија, според големите познавачи на средновековниот иконопис, старата, оштетена, излитена, но и најпочитувана престолна икона на Богородица Троеручица била пресликана од извонреден, византиски уметник од средината на XIV век. Тоа се случило во времето на кралот и цар Душан (1331-1355). Нејзиното главно светилиште во тоа време било во престолниот град Скопје (Богдановиќ, Д. Ђурић, J. B., Медаковић, Д. 1978, 112, сл. 93).

За личноста на царот Урош (1355-1371) се врзуваат верзиите околу веројатноста дека иконата Богородица Троеручица од Скопје била одново испратена за Света Гора. (Можеби, тоа било сторено подоцна, после нејзиното претходно засолнување во манастирот Студеница).

Одзунот за неа одново посилно одекнува во историските документи – особено во руските записи од XVII-XVIII век (Бенчев, И. 1996, 175-182, n. 10-190). Во тоа време и потоа, интересот за оваа икона се интензивира, а се дисперзира и преку ликовните, печатени, графички листови (Haustein-Bartsch, E. 1993, 7-17).

Обнародувањето на култот кон Богородица Троеручица на особен начин е оваплатено преку истоимена икона од Слепченскиот манастир, Демир Хисар насликана во 1626 година од непознат иконописец. Во црквата Богородица Троеручица, како катедрална, се одвивал и чинот на крунисување за цар на Душан во 1346 година.

Заради верувањето во чудотворноста, св. Богородица постанува *paladion* – заштитничка на градот и од тие причини нејзе ѝ се посветени уште неколку цркви во градот. (Впрочем, св. Богородица била заштитничка и на Константинопол.)

Во тој поглед, интересна е и црквата кај *Големата врата* на тврдината, чии остатоци се најдени со ископувањата 2007-2014; **Сл. 88** Можно е, оваа црква да е од типот *Св. Богородица челница*, онаа која го штити градот при влегување во него.

Во повелбата на византискиот император Андроник II од 1308 се споменува и црквата *Св. Богородица* на монахот Ксенофон или онаа на велмошката *Боришчина* сместена на самото *Кале* јужно од „кружната“ кула. Подоцна таа била „пресечена“ со бедемите од османлиски период. Во нејзина близина откриено е депо со скапоцени црковни предмети засолнети во некои кризни времиња. **Сл. 99, Сл. 99а, Сл. 118** (Лакалиска, С. 2004: Eadem., 2005).

СЛ. 99 ПОЗЛАТЕН ПЕХАР ЗА ПРИЧЕСНА СО НАТПИС АДРИАНОС ПЛАНТЕАС, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 99а
ИДЕЈНА РЕКОНСТРУКЦИЈА И НАТПИС
(ЦРТЕЖ: ЉУПЧО ИЉОВСКИ)

Според Хоматијан во некои велмошки куќи имало цркви и во дворовите.

Освен овие постоеле и црквите *Св. Богородица Бутелска* и *Св. Богородица Воденска* (Елеуса) во с. Водно, како и Св. Богородица на Матка од 1371. Таа била подигната од велепоседникот Бојко, син на велмошката Даница која, пак во 1337 ја подигнала црквата *Св. Никола* во блиското село Љуботен). Црква посветена на *Св. Богородица* има и во близина на с. Сушица.

По своето значење и зачуваните повелби со извонредни податоци, меѓу најпознатите цркви во Скопје, секако е *Св. Ѓорѓи – Горгос*.

Во повелбата на кралот Милутин од 1300 година која изобилува со мноштво значајни историски податоци за тоа време се споменува и тоа дека тој бил ктитор (третиот) на оваа црква. Нејзината местоположба се претпоставува дека била на ритчето кај *Султан-Муратовата* џамија. *Св. Ѓорѓи* – како светител бил заштитник на воините и како таков е мошне почитуван меѓу воениот сталеж.

Постои мислење дека црквата *Св. Ѓорѓи* на велможот Апокавк се наоѓа во близина на *Св. Богородица Троеручица*, јужно од неа.

Под *Кале,* на вардарската страна, во Церебулската пештера се лоцира уште една црква посветена на *Св. Ѓорѓи.*

Во најстарото житие на Стеван Немања се споменува и разурнатата црква посветена на *Св. Архистратиг Архангел Михаил* која, најверојатно се наоѓала на просторот на *Скопско Кале,* а чиј прв помен е во XII век.

Во близина на црквата *Св. Богородица Троеручица,* односно *Св. Ѓорѓи* на Апокавк (западно) била црквата *Св. Никола.* (Црква посветена на Св. Никола има и на локалитетот *Кожле*.) Покрај р. Серава, на просторот на денешната чаршија се споменуваат црквите: *Св. Врачи,* северно од неа *Св. Никое,* а потоа и *Св. Прокопиј, Св. Атанасиј* и *Св. Петка.* (Последнава изгледа била на локацијата на денешната црква *Св. Спас)*.

На ридот северно од *Кале* би требало да се бараат остатоците од *Св. Марина*. Меѓу селата Крушопек и р. Треска биле подигнати и црквите *Св. Илија* и *Св. Теодор.* Се споменува уште една црква посветена на *Св. Теодор* над с. Водно. На патот за с. Црешово е местоположбата на црквата посветена на *Св. Јован Крстител*, подоцна катедрална црква на градот којашто најдоцна се запустила, не се знае каде точно се наоѓала. Во биографијата на крал Милутин, од пред 1337 година, на *Скопско Кале* се споменува и црква посветена на *Св. Константин.*

Не е без основа ако се каже дека барем еден дел од овие средновековни храмови ги ползувале постарите традиционални свети места на теренот.

Зачуваните цркви и манастири во околината на Скопје одамна се познати по своите градежни, архитектонски и ликовни дострели и како такви влегле во врвот на светското културно наследство, заедно со другите споменици од истото време од просторот на Република Македонија (Димитрова, Е., Коруновски, С., Грандаковска, С. 2013, 1572-1765).

Белешки за скрипторската дејност

Овие цркви и манастири покрај несомнените уметнички и христијански влијанија имале и многу значајна просветна и литературна дејност.

Лингвистиката и нејзините изучувања потврдени со историски извори и по некој археолошки наод недвосмислено го потврдуваат постоењето на претпоставените скрипториуми каде се пишувале (или препишувале) и илустрирале богослужбени и други дела.

Во манастирот *Св. Теодор* на Водно во 1354 година едно евангелие (сега се чува во Британскиот музеј) напишал монахот - ресодер Калист. **Сл. 121** Во истиот манастир се споменува и монахот Стефан кој во 1392 изготвил еден триод.

Писарите биле повеќе или помалку образовани, било да се монаси, дијаци, свештеници или световни граматици.

Град со толкаво административно и црковно значење, без сомнение, ги имал во поголем број. За тоа сведочи и бројот на металните пломби (Mihajlovski, R. 2012, 145-158).

До крајот на XIII век исклучиво се пишувало на пергамент, а потоа уште стотина години вообичаено, но со ретка примена и на хартијата.

Пергаментот, штавена животинска кожа на која се пишувало од двете страни се формирал во листови, кои потоа се сврзувале во *кодекс*.

На *Скопско Кале* се најдени неколку метални делови кои се употребувале за уредување на кодексите меѓу кои и карактеристичните бронзени закопчувалки. **Сл. 123ab** Од другите помагала во скрипторската работа се употребувале: шестари,

СЛ. 121
МИНИЈАТУРА ОД ЕВАНГЕЛИЕТО НА МОНАХОТ КАЛИСТ ОД МАНАСТИРОТ „СВ. ТЕОДОР“ НА ВОДНО (БРИТАНСКИ МУЗЕЈ), 1354 ГОДИНА

хераксали со лунулеста или кружна оштрица, зашилена трска за пишување (каламус), мастилница, сунгери и ножиња за поправки. Од сето тоа во незначителни фрагменти се зачувани хераксали, делови од евентуални мастилници и можни, метални писалки – стилоси. Иако оштетен од корозија, најден е речиси целосно зачуван железен режач за пергамент. **Сл. 122**

СЛ. 122 ЖЕЛЕЗЕН, КОРОДИРАН РЕЖАЧ ЗА ПЕРГАМЕНТ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 123аb БРОНЗЕНИ ЗАКОПЧУВАЛКИ ЗА КОДЕКС, СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 97 КРСТ СО ПРЕТСТАВА НА АРХАНГЕЛ МИХАИЛ, ОТКУП ОД МАКЕДОНИЈА, МПУ – БЕЛГРАД, КРАЈ НА XIV ВЕК

За многу евентуалии од секојдневието на скрипторите, за нивната макотрпна и креативна работа, често се зачувани питорескни забелешки на маргините.

„Јас грешен Георги, во кулата на софра пишував"... „спомнувајте ме браќа мои зошто ми мрзнат рачиците: тука пишував, тука јадев, тука лежев без оган"... „а што страдав од студ"... „а што од заб"... „споминајте го, браќа, Ивана"... „затоа што ми даваше расол и млекце". – „Покој", „рци" и „јад" заедно ги напишав, просте те ми!"

(Записи од *Битолскиот триод*. Препев: Стојчевска-Атниќ, В. 1996, 326, 327).

Во времето кога царувала неписменоста во сите слоеви на општеството, изненадуваат и неколкуте графити врежани на керамички отркшоци. (Поглавје IX).

Движни предмети со христијанска содржина

Движните предмети како составен дел од црковниот инвентар најчесто на невообичаен начин по чудни патишта доспеале до нашето време. Полиелеи, фрагменти од икони, путири и лажички за причесна, садови за нафора, ампули - евлогии со свето миро, кадилници, кандила, свеќници, реликвијари, крстови – енколпиони, процесиски и крстови приврзоци, калапи за нивна изработка и ред други артефакти со христијанска симболика и профилакса (меѓу кои спаѓа и накитот и одделни керамички посатки) најчесто се дел од археолошките наоди, случајно изгубени или намерно скриени од своите современици кои не се вратиле по нив.

Полиелејот-хоросот (или поликанделонот) со кој се осветлувал Марковиот манастир *Св. Димитрија* неговото „губење" и „наоѓање" донесува и пропратни „форензички" истражувања.

Полиелејот изработен од бронза бил вотивен дар на кралот Волкашин. Тој се состоел од голем кружен обрач прицврстен со осум синџири закачени за централната купола. **Сл. 96**

Веригите наизменично биле поврзани со претстави на двоглави орли, со додатоци од кружни, дедикациски дискови со идентичен натпис излеан во техника на пробивање. **Сл. 95**

Натписот во речиси кружна рамка (h = 20 см; ширина = 16,3 см; тежина = 581 гр), го содржи следниот текст во три реда:

ВьХ(рист)а Б(ог)а
Бл(а)говѣрни Краль
Вьлкашинь
(Byzantium, 2004, 126)

СЛ. 94
КАНДИЛО – СКУПИ,
VI ВЕК

Еден од овие дискови се наоѓа во Народниот музеј во Белград каде бил однесен во 1871 година од Марковиот манастир од тогашниот игумен Теофил. Потоа, во 1909 година, хоросот бил симнат од егзархистите и однесен во Народниот музеј во Софија. Еден диск со идентичен натпис се наоѓа во Археолошкиот музеј во Истанбул. Ј. Хаџи Васиљевиќ пишува дека делови од полиелејот открил во „ѓубриштето кај исповедилницата во манастирот" (Хаџи Васиљевиќ, Ј. 1939, 438, 439, сл. 141, 142).

Во Музејот на применетата уметност во Белград се наоѓа фрагмент кој, неосновано, се смета дека бил дел од полиелејот од Марков Манастир. Во основа (дим. 23,5 x 24 см) тој претставува об-

СЛ. 95 ДЕЛ ОД ХОРОС, ДИСКОС СО НАТПИС НА КРАЛОТ ВОЛКАШИН, МАРКОВ МАНАСТИР

СЛ. 96 ВЕРИГИ ОД ХОРОСОТ НА МАРКОВ МАНАСТИР, КРАЈ НА XIV ВЕК

лик на рамнокрак крст со кружни рамни розети на краевите на краците кои завршуваат со алки за прикачување и една калотеста шестолиста розета во центарот. Крстот е лиен со техника на пробивање од бронза. Дијагонално меѓу еден страничен и долниот крак од крстот прикажана е полно лиена фигура на крилест Архангел Михаил со замавната сабја во десната и пастирски стап во левата рака.

СЛ. 98 КАДИЛНИЦА СО МЕМОРИЈАЛНА НАМЕНА – КАТСИ (КАТСИОН), МАРКОВ МАНАСТИР, КРАЈ НА XIV ВЕК

Датиран е во XIV век. Примероков е откупен од Битола во 1970 година! (Миловановиќ, Д. 1995, кат. бр. 34). **Сл. 97**

Интересно е дека слично конципиран крстолик дел од поликанделон од Константинопол (без фигурата на Архангел Михаил се датира широко меѓу XII и XIV век (Byzantium, 1994, 200, 201, cat. no. 216).

Девет делови од веригите на полиелејот од Марков Манастир се наоѓаат во Музејот на Македонија во Скопје (Бабиќ, Б. 1974, кат. бр. 184). **Сл. 96** Делови од раскошен, бронзен примерок на хорос (како аналогија) од *Псача*, со пречник на обрачот од 2,50 m (втора половина на XIV век) се наоѓа во Археолошкиот музеј во Скопје (Бабиќ, Б. 1974, 65, кат. бр. 183).

Овие скапоцени елементи од црковниот ентериер со мноштво свеќи и, веројатно, прикачени кандила (Byzantium 2004, 126) со својата светлина создавале торжествена атмосфера, особено, за време на ноќните богослужби.

По своите естетски, теолошки, како и палеографски и хронолошки вредности, полиелејот од

Марков Манастир и еден од најпознатите примероци на применетата уметност од доцниот XIV век (Лакалиска, С. 2000, 64; Byzantium 2004, 126 etc.).

Држач за кандила во вид на латински крст со перфорација на горниот крак и алка со три прикачени куки за кандила на долниот, откриен е во Скупи, во базиликален простор, како еден од основните реквизити во христијанските ритуси (Кораќевиќ, 2002, сл. 91а). Тој се датира во VI век. **Сл. 94**

Кадилница од типот *капси* или *капсион* со специфична, фунерарна намена, исто така, потекнува од инвентарот на Марковиот Манастир – *Св. Димитрија* од XIV век. Излеана е од бронза и ги има следните димензии: должина 29,5 см. и ширина 12 см. **Сл. 98** Таа се состои од елипсовидно тело, лиено со пробив и декорација од разгранети лилјанови гранчиња и цветови од кои колваат два пара гулаби. На врвот има кружна вдлабнатина за темјанот, додека од другата страна е лентестата држалка со алка за закачување (Бабиќ, Б. 1974, кат. бр. 186).

Кадилница со слична форма и начин на изработка (но со пар грифони наместо гулаби) од „балканските простори“ (?), исто така, се датира во XIV век (Byzantium 1994, 201, cat. no. 217).

Пехариште (путири или купи) се црковни садови за светата причесна.

Со ископувањата во 1967 година покрај јужниот бедем најдено е црковно депо од скапоцености од XII век. Тоа се состоело од позлатен, сребрен пехар, дел од сребрен опков од икона на Св. Богородица и ампула – евлогија (Микулчиќ, И. 1982, 125)

Пехарот е еден од најзначајните црковни предмети од *Скопско Кале* кој е скриен покрај црквата каде бил во употреба (веројатно Св. Богородица на монахот Ксенофон или Св. Богородица Боришчина) во време на некоја воена или друга опасност.

Овој пехар денес се наоѓа во Музеј на град Скопје под број 478 (постарите инв. бр. се: 191 и 337). Неговите димензии се: h – 127 mm; D – отвор – 100 mm; D – стопа – 45 mm; пресек на лимот – 1 mm; тежина 314, 50 гр. Објавуван е многу пати, но поопсежно од Б. Бабиќ и С. Лакалиска (Бабиќ, Б. 1974, 61, кат. бр. 168; Лакалиска, С. 2005, 50-68 etc.). **Сл. 99, Сл. 99а**

Реципиентот на пехарот е во вид на длабока полукалота поставена на конусовидна стопа. Од двете страни на отворот се аплицирани дршки во вид на машки глави со нагласени црти на лицето, со бујна коса и стилизирана брада. Главите се рељефно декорирани, а телата со кои се зацврстени за корпусот се во вид на срца украсени во техника на клеточен емајл со евхаристичниот мотив инспириран од Псалмот 41:1. Тоа се две рајски птици кои фланкираат кантарос од кој пијат вода. **Сл. 99а** Контурите на овој мотив се изведени од тенка златна жичка, а просторот меѓу вцртаната претстава е исполнет со стаклена паста во сина, црвена, тиркизна и кафенкаста боја. Мотивот е прикажан во спротивен смер во однос на пехарот така што се чини како водите од фонтаната да течат кон човечките ликови на држалките.

Срцеликото тело – симбол на средиштето на животот и крвта, како и страничните додатоци исполнети со алмандини и паста во црвена боја, секако, ја симболизираат крвта Исусова. Околу ободот е аплицирана лента со врежан грчки натпис, со букви исполнети со стаклена паста. На почетокот се споменува и името на дародавецот кое во досегашната литература се толкуваше како Адрианос Палтеас (Бабиќ, Б. 1974, 61, кат. бр. 168; Лакалиска, С. 2005, 50-68 etc.). Меѓутоа, во меѓувреме се појави темелна анализа на Андреас Роби кој со аналогии од други два донаторски натписи заклучува дека станува збор за случајна „грешка“ во скопскиот запис и дека, всушност се работи за член од фамилијата *Плантеас.* Така, на сребрениот крст од првата половина на XII век од богородичината икона, од трезорот *Сан Марко од Венеција* стои името *Антониос Плантеас*. И меѓу неинвентираните предмети од некогашната колекција *Закос* од истото време се споменува Адрианос Плантеас, кој патем ја моли Богородица да го заштити! (Rhoby, A. 2013, 71, n. 31, 32, 72, n. 22). Според оваа теорија и дародавецот на пехарот од Скопје кој се датира во XII век се викал *Адрианос Плантеас*, а не *Палтеас!*

На прецизниот цртеж направен според идејата на С. Лакалиска во изведба на документаторот Љ. Иљовски се гледа дека токму во презимето постои оштетување кај спорните букви (Лакалиска, С. 2005, 55, сл. 1). **Сл. 99а**

Симптоматично е и тоа што сите наведени имиња се поврзани со Богородица, вклучително и наодот од Скопје кој е закопан како трезор покрај црква која, веројатно, била посветена на св. Богородица (Петров, К. 1969, 157-174; Idem., 1975, 75-94).

Според тоа конечниот превод на пехарот од *Скопско Кале* е:

„АДРИАНОС ПЛАНТЕАС, МОЈОТ ГОСПОДАР, КОЈ БЕШЕ ПОЛН СО СЛАВА ВО ЖИВОТОТ, ОД ЗЛАТО МЕНЕ, ПЕХАР, МЕ НАПРАВИ, А СЕГА ТИ КОЈ МЕ ДРЖИШ ПИЈ СО СЛАСТ“

СЛ. 100
ПОСРЕБРЕН ПЕХАР ЗА ПРИЧЕСНА, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 101
БАКАРЕН ПЕХАР – КУПА ЗА ПРИЧЕСНА, СКОПСКО КАЛЕ, XIII-XIV ВЕК

Со ископувањата од 2007 година откриени се уште *два пехара за причесна* со нешто поскромен изглед (Митревски, Д. 2007, 31). Тие, очигледно припаѓале на инвентарот од други цркви на просторот на *Скопско Кале* и биле засолнети во некои несигурни времиња. За разлика од претходниот, овие не се декорирани.

Едниот е помаркантен, *посребрен, со облик на кантарос* со две странични аплицирани држалки со алчиња и по својот облик е поблизок до раскошниот примерок со натпис од XII век. (Димензии: h – 79 mm; D – 86 mm; D – отвор – 71 mm D – стопа – 39 mm; пресек на лимот – 1 mm; тежина 69,98 гр). **Сл. 100**

Другиот е во вид на *чаша со широк скалесто профилиран, звонолик реципиент*, со лентеста устинка и висока конусовидна нога. Се чини дека е подоцнежен и припаѓал на црквите од втората половина на XIII или од XIV век. **Сл. 101** Неговата конзервација е во тек. Изработен е од бакар во техника на исчукување, без декорација.

Овој сад служел за нафора. Како раскошна варијанта на овој облик може да се посочи примерот од фреско живописот од Манастирот Св. Андреја, Матка од 1389 година. **Сл. 29**

Уште два фрагменти од бронзени *садови со рељефна декорација* и покрај минорноста сведочат за сјајот на средновековно Скопје.

Фрагментот (65 x 55 x 9 mm) од телото на метален, масивен сад на површината има зачуван рељефно изведен мотив на крст со кракови во вид на сидра кои се свиени кон надвор во двојна спирала. **Сл. 102** Овој облик на крст се среќава и кај глеѓосаните, трпезни садови од XII и XIII век, декорирани во зграфито техника и сликање, **Сл. 273, Сл. 274** коишто, можеби имале и црковна намена.

Другиот фрагмент е уште помал со димензи (55 x 25 mm), но неговата надворешна површина рељефно е декорирана во стилот на луксузните купи од XII век. **Сл. 103** (Даркевич, П. В. 1975, 215-220).

Во изгравирана мрежа од ластари се наѕираат растителни мотиви - палмети или кринови (?) како и делови од животински претстави: грифони и сл. Во ова декорација Даркевич согледува елементи и од опковите на иконите од Охрид (Даркевич, П. В. 1975, 218, n. 598).

Фрагмент од *статула за причесна* изработена од бронза со врежување најдена е покрај внатреш-

СЛ. 102
МАЛ ФРАГМЕНТ ОД ЛУКСУЗЕН
МЕТАЛЕН САД СО ЗАЧУВАНА ПРЕТСТАВА
НА КРСТ СО ЛЕНГЕРЕСТИ КРАЦИ,
СКОПСКО КАЛЕ, XII-XIII ВЕК

СЛ. 103
МАЛ ФРАГМЕНТ ОД МЕТАЛЕН САД
СО ПРЕТСТАВА НА ГРИФОНИ
И ПАЛМЕТИ,
СКОПСКО КАЛЕ, XII-XIII ВЕК

СЛ. 104
ДЕЛ ОД ГУБА
ЛАЖИЧКА ЗА ПРИЧЕСНА,
СКОПСКО КАЛЕ,
XII ВЕК

СЛ. 117
ФРАГМЕНТ
ОД
ДРВЕНА ИКОНА
СО ИСУС ХРИСТОС
НА ТРОНОТ.

ЗАЧУВАН
ИНИЦИЈАЛ Хb,
СКОПСКО КАЛЕ,
XIV-XV ВЕК

ната страна на јужниот бедем недалеку од црковното депо од XII век, **Сл. 99, Сл. 118** тоа дозволува и овој наод стратиграфски да се поврзе со слојот од XII век. Зачуван е само дел од декоративната држалка со крстовидна основа. Димензии: 29 x 19 x 3 mm и тежина 8,24 гр. **Сл. 104** Со врежување е потенцирана надворешната разиграна профилација, дополнета со геометриски и „S“ мотиви. Во Коринт постојат аналогии од „византискиот период“ (Davidson, G. 1952, 198, Pl. 90, 1508).

Меѓу исклучителните артефакти со религиозна содржина од *Скопско Кале*, секако, спаѓа и фрагментот од дрвена иконка со зачувана изрезбана претстава на *Исус Христос*. (Димензии: h – 42 mm; шир. 37 mm и дебелина 9 mm.). Зачуван е дел од неговата биста и целосната контура на главата со ореол на кој биле врежани краците од крст. Над неговото лево рамо се гледа сигнатурата Хb. Лево и десно од ореолот се прикажани слабо зачувани држачи од тронот. **Сл. 117**

Се чини дека дел од горната и странична ивица лево од Исусовата фигура се зачувани во автентичниот изглед. Тоа навестува дека станува збор за минијатурна иконка за лична побожност, која веројатно, била носена како приврзок.

СЛ. 118
СРЕБРЕН, ПОЗЛАТЕН ДЕЛ ОД ОРЕОЛОТ НА СВ. БОГОРОДИЦА,
СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

Оваа појава е забележана и во Србија каде се откриени иконки од дрво со едностране или двострано прикажување на светители, некогаш врамени во сребрена рамка на која имало алче за врвката со која се врзувала на вратот. Истите се датирани во XIV-XV век, како дел од продукција за широка употреба. Дрвени и камени иконки се

СЛ. 119
ПРЕТСТАВА НА СВ. ДИМИТРИЈА РЕЗБАНА ВРЗ КОСКА,
СКОПСКО КАЛЕ, XII-XIII ВЕК

среќаваат сè до XVIII век (Бабиќ, Б. 1974, 64, 65, кат. бр. 117, 180, 181).

Црната патина врз површината, е показател дека овој фрагмент се наоѓал во близина на пожар, така што тој е делумно карбонизиран. **Сл. 117**

По неопходните конзерваторски третмани ќе се добие појасна определба за видот дрво од која е изработена, како и за детали од прикажаната претстава.

Со оглед на фрагментираноста на иконката со претстава на главата и дел од бистата на Исус Христос неизвесно е да се тврди попрецизно за која претстава се работи. Сепак, како можност може да се посочи примерот на Исус Христос со брада седнат на тронот (Грозданов, Ц. 2007, 333-377), од кого се гледаат горните партии. Лигатурата Хb датира во доцниот XIV-XV век.

Депото со црковни предмети скриени во позлатениот пехар на Адрианос Плантеас од XII век, **Сл. 99, Сл. 99а** содржело и дел од опковот за икона посветена на св. Богородица (Лакалиска, С. 2004, 72-80). **Сл. 118**

Зачувана е, всушност, десната половина од нимбот изработен од сребрен, позлатен лим декориран со флорални мотиви во техника на лиење, исчукување, пунцирање и гравирање. (Димензии: h -191 mm.; ширина 125 mm и пресек 1 mm.

Во горниот, зачуван агол се гледа и лигатура МР со која недвосмислено овој оков се атрибуира на Мајката Божја. Околу минуциозно изведената декоративна рамка од брановидна лента, покрај рабовите се забележуваат мали

перфорации каде биле заковани брутчиња за дрвената подлога.

По победата над иконоборството, во втората половина на IX век се јавуваат металните *окови за икони* изработувани од мајстори-златари. Со нив се дополнувал нивниот изглед и раскош со тоа што со сребрен или позлатен лим се прекривал ореолот, рацете или некој друг детаљ од прикажаниот светител. Периодот од XII-XIV век изобилува со овој вид додатоци за иконите. Нашиот примерок, според контекстот на наоѓање, се чини, припаѓа на XII век (Лакалиска, С. 2004, 72-80).

Меѓу црковните предмети од *Скопско Кале* вниманието го привлекува претставата на *св. Димитриј изрезбарена врз коска* од говедо. (Димензии: 4 x 1,9 x 0,4 см) Куриозитет претставува тоа што св. Димитриј е прикажан како дете со раширени, подигнати раце во став оранта. Натписот е испишан со грчки букви и гласи: св. Димитриј (Иваноска-Велкоска, С. 2015, 261-267). **Сл. 119**

Св. Димитриј е еден од најпочитуваните свети воини во средните векови, особено на балканските простори. Како римски великодостојник и воин тој маченички го завршил својот живот за време на прогоните на Диоклецијан во 304 година. Неговиот култ се поврзува со царскиот град Сирмиум (кој во 1388 година се нарекува и *Civitas Demetrii),* но уште повеќе за Солун и истоимената црква во градот.

Чудата на св. Димитриј I и II – од последните децении на VI и од VII век пишувани од солунскиот митрополит Јован (првиот дел) и од анонимен свештеник (вториот дел) (Баришић, Ф. 1953) се хагиографски списи со исклучителни историски податоци за најтурбулентните времиња, особено за Македонските Словени и нивното доселување (Grabar, A. 1950, 3-28).

Авторите на овие дела, преку повеќе случувања ги воспеваат чудотворните моќи на овој светител чии слики биле познати во неколку варијанти (Lemerle, P. 1981, 2), верувајќи дека Солун не бил заземен токму заради неговото патронство над градот.

Така почнал да се гради култот кон овој светител, еден од воините на „небесната Христова војска“ предводена од Архистратигот Архангел Михаил (Грозданов, Ц. 2007, 283-291, 233-377). (Псалм 92 : 1 – „Господ се зацари: се облече во велелепие, Господ се препаша со сила; затоа што вселената ја зацврсти и нема да се разниша“ (*Свето писмо*, Скопје 1991[2]).

Како свет покровител на династијата Комнини, неговиот култ се почитува и на државно ниво. Во Алексијадата се споменуваат неговите чудотворни претскажувања за победата на Алексиј I Комнин над Норманите во 1082 година. Во 1185 година популарноста на солунскиот патрон кога бил нападнат Солун од Норманите уште повеќе се зацврстила.

Манојло I Комнин во 1149 година од Солун ја пренел чудотворната икона на св. Димитриј во Цариград каде била сместена во црквата посветена на Пантократорот и таа тогаш постанала Мироточива. Алексиј I Комнин (1081-1118) во Солун ковал монети со ликот на св. Димитриј. Неговиот лик се јавува и на монети на солунскиот деспотат (1224-1243), како и на оние ковани од Андроник III Палеолог (1328-1341) (Grierson, Ph. 1982, 220-242).

Продукцијата на икони од Солун е позната и во XIII век. Монахот Тодосиј кажува дека во 1219 година св. Сава Немања од Солун нарачал две икони: на Христос и на Богородица. Постојат податоци дека и охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан побарал да се изработи икона на Христос во Солун (Loverdou-Tsigarida, K. 2004, 247, n. 44, 46).

И во Бугарија, во времето на нејзините воени и политички напредувања култот на св. Димитриј доживеал огромна популарност.

Несомнено, и во XIV век Солун бил центар на религиозната уметност. Во таа смисла интересно е да се напомене дека св. Димитриј и во ова време се прикажува во „најстариот иконографски тип“ на реликвијарот од лаврата на Св. Димитриј од Света Гора (Loverdou-Tsigarida, K. 2004, 241-254, Fig. 3). Имено, св. Димитриј се претставува во повеќе иконографски типови од оние „најстарите“ како младо момче „конзуларно“ облечено, со кружна фибула на десното рамо, со ореол и со раширени раце во став *оранс*, односно како „мартир пред својот Бог“, па преку сите наративни описи забележани во изворите за неговите чуда сè до претставата на коњаник кој го штител опседнатиот град од непријателите или убива некој од нив (Lemerle, P. 1981, 3).

С. Ивановска-Велкоска, пронаоѓач на коскениот примерок со претстава на св. Димитриј, при ископувањата на *Скопско Кале*, имајќи го предвид и археолошкиот, стратиграфски контекст, истиот го датира во XII-XIII век (Ивановска-Велкоска, С. 2015, 261-267).

Оловна амула – евлогија или кутрувија со потекло од Солун е откриена на *Скопско Кале* во 2010 година. (Димензии: 51 x 44 x 8 mm и тежина: 42,52 гр). **Сл. 120**



СЛ. 120
АМПУЛА – ЕВЛОПИЈА
ЗА СВЕТО МИРО,
СКОПСКО КАЛЕ,
XII-XIII ВЕК

Зачувани се основните контури со типичниот облик од кружно тело, широк врат и две странични држалки (форма на матарка), но со поголеми оштетувања на површината и со два отркшоци во долниот дел од реципиентот.

На едната страна се гледа глава на светител со нимб и дел од рамениците. Другата страна е многу оштетена, на лево од претпоставената биста на светителот се забележува целосно зачувана конфигурација на минуциозно, пластично изработен крст.

Овој тип на христијански посатки служеле за носење на *миро, светена водичка* или мешавина од *земја и крв* како исцелителни, сакрални сочинениа. Оваа појава била позната во раното христијанство IV-VI век, а потоа одново се проширува после X век. Овие ампули биле наменети за верниците, но и за воините.

Покрај Цариград, голем центар за нивна дистрибуција бил и Солун. За тоа зборуваат и мноштвото наоди со специфични форми, изработка и ликовни претстави на нивните лицеви страни.

Според Х. Бакирцис кој ги сумирал сознанијата и мислењата на многу релевантни познавачи за оваа проблематика, во Солун се пласирале пет основни типови, судејќи по прикажаните светители.

Св. Димитриј и *св. Нестор* претставени како војници е првиот, *св. Димитриј* и *св. Георги* во воена опрема е вториот, додека *св. Димитриј* и *св. Теодора* е третиот тип и воедно најбројниот од солунскиот репертоар на ампули. Света Теодора била калуѓерка која починала во 892 година и била погребана во својот манастир. Според биографот Грегориј, веднаш по нејзината смрт се појавило светото миро на нејзиното лице во вид на пот. Овие ампули со „конзуларен“ тип на св. Димитрија се јавуваат и во Мала Преспа (во св. Ахил), во Бугарија, во Дечани со други пет примероци во саркофагот на Стефан Урош III Дечански (1321-1331) итн.

Ампули со св. Димитриј во воена опрема и св. Теодора, исто така, се забележани од крајот на X до XIV век.

На четвртиот тип оловни ампули од Солун прикажани се ликовите на *св. Димитриј и Богородица.*

Св. Теодул (?) и *св. Матрона (?)* се парот светители на петтиот тип ампули. Од името на светецот се јавува само буквата Δ (делта). Наместо св. Матрона некои ја препознаваат *св. Анисија* затоа што вон солунските ѕидини било нејзиното светилиште. Но, ни св. Теодул, ни св. Никодим, ни св. Матрона, ни св. Анисија не биле мироточиви (Bakirtzis, Ch. 1987, 205-209).

И на *Голем Град – Преспа, како и на Плаошник* – Охрид најдени се примероци од типот св. Димитриј и св. Теодора (Битракова-Грозданова, В. 2011, 95-100, сл. 71, 72), еден потекнува од Прилеп, додека еден се чува во музејската збирка на Филозофскиот факултет во Скопје и сè уште не е прецизно идентификуван.

На кој тип од солунските примероци припаѓал наодот од *Кале*, сè уште не е можно да се одговори. Можеби, специјалните фотосесии или примената на ренгенските снимки ќе ја откријат тајната, односно контурите на прикажаните светители.

Овие ампули – кутрувии биле носени од верниците врзани околу вратот за да ги чуваат од болести и демони. Широко биле распространети и меѓу воините, особено во балканските простори. Ампулите се среќаваат и во гробови – така што нивната улога не била само профилакса за живите туку го чувале и покојникот на оној свет (Popović, M. 1999, 250).

Крстовите – реликвијари – енколпиони или наѳрадни крстови, исто така, се објекти на култот, употребувани како приврзоци носени на вратот протнати на врвки, кожни ремчиња, синџирчиња или ленти.

Тие се состојат од два еднакви дела кои со шарнир се спојуваат формирајќи единствен предмет – масивен крст од латински тип. Во нивната внатрешност има отвор во кој се чувале честички од честиот крст, подоцна и делче од мошти или друг скапоцен или „свет“ материјал. Забележано е и присуство на темјан, можеби, и како замена за изгубена реликвија (Davidson, G. 1952, cat. no. 2059).

Доколку нема ушка за протнување, тогаш тие не се носеле над градите туку во кутија или

торбичка и се чувале како реликвија со особена почит заради нивната содржина, добивајќи улога на *ставротека.*

Кај најголем дел од нив, но не и кај сите на предната страна, аверсно била претставата на *Распетието,* а на реверсната Богородица оранта. Од тие причини нивната појава се смета дека била поврзана со чувањето на честички од светиот крст и со патешествијата на ходочесниците на светите места во Палестина и Ерусалим.

Скапоцените примери изработени од племенити материјали и со скапоцени златарски техники биле наменети за црковната или световната врхушка. За обичните верници и ходочесници се продуцирале, главно, бронзени примероци, лиени во повеќе варијанти на прикажаните сцени и светители, често и со соодветни натписи. Во тој репертоар, верниците го наоѓале она што најдлабоко ги трогнувало и им значело или за што мислеле дека е најсоодветно за нивните најблиски.

Уште од раното христијанство, особено од времето на Јустинијан, овие артефакти биле мошне популарни, но ходочестието поново земало замав во периодот на XI-XII век како феномен во кој се вклучува и западноевропскиот свет.

Она со што се располага од територијата на Скопје и скопско наведува на констатацијата дека по подобие на „палестинските“ биле изработувани крстови-енколпиони и од локални работилници.

Крст – реликвијар – енколпион кој се носел на вратот бил откриен на *Скопско Кале* со археолошките ископувања во 1967 година (Бабиќ, Б. 1974, кат. бр. 175). **Сл. 108** Тоа е бронзен примерок со вообичаена форма на латински крст (Димензии: 68 x 53 mm) изработен со лиење. Претставите и на аверсната и на реверсната страна се шематизирани и прикажани скоро на ист начин. Тие се во став оранс; телото и облеката се исцртани со врежување и пунцирање, а шилесто издолжената глава и ореол – релјефно.

Натписот над реверсната фигура: АРНН можеби го сугерира името на Архангел Михаил (?). Локална продукција – XI-XII век.

Зачувана половина од крст – енколпион од бронза од *Скопско Кале* со убаво прикажана сцена на Богородица оранта окружена со прецизно изработени медаљони на четворицата евангелисти. Интересно е дека под рацете на Богородица се зачувани грчките иницијали со значење Мајка Божја, како и почетните букви на секој од евангелистите покрај нив. Тоа се: М(Марко), М(Матеј), Л(Лука) и І(Јован). **Сл. 109** X-XI век (Марјановиќ-Вујовиќ, Г. 1977, 29, 30, кат. бр. 11b).

Во нешто порустично издание од претходниот примерок од *Скопско Кале* потекнува уште еден дел од бронзен енколпион. На зачуваната половина е прикажана Богородица оранта и бистите на четворицата евангелисти на краците од крстот околу неа. Изведбата е шематизирана, а

примерокот е доста излижан од употреба. Средина на X-XI век. **Сл. 110** век (Марјановиќ-Вујовиќ, Г. 1977, 33, кат. бр. 16а).

Дел од енколпион со претстава на распетие на Исус Христос со вообичаената поза на глава навалена во десно, со ореол и облека од типот *колобиум.* На сите четири завршетоци на краците на крстот прикажани се и излижаните контури на бистите од евангелистите: Марко, Матеј, Лука и Јован. **Сл. 111**

Примерокот може да се датира во XI век (Марјановиќ-Вујовиќ, Г. 1977, кат. бр. 15а).

Крст окован со посребрена (бакарна) ламарина бил откриен при археолошките истражувања на *Скопско Кале* во 1967 година (сега во постојната поставка на Музејот на град Скопје). Во основа тоа е форма на латински крст со триаголно проширување на долната греда во спојот со попречната. Димензии: 135 x 90 mm. **Сл. 112** Централна претстава е Христовото распетие прикажано во многу шематизирана форма: глава со ореол, контури на раширените раце без нагласени дланки, телото со *перизома* и „кроки“ на нозете и стапалата. Над главата и под нозете претставени се розети (шестолистна горе и 12 листна долу), а надворешната крстеста профилација е потенцирана со втисната линија. На средината на горниот и долниот раб на подолжната греда од крстот видливи се мали перфорации за клинчињата со кои оваа оплата била закована за подлогата, секако, од органска материја (дрво, коска, цврст восок и сл.).

Според стратиграфските податоци и стилските карактеристики овој примерок може да се датира во XI-XII век (Ивановска, Велкоска, С. 2013, кат. бр. 120). **Сл. 112**

Процесиски крст искован од железо бил откриен при ископувањето на *Скопско Кале* во 2009 година на просторот на *Црковниот музеј* кој бил сместен на оваа локација и урнат во земјотресот од 1963 година. Неговите димензии се маркантни: 46 x 34,5 x 0,3 см. **Сл. 113**

Обликот во основа е латински крст, но со кружни проширувања на аглите од сите четири краци. На долната греда, во средината се гледа и пирамидалниот шилец со кој крстот се прицврстувал за дрвената дршка при процесиите.

Нашиот примерок е поедноставена варијанта, имитација на префинетите византиски артефакти од X-XII век, со натписи и декорација. Тоа се: процесискиот крст на *Св. Василиј* од Оксфорд, производ од Константинопол или на *св. Анастасија* од истото време, место на чување и провениенција (Byzantium 1994, cat. no. 161, 175), како и на *ставропегиониот* – консекрацискиот крст од 10 јули 1172 година со подолг текст на благословување (Byzantium 1994, cat. no. 189).

Примерокот од *Кале* може да се датира, исто така, во XII век.

Крстовите-привзоци се откриени во голем број во скопскиот регион, на *Скопско Кале* и особено, во невообичаено голем процент во однос на другите наоди во руралната, раносредновековна населба од колиби над урнатините од театарот во Скупи (Толевски, И. 2017, Т. VI) (Поглавје III). **Сл. 116**

Процесот на нивна конзервација и документирање кое се одвиваше во моментите на изработка на овој текст го оневозможи нивното подетално прикажување на ова место. Во монографијата за крстовите од подрачјето на Р Македонија, опфатени се и наодите од скопско, така што јавноста е запознаена со еден дел од нив (Ивановска-Велкоска, С. 2013, кат. бр. 27, 28, 64, 96, 112, 118, 122).

Неколку крстови од скопско се, исто така, објавени во колекцијата на Трифун Костовски по повод 2000 години од христијанството (*Македонија – библиска земја,* Скопје 2000, кат. бр. 3, 15, 24, 101, 108).

Крстот – привзок од некрополата во с. Орешани е еден од најретките примери и по својот изглед, и по декорацијата и по датирањето. **Сл. 114**

Тој е бронзен, излеан во едностран калап со релјефна, вегетабилна декорација од симплифициран мотив на крстолики ластари со грозје

СЛ. 108 ЕНКОЛПИОН (ИСКОПУВАЊА 1967), СКОПСКО КАЛЕ, XI-XII ВЕК



СЛ. 109 ЕНКОЛПИОН, БОГОРОДИЦА ОРАНТА И ЧЕТВОРИЦАТА ЕВАНГЕЛИСТИ ВО МЕДАЛЈОНИ. ПОД РАЦЕТЕ НА БОГОРОДИЦА И ПОКРАЈ ЕВАНГЕЛИСТИТЕ ВРЕЖАНИ СЕ ИНИЦИЈАЛИ ОД НИВНИТЕ ИМИЊА, СКОПСКО КАЛЕ, X-XI ВЕК

СЛ. 110 ЕНКОЛПИОН, БОГОРОДИЦА ОРАНТА И СТИЛИЗИРАНИ БИСТИ НА ЧЕТВОРИЦАТА ЕВАНГЕЛИСТИ, СКОПСКО КАЛЕ, X-XI ВЕК

СЛ. 111 ЕНКОЛПИОН – ХРИСТОВО РАСПЕТИЕ СО ЧЕТВОРИЦАТА ЕВАНГЕЛИСТИ, ПРИМЕРОКОТ Е МНОГУ ИЗАБЕН, СКОПСКО КАЛЕ, XI ВЕК

СЛ. 112 СРЕБРЕНА ОПЛАТА ЗА КРСТ СО ХРИСТОВО РАСПЕТИЕ, СКОПСКО КАЛЕ, XI-XII ВЕК

СЛ. 113 ПРОЦЕСИСКИ КРСТ,
СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 114 КРСТ-ПРИВРЗОК, НЕКРОПОЛА КРСТ,
С. ОРЕШАНИ, IX-X ВЕК



СЛ. 115 КРСТ ОД ОЛОВО БЕЗ ДЕКОРАЦИЈА,
СКОПСКО КАЛЕ, XI ВЕК

како симбол на „лозата давидова“. Изведбата е во псевдо-филгран и псевдо-гранулација. По форма припаѓа на латинските типови со издолжена, вертикална греда. На горниот крак е откршен на местото каде била перфорацијата за прикачување. Димензии: 31 x 23 x 1 mm. Крстот датира од периодот IX-X век (Ристов, К., Каламадеска-Михајлова, Д. 2010, 397, сл. 10).

Крст-приврзок излеан од олово, без површинска декорација со едноставна форма и ушка за прикачување. Заради малото проширување наликува на грчките варијанти. Потекнува од *Скопско Кале.* Ископан е во 2007 година. Димензии: 30 x 25 x 3 mm. **Сл. 115** Со оглед на материјалот и изработката, варијантно е локален производ од XI век (Митревски, Д. 2007, 27; Манева, Е. 1992, Т. 37,$_{31/156}$).

Калапите за изработка на крстови најдени во *Скупи* и *Скопско Кале* го покажуваат афинитетот и потребата на христијанската популација да се има крст-приврзок.

Калапот за крст од Скупи е случаен наод откриен во 1954 година при градење на астрономската опсервација, во близина на античкиот театар.

Тој е откршен и ги има следните димензии: зачувана должина – 53 mm; ширина – 55 и дебелина – 12 mm. Во него е врежан крст-приврзок, рамнокрак, со малтешка форма и ушка со димензии: 18 x 18 mm. Калапот е изложен во сталната поставка на Археолошкиот музеј во Скопје.Изработен е од бел, ситнозрнест мермер.

Според опсежната анализа на К. Петров овој експонат се датира кон крајот на V и почетокот на VI век (Петров, К. 1971, 288-295).

Контекстот на наод, во близина на Театарот каде со неодамнешните ископувања (2013-2016) се откриени остатоци од постурбана, рурална, раносредновековна населба (и некропола) со мноштво археолошки наоди, особено крстови, го отвора прашањето за евентуалната продолжена употреба во средновековието. **Сл. 105**

СЛ. 116 КРСТОВИ ОД СРЕДНОВЕКОВНАТА НАСЕЛБА, НАД РИМСКИОТ ТЕАТАР СКУПИ, (СПОРЕД И. ТОЛЕВСКИ)



СЛ. 105
КАЛАП ЗА КРСТОВИ
И НАКИТ
ОД БЕЛ МЕРМЕР,
СКУПИ, VI ВЕК



СЛ. 106
КАЛАП ОД ВАРОВНИК
ЗА ЛИЕЊЕ НА КРСТОВИ
И НАКИТ,
СКОПСКО КАЛЕ,
XII ВЕК

Калап за крст и накит од Скопско Кале откриен е во 2007 година. Изработен е од варовник (?) со темна боја, со димензии: 62 x 42 x 15 mm. Тој е двострано издлабен. Од едната страна има калап за лиење на крст со тролистни завршетоци на краците. Другата страна служела за лиење на два типа прстени кои се формирале од по два дела; горниот со украсната глава и посебно долниот дел од обрачот кои накнадно се составувале. **Сл. 106**

Слични камени калапи се најдени и на други локалитети: во Бугарија (Велико Трново), Србија (Белградска тврдина, Велики Градац, Рас) итн. (Робов, М. 1993, 109-118; Bikić, V. 2010, 133-144, сл. 99, 10; Popović, M. 1999, 249, сл. 210). Тие датираат главно во XI-XII век.

На калапите од *Скупи* и *Скопско Кале* не се откриени траги од лиење на материјалите. На егзактното прашање колку овие камени калапи би можеле да ја издржат температурата за излевање на бронза или сребро во течна агрегатна состојба, одговорот треба да го дадат соодветните експертизи.

Во секој случај, и во едниот и во другиот пример се обавувал еден дел од процесот на моделирање на прикажаните предмети чија технологија е покомплексна и со многу повеќе фази во изработката која вклучува и други материјали: восок, глина и сл. (Рыбаков, А. Б. 1948, 141-162).

Калапот за одливање на иконка изработен од бронза, како случаен наод е откриен на платото пред постоечката скопска црква *Св. Спас* во 1972 година. Постои убедување дека истата била подигната врз постари, средновековни остатоци на црквата *Св. Петка (?)* (Поглавје IV). Но, и овој калап е најден на ареалот од средновековно Скопје.

Формата на овој калап (со лачна задна страна) што секако е поврзано со процесот на „калапење“ е во вид на *едикула* со правоаголен корпус и триаголен горен дел. Димензии: 62 x 64 x 10 mm. **Сл. 107a, Сл. 107b** Во овој случај тие, се чини, ја симболизираат самата црква, а декорацијата асоцира на крштевањето и рајот на праведните. Малите димензии одговараат на артефакт за лична побожност. Префинетата нарација и очигледната, теолошка наобразба на изведувачот во составувањето на прикажаната „Програма“ упатува на извонредно ателје од значаен уметнички и духовен центар, можеби и од делокругот на Константинопол(?!).

Во правоаголното поле е прикажана сцена со два пауна – две рајски птици во позиција како пијат од маркантен кантарос (или стилизирана

СЛ. 107 a
БРОНЗЕН КАЛАП
ЗА ИКОНКА,
„СВ. СПАС“,
СКОПЈЕ,
XI ВЕК

СЛ. 107 b
ЦРТЕЖ
НА ОДЛИВОК
(ПОЗИТИВ)
ОД БРОНЗЕНИОТ
КАЛАП

фонтана). Околу нив има декорација од ластари со грозје коишто ја симболизираат *Лозата Давидова*. Тоа е илустрација на Псалмот 41:1 со која се прикажува евхаристична сцена како метафора за жедта на христијаните кон Бога и вербата во вечен живот. Псалмот гласи: „Како што кошутата жеднее по водни извори, така душата моја, Боже, копнее по Тебе“. (Свето Писмо, 1991[2], 709).

Горниот триаголен дел од калапот е декориран со пар гулаби со назад извиени глави како симболи на очистување, но и на божјиот дух и на взаемната љубов. Тие фланкираат дрво со распослани кореља, две странични, разлистени гранки и цветен крст на врвот. Тоа е, секако, претстава на „дрвото на животот“ со архетипско, многуслојно значење кое може да се толкува на повеќе начини. Во случајов се земаат предвид христијанските доктрини. Според нив тоа е илустрација на трите сфери на космосот, на цикличноста на природата, на повторното раѓање, на двојството на машкиот и женски принцип, на човековото искушение, на персонификацијата на рајот, на Исусовиот крст, на многубројните старозаветни учења надслоени со новозаветните кои го навестуваат доаѓањето на Месијата.

Сето тоа се оваплатува во Псалмот 91:13 кој гласи: „Засадените во домот Господов ќе процутат во дворовите на нашиот Бог“(Свето Писмо, 1991[2], 735).

Со досегашните проучувања овој калап е датиран во VI век (Лакалиска, С. 2007, 53-62), но и пошироко од VI до XII век. Всушност, оправдана е претпоставката дека истиот може временски да се определи и во периодот на *renovatio* во византиската култура, особено нагласено во комненовската епоха (Грабар, А. 1969, 146-147; Максимовић, Ј. 1969, 164). Како аналогија може да се посочи и отисокот на минијатурна иконка од златен лим од богатата владетелска ризница на Преслав закопана при неговото пустошење во 971 година (Тотев, Т. 1993, 79, 80, обр. 49).

Овој калап, како впрочем и претходните два го отвораат не само *изведбениот* метод на работа туку и начинот на кој била извршувана *орѓанизацијата* на златарскиот занает. Познато е, имено, дека топењето на металите, неговата обработка и трговските зделки во врска со нив биле под контрола на државата. Кога станува збор за Византија, која со своето богато наследство во сите сфери од животот влијаела и на останатите средновековни држави, оваа делатност била регулирана уште од X век.

Во *Книѓата на Епархот*, која за волја на вистината главно е препис од делото на *Јулијан Аскалонит* (V-VI век) се нагласува строгата, државна контрола во врска со изработката и дистрибуцијата на златните и сребрени предмети (Сюзюмов, М. А. 1962, 12-14,50-51).

Впрочем, со оваа државна контрола над работата на златарите (селски или градски), а се однесува индиректно и на состојбите во Скопје, се занимава и една новела (Членови 168, 169, 170) од Душановиот Законик изгласан во 1349 – токму во овој град (Ковачевић, Ј. 1953, 134-136).

Од друга страна, за предметите од обоени метали овие забрани не важеле. Меѓутоа, веќе од крајот на X и во XI век, како и во вековите што следат и сребрените предмети, пред сè накитот влегуваат во широка употреба и во локалните работилници. На тоа, донекаде влијаело и верувањето во специфичните моќи на овие метали што пак е поврзано со прастари, архетипски афинитети кај одделни култури (Манева, Е. 2004, 78-80).

Наодите на калапи од *Скупи, Кале* и *св. Спас* отвораат повеќе важни прашања и изискуваат попродлабочена анализа. Меѓу другото, дали тие биле изработувани од домашни мајстори или од патувачки златари кои покрај оформени производи нуделе готови или изработувале калапи за локалните работилници? Дали ситнозрнестиот, бел мермер од скупскиот калап и варовничкиот од *Скопско Кале* се од мајдани или материјали (сполии?) од скопско? Дали минуциозноста на калапот и ученоста на пораката од декорацијата на бронзениот калап од *Св. Спас* е дело на локален или на многу вешт мајстор од значаен уметнички центар во XI(?) век.

Потребни се многу егзактни техничко-технолошки и други студии за да се добијат посоодветни одговори.

Во секој случај, сите наведени артефакти зборуваат за големото уметничко, економско и духовно јадро на Скопје во срдновековнието чии рефлексии се ширеле во регионот.

VI НАКИТОТ КАКО АРХЕТИП: ПРОФИЛАКСА • УКРАС • ПРЕСТИЖ • МЕМОРИЈАЛНА • ПОЛОВА • СТАТУСНА • БРАЧНА • ПРОФЕСИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ

Накитот спаѓа во феномените коишто се присутни во сите култури и простори на човековото постоење. Но, неговите значења, форми, пораки што ги емитува на околината се разликуваат и хронолошки, и културолошки, и просторно. И местата на човековото тело, и материјалите од кај е направен, и улогата од сферата на духовното, практичното или општественото значење, исто така, се менува во текот на неговото милениумско постоење на човековото битисување.

Накитот од Скопје (и скопско) од средновековието, почнувајќи од X-XIV век до османлискиот период (постарите форми се прикажани во Поглавјето III) има свои специфични карактеристики. Покрај глобалните одлики на наведеното време, локалната традиција и потврдената домашна продукција, постои уште еден мошне влијателен фактор, а тоа е „населбинскиот“ карактер на наодите. Ова последново значи дека, за разлика од наодите во некрополите, каде накитот е речиси секогаш добро зачуван, во населбинските слоеви, особено од комплексни локалитети како што е *Скопско Кале,* тој се наоѓа во оштетена форма. Најчесто е отфрлен, искршен (некогаш и изгубен) и до нас доспеваат само оние парчиња кои биле „поотпорни“ на уривањата. Тоа е, пред сè, накитот од метал со покомпактни форми (прстени), токи од колани, белезици кои имаат поголеми форми, копчиња итн.

Другата специфика на оваа категорија археолошки артефакти е фактот што многу атрактивни примероци биле отуѓени, продадени од непознати лица во музеи и приватни збирки надвор од нашата земја.

Во Скопје и околината најдени се повеќе десетици примероци накит почнувајќи од оној евтиниот за секојдневна употреба на широкиот слој население, но и раскошни, скапоцени накитни предмети работени за највисоките слоеви на тогашното општество. Пишуваните извори во XIV век ги споменуваат и имињата на познатите мајстори – златари од Скопје како дубровчанинот – Михат, градскиот златар Бах и закрепостениот, манастирски, селски мајстор – Мужило (Ковачевић, Ј. 1953, 134-153).

Накитот: наушници, обетки, гердани, мониста, приврзоци, бронзени и стаклени белезици за подлактица и надлактица, особено, прстени од сите форми, употребливи метали, техники на изработка и квалитет најдени се во *Скопско Кале*, околните населби, некрополи, во депоа со монети или само како групни наоди од накит. Еден број, главно луксузен накит, откупен е од музеите и збирките како своина од „скопско“.

Овој преглед ги опфаќа и металните делови со утилитарна намена во облекувањето како: копчиња, украсни ботони – петлици, аграфи или брошеви со велмошко потекло, токи и други додатоци за појасите.

Наушници – обетки

Спој на древните верувања за профилактичката моќ на одделни видови накит со средновековните обичаи најочигледно е прикажан во сцена од Акатистот на св. Богородица од Марковиот манастир кај Скопје каде таа го држи малиот Исус Христос кој во левото уво има мала обетка – наушница. **Сл. 125** Оваа појава е забележана неколку пати во средновековниот живопис, но се задржала во народните верувања сè до XX век, особено како профилакса кај машки деца – единци или во семејства каде децата рано умирале (Манева, Е. 1992, 38, 39, 113, сл. 1).

На *Скопско Кале* најдени се повеќе *наушници – алки* од бронза, поретко од сребро, што сведочи за честото практицирање на овој обичај. **Сл. 126a-f)**(Манева, Е. 1992, Т. 12 – Т.14).

СЛ. 125
ИСУС ХРИСТОС СО ОБЕТКА НА УВОТО,
СЦЕНА ОД АКАТИСТОТ НА БОГОРОДИЦА
ОД МАРКОВ МАНАСТИР, XIV ВЕК

Бронзена наушница со филигрански намотувања во долниот украсен корпус како *renovatio* на античките предлошки, најдена е во слој од XII век. **Сл. 127**

Сребрена наушница – алка со нанижани пет топчести зрна (3 поголеми и 2 помали меѓу нив), од истиот метал е откупена од скопско **Сл. 128** X-XII век (Бабиќ, Б. 1974, кат. бр. 21).

Чифт̄, раскошни наушници од сребро со нанижани биконични „зрна“ украсени со филигран и гранулација, од типот на „токајските“ варијанти, исто така, се откупени од скопско. Тие потекнуваат од XIII век **Сл. 129** (Манева, Е. 1993, 222, кат. бр. С/$_{заб}$, Т. 21).

Сличен *чифт̄ сребрени наушници* со маркантни, тордирани алки на кои се нанижани, раскошно украсени, биконични јаготки, варијанта на „токајските“ типови, потекнуваат од XIII век од скопско, од каде се откупени **Сл. 130** (Радојковић, Б. 1969, 348, кат. бр. 27, сл. 15, 21).

Во керамичка шолја во вид на едноушесто грне од XIII-XIV век, меѓу остава со сребрени монети; на локалитетот *Крст̄* (црква Св. Атанас) во с. Усје на 5 км. ЈИ од Скопје **Сл. 84** најдени се и *чифт̄ маркантни наушници* со 3 раскошно компонирани јаготки. **Сл. 131ab**

Депото содржело 12 венецијански матапани и 84 српски динари од кои 83 се ковани од кралот

СЛ. 126
НАУШНИЦИ –
АЛКИ,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 127 НАУШНИЦА
СО НАМОТАНА
ФИЛИГРАНСКА ЖИЦА,
СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 128 НАУШНИЦА
СО НАНИЖАНИ ЈАГОТКИ,
X-XII ВЕК, НМ,
БГ. – ОТКУП ОД СКОПСКО

СЛ. 129 СРЕБРЕН ПАР НАУШНИЦИ
ОД „ТОКОЈСКИ ТИП“,
XIII ВЕК,
ОТКУП ОД СКОПСКО

СЛ. 130 СРЕБРЕН ПАР НАУШНИЦИ
СО ТОРДИРАНА АЛКА
ОД „ТОКОЈСКИ ТИП“, XIII ВЕК,
ОТКУП ОД СКОПСКО



СЛ. 131 ab
СРЕБРЕН ПАР
НАУШНИЦИ
СО 3 ЈАГОТКИ
ОД „КИЕВСКИ ТИП“,
СКОПСКА ВАРИЈАНТА
КРАЈ НА XIII ВЕК,
ОСТАВА КРСТ – УСЈЕ
(ВИДИ, СЛ. 84)

СЛ. 132 ЦИКЛУС:
РАЃАЊЕТО НА БОГОРОДИЦА, ФРЕСКОЖИВОПИС,
(ДЕВОЈКИТЕ ПРИНЕСУВААТ ДАРОВИ),
СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, (XII ВЕК)

СЛ. 134
АНА МАРИЈА ЛИВЕРИНА СО ЗРАКАСТИ
НАУШНИЦИ И КРУЖНА АГРАФА
НА НАМЕТКАТА,
ЛЕСНОВО,
СРЕДИНА НА XIVВЕК

СЛ. 133 МАРКАНТНА, СРЕБРЕНА,
ЗРАКАСТА НАУШНИЦА – ВЕЛМОШКИ НАКИТ,
ОТКУП ОД СКОПСКО, XIV ВЕК

СЛ. 135 – 136
ПАР ЛУКСУЗНИ, ВЕЛМОШКИ,
ПОЗЛАТЕНИ НАУШНИЦИ ОД КРУЖЕН ТИП.
(ДЕЛ ОД ГРУПЕН НАОД СО АГРАФА)
СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XIV ВЕК

Милутин (1282-1321). Куриозитет е и присуството на неговите крстести динари!

Наушниците се, исто така сребрени, со алки од впреден тел со копец и кука за закопчување. Јагодките се изработени во техника на филигран и гранулација и по основните карактеристики припаѓаат на „киевскиот“ тип, но по своите уникатни решенија би можело да се насловат како нивна „скопска“ варијанта. Временски припаѓаат на крајот од XIII век, но со подолг период на

СЛ. 137 a, b a) ФРАГМЕНТИРАНА, КРУЖНА АГРАФА (ВИДИ, СЛ. 136) b) ЗАДНАТА СТРАНА НА СРЕБРЕНАТА АГРАФА ЗА ВЕЛМОШКА НАМЕТКА, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XIV ВЕК



СЛ. 139 МАСИВНА, „ФОЛКЛОРНА“ ОБЕТКА ОД СРЕБРО, ОТКУП ОД СКОПСКО, XV ВЕК



СЛ. 140 ЛУКСУЗНА ОБЕТКА ОД ВИСЕЧКИ ТИП СО ЗЕЛЕНО УКРАСНО КАМЧЕ. ГРОБЕН НАОД ОД ХРИСТИЈАНСКА НЕКРОПОЛА, ЈАШАР-БЕГОВ КОНАК, ПРЕДГРАДИЕ НА СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XVII-XVIII ВЕК



СЛ. 136 ПОЗЛАТЕНА, КРУЖНА БРОНЗЕНА АГРАФА ЗА ЗАКОПЧУВАЊЕ НА ВЕЛМОШКА НАМЕТКА (ДЕЛ ОД ГРУПЕН НАОД – ВИДИ, СЛ. 135), СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XIV ВЕК

нивна употреба сè до првите децении на XIV век (Манева, Е. 2006, 329-339, сл. 1аб – сл. 4).

Како дополнување на изгледот на накитот и облеката во втората половина на XII век може да се посочи примерот од Св. Пантелејмон, Нерези (1164) каде сите тие детали, вклучувајќи го и ентериерот може да се види во сцена од Раѓањето на Богородица. **Сл. 132**

Марканта луксузна, зрачеста наушница од типичниот, женски велмошки накит, изработена е од сребро. Нејзиниот средишен, полукружен дел е украсен со филигран и гранулација, а на него радијално се додадени конусовидни елементи, наизменично распоредени; два потесни со завршеток од филигранска розета и три пошироки со лежишта за украсно камење. Откуп од Скопје – средина на XIV век (Радојковиќ, Б. 1969, 350, кат. бр. 66). **Сл. 133**

На ктиторска композиција од Лесново од средината на XIV век претставена е во фреско-живописот Ана Марија Ливерина која покрај раскошната одежда има и зрачести наушници, како и кружна аграфа на велмошката „бисерна“ наметка. **Сл. 134**

СЛ. 138 КРАЛИЦАТА СИМОНИДА СО ЛУКСУЗНИ, КРУЖНИ НАУШНИЦИ, ГРАЧАНИЦА, (XIV ВЕК)

Пар луксузни, велмошки, бронзени, *позлатени наушници од кружен тип* и *аграфа* за закопчување на наметката, потекнуваат од групен наод од *Скопско Кале*, во близина на резиденцијалниот комплекс, скриени во sид од кал и камен во една додатна просторија. Во средината од лицевата страна тие се украсени со полубесцен камен – горски кристал со „чадливо“ сивкаста нијанса, додека околното кружно поле и од двете страни на украсниот корпус е богато декорирано со филигран. **Сл. 135**

Аграфата е кружна, бронзена, со одвај видливи остатоци од позлата. Во средишниот дел има лежиште за украсен камен (кој е изгубен), додека наоколу се прикажани 8 кружно распоредени, полукалотести испакнувања. **Сл. 136**

Оваа остава од аристократски накит може да се датира кон крајот на XIV век (Maneva, E. 2013, 269-284, fig. 3, 4).

Во текот на ископувањата на *Скопско Кале* во археолошките слоеви случајно се најдени уште еден, горен дел од откршена и *кородирана аграфа*, **сл. 137a** аналогна на онаа од групниот наод **Сл. 136a-c** секако, од доцниот среден век. Истовремено, од друг археолошки контекст потекнува, одлично зачуван долен дел од *задната страна на аграфа* за закопчување на велмошка наметка. **Сл. 137b** Меѓутоа, овој дел е изработен од сребро, со цилиндричен испуст за закопчување, додека рамната, кружна страна (D = 12 mm) е украсена со филигран; круг околу кој се извиени „S“ спирали – од двојно впредена, тенка филигранска жица – Доцносредновековен примерок. Оштетен примерок на аграфа е, исто така, наод од *Кале,* **Сл. 137a**

Како илустрација за скапоценоста на кружните наушници и статусот на нивните носители може да се посочи примерот на кралицата Симонида со варијанта на зракаст тип наушници од фрескоживописот од Грачаница од 1320 година. **Сл. 138**

Масивна обетка со необичен, фолклоризиран изглед, откупена е од скопско. Таа е сребрена. Во основа е алка со конусовиден корпус кој завршува со шуплива јаготка од задната страна, додека

СЛ. 141 БИКОНИЧНО, БРУСЕНО МОНИСТО ОД КАРНЕОЛ, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 142 a-d СРЕДНОВЕКОВНИ МОНИСТА СО ПАСТОЗНА, ЛИНЕАРНА ДЕКОРАЦИЈА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 143 ФРАГМЕНТ ОД СЛИКАНА СТАКЛЕНА БЕЛЕЗИЦА ЗА НАДЛАКТИЦА, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XII ВЕК

од лицевата е прекриена со правоаголен плочест дел декориран со геометриски мотиви изведени со филигран и гранулација. **Сл. 139** Датирана е во XV век (Бабиќ, Б. 1974, кат. Бр. 38).

Уште еден примерок на обетка кој хронолошки излегува од рамките на овој преглед, но, со местото на наод, во СИ дел на старо Скопје, под урнатините на Јашар беговиот конак, на длабочина од 4 m под површинскиот слој, упатува на постоење на христијанска некропола.

Обетката е златна со срцевиден облик и цветолика површина со вметнато украсно камче во средината. Таа е од типот *висечки обетки* бидејќи во долниот дел се додадени три приврзока со додадени зелени смарагди **Сл. 140** (Манева, Е. 1992, 220, кат. Бр. 82/$_1$, Т. 29).

Мониста

Со оглед на населбинскиот карактер на ископувањата на *Скопско Кале*, не се најдени ѓердани, но откриени се неколку мониста со средновековна датација.

Најголемо внимание предизвика наодот на *бипирамидално монисто* шестострано – „дијамантско“ брусено од полубесценет камен – *карнеол.* **Сл. 141**

Овие луксузни мониста од благороден камен кој има своја „мистична“, „животодавна“ моќ (карнеолот го добил името од изгледот на месото) се мошне карактеристични за средновековието, особено за XII век.

Меѓу повеќето откршени, *стаклени мониста* издвоени се четири, типични изработени во техника на намотување на растопено стакло. Нивната форма е повеќе или помалку сферична, а површината е украсена со белузлава пастозна нишка. **Сл. 142a-d**

Белезици

Белезиците с наоѓани во поголем број, во фрагменти, но со оглед на нивната големина постоела и објективна можност да се повеќе застапени.

Белезиците од стаклена маса од *Скопско Кале* се интересни од повеќе причини; ги има за подлактица и надлактица (тоа е потврдено и во фрескоживописот од Св. Пантелејмон – Нерези **Сл. 132)**, има индиции за локално производство, **Сл. 146**, се јавуваат сликани и монохромни, за возрасни жени и девојчиња итн.



СЛ. 144
ФРАГМЕНТ ОД СЛИКАНА СТАКЛЕНА БЕЛЕЗИЦА СО МОТИВИ НА КРСТ ВО МЕДАЉОНИ, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 145
ФРАГМЕНТ ОД СТАКЛЕНА БЕЛЕЗИЦА СО СЛИКАН БРАНОВИДЕН МОТИВ, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XII-XIII ВЕК

СЛ. 146
ФРАГМЕНТ ОД СТАКЛЕНА БЕЛЕЗИЦА ОД РАЗНОБОЈНИ, ВПРЕДЕНИ НИШКИ. ДЕФОРМАЦИЈАТА НА ФОРМАТА СУГЕРИРА ДЕКА Е ПОЛУФАБРИКАТ, НЕУСПЕШНО ИЗРАБОТЕН ВО ЛОКАЛНА РАБОТИЛНИЦА, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

Фрагмент од стаклена *белезица за надлактица* со сликана декорација од XII век. И покрај иризацијата се гледа сината маса на основата врз која во медаљони се насликани цветолики крстови и полиња со брановидни линии. **Сл. 143**

Мал откршок од *белезица* впечатливо изработена од светло сина стаклена маса, накнадно сликана со мотиви на медаљони со крстови во средината (зачуван е еден). XII век. **Сл. 144**

Фрагмент од *стаклена белезица* со мат темно кафена боја преку чија надворешна површина е зачуван сликан мотив на брановидна линија извлечена со пастозна боја. Примероков е со нешто порустична изведба од XII-XIII век. **Сл. 145**

Фрагмент од белезица од разнобојни, впредени, стаклени нишки. Меѓутоа, формата е деформирана што сугерира постоење на локална работилница и на еден неуспешно изработен примерок. XII век. **Сл. 146**

Фрагмент од *стаклена монохромна белезица* за надлактица со кревок изглед на колакот (D – 0,5 см), но со внатрешен пречник од околу 8 см. **Сл. 147** XII век. (Види сл. 132)

Стаклена белезица од разнобојни, впредени нишки. Пресек на колакот ~ 0,7 см, а внатрешниот пречник од околу 8 см. Била носена, како и претходниот примерок на надлактицата. XII век. **Сл. 148** (Види сл. 132).

Целосно зачувани две белезици (одвоено најдени) од речиси црна мат стаклена маса од кои едната има црвеникава, вметната нишка вдолж надворешната страна, **Сл. 149а**, а другата со исти квалитети со три, исто така, инкрустирани, црвеникави, подолжни нишки. **Сл. 149b** XII-XIII век.

Два фрагменти од *детска белезица* со внатрешен дијаметар од околу 3,2 см. Стаклената шипка е кревка, но без иризација, од сино-тиркизна, провидна маса. **Сл. 150** XI век.

Предметите на **Сл. 151а-с** претставуваат *групен наод* од три наушници алки, една декорирана, лентеста, бронзена и една стаклена белезица сите откриени покрај **Гроб 1** во некрополата на локалитетот *Градиште*, Средно Нерези. XII-XIII век.

Од истиот локалитет како и претходниот најден е уште еден, овој пат *гробен наод од Гроб 4*. **Сл. 152а-с** Тој се состои од две наушници, со мали топчести стаклени мониста со бела брановидна, пастозна линија по површината и бронзена белезица од четирикатно, впредени жици со завршетоци на јамки (или змиски глави?). XII-XIII век. Овој тип белезици е еден од најзастапените во Македонија во периодот од XI-XIII век (Манева, Е. 1992, 74, 75, Т. 58 – Т. 63).

Лентеста, бронзена белезица, речиси целосно зачувана, недекорирана, со отворени лачно оформени краеви од *Скопско Кале може да се датира во времето од* XI-XII век. **С. 153**

Бронзена белезица со полн, полукружен пресек и зашилени, отворени краеви, речиси целосно зачувана. Од надворешната страна има низа од 4 кружни вдлабнатинки, како „имитација“ на простор за вметнување на украсни додатоци (?) **Сл. 154** XI-XIII век.

Три бронзени белезици со помали или поголеми оштетувања. Заеднички за сите нив се завршетоците кои се отворени и обликувани на различен начин, но секогаш со мотивот на змиски

СЛ. 147 ФРАГМЕНТ ОД СТАКЛЕНА БЕЛЕЗИЦА ЗА НАДЛАКТИЦА (D ~ 8 СМ), СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 148 ФРАГМЕНТ ОД СТАКЛЕНА БЕЛЕЗИЦА ЗА НАДЛАКТИЦА ОД РАЗНОБОЈНИ, ВПРЕДЕНИ НИШКИ (D ~ 8 СМ), СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 149 a-b БЕЛЕЗИЦИ ОД ЦРНА СТАКЛЕНА МАСА:
а) СО ЕДНА ПОДОЛЖНА, ВМЕТНАТА НИШКА
б) СО ТРИ ПОДОЛЖНИ, ВМЕТНАТИ НИШКИ,
СКОПСКО КАЛЕ, XII-XIII ВЕК



СЛ. 150 ДВА ФРАГМЕНТИ ОД ДЕТСКА БЕЛЕЗИЦА ОД СИНА, ПРОЗИРНА, СТАКЛЕНА МАСА (D ~ 3,5 СМ), СКОПСКО КАЛЕ, XI ВЕК



СЛ. 151 ГРУПЕН НАОД НА 3 НАУШНИЦИ – АЛКИ, ЕДНА ДЕКОРИРАНА, ЛЕНТЕСТА БЕЛЕЗИЦА ОД БРОНЗА И ЕДНА ОД СТАКЛО, НЕКРОПОЛА ГРАДИШТЕ, СРЕДНО НЕРЕЗИ (ПОКРАЈ ГРОБ 1), XII-XIII ВЕК



СЛ. 152 ГРОБЕН НАОД ОД 2 НАУШНИЦИ СО НАНИЖАНИ МОНИСТА И БЕЛЕЗИЦА ОД ЧЕТВОРОСТРУКИ, ВПРЕДЕНИ, БРОНЗЕНИ ЖИЦИ, НЕКРОПОЛА ГРАДИШТЕ, СРЕДНО НЕРЕЗИ (ГРОБ 4), XII-XIII ВЕК

СЛ. 153 ЛЕНТЕСТА, БРОНЗЕНА БЕЛЕЗИЦА СО ОТВОРЕНИ, ЗАОБЛЕНИ КРАЕВИ, СКОПСКО КАЛЕ, XI-XII ВЕК

СЛ. 156
ДЕЛ ОД ДЕТСКА, БРОНЗЕНА БЕЛЕЗИЦА СО ЛЕНТЕСТ ОБРАЧ И СРЕДИШЕН КРУЖЕН ДЕЛ СО РАМНОКРАК КРСТ. ДЕКОРАЦИЈА СО ПУНЦИРАЊЕ, СКОПСКО КАЛЕ, XIII ВЕК



СЛ. 157 ЛУКСУЗНА, СРЕБРЕНА БЕЛЕЗИЦА ОД ПРЕПЛЕТЕНИ ЖИЦИ СО ПЛОСНАТИ ЈАЗИЧЕСТИ ЗАВРШЕТОЦИ СО ГРАНУЛИ НА РАБОВИТЕ (D - ДО 70 ММ). МОЖНО ДА Е МАШКИ (ИНСИГНИСКИ) ПРИМЕРОК. ОТКУП ОД СКОПЈЕ, XIII ВЕК

СЛ. 154
БРОНЗЕНА БЕЛЕЗИЦА СО ПОЛН ПРЕСЕК НА ТЕЛОТО И ЗАШИЛЕНИ КРАЕВИ, СКОПСКО КАЛЕ, XI-XIII ВЕК

СЛ. 155 а-с
ТРИ БРОНЗЕНИ БЕЛЕЗИЦИ
СО ОТВОРЕНИ КРАЕВИ
ВО ВИД НА РАЗНОЛИКО
ОФОРМЕНИ ЗМИСКИ ГЛАВИ,
СКОПСКО КАЛЕ,
XI-XIII ВЕК

глави. Накнадно со пунцирање и гравирање овие мотиви се уште повеќе нагласени. **Сл. 155а-с** XI-XIII век. Традицијата на „змискиот“ накит, особено кај белезиците е зачуван на овие простори во континуитет уште од праисториски и антички времиња (Манева, Е. 1992, Т. 49 – Т. 53).

Фрагмент од *ѓетска, но масивна, бронзена белезица* со лентест обрач и зачуван средишен дел во вид на круг со рамнокрак крст изведен со техника на пунцирање. **Сл. 156** Наод од *Скопско Кале* - XIII век.

Луксузна, сребрена белезица од плетени масивни жици. Краевите се отворени, јазичесто оформени, плоснати, окружени со крупни гранули. Нејзиниот дијаметар од околу 7 см укажува на можноста да се работи за машки (инсигниски) артефакт, многу распространет во XIII век, **Сл. 157** Откуп од Скопско (Манева, Е. 1992, 73, 74, Т. 39$_{c/6}$).

Прстени

Прстените од *Скопско Кале* или откупени од Скопје и околината се релативно почесто застапени во оваа колекција. При тоа, издвоени се оние кои се чинеа највпечатливи и најретки.

Бронзен прстен со нагласени рамена и испакната глава со коцкаст додаток на кој е невешто врежано неидентификувано четириножно животно со извиен опаш чиј врв е во вид на „V“. Локален производ од *Скопско Кале*, од доцен XI-XII век. **Сл. 158**

Златен прстен со лентест обрач кој преминува во кружна, плочеста глава. Морфолошки припаѓа на типовите од XII век. Со пунцирање на главата е изведена сосема симплифицирана, антропоморфна фигура во став *оранта,* со раширени раце со по 3 или 4 прикажани прсти и раширени нозе со шематизирани стапала. Под нозете неидентификуван аглест елемент. Од главата се назначени очите и контура на ореол чии долни краеви се спирално свиени на внатре и завршуваат со вегетабилен мотив – грозд(?) Локална изведба на неидентификувана света личност. **Сл. 159**

На прстени со наведените морфолошки карактеристики (широко датирани во XI-XII век) често се јавуваат многу стилизирани кроки на антропоморфни фигури. Оваа сумарна шематизација понекогаш е можно да се одгатне доколку има додадено некакви елементи (меч, крст меѓу две фигури итн.) кои се карактеристични за прикажаната сцена; свет воин, свв. Константин и Елена, крштевање, благословување на младенците (Greek Jewellery, 1997, cat. no. 195; Ross, C. M. 1965, cat. no. 38, 63, 106, 179 etc.).

Повеќе прстени со крајна шематизација на човечката фигура се среќаваат во соседните области (Bikić, V. 2010, 120, 121, sl. 92/1-12; Бајаловић – Хаџи-Пешић, 1984, Т. 7).

Оваа појава може да се толкува како преземање на готови решенија како урнеци со религиозни или профани претстави, сцени од други изведбени медиуми. Покрај копирањето на постариот накит, преземени се и претстави од монетите, фреско и иконописот, мозаиците, камената и коскената пластика, дрворезот, везовите и сл.

Пренесени на металната основа на накитот тие се сумарно стилизирани, до непрепознавање. Меѓутоа, за нарачателот и изведувачот, веројатно, тоа било јасно и доволно препознатливо.

Лентесп, бронзен прстен со рамна проширена глава. Во речиси квадратно означената рамка се врежани две стилизирани фигури. Едната ја подигнала левата рака во став на благослов или крштевање. Околу фигурите има кривулеста линија.

Се чини дека ова е стилизирана претстава на св. Јован Крстител и крштевањето на Исус Христос покрај реката Јордан. **Сл. 160** Локален производ, *Скопско Кале*, XII век.

СЛ. 158
БРОНЗЕН ПРСТЕН
СО ИСПАКНАТА КОЦКЕСТА
ГЛАВА НА КОЈА Е ВРЕЖАНО
НЕИДЕНТИФИКУВАНО,
ЧЕТИРИНОЖНО ЖИВОТНО,
СКОПСКО КАЛЕ,
ДОЦЕН XI-XII ВЕК

СЛ. 159
ЗЛАТЕН ПРСТЕН
СО СКИЦА НА ФИГУРА
ВО СТАВ ОРАНТА,
СКОПСКО КАЛЕ,
XII ВЕК

СЛ. 160
БРОНЗЕН ПРСТЕН
СО СЦЕНА НА КРШТАВАЊЕ
(СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ
ГО КРШТАВА ИСУС ХРИСТОС
СО ПОДИГНАТА РАКА
ПОКРАЈ КРИВУЛЕСТА ЛИНИЈА,
МЕТАФОРА ЗА РЕКАТА ЈОРДАН),
СКОПСКО КАЛЕ,
XII ВЕК

СЛ. 161
МАСИВЕН БРОНЗЕН ПРСТЕН
СО БОГОРОДИЦА НИКОПЕИА
МЕЃУ ЖИТНИ КЛАСЈА,
СКОПСКО КАЛЕ,
XII ВЕК

СЛ. 162
БРОНЗЕН ПРСТЕН,
ПЕЧАТНИК
СО ПРЕТСТАВА НА ГРИФОН,
СКОПСКО КАЛЕ,
XIV ВЕК

Масивен бронзен прстен чиј обрач во горните партии е профилиран со две подлабоки канелури, а потоа преминува во рамна, квадратна глава. Морфолошки припаѓа на типовите од крајот на XII век (Манева, Е. 1992, Т. 87,$_{35/3,\ 35/4}$).

Во техника на лиење, на плоштината на главата централно е прикажана женска фигура со долга одежда, глава со ореол и свиткани раце во кои придржува нешто. Целата претстава асоцира на *Богородица Никопеиа* (заштитничка на родот и мајчинството – чест мотив во комненовскиот период). Таа е фланкирана со две стилизирани, растителни фиданки, слични на класје жито. Покрај горниот раб видлив е почетокот на текст со зачуваните букви МΘ како иницијали на името на Мајката Божја, но потоа следи откршување на работ и оштетување и не е јасно дали и како продолжува текстот. **Сл. 161** Локален производ , *Скопско Кале,* XII век.

Масивен бронзен прстен со лентест обрач скалесто профилиран во рамениот дел и широка, кружна, плосната глава. **Сл. 162** Во простор окружен со врежана линија прикажан е орлоглав грифон со четири нозе и накострешени крила. Прстенот е печатник со хералдички симбол „Cum arma nostra“. Аналогна претстава се наоѓа во Охридско од некрополата во село Опеница – лок. *Црвејнца* – Прентов мост (Манева, Е. 1992, 172, 173 Т. 86,$_{45/12}$). *Скопско Кале* XIV век. **Сл. 162**

Велмошки, луксузен прстен, според димензиите, машки, добро зачуван изработен од сребро. Со црно ниело по целата површина е декориран со вегетабилни, флорални и геометриски мотиви. Изведбата е минуциозна, а севкупниот впечаток оддава раскош. Датира од 30-тите години на XIV век. Примерокот е откупен од Скопје и се чува во НМ – Белград (Радојковић, Б. 1969, 349, кат. бр. 43). **Сл. 163**

Прстен со исти уметнички и изведбени техники (сребро, црно ниело, вегетабилна и геометриска декорација), **Сл. 164** но со помали димензии од претходниот примерок. Исто така и овој прстен е откупен од Скопје и се чува во НМ – Белград. Потекнува од 30-тите години на XIV век (Радојковић, Б. 1969, 349, Кат. бр. 43).

Златен прстен со вметнат мазно брусен, елипсовиден полубесценет камен аквамарин со темно сина боја. Каменот е прицврстен за основата во манирот на XIV век со странични кукички (Бабиќ, Б. 1974, кат. бр. 137 со цитирана опширна литература).

Обрачот е лентест со врежани, карактеристични готски „куки“ – спирали. Велмошки примерок од скапоцен вид. *Скопско Кале***,** средина на XIV век**. Сл. 165**

Сребрен прстен со одвај видливи траги од позлата. Обрачот е лентест со разиграна профилација на рабовите во стилот на готските форми. Главата е плосната, пространа, осмоаголна, со врежана линија која го означува печатот. На нејзината плоштина е претставено четириножно животно со хералдички извиен опаш, со густа грива. *Скопско Кале.* Прстенот е печатник од втората половина на XIV век. **Сл. 166**

Многу масивен прстен од сребро (теж. 19,17 гр.) најден во Скопје, сега своина на НМ – Белград. Обрачот е „прекршен“ во стилот на *Verkantung* форма. Примерокот е лиен, главата е бадеместа со релјефно прикажан лав во движење со извиен опаш, додека пред него се гледа мотив на крин.

СЛ.163
МАСИВЕН, ЛУКСУЗЕН, ВЕЛМОШКИ ПРСТЕН ОД СРЕБРО, ДЕКОРИРАН СО ВЕГЕТАБИЛНИ, ФЛОРАЛНИ И ГЕОМЕТРИСКИ МОТИВИ СО ЦРНО НИЕЛО. ОТКУП ОД СКОПЈЕ, 30-ТИТЕ ГОДИНИ НА XIV ВЕК

СЛ. 164
ЛУКСУЗЕН, ВЕЛМОШКИ ПРСТЕН ОД СРЕБРО И НИЕЛО ИЗРАБОТЕН НА СЛИЧЕН НАЧИН КАКО ПРЕТХОДНИОТ ПРИМЕРОК, (СЛ. 165). ОТКУП ОД СКОПЈЕ, 30-ТИТЕ ГОДИНИ НА XIV ВЕК

СЛ. 165
ПРСТЕН СО ВМЕТНАТ ЕЛИПСОВИДНО БРУСЕН, ПОЛУБЕСЦЕНЕТ КАМЕН АКВАМАРИН СО ТЕМНОСИНА БОЈА. ОБРАЧОТ Е ЛЕНТЕСТ, ПОЗЛАТЕН СО КАРАКТЕРИСТИЧНИ, ГОТСКИ СПИРАЛИ. ВЕЛМОШКИ ПРИМЕРОК, СКОПСКО КАЛЕ, XIV ВЕК

СЛ. 166
СРЕБРЕН ПРСТЕН СО ТРАГИ НА ПОЗЛАТА. ОБРАЧОТ Е ЛЕНТЕСТ СО РАЗИГРАНА ГОТСКА ПРОФИЛАЦИЈА. ГЛАВАТА Е ОСУМАГОЛНА, ПЛОСНАТА, СО СТИЛИЗИРАНО, ХЕРАЛДИЧКИ ПРЕТСТАВЕНО ЖИВОТНО СО ГУСТА ГРИВА, НАГЛАСЕНИ ШЕПИ И ИЗВИЕН ОПАШ, СКОПСКО КАЛЕ, ВТОРА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК

СЛ. 167
МАСИВЕН ПРСТЕН (ТЕЖОК 19,17 ГР) СО БАДЕМЕСТА ГЛАВА И ПРЕТСТАВА НА ЛАВ ВО ДВИЖЕЊЕ, СКОПСКО КАЛЕ, ПОСЛЕДНА ЧЕТВРТИНА НА XIV ВЕК

СЛ. 168
ВИТЕШКИ ОБЛИК НА ПРСТЕН. ВРЕЖАНИОТ МОТИВ НЕ Е СОСЕМА ВИДЛИВ: ЛАВ ИЛИ ВОЛК И ПРЕКУ НЕГО ШТИТ? НА РАМЕНИОТ ДЕЛ СЕ ВРЕЖАНИ БУКВИ ВО 2 РЕДА: МОЖЕБИ ИНИЦИЈАЛИ Т И Y ИЛИ Ш И Y. ОТКУП ОД СКОПЈЕ (ИЛИ ОД ПРИЛЕП), НМ – БЕЛГРАД. ПОЧЕТОК НА XV ВЕК



СЛ. 169
БРОНЗЕН ПРСТЕН СО ГОТСКА ФОРМА ОБРАЧОТ СО СТРАНИЧНИ ШЕСТОАГОЛНИ ЗАРАМНУВАЊА, БИКОНЧЕН ВРАТ И ГЛАВА ВО ВИД НА ПРЕВРТЕН КОНУС, СО ВРЕЖАНА ПЕТОРОГА ЅВЕЗДА, ДАВИНА КУЛА, ЧУЧЕР, КРАЈ НА XIV И ПОЧЕТОК НА XV ВЕК



СЛ. 170
БРОНЗЕН ПРСТЕН СО БИКОНИЧЕН ВРАТ И КРУЖНА ГЛАВА СО ВРЕЖАНА ОСУМЛИСТНА РОЗЕТА. ОТКУП ОД СКОПСКО, ПОЧЕТОК НА XV ВЕК

СЛ. 171
ФРАГМЕНТ ОД МЕТАЛЕН ПРСТЕН ЗА ОТКАЧУВАЊЕ НА СТРЕЛИ СО ВЕГЕТАБИЛНА ДЕКОРАЦИЈА, СКОПСКО КАЛЕ, XIV ВЕК



СЛ. 172
ТОКА ЗА ПОЈАС, СКУПИ, X ВЕК

СЛ. 173
ТОКА СО ПРАВОАГОЛЕН КОРПУС И БРАНОВИДЕН ПРЕДЕН ДЕЛ, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН X-XI ВЕК

СЛ. 174
ТОКА СО БУБРЕЖЕСТА ФОРМА И ПРАВОАГОЛЕН ОКОВ ЗА КОЛАНОТ, СКОПСКО КАЛЕ, ВИЗАНТИСКИ ПЕРИОД



СЛ. 175
ТОКА СО ПРАВОАГОЛЕН ОКОВ ЗА КОЛАНОТ И СКОРО КРУЖЕН ДЕЛ НА ЗАПОНОТ СО РОЗЕТА НА ВРВОТ, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН X-XII ВЕК

СЛ. 176
ЛИРОВИДНА, СРЕБРЕНА ТОКА СО РАЗИГРАНА ПРОФИЛАЦИЈА И ЗАЧУВАН ТРН, СКОПСКО КАЛЕ, X ВЕК

СЛ. 177
ЦЕЛОСНО ЗАЧУВАНА, ЛИРОВИДНА ТОКА СО ЗАЧУВАН ТРН, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XII-XIV ВЕК

СЛ. 178
БРОНЗЕН ПРАПОРЕЦ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 179
ШУПЛИВО ЛИЕНО, СРЕБРЕНО КОПЧЕ ОД ДВЕ СПОЕНИ ПОЛУКАЛОТИ И УШКА ЗА ПРИШИВАЊЕ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 180
СЕТ КОПЧИЊА ОД БРОНЗА, ШУПЛИВО ЛИЕЊЕ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 181
УКРАСНА ПЕТЛИЦА – БРОШ, ДЕКОРИРАНА СО КЛЕТОЧЕН ЕМАЈЛ, ПРВА ПОЛОВИНА НА XIII ВЕК. СКОПЈЕ – ОТКУП

СЛ. 182
БРОНЗЕНО КОПЧЕ ВО ВИД НА ОСУМЛИСТНА РОЗЕТА СО КОПЕЦ ОД ЗАДНАТА СТРАНА. СКОПСКО КАЛЕ, ВИЗАНТИСКИ ПЕРИОД

Целата површина на раменитe партии и главата се разиграни во плиток релјеф со незнатни траги од емајл. Работен е во византиска традиција. Датира од последната четвртина на XIV век (Милошевиќ, Д. 1990, Кат. бр. 118). **Сл. 167**

Витешки облик на сребрен прстен – откупен од Скопје (или Прилеп) – сега во НМ – Белград.

Типичен обрач за прстените на овој тип со осмоаголна глава и врежан знак на витешкиот ред: лав во движење (можеби и волк?) и пред него штит. Претставата е доста излижана. Странично на рамениот дел се врежани букви во 2 реда: Т и Y или Ш и Y. **Сл. 168** Примерокот датира кон почетокот на XV век (Милошевиќ, Д. 1990, Кат. бр. 171).

Бронзен прстен со готска форма на обрачот, со странични шестоаголни зарамнувања и глава во вид на превртен конус поставена на биконично задебелен врат. **Сл. 169**

Печатот е во вид на петторога ѕвезда. *Давина Кула,* Чучер – крај на XIV почеток на XV век.

Бронзен прстен со *Verkantung* обрач, рамена моделирани со по две странични вдлабнувања. На биконичен врат, посветена е кружна глава со прецизно врежана осумлистна розета. **Сл. 170** Откуп од Скопје, НМ – Белград. Датира од почетокот на XV век (Милошевиќ, Д. 1990, Кат. бр. 148).

Бронзен прстен, фрагментиран до половина. Тоа е ексклузивен наод на метален „штитник“ за палецот на раката (како нокт) за запнување на тетивата на лакот при исфрлање на стрелата. Освен во воени, тој се употребувал и за време на турнири. Овие примероци се изработувани, главно, од коска но ги има и од метал. XIV век. *Скопско Кале*, **сл. 171** Аналогии: (Бајаловиќ – Хаџи-Пешиќ, М. 1984, кат. бр. 659).

Бронзена тока од *Скупи,* целосно зачувана со делот за зацврстување на ременот и трн кој го преминува работ на токата. **Сл. 172** По својот морфолошки изглед тој е типичен претставник на егземплариte кои ги преживуваат доцноантичките форми и преминуваат во средновековните (Ончевска Тодоровска, М. 2005, 29, сл. 12). Овој примерок од *Скупи* е морфолошки близок на еден наод од Коринт, за кој се вели дека не може да биде подоцнежен од X век (Davidson, G. 1952, Pl. 114, 2202).

Бронзена тока со правоаголен корпус, попречна спона која го извојува делот за прицврстување на ременот и профилиран, полно лиен преден дел. **Сл. 173** *Скопско Кале* Доцен X-XI век (Davidson, G. 1952, 275, Pl. 115, 2244).

Тока лиена од бронза во една целина со правоаголен дел за ременот, спона за трнот кој недостига и преден набрежен дел со декоративно задебелување на најистакнатиот дел. **Сл. 174** Примерокот потекнува од *Скопско Кале*. Анало-

гија се среќава во Коринт каде временското определување е широко, во „византискиот период“ (Davidson, G. 1952, Pl. 115, 2235).

Бронзена тока изработена со лиење со типичен „лировиден“ облик на која и недостига трнот. Делот за прикачување на ременот е правоаголен, додека горниот дел е речиси кружен со осумлистна розета на врвот. **Сл. 175** Византиската провениенција на овој примерок е несомнен, а се среќава на широките простори на Евроазија. Се датира во доцен X до XII век. *Скопско Кале* (Davidson, G. 1952, Pl. 115, 2233).

Сребрена тока, целосно зачувана, со видлива тенденција да изгледа „убаво“. **Сл. 176** Нејзините димензии се мали 2,5 X 2 X 0,9 см. Во основа е лировидна, но со надворешни испусти на споните за ременот и за трнот што ѝ дава разиграна профилација. Трнот е зачуван и преку четирилистна апликација го преминува надворешниот раб на токата. Варијанта на луксузен рановизантиски производ кој може да се датира најдоцна до X век. *Скопско Кале.*

Варијанта на „лировидна“ тока со византиска провениенција. **Сл. 177** Димензиите и се мали: 2,6 X 2,3 X 0,8 см. Зачувана е целосно со тоа што изработката е поедноставна од претходниот примерок. **Сл. 176** Лиена е од бронза во еден дел, со поширок долен дел за прицврстување на ременот, речиси кружен, горен дел и трн кој го поминува нејзиниот надворешен раб. *Скопско Кале,* доцен XII-XIV век.

Праборец од бронза (4 X 1,8 см). **Сл. 178** Лиен во техника на „изгубена форма“, шуплив, со зрнца во внатрешноста кои предизвикувале звук што „го брка злото“. Обликот му е топчест со зачувана ушка за прикачување. Од долната страна се гледа процеп кој завршува со две кружни перфорации. *Скопско Кале,* Средновековие.

Сребрено, топчесто коче, шупливо, лиено во техника на „изгубена форма“, составено од две полукалоти и ушка за пришивање. **Сл. 179** Димензии: h = 1,8 (со ушка); D = 1,5 см. *Скопско Кале. Средновековие.*

Сет од 13 бронзени копчиња шупливо лиени од бронза во техника на „изгубена форма“. Составени се од две полукалоти, со ушка за пришивање. Најдени заедно асоцираат на дел од облека; ракави, предни поли на кошула и сл. **Сл. 180a-m** *Скопско Кале. Средновековие.*

Украсна петлица (ботон) со благо конкавна форма и копец од задната страна за закопчување на надворешен, потежок, секако, луксузен дел од облеката. Димензии: : h = 2 см; D = 3 см; тежина 9,09 гр. **Сл. 181**

Надворешната, видлива површина е декорирана во техника на клеточен емајл. Со бронзена, позлатена жичка е изведена декорација со празни површини кои, потоа, се исполнувале со црвен, светло и темно зелен емајл во форма на геометриски мотиви. Околу работ има кружница со перфорации. Откуп од *Скопје,* сега во НМ – Белград. Прва половина на XIII век (Радојковиќ, Б. 1969, Т. 30; Бабиќ, Б. 1974, кат. бр. 136).

Бронзено, лиено копче во вид на осумлистна розета, од внатрешната страна има остаток од откршениот копец. Димензии: 2,2 X 2,2 см. *Скопско Кале.* Византиски период (XII век?) (Daivdson, G. 1952, 142, Pl. 72, кат. бр. 1048). **Сл. 182**

VII НАПАД И ОДБРАНА: БОЕВИ ТАКТИКИ И ОРУЖЈЕ

Средновековието било обременето со постојани војни, со миграции, ограбувања, населувања и насилни одземања на имоти... Војувањето било секојдневие. Освен во зимскиот период кога временските прилики не дозволувале позначајни борбени дејствија, останатиот дел од годината, од април до почетокот на ноември, населението речиси редовно, со исклучок на одделни помирни периоди било во воена состојба. Со тоа не бил засегнат само воениот сталеж, всушност, воената аристократија туку и потчинетите колони кои ги придружувале господарите, потоа жителите од опседнатите градови, оние од околните населби, како и платениците.

Градовите – тврдини и другите видови крепости за населбински, велмошки, воени, црковни, рударски, привремени збегови и други видови градби во средновековието биле внимателно заштитени со ѕидови – бедеми, речни корита и други водени површини, ровови, палисади или карпи сè со цел да бидат успешно бранети за време на непријателските опсади.

Во воени услови начинот на живот се менувал. Упатства за суровите преживувања во време на опсада биле следни: „Припреми доволно камења и цистерна за вода, да не би трпел од глад и жед; припреми сумпор, смола и масло, за да можеш со тоа да ги полеваш непријателските постројки, приготви уште дрво и железо за самострелите и за други потреби; приготви јажиња и говедски жили за лаковите и балистите; приготви сомелена вар којашто ќе ја фрлаш за да го ослепиш непријателот; приготви кожи за со нив да ги покриеш своите постројки и згради за да не ги запали непријателот; најпосле принеси на кулите и ѕидовите доволно камења за фрлање, непријателските машини обиди се да ги уништиш тајно, ноќе, со испади на посадите или постројките. Истото ова направи го и со напаѓачките, постави дрвени постројки близу до твоите ѕидови; овие можеш дури и со железни куки со помош на јажиња да ги закачиш и извлечеш на бедемот. Ако непријателот копа дупки да би ги поткопал ѕидовите; ако непријателот успее да направи продор во ѕидот, затвори го отворот со греди и камења, а по можност и со нов ѕид од камења зад него“ (Дероко, А. 1950, n. 42).

Средновековната „артилерија“ за разбивање на ѕидините се состоела од повеќе видови *опсадни постројки*. Со силата и познавањето на законите на механиката се исфрлале моќни стрели, камења со различна тежина, запаливи смоли, катран, врело масло, ќупови со змии, скорпиони, осила, мрши од заразени животни и луѓе, живи заробеници и друг вод застрашувачки и бизарни „проектили“.

Ефикасноста на овие борбени „машини“ зависела од умешноста на мајсторите – конструктори кои одделните, главно гломазни делови од дрво, трупци, кожи, железо, јажиња и сл., ги компонирале на местото на настанот, на погодна позиција, оддалеченост и сл. По завршените битки, постројките, доколку не биле уништени, биле често демонтирани, а заради органските составни елементи и пропаѓале со текот на времето.

Пишуваните и ликовните извори, особено минијатурите нудат многу прецизни податоци за нивниот изглед и воопшто за начинот на војување со нив. Тактиката на совладување и уривање на бедемите во опседнатите тврдини позната уште од библиски времиња, подразбирала повеќе видови на опсадни справи.

Јуришните скали **Сл. 183** служеле за „порамноправна“ борба гради в гради и за префрлање преку ѕидините, *желките* носеле посади за поткопување на бедемите, *овните* биле масивни трупци со кои се продупчувале, пред сè портите. Тоа, всушност, биле трите начини за да се влезе во опседнатиот град.

„Бомбардирањето“ со фрлачките *петроболи* или *каменофрлачи* се опсадните справи кои оставиле најсигурни археолошки остатоци на теренот.

Анализата на камените „проектили“, нивната големина, тежината, изработката, потеклото на каменот и сл. дозволуваат да се реконструираат податоци за типот на постројките кои биле компатибилни со нив, за местото на нивното производство итн.

На *Скопско Кале* потврдена е примената на најмоќната фрлачка „машина“ – *противтежинскиот требушет.* Имено, откриени се огромни



СЛ. 183
НАПАД И ОДБРАНА НА ГРАД. БОРБА СО ТРАКЦИСКИ ТРЕБУШЕТ.
МИНИЈАТУРА ОД МАДРИДСКИОТ РАКОПИС НА ЈОВАН СКИЛИЦА,
ВТОРА ПОЛОВИНА НА XIII ВЕК



СЛ. 184
ОГРОМЕН ПРОЕКТИЛ (ТЕЖОК ~ 120 КГ),
НАМЕНЕТ ЗА ПРОТИВТЕЖИНСКИ, ГРАВИТАЦИСКИ ТРЕБУШЕТ,
СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 185 (a-c)
ПРИМЕРОЦИ НА КАМЕНИ ПРОЕКТИЛИ
СО РАЗЛИЧНИ ДИМЕНЗИИ И ТЕЖИНА,
СКОПСКО КАЛЕ

камени топки тешки 100-120 кгр. со дијаметар од 0,50 – 0,55 m. (Петров, О. 2012, 1-19). **Сл. 184**

Помалите камени проектили, веројатно биле наменети за гаѓање со *онаѓеротп* или т.н. *диво маѓаре* – специфична торзиска постројка која често ја употребувале и бранителите од круништо на бедемите.

На *Скопско Кале* најден е групен наод од уште помали камени топки како „арсенал" за поединечна употреба на некој бранител од самиот град. Гаѓањето од внатрешноста на непријателските војски дозволувало поголема прегледност на теренот, поголема ефикасност и попрецизно бирање на „жртвите". **Сл. 185a-c**

Меѓу офанзивното оружје за лична употреба за напад од далечина, во средните векови најмасовно се употребувале *лаковиште* и *стрелиште*.

Како археолошки траги на теренот, вклучително и на *Кале*, како и на останатите наоѓалишта со средновековни стратуми, од овој вид оружје се наоѓаат, пред сè, разновидните врвови за стрели.

Имено, и лаковите (како и телата на стрелите) биле изработени од органски материјали: дрво (понекогаш и коскени плочки), жили, кожа, пердуви и сл.

Обликот на стрелите покажува дека на *Кале* биле употребувани и *обични* лакови, но и *рефлексни*, карактеристични за азиското, номадско наоружување со повеќекратна ефикасност, дострел и „убоитост" (Медведев, Ф. А. 1966).

Меѓу железните врвови за стрели од *Кале* се среќаваат: листолики, ленгерести или во вид на ластовичина опашка со тулец, но и троребрести, трапезовидни, пирамидални, двокраки итн. со трн за забодување во телото на стрелата **Сл. 186a-e** по правило специфични за номадските, азиски народи.

Наодот на карактеристичната коскена оплата од *Кале* се поврзува со *тулецот* за чување на стрели. **Сл. 187** Познато е, исто така, дека и лаковите, за да ја зачуваат својата форма се носеле во посебна кожна футрола. На фрескоживописот, до детали се забележани и формите, и начинот на носење, и други елементи во врска со ова оружје. **Сл. 188**

Специфичната форма на коскен затегнувач од *Скопско Кале* како дел од *самострел* **Сл. 189** сведочи за неговата употреба во овие краеви уште од XII век. На фрескоживописот е прикажан како оружје на свет воин од средината на XIV век. **Сл. 190**

Нема сомнение дека во борбите се употребувале и *копја;* долги за бодење, куси - за фрлање и гаѓање, како и нешто помалите сулици. **Сл. 191**

СЛ. 186 (а-е)
ЖЕЛЕЗНИ ВРВОВИ ОД СРЕДНОВЕКОВНИ,
ЛОКАЛНИ И НОМАДСКИ СТРЕЛИ,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 187
КОСКЕНА ОПЛАТА
ОД ТОБОЛЕЦ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 188
СВ. НИКИТА – СО ВОЕНА ОПРЕМА, ФРЕСКОЖИВОПИС,
ЦРКВА СВ. НИКИТА, СКОПЈЕ

Разните видови *помошно оружје* за бој од близу: топузи, боздогани, палки, дибеци, млатови со синџир и сл., како и оние за далечински бој; кладива, праќа и сл., сигурно биле во оптег во средновековните битки.

Боевите секири и *чекани* или нивна комбинација спаѓаат во арсеналот на оружје и за далечински и за борби од близу. **Сл. 192a,b**

Ножевите како боево оружје со една или две острици, не помали од ~ 20 см во делот на сечилата кои имале различни облици (прави, закривени, триаглести и сл.) и со многу варијации во дршките биле, исто така, вообичаен репертоар на средновековните воини од доменот на помошното оружје.

Меѓу елитното, скапоцено оружје кое го користела воената аристократија се и *двосечните мечеви* со должина, облик на накрсница, со една, една и пол или дворака дршка и форма на јаболчницата кои еволуирале и се видоизменувале од доцната антика до доцниот среден век. Тоа зависело од мо́ќта и статусот на имателот и усовршувањето на одбранбените реквизити (оклопот, штитот и шлемот). За жал, во скопскиот регион овие оружја ги среќаваме само на фрескоживописот, поретко и на иконописот и другите ликовни претстави. **Сл. 188, Сл. 195, Сл. 197**

Иста е состојбата и со покусите *бодежи* и подоцнежните појави на *едносечните сабји* во поскромни или полуксузни варијанти.

Всушност, овие видови на елитно сечно и бодно оружје се скапоцени и релативно ретки артефакти и биле ознака на висок статус на нивните носители.

Во членот 48 од Душановиот законик се вели: „Кога ќе умре еден велможе, добриот коњ и оружјето да се дадат на царот, а големата бисерна наметка и златниот појас да ги има неговиот син и царот да не му ги земе. Ако нема син туку ќерка, ќерка му да ги има, или да ги продаде или да ги даде слободно“.

Овој член е важен за разбирање на археолошката празнина во откривањето на оружјето. Освен тоа, точно се наброени благородничките инсигнии

СЛ. 189 КОСКЕН ЗАТЕГНУВАЧ ЗА САМОСТРЕЛ, СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 190 СВЕТ ВОИН СО САМОСТРЕЛ, ЦРКВА „СВ. ДИМИТРИЈА“, ПЕЌ (1345)

СЛ. 191 ЖЕЛЕЗЕН ВРВ ОД КОПЈЕ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 192 БОЕВИ СЕКИРИ СО ЗАТИЛОК И НАГЛАСЕНО СЕЧИЛО, СКОПСКО КАЛЕ, XIV ВЕК

кои се наследни како: наметката (хламида) и скапоцениот појас (Константин VII Порфирогенет, 2014, 187, 192, 194; VI поглавје).

Освен овој, стар, но во случајов озваничен обичај, недостигот на нападно оружје во нашите подрачја се должи на дословното почитување на религиозните, христијански, погребни канони според кои тоа не се приложува во гробовите.

Тоа значи дека како археолошки наод се среќаваат само оние боеви артефакти кои останале на теренот после битките, доколку некој не ги земал за повторна употреба или не биле прибрани како секундарна суровина, особено кога биле оштетени. Истата состојба се јавува и кај *одбранбената опрема,* која во основа е скапоцена.

Шлемот како заштита за главата на воините и дел од опремата која, исто така, зависела од рангот на носителот.

Вообичаените облици во средните векови имале калотеста или конусовидна форма, **Сл. 183** биле од метал или кожа, со или без железни плочки. Некои од нив имале и додатоци за заштита на вратот, образите, ретко и визир за очите. Во доцниот, среден век под западноевропско влијание се јавува и шемот во вид на шапка *Eisenhut*, забележан и на фрескоживописот.

И *оклопите* се јавуваат во повеќе варијанти. Тие се скапоцени и по својата макотрпна изработка и според материјалите од кои се направени и како такви не биле достапни за сите категории на војска.

Најчесто станува збор за метални плочки со разнолики облици и специфичен начин на аплицирања врз кожна подлога, забележани и на фрескоживописот.

Плочки од *ламеларен оклоп* **Сл. 193ad** како и од типот на *Lorica Squamata* **Сл. 194a-m** се откриени на локалитетот *Градиште,* Таор (Ristov, K. 2015, 382, fig. 23, 24).

Судејќи по сведоштвата од ликовните извори, но и од фрагментарните наоди од одделни локалитети во Македонија (Струмица, манастир Трескавец – Прилеп) мошне популарни биле и *мрежестите* оклопи или т.н. *панцирни кошули* плетени од алчиња со или без додатоци за другите делови од телото (Petrov, O. 2015, 569-590).

Штитовите биле употребувани и од коњаницата и од пешадијата. Најчесто биле изработувани од лесни органски материјали (рогузина, кожа, дрво, поретко од метал или обложени со метална ламарина) така што нивната зачуваност е екстремно мала, а промените во изгледот се следи преку добро датираните ликовни претстави во фрескоживописот. По форма најчесто биле кружни, целосно бадемести **Сл. 188, Сл. 190, Сл. 197** или подоцна со засечен горен и долен дел така што во доцносредновековниот период добиле приближно трапезовидна форма. **Сл. 195**

Нивниот изглед еволуирал во зависност од сигурноста на останатата заштитна опрема; од оклопот и шлемот.

За археолошките истражувања е значајно и тоа што врз штитовите почнувајќи од оние на претставите на светите воини во Св. Пантелејмон, Нерези (1164) се појавуваат и хералдички ознаки. **Сл. 197** Оваа појава се следи и во XV-XVI век кај остатоците од средновековното, христијанско благороднишство кое ги истакнувало своите гробови на „штитчињата“ – главите на прстените

СЛ. 193 (a-d)
ПЛОЧКИ ОД
ЛАМЕЛАРЕН ОКЛОП,
ГРАДИШТЕ, ТАОР



СЛ. 194 (a-m)
ПЛОЧКИ ОД ОКЛОП ОД ТИПОТ
LORICA SQUAMATA,
ГРАДИШТЕ

(било велмошки или витешки), другиот накит и останатите предмети во нивна своина (Манева, Е. 2016, 54-99, сл. 1-21).

Коњаниците и нивната опрема и наоружување биле во склад со *коњаничката* и *коњска оружба.*

Мамузите како значаен реквизит на коњаничката оружба, според својата генеза имаат контроверзно потекло. Во европската културна сфера тие се познати и употребувани уште од античките времиња. Тоа бил начинот да се подбодне коњот со стопалото на јавачот.

На *Скопско Кале* меѓу средновековните археолошки наоди откриени се и повеќе фрагментирани, железни мамузи. **Сл. 196ab**

Од периодот XI-XII век издвоен е еден примерок со „u“ форма на корпусот, нецелосен, но со специфичен „трн“ за бодинање со топче (за да не се повреди коњот) и шилец на врвот. **Сл. 196a** Исти примероци од ова време се откриени и на Маркови Кули – Прилеп (Бабиќ, Б. 1986, 278, сл. 60/7, 8).

Вториот примерок е доцносредновековен, прилагоден за облеката, обувките (чизмите) и приликите во доцниот среден век XIII-XIV век. Тој има лачни странични делови и долг „трн“ како носач на претпоставеното тркало, ѕвезда или розета карактеристични за доцниот среден век, за „готските“ но и за „источните“ типови од доцниот среден век (Кирпичников, Н. А. 1973, Т. XX-XXI). **Сл. 196b**

Во периодот од XIV-XV век мамузите имале и специфична инсигниска ознака.

Во тестаментот на витезот Прибислав Вукотиќ од 1475 година (кој за нашиов простор е значаен и заради податоците за накитот) се наброени и другите негови витешки инсигнии: мечот, мамузите и појасот, потоа колајната или церемонијалниот ѓердан, дивизата и прстенот како кралски дарови (Maneva, E. 2013/$_1$, 47, 48, n. 12-15).

Од друга страна, вечните азиски номади „сраснати“ уште од детството за своите коњи мамузи не употребувале, а барем во поранешните фази, не ги потковувале ни своите жилави коњи. Нозете на коњаниците биле слободни, а доколку имало седло (sic!) за него со ремени се прицврстувале узенгии во кои се вовлекувале стапалата. Коњот се управувал повеќе со фиучењето на камшикот. **Сл. 66**

На *Скопско Кале* се откриени повеќе железни, фрагментирани остатоци од *мамузи* за подбодување на коњот **Сл. 196ab** и делови од *узенгии* за придржување на стапалото на јавачот. Подоцна, преку франачкиот импорт узенгиите постануваат обавезен дел од коњаничката опрема.

Од *седлата*, изработувани од органски материјали, можно е да се зачувани незначителни остатоци од коскени аплики. Од *уздите* на коњите се наоѓаат фрагменти од страничните, коскени *псалии,* додека најбројни се разновидните потковици прилагодени за нерамни, каменити предели со плочеста форма и „рамничарски“ со „омега“ облик. Најдени се и железни заковки – налчиња за чизмите на коњаниците.

Металните аплики врз коњските ремени, како и врз појасите на коњаниците го изразувале статусот на јавачот. **Сл. 59 - Сл. 65** Оваа појава е мошне специфична кај номадските, азиски популации кои имале особено впечатлив однос кон коњите, нивниот изглед, сила, заштита итн. **Сл. 66**

Како своевидна профилакса, на ремените се прикачувале разни амулети, прапорци, ознаки на тотемските, клановски *тамги, надчелници* (Дончева-Петкова, Л. 2005, 149, обр. 23 etc.), на огламници кои биле „украсени“ со сложени комбинации на предмети со амајлиско значење (Кирпичников, Н.А. 1973, рис. 12, 13, 58-63). (Види VI поглавје). Од друга страна појасите имаат инсигниски статус и кај домородното население.

Традициите на домородното, христијанско население, односно за оружјето и опремата на еден средновековен воин – коњаник од последните децении на XIV век се претставени преку ликот на св. Димитрија во истоимениот манастир во с. Сушица – Скопско, односно во *Марковиот манастир.* Тој е прикажан во лунулата над влезот во црквата со сите детали од наоружувањето познати од тоа време.

Вниманието со кое се насликани светите воини како св. Димитриј, св. Ѓорѓи, св. Теодор Тирон и св. Теодор Стратилат, св. Никита, св. Прокопиј, св. Меркурије и секако св. Архангел Михаил и ред други светители е одраз на длабоката вера на воините кои и покрај несомнената храброст со која влегувале во бруталните битки се надевале на спасителната моќ што им ја пружале нивните духовни заштитници. Оттука и присуството на разни христијански реликвии како придружен инвентар на воините во нивните борби. Тоа биле крстовите – приврзоци, оловни, дрвени и камени икончиња, енколпиони со светите честички и амулетите – евлогии со свето миро донесени од најголемите христијански центри како своевидна заштита од злото на кое биле изложени. **Сл. 120**

Коскените „прстени“ за откачување на стрелите, чести реквизити и на турнирите во доцниот среден век, исто така, се наоѓаат на *Скопско Кале*. **Сл. 198**

Војската била следена и од придружни одреди кои се грижеле за исхраната, стоката, оружјето, како и со билкари и исцелители задолжени за нивното здравје, за здобиените рани, за вадењето стрели и сл.

СЛ. 195
СВЕТ ВОИН,
ЦРКВА *СВ. АНДРЕЈА*,
МАТКА (XIV ВЕК)

СЛ. 196 ab
ФРАГМЕНТИРАНИ МАМУЗИ:

a) МАМУЗА СО ТРН СО ТОПЧЕ И ШИЛЕЦ, XI-XII ВЕК

b) МАМУЗА СО ДОЛГ ТРН ЗА *РОЗЕТА – ЅВЕЗДА*, ДОЦНОСРЕДНОВЕКОВНА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 197 СВЕТИ ВОИНИ, *СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН*, НЕРЕЗИ (XII ВЕК) СО ХЕРАЛДИЧКИ ОЗНАКИ НА ШТИТОВИТЕ

СЛ. 198
КОСКЕНИ ПРСТЕНИ ЗА ОТКАЧУВАЊЕ НА СТРЕЛИТЕ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 199
ТОПОВСКО ЃУЛЕ, СКОПСКО КАЛЕ

Постојат податоци дека членови од платеничката војска, особено од телесните гарди на владетелите и на позначајните велможи кои не формирале свои семејства, по завршувањето на воената служба заминувале во манастир даруваjќи и делови од својата опрема.

Освен како скапоцен прилог за манастирот, тоа, веројатно, можело да послужи и за одбрана во одделни воени или пљачкашки напади (Petrov, O. et. al., 2015, 581).

Со појавата на барутот и огненото оружје, вклучително и топовите и нивната помасовна примена во вековите што следат, сторијата на војувањата, а со тоа и на *Скопско Кале* коренито се менува.

Металните ѓулиња ги разградуваат бедемите со вакви „огнени“ проектили. Со тоа и улогата на средновековните крепости постанувала депласирана. **Сл. 199**

Скопје и скопско ги имале и цикличните земјотреси во 518, 1555 и 1963 година, а во меѓувреме и страотниот пожар од 1689 од војските на Пиколомини.

И она малку што ги преживеало овие познати и уште мноштво претпоставени катаклизми, секако е фасцинантно и нуди ексклузивни и вчудоневидувачки сведоштва за цивилизациските дострели во средновековието на овие простори.

VIII СТОПАНИСУВАЊЕ: ЗАНАЕТИ • ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ • ОРУДИЈА ЗА РАБОТА • УТИЛИТАРИЈА

Во средновековието, во доменот на стопанисувањето, занаетите, егзистенцијалните активности, орудијата или алатките за работа и предметите за секојдневна употреба, во голема мера се зачувани постарите антички, не ретко и уште подревни традиции. Всушност, главнината на овие археолошки наоди спаѓа во материјалната култура, односно во групата на „хронолошки нечувствителни“ предмети каде најбитен елемент е нивната функционалност која често е доведена до некаков максимум, додека естетските својства се второстепени или речиси небитни.

Обработката на камен (мелници, точила, кремени за огнила); металургијата: рударство, топилничарство, ковање на обоени или неблагородни метали (железо, бакар, калај, односно бронза, олово итн.) за производство на алатки и утилитарни предмети за секојдневниот живот, како и од коска, дрво, кожа, ткаенина и други органски и неоргански материјали се основните суровини за производство на наведените категории предмети.

Во текот на средните векови се забележува и специјализирање на одделни групи мајстори за изработка на специфични артефакти (слично како и во антиката). Се споменуваат оружари, златари, неколку категории на работници во монетоковачниците, изработувачи на култни – црковни предмети итн.

Како стручен консултант за средновековна археологија на истражувачката екипа на *Скопско Кале* имав можност од автопсија да го следам откривањето на повеќе работилници на теренот. *Работилницата 1* е лоцирана покрај јужниот бедем – во близина на јужниот влез. Недалеку од неа е откриена *Работилницата 3* покрај административниот комплекс на црквата во источниот дел на Кале, **Сл. 70,** а *Работилницата 2* е откриена како и двете претходни од внатрешната страна на бедемот, но на другиот крај на *Калето* во близина на „Кружната кула“.

За постоењето на керамичарска работилница, особено за глазираните садови, чие второ печење е одвивало во печки за производство на стакло, поопширно е елаборирано во поглавјата за керамички садови и накит, во подпоглавје за оној изработен од стаклена маса.

Во повелбата на кралот Милутин од 1300 година, каде како дародавец на имот (ниви и виноградиште) на манастирот Св. Ѓорги – Горг се споменува извесен Богдан – ковач – оружар кој изработувал „мечеви“ (Радојковић, Б. 1962, 24, 46). Потем, се наведува и името на Добрен –

СЛ. 200
КАМЕНА МЕЛНИЦА ЗА ЖИТО, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 201
ЖЕЛЕЗЕН РАЛНИК, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 202
МОТИКА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 203
ЖЕЛЕЗНА ОПЛАТА ЗА ДРВЕНА ЛОПАТА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 204
ЖЕЛЕЗЕН КОПАЧ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 205
СРП, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 211
МАША, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 212
ДЛЕТО СО ТАРДИРАНА ДРШКА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 206
СОР, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 207
ЧЕКАН СО РАМНИ УДАРНИ СТРАНИ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 208
ЧЕКАН СО ЗАШИЛЕНИ СТРАНИ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 209
ДРВОДЕЛСКА СЕКИРА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 210
ТЕСЛА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 213
СТРУШКА СО НОЖ, СКОПСКО КАЛЕ

пчелар. Оваа дејност изгледа била доста застапена и во следните векови. Имено, пчелините производи, особено восокот во изворите се споменува како главен извозен продукт во XVI век од овие краеви кон Албанија и Италија (Манева, Е. 2016, 75, n. 92).

Во поглавјето за *Растот и процутот* на средновековно Скопје наведени се и другите занаети и дејности забележани во изворите.

Постои извесна контроверза во врска со наодите на алатките, донекаде и утилитариите, кога е во прашање местото на нивното наоѓање. Имено, тие претежно се откриваат во населбинските слоеви. Само мал дел од нив, со текот на времето се напластиле и со одделни „магиски“ значења и како такви се откриени и во гробовите. Тоа се главно, српот, секирата, ножот, секалата, пршлените за вретена, ретко катанците и сл.

Теренската слика за оваа проблематика како фактичка состојба, можеби, не е докрај објективна, затоа што по правило се зачувани предметите кои по својата природа биле помалку изложени на уништување.

Така, на пример најдени се повеќе камени, *рачни мелници* за мелење на житарки, било долниот статичен дел или горниот кој се вртел мелејќи ги зрната меѓу двата мелнички камења. **Сл. 200**

Големото присуство на железни земјоделски алатки, пред сè зборува за улогата на ова занимање кај месното население во средниот век. Истата зачестеност на овие алатки се среќава и во средновековните слоеви на Скупи. Можеби локалното ковачко производство и богатството со руди во околината, исто така имаат одредена улога во тоа, како, впрочем и цврстината на материјалот. Но, сепак, останува заклучокот дека голем дел од населението се занимавало со земјоделие. На ова место се прикажани само најдобро зачуваните и најтипичните примероци.

Откриени се железни *ралници за плуг* **Сл. 201,** фрагментирани железни цртала за браздење, неколку мотики **Сл. 202,** како и *железни опкови* за рабовите на дрвени лопати. **Сл. 203**

Најдени се делчиња од железни „браници“ за кршење на грутките после орањето, но во состојба која (засега) не е можно да се реконструира. Во многу фрагментирана форма откриен е и „двозаб“ дикел за копање. Истовремено, најден е сосема зачуван *железен копач* (15 X 3,5 см). **Сл. 204**

Меѓу предметите за собирање и негување на посевите откриени се многу фрагментирани *српови*, *коси* и *сорови*, меѓу кои има и добро зачувани примероци. **Сл. 205, Сл. 206**

Железен чекан со речиси правоаголна контура и рамни ударни површини **Сл. 207** и исто така целосен *чекан со помали димензии* и зашилени врвови (можеби златарски), **Сл. 208** како и кородирана *sидарска тесла* **Сл. 210** се дел од репертоарот на другите занаети присутни во средновековните слоеви на *Скопско Кале*. Одлично зачувана е и една железна дрводелска секира. **Сл. 209**

Маша со проширени завршетоци на краците и должина од 15 см., освен за домашни потреби, можела да се користи и во некој производствен процес. **Сл. 211**

Длето со тордирана држалка и јазичест завршеток, веројатно било дел од дрворезачки зафати. **Сл. 212**

На *Скопско Кале* се откриени голем број на струшки со или без нож наспроти триаглестата страна. Нивните димензии се околу 20 X 8 см. **Сл. 213** Повеќето се искршени, но, нивното нагласено присуство зборува за застапеноста на кожарскиот занает, а непосредно и за сточарскиот фонд со кој располагал регионот. Некои фрагменти, не е исклучено да се делови од *хараксало* кое е слично на струшка, но со лачен, или кружен и точкаст облик. Со неговото тапо „сечило’ биле правени линии врз пергаментот пред да се почне со пишување. Со оглед на тоа дека се најдени други инструменти за скриптарски дејности, со натамошните подетални проучувања можно е да се идентификува и реконструира и оваа „алатка“. **Сл. 122, Сл. 123ab**

Двете коскени шила (Дим: 6,5 X 2 см.) **Сл. 214ab** покрај другите претпоставени начини на употреба во кожарскиот и крзнарскиот занает, не е исклучено да се ползувале и како инструменти за декорирање на керамичките садови.

Многубројните „игли“ од коска, главно со несмасни димензии било во должина или во ширина, со големи ушки за преѓата, за лентички, тетиви или друг вид врвки укажуваат на занаети каде се употребувале груби ткаенини, кожа, крзно, прицврстување на коскени делови, на облека, чевли, рибарски мрежи и сл. **Сл. 215a-h**

Металната игла (Дим. 10 X 3 mm) била употребувана за пофини ткаенини, за шиење, везење и сл. **Сл. 215i**

Покрај искршените парчиња од ножици за стрижење на стоката најдени и на соседните локалитети и со ист изглед уште од античко време, **Сл. 30** на *Скопско Кале* се откриени и две *кројачки, железни ножици* со прекрстени сечила и две кружни ушки за прстите. **Сл. 216ab**

Меѓу повеќето десетици *пршлени за вретено* од *Скопско Кале* се издвоени примероци од керамика (или од керамички цреп), од коска, камен и стакло, со различни димензии, профилации и тежина, наменети за правење преѓа од

СЛ. 214 (a-b)
КОСКЕНИ ШИЛА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 215 (a-h)
КОЖУВАРСКИ, ЧЕВЛАРСКИ, РИБАРСКИ И ДРУГ ВИД РАБОТНИ ИГЛИ ОД КОСКА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 215 (i)
МЕТАЛНА ИГЛА, СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 216(a-b)
ЖЕЛЕЗНИ КРОЈАЧКИ НОЖИЦИ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 217
ПРЕДИЛКА – МИНИЈАТУРА ОД XIII ВЕК

СЛ. 218(a-m)
ПРШЛЕНИ ЗА ВРЕТЕНА ОД КЕРАМИКА, КОСКА, СТАКЛО, КАМЕН, ЦРЕПОВИ СО РАЗЛИЧНИ ДИМЕНЗИИ,
ПРОФИЛАЦИИ И ТЕЖИНА, НАМЕНЕТИ ЗА ПРЕЃА ОД ВОЛНА, КОНОП, ЛЕН, СВИЛА, ДВОЈНО ВПРЕДЕН КОНЕЦ, ИТН., СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 219(a-d)
МЕТАЛНИ НАПРСТОЦИ ЗА ШИЕЊЕ И ВЕЗЕЊЕ, СКОПСКО КАЛЕ

волна, лен, коноп, свила, потоа за конец од две нишки итн.

Еден дел од пршлените се декорирани со боење, сликање, пунцирање, врежување итн. **Сл. 218a-m** Сето тоа зборува за масовната примена на предењето кое, покрај грижата за семејствата, потомството, исхраната, било едно од најважните женски обврски – поврзани со заштитата што ја носела облеката, а спаѓала во делокругот на женските работи **Сл. 217** (покрај предење и ткаење, шиење, везење, плетење, правење покривки и сл.).

Четиритѐ металнu наџрстоци **Сл. 219a-d** за жал, без стратиграфски контекст на наод, се помагала употребувани при шиење и везење сѐ до денешни дни. Според димензиите на отворот тие биле употребувани и од жени и од мажи.

Ножевитѐ на *Скоџско Кале* се најдени во поголем број и со различни димензии, со сочувани држалки или без нив.

За жал, и прикажаните примероци се кородирани така што само според димензиите на сечилата кои не надминуваат 20 см ги сместуваме во предмети за секојдневни, практични потреби на нивните сопственици. **Сл. 220a-c**

Ношчеџо-чакија со лачно, железно сечило со една острица **Сл. 221** поврзано со железна нитна за држалка од еленова парошка, декорирана со едноставни геометриски мотиви, веројатно е дел од секојдневните помагала, прикачени на појасите на нивните носители. Врвот е зашилен и лачно повиен. (Дим. 11,5 X 1,9 см)

Трозабиоџ, железен харџун со еден кукасто свиен крак, веројатно е дел од риболовните реквизити кои се употребувале во околните водени површини на *Скоџско Кале*. **Сл. 222** (Дим. 13 X 4 см).

Железниоџ ченгел со кружна алка за прикачување и три споени шипки со свиени врвови, веројатно е дел од преработката на месните производи од ловот или домашните животни кои се гаеле за исхрана. **Сл. 223**

СЛ. 220(a-c)
ЖЕЛЕЗНИ НОЖЕВИ СО ДРШКА (A) И БЕЗ НЕА (B, C) ЗА СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 221
МАЛО НОЖЕ – ЧАКИЈА (НОСЕНО НА ПОЈАСОТ) СО ЕДНОСЕЧНО, ЛАЧНО СВИЕНО СЕЧИЛО И КОСКЕНА,
ДЕКОРИРАНА ДРЖАЛКА СО ЖЛЕБ ЗА ЗАКЛОПУВАЊЕ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 222
ЖЕЛЕЗЕН ХАРПУН, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 223
ЖЕЛЕЗЕН ЧЕНГЕЛ ЗА МЕСО, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 224(ab)
ЖЕЛЕЗНИ СЕКАЛА СО РАЗЛИЧНИ ОБЛИЦИ
a) ВАРИЈАНТА НА ЛИРОВИДНО И
b) ОРИЕНТАЛНО СО „O“ ОБЛИК, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 225
КАМЕН ЗА СЕКАЛО, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 226
ЖЕЛЕЗНА БРАВА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 227
КАТАНЕЦ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 228
ДЕЛ ОД ОПЛАТА ЗА БРАВА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 229
ДЕКОРАТИВЕН КЛИНЕЦ, СКОПСКО КАЛЕ

Две железни секала за потпалување оган од кои едно е варијанта на лировидните, **Сл. 224a,b** а едно е со ориентално потекло и „O„ форма. **Сл. 224c**

Тие функционирале така што силно се притривале на *кремен-камен* при што се исфрлала искра која се „фаќала“ на сува маховина и слама со што се добивал пламен.

Не е исклучено каменото парче со издолжена форма и димензии: сочувана должина 2,8 X 0,9 см со видлива трага од плитка подолжна вдлабнатина да е токму дел од сет со секало. **Сл. 225**

Меѓу куќниот инвентар откриени се и делови од *железни брави* (Дим. 7,8 x 4,9 см), **Сл. 226** со зачувана клучка и перфорации за заковки.

Откриен е и еден целосно зачуван, но кородиран *каџанец* (Дим.: 14 x 8,2 см). Телото му е квадратно, а горниот механизам за заклучување е од лачно свиена шипка. **Сл. 227**

Меѓу овие заштитни елементи од влезовите најден е и дел од *железна оџлаџа на брава*. **Сл. 228**

Бронзениот, одлично зачуван *клинец* со пирамидално тело и печуркаста глава, се чини дека е дел од декорација на дрвена врата (?) или дел од покуќнина (?) бидејќи со своите димензии не одговара за посложена статичка улога. (Дим.: 7,3 x 2 см) **Сл. 229** Главата е украсена со врежување на стилизирани флорални мотиви; на врвот листенца, потоа низа од вертикално поставени, свиени ластари и покрај долниот раб истите двојно свиени „спирали“ во хоризонтална положба.

IX КЕРАМИЧКА САДОВА ПРОДУКЦИЈА: КУЌНИ • ТРПЕЗНИ • КУЛТНИ • ТЕХНИЧКИ ПОСАТКИ

Со милениуми, уште од својата појава во неолитот па сè до првите децении на XX век, со сè уште актуелни појави, керамиката е најзастапениот материјал во многу домени од човековиот живот. Тоа се одразува и во археолошките наоди, така што било какво човеково присуство на извесен локалитет, пред сè е потврдено, ако не со друго, макар со некој керамички откршок. Причини за тоа има многу. Земја, односно глина како основна суровина за изработка со помали или поголеми квалитети е евтин и многу достапен материја. Технолошко-техничката изведба е релативно лесно совладлива. Нејзината кршливост резултира со помасовно производство. Нејзината, пак, отпорност и трајност во археолошките стратуми е фасцинантна. Таа е присутна како археолошки наод во населбите, некрополите, култните места, во производните рударски и златарски центри, во градежништвото и во секојдневните потребштини. Конечно таа се јавува и како синоним за закопано богатство, најчесто скриено во „грне со скапоцености“. **Сл. 230**

СЛ. 230
МЕТАЛНИ АЛАТКИ ЗА ДЕКОРИРАЊЕ НА КЕРАМИЧКИ САДОВИ, СКОПСКО КАЛЕ

Средниот век, како и епохите пред и по него, се карактеризира со огромен број на откриени керамички садови.

Класификацијата на керамика за *куќни* потреби: подготвување, складирање и пренесување на храна и пијалоци, *трпезна* за послужување, *култна* - за религиозни, христијански намени: путири за причесна, садови за нафора, кандила, кадилници, евлогии, свеќници и сл., *технолошко-технички* – за топење на метали, **Сл. 247** за калапени предмети итн., за градежништвото – (не сметајќи ги покривните и градежните материјали) се употребуваат *садови-резонатори* со акустични и статички перформанси. **Сл. 245**

Керамички садови од секојдневието се употребувале и за фармаколошки, **Сл. 132** козметички, хигиенски, сликарски и скрипторски намени, за мастилници, каси, **Сл. 246** за зачини и за уште многу други, најразлични потреби. *Фунерарните садови – урни* од средниот век не се најдени во скопскиот регион, но на нашето средновековие не му е непознато приложувањето на садови во гробовите.

Куќна керамика

Куќната керамика во која спаѓаат кујнските, огнишни садови за приготвување храна често спаѓа во хронолошки нечувствителните предмети. Одделни форми го водат своето потекло од најраната праисторија. Така, на пример рачно работените црепни (подници) черепни – (од череп како еден од првите реципиенти за чување и консумирање храна) од неолитските култури преку сите следни етапи, антиката, стигнуваат и до средновековието, а како обредна керамика во која се припрема основната храна: *лебот,* печивата и други тестенини стасала речиси до наши дни. **Сл. 231ab**

На *Скопско Кале* се наоѓани и соодветни керамички поклопци **Сл. 232ab** кои преку аналогни облици на метални вршници со специфично печење и прекривање со жар и пепел, како древна традиција се практикува во Македонија до денеши дни.

Крушколиките грнија за варива (кои дивергираат во различни варијанти и изведбени, технолошко-технички особини уште од латеноидната, железнодобна култура) се мошне омилени и во нашето средновековие. **Сл. 233ab**

Во куќната садова керамика освен посатките за подготвување на јадења; печење или варење, спаѓаат и оние за приготвување, чување и пренесување на храните продукти и течности. Освен грнците за потребите на повеќечлено семејство, грнци со или без поклопци, со или без држалки (многу често со една дршка) **Сл. 234a-d,** едноушести бокалчиња од XIII-XIV век, **Сл. 235** како и византиските бокали за вода и за вино – оинохое од византиско потекло, **Сл. 236ab** потоа амфороидни, двоушести облици, исто така за течности, постојат и масивни врчви за вино **Сл. 237** и ќупови или питоси за зрнести или житни продукти. Последниве се со специфични подолжни керамички ребра нанесени со притисоци од прстите. **Сл. 238**

СЛ. 231a-b
ЦРЕПНИ – ПОДНИЦИ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 232a-b
ЦРЕПНА И КАПАК – КЕРАМИЧКИ ВРШНИК, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 233a-b
СРЕДНОВЕКОВНИ, КРУШОВИДНИ ГРНИЊА ЗА ВАРИВО БЕЗ ДРЖАЛКИ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 234a-d
СРЕДНОВЕКОВНИ ГРНИЊА СО ЕДНА ДРЖАЛКА, СКОПСКО КАЛЕ, XIII-XIV ВЕК

СЛ. 235
ЕДНОУШЕСТО БОКАЛЧЕ, СКОПСКО КАЛЕ, XIII-XIV ВЕК

СЛ. 236a-b
БОКАЛ ЗА ВОДА И ОИНОХОЕ ЗА ВИНО, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 237
ВРЧЕВИ ЗА ВИНО, ФРЕСКОЖИВОПИС.
„ЧУДАТА НА ИСУС ХРИСТОС“ – ПРЕТВОРАЊЕ НА ВОДАТА ВО ВИНО. *СВ. НИКИТА*, БАЊАНИ

СЛ. 238
СРЕДНОВЕКОВЕН ПИТОС,
ЌУП ЗА ЧУВАЊЕ ЗРНЕСТА ХРАНА,
СКОПСКО КАЛЕ, XIV-XV ВЕК

СЛ. 239 a-c
(a,b) ЕДНОУШЕСТИ ШОЛЈИ
ЗА ИНДИВИДУАЛНА УПОТРЕБА,
XIII-XIV ВЕК
c) ДРВЕНА ЛАЖИЧКА,
СКОПСКО КАЛЕ, XIII-XIV ВЕК

СЛ. 240 a-b
КЕРАМИЧКИ ВАГАНЧИЊА
ЗА ИНДИВИДУАЛНА УПОТРЕБА,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 241
ФРЕСКОЖИВОПИС
СО КЕРАМИЧКИ
„ЛЕГЕН“
ИЛИ
„КОРИТО“

СЛ. 242
СЦЕНА ОД ФРЕСКОЖИВОПИС: „ХРИСТОС ГИ ИЗГОНУВА ТРГОВЦИТЕ ОД ХРАМОТ“, *СВ. НИКИТА*, БАЊАНИ, (XIV ВЕК)

Сиве овие прастари облици опстојувале со векови, покрај другото и заради вкоренетите, секојдневни навики во подготвувањето на храната која традиционално се консумирала.

Помалите керамички садови, паници, чаши, бокалчиња и сл. со волумен за една индивидуална употреба (обично со висина до ~ 10 см) се состојат од едноушести садчиња, **Сл. 239ab** полукалотести, конусовидни реципиенти **Сл. 210ab** итн. од XIII-XIV век. Иако е позната употребата на двозабите метални вилушки во средновековието на овие простори, археолошки е потврдено само

СЛ. 243
ДРШКА И ОБРАЧ
ОД БРОНЗА
ОД ДРВЕНО ВЕДРО,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 244 (a-c)
КЕРАМИЧКИ
СВЕЌНИЦИ,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 245
КЕРАМИЧКИ РЕЗОНАТОР,
АКУСТИЧНО ГРНЕ
ВГРАДЕНО
ПРИ SИДАЊЕ
НА ЦРКВА,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 246
КЕРАМИЧКА
КАСА – ПРАСЕ,
СЛИКАНА
СО ГЕОМЕТРИСКА
ДЕКОРАЦИЈА,
СКОПСКО КАЛЕ,
УНГАРСКИ ИМПОРТ,
XIV-XV ВЕК

СЛ. 247
КЕРАМИЧКА
„ТЕХНИЧКА“
ПОСАТКА
ЗА ЛИЕЊЕ
МЕТАЛ,
СКОПСКО КАЛЕ

присуството на керамички или дрвени лажици. **Сл. 239c**

Керамиката за куќни потреби; кујнска, огнишна, складишна, за пренесување на намирниците, за подготвување и консумирање на храната во секојдневието е, главно, многу едноставно декорирана или воопшто не е. **Сл. 230-240**

После обликувањето садовите можеле да се „украсат“ со врежување со метални **Сл. 130** и коскени алатки **Сл. 214ab** на прави или брановидни линии со различна густина, со рецки, со точки нанесени со назабени тркалца, со нокти (импресо), со отисоци од прсти, сосема ретко и со симплифицирани „растителни“ мотиви. Кај питосите (XIV-XV век) кои не се работеле ниту во калап, ниту со рачно или ножно колце туку со техниката на постепено „sидање“ – додавање на глинести надградби, од статички причини се налепувале обрачи. **Сл. 238** Слично се изработувале и керамичките „легени“ или „корита“ кои претежно се познати од фрескоживописот. **Сл. 241**

Репертоарот на садови во секојдневниот живот не се состоел само од керамички материјали. Фрескоживописот, историските извори и етнографската граѓа, како и археолошките наоди јасно покажуваат дека во употреба биле и мешини од животинска кожа, кошници, платнени, дрвени и метални реципиенти (ведра) и сл. Тоа е прикажано во сцени од фрескоживописот од средниот век.

Сл. 242 Археолошки потврди за тоа се бронзените делови од дршка и обрач на дрвено ведро **Сл. 243** итн.

Од керамичка маса биле изработувани и свеќници **Сл. 244a-c** (за профана или црковна употреба), акустични садчиња- резонатори sосидувани во куполите или sидовите на црквите, **Сл. 245** мастилници, играчки, фармацевски **Сл. 132** и козметички садови... На *Скопско Кале* откриена е и керамичка касичка, речиси наполно зачувана во облик на прасе со сликана, мрежеста декорација карактеристична за унгарските работилници од XIV-XV век. **Сл. 246**

Со посебна постапка изработувани се и керамички посатки отпорни на многу високи температури кои служеле во технолошки процеси при производство на метални предмети, односно за сипување на растопен метал. **Сл. 247**

За разлика од керамичките наоди од руралната населба над *Теа̄ро̄т* во Скупи каде на дното на садовите се откриени и печати на работилниците или керамичарите на *Скопско Кале* не ја забележавме оваа појава (што не значи дека не постоела!).

Меѓутоа, *Скопско Кале* изобилува со примери на глазирана керамика која претставува особен дострел на применетата уметност во средниот век, не само во овој регион туку и пошироко на балканските простори.

Глазирана керамика

Луксузната глеѓосана керамика, на нашите простори почнува да се развива кон крајот на XI, а потоа помасовно од XII до XIV век. Таа е, всушност, замена за скапите торевтички садови од метали (често и благородни од злато, позлата, сребро или посребрување). Имено, посегањето по овие скапоцености, особено од црковните имоти, постанува незапирлив процес за надополнување на државната каса или претопување за други помалку или повеќе ургентни потреби (IV Поглавје).

На трпезите на видните семејства, но и при богослужбата во црквите сè почеста станува употребата на допадливата и во основа многу поскапа, глазирана керамика, во однос на куќната.

Овие садови биле обликувани од глина со многу подобар квалитет, добро пречистена и фино моделирана. После првото печење таа се премачкувала со тенок слој од чиста, белузлава разретчена глина т.н. *анѓоба*. Дел од овие садови се преливале со монохромна глазура така што според сјајот заличувале на метални. Некои од нив биле претходно украсувани со втиснати печати за уште повпечатлива сличност со торевтичките примероци. Во доцниот среден век (XIV-XV) било вообичаено да се додаваат и пластични апликации, сè со иста интенција како и кај претходните видови.

Меѓутоа, најзастапени, пред сè во луксузните, градски и велмошки живеалишта и за црковните потреби биле садовите украсени со полихромни техники. Тоа се техниките на ран и доцен *зѓрафито* – врежување со остер предмет или *шамилеве* отстранување на ангобата во широки потези со длето. И во едниот и во другиот случај (често и во комбинација на двете техники) се формирала декорацијата така што на белата подлога избивала црвената боја на печената глина. Потоа, следело глазирањето со безбојна или еднобојна глазура или со досликување со петна во друга боја. Не ретко, се применувало и иссликување со разни нијанси на глазури. Во одделни случаи се среќаваат и комбинации од наведените техники, како резултат на креацијата и имагинацијата на мајсторите, работилниците или можеби на нарачателите на овие продукти.

Сликањето на садовите се вршело некогаш со четчиња, но најчесто со гускин пердув вметнат во воловски рог или во керамичко букаре од каде постепено се слевала глазурата.

После глазирањето следело печење.

За технологијата на подготвување на глазурите и печењето мошне живописен опис дава монахот Теофил (1110-1140). Тој вели дека: „Се земаат сите видови на бои и секоја од нив посебно се толчи со вода. На секоја засебна боја се додава петтина од истобојно стакло кое е сомелено и смешано со вода. Со тоа соединение се сликаат кругови, лакови или квадрати и во нив животни, птици или лисје или други нешта кои им се допаѓаат. Кога садовите се украсени на ваков начин, се стават во печка за изработка на прозорско стакло, се ложи оган од сува бука, додека не постанат вжарени од околниот пламен. Тогаш се вадат дрвата и се затвора печката“ (Theophilus, *De diversis Artibus,* 1961, 47).

Во текот на печењето, за да не се залепат меѓусебно, садовите биле одвојувани со триподи. **Сл. 248а-с** Тоа биле помагала поставени на рамната површина, додека врз ногалките налегнувале отворените чинии поставени врз нив со внатрешната страна. Кај многу вакви садови се забележани нивните отисоци на дното. **Сл. 259**

Бојата на глазурите зависела од нејзиниот хемиски состав. Така, од железните соединенија се добивале од светло жолти до темно црвени во оксидациско печење или светло зелени до сиви и црни нијанси со редукциски оган во печките. Од примесите со хром се добивале зелени; од кобалт-сини; од манган-кафени до виолетови, од бакар-зелени, сини, тиркизни до црвени бои. Од олово се правела провидна, а од соединенија со калај бела, мат, непровидна глазура, па сè до мешање со благородни метали, злато и сребро при што се добивани светликави, најлуксузни примероци какви не се забележани во скопскиот регион.

Глеѓосувањето, особено со оловна глазура е застапено во римското, грнчарско производство особено во IV век. Позната е, исто така и техниката на „марморизирање“ со која се имитирале мермерите и нивните жили во друга боја. Сепак, непосредното влијание за појавата на византиската глеѓосана керамика е во персиската керамографија. Нејзиниот процут особено од времето на Комнините и потоа, донекаде е резултат и на монетарните кризи, претопувањето на скапите профани и црковни садови и нивната замена со керамички.

Нема сомнение дека овој вид керамичко производство било компликувано, барало исклучителни знаења од мајсторите – грнчари и од „декораторите“ кои можеби и дополнително се приклучувале во финализацијата на продуктите.

СЛ. 248(а-с) ТРИПОДИ (ВО ТРИ ПРОЕКЦИИ), ПОМАГАЛА ПРИ ПЕЧЕЊЕ НА КЕРАМИЧКИТЕ САДОВИ, СКОПСКО КАЛЕ

Оттука, прашањата околу локалното производство и импортот се сè уште актуелни.

За разлика од градот Прилеп каде се откриени траги од печка за луксузна керамика (Бабиќ, Б. 1976, сл. 213, 220, 222, 241, 250, 252, 269, 276), дискутабилно е откритието на ваков објект во *Скопско Кале.* Меѓутоа, бројните наоди на триподи со остатоци од разнобојни глазури **Сл. 248а** недвосмислено зборуваат дека вакво производство постоело и во овој град. Притоа, треба да се земе предвид фактот дека заради опасноста од пожари овие печки се лоцирале надвор од ѕидините каде и треба да се очекуваат со натамошните ископувања. (Постојат и пишувани извори дека скопските грнчари ги употребувале мајданите со глина од околината на манастирот Св. Георги – Горг. (Томоски, Т. 1999, 124, 127).

Не е оправдана ниту склоноста најлуксузните примероци, секогаш да се третираат како импорт од други места макар што има и такви донесени од најголемите центри. Меѓутоа, мошне е валидна и теоријата за постоење на керамичарски тајфи кои на повик, од одделни моќни личности, фамилии, цркви и сл., доаѓале и работеле во разни градови, вклучително и во Скопје. При тоа се препознаваат истите стилски и уметнички карактеристики на повеќе средновековни локалитети каде работеле ваквите тајфи.

Глазираната керамика во средниот век е синоним за луксузна за разлика од онаа од османлискиот период кога таа е речиси секојдневна (Манева, Е. 2013/$_2$, сл. 20, 22).

За разлика од останатата, глазираната има подобар квалитет, помала или никаква порозност, привлечен, „метален“ сјај и, всушност, претставува дело на применетата, средновековна уметност.

Двојното печење во керамичка, па потоа во стакларска печка, моделирањето и особено несувањето на декорацијата претставуваат своевиден пристап кон уметничките, духовните и секојдневни светогледи на средновековните луѓе.

Населбинскиот комплекс на *Скопско Кале* со сите уривања и катаклизми не дозволуваат систематизација на овие фрагментирани материјали според параметрите како што се формата (Борисов, Б. 2002, 22, обр. 4), намената (со одделни посигурни класифицирања на евентуални профани или црковни предмети), а не е секогаш извесно дали се работи за импорт или локална продукција. Заради еклектицизмот во декоративните техники невозможно е наодите да се групираат според начинот на украсување. Меѓутоа во пристапот при декорирањето на внатрешноста на чиниите забележани се две сликарски шеми: слободно изведен мотив, независно од ограниченият простор и кружно конципиран при што претставата се решава во склад со формата; со кругови, венци и сл.

За керамичката продукција од *Скопско Кале* како локална работилница или место каде доаѓале тајфи од грнчари и илустратори, многу повеќе податоци има од ископувањата предводени од Д. Митревски во 2007-2013 година.

Со овие ископувања откриени се стотици откршоци од неколку поголеми или целосно зачувани глеѓосани садови кои можат да се датираат од XII до XIV век.

Фрагментот од „полуфабрикатот“ на недовршена керамичка паница со врежани мотиви, која не била докрај изработена е уште еден аргумент за локалното производство на луксузна керамика на *Скопско Кале.* **Сл. 249**

Луксузните садови декорирани во зграфито техника прикажани на живописот од Св. Пантелејмон – Нерези (1164), ја навестуваат масовната употреба на оваа керамика во скопскиот регион – односно на *Кале* уште во XII век. **Сл. 132**

СЛ. 249
КЕРАМИЧКИ ФРАГМЕНТ
ОД „ПОЛУФАБРИКАТ“
СО НАНЕСЕНА ДЕКОРАТИВНА ШЕМА,
СКОПСКО КАЛЕ

Фрагментираноста на керамичкиот материјал, процесот на конзервација кој е во тек, како и многуте нивелации, уривања и градења довеле до големо мешање на културните стратуми на *Скопско Кале*. Од тие причини стратиграфскиот метод, како и морфолошките специфики на садовите не се применливи во обработката на садовите.

Класификацијата на материјалите се врши според декоративните мотиви и претпоставената намена, а паралелно, колку е возможно во рамките на тоа се применува и хронолошката определба. Притоа се издвоени две поголеми групи: мотиви со профана, трпезна и со сакрална, црковна намена.

Трпезна, профана керамика – мотиви со лавови

Пред да се пријде кон обработка на изборот од најподатливите наоди од ископувањата на *Скопско Кале* 2007-2013 година, се чинеше неопходно да се издвои групата од глазирани садови откриени во „Кружната“ кула **Сл. 250a-d, 251, 252, 254, 256** ископани во 1967 година. Тоа е, всушност, затворена целина, со terminus ante quem, означен со монета на Алексиј III Ангел (1195-1203) од 1203, односно со времето кога Скопје било заземено од Калојан (Babić, B. 2008, 917-941).

Меѓу другото во овие урнатини се најдени десетици примери од луксузна трпезна, глазирана керамика, како имитација на скапите, торевтички садови. Дел од нив, се смета дека се импорт од работилниците на Константинопол. Тоа се чиниите на кои се прикажани мотивите на лав (или лавица) во профил, сами или во лов на друго животно, во пејзаж со ластари од бршлен и палмети. Изработени се во техника на *зграфито* и делумно *шамплеве* и досликувани со зелени и кафени петна. **Сл. 250a-d)** Оваа група останува уникатна во керамолошката, применета уметност и е референтна за широките простори каде се јавуваат византиските, сликани садови (Babić, B. 2008, 917-941).

Од оваа колекција се издвоени четири примерока кои се чинеа најкарактеристични. Примерокот **Сл. 250a** е со најпотполн приказ на сижето: лав со снажно тело и извиен опаш, задни шепи кои излегуваат од реципиентот „потпирајќи“ се на устинката на садот, со нагласена грива и глава со алчен поглед кон дивокозата која ја зграпчил претставен на целата внатрешна површина. Празниот простор е пополнет со вегетабилни ластари (Бабиќ, Б. 1974, сл. 151). Примерокот **Сл. 250b** прикажува лавица во галоп со снажно тело во пејзаж од, исто така, бршленови ластари (Бабиќ, Б. 1974, сл. 152).

Примерокот од фрагментиран сад од истата колекција на која е претставено животно за кое се велеше дека е, можеби, волк или дело на невешт мајстор, се чини, дека е младенче на лав кое мирно демне меѓу вегетабилните жбунови **Сл. 250c** (Бабиќ, Б. 1974, сл. 154).

Четвртиот примерок од овој избор **Сл. 250d** е речиси целосно зачувана чинија на која на живописен и експресивен начин е прикажан лав со снажно тело, три нозе со кои се потпира до самиот раб на устинката, додека со една, предна веќе зачекорил напред, но главата му е завртена назад

СЛ. 250(a-d)
ИЗБОР ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА ЛУКСУЗНА, ТРПЕЗНА КЕРАМИКА СО ЛАВОВИ.
ГРУПЕН НАОД „КРУЖНА“ КУЛА (1967 ГОД.), СКОПСКО КАЛЕ, ВТОРА ПОЛОВИНА НА XII ВЕК

СЛ. 251
БОКАЛ СО ЕДНА ДРШКА
СЛИКАН СО ПОДОЛЖНИ ПЕТНА.
ГРУПЕН НАОД „КРУЖНА“ КУЛА (1967 ГОД.),
СКОПСКО КАЛЕ,
КРАЈ НА XII ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 252
КЕРАМИЧКА,
МОНОХРОМНО ГЛАЗИРАНА ШОЛЈА.
ГРУПЕН НАОД „КРУЖНА“ КУЛА (1967 ГОД.),
СКОПСКО КАЛЕ,
КРАЈ НА XII ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 253
БОКАЛ СО ДВЕ ДРШКИ,
ГЛАЗИРАН, ДЕКОРИРАН
СО ЗГРАФИТО И СЛИКАЊЕ,
СКОПСКО КАЛЕ,
XIV ВЕК

за да го контролира просторот и зад себе (Бабиќ, Б. 1974, сл. 153). Наоколу се гледаат вегетабилни ластари. Заедничко за сите садови од оваа колекција е изработката со зграфито, местимично шамплеве, досликување со зелени и кафени петни и устинка декорирана со мрежеста декорација.

Влијанието на најзначајните цариградски работилници, провејувањето на персиските влијанија и високиот квалитет на изработка се несомнени. Датирани се во втората половина на XII век.

Трпеза со садови каде има ваква декорација асоцира на консументи од градскиот патрицијат, можеби и воената врхушка кои се идентификувале со моќите на насликаните животни. Впрочем, „Кружната“ кула на *Скопско Кале* се сметала за живеалиште на градскиот кефалија – односно заповедник.

Од „Кружната“ кула во ископувањата од 1967 година откриени се и еден бокал и чаша со дршка од глазирана, трпезна керамика.

Бокалот **Сл. 151** има сферно тело, издолжен скалесто профилиран врат и една држалка. На бело ангобираната површина во четири зони се насликани вертикални, издолжени петна со зелена и кафена боја, после кое садот е премачкан со безбојна глазура. Во целокупниот изглед има релации со керамичките производи на коринтските мајстори. Датиран е кон крајот на XII век и преминот кон XIII век (Бабиќ, Б. 1974, сл. 145). Од истото место на наод и истото време потекнува и едноушестата

сферна шолја монохромно глазирана со зеленикава боја **Сл. 252** (Бабиќ, Б. 1974, сл. 146).

Садови со вегетативна декорација

На *Скопско Кале* откриен е уште еден, скоро целосно зачуван бокал со сферично тело, нагласена конусовидна глава, и две дршки. **Сл. 253** Површината е бело ангобирана, широкиот (на врвот откршен) врат е декориран со доцен зграфито со брановидни линии, додека телото со висечки листови со брановидни подолжни линии. Сликањето е рутинско, но живописно со зелени, жолтеникави и кафени бои. Локален продукт (?) – XIV век.

Всушност, со декорацијата на овој бокал почнува претставувањето на најкарактеристичните *вегетабилни мотиви* меѓу глазираната керамика од *Скопско Кале.*

Во „Кружната“ кула, во 1967 година меѓу триесеттината примероци издвоени се три чинии со вегетабилни мотиви, сите решени со почитување на кружниот простор на реципиентот.



СЛ. 254
ПОЛУКАЛОТЕСТА ЧИНИЈА,
БЕЛО АНГОБИРАНА
СО БЕЗБОЈНА ГЛАЗУРА.
ДЕКОРАЦИЈАТА СО КРУЖНА ШЕМА
ОД КОПЈЕСТИ И 10 БРШЛЕНОВИ
ЛИСТОВИ. РАН ЗГРАФИТО,
„КРУЖНА“ КУЛА, СКОПСКО КАЛЕ
(1967 ГОД.), XII ВЕК

СЛ. 255
БЕЛО АНГОБИРАНА
ЧИНИЈА СО БЕЗБОЈНА ГЛАЗУРА
И ДЕКОРАЦИЈА
СО КРУЖНА ШЕМА:
ВЕНЕЦ ОД ЛИСТОВИ
И ТРИАГОЛНИЦИ, А НАОКОЛУ
10 ИЗВИЕНИ ЛАСТАРИ.
„КРУЖНА“ КУЛА, СКОПСКО КАЛЕ
(1967 ГОД.), XII ВЕК

СЛ. 256
ДЕЛУМНО РЕКОНСТРУИРАНА
ЧИНИЈА СО КРУЖНА ШЕМА
ПРИ ДЕКОРИРАЊЕТО.
ОКОЛУ КОНЦЕНТРИЧНИ КРУГОВИ
(ЕДЕН ВО ТЕХНИКА „ШАМПЛЕВЕ“)
ВЕНЕЦ ОД 10 СТИЛИЗИРАНИ
МЕДАЛЈОНИ. ДОСЛИКУВАЊЕ
СО ЗЕЛЕНИ ПЕТНА.
„КРУЖНА“ КУЛА, СКОПСКО КАЛЕ (1967),
КРАЈ НА XII ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 257
ГЛАЗИРАНА ЧИНИЈА
СО ЖОЛТЕНИКАВА НИЈАНСА
И ВЕНЕЦ ОД ПАЛМЕТИ
ВО ТЕХНИКА „ЗГРАФИТО“,
СКОПСКО КАЛЕ,
XII ВЕК

Во средината круг околу кој се радијално распоредени пет пара копјести листови со мал тријаголник меѓу нив, сите се шрафирани како и кај претходниот примерок. **Сл. 254** Околу работ има венец од спирално извиени 10 ластари со ситни точкасти елементи (семиња) меѓу нив (Бабиќ, Б. 1974, сл. 157). XII век.

Од „Кружната“ кула, ископана во 1967 потекнува уште една чинија со кружна концепција и венец од стилизирани 10 вегетабилни мотиви; бршленови листови наизменично поредени меѓу кружни „цветови“. **Сл. 256** Во средината се врежани во техника на зграфито и шамплеве – концентрични кругови. Површините се истакнуваат во контрастот на грубо шрафирани и бели, ангобирани делови. Крај на XII почеток на XIII век (Бабиќ, Б. 1974, сл. 155).

Од ископувањата 2007-2013 година издоени се уште неколку слично декорирани садови.

Речиси наполно зачуван, **Сл. 257** длабок сад со прстенеста нога и благо вовлечена устинка, прекриена со жолтеникава ангоба. Во внатрешноста е декориран со повеќе концентрични полиња и има попрефинет дизајн од претходниот примерок **Сл. 256**. Во центарот е прикажана палмета, потоа следат неколку концентрични кругови и околу устинката венец од 4 стилизирани цвета, крстесто поставени, поврзани со 4 спирални ластари со палмета на врвот. Венецот е во поле ситно шрафирано со ран зграфито. XII век (Митревски, Д. 2007, 19).

Длабоката чинија, бело ангобирана украсена со префинет, ран зграфито **Сл. 254** е декорирана во центарот со 7 копјести, радијално распоредени листови, а околу устинката е прикажан венец од 10 бршленови листа со по две куси ластунки прикажани во поле со ситно врежани шрафури. XII век (Бабиќ, Б. 1974, сл. 156).

Од истиот простор и време е и чинијата **Сл. 255** со бела ангоба и кружна конципирана декорација: во

Слично е конципиран, но со помала вештина, откршокот со венец од спирални ластари со палмети на врвот. **Сл. 258** Доцен зграфито и зелени петна по површината. XIII век.



СЛ. 258
ОТКРШОК СО ВЕНЕЦ СО СПИРАЛИ
И ПАЛМЕТИ,
СКОПСКО КАЛЕ, XIII ВЕК

СЛ. 259
ЧИНИЈА ЧИЈА ВНАТРЕШНОСТ
Е ДЕКОРИРАНА СО ПЕТОЛИСТЕН ЦВЕТ.
ВО СРЕДИНАТА СЕ ВИДЛИВИ
3 ОТИСОЦИ ОД ТРИПОТ,
СКОПСКО КАЛЕ, КРАЈ НА XIV ВЕК

СЛ. 260
ДЛАБОКА ЧИНИЈА, БЕЛО АНГОБИРАНА,
ДЕКОРИРАНА ВО ДОЦЕН ЗГРАФИТО:
ПЕТ СПИРАЛИ СО КЛАСЈЕ ЖИТО МЕЃУ НИВ,
СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XIV ВЕК

Речиси целосно зачуван сад со svонолик облик од XIII век чија внатрешна површина е декорирана со 5 триаглести листа кои формираат цвет. **Сл. 259** Во листовите, меѓу нив и во центарот прикажани се мали спирали. Во централниот дел се гледаат три отисоци од керамичките триподи **Сл. 248а-с** употребени при печењето на садот. Покрај доцното зграфито, садот е боен со светло

СЛ. 261
ПОЛУКАЛОТЕСТА ЧИНИЈА, РУТИНИРАНО ДЕКОРИРАНА
СО СПИРАЛИ ДОЦЕН ЗГРАФИТО И ДОСЛИКУВАЊЕ
СО ЗЕЛЕНИ И СО КАФЕНИ ПЕТНА,
СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XIV ВЕК

жолта, светли и темни зелени глазури. Локален производ од крајот на XIV век.

Целосно зачуван, длабок масивен сад со нагласена нога, бело ангобиран од внатре и на една трака од надворешната страна. **Сл. 260**

Централниот украсен дел е изабен, додека на страничните ѕидови се прикажани 5 несмасно врежани спирали нагласени со зелена боја и стилизирано класје жито невешто прикажано со кафен цртеж. Локален производ од крајот на XIV век.

Делумно откршена, полукалотеста здела со нагласена нога. **Сл. 261** Внатрешната страна, како и тесна лента од надвор, покрај устинката, биле ангобирани. Зачуван е дел од декорацијата од внатрешната страна која се состои од рутински, невоедначени спирали потенцирани со зелени и кафени потези и случајно „насликани“ петна.

Локален производ од работилница со послаб квалитет. Доцен XIV век.

Садови со мотиви на птици

Плитка чинија делумно зачувана, црвено печена и премачкана со бела ангоба. Во централниот дел е прикажана, со многу цртачка вештина во техника на источен „медитеран“ зграфито, птица (орел) како приоѓа кон гроздовиден плод. И зад птицата бил прикажан сличен вегетабилен мотив. **Сл. 262**

Тенката, лентеста устинка е декорирана со деликатно врежани спирали кои чинат своевидна рамка на оваа претстава која не се придржува до кружната површина на просторот.

Примерокот наликува на експонат од Британскиот музеј во групата артефакти од „средновизантискиот период“. Датиран е во првата половина на XII век (Byzantium, 1994, 170, cat. no. 188a-b). Делумно зачувана, длабока здела со конусна нога и реципиент кој околу устинката се прекршува и се ограничува од надворешната страна со низа од втиснати рецки. Ангобата е белузлава. Во средишниот, внатрешен простор прикажана е



СЛ. 262
ПЛИТКА ЧИНИЈА, БЕЛО АНГОБИРАНА СО ПРЕФИНЕТ ЦРТЕЖ – МЕДИТЕРАН ЗГРАФИТО МОТИВ НА ПТИЦА – ОРЕЛ, ПОКРАЈ ГРОЗДОЛИК ПЛОД, СКОПСКО КАЛЕ, ВИЗАНТИСКИ ИМПОРТ, ПРВА ПОЛОВИНА НА XII ВЕК



СЛ. 263
ФРАГМЕНТ ОД ЧИНИЈА СО ОРЕЛ МЕЃУ РАСТЕНИЈА СО ЗАВРТЕНА ГЛАВА ПОКРАЈ СТИЛИЗИРАНОТО „ДРВО НА ЖИВОТОТ“, СКОПСКО КАЛЕ, XIII ВЕК



СЛ. 264
ДЕЛ ОД ЧИНИЈА – СО ПРИКАЖАНА КРУПНА ПТИЦА – ОРЕЛ, (?) ПО ЦЕЛА ПОВРШИНА СО РАШИРЕНИ КРИЛЈА ВО СТАВ КАКО НЕШТО ДА КЛУКА. ЗГРАФИТО, ДОСЛИКУВАЊЕ СО ЗЕЛЕНИ И СО КАФЕНИ ПЕТНА, СКОПСКО КАЛЕ, XIII ВЕК



СЛ. 265
ИНВЕНТИВЕН ЦРТЕЖ ВО ДОЦЕН „ЗГРАФИТО“ НА ПТИЦА СО ИЗВЛЕЧЕН ВРАТ И ЗАВРТЕНА ГЛАВА. ЖАНР-СЦЕНА СО РУТИНИРАНА ИЗВЕДБА ДОПОЛНЕТА СО КАФЕНИКАВА И СО ЗЕЛЕНА ГЛАЗУРА, СКОПСКО КАЛЕ, КРАЈ НА XIII-XIV ВЕК

композиција (недостасува долниот дел) од орел со снажно тело извиен врат и нагласен кукаст клун како се доближува до растение, веројатно „дрво на животот“. На крилото се прикажани христијански симболи: крст од Андреев тип во вид на „X“. Од спротивната страна се прикажани ластари со палмети. Изработката е во техника на доцен згрaфито и шамплеве. Зелените и кафени петна го дополнуваат уметничкиот впечаток. **Сл. 263** Датирањето е во XIII век.

Иако стилски и временски се разликуваат чиниите прикажани на **Сл. 262** и **Сл. 263** имаат заедничка предлошка на прикажаниот мотив.

Во христијанската симболика орелот се јавува со раширени или собрани крила. Античките верувања дека тој имал моќ да се подмладува, во христијанството се преобразува во моќ на воскресение. Со тоа орелот може да го симболизира и самиот Исус Христос, а заедно со вегетабилните мотиви; грозд или дрво на животот да асоцира на евхаристија, вечен живот и рај.

Од друга страна орелот се поврзува и со евангелистот Јован кој се воздигнал високо согледувајќи ја божествената природа на Исус Христос (Lexikon, 1979, 440-441).

Во „Физиологот“, исто така е дадена легендата за вечниот живот и повторното подмладување на орелот што наликува на воскресението (Стојчевска-Антиќ, В. 1996, 276).

СЛ. 266
ФРАГМЕНТ ОД БЕЛО АНГОБИРАНА ЧИНИЈА СО ЗАЧУВАН ЦРТЕЖ НА ХИБРИДНОТО ЖИВОТНО – СЕНМУРВ (ПТИЦА – КУЧЕ), СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XII-XIII ВЕК

На средишниот, зачуван дел од длабока чинија, бело ангобирана само од внатрешноста, зачувана е импресивна претстава на птица на која ѝ недостига опашот и главата. **Сл. 264** Со многу инвентивност и експресија прикажано е јајцевидното, крупно тело со пердуви крлушесто распоредени, додека крилата се во вид на длабоко извлечени прекршени линии кои сугерираат слетување. Прикажани се и двете нозе на кои таа се потпира. Вратот е извиен, а опашот, се чини, бил масивен. Можеби одново станува збор за орел меѓу растенија или паун (?) Доцниот згрaфито, и досликувањето со зелени и кафени глазури упатуваат на XIII век.

Средишниот дел од паница со целосно зачувана претстава на птица-гуска, која се препознава и покрај оштетувањата добиени од накнадното изложување на пожар. **Сл. 265** И покрај нескладните соодноси во димензионирањето, цртежот е исклучително импресивен. Главата и вратот се силно завртени назад каде под нејзините пердуви се наѕира јајце. Станува збор за една популарна жанр-сцена, на „гнездење“ изведена во доцен згрaфито со многу шематизирање во реализацијата и со нагласени шрафирања на делови од фигурата. Целата површина е премачкана со зелена и кафенкаста глазура. Тоа е продукт на локална работилница од крајот на XIII-XIV век.

Мал фрагмент од многу оштетен трпезен сад, но со зачувани важни параментри за неговата изработка. Фрагментот е бело ангобиран, со безбојна глазура. И покрај изабеноста целосно е зачувана фигура на митското, хибридно суштество Сенмурв. **Сл. 266** Тоа е снажна птица, но со назад завртена кучешка глава – голем заштитник на воините и јунаците. Оној кој има пердув од неа, ако се најде во голема опасност преку негово нагорување ќе побара помош. Со двојната сила на Сенмурвот тој веднаш ќе притекне и помогне. И покрај оштетувањата овој примерок со зачуван дел од средновековните, бајковидни суеверија, може да се датира во доцниот XII и XIII век.

Садови со мотиви на риба

Во сцената на „Чудесниот риболов“ од Лесново (средина на XIV век) е прикажан сад со осумкрако простирче врз кое се ставени леб и риба. **Сл. 267** Тоа е метафора на евхаристијата и воскресението.

Исус е рибар, неговото име е акроним од зборот ιχθυς - риба (Исус Христос Божји Син Спасител). Св. Петар е рибар на луѓето. Покрстувањето се врши во вода...

Рибата е често прикажувана на глазираните садови во разни композиции. Овие керамички садови би можеле да се третираат и како трпезни, меѓутоа, нивната симболика во средновековието е изразито христијанска така што би можеле да се третираат и како црковни посатки.

Меѓу глазираната керамика од *Скопско Кале* издвоени се три карактеристични парчиња кои се презентираат на ова место.

СЛ. 267
ЧУДНИОТ РИБОЛОВ – СЦЕНА ОД ФРЕСКОЖИВОПИС – САД СО РИБА И ЛЕБ, ЛЕСНОВО, СРЕДИНА НА XIV ВЕК


268

269

270

СЛ. 268
ФРАГМЕНТ ОД ЧИНИЈА СО ВРЕЖАНА РИБА ВО ТЕХНИКА НА РАН ЗГРАФИТО. ЦРКОВЕН САД, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК

СЛ. 269
ДЛАБОКА ЧИНИЈА ЧИЈА ВНАТРЕШНОСТ Е ЦЕЛОСНО ПРЕКРИЕНА СО ВРЕЖАНИ РИБИНИ КРЛУШКИ.
ДОПОЛНИТЕЛНО СЛИКАНА, СКОПСКО КАЛЕ, ДОЦЕН XIII РАН XIV ВЕК

СЛ. 270
ОШТЕТЕН ФРАГМЕНТ ОД ДНО НА ЧИНИЈА СО ПРИКАЗ НА 7 РИБИ РАДИЈАЛНО РАСПОРЕДЕНИ,
СКОПСКО КАЛЕ, КРАЈ НА XIII-XIV ВЕК

Фрагментот со нецелосно зачуван сад со фигура на риба **Сл. 268** е мал за да се претпостави севкупната претстава. Белата ангоба, провидната глазура и изведбената „медитеран“ зграфито изработка го датираат овој примерок во XII век.

Речиси половина, подолжно откршена, калотеста здела со нагласена конусовидна нога, ангобирана во внатрешниот дел и мала лента од надворешната страна околу устинката. **Сл. 269** Таа е целосно украсена со рибина крлушка. Монохромноста на оваа декорација е освежена со вообичаените расфрлени петна од зелена и кафена глазура. Доцен XIII ран XIV век.

Откршен дел од дно на чинија во која од декорацијата се гледаат само горните делови од 7 риби кои се насочени кон централниот (оштетен) круг. **Сл. 270** Тие првично ја прикажуваат христијанската симболика. Меѓутоа, на метални чинии од XIII век и подоцна се среќаваат врежани риби на дното на широките подрачја од Египет, преку Сирија до Персија како симбол на космичките сфери.

Покрај ова влијание, не е исклучено во оваа сцена да се насетуваат и одрази од старозаветните записи.

Во Псалмот 106 : 23 се вели: „Оние што тргнуваат по море на кораби, што имаа работа по големите води“; 106 : 24 – „тие ги гледаат делата на Господа и чудесата Негови во длабочините“; 106 : 35 – „Он претвори пустиња во езеро, а сува земја – во вода – со водни извори“. (*Свето писмо*, 1991², 744).

Глазирани садови како црковни, културни посатки

Големиот византиски интелектуалец и историограф Никифор Григора, значаен и за приликите во нашите краеви, пишувајќи го својот историски спис (ВИ VI, 1986, 145-296, 619-628) за случувањата во Византија од 1204, од падот на Цариград, па сè до шестата деценија на XIV век,

често пати со жалење зборува за урнисувањето на добриот вкус, моралните норми, дворскиот церемонијал, хигиената итн. Меѓу другото го приопштува и податокот дека после големите ограбувања на Цариград и претопувањето на скапоцените трпезни и црковни посатки, сè повеќе во употреба влегуваат нивните керамички имитации.

Оваа појава е воочлива и на *Скопско Кале* каде во периодот XIII-XIV век се појавуваат неколку глазирани керамички садови со култна, христијанска намена. Дури и во фрескоживописот, во одделни сцени тоа јасно се гледа. Како пример може да се посочи „Причестувањето на апостолите со леб“ од Лесново, од средината на XIV век. **Сл. 271**

Како најтипичен пример може да се посочи плитката чинија (во форма на мала црепна) од црвен бисквит, окер ангобирана. Едноставна и ефектна декорација постои во внатрешноста на садот. Тоа е маркантен рамнокрак крст – со по три зрна бисери на завршетоците на краците и вкрстени копјести елементи во вид на „X“ или „Андриев крст“. Композицијата е изведена со тенка кафена линија со која се шрафирани и прикажаните мотиви. Мошне е веројатно оваа посатка да служела за нафора. **Сл. 272** Прва половина на XIII век.

Раскошно декорирана, длабока здела која што е бело ангобирана од внатрешната страна, додека од надвор со ангоба се насликани спирали наизменично распоредени со по три подолжни линии.

Во средишниот дел е прикажан двоен крст од сидрест тип со извиени завршетоци на краевите од кои избива бујна вегетација: ластари, листови, палмети и бобинки – плодови. Декорацијата е изведена со врежување и сликање со зелени и кафени глазури. Потоа, целата внатрешна и надворешна површина е премачкана со безбојна

СЛ. 271
ПРИЧЕСНА НА АПОСТОЛИТЕ ОД КЕРАМИЧКИ САД СО КАСАЈЧИЊА НАФОРА.
СЦЕНА ОД ФРЕСКОЖИВОПИС, ЛЕСНОВО, СРЕДИНА НА XIV ВЕК

глазура. **Сл. 273** Устинката е украсена со коси линии кои доловуваат мотив на јаже. Крај на XII почеток на XIII век.

Добро зачувана, длабока чинија со конусовиден реципиент и вовлечена устинка издвоена од долниот дел со низа од рецки. Внатрешната површина и устинката од надворешната страна се бело ангобирани. **Сл. 274**

Внатрешноста на садот е богато декорирана со неколку концентрични кружници. Во средината е прикажан маркантен мотив на крст од сидрест тип со краеви на краците кои се свиени во спирали. Потоа следи кружница во која се прикажани, крстесто поставени, четири мотиви на Андриев крст со мотив на „птичје“ око меѓу краците и четири полиња со зелени петни пресечени со мотив на „класје“. Следната кружница е од наизменично прикажани брановидни линии и низи од коси цртки.

Во изведбата се применети врежувања, шамплеве и сликање со кафени и зелени глазури. На крај садот е премачкан со безбојна глазура. Крај на XIII почеток на XIV век.

Керамичка чинија со едноставна декорација. Внатрешната страна е бело ангобирана и потоа со врежување во центарот е прикажан цвет со 4 листа, всушност *crux florida*. Просторот меѓу краците се „пополнети“ со полукружни елементи. Целата претстава е окружена со поле од двојно прикажан мотив на јаже. Како што е вообичаено, за разбивање на едноличноста додавани се петна од кафена и зелена глазура. Целата површина е премачкана со зеленикава глеѓ. **Сл. 275** XIV век.

Глазирана керамика со антропоморфни мотиви

Иако малубројни, фрагментите од *Скопско Кале* со антопоморфни претстави, претставуваат „најбројна“ збирка на керамички, глазирани садови од подрачјето на Р Македонија. Освен примерокот од *Цареви Кули,* Струмица со претстава на свет воин од XII-XIII век (Rujak, Z. 2016, 28) и еден минорен фрагмент од претстава на портрет од ископувањата на тумба *Могила* – Битолско, (*Patrimonium* mk. 2015, насловна страна), останатите 4 фрагменти се ископани на *Скопско Кале*. Заедничко за сите е што имаат недвосмислена христијанска тематика (Манева, Е. 2017/2018, 113-133, сл. 1-19).

И покрај фрагментираноста (7 x 4 см.) највпечатлив е примерокот од *Скопско Кале* каде се гледа фронтално целата глава со ореол, мал дел од левото рамено со видлив оклоп и над него извиено крило. Над неговата глава се назира и вегетабилен дел од ластар со зелен боја. **Сл. 276**

И покрај стилизираниот цртеж, нема сомнение дека е тоа дел од претставата на Архангел

СЛ. 272
САД ВО ВИД НА МАЛА ЧРЕПНА, ЖОЛТЕНИКАВО ГЛАЗИРАН. ВО СРЕДИНАТА 2 КРСТА: ЕДНИОТ СО БИСЕРИ НА КРАЕВИТЕ,
А ДРУГИОТ ОД КОСО ВКРСТЕНИ КОПЈЕСТИ ЕЛЕМЕНТИ. ВЕРОЈАТНО СЛУЖЕЛ ЗА НАФОРА, СКОПСКО КАЛЕ, ПРВА ПОЛОВИНА НА XIII ВЕК

СЛ. 273
БОГАТО ОРНАМЕНТЕН САД СО ДВОЈНИ ВКРСТЕНИ КРСТОВИ СО ЛЕНГЕРЕСТИ ЗАВРШЕТОЦИ КОИ СЕ ПРЕСТОРУВААТ ВО ЛИСТОВИ И ЦВЕТОВИ.
ДОПОЛНИТЕЛНО СЛИКАН СО ЗЕЛЕНИ И СО КАФЕНИ ПЕТНА, СКОПСКО КАЛЕ, XII ВЕК И ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 274
БОГАТО ОРНАМЕНТИРАН САД СО НЕКОЛКУ КРСТОВИ ВПИШАНИ ВО КРУЖНИЦИТЕ, А ВО ЦЕНТАРОТ КРСТ СО ЛЕНГЕРЕСТИ ЗАВРШЕТОЦИ.
ЦРКОВЕН САД, СКОПСКО КАЛЕ, КРАЈ НА XIII-XIV ВЕК

СЛ. 275
ЕДНОСТАВНО И ЕФЕКТНО СЛИКАН САД СО ЧЕТИРИЛИСТЕН ЦВЕТ CRUX FLORIDA ВО ЦЕНТАРОТ И ДВОЕН КРУЖЕН ПРЕПЛЕТ НАОКОЛУ – XIV ВЕК.
КЕРАМИКА СО АНТРОПОМОРФНИ ПРЕТСТАВИ

272

273

274

275



СЛ. 276
ФРАГМЕНТ ОД ЦРКОВЕН САД СО ДЕЛУМНО ПРИКАЖАНА ФИГУРА
НА АРХАНГЕЛ МИХАИЛ СО ОРЕОЛ И ВИДЛИВ ДЕЛ ОД КРИЛОТО,
КРАЈ НА XII ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 277
ФРАГМЕНТ ОД ЦРКОВЕН САД СО ЗАЧУВАНИ
ДЕЛОВИ ОД КОЊСКА ГЛАВА И НЕЗНАЧИТЕЛНИ
ОД КОЊАНИКОТ (ШТИТОТ).
СВЕТ ВОИН, КОЊАНИК, ПОЧИТУВАН ОД НАСЕЛЕНИЕТО
(СВ. ДИМИТРИЈА, СВ. ЃОРЃИ?),
КРАЈ НА XII И ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 278
ФРАГМЕНТ ОД ЦРКОВЕН САД СО ДЕЛОВИ ОД ТОРЗО
НА СВЕТ ВОИН ВО МРЕЖЕСТ ОКЛОП
СО НАКРСНИЦА ОД МЕЧ (?) ИЛИ ОД РОГ (?) ВО РАКАТА,
КРАЈ НА XII ПОЧЕТОК НА XIII ВЕК

СЛ. 279
ТОРЗО НА ВОИН ИЛИ ВЕЛИКОДОСТОЈНИК СО ЗЛАТНО ЖОЛТА ОБЛЕКА ПРЕПАШАН СО ПОЈАС, ДОЦЕН XIII ВЕК

Михаил. Како заповедник на небеските војски тој е омилен меѓу воините, а како Судија и водител на душите на оној свет почитуван од севкупната популација.

Изработката во зграфито, со позадина во техника на шемплеве, но и со тематски аналогии во *Zeuxippus* продукцијата како инспирација (Megaw. S., H., A. 1989, fig. 1), овој примерок може да се датира во крајот на XII и почетокот на XIII век.

Треба да се нагласи дека, покрај останатото, култот кон Архангел Михаил е потврден и со историските записи за постоење на манастир од XII век кој му бил посветен нему.

Мало парче од глазирана керамика, оштетено, но, сепак, со препознатлива претстава на коњаник. Јасно се гледа коњската глава со уздите, гривата и снажниот коњски врат, додека од страна како да се насетува претстава на штитот што го носел коњаникот. **Сл. 277** Изработен е во зграфито техника, дополнет со шемплеве и според изведбата припаѓа на истата работилница како и претходниот, односно на крајот од XII почетокот на XIII век.

Очигледно, се работи за воин – коњаник еден од омилените заштитници на воениот сталеж. Познато е дека за време на Комнините ликовите на светците воини: св. Димитрија, св. Ѓорѓи и св. Теодор Тирон заради популарноста на нивниот култ биле претставувани и на нивните монети така што ова делче од црквена посатка од *Скопско Кале* го крие ликот на еден од нив. И одново аналогиите се бараат меѓу Zeuxippus садовите (Megaw, S.,H., A. 1989, fig. 1)

Фрагмент од истата серија на садови е и примерокот (Димензии: 9 X 6 см.) со дел од торзо на свет воин. **Сл. 278** Зачуван е мрежест дел од панцирна кошула во делот под струкот, додека на градите и зад левото рамо се гледаат шрафирани линии од облеката и наметката. Во десната рака која е свиена држи некаков реквизит (рог? накрсница од меч?).

Изработката е црвен бисквит, со бело ангобирање и ран зграфито. Глазурата е жолтеникава. Крај на XII почеток на XIII век.

Меѓу фрагментите од глазирани садови, по своите квалитети е издвојува еден примерок со претстава на стоечка машка фигура. **Сл. 279** Всушност, зачувано е само торзото со впечатлива одежда, со нагласен струк и куси ракави, налик на велмошките облеки од ктиторските портрети од XIV век. Необична е и бојата на глазурата – која е златно жолта. Доцен зграфито, сликање и шамплеве. Според зачестеноста на жолтите глазури во солунските работилници не е исклучено да се работи и за импорт. Доцен XIII-XIV век.

Керамички садови со врежани графити

На неколку керамички откршоци и еден подобро зачуван бокал од *Скопско Кале* откриени се интересни врежани графити.

На откршок од глеѓосана чинија, на устинката врежана е лигатурата, што секако го означува името на Мајката Божја. **Сл. 280**



СЛ. 280
ФРАГМЕНТ ОД УСТИНКА НА ЧИНИЈА НА КОЈА ДОПОЛНИТЕЛНО Е ВРЕЖАН ГРАФИТ ЛИГАТУРА ОД БУКВИТЕ МР, ПОСВЕТЕНО НА МАЈКАТА БОЖЈА

СЛ. 281
ФРАГМЕНТ ОД КЕРАМИЧКИ САД СО ВРЕЖАН ГРАФИТ, ПРЕД САДОТ ДА БИДЕ ГЛАЗИРАН СО ЗЕЛЕНИКАВА БОЈА. ЕДНА ОД МОЖНИТЕ ВЕРЗИИ НА ТОЛКУВАЊЕТО НА ЗАПИСОТ БИ БИЛА: ХРИСТОС ЕМАНУЕЛ(?)

СЛ. 282
НА ФРАГМЕНТ ОД ГРУБ КЕРАМИЧКИ ОТКРШОК ОД КУЈНСКА КЕРАМИКА, ВРЕЖАН Е ГРАФИТ ЧИЕ ЗНАЧЕЊЕ СЕ ТОЛКУВА КАКО „КИРИЕ“ ИЛИ „ГОСПОДЕ“

СЛ. 283
НА ДРШКА ОД АМФОРА ДЛАБОКО Е ВРЕЖАН КРСТ КАКО ЗАШТИТА НА НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА

На фрагмент од затворен сад од типот на грне или бокал, пред да биде нанесена зеленикавата глазура врежан е графит чие значење би можело да биде: „Христос Емануил“. **Сл. 281**

На откршок од груба, кујнска керамика невешто е врежан натпис„кирие“со превод: *Господе!* **Сл. 282**

На дршка од масивна амфора е врежан крст како заштита на содржината која се чувала во неа. **Сл. 283**

При обработката на керамичкиот материјал од *Скопско Кале* беше издвоен и сад со јудаистичка ознака. Тоа е бокал со издолжен, маркантен врат кој се проширува во горниот дел, со биконичен реципиент и една (откршена) држалка. Според неговиот севкупен изглед, морфологија и, особено, начинот на изработка тој е продукт на квалитетна работилница и спаѓа во групата на полуксузни, керамички продукти од *Скопско Кале*. **Сл. 284**

Глината од која е направен е добро пречистена, цврсто печена со сива боја, ѕидовите на садот се релативно тенки, непорозни, особено заради површината која е дополнително измазнета така што сивата боја добила речиси метализиран сјај. Се чини дека инспирацијата за овој изглед била преземена од торевтички (сребрен?) сад. Тоа, само по себе упатува на тоа дека тој не бил за секојдневна употреба туку за посвечени, профани намени при што не се исклучуваат ниту обредните.

Аналогни садови со слична намена за чување, пренос и полевање се откриени и во градската керамика во Белград од XVI и XVII век. (Bikić, V. 2003, 47-58, 65-67).

СЛ. 284 a-b
БОКАЛ ЗА ВОДА, НА КОЈ ДОПОЛНИТЕЛНО, НЕВЕШТО Е ВРЕЖАНА ДАВИДОВАТА ЅВЕЗДА

МОЖНО Е ДА ПРИПАЃА НА ПОДАНИК ОД ЕВРЕИТЕ - СЕФАРДИ, КРАЈ НА XV–XVI ВЕК

Меѓутоа, она што бокалот од *Скопско Кале* го прави уникатен е секундарно, невешто врежаната Давидова ѕвезда во делот под држалката. Се чини дека овој наод може да се поврзе со пристигнувањето на Евреите – Сефарди кои масовно се доселуваат во овие области од Шпанија и Португалија во 1492 и 1495 година. **Сл. 284a** Според тоа овој наод може да се датира во времето од самиот крај на XV и во XVI век.

Врежаниот идеограм зборува за припадноста на Еврејската заедница, а истовремено значи дека со тој симбол се обезбедува профилакса на содржината, се означува имателот, а не е исклучена ниту можноста да се работи за „обреден“ артефакт. Неговото присуство навестува и постоење на еврејски, култен објект во околниот простор.

Давидовата ѕвезда или штит (*Magen David*) кој во средновековието се именува и како *Соломонов печат* спаѓа меѓу најзначајните симболи на Јудаизмот.

Со одделни пиктографско-декоративни, но и со основните профилактички значења истиот знак се прелева и во христијанската, и во исламската култура (Petrović, R. 2003, 362, T. XIX).

• • •

Османлиската керамографија масовно ја прифаќа византиската, средновековна технологија на глазирање на садовите, но не како луксузна, туку како секојдневна продукција која овозможува повисок квалитет на производите.

Со глазирањето евидентно се спречува порозноста на течностите и маснотиите од храната, а истовремено со бојата и декорацијата се изразуваат специфичните потреби и естетски квалитети. Притоа, треба да се нагласат и персиските, дури и кинеските влијанија во рамките на огромната, Османлиска држава. Тие наоѓаат свој одраз и на нашите простори, вклучително и во скопскиот регион, па и во градот Скопје кој, и во овој период имал значајна улога и завидно керамичко наследство кое оставило белег и на народното творештво (Манева, Е. 2013/$_2$, 1994-2002).

X ПРОЗОРСКО СТАКЛО И ЧАШИ КРЕВКИ СВЕДОШТВА ЗА СРЕДНОВЕКОВНАТА ПРЕФИНЕТОСТ

Потеклото на стаклото е врзано за цивилизацијата на древниот Египет почнувајќи од третиот милениум пред нашата ера. Во римскиот, царски период кулминира неговото производство во голем број на дувани стаклени реципиенти, разнобојни прозорски, рамни платна и тесели за мозаици, додатоци на накит како замена за бесценото камење, камеи, геми итн. Техниките на изработка и украсување во овој период биле доведени до совршенство.

Во раниот среден век, во византиската културна сфера, зачувана е античката рецептура во неколку занаетчиски центри, а потоа низ периодите на полниот среден век овие знаења се дисперзираат и во поширокиот регион. Еден од тие центри, секако била и Тесалоника од каде доаѓале многу економски, културни и уметнички влијанија. Ова е дотолку позначајно бидејќи во историските извори постојат интересни податоци за наведената проблематика.

Имено, опишувајќи го заземањето на овој град од Сарацените во 904 година, Јован Каменијат кажува дека освојувачите опљачкале многу предмети од злато, сребро или украсени со бесценни камења. Потоа додава дека другите материјали од бронза, железо, калај и стакло што „занаетчиите ги обликуваат со оган“ биле толку многубројни што би можел да се снабди и цел друг град. Очигледно овој кревок материјал – стаклото кој се набројува меѓу опљачканите бил произведуван на ова место и го имало во големи количини. За тоа сведочат ѕидните и подни мозаици, прозорските окна, стаклените садови и апликите на накитот од подрачјето на градот.

На *Скопско Кале* откриени се траги од стаклarска печка, но времето на нејзиното активирање и продукција не се прецизно дефинирани. Впрочем, фактот што овде со сигурност се произведувала глазирана керамика чие второ печење се вршело во печка за стакло, **Сл. 248a-c** како и наодот на деформиран откршок од неуспешно изработена стаклена белезица, **Сл. 146** без сомнение го потврдуваат нејзиното постоење. Монахот Теофил е еден од ретките извори кој ја опишува во детали оваа дејност (IX Поглавје).

Од неговите списи може да се заклучи дека овој производен процес не бил толку компликуван, за да не може да се совлада и практицира и во други средини. Суровините, исто така, биле достапни и релативно евтини. Кршливоста, пак, на стаклото и неговиот транспорт е она што него го правело „скапоцено“. Воедно тоа бил и мотив повеќе да се совлада технологијата на производството.

При археолошките ископувања на *Скопско Кале* (2007-2013) биле најдени релативно голем број стаклени откршоци од чаши, бокали, здели, шишиња, „ритони“ за пиење, ампули – мастилници, кандила, фармацевтски, козметички и други посатки, како и парчиња од рамно, прозорско стакло во разни бои.

На фрескоживописот од XIV век, веќе се прикажуваат стаклени чаши и бокали за вода и пијалаци. Меѓу другото тие се насликани и во Св. Никита – скопско (1323/24) во сцена од свадбата во Каана **Сл. 291,** во сцени од живописот од Лесново од средината на XIV век и во други цркви од поширокиот регион.

Во пишуваните извори од времето на цар Душан забележан е еден раритетен детаљ за намената на стаклените чаши. Имено, патријархот Јоаникиј меѓу правилата за клирот вели: „Чашата да не се крши во која се причествувале младенците, ни да остане в’црква за потреба“. Тоа го објаснува донекаде и големото присуство на фрагментирани чаши при археолошките ископувања, особено во внатрешноста на црквите макар што тоа и по својата природа е лесно кршливо.

Фрагментот што се прикажува на ова место **Сл. 285** е од зеленикаво, провидно стакло, од чаша со широка устинка формирана од задебелен раб со триаголен пресек. Она што неа ја дефинира хро-

СЛ. 285
ФРАГМЕНТ ОД СТАКЛЕНА ЧАША, СКОПСКО КАЛЕ, ВТОРА ПОЛОВИНА НА XIV ВЕК

СЛ. 286
ПРОЗОРСКО БЕЛУЗЛАВО СТАКЛО – ФРАГМЕНТ, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 287
ЗЕЛЕНИКАВО СТАКЛО СО ОТИСОЦИ ОД ШТУКО – ОД ПРОЗОРСКИ КРУЖЕН „ОКУЛУС“, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 288
ПРОЗОРСКО СТАКЛО, ФРАГМЕНТ СО СИНА БОЈА, СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 289
КТИТОРСКИ ПОРТРЕТ НА ЈОВАН ОЛИВЕР СО МОДЕЛОТ НА ЦРКВАТА НА КОЈА СЕ ПРИКАЖАНИ НИЗИ ОД КРУЖНИ, ЗАСТАКЛЕНИ ОКУЛУСИ, СРЕДИНА НА XIV ВЕК

нолошки се зачуваните пластични апликации во вид на „полжавчиња“ на надворешната површина карактеристични за втората половина на XIV век. Слични примероци се откриени и при ископувањата во црквата Св. Атанас, Варош – Прилеп, каде се третираат како „муранско стакло“ кое преку Дубровник се импортирало во овие краеви (Бабиќ, Б. 1986, 286, сл. 67/$_{1,5,6}$).

Прозорското, рамно стакло од ископувањата во *Скопско Кале* на ова место е застапено со три фрагменти. Едниот примерок е од белузлаво стакло, **Сл. 286** другиот е од темно сино **Сл. 288** и третиот е од зеленкасто, но со траги од површински исцртувања од налепените штуко елементи. **Сл. 287**

Кај последниот примерок се забележува еден лачен раб што наведува на помисла дека е дел од застаклен кружен окулус на некоја црква.

На фрескоживописот во Лесново и Псача, во ктиторските композиции каде се насликани моделите на црквите, јасно се гледаат кружните отвори во низи на прозорите во куполите или во средната зона од градбите. **Сл. 289**

Овие отвори биле застаклени со дискоидни, провидни плочи зацврстени за градбата со оловни ленти, нешто налик на примерокот од *Кале.* **Сл. 287** Во Народниот музеј во Белград се чува еден, доста оштетен окулус од зеленикаво стакло со оловен обрач од Лесново. Тоа е најнепосредна аналогија за скопскиот фрагмент кој, можеби бил дел од црковен објект од средината на XIV век.

Излевањето на кружните стаклени плочи било поедноставно така што нивната локална продукција не се доведува толку во прашање.

Примерокот од сино прозорско стакло од *Кале* **Сл. 288** и покрај фрагментираноста го отвора прашањето за постоење на разнобојни прозорски стаклени површини со ефекти блиски на витражите во средновековните цркви.

Во таа смисла може да се наведе сè уште недоволно елабориранот наод од Св. Софија во Охрид. Имено, во текот на конзерваторските работи во 1951 година во јужниот ѕид на ѓаконикот откриен е еден прозор со делови од штуко-арматура и фрагменти од дискоидни стаклени окулуси во светло сина, црвена, портокалова и виолетова боја. Оваа појава на разнобојни стаклени окулуси е позната и во повеќе цркви од околните простори (Хан, В. 1972). Во истиот контекст може да се разгледа и фрагментот од рамно, прозорско стакло со млечно бела боја. **Сл. 287**

Макар и во ситни откршоци, овие стаклени делови од прозорите на црквите (можеби делумно и на некоја репрезентативна профана градба?) ја покажуваат рафинираноста на градителите, нарачателите и консументите на колоритната светлина што се прелевала создавајќи несекојдневна убавина во внатрешниот простор.

XI МИРНОДОПСКИ ПЕРИОД: ПРАЗНУВАЊА • ГОЗБИ • ТУРНИРИ • ЗАБАВНИ ИГРИ

Археолошките остатоци поврзани со животот во мирнодопските времиња и начинот на празнување и забава во средновековието на нашите простори се доста оскудни. Меѓутоа, и малкуте археолошки потврди, дополнети со историските и ликовните извори, како и со сè уште живата, етнографска граѓа од таа сфера на живеење, дозволуваат да се долови дел од средновековните празнувања.

Старите антички и древните праисториски атавизми во овој домен, делумно зачувани и во народните обичаи до денешни дни, препокриени со христијанска симболика, секако, биле актуелни и во средните векови.

Архетипските празнувања во врска со феномените на цикличното обновување и „замирање“ на природата, со календарот и аграрните работи, соларниот и месечевиот циклус, со мистиката врзана за плодноста, раѓањето и смртта, со колективните и личните моментуми, со потребата за ослободување од земните и хтоничните стравови, сè се тоа основи за создавање на соодветни ритуали со песни, танци, игри, гозби и, воопшто, дејанија кои доведувале до еден вид катарзично растоварување.

Константин VII Порфирогенет во своето дело *За церемониите* до детали го објаснува начинот на празнување во врска со верските свечености, раѓањето, венчавките, погребите, родендените, имендените, инаугурациите, доделувањето на титули итн. со сите правила кои важеле во дворскиот церемонијал во X век (делумно, секако се позајмени и од списите од VI век).

Кога станува збор за обичниот народ и неговите начини на празнувања, овие насоки биле само одблесок на наведените норми.

Црквата ползувала одделни ефекти негувајќи го т.н. *литургиски театар* со цел да ги привлече верниците со поучни и впечатливи делови од светите книги. Од друга страна, народот жилаво се придржувал кон востановените, вековни обичаи. Бројните записи кажуваат дека црквата не ги толерирала „беззаконите“ игри и пагански славења со нехристијанска содржина. Со тоа, всушност, се потврдува колку тие биле актуелни и применувани во секојдневниот живот. За нив со огорченост пишувале светите отци: св. Климент, св. Наум (веројатно – Црноризец Храбар), Презвитер Козма, како и Константин Преславски, Јован Златоуст, монахот Теодосиј и др (Čekalova, A. A., Poljakovska, M. A. 2003, 63).

На една минијатура од *Мадридскиот ракопис* на Јован Скилица (втора половина на XIII век) прикажана е тајфа свирачи на разни инструменти (жичани, дувачки и удирачки) кои очигледно го забавуваат аудиториумот со своето музицирање. Константин VII Порфирогенет во наведеното дело ги набројува дури и инструментите и нивната компатибилност со приликата која била повод за славење, потоа хорското пеење како најавтентично и танците кои приличат да се играат при разните прослави. Меѓу нив е и орото. Овие навики на некаков начин, сепак станале репер кој се отсликал и пошироко.

На фреската во припратата на манастирот во Лесново (1349) прикажани се глетки од народна веселба со карактеристичното оро. Тоа се всушност илустрации на Псалмите 149 : 3 – „Нека го фалат името Негово (Господово) во оро, со тимпани и со гусли нека го слават“, како и Псалм 150 : 4 – „Фалете Го со тимпани и во оро фалете Го на Струни и со свирка“ (*Свето писмо*, 1991², Скопје 762, 763). **Сл. 296**

Во таа смисла е мошне интересна и престолната икона од Св. Архангели, с. Кучевиште – Скопско од 1591 година. **Сл. 297** На неа се прикажани сите космички сфери во слава на Бога. Во таа целост се насликани и хороскопските созвездија (Тутковски, М. 2010, 277-288). Во еден од земните домени, оној над Адот, во амбиент на црква со двориште, е претставена народна веселба со тајфа свирачи и играорци со препознатлива кореографија зачувана во фолклорот на овие простори.

Кон крајот на XII век во изворите има податоци за опаѓањето на пуританскиот морал од претходните времиња карактеристичен за Византија и преплавувањето на декадентниот вкус во забавите почнувајќи од оние во царскиот двор. Така за време на Исак II Ангел (1185-1195) како и за владеењето на другите претставници на династијата Ангели сè до падот на Цариград од Крстоносците во 1204 година, дворецот бил „наполнет со шутови, кепеци, џуџиња, скомрахи, лакрдијаши...“, се негувале арапски танци и музика, а гозбите, ловот и пировите биле секојдневие (Манева, Е. 2013/3, 91, n. 14).

СЛ. 290
ИСМЕЈУВАЊЕТО НА ИСУС ХРИСТОС НА ПАТОТ КОН ГОЛГОТА,
СВ. ЃОРЃИ,
СТАРО НАГОРИЧИНО (XIV ВЕК)

Бизарноста и невкусот на овие веселби не им одминале на сликарската проникливост на зографите така што во прикажувањето на *Христовите чуда*, во сцена од Свадбата во Каана од *Св. Никита* кај Скопје (1323/24) насликано е џуџе како дел од амбиентот на гозбата. **Сл. 291**

Плоштадниот театар којшто изворите го споменуваат во Просек во времето на Стрез (1207-1215), под чија власт било и Скопје, ја отвора енигмата за постоење на вакви појави и во овој простор. Оставајќи ја настрана дилемата дека под



СЛ. 291
СВАДБАТА ВО КААНА.
МЕЃУ ПРИСЛУЖНИЦИТЕ И ЕДНО ЏУЏЕ
СВ. НИКИТА, БАЊАНИ (XIV ВЕК)

терминот „позориште – гледиште – театарон“, монахот Теодосиј, биограф на св. Сава, можеби мислел на „гледалиште – губилиште“, сметаме дека, сепак, се работи за плоштаден театар.

Распаѓањето на Византија и создавањето на повеќе мали држави и зајакнувањето на локалните моќници, создале услови, во склад со менталитетот на тоа време, да почнат да се имитираат „раскошот“ и вкусот на „вистинската царска“ забава. Затоа, не е необично ако се практицираат и плоштадните игрsuperии. За таа намена во Цариград сè уште постоеле и се употребувале (и се обновувале!) античките градби, додека во останатите области тоа се случувало на отворен простор.

За трагите од овие активности можат да се посочат, исто така, сцените од фрескоживописот каде се прикажани несомнени елементи од театарски игрsuperии карактеристични за „плоштадниот“ или „уличниот“ театар.

Тоа се прочуените претстави на Исмејувањето на Исус на *Via doloresa*, на патот кон Голгота. Тоа се, всушност, илустрации според Евангелијата по Матеј и Марко, мошне реално прикажани во Старо Нагоричино – кумановско (1316-1318) **Сл. 290** и во Полошкиот манастир Св. Ѓорѓи (1343-45) кавадаречко, како и во слични сцени од Иваново (Бугарија) од средината на XIV век.

Овие сцени изобилуваат со прикази на бројни инструменти, разуздани танчери и, особено, впечатливи лакрдијаши – комедијанти или скомрахи со развеаните долги „актерски“ ракави во препознатлива кореографија (Манева, Е. 2013, 92-95, 21-22, сл. 8-10)

Опседнатоста со ловот кого го следеле гозби, забавни игри, а често во доцното средновековие и турнири со витешки натпревари биле омилената забава на воините. А воини биле речиси сите возрасни, здрави мажи кои постојано биле спремни за борбени дејствија. Овој репертоар на празнувања и свеченост во моментите на опуштање биле своевидни психо-физички вежби што ги одржувале во форма за војување. (Поглавје VII).

Во мирнодопски услови, кај оваа категорија, но и кај останатата популација судејќи по археолошките наоди од *Кале* биле омилени уште неколку специфични игри. Имено, најдени се три

СЛ. 292a-c
КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ СО ДЕЛОВИ ОД ИСЦРТАНИ ШЕМИ
ЗА ПОПУЛАРНАТА ИГРА
„ДАМА“, СКОПСКО КАЛЕ



СЛ. 293a-e
КОСКЕНИ АСТРАГАЛИ – ДЕЛ ОД ЗАБАВНА ИГРА
СКОПСКО КАЛЕ (a-d); СКУПИ (e)

СЛ. 294
КОСКЕН ЖЕТОН
ЗА ИГРАТА „ТАБЛА“,
СКОПСКО КАЛЕ

СЛ. 295
МУЗИЧКИ, ДУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТ
ОД ШУПЛИВА, ЖИВОТИНСКА КОСКА,
СКОПСКО КАЛЕ

керамички плочки – откршоци од тули со специфичните врежувања за играта „дама“. **Сл. 292a-c**

Неколку коскени жетони сведочат за практицирање на играта „табла“. **Сл. 294**

Откриените астрагали од јагнешки коски, како дел од познатата и омилена игра уште од антички времиња па сè до XX век (кога на овие простори се нарекува со турскиот термин – *ашик*

СЛ. 296
ИЛУСТРАЦИЈА НА ПСАЛМИТЕ 149:3 И 150:4. „ФАЛЕТЕ ГО ГОСПОДА СО ИГРИ“ ФРЕСКОЖИВОПИСОТ ОД ЛЕСНОВО (СРЕДИНА НА XIV ВЕК)

или игра со ашици), сведочат за нејзиното практицирање и во средновековието. **Сл. 293a-d**

„Зар“ во распаѓање од печена глина од *Скопско Кале* е немиот сведок за „коцкањето“, во време на одмор и опуштање.

Фрагментираните коскени делчиња кои наликуваат на откршоци од шаховски фигури само го потврдуваат фактот дека шахот бил познат во средните векови и на овие простори, како и во соседството. Ексклузивен примерок е шаховската фигура – крал. **Сл. 22** (Манева, Е. 2018/$_2$, 181-194).

Меѓу предметите од „забавниот“ живот на средновековната популација од *Скопско Кале* откриени се и откршоци од музички инструменти. Меѓу нив, во нешто позачувана форма е и фрагментот од некој вид дувачки инструмент направен од шуплива коска. **Сл. 295**

Одѕунот од овие поења, музика, ритам, танци, кореографија и обичаи сигурно се меморирани во фолклорот на балканските народи и, секако, на македонскиот. **Сл. 296, Сл. 297**

СЛ. 297
„ФАЛЕТЕ ГО ГОСПОДА СО ИГРИ“.
СФЕРА НАД АДОТ,
ПРЕСТОЛНА ИКОНА
СВ. АРХАНГЕЛИ,
С. КУЧЕВИШТЕ,
СКОПСКО (1591)

СКОПСКО КАЛЕ

XII ПОГОВОР

Завршни согледувања или иницијални прашања за средновековието во скопскиот регион

Замислата на оваа едиција да се направи осврт на материјална култура во скопскиот регион вклучително и на средновековната, во основа е мошне благороден потег за поглобално претставување на една епоха од минатото која сè уште е полна со непознаници.

Десетиците крепости, населби, некрополи, остатоци од сакрални и економски локации и неколкуте илјади движни, археолошки наоди откриени поединечно или во закопани депоа на овие простори претставуваат откривање на недоброј светови, стории поврзани со познати или непознати настани и личности, некогаш и сосема нови податоци, дури и делчиња од трогателни, човечки судбини.

Од тоа огромно археолошко богатство кое со нескриена истражувачка љубопитност и еуфорија беше „препрочитано“ и прегледано уште еднаш, издвоен е само мал дел којшто е прикажан на ова место. Тоа се најтипичните, најречовитите, најизучуваните, најпознатите, но и најретките или сосема непознати, археолошки наоди.

Материјалот е толку обемен што кога би се опфатиле и триж пати повеќе теми односно објекти, прегледот не би бил целосен, уште помалку исцрпно приреден.

Огромниот елан со кој се пристапи кон реализација на оваа задача поддржана, како од колегите кои претходно вложиле многу напор да се открие овој материјал, така и од оние кои помогнаа сето тоа да се оформи во прикажаниот облик е посакуваната цел – провокација за натамошни продлабочени проучувања.

Оваа мисија би се сметала за успешна доколку основната идеја – водилка – претставување на наведената проблематика објективно, непристрасно и концизно, би била мотив повеќе и за следните генерации – испитувачи. На нив останува да ја дооформуваат и продлабочат сликата за животот во Скопје и скопско во средниот век.

P.S. За отстапениот материјал и колегијалната поддршка им должам особена благодарност на раководителот на ископувањата на *Скопско Кале* (2007-2013) проф. Драги Митревски, документарката Виолета Жанба и на Трајан Зафировски задолжен за нумизматичкиот фундус. За дозволата да ги проучам наодите од автопсија од ископувањата над урнатините на *Теа̄тарот̄* во Скупи (2013-2016) им благодарам на раководителот проф. Антонио Јакимовски и задолженият археолог на секторот – Игор Толевски.

Во компјутерската и техничка документација несебична помош и поддршка ми пружија археолозите Давча Спасова и Орданче Петров.

КРАТЕНКИ

AP – Arheološki pregled

Археол. инф. – Археолошки информатор

BCH – Buletine de correspondence Hellénique

CRAI – Comptes rendus d'Académie des Inscriptiohns et Belles – Lettres

DOP – Dumbarton Oaks Papers

FAB – Folia Archaeologica Balkanica

JAZU – Jugoslovenska akademija znanosti i umjetnosti – Zagreb

Maced. Acta. Archaeol. – Macedoniae Acta Archaeologica

MEFR– Mélanges de l'École Française de Rome

VPIP – Villes et peuplement dans l'Illiricum Protobyzantin

БАН – Българска академия наук

ГЗФФ– Годишен зборник на Филозофски факултет - Скопје

ГИНИ– Гласник на Институт за национална историја

ГСНД – Гласник Скопског научног друштва

ЗАМ – Зборник на Археолошки музеј

ИНИ – Институт за национална историја

ИИСК – Институт за истражување на словенската култура

КН – Културно наследство

ЛУ – Ликовна уметност

МАНУ – Македонска академија на науките и уметностите

МГС – Музеј на град Скопје

ММ – Музеј на Македонија

МН – Македонско наследство

МПУ – Музеј примењене уметности

НАИМ – Национален Археолошки институт и Музеј

НМ – Народен музеј

НИМ – Национален историски музеј

САНУ– Српска академија наука и уметности

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Алексова, Б. 1956, Еден нов наод од Скопје, *ЗАМ*, кн. I, Скопје, 1-11

Алексова, Б. 1989, Брегалница – словенски црковен просветно-културен центар на Балканот, *Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа во развитокот на словенската просвета,* МАНУ, Скопје, 189-202

Алексова, Б. 1989/1, *Епископијата на Брегалница. Првословенски, црковен и културно-просветен центар во Македонија***,** Прилеп

Алексова, Б. 1995, *Loca Sancrorum Macedoniae, Култ на маритириите во Македонија од IV до IX век,* Скопје 1995

Ангелова, С. Колева, Р. Ангелова, Е. Иванова, Р. 1996, Црква № 2 в Дръстарь (Силистра), *Минало* 3/1996, София, 28-49

Артамонов, И. М. 1962, *История Хазар,* Издательство государственного эрмитажа, Ленинград

Антољак, С. 1969, *Самуиловата држава,* ИНИ, Скопје

Антољак, С. 1985, Како дошло до името „Скопје" *Средновековна Македонија,* Том I, Собрани дела, Скопје, 809-830

Археолошка I 1995, *Археолошка карта на Република Македонија,* Том I, Скопје

Археолошка II 1996, *Археолошка карта на Република Македонија,* Том II, Скопје

Археолошка III 2002, *Археолошка карта на Република Македонија,* Том III, Скопје

Ацовиќ, Д. 2008, *Хералдика и Срби,* Завод за уџбенике, Београд

Бабиќ, Б. 1974, *Средновековното културно богатство на СР Македонија,* ЦИССК – Прилеп, Посебно издание 1, Прилеп

Бабиќ, Б. 1976, *Културно богатство на Прилеп од V-XIX век,* Прилеп

Бабиќ, Б. 1986, *Материјална култура на Македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп,* Прилеп

Бабиќ, Б. Микулчиќ, И. 1983, *Скопско Кале, Културно-историско наследство во Македонија*, XVIII, Јубилејно издание, Скопје

Бајаловић - Хаџи-Пешић, М. 1984, *Накит VIII-XVIII века у Музеју града Београда,* Београд

Балабанов, К. et. al. 1970, Балабанов К., Зографски Д., Марковски Р., Момировски Т., Пенушлиски К, Петров К., Пота Љ., Симитчиев А., *Скопје*

Баришић, Ф. 1953, *Чуда Димитрија Солунског као историски извор*, Београд

Българският средновековен град 1997, *Българският средновековен град. Технологии / Bulgarian Medieval Town Technologies*. Ред. И. Щерева и К. Маламед, Центръ за изкуства *Сорос* – Археологически институт при БАН, София.

Белдедовски, З. 2008, Најрани словенски артефакти од Брегалничкиот регион, *Археолошки откритија на почвата на Македонија,* Том 19, МАНУ, Скопје, 943-951

Битракова Грозданова, В. 1994, Римско Стоби и Еврејската заедница // Stobi Romaine et la Communauté Juive, *Религија и уметност во антиката во Македонија // Religion et art dans L'antiquité en Macédoine, Македонска цивилизација; Филозофски факултет,* Скопје, 286-302

Битракова Грозданова, В. 2001, *Голем Град – Пресја I,* Скопје

Битракова-Грозданова, В. 2011, *Голем Град – Пресја I, Скопје*

Битрашевиќ, М. 1970, *Средњовековна керамика,* Београд

Благојевиќ, М. Петковиќ, С. Ћирковиќ, С., *Србија у доба Немањића од кнежевине до царства, 1168-1371,* Београд

Богдановиќ, Д., Ђурић, Ј. В., Медаковиќ, Д. 1978, *Хиландар, Београд*

Божков, А. 1972, *Миниатюрите от мадридския ръкопис на Йоан Скилица,* София

Бенчев, И. 1996, Икона Богоматери Троеручицы в Хиландарском монастыре на Афоне, Византия и византийские традиции, *Сборник научных трудов посвящены XIX Международному конгрессу византинистов.* Копенгаген 18-24 августа. С. Петербург (издание Гос. Эрмитража), 175-183.

Борисов, Б. 2002, *Керамика и керамично производство през XI-XII век от територията на денешна Югоисточна България,* (Марица – Изток), Раднево

Бошкоски, М. (1999-2000), Скупи – Скопје во историските извори, од антиката до крајот на XIV век, *Balcanocslavica* 26-27, Prilep, 131-156

Бошкоски, М. 2007/1, *Великаните на македонскиот среден век,* кн. 1, Скопје

Бошкоски, М. 2007/2, Ловот во Македонија во средниот век, *МН* бр. 30, Скопје, 13-42

Бошкоски, М. 2009, *Скопје и скопска област од VI до крајот на XIV век,* Скопје

Ванк, А. В. 1978, *Прикладное исскуство Византии, IX-XII в.* Москва

Вељановска, Ф. 2000, Антрополошки карактристики на населението на Македонија од неолитот до среден век, *Културно-историско наследство на Република Македонија XLIII,* Скопје, 390

ВИ I 1955, *Византиски извори за историју народа Југославије,* том I, Београд

ВИ II 1959, *Византиски извори за историју народа Југославије,* том II, Београд

ВИ III 1966, *Византиски извори за историју народа Југославије,* том III, Београд

ВИ IV 1971, *Византиски извори за историју народа Југославије,* том IV, Београд

ВИ VI 1986, *Византиски извори за историју народа Југославије,* том VI, Београд

Винчиќ, Т. 1971, Скопската тврдина „Кале", *КН III,* No. 1 (1966),Скопје, 29-40

Вражиновски, Т. 1995, Културолошкиот аспект во проучувањето на преданијата и легендите за светите Климент и Наум Охридски, *Светите Климент и Наум Охридски и придонесот на охридскиот духовен центар за словенската просвета и култура,* МАНУ, Скопје, 169-174

Вражиновски, Т. 2000, *Речник на народната митологија на Македонците*, Прилеп – Скопје

Вџарова, Ж. 1976, *Славяни и Прабългари по данни на некрополите VI-XI век на територията на България,* София

Вулиќ, Н, 1961, „Римско позориште код Скопља. Неколико питања из античке историје земље и римске старине", *Посебна издања САНУ 39,* Београд, 3-23, сл. 1-56

Гарашанин, М. Кораќевиќ Д. 1979, Базилика II во Скупи, *Maced. Acta Archaeool.* 5, Прилеп, 31-46

Гарашанин, М. Кораќевиќ Д. 1987, Археолошки ископувања во Скупи од 1978-1981 година, *Maced. Acta Archaeologica,* 7-8, Скопје

Гатев, П. 1972, Накити од погребенията от XI-XII век, *Археология,* кн. 1, София, 30-46

Георгиева, С. 1974, Керамиката от двореца на Царевец, *Царевград Търново*, БАН, София, 5-186

Герасимовска, Д. 1996, *Антички куќи во Македонија,* Македонска цивилизација, кн. 5, Скопје

Герасимовска, Д. 2015, Архитектурата во доцната антика во македонските градови, *FAB* III, 253-265

Глигоров, В. 2007, *Метални накити от средновековна България, (VII-XI в.),* София

Грабар, А. 1969, *Византија,* Нови Сад

Грозданов, Ц. 1983, *Портрети на светителите од Македонија од IX-XVIII век,* Кн. XX, Скопје

Грозданов, Ц. 2007, Митрополитот Јован Зограф и епископ Григориј I архиереји на епархијата на Пелагонија и Прилеп, *Живописот на Охридската архиепископија, студии,* Скопје, 235-253

Грујић, Р. М. 1935, Властелинство светога Ђорђа код Скопља од XI-XV века, *ГСНД,* Том I, 1, Скопље, 45-77

Даркевич, П. В. 1975, *Светское искусство Византии. Произведения византийского художественого ремесла в Восточной Европе, X-XIII века*, Москва

Дероко, А. 1950, *Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији,* Београд

Дероко, А. 1971, Средњовековни град Скопље, *Споменик СХХ,* САНУ, Београд, 3-16

Димитриоска, Г. 1983, Прилог кон проучувањето на средновековното Скопје, *ЗАМ,* кн. 10-11 (1979-1982), Скопје, 147-149

Димитрова, Е., 2002, *Манастир Матејче,* Каламус, Скопје

Димитрова, Е., Лилчиќ, В., Антевска, К., Василевски, А. 2011, *Матка културно наследство,* Данте, Скопје

Димитрова, Е., Коруновски, С, Грандаковска, С. 2013, Средновековна Македонија, култура и уметност, *Македонија, Милениумски културно-историски факти,* Том 3, Скопје, 1925-1797.

Дончева-Петкова, Лю. 1996, *Митолошки изображения от Българското средновековие,* София

Дончева-Петкова, Лю. 1999, *Одърци,* Том I, София

Дончева-Петкова, Лю. 2005, *Одърци, Некропола от XI век,* Том 2, София

Дончева, С. 2013, Реконструкция на колании гарнитури по материали от раносредновековия център за металопластика при с. Златар, преславско, *Преслав 7*, НАИМ, Шумен

Ђурић, В. 1974, *Византијске фреске у Југославији,* Београд

Ђурић, В. 1978, *Хиландар,* Београд

Ђорђевић, М. И. 1997, Претстава Краља Марка на јужној фасади цркве Светог Димитрија у Марковом Манастиру, *Краљот Марко во историјата и традицијата,* ИИСК, Прилеп, 299-308

Ѓурић, И. 1997, *Самракот на Византија, Времето на Јован VIII Палеолог (1392-1448),* ЗУМПРЕС, Скопје

Евреите од Македонија и Холокаустот, 2011, Група автори, *Евреите од Македонија и Холокаустот, Историја, теорија, култура,* ed. Софија Грандаковска, Евро Балкан Пресс, Скопје, pp. 1-770

Зечевић, Е. 2006, *Накит Новог Брда, НМ,* Београд

Иванић, Б. 1995, *Накит из збирке Народног музеја од 15. до почетка 19. века,* Београд

Иванић, Б. 1998, *Прстење српске средњовековне властеле,* Београд

Иванишевић, В. 2001, *Новчарство средњовековне Србије,* Београд

Ивановска-Велкоска, С. 2015, *Крстови,* Скопје

Ивановска-Велкоска, С. 2015, Коскена икона на св. Димитриј од Скопско Кале, *FAB* III, 561-567

Илиевски, Хр. П. 2002, *Појава и развој на писмото со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост,* МАНУ, Скопје

Јакимовски, А., Толевски, И. 2016, *Глаголички натписи на керамички садови откриени при археолошките ископувања во Скупи (Скопје*), Slověne, № 2, Москва, 179-197

Јанковић, М. Јанковић Ђ, 1990, *Словени у југословенском Подунављу,* Београд

Јиричек, К. 1959, Војна цеста од Београда до Цариграда и Балкански кланци, *Зборник Константина Јиричека* I, Београд, 150-166

Јованова, Л., Михаилова, Д. 1999, Скупи – Источна некропола 1994, *Maced. Acta Arachaeol.* 15, Скопје, 203-250

Јованова, Л. 2005, Две оловни плочи од култот на дунавските коњаници, *Maced. Acta Archaeol.* 16, Скопје, 177-185

Јованова, Л. 2008, Скупи (Colonia Flavia Scupinorum) – топографија и урбанистичка структура на градот од I-III век. *Maced. Acta Archaeol.,* Скопје, 197-222

Јованова, Л. 2018, Скупи – трансформација од империјална колонија во доцноантичка метропола и христијанска епископија, *Од паганство до христијанство // От езичество към християнство,* МАНУ, БАН, Скопје – София, 45-100

Јованова, Л., Ончевска Тодоровска, М. 2018, *Скупи, сектор Југоисточен бедем и комплекс Терма, Базилика со атриум*, Скопје

Јовановић, М. 2001, *Српски средњовековни новац*, Београд

Кепеска, К. 1995, *Задна река – Грмјите Средновековна некропола*, Прилеп

Кепеска, Л. 1999, *Трчева црква – истражувања 1997*, *Maced. Acta Archaeol*. 15, Skopje, 309-323

Кирпичников, Н. А. 1966/1, *Древнерусское оружие, Выпуск первый мечи и сабли* IX-XIII вв, Москва – Ленинград

Кирпичников, Н. А. 1966/2, *Древнерусское оружие, Выпуск второй копья, сулицы, боевые топоры, буловы, кистени IX-XIII вв.,* Москва – Ленинград

Кирпичников, Н. А. 1971, *Древнерусское оружие, Выпуск третий, доспех, комплекс боевых средств IX-XIII вв.*, Ленинград

Кирпичников, Н. А. 1977, *Снаряжнение всадника и верхового кона на Руси IX-XIII вв,* Ленинград

Кличкова, В. 1967, *Грнчарството во Македонија,* Етнолошки музеј – Скопје, Скопје

Ковачевић, Ј. 1953, *Средњовековна ношња Балканских Словена - Студија из историје средњовековне културе Балкана.* Посебна издања Историјског института САНУ (CCXV), књ. 4, Београд

Ковачевић, Ј. 1977, *Аварски каганат,* Београд

Колономос, Ж, 2011, Како го преживеав холокаустот? Сведоштво на Жамила Колономос, *Евреите од Македонија и Холокаустот, историја, теорија, култура, ed.,* Софија, Грандаковска, Евро Балкан Пресс, Скопје, 476-498

Константин VII Порфирогенет, 2014, *Книга за церемониите* (превод Е. Чушкова), Скопје

Константинов, М., Делиниколова, З. 1996, Занаетчиството и занаетчиски организации, *Етнологија на Македонците*, МАНУ, Скопје, 65-80

Кондаковъ, П. Н. 1915, *Иконография Богоматери,* Томъ II, Петроградъ

Кораќевиќ, Д. 2002, *Скупи, градска територија,* Скопје

Корзухина, Г. Ф. 1954, *Русские клады,* IX-XIII вв. Москва – Лениград

Кузмановски, И. 2017, Средновековна некропола на просторот од античкиот театар во Скупи, *Римски театар Скупи // Roman Theatre Skupi*, Музеј на град Скопје, 2017, 367-418

Купър, Дж. 1993, *Илустрована енциклопедия на символите,* София

Кънев, И. 2004, Една ампула-кутрувия от Солун, *НИМ Известия***,** Том. XIV, София, 183-186

Лакалиска, С. 2000, *Христијанските споменици на културата во Скопје и скопско,* Скопје

Лакалиска, С. 2004, Оков за икона посветена на Св. Богородица од сребрена ламарина со позлата, Кале, Скопје 12 век, *МН* бр. 21, Скопје, 72-80

Лакалиска, С. 2005, Евхаристичен натпис на средновековен пехар од Скопско Кале, *МН,* IX, 25, Скопје, 50-68

Лакалиска, С. 2007, Минијатурна стела со симболична библиска декорација, *МН* бр. 31, Скопје, 53-62

Лакалиска, С. 2018, *Артефакти со христијанско симболично значење од VI до крајот на XIX век,* Музеј на град Скопје, Скопје

Лилчиќ, В. 1978, Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези, Скопско, *Maced. Acta Archaeol.* 4, Прилеп, 227-234

Лилчиќ, В. 1978, *Ранохристијанска црква,* Скопје

Лилчиќ, В. 1983, Марков град – Матка, *Историја XIX*, бр. 2, Скопје, 285-298

Лилчиќ, В. 1987, Ранохристијанска засводена гробница кај с. Орман, Скопско и преглед на другите македонски наоди, *Maced. Acta Archaeol.* 7-8, Скопје, 143-151

Лилчиќ, В. 1996, Научноистражувачки проект „Северозападна Македонија во доцната антика и средниот век“, *МН,* год. I, бр. 2, Скопје, 53-84

Лилчиќ, В. 2001, Давина кула Чучер, Археолошки ископувања на Базилика I, *МН* бр. 15, Скопје, 31-40

Лилчиќ, В. Станчевски, И. Ивановска, С. Николовска, А. 2000, Давина кула Чучер, студентски камп 1998, 1999, *МН* бр. 12, Скопје, 15-43

Максимовић, Ј. 1969, Јустинијановски мотиви у скулптури од IX до XI века, *Зборник радова Светозара Радојчића*, Београд, 164-173, сл. 1-20

Маленко, В. 1985, Раносредновековна материјална култура во Охрид и Охридско, *ИНИ*, *Охрид, кн. 1,* Скопје, 269-339

Манева, Е. 1988, Неколку видови накит од крајот на антиката во Хераклеја, *КН.* 12-13, Скопје, 45-54

Манева, Е. 1989, Некропола од крајот на антиката од Хераклеја Линкестис, *Maced. Acta Archaeol.* 10 (1985-1986), Skopje, 161-181.

Манева, Е.1992, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје

Манева Е. 1995/$_1$, Средновековни некрополи во Македонија, *МАНУ, Историја на културата на Македонија,* Том. 1, *МАНУ,* Скопје, 63-71

Манева, Е. 1995/$_2$, Аспекти за проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија, *МАНУ, Историја на културата на Македонија,* кн. 2, Скопје, 127-152

Манева Е. 2000, *Крстеви, Средновековна некропола*, Скопје

Манева Е. 2000/$_1$, *Средновековна некропола Пепелиште*, Скопје

Манева Е. et. al. 2004, *Чукарка, Римски тумул, средновековна некропола,* Македонска цивилизација, Скопје.

Манева, Е. 2006, Нови детали за доцносредновековниот групен наод од Усје кај Скопје, *Maced. Acta Archaeol. 17*, Скопје, 329-339

Манева, Е. 2008/$_1$, Шлем со спојки од Хераклеја, *Археолошки откритија на почвата на Македонија, МАНУ*, кн. 19, Скопје, 861-885

Манева, Е. 2008/$_2$, Словенски, паганси амулет од Давина, *Археолошки откритија на почвата на Македонија, МАНУ*, кн. 19, Скопје, 1065-1077

Манева, Е. 2013/$_1$, Раносредновековна материјална култура во Македонија, *Македонија Милениумски културно-историски факти*, Том. 3, Скопје, 1263-1328

Манева, Е. 2013/$_2$, Археологијата на Македонија во турското средновековие (XV-XVIII век), *Македонија милениумски културно историски факти, Том 4,* Скопје 1957-2050

Манева, Е. 2013/3, Средновековниот театар во Македонија, *Патримониум,* МК, 6, 11, Каламус, Скопје, 88-92

Манева, Е. 2014, Стаклени белезици од антиката до новото доба, *Патримониум, МК 7, бр. 12,* Каламус, Скопје, 83-92

Манева, Е. 2016, Прстени со зооморфни мотиви од некрополата Водоча кај Струмица – Прилог кон познавањето на хералдиката, амблематиката и сфрагистиката од крајот на XIV до XVI век, *Monumenta I,* МАНУ, Скопје, 54-99

Манева, Е. 2017/$_1$, Рефлексии од просветителската мисија на св. Климент во Скопско, *Миленијумското зрачење на св. Климент Охридски* (Меѓународен научен собир, Скопје, 28-29 октомври 2017), МАНУ, Скопје, 329-339.

Манева, Е. 2017/$_2$, По трагите на просторние и временските патешествија, трансформациите и миракулите на иконата Богородица Троеручица, *Археолошки информатор 1,* Прилеп, 157-165

Манева, Е. 2017/2018, Керамички посатки со црковна намена од Скопско Кале, *Монумента* 2-3, МАНУ, Скопје, 113-133

Манева, Е. 2018/$_1$, Хераклеја била средновековната тврдина на градот Битола, *ИНИ*, Скопје, 75-90

Манева, Е. 2018/$_2$, Сведоштва за средновековните празнувања и забавни игри од Скопско, *Археол. инф.* 2, Скопје, 181-194

Манева, Е. 2018/$_3$, Шлемот со спојки од Хераклеја – пример за античката генеза и трансформација во средновековни круни и митри, *Од џаганство до христијанство / От езичество към християнство / From paganism to Christianity,* МАНУ/ БАН, Скопје – София, 233-252

Марјановиќ-Вујовиќ, Г. 1984, *Трњане – српска некропола (крај XI и почетка XIII века),* Народни музеј, Монографија 4, Београд

Марјановиќ-Вујовиќ, Г. 1987, *Крстови од VI до XII века из збирке Народног музеја,* Београд

Марјановиќ-Душаниќ, С. Поповиќ, Д. 2004, *Приватни живот у српским земљама средњег века*, Београд

Медведев, Ф. А. 1966, *Ручное металное оружие (лук и стрелы, самострел) VIII-XIV вв.,* Москва

Микулчиќ, И. 1975, Раноримски скелетни гробови из Скупа, *Старинар XXIV-XXV (1973-1974),* Beograd, 89-102

Микулчиќ, И. 1977, Уште еднаш за Таурисион и Бадериана, *ГЗФФ* 3 (29), Скопје, 93-106

Микулчиќ, И. Никуљска, Н. 1977, Рановизантиски град „Маркови Кули“ на Водно, *Maced. Acta. Archaeol.* 4, Прилеп, 137-150

Микулчиќ, И. 1982, *Скопје и околните тврдини*, Скопје

Микулчиќ, И. 1983, Нови старословенски наоди во Македонија, *ЗАМ X-XI*, Скопје, 143-146

Микулчиќ, И. Билбија, М. 1987, Маркови Кули Водно, Скопје 1979 и 1980, *Maced. Acta. Archaeol.* 7-8, Скопје, 205-220

Микулчиќ, И. 1992, *Антички градови во Македонија,* Скопје

Микулчиќ, И. Лилчиќ, В. 1995, Фибули и појасни украси од 6. и 7. век во Македонија, *ГЗФФ,* Скопје, 255-275

Микулчиќ, И. 1996, *Средновековни градови и тврдини во Македонија* Историја на културата во Македонија, кн. 5, МАНУ, Скопје

Микулчиќ, И. 1999, *Антички градови во Македонија*, Скопје

Микулчиќ, И. 2011, Евреите во Стоби, *Евреите од Македонија и Холокаустот, историја, теорија, култура,* ed. Софија Грандаковска, Евро Балкан Пресс, Скопје, 501-519

Миловановиќ, Д. 1985, *Уметничка обрада нељеменитих метала на тлу Србије од позне антике до 1690 године*, Каталог, Београд

Миловановиќ, Д. 1993, *Крстови (од 5. века до 1993. године*), *МПУ*, Београд

Милошевиќ, Д. 1990, *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја,* Београд

Михаљчиќ, Р. 1975, *Крај српског царства*, Београд

Митревски, Д, 2007, *Скопска тврдина, Археолошки истражувања 2007 и изложба*, Скопје

Митревски, Д. 2016, *Скопско Кале. Од праисторија до рана антика,* Менора, Скопје

Музеј на град Скопје, 2011, Група автори, *Музеј на град Скопје 1949-2011,* ед. Љубица Саздова-Кондијанова, Скопје

Мурсеева, В. В. 2000, *Древнеруские раменые набораные украшения (X-XII вв.)*, Москва

Недков, Б. 1960, *България и съседните и земи през XII век според „Географията на Идриси“,* София

Новаковиќ, С. 1898, Законик Стефана Душана Цара српског, Београд

Оболенски, Д. 2002, *Византиской Коменвелт Источна Европа* 300-1453, Скопје

Ончевска Тодоровска М. 2005, Токи и апликации за ремени од Скупи од периодот на големите миграции, *МН*, IX, 25, Скопје, 21-32

Ончевска Тодоровска М. 2007, Камени садови од Скупи (6.-ран 7.век), *МН* бр. 30, Скопје, 43-52

Ончевска Тодоровска, М. 2008, Дистрибуција на грнчарски увоз во Македонија водоцната антика (од IVдо VI век н.е.), *Maced. Acta Archaeol.* 18 (2002-2004), 311-321

Ончевска, Тодоровска М. 2010, Занаетчиството и применетата уметност во доцната антика преку металните предмети од Скупи, *Maced. Acta. Archaeol.* 19, Скопје, 281-292

Ончевска Тодоровска М. 2011, Нова Голема ранохристијанска базилика во Скупи, *Macedonia Acta Arcaeologica 20,* Скопје, 365-380

Ончевска Тодоровска М. 2014, Остава на монети од Скупи, *МН* бр. 21, Скопје, 28-42

Ончевска Тодоровска, М. 2017, Доцноантичка населба на просторот од Римскиот театар во Скупи, *Римски театар Скупи,* Скопје, 245-320

Острогорски, Г. 1969, *Историја Византије,* Београд

Панов, Б. 1961, Општествено-политичките прилики во струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век, *ГИНИ* V/2, Скопје, 201-243

Панов, Б. 1982, Штип и Брегалничката област во средниот век (VI крајот на XII век), *ГЗФФ*, кн. 8(34), Скопје, 39-85

Панов, Б. 1985, Кирил и Методиј и нивните ученици (собрани дела II), *Средновековна Македонија,* Том 3, Скопје, 111-244

Пашиќ, Р. 1989, Локалитетот Градиште во селото Средно Нерези кај Скопје, истражувања 1974 и 1978 година, *Maced. Acta. Archaeol.* 10, Скопје, 91-100

Петрински, И. 2004, Новооткрито средновековно съкровище при с. Изворско, Варненско, *Известия НИМ*, том. XIV, 187-196

Петров, К. 1958, Најстари делови на Скопското Кале, *Гласник на ИНИ*, год. II, бр. 1, Скопје, 229-237

Петров К. 1969, Кон прашањето на местоположбата на средновековните скопски цркви, *ГЗФФ* 21, Скопје, 157-174

Петров К. 1971, Еден пекторален крст според калап од ранохристијанскиот Скупи, *ГЗФФ*, кн. 23, Скопје, 287-294

Петров, К. 1975, Преглед на сакралните споменици во Скопје и околината од XI-XIX век, *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија,* Том I, Архив на Македонија, Скопје, 75-94

Петров К. 1998, Акведуктот кај Скопје и проблемот на неговото датирање**,** *МН* 7, Скопје, 86-111

Петров, О. 2012, *Средновековни опсадни постројки,* Скопје

Платнева, С. А. 1967, *От кочевий к городом, Салтово-Маяцкая култура,* Москва

Платнева, С. А. 1981, *Степи Евразии в эпохеи средневековъя,* Москва

Поленаковиќ, Х. 1966, *Климент Охридски, живот и дело,* Книга за Климент Охридски, Кочо Рацин, Скопје, 5-68

Поп-Атанасов, Ѓ. 2016, За таканаречените „глаголически надписи“ од Плисковско-Преславскиот регион, *Monumenta I,* МАНУ, Скопје, 93-100

Радева, М. 1993, Сграфито керамика от Сливен, Североизточна Тракия и Византия през IV-XIV век, *Исторически музей – Сливен,* БАН, София – Сливен, 146-157

Радојковић, Б. 1962, *Старо српско златарство, Београд*

Радојковић, Б. 1969, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века, МПУ*, Београд

Радојковић, Б. 1981, *Српско златарство,* Каталог изложбе Музеја примењене уметности, Београд

Рашев, Р. 1988, Ранносредновековни двойни печатчета-амулети, *Археология* 2, БАН, София, 57-61

Ристески, Б. 2002, Раносредновековни наоди од Скупи, *МН* бр. 19, Скопје, 71-81

Ристески, Б. 2004, Средновековна керамика од Скопско // Medieval Ceramics from Skopje area, *МН* VIII, 21, Скопје, 48-71

Ристески, Б. 2008, Раносредновековна садова керамика во Република Македонија, *Историја на културата на Македонија,* МАНУ, кн. 19, Скопје, 1035-1064

Ристов, К. 2006/1, Градиште – Таор, прелиминарен извештај од истражувањата во 2000-2004 година, *Maced. Acta. Archaeol.* 17, Скопје, 215-230

Ристов, К. 2006/2, Археолошки истражувања на населбата Градиште, село Таор, *МН,* бр. 29, Скопје, 69-82

Ристов, К. 2009, Градиште село Таор: Досегашни истражувања, *Скопје помеѓу античкото и модерното време,* Скопје, 35-51

Ристов, К. Каламадеска Михаилова, Д. 2010, Средновековна некропола Крст, с. Орешани, *Maced. Acta. Archaeol.* 19, Скопје, 391-404

Ристов, К. Милошевски В. 2012, Tauresium Монети од истражувања, Музеј на град Скопје

Рыбаков, А. Б. 1948, *Ремесло, История культуры древней Русий,*I, *Материјалная культура,* Москва – Ленинград

Рыбаков, А. Б. 1983, *Язичество древних Славян,* Москва

Рыбаков, А. Б. 1987, *Язичество древней Руси,*Москва

Свето писмо 1991[2], *Свето писмо Библија на Стариот и Новиот Завет,* Скопје

Сюзюмов, Я. М. 1962, *Византийская книга Эпарха, Памятники средневековой истории народов центральной и восточной Европы,* Академия наук СССР, Москва.

Робов, М. 1993, Двулицев калъп за отливане на накити од Търново. *Годишник на музеите от Северна България,* XIX, 109-118

Саздов, Т. 1989, Народните преданија и легенди за Климент Охридски, *Климент Охридски и улогата на Охридската книжевна школа,* МАНУ, Скопје, 151-156

Седов, В. 1995, *Славяне в раннем средневековые*, Москва

Симијева, З. 1932, Иконостас Беле Цркве у с. Карану и Каранска Богородица Троеручица, *Старинар* 9, С. С. Београд

Снѣгаровь, И. 1924, *История на Охридската архиепископия,* Том I, София

Соловјев, А. 1998[2], *Законодавство Стефана Душана цара Срба и Грка,* Београд[2]. (Скопље 1928[1]), Београд[2]

Станилов, С. 1991, Старобългарски ремъчни украси от националниъя Археологически музej, *Раскопки и проучавания,* XXII, БАН, София, 5-70

Стефановски Р. 1990, *Театарот во Македонија*, Скопје

Стојановски, А. 1974, *Дервенџиството во Македонија,* Скопје

Стојческа-Антиќ, А. 1996, *Средновековен збороплет*, Скопје

Суботиќ, Г. 1980, *Охридската сликарска школа од XV век,* Охрид

Съкровище, 1989, *Съкровище на хан Кубрат. Култура на България, Хазари, Славяни,* Каталог (ред. Д. Овчаров), София

Татић-Ђурић, М. 1997, Тројеручица светога Саве и њен култ у православном свету, *Зборник радова, НМ*, Београд, 113-160

Томовиќ, Г. 1990, Глагољски натпис из Чечана, *Историски часопис*, књ. XXXVII, Београд, 5-19

Толевски, И, 2017 // Tolevski, I. 2017, Средновековна населба подигната врз урнатините на Римскиот театар во Скупи, *Римски театар Скупи // Roman Theatre Scupi,* Музеј на град Скопје, Скопје, 2017, 321-365

Толевски, И., Јакимовски, А. 2017, Глаголички букви врежани на средновековни грнија од Скупи, *Милениумско зрачење на св. Климент Охридски* (Меѓународен научен собир, Скопје, 28-29 октомври 2017), МАНУ, Скопје 353-362

Томоски, Т. 1999, *Македонија низ вековите. Градови, Тврдини. Комуникации,* Скопје

Тотев, Т. 1968, Метални печатчета с образ на животни от Преслав, *Преслав,* Сборник 1, Преславско арх. здружество „Тича“, Български художник, София, 173-183

Тотев, Т. 1993, *Пресловенското съкровище,* Шумен

Трајковски, К. 2013, Најкуса историска слика на Македонија од IX до XIV век, *Македонија Милениумски културно-историски факти, Том 3*, Скопје, 1463-1523

Филипова, С. 1997, *Архитектонска декоративна скулптура во Македонија 5-6 и 11-12 век,* Скопје.

Хан, В. 1972, Прозорско стакло, XV и XVI век у Србији, Поводом налаза стакла у Горњем граду београдске тврђаве, *Зборник* ЛУ

Хаџи Васиљевић, Ј. 1930, *Скопље и његова околина, Историска, етнографска и културно-политичка излагања,* Београд 1930

Хаџи Манева, М. 2008, Нумизматички сведоштва за крајот на VII и VII век, *Maced. Acta. Archaeol.* 18, (2002-2004), Скопје, 381-395

Христовска, К. 2013, Парите во средновековна Македонија, *Македонија Милениумски културно-историски факти,* Том 3, Скопје, 1803-1868

Цветковски, С. 2007, Портрети византијских и српских владара у манастиру Трескавцу, *Зограф 31,* Београд, 153-167

Цветковић – Томашевић, Г. 1978, *Рановизантијски подни мозаици Дарданија, Македонија, Нови Епир,* Филозофски факултет у Београду, Студије 1, Београд

Целаковски, Н. 1974, Народни преданија за Климент Охридски, *Културен живот* 1984, бр. 1-2, 21-24

Цепенков, М. 1968, *Македонско народно творештво,* (ред. К. Пенушлиски, *Јуначки народни песни),* Скопје

Шерард, Ф. 1972, *Византија,* Младинска књига, Љубљана

Шкриванић, Г. 1957, *Оружје у Средњовековној Србији, Босни и Дубровнику*, Београд

Шкриванић, Г., 1974, *Путеви у Средњовековној Србији,* Београд

Aleksova, B. 1966, *Prosek - Demir Kapija, slovenska nekropola i slovenske nekropole u Makedoniji,* Dissertationes, tom 1, Skopje - Beograd

Antonaras, A. (Αντωνάρας) 2006, Gialina mesobizantina Brahiolia, *Deltion tes Hristianikes Arhaiol. Etaireias,* Δ. *Tom, KZ*, Athena, 423-434

Babić, B. 1957, Manastir Nerezi – crkva Sv. Pantelejmona, *Arheološki pregled* 9, Beograd, 151-153

Babić, B. 2008, *Trouvaille scellée de poterie de table byzantine* à *Skopsko Kale, Археолошки откритија на почвата на Македонија,* МАНУ, кн. 19, Скопје, 917-941

Bajalović – Hadzi-Pešić, M. 1981, *Keramika u Srednjovekovnoj Srbiji,* Muzej grada Beograda, Beograd

Bakirtzis, Ch. 1980, Didymoteichon*: un centre de céramique post-byzantine,* Balkan Studies 21.1, 147-153

Bakirtzis, Ch. 1987, Ampoules byzantines de Thessalonique**,** SANU, Belgrade, 205-209

Bikić, V. 1994, *Srednjovekovna keramika Beograda,* Arheološki institut, Posebna izdanja, knjiga 25, Beograd

Bikić, V. 2000, *Vizantijski import I uticaj medju arheološkim nalazima iz naselja i nekropola u Srbiji (11-15 veka),* Beograd

Bikić, B. 2003, *Gradska keramika Beograda (16-17. veka)*, Beograd

Bikić, V. 2010, *Vizanatijski nakit u Srbiji, modeli i nasleđe*, Beograd

Bunardžić, R. 1985, *Čelarevo, Resultati delle Ricerche nelle necropolis dell'alto medioevo, Roma*

Brandt, M. 1980, *Opća povjest srednjeg vijeka*, Zagreb

Brzeziński, Wojciech. 2007, *Skarby wieków średnich // Treasures of the Middle Age*, Warszawa

Byzantium, 1994, *Treasures of Byzantine Art and Culture, From British Collections,* ed. by. D. Buckton, London

Byzantium, 2004, *Faith and Power* (1261-1557), The Metropolitan Museum of Art, ed. H. Evans, New York

Cabrol, A., Leclercq, H. 1924, *Dictionnaire de l'archeologie chretienne et de la liturgie, III/2,* Paris

Ciglenečki, S. 1983, Tinje nad Loko pri žusmu in problem raziskovanja slovenskih naselbin v Sloveniji, *AV* XXXIII SAZU, Ljubljana, 179-188.

Čekalova, A. A. Poljakovska M.A. 2003, *Život i običaji u vizantijskom društvu,* Beograd

Chevalier J., Cheerbrant A. 1987, *Rječnik simbola*, 1987

Ćorović-Ljubinković, M. 1948, Nalaz iz Markove Varoši kod Prilepa, *Muzeji 2,* Beograd, 102-1113

Dagron, G. 1974, *Naissance d'une capitale*, Paris

Dagron, G. 1977, La christianisme dans la ville byzantine, *DOP,* (No. 31), 6-18

Davidson, R. G. 1952, *The Minor Objects*, vol. XII, *Corinth,* Princeton, New Jerset

Diaconu, P. 1972, Obiecte de Podoabă, *Pacuiul lui Soare,* vol. I, Bucureşti, 137-162

Dimitriu, L. 2001, *Der Mittelalterlische schmuck des unteren Donaugebietes im 11.-15. Jahr*, Bucureşti

Dončheva, S., Bunzelov, I. 2014, Buckels with images of animals and mytological creatures from medieval Bulgaria, *Pontica* XLVII, Constanța, 325-342

Dostál, B. 1966, *Slovenské pohřebište ze střední doby hradištní na Moravě,* Praha

Evans. A. J. 1885, *Antiquarian Researches in Illyricum* IV: Scupi, Scopia and the Birthplace of Justinian, *Archaeologia,* vol. 49, 1, London, 79-167

Enciklopedija, JAZU, 195-1966, *Enciclopedija likovnih umjetnosti,* Tom 1-4, Zagreb

Filipović, M. S. 1951, *Ženska keramika kod Balkanskih naroda,* Etnografski institut, knjiga 2, SANU, posebna izdanja, knjiga CLXXXI, Beograd, 1-185

Flow, A. 1953, Un nouveau reliquaire byzantin, *Revue des Études Grecques,* Tom. 66, 100-110

François, V., Spieser, J.M. 2002, Pottery and Glass in Byzantium, *DOP*, vol. 39, Harvard, 594-609

Grabar, A. 1935, *L'empereur dans l'art byzantin,* Paris (VI)

Grabar, A. 1950, Quelques reliquaries de Saint Démétrios et le Martyrium du Saint à Salonique, *DOP*, vol. 5, Harvard, 3-28

Grabar, A. 1963, *Sculptures byzantines de Constantinople (IVe-Xe)*, Paris

Greek Jewellery 1997*, 6000 years of tradition,* Thessaloniki

Grotowski, P. L. 1996, *Arms and Armour of the Warrior Sants (Tradition and Innovation in Byzantine Iconography (843-1261),* Boston

Guillou, A. 1974, *La civilisation byzantine,* Paris

Hausein-Bartsch, E. 1993, Ikonen auf Papier – Grafik von Berg Athos, *Hermeneia, Zeitschrifi für Ostrkürchlichte Kunst 1,* Bochuhn, 7-17

Honigman, E.1939, *Le Synekdémos d'Hiéroclés et l'opuscule géographique de Georges de Cypre,* Bruxelles, 20, 620

Ivanišević, V. 1996, Hoard of Serbian and Venetian coins from Usje (14th century), *Macedonian Numizmatic Journal 2,* Skopje, 113-138

Jelisejev, V., Naudan, J., Wiet, G., Wolff, Ph. 1972, *Historija Čovječanstva: Kulturni i naučni razvoj,* Sv. III, 1, 2, Naprijed, Zagreb

Jelovina D. 1976, *Starohrvatske nekropole,* Split

Jovanova, L. 2015, Scupi - Transition from Imperial Colony to Late Antiquity Metropolis, *FAB* III, Skopje, 218-252

Jovanović, A.1978, *Nakit u Rimskoj Dardaniji,* Dissertationes et Monographiae, *Al*, Beograd

Jonson, I. 1988, Vikingerzeitlicher orientalisches import in Skandinavien, Oldenburg, Wolin – Starija Lagada – Novgorod – Kiev, *Bericht der römischen – Germanischen Komission,* 69, Mainz, 564-647

Jonson, H.Ch., Olauson Holmquist, L. 2006, *The Oriental Mounts from Birka's Garrison, An Expression of Waarrior Rank and Status,* Stockholm

Joves, G. 1962, *Dictionary of mythology, folklore and symbols* II, New York

Karpuzova, S. 2012, Two Late antique Eulogies from Samuel's Fortress – Citadel in Ohrid, *FAB II* (in honorem prof. I. Mikulčič), Faculty of Philosophy – Skopje, department of Art History and Archaeology, Skoje,443-452

Khalikova, E. A., Kazarov, E. R. 1977, *Le cemetière de Tankeeva, Les anciens hongarois et les etniques voisines à l'est*. Bidapest

Klanica, Z. 1972, Zur Frage des Ursprungs der gegossenen Bronzeindustrie des 7.-8. Jh im Karpathenbecken, *Balkanoslavica* I, 97-105

Kondakov, P. N. 1929, *Příspěvky k dějinám středověkého umění a kultury* // Кондаковъ П. Н.., *Очерки и замѣтки по исторіи, средневѣковаго искусства и культуры, Праґа*

Korošec, J. 1952, *Uvod v materijalno kulturo Slovanov,* Ljubljana

Kravari, V., 1989, *Villes et villages de Macédoine occidentale,* Réalités Byzantines, Editions P. Lethielleux, Paris

Lemerle P. 1954, Invasions et migrations dans les Balkans depuis la fin de l'époque romain jusqu 'au VIIIe siècle, *Revue historique*, 265-308

Lemerle, P. 1981, Note sur les plus anciennes représentations de Saint Démétrius, *DELTION THΣ XPIΣTIANIKHΣ ARXAIOA. ETA I PEIAΣ, Δ, Tom I, AθHNA, 1-10*

Lamerle, P. 2000, *Istorija Vizantije*, Beograd

Loverdou-Tsigarida, K. 2004, Thessalonique, centre de production d'objets d'arts au XIVe siècle, *DOP*, No. 57, 241-254

Maneva, E. 2005, *Ancient Jewellery from Macedonia - Middle Age, Calamus*, Skopje

Maneva, E. 2007, Ancient *Jewerrery from Macedonia Vodoča Necropolis*, Calamus, Skopje

Maneva, E. 2013/1, *Inventaria Archaeologica Personarum I, Vodoča Necropolisis*, Calamus, Skopje

Maneva, E. 2013/2, Luxurius 14th Century Jewellery from a hoard discovered in Skopsko Kale, *Contributions* XLIV 1-2, MANU, Skopje, 269-284

Megaw, S. H. A. 1968, Zeuxippus Ware, Annual of the British School at Athens, 63, Athens, 67-88

Megaw, S. H. A. 1989, Zeuxipps Ware again, *BCH*, Athènes, 258-266

Metcalf, D. M. 1991, Avar and Slav invasion into the Balcan peninsula (c. 575-625). The Nature of the Numismatic Evidence, *Journal of Roman Archaeology*, 4, Ann Arbor, 140-148

Mihailović V. 2000, *Novac srpskih velikaša iz vremena carstva,* Beograd

Mihajlovski, R. 2012, Byzantine Lead Seals Found During the Archaeological Excavations in 2009 at the Fortress of „Kale" in Skopje, *Macedonian Numismatic Journal*, No. 5, Skopje, 145-158

Mitrevski, D. 2010, *Kale the Fortress of Skopje Vestiges of Ottoman times,* Skopje

Morrison, C., Popović, V., Ivanišević, V. 2006, *Les trésors monétaires bzyantins des Balkans et d'Asie Mineure* (491-713), Paris

Nestor, J. 1961, L'etablissment des Slaves en Roumenie à la lumière de quelques decouverts arch. récentes, *Dacia* N.S., 5, 429-448

Nikolakopoulos, G. 1989, Esthétique de la céramique byzantine, *BCH*, Suppl. XVIII, Athens, 317-326

Onchevska Todorovska, M. 2015, The Atrium in Earely Christian Church Arachitecture in East Illuricum and the Large Early Christian Basilica with an Artium in Scupi. *FAB,* III, Skopje, 267-388

Papanikola-Bakirtzis, D. 1987, The Palaelogan Grazed pottery of Tessaloniki, Edition spéciales, No. 31, **SANU**, Belgrade, 193-204

Papanikola-Bakirtzis, D. 1989, Medieval Pottery from Enkoni, Famagusta, *BCH*, Suppl. XVIII, Athens, pp. 233-246

Parman, E. 1989, The pottery from St. John basilica at Ephesos, *BCH*, Suppl. XVIII, pp.

Petrov, O. et. al. 2015, Mail from Treskaavec: Contribution to the Study of Medieval Mail Armour, FAB III, 569-590

Petrović, R. 2003, *Jevrejski mitološki rečnik***,** Centar za mitološke studije Srbije – Rača, Filozofski fakultet u Kosovskoj Mitrovici, Beograd

Piltz, E. 1977, *Kamelaukion et mitra. Insignes byzantins impériaux et ecclésiastiques*, Stocholm. Sweden

Piltz, E. 2013, *Loros and Sakkos, Studies in Byzantine Imperial Garment and Ecclesiastical Vestment,* Archaeopress, Oxford

Popović, M. 1982, *Beogradska tvrđava,* Arheološki institut, Posebna izdanja, knjiga 18, Beograd

Popović, M. 1999, *Tvrđava Ras,* Arheološki institut, Posebna izdanja, knjiga 18, Beograd

Popović, V. 1975, Les temoins arch. des invasions avaroslaves dans L'Ilyricum byzantine, *MEFR, Antiquité* 87, 445-507

Popović, V. 1978, La déscante des Koutrigours, des Slaves et des Avares vers la Mer Egée, ***CRAI***, Paris, 596-648

Popović, V. 1980, Aux origines de la slavisation des Balkans: la constitution des Ier Sklavenie macédoniennes vers la fin du Vie siècle, *CRAI*, Paris, 230-265

Popović, V. 1984, Byzantins, Slaves et autochtones dans les provinces de Prévalitanes et Nouvelle Epire, *VPIP,* 181-243

Pseudo-Kodinos, 1966, *Traité des offices (*Traduit par J. Verpeaux), Paris

Rendić-Miočević, D. 1981, „SCUPI Istraživanja rimskog teatra 1959-1961 godine", *Antički teatri na tlu Jugoslavije,* Saopštenja sa naučnog skupa 14-41. April 1980, 44-51, Novi Sad

Rice, T.O. 1966, Late Byzantine Pottery at Dumbarton Oaks, *DOP*, vol. 20, Pl. 1-14, 207-219

Ristov, K. 2015, Gradishte Taor, Late Antique Settlement and Fortress, *FAB* III, Skopje, 361-392

Rhoby, A. 2013, Epigrams, Epigraphy, and Sigillography, in: Stavrakos – B. Papadopoulou (eds) Epereond. Proceedings of the 10th *International symposium of Byzantine Sigillography*, Ioannina (1-3 october 2009), 65-71

Ross, C. M. 1962, *Catalogue of the Byzantine and Early Medieval Antiquities in the Dumbarton Oaks Collection, Vol. Two, Jewelry, Enamels and Art of the Migration Period,* Washington

Ross, C. M. 1965, Ross, *Catalogue of the Byzantine and Early Medieval Antiquities in the Dumbarton Oaks Collection, Vol. One, Melalwork, Ceramics, Glass, Glyptics, Painting,* Washington

Rujak, Z. 2015, *Carevi kuli (Tsar's towers)* The most significant values of the cultural and natural heritage, Goverment of the Republic of Macedonia, Skopje

Sabatier, J. 1955, *Description générale des monnaies byzantines* I, II, Graz

Sanders, G. 1989, *Three Peloponnesian churches and their importance for the chronology of late 13th and early 14th century pottery in the eastern Mediterranean*, *BCH*, Suppl. XVIII, Athens, 189-199

***Sjaj ukrainskih riznica,* 1989**, Zagreb

Spinei, V. 1993, Les petchenegues au nord du Bas-Danube aux X^e^-XI^e^ siècles, *Actes du XII^e^ Congrès International des Siences Préhisteriques et Protohistoriques, rignes,* Bratislava, 1-7.IX 1991, 4, 285-190

Spinei, V. 1996, *Ultimele valuri migratoare la nordul Mării Negre şi al Dunării de Jos*. (Helios), IAŞA

Talbot, Rice D. 1966, Late Byzantine pottery, *DOP*, No. XX

Teophilus, 1961, *De diversis Artibus*, ed. Thomas Nelson and Sons, London

Tolstoi, J. 1968, *Monnaies byzantines,* I, II, Amsterdam

Trajković, I. 2002, *Metalno pokućstvo i posude*, Katalog zbirke, Narodni muzej u Nišu, Niš

Touratsoglou, J. 2000, *Macedonia History Monuments, Museums, Ekolotike Athenon,* Athins

Vàňa, Z. 1954, Mad'aři a Slované ve světle archeologických nálezú X-XII století, *Slove. Arch.* II, Bratislava

Vàňa, Z. 1983, *Die Welt der alten Slawen,* Praha

Vinski, Z. 1952, Naušnice zvijezdolikog tipa s posebnim obzirom na nosioce srebrnog nakita Čadjavica, *Starohrvatska prosvijeta, ser. III, sv. 2.,* Split, 29-52

Vinski, Z. 1968, Krstoliki nakit epohe seoba naroda u Jugoslaviji, *Vjesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu, 3. serija-sveska III, Zagreb*

Vinski, Z. 1971, Raniji srednji vek u Jugoslaviji od 400 do 800 godine. Vjesnik Arheološkog muzeja u Zagrebu, Zagreb

Vinski, Z. 1974, Kasnoantički starosjedeoci u salonitskoj regiji prema arheološkoj ostavštini preslavenskog supstrata, *Vjesnik za arheologiju i historiju dalmatinsku,* LXIX/1967, Split, 3-98

Walter, G. 1966, *La vie quotidienne à Byzance au siècle des Comnènes,* Paris

Werner, J. 1960, Neues zur der Frage Slawischen Bügelfibeln aus Südeurop. Löndern, *Germania* 38, 114-120

Werner, J. 1974, Nomadische Gürtel bei Persern, Byzantinern und Langobarden, *La civilità di Langobardi in Europa, Roma,* 109-139

Werner, J.1984, *Der Grabfund von Malaja Pereščepina und Kuvrat, Kagan der Bulgaren*, München

Werner, J. 1986, *Der Schatzfund von Vrap in Albanien, Studien zür Archäologie der Awaren* 2, Wien

Wroth, W. 1911, *Catalogue of the Coin of the Vandals, Ostrogoths and Lombards,* London

Zaleskaya, N. V. 1989, La céramique byzantine des XI^e^-XII^e^ siècles de Chersonese, *BCH,* Athènes, 143-149

Елизабета Димитрова

УМЕТНИЧКАТА ПРОДУКЦИЈА НА СРЕДНОВЕКОВНО СКОПЈЕ

АРХИТЕКТОНСКИ КОНЦЕПТИ

ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

ЕСТЕТСКИ ПАРАДИГМИ

СОЦИОКУЛТУРНИ ХОРИЗОНТИ НА СРЕДНОВЕКОВНО СКОПЈЕ

Преглед на развојот на ликовното творештво во Скопје и неговата околина во периодот VI – XIV век

Во библиската земја на Македонците, каде што апостолот Павле ги ширел своите мудри поуки уште во обзорувањата на христијанската епоха, официјалното етаблирање на црковната институција – набргу по прогласувањето на Миланскиот едикт во 313 година – иницирало создавање епископски центри во речиси сите поголеми урбани центри на македонското подрачје. Придонесувајќи кон идеолошката мапа на христијанското учење преку нивното активно учество во теолошките диспути на црковните собори во текот на IV, V и VI век, новосоздадените епископии, исто така, донирале и мноштво креативни идеи кон културната стратиграфија на христијанскиот свет со изградбата на репрезентативни христијански храмови, декорирани со луксузни мозаични подови, мермерна скулптура и раскошни фрескопанорами. Во таа древна карта, која, со своите сложени изохипси, го рефлектира развојот на историските околности, културните дострели и уметничките остварувања, мошне значајно место зазема доцноантичката метропола Скупи – денес најатрактивниот археолошки локалитет на современо Скопје. Со својата богата стратиграфија на хронолошки развојни фази, репрезентативни сакрални и профани градби и мноштво вредни артефакти, Скупи го претставува главниот пункт на доцноантичката материјална и духовна култура, кој, по „географската миграција“ кон југоисток, станал бекграунд за урбан, социополитички, културен и уметнички развој на средновековниот град.

Сепак, наследството на христијанската Антика, обележано со монументалните архитектонски облици, впечатливата декоративна пластика и предметите од применетата уметност, горело во пламенот на варварските инвазии, кои во доцноантичката епоха не го поштедиле ниту Скупи, ниту неговата околина. Ограбени, разурнати и напуштени, старите христијански храмови биле погребани под тешките пластови на историскиот хаос карактеристичен за раносредновековната доба – таканаречениот *темен период* – кој ги оставил своите деструктивни депозити врз гламурозното ткиво на ранохристијанската креација. Скромните станбени објекти и остатоците од секојдневното живеење, кои потекнуваат од периодот на словенските пенетрации во зачуваната урбана структура на доцноантичко Скупи, ја отсликуваат дегра-

ФРАГМЕНТ ОД МОНУМЕНТАЛНАТА СКУЛПТУРА НА ИМПЕРАТОРОТ КОНСТАНТИН ВЕЛИКИ, МУЗЕЈ КАПИТОЛИНИ, РИМ

дацијата на социокултурните вредности од претходните времиња и сведочат за редуцираните творечки капацитети на новонаселената популација и за нејзините основни приоритети. Разурнувачкиот земјотрес од 518 година, новонастанатите политички околности кои воделе кон осиромашување на големите градски центри и словенските „настанби“ прилепени кон некогашната урбанистичка структура на доцноантичката метропола се последните сведоци на крајот на урбаното живеење на Скупи во динамичните историски хоризонти на VI век.

РИМСКА СТЕЛА ОД СКУПИ

ЦРКВАТА СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ

Скопје во текот на високиот среден век

Во периодот на таканаречената *долга доцна Антика*, која го опфаќа времето од почетокот на VII до втората половина на IX столетие, се забележуваат првите елементи на процесот што води кон обликување на средновековните институции во сферата на социјалниот живот, духовната посветеност и уметничкото творештво. Во тој хронолошки појас, Скупи речиси целосно запустело, а неговите жители, раселени низ плодните подрачја на Скопската Котлина, се прилагодиле на новите животни услови и создале нови населби со покомпактна визуелна структура. Кон крајот на овој период, кога се појавуваат првите препознатливи форми на средновековната креација во југозападните (Охрид и брегот на Охридското Езеро) и североисточните делови на Македонија (течението на реката Брегалница), се чини дека Скопје „мирува“ во својата историска хибернација, чекајќи поповолни времиња за почеток на својот континуиран средновековен социокултурен развој. Како што откриваат историските извори, сочуваните документи, патописите и другите упатници кон заживувањето на духовниот живот и уметничкото творештво од сакрален карактер, Скопје израснало во важна урбана населба во текот на X век, додека во следното столетие градот доживеал значаен урбан растеж и особен социјален просперитет[1]. Наоѓајќи се на магистралниот пат кој ги поврзувал Ниш и Солун, претставувајќи важен трговски и стопански центар во срцето на Балканскиот Полуостров и играјќи важна улога во верскиот живот како седиште на епарх под јуриздикција на Охридската архиепископија, Скопје станало важен геостратешки учесник во политичката историја на Византија.

Иако бројот на сакралните објекти подигнати во Скопје во XI век, кои се споменуваат во зачуваните историски документи, не е голем, тие биле дарувани со големи привилегии од византиските императори и од нивните дворски авторитети. Ова особено се однесува на градската катедрала – црквата посветена на света Богородица (подоцна наречена Троерачица), подигната во раниот XI век и на храмот чиј патрон бил свети Ѓорѓи Горг, кој поседувал забележителни феудални имоти и имал олеснителни даночни привилегии[2], обата „проголтани“ од времињата на тензични историски околности во доцносредновековната епоха. Во XII столетие градот бил „даруван“ со уште две цркви, едната посветена на свети Архангел Михаил, а другата на свети Пантелејмон – ктиторирана од принцот Алексеј, внук на основачот на Комненската династија – Алексеј I Комнен, братучед на тогаш актуелниот император Мануил, угледен интелектуалец и висок дворски авторитет во сферите на теологијата, верските прашања и културните политики[3]. Црквата Свети Пантелејмон, лоцирана во селото Нерези, е воедно и единствениот споменик зачуван од средновизантиската епоха, кој, со своите исклучителни архитектонски и ликовни квалитети, го претставува климаксот на уметничката креација во културниот трезор на средновековно Скопје.

Скопје во доцновизантиската епоха

Од уметничкото творештво на XIII век зачувани се единствено фрагментарните остатоци од фрескодекорацијата на северната кула на скопското Кале, настаната во самиот почеток на столетието[4]. Сочувани како сведоци од бурниот период на политичкиот хаос настанат со падот на Византиската империја под латинска власт во 1204 година, овие фрескофрагменти претставуваат вистински бегалци од неизбежниот заборав на една бурна, драматична и турбулентна историска епоха. Обележани со линеарниот дуктус во моделацијата на формите, бледи поради губењето на „завршната глазура“ од боениот инкарнат и архивирани во темнината на музејските депоа во кои „ниеден намерник никогаш не влегува“, остатоците од сликаната декорација на безимениот храм, подигнат и украсен на почетокот од едно време исполнето со војни и освојувања, успеси и порази, подем и ерозија на културните вредности, се единствените сведоци за XIII-вековното ликовно творештво во средновековниот град. Без судија и порота, без процес и пресуда, тие остануваат да постојат во својата „музејска самица“ како неми чувари на „невиноста“ на еден период без поголема уметничка продукција.

Наспроти тоа, XIV столетие претставува вистински процут на уметничката дејност во Скопје и неговата поширока околина, растеж и експанзија на градителството и фрескодекорацијата, кои продуцирале значајни споменици на архитектонското и ликовното наследство, особено во ареалот на Скопска Црна Гора и во регионот на Матка, како и на подрачјето јужно од градот, во рамните пределни на неговата урбана заднина. По смирувањето на политичките прилики и опаѓањето на социјалната тензија, кои ги донесе реституцијата на Византиското царство, а особено по Милутиновите освојувања на северните македонски области, почнува период на стабилен и продуктивен културен живот со богатство на творечките вештини во сферите на градежништвото, фрескоживописот и иконописната практика. Старите храмови почнале да се воздигнуваат од пепелот на своите урнатини и во ново уметничко руво го реанимирале духовниот живот на верниците, а новите заветнини почнале да ја исполнуваат културната мапа на Скопје

ГЛЕТКА КОН ЦРКВИТЕ СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ И СВ. АНДРЕЈА НА МАТКА



ЦРКВАТА СВ. НЕДЕЛА, КАЊОН МАТКА

со нови репрезентативни градби и впечатливи ликовни панорами. Од почетокот до крајот на столетието, Скопје и неговата географска околина претставуваат центар на жива архитектонска дејност, на еминентни патувачки зографски ателјеа, на угледни сликари и иконописци, на моќни ктитори и на авангардни творечки идеи. Голем дел од создадените споменици, кои биле подигнати и декорирани во најдинамичниот период од развојот на византиската уметничка креација, и денес го красат социоурбаниот хабитус на градот и на неговата богата културна изохипса.

Ктитори, идејни творци, неимари и зографи

Помеѓу сакралните монументи создадени во XIV век треба да се издвојат дворските завет-нини на владејачките семејства, кои управувале со скопската област во текот на ова политички стабилно, економски афлуентно и уметнички продуктивно столетие. Милутиновата обнова на црквата Свети Никита во географскиот ареал на Скопска Црна Гора[5] (наречена така поради богатиот монашки живот кој се негувал во овој планински појас недалеку од градот) и основањето на Марковиот манастир во денешното село Сушица од страна на кралското семејство на Волкашин и Марко[6], се најрепрезентативните споменици на средновековната ликовна култура, дарувани од највисоките сфери на ктиторските приложници. Поседувајќи капацитет за реализација на високобуџетни проекти и за ангажман на најреномирани неимари и живописци, кралевите Милутин, Волкашин и Марко со подигнувањето на Свети Никита во Бањани и Свети Димитрија – Марков манастир, го претставуваат врвот на ктиторските иницијативи и остварувања во плодотворното за уметноста XIV столетие.

По квалитетите на ктиторската реализација зад нив не заостануваат забележително ниту завет-ните на високите претставници на феудалната елита, кои – угледувајќи се на своите господари – продуцирале дела со високи културни достре-ли и со впечатливи ликовни карактеристики. Тоа особено се однесува на сакралните монументи подигнати во регионот на Матка[7], како што е црквата посветена на свети Андреја, донирана од принцот Андреаш и изградена на дното на кањонот на реката Треска – најрепрезентативниот споменик во ова подрачје и воедно последното артистичко ремек-дело на средновековна Македонија. Иако поголем број ктитори ја одбрале Матка како локација за своите заветнини поради привлечноста на нејзиниот природен амбиент, како и поради дефанзивниот систем на нејзината тешка пристап-

СЕЛОТО МАРКОВА СУШИЦА

СЕЛОТО КУЧЕВИШТЕ СО ГЛЕТКА КОН БОГОРОДИЧИНАТА ЦРКВА

ност во геостратешка смисла, принцот Андреаш, помалку експонираниот син на кралот Волкашин, кој живеел во „историската сенка“ на својот постар брат Марко, ја дарувал свети Андреја – најубавата црква во овој регион[8], живописен не само по својата биоеколошка структура туку и по типолошката разновидност на спомениците од средновековната и подоцнежната епоха. Почнувајќи од XI па сè до XVII век, подрачјето на Матка, „плодниот утерус“ на средновековно Скопје, „изродило“ десетина сакрални творби, обележани со впечатливи архитектонски и ликовни карактеристики, кои „израснале“ во репрезентативни културни обележја на растечката метропола. До денешен ден тие претставуваат горди потомци на уметничката традиција од плодотворното минато, обележена со единствен генетски код на својата импресивна ликовна структура.

Истовремено, на падините на Скопска Црна Гора никнале определен број споменици, од кои дел се споменуваат во историските извори, а дел се зачувале во уметничкиот трезор лоциран во „културната географија“ на тој предел. Меѓу нив се Богородичната црква во селото Кучевиште и храмот Свети Никола во Љуботен, заветнини на две угледни феудални семејства кои поседувале свои имоти во ова подрачје, како и во другите геопространства на средновековно Скопје[9]. Угледувајќи се на постарите споменици, подигнати од моќните експоненти на владејачката класа и на нивниот дворски ентураж, ктиторите на двете споменати цркви се најдобар пример за преносот на донаторските привилегии по вертикалната скала на високата социјална хиерархија. Преземајќи ги типолошките особености на архитектурата и иконографските специфики на сликарството од заветнините на своите господари, скопските феудалци од XIV век создале модел на социокултурна интеракција помеѓу творечката матрица и нејзините креативни фиданки, како основна схема на уметничката продукција генерирана од моќните експоненти на високите благороднички кругови. На тој начин, Скопје станало вистински

центар на репрезентативна артистичка креација, зачната од претставниците на актуелните политички режими и негувана со амбицијата на нивните верни поданици.

Во тој контекст, ако се анализира креативниот капацитет на ктиторските приложништва во средновековно Скопје, може да се заклучи дека големиот буџет носел со себе можност за ангажирање инвентивни, продуктивни и „скапи“ реализатори на донаторските проекти, чии инвестиции можеле да ги покријат високите трошоци на организацијата и реализацијата. Така, иако не постојат пишани историски потврди, може да се заклучи дека за изградбата на црквата Свети Пантелејмон во Нерези (1164), византискиот принц Алексеј Комнен ангажирал цариградски мајстор-градител бидејќи во тоа време единствено цариградските архитекти биле едуцирани и обучени да подигнат петкуполно здание; исто така, сликарството изведено во храмот сведочи за учеството на цариградски мајстор-зограф, единствениот кој можел да создаде ликовно дело базирано врз научните принципи на цариградската визуелна естетика[10]. На тој начин, тој го пренел вредното искуство на цариградските уметници во скопскиот културен трезор, т.е. создал „вредно парче цариградска уметност во отворениот музеј“ на средновековно Скопје.

Слично на тоа, за декорацијата на црквата посветена на свети Никита, заветнина на кралот Милутин, бил повикан прочуениот, респектиран и угледен зограф Михаил Астрапа[11], најдобриот мајстор на своето време, кој ја извел ликовната декорација на храмот. Познат како предводник на таканаречената *Милутинова дворска школа*, тој ја дизајнирал и ја реализирал сликаната програма на црквата како свое последно познато остварено дело. Работејќи за моќниот владетел речиси цели три децении и создавајќи дваесетина репрезентативни споменици на зографското мајсторство, Михаил Астрапа останал доследен соработник на српскиот монарх и по неговата смрт го завршил сликарството на Свети Никита



СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, РАЃАЊЕТО НА БОГОРОДИЦА (ДЕТАЉ)

со маестралната креативност на својот ликовен ракопис (1323/1324). Заокружувајќи ја својата зографска кариера фундирана врз инвентивност, прогресивни идеи и уметнички мегаталент и континуирано поддржувана со финансиските средства и постојаната логистика на српскиот крал, големиот мајстор Михаил Астрапа ја заслужил референцијата „главен сликар на владетелскиот дворец“, која ја носел со достоинство и со творечка страст во текот на полни три децении. По неговото заминување од ликовната сцена, многу генерации живописци и иконописци се угледувале на еминентниот зограф настојувајќи да ги продолжат неговите сликарски одлики во своите уметнички дела, но ниту еден од нив не успеал да ги допре „сакралните височини“ на неговиот маестрален креативен израз.

Дури кон крајот на столетието, класицистичките тенденции повторно продираат во ликовната уметност на скопската област, во една епска и церемонијална варијанта во творештвото на митрополитот Јован Зограф, автор на живописот во црквата Свети Андреја на Треска (188/1389)[12]. Ангажиран од принцот Андрејаш – чиј естетски вкус, очигледно, можел да го задоволи единствено најдобриот мајстор на таа епоха – сликарот и црковен достоинственик Јован, угледен свештеник и интелектуалец – го создал последното уметничко ремек-дело на македонското средновековие. Истовремено, тој работел и за постариот Андреашов брат – кралот Марко – во неговата заветнина, црквата Свети Димитрија во скопското село Сушица. Исполнувајќи ги своите зографски обврски кон ктиторското семејство на Мрњавчевиќите, зографот Јован не само што го задоволил деликатниот вкус на моќните донатори туку и на најрепрезентативен начин го заокружил уметничкото творештво на средновековната епоха. Создавајќи ги своите највпечатливи творби токму во ликовните споменици на скопската област, митрополитот и зограф Јован ја претставува последната угледна индивидуа во социокултурниот хабитус на средновековно Скопје.



ИСУС ХРИСТОС СПАСИТЕЛ И ЖИВОТОДАВЕЦ, МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА (ДЕТАЉ)

СКОПЈЕ: ОД МАРГИНАЛНА УРБАНА НАСЕЛБА ВО ВИЗАНТИСКИТЕ ПРОВИНЦИИ ДО МЕТРОПОЛА НА ВРВНАТА УМЕТНИЧКА КРЕАЦИЈА

ЦРКВАТА СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН НЕРЕЗИ

Црквата посветена на свети Пантелејмон во скопското село Горно Нерези е еден од најубавите споменици на средновековната ликовна култура, кој ги сублимира врвните уметнички, научни, интелектуални и хуманистички дострели на XII век – периодот на расцут на филозофската мисла, на академската едукација, на биографските литерарни жанрови и на раскошниот дворски церемонијал во времето на владетелите од византиската Комненска династија. Најпознатото книжевно дело од таа епоха, Алексијадата, напишана од политички амбициозната и високоедуцирана принцеза Ана, која ги велича историските подвизи на својот татко Алексеј I – основачот на комнен-



ПРИНЦЕЗАТА АНА КОМНЕНА



АНА КОМНЕНА АЛЕКСИЈАДА

ската власт, создава слика за интензивен социјален, културен и уметнички живот во Царството, базиран врз теолошките дебати, негувањето на класичните идеали во творештвото и промоцијата

на етичките вредности во целокупната креација. Цариград, како седиште на владејачкиот дворец, патријаршиската столица, високата школа и елитните уметнички ателјеа, претставувал извориште на политичката и црковната моќ на Царството, но и центар каде се креирала духовната и културната клима на Империјата преку создавањето инспиративни книжевни творби, репрезентативни архитектонски матрици и инвентивни ликовни модели за ширење на елитната творечка *аура* на византиската Метропола.

Продукт на тие настојувања е црквата Свети Пантелејмон во Нерези, ктиторска заветнина на византискиот принц Алексеј, внукот на основачот на Комненската династија, Алексеј I Комнен, соработник на актуелниот византиски цар Мануил I и брат на дуксот Јован Ангел, административниот владетел на Скопје, кое во втората половина на XII век станало важен геостратешки, трговски и црковен центар во западните гранични области на Византија. Податоците врежани во камениот натпис, поставен како ктиторско сведоштво врз главниот влез во црквата, над портата која од

АЛЕКСЕЈ I КОМНЕН ПРИМА БЛАГОСЛОВ ОД ХРИСТОС

припратата води во наосот на храмот, се доволен доказ за грижата на принцот Алексеј да го зачува историското наследство на својот донаторски подвиг со името на игуменот Јоаникиј, како потврда за манастирската намена на репрезентативниот храм. Потомок од еден, за византискиот владетелски дворец, невообичаено среќен брак, тој во ктиторскиот натпис го истакнал единствено името на својата мајка, „порфирната“ госпоѓа Теодора – ќерката на царот Алексеј – најголемиот од семејството на Комнените, укажувајќи тенденциозно на своето императорско педигре, директно поврзано со актуелната владејачката куќа. Ситуирајќи ја својата црква високо над пространата панорама на средновековниот град, ктиторот Алексеј, угледен цариградски интелектуалец и припадник на највисоките социјални кругови на владејачкиот дворец, во 1164 година создал дело со неповторливи естетски квалитети, кое ќе стане синоним за ликовна творба недостигната во целокупната културна продукција на византиската епоха.

Иако историските извори кои се однесуваат на периодот XI – XII век укажуваат на Скопје како на локација со поголем број сакрални зданија, денешната ситуација не се совпаѓа со податоците зачувани во административните документи и во патописничките белешки. Црквата посветена на света Богородица, изградена во раните децении на XI столетие, веднаш по падот на Самуиловото царство и реституцијата на византиската власт врз македонското подрачје, позната како Богородица Троерачица, не може теренски да се констатира. Истото се однесува и на црквата Свети Архангел Михаил од XII век, додека храмот посветен на свети Ѓорѓи Горг, ктиторска заветнина на византискиот император Роман III Аргир (1028-1034), која во XIV столетие станала феудален поседник на Нерешката црква, се наоѓала во близина на денешната Хјунќар џамија. Од сите набројени споменици, временските неприлики, милитантните пробиви и воените трагедии ја поштедиле единствено црквата Свети Пантелејмон[13], лоцирана во денешното село Горно Нерези, која претставува пример за врвна архитектонска и ликовна креација, каталошки примерок на империјалната уметничка продукција и поим за ремек-дело на византиската културна историја.

Архитектонскиот концепт на црквата

Архитектурата на црквата Свети Пантелејмон во Нерези претставува спој на престолничката градителска матрица, материјализирана преку изведената основа и петкуполното решение со гра-

дителската техника карактеристична за локалните мајстори. На тој начин искуството на Цариград и неговата речиси илјадагодишна архитектонска традиција во изведба на комплексни просторни решенија била споена со рустичниот sидарски опус, кој го негувале неимарите од провинциските градителски атеље. Ваквиот компилативен приод говори во прилог на ктиторски проект за кој бил ангажиран престолнички архитект, додека техничката реализација на црквата им била доверена на мајсторите од непосредната скопска околина. Така, искуството и креативната имагинација, вештината во просторното проектирање и желбата за комплексно архитектонско решение на престолничките творци од дворските градителски ателјеа биле здружени со непосредноста во изведбата и спонтаноста на локалните sидарски практики на домашните мајстори градители. Сето тоа резултирало во едно неимарско остварување кое е раскошно по својата структура, разиграно по архитектонските маси, живописно по визуелните компоненти и рационално по димензиите и применетата sидарија.



ЦРТЕЖ: С. КОРУНОВСКИ

ОСНОВА НА ЦРКВАТА СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, С. НЕРЕЗИ

Основата на црквата Свети Пантелејмон е создадена со спојувањето на два крстообразни плана – впишан крст во екстериерот и слободен во ентериерното просторно уредување. Притоа, помеѓу краците на крстот во внатрешноста на храмот се вметнати четири странични куполни компартименти, со што е добиена и петкуполна сводна констелација на градбата. Околу куполата, четири полувалчести свода го сочинуваат високиот дел на ентериерното решение, додека по должината на оската исток-запад, на источната страна на поткуполното јадро, се надоврзува триделниот олтарен простор, додека на западниот крак на крстот се надоврзува правоаголниот нартекс. Источните куполни компартименти имаат функција на протезис, т.е. жртвеник (североисточниот) и ѓаконикон (југоисточниот), а западните капели претставуваат интегрален дел од припратата бидејќи се пристапни единствено од овој западен дел на градбата. Во нив се откриени аркосолиум (северозападната) и питос со осветена вода (југозападната), што е доволно за да се претпостави нивната улога во погребниот ритуал, кој, во соодветни околности, се одвивал во припратата на храмот.

Петкуполниот архитектонски кубус на црквата е изграден од камени блокови, приделкани и алтернирани со тули, со што е добиена скромна полихромија на фасадите со доминација на топол теракотен тон. Керамопластичниот украс речиси сосема отсуствува, но фасадните платна се оживеани со прозорски перфорации – монофори, бифори и трифори, чии лачни архиволти се обликувани од радијално поставени тули, споени со малтер. Куполната секција е изведена со правилен sидарски слог, а монофорите се врамени со тројни архиволти. Во обработката на централната купола и делумно во изведбата на фасадните регистри се забележува и скромна пластична декорација, во вид на косо поставени тули и графички обликувани орнаменти. Целокупниот впечаток што се добива од екстериерниот дизајн на фасадите е умереност и спонтаност во аранжирањето на градежниот материјал. Сепак, пропорционалната изведба на вертикалните елементи, т.е. извонредниот систем на билатералната симетрија проектиран во куполната зона од градбата, создава импресија на визуелна игра со висинските компоненти на зданието, што е и главната одлика на петкуполните просторни решенија чие извориште е цариградската архитектура.

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ РАЃАЊЕТО НА БОГОРОДИЦА

ЦРКВАТА
СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН,
С. НЕРЕЗИ

Програмско-иконографските обележја на сликанатa декорација

Во ентериерот на храмот, разиграноста на куполниот регистар е речиси незабележлива бидејќи бочните куполи се потпираат врз масивните ѕидови на компартиментите, додека централната почива врз аглите од поткуполното јадро на наосот. Притоа, отсуството на поткуполни столпци не е, како што некој би помислил, провинциски недостаток на ентериерното архитектонско решение, туку тенденција да се постигне визуелна интегралност на храмовиот ентериер, за да може ктиторот Алексеј да ја гледа, без никакви просторни пречки, прекрасната сликана панорама изведена на ѕидовите од црквата. Аранжирана од куполата кон приземната зона и распоредена во неколку хоризонтални регистри во рамките на крстообразниот внатрешен простор на градбата, таа ги опфаќала Причестувањето на апостолите и Литургиската служба на архијереите насликани во олтарната апсида, деветте композиции од Христолошкиот циклус илустриран во наосот, дваесет и шесте светителски фигури прикажани во најниската зона, како и живописот изведен во четирите бочни капели. Тоа се елементите зачувани од оригиналниот нерешки фрескоансамбл настанат околу 1166 година, којшто плени со деликатната отменост на цртежот, со беспрекорната интеракција на сцените и архитектонските просторни квалитети на градбата, со сочната заситеност на боите и со емоционалната длабочина на глетките кои зрачат со ненадминатата енергија на страсните доживувања. Конципиран како возбудлива и екстравагантна визуелна приказна за страдањето и за жртвата, т.е. за сотериолошката мисија на Христос за спас на грешното човештво, нерешкиот живопис ги сублимира смелите иконографски новини во структурирањето на композициите со гламурозниот ликовен израз на мајсторите, недостигнат во понатамошната историја на средновековното сликарство.

Во рамките на тој специфичен ликовен дизајн на нерешките мајстори, интеррелацијата на сакралниот простор и сликаната програма го претставува водечкото начело за постигнување на емоционалниот впечаток на прикажаните глетки, при што секоја од претставените сцени зазема по едно ѕидно платно од ентериерот на градбата и симболично комуницира со својот пандан на спротивната страна од црковниот простор. Во тој автентичен интерпросторен визуелен симболизам, претставата на Благовестите (источен ѕид на наосот) како симбол на Христовата инкарнација, кореспондира со сцените кои ги илустрираат Преображението (западен ѕид од јужниот крак на крстообразната основа) и Симнувањето од крстот (западен ѕид од северниот крак на крстот), поради нивната идејна релација со богочовечката природа на Спасителот. Во тој контекст, Благовестите го најавуваат оваплотувањето на Исус, чија божествена метаморфоза, визуализирана во Преображението, ги антиципира неговите идни страдања за спасот на човештвото во драматичната композиција на мртвиот Христос, закован за голготскиот крст.

Исто така, Лазаревото воскресение (јужен ѕид од западниот крак на крстот) како сублимат на Исусовите чудотворни моќи да помага, исцелува



СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, ПОГЛЕД КОН ОЛТАРОТ

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН,
НЕРЕЗИ
ВЛЕГУВАЊЕТО
ВО ЕРУСАЛИМ

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН,
НЕРЕЗИ
ВОСКРЕСЕНИЕТО
НА ЛАЗАР

и оживува, „се огледува“ во својот ликовен пандан – Влегувањето во Ерусалим (северен ѕид од западниот крак на крстот) кое го означува почетокот на страдањето, како предуслов за Христовата месијанска улога за спас на целокупното човештво. Сретението, пак, насликано на јужниот ѕид од наосот, во визуелна смисла „го дели“ заедничкиот симболичен простор со Оплакувањето, прикажано на северниот ѕид, поврзувајќи го пророштвото за Исусовите страдања со трагичната величина на неговото остварување. Тој бинарен модел на визуелната интеракција меѓу сцените претставени на спротивставените ѕидни површини, кои ја интегрираат приказната за божественото потекло на Месијата со неговата сензибилна човечка природа потврдена со телесната смрт, е основното програмско начело на нерешкото сликарство и главно обележје на неговата авангардна ликовна изразност. Придружувајќи ги Христолошките сцени со импресивна галерија од дваесет и шест светителски фигури на воини, маченици, монаси и химнографи, нерешките мајстори ја врамиле величествената слика за Христовото страдање со ликовите на неговите духовни следбеници.

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН,
НЕРЕЗИ:
СВ. ПРОКОПИЈ,
СВ. ТЕОДОР СТРАТИЛАТ
И
СВ. ТЕОДОР ТИРОН

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН,
НЕРЕЗИ:
СВ. ЃОРЃИ,
СВ. ДИМИТРИЈА
И
СВ. НЕСТОР

Ликовно–естетските специфики на сликарството

Монументализирајќи ги своите композиции, за кои бил определен по еден цел ѕид од храмовиот ентериер, водечкиот нерешки мајстор, несомнено цариграѓанец по својата ликовна едукација, ја постигнал очигледната цел на продуцентскиот тим – доминација на сликаната програма врз прегледниот и за таа цел архитектонски обединет внатрешен простор на црковното здание. Елегантни фигури со отмено динамизирани движења, сугестивни ликови кои пленат со индивидуализираните физиономии и глетки проникнати од живописниот темперамент на разгорена меѓучовечка интеракција, го красат ентериерот на нерешкиот храм со благородниот формат на облиците и со сочната тензија на заситената колористичка палета. Детски спонтаната и вознемирувачки уплашена прегратка на малиот Исус во Сретението, кој бара заштита од својата мајка во драматичниот момент на пророчката објава за неговите идни страдања, и топлиот допир на Богородичниот образ до мртвото лице на покојниот син во Симнувањето од крстот, се повеќе од доказ за емоционалниот приод на мајсторот кон форматирањето на специфичниот спиритус на сценските расположенија. Допирите, прегратките, бакнувањата, невидливите солзи и утешителните погледи го сочинуваат нагласено „тактилниот“ вокабулар на главниот нерешки зограф во обидот да создаде ликовно дело натопено со динамични емоции, благороден сензибилитет и нагласена чувствителност. Креирајќи визуелно софистициран и емоционално длабоко хуманизиран фрескоансамбл, нерешкиот мајстор оставил врвно ликовно наследство, од кое се инспирирале генерации и генерации средновековни зографи. Сепак, ниеден од нив не успеал да го допре длабоко хуманизираниот и екстремно тактилен приод на нерешкиот генијалец.

Во неговиот деликатно ритмизиран и софистицирано сензибилизиран ликовен ракопис, секоја сцена од декоративната програма на црквата носи обележје на визуелни иновации кои го збогатуваат иконографскиот композит на сцените и придонесуваат кон хуманистичкиот впечаток на прикажаната глетка. Во таа насока, нерешкиот мајстор претставува главен иноватор на средновизантиската епоха и пионер на пиктуралните визуелни решенија за сите подоцнежни творечки столетија. Така, во изведбата на Богородичната фигура од композицијата на Благовестите (јужен дел од источниот ѕид на наосот) тој го вметнува мотивот на „затворената градина“ како алузија на непорекливата девственост на Марија со ликовен ориентир кон стиховите на Соломоновата песна над песните (IV:12) и со нежната, речиси трубадурска лирика на старозаветниот текст го облагородува моментот на Инкарнацијата со епското ехо на библиските навестувања. Нежниот, речиси феминизиран лик на храмовиот патрон – свети Пантелејмон, врамен во штуко асамблаж и поставен веднаш до олтарната апсида, бил изведен како пандан на претставата лоцирана на спротивната страна од апсидалниот комплекс – Богородица со веќе роденият Спасител на човештвото (северен дел од источниот ѕид на наосот), со што е заокружена идејата за отелотворувањето и олицетворувањето на оној кој ќе страда за гревовите на целиот човечки род.

Доказот за спасоносната Пасија е илустриран преку евхаристичниот ансамбл насликан во олтарот, каде се прикажани Евхаристијата со апостолите и Литургискиот ритуал на архијереите. Во средниот регистар од олтарното сликарство претставено е Причестувањето на апостолските поворки предводени од свети Петар, кој го прима евхаристичниот леб, и свети Павле, кој пие од пехарот со причесно вино. Ангелите во ѓаконска служба, високите свеќници кои симболично горат во светилиштето и динамичните ставови на апостолите кои пристапуваат кон „менсата“ за да ја примат причеста, се елементите на една пикторескна и сугестивно прикажана црковна церемонија. Сепак, Бакнежот на апостолите Лука и Андреја во северната поворка е најголемата иконографска новина во оваа сцена, која се однесува на протоколарните димензии на обредот, канонизирани од црковната институција и вклучени во литургиските обреди на Православието. Во истиот ритам, процесијата на епископите од Литургиската служба, претставена под Причестувањето, говори во прилог на одличното чувство на мајсторот зограф за хармонизирање на прикажаните церемонии – едната како симбол на Тајната вечера, каде е воспоставено причестувањето, и другата како нејзина комеморација во литургиските обреди на православната црква.

Христолошкиот циклус, илустриран во наосот, исто така содржи голем број иконографски новини во композициската структура на сцените. Поделбата на просторот на „женски“ и „машки“ во претставувањето на Сретението и емотивниот набој на лицата од прикажаните личности кои

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, СРЕТЕНИЕТО

учествуваат во оваа епизода од Христовата пасија се едни од најзабележителните. Аранжманот на Богородица и пророчката Ана лоцирани од едната страна на циборијумот, кој го симболизира просторот на синагогата каде новороденчето било одведено на обрежување, и фигурите на Јосиф и свештеникот Захарија, поставени наспроти нив, се пропорционално распоредени низ просторниот контекст на сцената од две причини; за да се создаде совршена симетрија во визуелниот впечаток на сцената и, уште повеќе, за да се разграничат ингеренциите на машкиот и женскиот род толку традиционални во еврејската култура, на еден визуелно дофатлив и идејно транспарентен начин. Сепак, уплашениот лик на малиот Христос, впиен во мајчината прегратка и свртен кон свештеникот со поглед на преплашена жртва, е најимпресивниот елемент на глетката, кој истовремено и длабоко хуманистички го имплицира болниот чин на обрежувањето, како и драматичниот момент на објавата за идните Христови страдања.

Совршената пропорционалност на претставата во која е прикажано Христовото преобразение, динамичната ангажираност на протагонистите во Раѓањето на Богородица, жанровите елементи во илустрацијата на Влегувањето во Ерусалим и илустративната нарација во изведбата на сцените од Житието на храмовиот патрон – свети Пантелејмон – насликани во нартексот на црквата, се обележјата на ликовната постапка на главниот нерешки мајстор. Но, кога се зборува за неговата креативна имагинација која го издигнала на пиедесталот на најдобрите средновековни зографи, сцените на Симнувањето од крстот и Оплакувањето на мртвиот Христос – двете конципирани според апокрифни (неканонизирани)

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН,
НЕРЕЗИ
СИМНУВАЊЕТО
ОД КРСТОТ

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, ОПЛАКУВАЊЕТО

текстуални извори – се вистински примероци на неговата творечка генијалност. Кондензираната светителска група поставена пред длабоко синиот фон на небото, геометрискиот аранжман на фигурите во конзистентно организираната композициска структура на глетката и флуидниот проток на тажните емоции кои ги разменуваат прикажаните ликови во Симнувањето од крстот говорат во прилог на една кохерентна, јадровита и драматична ликовна визура. Мртвото тело на Христос, кое, поради гравитацијата, паѓа од крстот директно во Богородичната прегратка, апостолот Јован, кој приоѓа да ја бакне раката на својот учител, и дрвената маченичка справа во заднината го сочинуваат драматичниот композициски скелет на претставата, натопена со придушени емоции и воздржан изблик на незапирлива тага.

Наспроти херменевтичката симболошка конзистентност на Симнувањето од крстот, Оплакувањето на мртвиот Христос претставува вистинска ликовна експлозија на човечки чувства, хуманистички порој на незадржливи емоции прикажани со извонредна доза чулност и тактилно сочувство. Мртвиот Спасител положен на површината, прегратката на мајката која доживеала да ја види неговата смрт, ученикот кој не може да се оддели од раката на својот учител, жените кои тажат со гласни крици и со нагласена гестикулација, ангелите кои го пеат небесното опело, гробницата која со својата темна внатрешност го чека измаченото тело на Распнатиот и сета болка на човечкиот род поради Неговата судбина, во сцената на Оплакувањето се претворени во жива и вибрантна глетка на телесно страдање и емоционална консеквенца. Амплитудата на изрази, гестови и телесна моторика генерирана од графицизмот на линиите, брановидниот цртеж и раздвижените силуети на прикажаните светителски фигури во нерешкото Оплакување го достигнала климаксот на своите изразни можности за доловување човечка драма,

лаички патос и реално доживување на вистинска трагедија. Мајката и мртвиот син, далечното небо и студената земја, небесните ангели и земните суштества, женскиот крик и машките солзи, фацијалниот грч и телесната спазма, жртвуваниот живот и црната темница на подготвениот гроб, во нерешката сцена на Оплакувањето ги надминуваат сите претходни ликовни остварувања во византиската визуелна култура со емоционалниот набој на хуманистичките чувства, отелотворени во една ненадминатата глетка на вистинско човечко страдање.



СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ ОПЛАКУВАЊЕТО (ДЕТАЉ)

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН, НЕРЕЗИ, КУПОЛНА ПРОГРАМА

Кога во 1555 година црквата Свети Пантелејмон во Нерези настрадала во земјотрес, на санираните делови од архитектонската конструкција на градбата бил изведен нов живопис. Пантократорот во куполата, Небесната литургија изведена околу него, пророците во тамбурот и евангелистите на пандантифите, сцените од Празничниот циклус лоцирани во поткуполниот простор, зоната со светителски бисти насликани во средниот регистар и Богородица во апсидата се главните елементи на поствизантискиот живопис, кој, во средината на XVI век, ја заменил оригиналната декоративна програма на храмот. Творба на мошне вешт автор, кој се трудел да го следи програмскиот концепт на автентичното сликарство од XII столетие, „ретушот“ на доцносредновековниот мајстор, изведен во високите зони на црковниот ентериер и делумно во олтарниот простор, сепак, заостанува зад потресно чувствителниот и емоционално моќен ликовен израз на оригиналниот нерешки зограф. Со беспрекорниот цртеж, со динамичните силуети, со пиктуралната енергија на композициските структури, со сугестивните лица на светителските претстави и пред сè, со спектакуларниот дијапазон на емоционални перформанси, тој засекогаш ќе остане еден од најдобрите творци на ликовната естетика на средновековната епоха.

ВЛАДЕТЕЛСКИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО СКОПСКАТА ОБЛАСТ: ОД ТРАДИЦИЈАТА ДО ВИЗУЕЛНИТЕ ИНОВАЦИИ

По културно супериорната Комненска епоха и турбулентниот и историски нестабилен XIII век, кој претставувал време на прилагодување кон честите политички промени и неизвесните социјални околности на целокупното македонското подрачје, XIV столетие е период на мирен и континуиран развој на сите форми на јавно живеење, вклучувајќи го и уметничкото творештво поврзано со духовните потреби на верниците, т.е. градењето сакрални објекти, нивната декорација со фрескопис и иконописни творби, како и организацијата на манастирските заедници во кои функционирале верските училишта со богата книжевна дејност и препишувачки активности. Интензитетот на верскиот живот во историски спокојниот, политички стабилен и културно стимулативен XIV век се согледува во репрезентативниот број на подигнати цркви и основани манастирски центри зачувани во скопската околина, во димензиите на изградените сакрални објекти, како и во богатите прилози на феудален имот и разновидни драгоцености со кои тие биле дарувани од своите основачи.

Од друга страна, квалитетот на културниот живот, т.е. непречениот развој на духовните традиции кои генерирале различни форми на култна манифестација и на уметничка креација, се рефлектира во раскошните архитектонски одлики на подигнатите црковни градби, како и во врвните естетски дострели на изведените фрескоансамбли, кои се вбројуваат меѓу највпечатливите остварувања на византиското ликовно творештво воопшто, а со тоа и меѓу најзначајните репрезенти на милениумската византиска културна ризница. Кралеви, угледни црковни достоинственици и членови на високото племство стануваат ктитори на црквите и манастирските комплекси создадени во текот на целиот XIV век, додека неимарските и зографските ателјеа од Скопје, Солун и Охрид израснуваат во автори на ремек-делата, т.е. на верските идеи преточени во визуелни творби на градителската вештина и на сликарското мајсторство.

СВ. НИКИТА БАЊАНИ, ЛИКОТ НА БОГОРОДИЦА МОЛИТЕЛКА

ЦРКВАТА СВЕТИ НИКИТА БАЊАНИ

Најстариот споменик на сакралната култура од XIV век во скопското подрачје е црквата Свети Никита, лоцирана во регионот на Скопска Црна Гора, помеѓу селата Бањани, Горњани и Чучер[14]. Елегантен и отмен по своите градителски карактеристики, декориран со фрескоживопис со врвни ликовни квалитети и добро сочуван за истражување, воодушевување, туристичка посета и верски активности, храмот посветен на воинот Никита го отвора богатиот културен трезор на XIV-вековно Скопје со своето историско значење, со репрезентативната архитектонска визура и со динамичниот стилски израз на сликарството, кое стои во врвот на класицистичките артистички тенденции на креативно мегапотентната Палеологовска епоха. Ктиторска донација на кралот Милутин, кој, по освојувањето на северните македонски области, почнал да ги ревитализира запуштените сакрални градби и да подига нови „свети места“ со желба да ги интензивира културните активности на своите нови територии, црквата Свети Никита е вистински репрезент на дворските иницијативи, генерирани од новиот политички господар на северна Македонија.

Црквата Свети Никита ја обновил кралот Милутин, откако ја нашол во запустена состојба по освојувањето на скопското подрачје во 1282 година. Според зачуваните документи издадени во процесот на основањето на манастирот и воспоставувањето на неговите феудални привилегии, храмот бил обновен во 1299/1300 година, а во 1308 година му бил доделен на светогорскиот манастир „Хиландар“, како феудален метох на морскиот пирг во Хрусија. На тој начин, неговиот ктитор, кралот Милутин, не само што постапил како вистински патрон на православието обновувајќи едно старо култно место кое со текот на времето запустело, туку дарежливо го помогнал опстојувањето на хрусискиот пирг во времето на драматичните денови на неговото драстично осиромашување. Со обновата на старата црква, која, според досегашните истражувања, најверојатно, потекнувала од XI или од XII столетие и била изградена од некој од византиските цареви, како и со нејзиното приложување кон поседите на Хиландарскиот ма-

СЕЛОТО ГОРЊАНИ

настир, кралот Милутин го започнал процесот на реанимација и рефункционализација на старите византиски светилишта во нова, репрезентативна и естетски впечатлива форма.

Архитектонскиот концепт на црквата

Архитектурата на црквата Свети Никита, најстарата Милутинова заветнина во северните македонски области, припаѓа на еден градителски модел кој ќе израсне во традиционална типолошка матрица за целата скопска област и за речиси сите нејзини подоцнежни сакрални зданија. Во идејна смисла, таа претставува спој на постарите архитектонски обрасци негувани во скопското градителство од изминатите столетија и на новите тенденции во визуелното обликување на градбите, кои продирале од современата солунска архитектура. Концепциски зависна од дизајнот на структурните компоненти во изведбата на градителскиот кубус од своите непосредни претходници (артикулацијата на фасадите со конструктивно усогласениот триумфален лак преземен од црквата Свети Пантелејмон во Нерези), храмот посветен на свети Никита претставува своевиден архитектонски мост помеѓу минатото и современите градителски тенденции кои ќе ги остварат своите најголеми подвизи во следниот период, до крајот на XIV столетие. Како прва црква во регионот на Скопје, кој доживеал вистинска градежна експанзија во деценииите што следеле, црквата Свети Никита во голема мера ќе ги услови архитектонските карактеристики кај подоцнежните храмови, со што претставува појдовна точка за формирање една стилска работилница која извршила големо влијание врз доцновизантиското градителство во Македонија.

По својата архитектонска конфигурација, храмот на свети Никита припаѓа на градбите обликувани со основа на вписан крст во правоаголен простор, форматирани со единствено просторно решение, без додаток на припрата. На пресекот од краците на крстообразната основа се формира централното просторно јадро на градбата, засведено со осмоаголна купола. На источната страна, екстериерот на црквата излегува во надворешниот простор со масивна петстрана апсида без странични „придружници“, т.е. со единствена олтарна експозиција, без апсиди за протезисот и ѓаконикон, кои во ентериерот на градбата се моделирани во вид на полукружни ниши. Куполата почива врз sидани столпци со квадратен пресек, поврзани со полувалчести сводни елементи. По должинската оска исток – запад, градбата има три



ЦРТЕЖ: С. КОРУНОВСКИ

ОСНОВА НА ЦРКВАТА *СВ. НИКИТА*, С. БАЊАНИ, СКОПЈЕ



ЦРКВАТА СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, АПСИДА

травеја, на кои се надоврзува олтарниот простор на источната страна. Благото издолжување на западниот травеј, кој завршувал со влезен портал, упатува на тенденциозното избегнување на западен додаток, обликуван како припрата. Недостатокот на припратата се толкува со доследноста на ктиторот кон почитувањето на просторното решение на постарата градба, затекната на теренот. Манифестирајќи респект кон светилиштето изградено од своите претходници, кралот Милутин, како вистински православец, подигнал сакрална градба без нартекс, каква што била црквата што притоа ја обновувал.

Надворешната опстановка на црквата Свети Никита е мошне репрезентативна. Градбата е подигната од правилно делкани камени блокови, алтернирани со по два реда тули поставени во хоризонталните и во вертикалните допири. На сите четири фасади се поставени слепи аркади кои почиваат на лезени. Тие ја рефлектираат внатрешната структура на конструктивниот склоп на градбата, маркирајќи ги позициите каде што се поставени поткуполните столпци. Притоа, лезените ги обележуваат позициите на столпците, додека архиволтата што ги поврзува ја „отсликува“ позицијата на поткуполните лаци. Страничните слепи ниши, пак, исто така врамени со тројни архиволти, ги обележуваат местата на бочните травеи од просторниот систем на црковниот ентериер. Слепите ниши врз главниот портал отво-

рен во западната фасада и врз дополнителниот, поставен на јужниот ѕид, се моделирани со истата градителска техника. Керамопластичниот украс бил резервиран за источниот екстериер, каде, во полукружните сегменти на слепите ниши кои ја декорираат апсидата, била изведена мрежа од ромбови. На определени места пронајдени се остатоци од црвена боја со која бил имитиран полихромен украс во фрескотехника. Врз кубусот на градбата, изведен во правилен ѕидарски опус и оживеан со слепи ниши и лезени, се издига високата и елегантна купола со прозорци на сите осум страни од тамбурот.

Програмско-иконографските обележја на сликанатa декорација

Сликарството на црквата Свети Никита, речиси традиционално по изведената програма, поседува извонредни ликовни карактеристики кои се должат на стилскиот ракопис на мајсторот Михаил Астрапа, автор на декоративната програма, изведена во 1323/1324 година. Од оригиналниот живопис, потпишан од зографот Михаил, во

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, ФРЕСКОАРАНЖМАНОТ ВО КУПОЛАТА

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СВ. НИКИТА (ДЕТАЉ)

куполниот појас зачувани се фигурите на пророците во тамбурот и ликовите на евангелистите на пандантифите, на поткуполните сводови – композициите на Христовото раѓање, Крштевањето и Сретението од Празничниот циклус, додека Страсните настани се илустрирани на јужниот и на северниот ѕид од наосот. Во олтарот била насликана стоечка претстава на Богородица во конхата, под неа било претставено Причестувањето на апостолите, а во најниската зона била прикажана Литургиската служба на архијереите. На олтарниот свод и во источниот травеј се наоѓаат претставите на Поствоскресните настани, во протезисот се насликани евхаристичните префигурации на Христовата жртва – Визијата на свети Петар Александриски и Гостољубието Аврамово, додека во ѓаконикон истата симболика ја обележува претставата на Трите еврејски момчиња во зажарената печка. Најниската зона од сликаната декорација на црквата е исполнета со светителски фигури од категориите на светите воини, исцелителите, монасите и маченицте.

Во однос на иконографската конфигурација на сцените, сликарството на Свети Никита се надоврзува на веќе проверените визуелни матрици од уметноста на претходните децении, конципирани од истото ликовно ателје во дваесеттината споменици продуцирани од неговите членови во периодот од последната деценија на XIII век сè до крајот на втората деценија од актуелното столетие. Притоа, композициските структури се јасни и прегледни, вообличени со пропорционален аранжман на сценските компоненти и со совршен баланс на конститутивните елементи кои сочинуваат една јадровита, конзистентна и визуелно убедлива глетка. Со умерени димензии и растоварени од желбата за детализирање во визуализирањето на евангелските епизоди, илустрациите на празничните, страсните и поствоскресните настани на ѕидовите од Свети Никита создале сликана панорама исполнета со хармонија на иконографските решенија, во кои се препознаваат веќе традиционалните модели за естетско овоплотување на библиската тематика.

Иако компаративната анализа на иконографијата применета од мајсторите на живописот во Свети Никита со „современите“ споменици создадени во почетните децении на XIV век би покажала големи сличности со другите ансамбли потпишани од ателјето на мајсторот Астрапа, декорацијата на бањанскиот храм поседува и автентични моменти на инспирација во обликувањето на композициските целини.

Така, во Причестувањето на апостолите, насликано во олтарот, поворките што се движат кон циборијумот ги предводи Петар во обата случаја,

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СВАДБАТА ВО КАНА ГАЛИЛЕЈСКА

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СЛИКАРСТВОТО НА СЕВЕРНИОТ ЅИД

со што е нагласена неговата улога на првоапостол во создавањето на земната Христова црква. Во илустрацијата на библиската епизода со Миењето на нозете, нарацијата ги опфаќа жанровите елементи: Христос е со врзана престилка за да се заштити од влагата, апостолот Јован ги одврзува сандалите подготвувајќи се да пристапи кон садот со вода, а Петар покажува кон својата глава што упатува кон неговите зборови изговорени во Евангелието по Јован (13: 9). Во глетката што го прикажува мигот на Подигнувањето на Голготскиот крст, голем број протагонисти го исполнуваат просторот на сцената во која Христос со помош на една дрвена клупа се качува на крстот, додека оние кои му помагаат да се „намести“ на мачеричката справа стојат на дрвени скали како нивна потпора; во дното на сцената се претставени и двајцата џелати – едниот со чекан во рацете, а другиот со кошница полна со клинци, со што е зголемена и така нелагодната тензија на прикажаниот настан. Во Симнувањето од крстот, дел од прикажаните протагонисти го спуштаат Христовото мртво тело од мачеричката справа качени на дрвени клупи, додека младиот апостол Јован ја бакнува стапалката на својот учител, манифестирајќи понизен респект кон својот покоен предводник. Во сцената, пак, на Оплакувањето вклучен е и моментот на полагањето на Христовото тело во гробот, означен преку камениот саркофаг и отворената гробница; покрај личностите кои го

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, НЕДЕРЕМАНО ОКО

оплакуваат Христос во првиот план на глетката, зад карпестиот пејзаж се гледаат и ангелите кои присуствуваат на погребот.

Меѓу претставите кои се карактеристични за сликаната програма на Свети Никита треба да се спомене и композицијата Недремано око, која симболично го претставува Христос заспан во својата гробница според месијанското пророштво на Јаков за „лавчето Јуда“, со директна алузија кон воскресението; во сцената Христос е прикажан во возраста на Емануил (дванаесетина години) како лежи на душек, покриен со златна прекривка, во „друштво“ на Богородица и еден ангел. Исто така, помеѓу поретките иконографски решенија прикажани во сликарството на Свети Никита спаѓа и сцената во која Христос ја проколнува сувата смоква, насликана во рамките на циклусот што ја илустрира Христовата јавна дејност – претставена во ѓаконикон. Иако оштетена, сцената ги открива фигурите на Христос и еден негов придружник, кои се движат кон ридот каде расте неплодното дрво. Од циклусот, пак, посветен на Христовите посмртни јавувања треба да се споменат сцените: Христос им се јавува на апостолите во Ерусалим, илустрирана според Евангелието по Лука (24:42-43) и Христос и мироносиците, обликувана според текстот на Матеевото евангелие (28: 9-10), двете со рационално организирани композициски схеми, сведени единствено на елементите присутни во текстуалното сиже на библискиот опис.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Завршен во 1324 година, фрескоживописот на црквата Свети Никита го означува крајот на кариерата на еден зограф, кој со своето творештво ги исполни првите три децении од XIV столетие и создаде дела на кои им се восхитуваа неговите ктитори, современиците, но и фрескописците од следните генерации, кои се трудеа во своите творби да рефлектираат дел од наученото од богатиот ликовен спектар на големиот мајстор. Тоа е зографот Михаил наречен Астрапа (молњевит), водечка личност во ликовната култура на византискиот културен круг и најголем авторитет во сликарството од првата половина на XIV столетие. Сакајќи да остави неизбришлив податок за својата работа во црквата, тој се потпишал на јужниот ѕид во наосот на храмот, каде на штитот на светиот воин Теодор Тирон го напишал своето име и патронимот Евтихиев како потсетување на неговиот татко, со кого ја започна зографската кариера во последната деценија на XIII век. Завршувајќи ја својата последна творба, една од многуте во својата долга и плодна творечка патека на иконограф, зограф и иконописец, мајсторот Михаил со живописот на Свети Никита ја заокружил својата исклучителна дејност на најголем сликар на палеологовската епоха на балканската територија. Создавајќи дваесеттина монументални ликовни ансамбли, денес лоцирани на подрачјето на Македонија, Србија, Косово и Грција, отсликувајќи една репрезентативна збирка на иконописни дела и работејќи за својот најголем патрон – дарежливиот крал Милутин, Михаил, „молњевитиот“ цртач и син на мајсторот Евтихиј од Солун, е еден од најславните творци на уметничката ризница на врвни сликарски остварувања датирани во првата половина на XIV век.

Причините за тоа се, пред сè, класицистичкото мајсторство во естетската илуминација на илустрираните теми и на прикажаните ликови и стилскиот јазик на нивната изведба – причини повеќе од доволни за зографот Михаил да го заслужи името на најголем сликар на својата епоха, како и титулата на предводник на најпродуктивното ликовно ателје на XIV век. Во таа насока, во живописот на Свети Никита, мајсторот Михаил Астрапа тежи кон полнокрвниот ритам на живописната библиска наративна нарација и кон енергичната свежина на ликовните глетки. Притоа, специфичниот ритам во изведбата на сцените почива на деликатната психолошка експресија на ликовите, прикажани со мошне богат спектар на гестови, темпераментна гестикулација или нежен наплив на воздржани сентименти. Беспрекорната интеррелација на темпераментните фигурални претстави со раскошните архитектонски кулиси прикажани во вториот план на сцените, богатиот дијапазон на изразни средства за доловување на функционалната мобилност на ликовите и енергичната колористичка палета, се основните компоненти на свежиот динамички набој во реализацијата на композициските структури. Иако веќе во сериозна возраст и на самиот залез на својата долга и плодна кариера, мајсторот Астрапа во Свети Никита создал исклучително дело, проникнато со сочните нијанси на една разиграна ликовна визија. Воедно, живописот на Свети Никита е последната ликовна творба на палеологовскиот класицизам, пред појавата на новите стилски трендови кон средината на XIV столетие.

Двата основни фундаменти на ликовниот израз на мајсторот Астрапа – класицизмот во обликувањето на формалните елементи на претставите и динамизмот во изведбата на сцените и на прикажаните ликови – се забележуваат во сите компоненти на сликаната програма на храмот. Совршено избалансираните маси на композициските структури во кои доминира пропорционалноста на хоризонталните и вертикалните линии, хармоничниот аранжман на структуралните елементи во сцените, изнивелираната просторна „перспектива“ во организацијата на прикажаните глетки и конзистентните сценографски решенија во вториот

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СВ. ТЕОДОР ТИРОН, СВЕТИТЕ КУЗМАН, ПАНТЕЛЕЈМОН И ДАМЈАН

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, АПОСТОЛ ПЕТАР

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, АПОСТОЛ ПАВЛЕ

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СЛИКАРСТВОТО НА ЈУЖНИОТ ЅИД

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, УСПЕНИЕТО

план на претставите, се базичните принципи врз кои мајсторот Михаил ги визуализира библиските мотиви во сликаната декорација на Свети Никита. Извонредниот баланс на фигуралните компоненти околу централната претстава на Христос во празничната сцена на Крштевањето, одличната координација во прикажувањето на споредните актери кои ја врамуваат Христовата фигура во Исмевањето и конзистентноста во просторниот распоред на актерите во Евхаристијата со апостолите во олтарот, се само дел од примерите на класицистичката доследност на Михаил Астрапа во конфигурацијата на цврсти, јасни и јадровити композициски решенија.

Во рамките на секоја претстава одделно, зографот Михаил посветува особено внимание на интер-релацијата помеѓу прикажаните ликови и нивната просторна рамка – доловена преку вешто организираните архитектонски кулиси во вториот план на сцената. Во претставата на Благовестите, хоризонталните линии на мермерната архитектонска опстановка создаваат неутрален просторен фон за раскошната Архангелова фигура поставена во првиот план; полукружниот облик на градската

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, ИЗГОНОТ НА ТРГОВЦИТЕ ОД ХРАМОТ

порта надграден со куполната структура прикажана одозгора е изведен како најсоодветна визуелна компонента во приказот на Христовото влегување во Ерусалим, додека изведбата на градските кули со кои завршува масивниот ѕид во глетката што го илустрира Патот кон Голгота го засилува визуелниот ефект на драматичниот настан прикажан во сцената. Вештата конструкција на насликаниот простор, доловен преку совршено организираните сценски кулиси, е всушност едно од средствата на мајсторот Михаил за создавање компактен оптички впечаток на наративен ефект во сцените: мермерната колонада врз која е поставен црвениот велум во Свадбата во Кана, динамичните брановидни кулиси во темпераментниот настан на Изгонувањето на трговците од храмот и лажната тродимензионалност на просторните елементи во Тајната вечера не претставуваат само обичен архитектонски декор на композициските структури; со својата просторна динамика тие се активен учесник во ликовниот пулс на изведените глетки.

Динамично конципираната иконографија на сцените и извонредната интеракција на ликовните компоненти со просторните карактеристики на изведените визури, создале мошне живописна експозиција на библиското сиже во прикажувањето на Христолошките мотиви.

Екстензивната нарација на евангелските епизоди, енергетската свежина на композициските структури и темпераментниот ритам на сцените се елементите на разновидниот спектар на изразни средства на зографот Астрапа во доловувањето на полнокрвниот ритам на визуелните впечатоци. Живата гестура на апостолите во Тајната вечера, тензичната мобилност на фигурите во Изгонувањето на трговците од храмот, ведрата атмосфера на движењата во Свадбата во Кана и тажната моторика на ликовите во Симнувањето на мртвото Христово тело од крстот, се некои од примерите од богатиот каталог ликовни инструменти со кои мајсторот Михаил ја доловува визуелната динамика на глетките.

Во тој контекст, најспецифичните примероци за постигнување на извонредно живописна атмосфера на сценска динамика се композициите Свадбата во Кана и Изгонувањето на трговците од храмот, претставени како просторни пандани во илустрацијата на циклусот на Христовата јавна дејност и лоцирани во втората зона од сликаната декорација, на јужниот и на северниот ѕид од храмовиот ентериер.

Ведрата, церемонијална атмосфера во доловувањето на свадбената свеченост постигната со разиграните гестови на гостите и крунисана со црвениот велум поставен врз мермерната сценографска заднина совршено соодветствува со духот на весела семејна прослава, опишана во евангелските текстови. Притоа, темпераментните движења на присутните, грижливата гестура на прислужниците, дискретниот разговор меѓу Христос и неговата мајка на челото од претставената трпеза и палавата непослушност на децата кои сакаат да пробаат од послужените „специјалитети„ совршено ја отсликуваат пријатната атмосфера на еден ведар, весел и спонтан свадбен настан.

Од друга страна, енергичниот замав на движењата во сцената што го илустрира Изгонувањето на трговците од храмот доловува настан исполнет со тензична динамика, набиена моторика на ставовите и агресивен налет на кинетички перформанси. Темпераментната гестура на Христовата фигура, збунетите движења на трговците, анксиозниот немир на нивните клиенти, превртените елементи од мобилијарот, збунетиот збег на животните и динамичните линии на архитектонските кулиси во заднината, сочинуваат совршен динамички преплет на композициски компоненти, обележан со суровата енергија на нивниот кинетички асамблаж. Притоа, енергичниот вител на движењата на фигурите прикажани во првиот план е рефлектиран во динамичната перспективна проекција на сценографските кулиси во заднината на глетката; проектирани во насоката на движењето на фигуралните претстави,

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СВ. КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, ПАТРОНОТ СВ. НИКИТА

тие стануваат интегрален елемент од динамичката констелација на сцената, исполнета со виор на страсна моторика и фуриозна ритмичка резонанса. Со класицистичкото совршенство во обработката на формите, со извонредната интеграција на ритмичките стандарди во просторната организација на сцените и со пиктуралната колористичка енергија на прикажаните глетки, зографот Михаил Астрапа во сликарството на Свети Никита создал дело достојно на неговата титула на еден од најголемите мајстори на Палеологовската епоха. Иако последна во неговата долгодеценска и блескава ликовна кариера, сликарството на Свети Никита – творба на мајсторот Михаил, стои во врвот на уметничките стремежи на XIV столетие и претставува вистински бисер во културната ризница на средновековно Скопје.

По изведбата на фрескосликарството во црквата, за нејзината олтарна преграда била насликана иконата со претстава на Богородица Одигитрија[15], во стоечка позиција и со монументални димензии (денес во збирката на иконописни дела кои се наоѓаат во Музејот на Македонија). Иако оваа иконописна творба не е прецизно атрибуирана на ниту датирана, нејзините ликовни карактеристики несомнено упатуваат на ателјето на зографот Михаил Астрапа, кое ја продуцирало и сликаната декорација на храмот. И покрај оштетувањето на претставата, која е уништена во долниот дел, така што една третина од Богородичината фигура недостига, како и рамката со која некогаш била надополнета, иконата со ликот на Богородица Одигитрија се вбројува во редот на најзабележителните остварувања на штафелајното сликарство во Македонија во првата половина на XIV век. Отмена во формите, конзистентна во моделацијата и вешта во изведениот цртеж, претставата на Богородица Одигитрија од Бањани се карактеризира со сочна обработка на пластичните квалитети и со деликатна тонална модулација на боите. Со умерената кинетичка енергија на движењата на прикажаните ликови, со конзистентната избалансираност на нивните ставови и со комплементарноста на нанесениот инкарнат (модро-синиот хитон на Богородица *vis-à-vis* корал-црвената риза на малиот Христос), оваа икона

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СВ. АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ

СВ. НИКИТА, БАЊАНИ, СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ (ИКОНА)

се надоврзува на класицистички хармонизираната ликовна резонанса на монументалното сликарство во црквата.

Фрескопанорамата на црквата на црквата Свети Никита, изведена од ликовното студио на мајсторот Михаил Астрапа, била оштетена уште во XV столетие, па според ктиторскиот натпис, зачуван на јужниот ѕид, над влезот, мошне вештата реставрација на дестуираните фрески била извршена во 1484 година. Притоа, биле насликани уништените композиции од циклусот на Големите празници на полукружните сводови под куполата, додека на ѕидовите и столпците биле „реанимирани“ по неколку претстави од Страсниот циклус и од илустрацијата на Христовата јавна дејност. Во најниската зона десетина стоечки фигури биле, исто така, пресликани поради оштетувањето. Настојувајќи да ги следат во целост иконографските обрасци на автентичното сликарство, реставраторите стилски се надоврзуваат на постапката на зографот Астрапа. Сепак, иако доследно ги почитувале неговите ликовни обрасци, тие не можеле да ја доловат деликатната колористичка амплитуда на големиот мајстор, како и неговата впечатлива оптичка луминисцентност.

Во 1846 година бил обновен и живописот во куполата – дело на мајсторот Дичо Зограф, најугледниот сликар на македонскиот XIX век. Ликот на Христос Пантократор и Небесната литургија, кои Дичо ги извел во куполниот појас на црквата Свети Никита, се одликуваат со вешт цртеж, волуменозна моделација на формите, голема доза на декоративност и ведра колористичка палета. На тој начин, сликарството на најугледниот зограф од XIV столетие – Михаил Астрапа, било надополнето со делото на најпрестижниот сликарски авторитет од XIX век – Дичо Крстевич од селото Тресонче. Тој ги извел и престолните икони за дрвениот иконостас на храмот: „Христос Пантократор“, „Богородица со Христос“, „Свети Никита“ и „Свети Јован Крстител“ (1846-1847), како и другите икони кои денес се наоѓаат во црквата. Слични на неговата фрескопродукција, тие се одликуваат со вешт цртеж, конзистентна моделација на пластичните форми и богат и живописен колорит.

ЦРКВАТА СВЕТИ ДИМИТРИЈА ВО МАРКОВА СУШИЦА

Кога се зборува за културната ризница на средновековно Скопје, најзначајниот споменик на архитектонското и ликовното творештво од XIV век е црквата Свети Димитрија во Марковиот манастир, во скопското село Сушица[16]. Ктиторска заветнина на политички и економски моќното семејство што владеело во најдраматичните времиња на македонската средновековна историја, храмот посветен на свети Димитрија, е продукт на донаторскиот ангажман на кралот Волкашин и на неговиот син, легендарниот, во народната поезија опеан и во митските приказни воздигнат, крал Марко. Нивната донација се потврдува со јасно видливиот, но содржински контроверзен ктиторски натпис зачуван над јужниот влез, во ентеријерот на градбата. Испишан во фрескотехника, овој натпис ги содржи имињата на ктиторите – кралот Волкашин, кралицата Елена и нивниот син Марко со браќата, и упатува на годините 1344/1345 како почеток на реализирањето на донаторскиот проект и 1376/1377 како финиш на ктиторските активности. Притоа, во текстот се споменува и царот Душан како владетел, додека имињата на Волкашин и Марко, обете, се придружени со титулата крал.

Со оглед на тоа што Волкашин станал крал во 1365 година, тој не можел да ја носи оваа титула дваесеттина години порано кога црквата Свети Димитрија почнала да се гради, така што станува јасно дека донаторскиот натпис, испишан во 1376/1377 година, треба да потсети на улогата на политичкиот моќник Димитрија Волкашин уште пред прогласувањето на Душановото Царство. Иако не е јасна хронолошката упатница кон годината 1344/1345, која, веројатно, треба да се поврзе со подготвителните активности околу изградбата на црквата и основањето на манастирскиот комплекс, јасно е дека временскиот „јаз“ од триесеттина години меѓу почетокот и крајот на ктиторскиот ангажман поврзан со храмот на свети Димитрија не е логичен, ниту, пак, од аспект на несоодветното титулирање на споменатите личности во натписот, возможен. Оттука, поаѓајќи од една разумна интерпретација на ктиторскиот натпис од една страна и имајќи ја на ум архитектонската опстановка на црквата која не покажува фазно градење или доградување, од друга, сметаме дека храмот на свети Димитрија бил подигнат во времето по 1365 година, кога ктиторот Волкашин ја носел титулата крал, а бил насликан по неговата смрт на Марица (1371), со заложбите на наследникот Марко и завршен во 1376/1377 година. На тој начин е создадено едно од најскапоцените уметнички дела на средновековно Скопје и на византиската културна ризница воопшто.

Архитектонскиот концепт на црквата

Како што кралската титула на Димитрија Волкашин ги сублимира сите претходни обиди да се воспостави делумна независност од централната власт на македонското подрачје, така архитектурата на неговата ктиторска заветнина – манастирската црква во Сушица, ги обединува сите искуства присутни во македонското градителство во XIV столетие. Лонгитудиналниот габарит на зданието, основата во облик на впишан крст во правоаголен простор надвишена со осумстрана купола, интеграцијата на правоаголниот нартекс на западната страна во просторниот концепт на наосот на црквата и петстраната апсида на источната страна, ги претставуваат најрепрезентативните карактеристики на македонската средновековна архитектура од претходните децении. Кога на ова ќе се додаде правилниот sидарски опус, каскадната флуидност на фасадните форми и живописниот керамопластичен украс, се добива примерок на сакрална градба изведена во најдобрите традиции на репрезентативното градителство продуцирано од XIV-вековните неимарски ателјеа кои работеле на македонската територија. Обединувајќи ги средновековната црква и нејзината доградба од XIX столетие, храмот на свети Димитрија, придружен со современите конаци, изложбениот простор, реконструираната воденица и зелените површини на пространиот манастирски двор, е една од најпосетените верско-туристички атракции лоцирани во скопската околина.

Црквата Свети Димитрија е проектирана според дизајнот на впишан крст во правоаголна просторна основа, која на источната страна има монолитно олтарно решение, а на западната страна – правоаголна припрата. Пресекот на крстообраз-



ЦРКВАТА СВ. ДИМИТРИЈА, МАРКОВ МАНАСТИР

ните краци го маркира куполата, која лежи на четири масивни камени столбови. Околу куполата е поставена конструкција од четири полувалчести поткуполни сводови, кои ја сочинуваат рамката околу централното просторно јадро на градбата. Во организацијата на зданието се применети уште два камени столба, кои ја маркираат источната линија на нартексот, т.е. имаат улога на граничници во интегралниот простор на храмовиот ентериер и ги одделуваат наосот и припратата во нивниот попречен допир. Припратата има правоаголна



ЦРТЕЖ: С. КОРУНОВСКИ

ОСНОВА НА ЦРКВАТА *СВ. ДИМИТРИЈА* (МАРКОВ МАНАСТИР), С. СУШИЦА, СКОПЈЕ

форма и три просторни единици – травеи, поставени по оската север-југ, од кои централниот е засведен со калота, т.е. слепа купола, со што градбата добила двокуполно сводно решение. На источната страна, екстериерот на црквата го сочинува масивната, петстрана апсида, чиј ентериерен сегмент е врамен со мали полукружни апсиди со функција на протезис и ѓаконикон. Во црквата се влегувало преку два портала, едниот поставен на западната страна за флуктуација на верниците, а другиот отворен во јужниот ѕид и придружен со екстериерно фрескосликарство, најверојатно, за влез и излез на ктиторското семејство.

Градежната техника применета при подигнувањето на црквата Свети Димитрија го одразува софистицираниот вкус на ктиторите за правилен слог, конзистентен опус на ѕидање и раскошна естетска визура на градбата. Правилно делканите камени блокови поврзани со мало количество малтер и алтернирани со тули во хоризонталните допири сведочат за една кохерентна постапка на фасадно моделирање, кое треба да предизвика впечаток на склад, пропорционален ритам и визуелна хармонија. Креирањето на фасадните системи кај храмот на свети Димитрија изобилува со сложени модели на артикулација и декорација, сите претходно видени кај екстериерното уредување на средновековните цркви во Македонија, но тоа не претставува механички збир на разнородни ентитети, туку комплексна интеграција на бројни, живописни и разновидни елементи по ѕидните платна на црквата. Во тој декоративен асортиман со кој се одликуваат екстериерните површини на градбата, треба да се издвојат полукружните ниши поставени во два реда, кои ја разбиваат конзистентната ритмика на применетата ѕидарија. Исполнети со разновиден керамопластичен украс, особено оние кои се наоѓаат во горната зона на олтарната апсида, слепите ниши претставуваат вистински професионален *make-up* на фасадната естетика на црквата. На врвот од каскадно поставените сводни површини на градбата се издига елегантната,

МАРКОВ МАНАСТИР, АПСИДА

отмена и совршено пропорционирана купола, изведена од камен и четвороредни појаси на тула. На западната страна од зданието, во 1830 година, Хамзи паша Скопски подигнал трем, за, како што се прикажува, да ужива во пушењето наргиле и во прекрасната глетка на манастирскиот комплекс.

Програмско-иконографските обележја на сликанатa декорација

Завршен во 1377 година – половина деценија по трагичниот колеж на реката Марица и колапсот на Волкашиновото кралство – живописот на црквата Свети Димитрија е вистински ликовен документ за историската трагедија на Македонија во времето на отоманските освојувања. Ктиториран од последниот православен владетел на македонското подрачје, кралот Марко, амбивалентен во своето историско портфолио – ем покорен турски вазал, ем храбар воин и чувар на православните традиции, живописот на Марковиот манастир на експресивен начин ги овоплотува длабоките бездни на историскиот хаос, кој хронолошки се поклопува со последните децении на македонското средновековие. Во тој контекст, покрај специфично вообличената програмска концепција на сликаниот репертоар кој се одликува со возбудливи иконографски иновации, тематскиот акцент на фрескодекорацијата е ставен на илустрацијата на драматични библиски настани, кои, во една симболична смисла, можат да се поврзат со историската трагедија надвиснатa над Македонија по османлиската инвазија. Циклусот посветен на колежот на витлеемските деца, илустриран според Евангелието по Матеја, во високите зони на јужниот ѕид од наосот, претставата на мртвиот Христос во проскомидијата, мајчински нежната *Piéta* со Богородица која го оплакува мртвиот син на поткуполните столбови и претставата на Небесниот дворец во која се вклучени кралевите Волкашин и Марко се само некои од тематските новитети кои ја отсликуваат историската реалност со јазикот на библиската иконографија.

МАРКОВ МАНАСТИР, СВОДОТ НАД ОЛТАРОТ

Сликаната програма на црквата Свети Димитрија е тематски богата, мотивски живописна и преполна со иконографски новини и визуелни детали. Во куполниот појас, ликот на Христос Пантократор во темето на калотата бдеел врз верниците кои влегувале во храмот како во визуализиран христијански микрокосмос, ангелите го претставувале Христовиот небесен ентураж, фигурите на пророците во тамбурот сведочеле за исполнувањето на неговата месијанска улога како Спасител на човештвото, додека портретите на евангелистите на пандантифите ја потврдувале вистинитоста на старозаветните навестувања. Отмената Богородица Оранта, придружена со ликот на Христос Емануил во апсидата, ја симболизира земната Црква фундирана врз Христовата жртва положена на Голготскиот крст и прославувана во литургиските ритуали на црковната институција. Во тој контекст, Причестувањето на апостолите алудира на сакраменталниот карактер на Тајната вечера, кога Христос ја објавува својата сотериолошка мисија пред апостолите и ја востановува евхаристијата со лебот и со виното, како симболична најава на неговото страдање за човечкиот род. Во најниската зона на апсидата прикажан е свечениот ритуал на литургиската служба во кој ординира лично Христос како првоархијереј на човештвото, со што традиционалната Литургиска служба на светите отци е трансформирана во небесен литургиски ритуал со сите неопходни поединости.

Од цикличната претстава на библиските содржини, во сликаната програма на храмот вклучени се Празничните настани, илустрацијата на Страсните евангелија и епизодите од Христовата јавна дејност, додека химнографските сижеа придонеле за прикажувањето на Богородичниот акатист, чии стихови се визуализирани во дваесет и четири композиции и распоредени низ декорацијата на олтарниот простор, наосот и нартексот на црквата. Житијната литература, пак, нашла свој одраз во илустрацијата на циклусот на свети Никола, како и во оној на патронот на храмот – свети Димитрија, претставени во нартексот на црквата. Во источниот дел на северниот ѕид од наосот бил прикажан царскиот Деизис со раскошно костимираните ликови на Христос, Богородица и Јован Крстител, придружени од старозаветниот цар Давид и дваесеттина фигури на свети воини, облечени во дворски одори и аранжирани по целата ширина на приземната зона од црковниот ентериер. Оваа сложена иконографска целина, илустрирана според стиховите на Давидовиот псалм 44 (стих

МАРКОВ МАНАСТИР, ОЛТАР, ЈУЖЕН ЅИД

9) и наречена Небесен дворец, која ги вклучува и ктиторските ликови на Волкашин, сопругата Елена и синот Марко, претставува насликана ода во чест на Божјиот помазаник и неговата небесна свита, како и на неговите земни поданици.

Во средниот регистар на фрескодекорацијата на храмот е илустриран Црковниот календар во една исклучително автентична варијанта, која била конципирана во вид на гранки од винова лоза, во чии чашки се прикажани ликовите на маченицте според празниците во православната календарска година. За разлика од сите претходни илустрации на Менологот, кој бил претставуван со голем број сцени на маченичтво и погубување на христијанските личности, календарот од Марков манастир е камерна варијанта на оваа програмска компонента, која на еден декоративен и кохерентен начин ги презентира деновите од литургиската година преку портретите на многубројните жртви дадени за христијанството. На западниот ѕид од наосот, над столбовите, прикажана е уште една оригинална иконографска визура, која го илустрира Оплакувањето на Богородица на мртвиот син. Во духот на една трагична *Piéta*, Богородица со нежни емоции ја манифестира својата болка за покојниот единец, додека мртвото лице на Христос, подготвен за погреб, ги еманира неговите страдања на крстот. Поставени над двата поткуполни столба во западниот дел на наосот од црквата, овие две претстави, поврзани и обединети преку емоционалната „кохабитација“ на ликовите, го наткрилуваат наосот на храмот и ја заокружуваат приказната за страдањето и спасот со својата моќна визуелна епика.

Иконографската конфигурација на насликаните програмски компоненти од декорацијата на црквата Свети Димитрија е мошне живописна во поглед на употребените драмски содржини за постигнување силен емоционален впечаток. Во тој контекст, миницикусот посветен на колежот на витлеемските новороденчиња, прикажан во горната зона на јужниот ѕид, го доловува трагичниот писок на мајките кои ги изгубиле своите младенчиња од библиските стихови, преку широкиот замав на движењата на нивните погубувачи. Четирите сцени во кои крвниците ги одземаат и ги погубуваат беспомошните бебиња се надополнети со глетката на драматичниот плач на мајката Рахела, која гласно рида над своето мртво потомство. Прикажан под композицијата на Христовото раѓање (јужен свод под куполата), циклусот посветен на колежот на витлеемските деца претставува не само иконографско допол-

нување на библиската приказна за Раѓањето туку со своите наративни компоненти ја заокружува евангелската сторија за доаѓањето на Спасителот со драматичниот тоналитет на современите, со него, историски настани.

Покрај прикажувањето на Небесната литургија со Христос архијерej во олтарната апсида, сликаната декорација на светилишниот простор содржи уште една програмско-иконографска новина. Имено, во протезисот на црквата е прикажана евхаристичната сцена наречена Молитва на проскомидијата, но не во својот традиционален облик туку формулирана на сосема нов и невообичаен начин. Наместо новороденият Христос положен на Чесната трпеза со симболично значење на причесен леб подготвен за Евхаристија, под цибориумот во протезисот на Марковиот манастир лежи мртвиот Христос, симнат од крстот и положен како доказ за неговата спасоносна жртва. Присуството на архијерејот и ѓаконот, запалената кадилница и раскошниот циборium, како дополнителни иконографски елементи на претставата, се сосема автентичен „мизансцен“ за прикажување на драматичната визуелна потврда за Христовата сотериолошка улога во литургиските ритуали на неговата земна црква.

Особено драматична иконографска констелација поседуваат композициите што ги илустрираат страсните настани со динамичниот темперамент на употребените визуелни средства. Така, низата епизоди што се однесуваат на случките по тајната вечера, ја делат заедничката енергија на силно раздвижени и моќно ритмизирани глетки. Во таа насока, Молитвата во Гетсиманската градина е дополнета со загриженото движење со кое Христос им се обраќа на апостолите, во посебна сцена Јуда ги убедува еврејските свештеници дека ќе го предаде својот учител, а Христос им соопштува на своите следбеници дека ќе биде жртвуван, раздвижена група на присутни се турка околу Христовата фигура во сцената на Предавството, Кајафа ја раскинува својата риза пред посетителите во претставата на Судењето и Петар се правда дека не го познава уапсениот во сцената на неговото Одрекување. Композициите што влегле во состав на циклусот што ја илустрира Христовата јавна дејност, исто така, се проникнати со засилена динамика на иконографските

МАРКОВ МАНАСТИР, ПРОСКОМИДИЈА, МРТВИОТ ХРИСТОС

МАРКОВ МАНАСТИР, ПЛАЧОТ НА РАХЕЛА, КОЛЕЖОТ НА ВИТЛЕЕМСКИТЕ НОВОРОДЕНЧИЊА

компоненти: во сцените на исцеленијата, групите на присутни сведоци ја исполнуваат глетката со динамичниот набој на својата телесна енергија, додека во приказот на параболите, Христовата фигура е секогаш придружена од темпераментно раздвижените протагонисти во настанот. Композициите што влегуваат во состав на циклусот на Богородичниот акатист имаат посмирена амплитуда на сценските движења, како и сцените што ги илустрираат Житијата на свети Димитрија и свети Никола, чии претстави се проникнати со помала тензичност на телесната моторика на прикажаните личности. Особена отменост на ставовите ги краси фигурите што го претставуваат Небесниот дворец, прикажан во најниската зона, како и ликот на Христос Логос во слепата калота над нартексот, кој со своето свечено движење го заокружува динамичниот концепт на претставите од декоративната фрескопрограма на Марковиот манастир.

МАРКОВ МАНАСТИР, НЕБЕСЕН ДВОРЕЦ (ДЕТАЉ)

МАРКОВ МАНАСТИР, БОГОРОДИЧИН АКАТИСТ, ИЛУСТРАЦИЈА НА X ИКОС

МАРКОВ МАНАСТИР, БОГОРОДИЧИН АКАТИСТ ИЛУСТРАЦИЈА НА X КОНДАК

ФИГУРА НА НЕИДЕНТИФИКУВАН ДВОРЈАНИН ОД ИЛУСТРАЦИЈАТА НА НЕБЕСНИОТ ДВОРЕЦ

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Жестокиот, драматичен и страстен ликовен израз на мајсторите, исткаен од тензичниот ритам на движењата, сугестивната гестикулација на фигурите и психолошката длабочина на изразот, креира сликана панорама на експресивно прикажани настани, проникнувајќи ги со атмосфера на вистинска човечка трагедија. Конзистентната схема во аранжманот на композициските елементи, драматичниот тон на илустрираните настани, зголемената динамика на глетките постигната со експресивни движења и смели ставови на прикажаните фигури и заситениот, темен колорит се базичните елементи на ликовниот израз, негуван од авторите на сликарството во Марковиот манастир. Сугестивните ликови на претставените светители, тензичниот ритам на сценското дејство и распламтената наративност во визуелната експозиција на глетките создаваат од сликаната декорација на црквата вистински епски ораториум, креиран во славата на Христовата жртва и на нејзината реална историска рефлексија. Гласниот крик на Рахела, која, со мајчинско страдање, сака да ги прегрне мртвите новороденчиња од циклусот посветен на колежот на витлеемските деца, тензичната, студена и морничава атмосфера во сцените на Христовите судења кај Ана, Кајафа и Пилат, жестокиот ритам на суровата глетка во прикажувањето на Христовото распетие и тегобните емоции кои избликнуваат од тажната *Piéta*, се можеби најемоционалните глетки во екстензивната сликана декорација на црквата Свети Димитрија.

Наративниот тоналитет на фрескоансамблот во Марковиот манастир, кој треба да ја доближи драматичната амплитуда на емоционални доживувања до гледачите, се забележува во речиси сите сегменти од декоративната програма на храмот. Зголемената епизодичност во илустрацијата на Христолошките циклуси и во визуелната нарација на светителските Житија на свети Никола и свети Димитрија, протокот на ликовна енергија во визуелното поврзување на настаните од насликаните циклуси чии сцени не се одделени со меѓусебна бордура и додавањето на специфични „визуелни ефекти“ во иконографијата за зголемување на емоционалната тензија во илустрацијата на евангелската тематика (на пример: Разговорите на Христос со Пилат, Разговорот на Пилат со еврејските свештеници, Камшикувањето Христово во илустрацијата на Страсните настани; пристигнувањето и заминувањето на апостолите на/од Таворската гора во празничната сцена на Преображението), се елементите со кои зографите ја збогатиле фреско-панорамата на црквата со дополнителните акценти на една драмски впечатлива визура. Во самите сцени, пак, тие внесуваат жанрови компоненти за за-

БОГОРОДИЧИН АКАТИСТ, IV ИКОС И IV КОНДАК

МАРКОВ МАНАСТИР, БОГОРОДИЧИН АКАТИСТ, XII КОНДАК

НЕБЕСЕН ДВОРЕЦ (ДЕТАЉ)

силување на визуелниот впечаток од прикажаните глетки: стариот овчар кој разговара со замисленият Јосиф пред витлеемската пештера во свечената композиција на Христовото раѓање, бабицата која ја тестира загреаноста на водата пред капењето на новороденчето во истата претстава, момчето кое ја проверува исправноста на крстот пред Христовото распетие, војниците кои бездушно го „фраскаат“ Христос во сцената на неговото Камшикување и паничниот лик на Елисавета, која се вцасува од колежот на новороденчињата во претставата на Бегството од Витлеем, се можеби најимпресивните „визуелни мигови“ од иконографската нарација на сликарството во Марковиот манастир.

Со немирниот дух на композициите, со психолошкиот набој на прикажаното дејство, со вознемирувачката патетика на претставените ликови и со темната и контрастна колористичка гама, живописот на Марковиот манастир ги отсликува траурните длабочини на историскиот амбис со експресивната сила на уметничкиот израз. Создадено во годините по Маричката битка, кога, како што раскажуваат сведоците на историската трагедија, на македонската територија „живите им завидувале на мртвите“, сликарството на црквата Свети Димитрија ги овоплотува емоционалниот хаос и непредвидливата судбина на еден од најдраматичните историски моментуми во Марковата држава. Строго и прецизно во цртежот, наративно во иконографската структура на прикажаните сцени, исполнето со немирни, уплашени ликови претставени во драматични ставови и позиции, темно и длабоко по колористичкиот дијапазон, сликарството на Марковиот манастир плени со својата експресивност, енергичност и широката емоционална резонанса. Жестоко по ритамот на движењата, нескротливо по дисритмичниот пулс на сценската енергија и разорно по немирниот психолошки израз на прикажаните ликови, творештвото на зографите во Марковиот манастир стои во врвот на експресивните ликовни тенденции од втората половина на XIV столетие. Креиран од две групи мајстори, кои консекутивно работеле во ентериерот на храмот под водството на главниот сликар и иконограф, фрескоаранжманот на црквата ги обединува нивните настојувања да создадат визуелен ефект на емоционална бездна, во која библиската сторија е поврзана со вистинското човечко страдање. Во деновите пред историскиот колапс на Марковата држава, сликарството во Марковиот манастир на најсоодветен начин ја визуализира траурната судбина на неговото владеење, во драматичниот вител на неодминливата трагедија.

ПОГЛЕД КОН ЗАПАДНИОТ ДЕЛ ОД ЦРКВАТА

БОГОРОДИЦА ГО ОПЛАКУВА МРТВИОТ ХРИСТОС (ДЕТАЉ)

Во 1389 година, на јужната фасада на црквата, над влезот, биле насликани портретите на кралевите Волкашин и Марко, кој во раката го држи окованиот рог на старозаветните цареви. Оваа ктиторска композиција, дополнета со портретот на храмовиот патрон – свети Димитрија, со ликот на Христос Емануил кој ги благословува владетелите и со полукружен аранжман на светителски бисти, била поставена врз страничниот влез во градбата, резервиран за кралското семејство, кое, низ него, од реалноста на актуелниот историски момент влегувало во сакралниот простор на храмовиот ентериер. Инспирирана од старозаветните стихови на Псалмот 88 (17-20), кои се однесуваат на Божјата помош на новопомазаниот владетел, фасадниот ктиторијал во црквата Свети Димитрија претставува своевиден политички памфлет за новостекнатиот политички легитимитет на кралот Марко, по смртта на сите негови ривали во Косовската битка. Игнориран како престолонаследник на неговиот татко Волкашин од страна на српските благородници, Марко, сепак, остана единствениот заштитник на православните традиции по погибијата на српските феудални лордови во крвавата воена драма што се одигра на Косовското Поле (1389). Оттука, окованиот рок во неговата десница претставува визуелен симбол на Божјата милост во одржувањето на Марковиот престол, во несигурните историски денови на неговото владеење. Дело на митрополитот Јован Зограф, угледен црковен великодостојник и мегаталентиран сликар и иконописец, ктиторската фреска на фасадата од Марковиот манастир претставува сведоштво за ликовните интервенции, преземени од младиот крал десеттина години по завршувањето на ентериерниот живопис во црквата. На тој начин, драматичниот, експресивен и жесток ликовен израз на авторите на сликаната програма во храмот бил надополнет со отмениот, свечен и полнокрвен уметнички идиом на Скоп-

БОГОРОДИЦА ГО ОПЛАКУВА МРТВИОТ ХРИСТОС (ДЕТАЉ)

КТИТОРСКИОТ АРАНЖМАН НА ЈУЖНАТА ФАСАДА

скиот митрополит Јован, најголемиот мајстор – зограф од самиот крај на средновековието.

Во приближно истиот период, за олтарната преграда на храмот биле изведени пет престолни икони, со мошне репрезентативни ликовни карактеристики17. Настанати како завршна искра на распламтениот ликовен аранжман изведен во црквата, монументалните иконописни дела со кои бил украсен влезот во светилишниот простор се вбројуваат меѓу најзначајните штафелајни творби на македонското средновековие. Отменатa поза и меко сензибилизираниот израз на претставата со ликот на храмовиот патрон – свети Димитрија, суптилно тонираниот и пластично енергетизиран приказ на Христос Пантократор и Животодавец и елегантно контурираните форми на изведбата на Богородица Одигитрија, говорат во прилог на софистицираната ликовна експресија што ги обединува визуелните квалитети на овие иконописни дела. Исто така, експресивниот лик на свети Јован Крстител, изведен според оригиналниот иконографски модел кој потекнувал од цариградскиот кварт Петра, и раскошно волуменизираната претстава на Архангел Михаил – Страшниот чувар, упатуваат на извонредниот креативен капацитет на нивните автори. Иако петте икони создадени за иконостасната преграда на Марковиот манастир не се потпишани, па, според тоа, ниту прецизно атрибуирани, тие можат да се поврзат со ликовната активност на ателјето предводено од митрополитот Јован Зограф, ангажирано во создавањето на фасадната ктиторска претстава, т.е. во дел од фрескодекорацијата на црквата Свети Димитрија. Пластичната експозиција на формите, грациозниот карактер на ставовите на прикажаните светителски личности, филигрански прецизната обработка на визуелните детали и длабокиот, луминозен колорит на боената палета се, секако, најзабележителните одлики, кои реферираат кон уметничкиот идиолект на зографот Јован и соработниците од неговото сликарско студио.

КТИТОРСКИТЕ ЗАВЕТНИНИ НА СКОПСКОТО БЛАГОРОДНИШТВО

Периодот меѓу реализирањето на двата репрезентативни дворски проекти – Милутиновата црква посветена на свети Никита (прва четвртина на XIV век) и раскошниот Марков манастир (последна четвртина на XIV столетие) е време на најголема благосостојба на скопската област во однос на нејзиниот економски, политички и културен развој. Центар на стопански и трговски живот во средишниот дел на Балканскиот Полуостров, важна комуникациска крстосница на мегамагистралата што ги поврзувала Ниш и Солун, седиште на митрополит и локација на голем број средновековни сакрални градби, Скопје станало престојувалиште на кралеви, живеалиште на благородници, резидентна позиција на црковни авторитети и привлечно средиште за многу еминентни градители и зографи. Обновувањето на старите храмови и нивното реанимирање во современи жаришта на духовниот живот привлекло во Скопје и во неговата околина многубројни неимари, зографи и иконописци, кои доаѓале во метрополата во потрага по професионални ангажмани и по дарежливи ктитори. Пристигнувајќи од Солун, од Охрид и од другите градски средини на поширокатa македонска територија, тие оставиле свој печат врз уметничкото творештво на средновековно Скопје и врз неговата богата и живописна културна ризница.

Следејќи го примерот на своите феудални владетели, благородниците кои припаѓале на високото племство се ангажирале во ктиторски потфати за продукција на сакрални градби, украсени со фрескодекорација и со иконописни творби. Подигнувајќи ги христијанските храмови на своите феудални поседи лоцирани во скопската околина, тие не само што придонесувале кон збогатувањето на верската култура во географското предворје на скопската метропола туку со ангажманот на неимарските тајфи и зографските ателјеа, привлекле уметнички авторитети кои пристигнувале од различни подрачја и од различни творечки средини. Така, во третата, четвртата, петтата и шестата

СЕЛОТО КУЧЕВИШТЕ, СКОПСКО

деценија на XIV столетие Скопје со поширокатa територијална околина станало вистинска „мека“ на вешти градители, талентирани живописци, прославени зографи и угледни иконографи, подготвени да се стават во служба на ктиторските желби и потреби на богатите феудални моќници. На тој начин, заедничките напори на донаторите и нивните уметнички протежеа генерирале сакрални споменици кои денес пленат со својата архитектонска и ликовна конфигурација, со своите структурални и декоративни компоненти и со квалитетите на својата визуелна естетика.

ЦРКВАТА СВЕТА БОГОРОДИЦА (СВЕТИ СПАС) КУЧЕВИШТЕ

Црквата Света Богородица (денешен Свети Спас), посветена на празникот Воведение и лоцирана во селото Кучевиште[18], претставува ктиторска заветнина на едно семејство кое припаѓало на високите кругови на феудалното благородништво и имало свои имотни поседи во скопската област. Идентитетот на членовите на ктиторската фамилија го разоткрива ктиторскиот натпис испишан во фрескотехника и ситуиран на јужниот ѕид, во ентериерот на храмот. Иако оштетен, донаторскиот натпис ги објавува имињата на благоверната Марена, како првоименувана ктиторка на црквата, и на Радослав и Владислава, кои го буџетирале и реализирале проектот за изградба и сликарска декорација на Богородичната црква во периодот околу 1330 година, во времето кога со скопското подрачје владеел кралот Стефан Дечански. Складната архитектонска опстановка на црквата, која ја следи градителската концепција на Свети Никита како најрепрезентативен претходник на Богородичниот храм, и класицистички „маниризираниот“ сликарски ракопис на мајсторите – автори на фрескоаранжманот и следбеници на зографот Михаил Астрапа, ја вбројуваат оваа црква во редот на „каталошките“ примероци на аристократските донации, настанати во скопското подрачје во текот на XIV столетие.

Архитектонскиот концепт на црквата

Кога се зборува за архитектурата на кучевишкиот храм, треба неодминливо да се каже дека ако Свети Никита ги „позајмила“ идејните основи на градбата како нејзин стилски претходник, црквата Света Богородица ги развила понатаму во сообразност со специфичните барања на нејзините ктитори. Имено, основата на зданието претставува впишан крст во правоаголен простор, над чиј центар се издига висока, елегантна осмоаголна купола. Куполата почива врз четири



ЦРТЕЖ: С. КОРУНОВСКИ

ОСНОВА НА ЦРКВАТА *ВОВЕДЕНИЕ НА СВ. БОГОРОДИЦА*, С. КУЧЕВИШТЕ, СКОПЈЕ

СВ. ПАВЛЕ ТИВЕЈСКИ
(ДЕТАЛЈ)

ЦРКВА
ВОВЕДЕНИЕ НА СВ. БОГОРОДИЦА,
С. КУЧЕВИШТЕ



sидани столпци поврзани со полувалчести сводови. На источната страна од градбата била оформена масивна, петстрана апсида, без дополнителни елементи што би ги нагласувале бочните делови на олтарот, додека на западната страна од градбата бил пробиен влезниот портал. Сепак, црквата Света Богородица во Кучевиште не претставува само епигон на Милутиновата заветнина во Бањани, бидејќи барањата на ктиторското семејство во однос на функцијата на определени делови од нивниот донаторски проект имплицирале измени во архитектонскиот дизајн и во просторната структура на кучевишкиот храм.

Во тој контекст, во југоисточниот дел на градбата била оформена двокатна капела која добила двојна улога – на долниот кат ја извршувала функцијата на ѓаконикон, додека на горниот кат служела како параклис посветен на свети Никола. Оваа интервенција предизвикала специфично издолжување на источниот дел од просторната конфигурација на храмот, при што ѓаконикон бил одделен од наосот и оформен како посебен елемент од градителската конституција на светилиштето. Наспроти ѓаконикон, кој добил значителна нагласка во изведбата на неговата архитектонска функционалност, протезисот останал и без полукружна ниша,

што претставува една од спецификите во просторната артикулација на црковниот ентериер. Исто така, за разлика од Свети Никита, западниот дел од крстообразната основа на храмот е „скратен“ во однос на источниот, со што куполата на црквата не се издига над геометрискиот центар на правоаголната основа на градбата туку е благо поместена кон западниот дел од габаритот на основата. Со тоа, црквата Света Богородица во Кучевиште станала еден вид креативна модификација на нејзиниот идеен претходник – храмот Свети Никита, од кој ги „позајмила“ главните конститутивни елементи, а ги модификувала оние компоненти кои добиле поинакви функционални квалитети.

Што се однесува до надворешното обликување на градбата и до дизајнот на црковните фасади, Богородичниот храм во Кучевиште покажува слични карактеристики со Милутиновата заветнина во Бањани. Имено, sидарскиот опус од правилно делкани камени блокови алтернирани со тули, високите, слепи ниши употребени за „разигрување“ на апсидалниот дел и структурниот систем на фасадите кој го рефлектира внатрешното конструктивно решение на просторот се, секако, преземени од Свети Никита и аплицирани со доследност во изведбата на фасадите на кучевишкиот храм. Исто така, високата купола изведена од тули во совршено пропорционален градителски слог и керамопластичниот украс во кој тулата ги менува своите позиции од хоризонтални во вертикални за да продуцира визуелни ефекти на оптички геометризам, се блиски до екстериерното решение на бањанскиот монумент. Иако кучевишката црква добила трем како дополнителна обвивка во доцносредновековниот период, оригиналните карактеристики на нејзиниот фасаден модус се јасно воочливи и препознатливи во „матичните“ екстериерни одлики на Свети Никита – Бањани.

СВ. БОГОРОДИЦА, КУЧЕВИШТЕ, СЛИКАРСТВОТО НА ФАСАДАТА

СВ. БОГОРОДИЦА, КУЧЕВИШТЕ, ВОВЕДЕНИЕТО НА БОГОРОДИЦА

Програмско-иконографските обележја на сликанатa декорација

Сликаната декорација на црквата посветена на Воведението Богородично во Кучевиште е богата со тематски компоненти исполнети со библиска наративна и проникнати со живописен ликовен јазик. Покрај вообичаената програмска конституција на куполниот живопис (Христос Пантократор, ангели, пророци, евангелисти), во дното на калотата се појавуваат и допојасните портрети на Четириесетте севастиски маченици како симболична поддршка на куполниот свод – со својата храбра жртва за христијанската црква, тие ја „закрепнуваат“ осетливата градителска структура на храмот во најсензибилниот, куполен сегмент. Во олтарот, под монументалната Богородица, која, во став на свечена молитва, ги прегрнува небесата како мајка на целиот човечки род, прикажана е Литургиската служба на архијереите со вкупно дванаесет епископски фигури. Во тесната зона вметната помеѓу Богородичната фигура и Литургијата на светите отци, прикажани се бистите на шест значајни претставници на црковната институција од раните времиња на нејзиното настанување.

На северниот и на јужниот ѕид од олтарниот простор изведена е мошне специфична програмска конфигурација на празнични, поствоскресни и евхаристични иконографски мотиви. Притоа, во јужниот дел на олтарот се претставени Христовото раѓање, Сретението и Симнувањето на Светиот дух од Празничниот циклус, сцената на Преполовувањето на празниците од циклусот на Христовата јавна дејност и јужната апостолска поворка од Причестувањето; во северниот олтарен дел, пак, се прикажани поствоскресните настани Мироносиците на Христовиот гроб, Средбата на Лука и Клеопа со апостолите, Патот и вечерата во Емаус, придружени со празничниот настан на Христовото симнување во пеколот и северната поворка од Евхаристијата на апостолите. На тој начин, во најсвечениот дел на храмот е илустрирана приказната за Христовото појавување преку круцијалните настани на неговото присуство меѓу човечкиот род: од Раѓањето до Смртта, од неговата прва проповед до Воскресението, од Тајната вечера до Педесетницата, од објавата на неговото страдање до потврдата за спасот на човештвото.

Во наосот на црквата се илустрирани сцените од циклусот на Големите празници (од Благовестите до Успението), настаните опишани во Стасните евангелија (од Тајната вечера до Оплакувањето на мртвиот Христос) и циклусот на Апокрифното Богородично житие, кој почнува во протезисот на храмот (Одбивањето на даровите, Враќањето на Јоаким и Ана, Благовести на Ана, Средбата на Јоаким и Ана), продолжува во олтарниот простор (Првите чекори на Марија) и на јужниот ѕид од црквата (Воведението на Богородица во храм) и завршува во светилиштето

(Благовестите кај бунарот, Јосиф ја обвинува Марија за неверство). Притоа, композициите се изведени со мали димензии, вешто се распоредени низ просторниот концепт на храмовиот ентериер, исполнети се со мноштво иконографски поединости и оживеани со богати жанровски детали. Во најниската зона од сликаната декорација на црквата аранжирана е галерија на стоечки светителски претстави, која ги содржи портретите на скромните монаси, прославените маченици, благородните исцелители и инспиративните химнографи, додека угледните епископи го нашле своето место во фрескодекорацијата на проскомидијата и на ѓаконикот.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Во стилски поглед, двајцата сликари кои ја извеле фрескодекорацијата на кучевишкиот храм се наследници на класицистичките традиции негувани од припадниците на ателјето на големиот Михаил Астрапа. Тоа се забележува во преземањето на иконографските матрици од сликарството на црквата Свети Никита, како и во начинот на остварувањето на ликовните димензии на прикажаниот ансамбл. Прецизниот и педантно изведен цртеж, внимателната, тонска обработка на облиците, креативната моделација на ликовите доловена со суптилно заоблени форми, извонредното чувство за пластична конфигурација на ликовните елементи, кохерентно дизајнираните композициски схеми и свежината на боените резонанси се одликите на кучевишките мајстори, усвоени со внимателно „студирање“ на творештвото на зографот Астрапа. Сепак, зголемувањето на бројот на протагонистите во прикажаните настани, зголемената динамика на просторот доловена со живописно контурираните архитектонски кулиси, ненарушениот баланс на визуелните структури во кои доминира конзистентен ритам на хармонични движења и пиктуралните оптички ефекти на колористичката палета, се мошне забележлив придонес на кучевишките сликари кон создавањето на една изобилна, флуидна и сочна сликана панорама.

СВ. БОГОРОДИЦА, КУЧЕВИШТЕ, ТАЈНАТА ВЕЧЕРА

СВ. БОГОРОДИЦА, КУЧЕВИШТЕ, УСПЕНИЕТО

Неколку години по изградбата и декорацијата на храмот, на западната страна од градбата била досидана припрата со мошне специфична архитектонска конфигурација. Таа се состои од две бочни одделенија поврзани со проод меѓу нив, наткрилен од катен параклис. Припратата има релативно големи димензии во однос на просторниот габарит на наосот на црквата и трипартитна организација на просторот, која, во својата организациска опстановка, го следи конструктивното решение од наосот на градбата. Во таа насока, тесните бочни одделенија просторно соодветствуваат на деловите од наосот што се наоѓаат помеѓу страничните ѕидови и поткуполните столпци, додека проодот е широк колку што изнесува и ширината на поткуполниот простор и источниот и западниот травеј од подолжната оска на главниот црковен простор. Иако не е зачуван ниту археолошки, ниту остеолошки материјал што би ја потврдил гробната функција на нартексот, неговата архитектонска и просторна организација, катниот параклис и сликаната програма во овој западен дел од црквата укажуваат на фунерарната улога која и била доделена на храмовата припрата.

СВ. ЕРМОЛАЈ

СВ. АРСЕНИЈ

СВ. ПАВЛЕ ТИВЕЈСКИ

СВ. КУЗМАН

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН

СВ. ЕВТИМИЈ

Програмско-иконографските обележја на сликанатa декорација

Сликаната декорација на припратата се состои од два конститутивни елементи – илустрацијата на последните три поглавја од Книгата на Псалмите (Псалм 148, 149 и 150) и Ктиторската композиција, аранжирана на бочните ѕидови од погребните одделенија. Прикажувањето на визуелната содржина на Давидовите псалми го исполнува централниот дел од нартексот, каде што биле распоредени сцените што ги визуализираат најекспресивните стихови на библиската содржина. На северната страна се претставени четири композиции кои ја доловуваат атмосферата на единаесеттиот стих на Псалмот 148 (*Фалете го Господа: цареви земни и сите народи, кнезови и сите земни судии*) и две сцени кои го визуализираат сижето на деветтиот стих од 149. Псалм (*Фалете го Господа: да го извршат над нив напишаниот суд*). На јужната страна, пак, се зачувани шест претстави со иконографски карактеристики кои упатуваат на 148. Псалм (*Фалете го Господа*, стих 12: *момчиња и девојки, старци со децата*), Псалмот 149 (*Фалете го Господа*, стих 7: *да извршат одмазда над народите*) и последниот, 150. Псалм (*Сè што дише нека го фали Господа,* стих 1: *Фалете го Господа во Неговата светиња*, стихови 3-5: *Фалете го со звук на труби, фалете го со псалтир и гусли, фалете го со тимпани и во оро, фалете го со милозвучни кимвали*). Свирачите и пејачите, громогласните звуци на трубите, советот на старците и суровата казна врз непријателските племиња, во нартексот на кучевишкиот храм се обединети во реквием од свечени тонови на ехото од мелопоетските библиски стихови.

На бочните ѕидови од погребните одделенија била претставена ктиторската композиција, која поради тесниот простор, била поделена во два дела: во јужното одделение кралската владетелска двојка – Душан и Елена била придружена од елегантната фигура на војвотката Владислава (спомената во ктиторскиот натпис во наосот) и од нејзиниот сопруг, војводата Дејан, обајцата прикажани во протоколарни ставови кон владетелите. Во северното одделение, пак, била претставена благоверната Марена (првоименуваната ктиторка од натписот во наосот) со моделот на црквата во рацете, во друштво на патронскиот лик на Богородица со Христос и младиот Јован, синот на војводската двојка прикажана отспротива. Уништениот дел од ктиторската „половинка“ насликана на северниот ѕид, најверојатно, го содржел портретот на жупанот Радослав, чие име е, исто така, спомената во ктиторскиот натпис. Врз основа на претставата на кралот Душан и кралицата Елена, кои се прикажани без синот и престолонаследник Урош, ктиторската композиција во нартексот на кучевишкиот храм може рамковно да се датира во периодот помеѓу 1332 и 1337 година, во времето по склучувањето на монархистичкиот брак меѓу Стефан Душан и бугарската принцеза Елена, а пред раѓањето на нивниот син Стефан Урош.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Стилските карактеристики на живописот во припратата на црквата посветена на Воведението Богородично во Кучевиште се надоврзуваат на ликовните карактеристики на сликарството изведено во наосот на храмот. Солиден цртеж,

ОПЛАКУВАЊЕТО НА ХРИСТОС

пластична моделација на масите, волуменозно обликувани фигури и елегантни ставови во изведбата на прикажаните личности се одликите кои можат да се препознаат во творештвото на мајсторите коишто ја украсиле припратата на кучевишкиот монумент. Иако фрескодекорацијата во нартексот е тешко оштетена од пожар, така што големи делови од неа се сосема уништени или слабо видливи, може да се констатираат класицистичките основи врз кои се потпирале нејзините автори; кохерентната организација на композициските схеми, сосема тенката линија на цртежот, сугестивно доловените фацијални одлики на прикажаните ликови и внимателната обработка на деталите се најголемите доблести на сликарството кое го исполнувало просторот на храмовата припрата. Во XVI век, на западната фасада на црквата, т.е. на западниот ѕид од доградениот трем, бил илустриран Страшниот суд, додека на јужната фасада била насликана неговата камерна варијанта во триадниот облик на Деизисната композиција, придружена од сцената што го прикажува Вознесението на пророкот Илија и од моќните коњанички фигури на свети Димитрија и свети Меркурије. Стилскиот карактер на фасадното сликарство, кое се одликува со стамени фронтални позиции на прикажаните светителски фигури, пренагласена динамика на движењето во сцените и рески колористички ефекти, упатува на едно време на поскромни ликовни квалитети. Продуцирано од помалку амбициозните ктиторски приложништва на доцносредновековната епоха, фасадното сликарство на кучевишката црква ја рефлектира долгата и осиромашена хронолошка „придружба“ на репрезентативното средновековно творештво.

ЦРКВАТА СВЕТИ НИКОЛА ВО ЉУБОТЕН

Вториот репрезентативен споменик настанат како благородничка ктиторска заветнина во скопската област е црквата посветена на свети Никола, лоцирана во селото Љуботен[19]. Подигнат и декориран со заложбите на едно аристократско семејство, кое ги „архивирало“ неопходните податоци за своето социјално препознавање во ктиторскиот натпис исклесан во камениот надвратник поставен врз западниот влез во градбата, љуботенскиот храм ги еманира донаторските стремежи на моќните феудални лордови кои господареле со делови од скопското подрачје. Содржината на ктиторскиот натпис, настанат во 1336/1337 година, ги открива имињата на госпоѓата Даница – ктиторката на црквата Свети Никола, и на нејзините двајца синови – Бојко, кој управувал со своите феудални поседи во кањонот Матка, и помладиот Димитар, кој бил господар на градот Звечан, ситуиран на реката Ситница, на косовска територија. Оттука, донаторскиот натпис поставен на видно место, над самиот влез во храмот, упатува на два очигледни факта: дека благородничката Даница веќе била вдовица кога почнала со својот ктиторски проект за градење на црквата, бидејќи, според содржината на испишаните податоци, името на нејзиниот сопруг не се споменува; и дека нејзините синови биле видни моќници со оглед на тоа што господареле со геостратешки важни територии, особено постариот, Бојко, кој имал свои поседи на Матка, каде, најверојатно, го основал и го управувал средновековниот град ситуиран на источната падина на планината Осој, во северниот дел на кањонот на Треска.

Архитектонскиот концепт на црквата

Архитектурата на црквата Свети Никола во Љуботен е пример на споменик кој се надоврзува на постарата градителска традиција и ги „позајмува“ своите базични карактеристики од ктиторската заветнина на кралот Милутин, храмот посветен на

ЦРКВАТА *СВ. НИКОЛА*, ЉУБОТЕН, СКОПСКО



ЦРТЕЖ: С. КОРУНОВСКИ

ОСНОВА НА ЦРКВАТА *СВ. НИКОЛА*, ЉУБОТЕН

свети Никита кај селото Бањани. Тоа се однесува на проектираната основа на градбата, на нејзината просторна организација, како и на нејзината фасадна декорација. Оттука, љуботенската црква, како и Богородичниот храм во селото Кучевиште, може да се дефинира како еден од наследниците на архитектонскиот модел воспоставен со градењето на Милутиновата задужбина во Бањани, а со тоа како фиданка на една градителска традиција карактеристична за скопскиот регион. Во таа насока, Свети Никола – Љуботен не покажува некои особени разлики во проектирањето на основата во однос на планот на Свети Никита; напротив – нивните основи еманираат големи сличности во поглед на пропорционалниот распоред на конститутивните елементи во дизајнирањето на крстообразната конфигурација. Љуботенската црква, како и онаа во Бањани, е обликувана во вид на впишан крст во правоаголен простор, засведен со осумстрана купола. На источната страна, конструирана е апсида чија екстериерна контура има петстрана силуета, додека на западната страна нартекс не бил ни подигнат. Доказ за тоа дека ктиторите не планирале да изградат припрата како западен елемент на црковниот план е благата издолженост на западниот травеј во однос на источниот, што вообичаено се смета за просторно решение прилагодено на градбите проектирани без нартекс.

Во однос на екстериерното решение на црквата, таа, исто така, ги „наследува“ основните одлики на фасадниот дизајн на бањанскиот храм, што повторно сведочи за угледувањето на мајсторите – градители на Свети Никола на нивните постари колеги – неимарите на Свети Никита. Оттаму се преземени високите, слепи ниши што ја красат олтарната апсида, како и динамичната „модулација“ на бочните фасадни ѕидови, кои со нишите и лезените го отсликуваат внатрешниот структурен систем на градбата. Високата, витка и отмена купола, како и кај Свети Никита, се издига врз геометрискиот центар на архитектонскиот кубус на храмот и со својата пропорционална ритмика го сублимира, во еден завршен акцент, правилниот опус применет во ѕидањето на црквата. Сепак, применетиот *opus listatum* (алтернирање на правилно делканите камени блокови со тули поставени во хоризонтални редови) упатува на доработката на определени елементи преземени од ѕидарскиот асамблаж на Свети Никита, додека темпераментниот керамопластичен украс изведен на источната фасада на Свети Никола, „наследник“ на декоративните модели од Бањани и Кучевиште, отишол чекор понатаму во желбата екстериерот на градбата да се облагороди со поживописна и подинамична орнаментика.



СВ. НИКОЛА, ЉУБОТЕН, АПСИДА

Програмско-иконографските обележја на сликаната декорација

Сликарството на црквата Свети Никола во Љуботен (1344-1345) е исклучителен примерок на фрескодекорација која носи свежа и имагинативна ликовна енергија и во структурирањето на декоративната програма, и во иконографското обликување на темите, и во стилскиот приод кон нивната изведба. Иако црковниот ентериер не поседува монументални димензии, фрескодекорацијата е богата, нејзината концепција е иновативна, а нејзините естетски квалитети се деликатни и префинети. Поради големото оштетување на живописот, кое настанало со уривањето на куполата и сводните делови од градбата во доцносредновековната епоха, декорацијата во високите зони на црковниот ентериер не е сочувана. Исто така, настрадало и сликарството во олтарниот простор, особено она аплицирано на горните делови од апсидалниот ѕид. Сепак, остатоците од сликаната декорација го откриваат долниот дел на Богородичната фигура меѓу архангелите во апсидата, апостолите од Причестувањето во средната зона и архијереите од Литургиската служба во најнискиот регистар. Во високите делови на северниот и на јужниот ѕид од олтарот, фрагментарно се зачувале и неколку сцени кои ги илустрираат библиските стихови поврзани со постваскресните настани раскажани во Четвороевангелието.

Во наосот на црквата биле прикажани композициите што ја сочинуваат содржината на чети-

ЦРКВАТА *СВ. НИКОЛА*, ЉУБОТЕН

ри илустрирани циклуси. Првиот од нив се наоѓал во високите зони на поткуполниот простор и ги прикажувал најзначајните Празници на православната црква, но поради оштетувањето на овој дел од храмот, од него се зачувани единствено фрагментите од сцената на Сретението на јужниот и Лазаревото воскресение на северниот ѕид. Во средниот регистар од сликаната декорација бил аранжиран Страсниот циклус, но и тој настрадал во голема мера, така што се сочувани само сцената на Тајната вечера прикажана на јужниот ѕид и композицијата со Качувањето на Христос на крстот претставена на северниот ѕид. Во втората зона од живописот на црквата бил илустриран циклусот посветен на Христовите чуда и параболи, кој брои триесеттина сцени, распоредени во наосот и во протезисот на храмот. На западниот ѕид од храмовиот ентериер бил претставен и Успенскиот циклус, посветен на смртта на Богородица и илустриран со три композиции. Во најнискиот регистар од сликаната декорација била аранжирана стоечката галерија на светителски претстави, меѓу кои се препознаваат фигурите на воините, маченицте, бесребрениците и маченичките. На северниот ѕид била прикажана Деизисната композиција, во која, покрај претставите на Христос и Јован Крстител, се гледаат портретите на кралот Душан, кралицата Елена и младиот крал Урош. Заменувајќи го третиот визуелен елемент од Деизисната тријада – ликот на Богородица, владетелското семејство станало интегрален дел од светителската галерија што го краси најнискиот дел од храмовиот ентериер.

Недостигот на ктиторска композиција во рамките на сликаниот репертоар на црквата Свети Никола упатува на фактот дека кога зографите ја работеле декоративната програма, ктоторката на храмот – госпоѓата Даница, најверојатно, веќе била покојна. Тоа го оправдува и хронолошкиот јаз од седум до осум години кој постои меѓу градбата на црквата (завршена во 1336/1337 година) и изведбата на фрескопрограмата (1344-1345 година). Сето ова упатува кон идејата дека по завршувањето на градителските работи на храмот и поставувањето на ктиторскиот натпис со имињата на тројцата донатори, благородничката

Даница починала, па обврската околу декорацијата на црквата со фрески морале да ја преземат нејзините синови – Бојко и Димитар. Иако не постојат податоци за тоа како се одвивало украсувањето на црквата, во репертоарот на сликаната програма постојат повеќе елементи кои упатуваат на фунерарниот карактер на фрескодекорацијата. Меѓу нив, ја издвојуваме веќе споменатата Деизисна композиција, насликана во источниот дел на северниот ѕид од наосот, во која Богородичната фигура е супституирана со ликовите на владетелското семејство. Како камерна верзија во прикажувањето на Страшниот суд, Деизисната тријада ги поседува сите потребни референции за сублимирано визуализирање на апокалиптичната тематика поврзана со смртта и воскресението.

СВ. НИКОЛА, ЉУБОТЕН, МОЛИТВАТА НА ПРОСКОМИДИЈАТА

СВ. НИКОЛА, ЉУБОТЕН, ДЕИЗИСНАТА КОМПОЗИЦИЈА

Фактот што женскиот елемент од Деизисот е заменет со нова фигурална тријада е само едно од средствата на суптилниот приод на љуботенските мајстори во обликувањето на есхатолошката димензија на сликарството во заветнината на аристократката Даница.

Исто така, вметнувањето на владетелското семејство во триадниот концепт на Деизисната сцена може да се протолкува како инвентивно проширување на вообичаената иконографска конфигурација на оваа претстава со нови, социополитички компоненти. Со оглед на светородноста на владетелската куќа, нејзината визуелна синергија со деизисните личности станала не само можна туку и идејно оствалива, со што спојувањето на двете „тројки“ продуцирало нова иконографска конфигурација на штета на Богородичниот лик, но во полза на владејачката династија. Ваквиот проширен Деизис не само што не можел да остане незабележен поради својата атипична конфигурација туку јасно го нагласувал фунерарното значење на декорацијата, во која женската компонента од претставата недостига, како што недостига и ликот на ктиторката, која не можела да биде прикажана поради своето „неповратно отсуство“. Во контекст на идејата за јасно нагласениот фунерарен карактер на сликаната декорација во црквата, треба да се спомене и илустрираниот Успенски циклус, карактеристичен за храмовите вообичаено посветени на Богородица. Иако дедикацијата на љуботенскиот храм била поврзана со свети Никола, циклусот на Богородичното успение, прикажан на западниот ѕид, доволно убедливо упатува кон погребната функција на храмот, кој требало да го зачува спомент на благородничката Даница како нејзина ктиторска меморија.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Покрај програмските новини во сликаната декорација на љуботенскиот храм (најстарата претстава на Молитвата на проскомидијата во македонското средновековно сликарство, со ликовите на двајцата архијереи кои го подготвуваат телото на новороденият Христос за евхаристична служба) и инвентивната иконографска конфигурација на прикажаните мотиви (спојувањето на последователните епизоди од настаните што ја илустрираат Христовата јавна дејност, вметнувањето на жанр компоненти во стандардната иконографска матрица на сцените со приказ на Христовите исцеленија), деликатниот стил на зографите – автори на фрескоживописот е третата значајна одлика на сликарството во црквата. Соз-

СВ. НИКОЛА, ЉУБОТЕН, СВ. ЃОРЃИ И СВ. ДИМИТРИЈА



СВ. НИКОЛА, ЉУБОТЕН, ХРИСТОС И САМАРЈАНКАТА

СВ. НИКОЛА, ЉУБОТЕН, ХРИСТОС И ЗАКХЕЈ

давајќи визуелна панорама од сцени во кои доминира ненагласениот волумен на формите, благата заобленост на ликовите, елегантните движења на прикажаните личности и светлата, студена гама на колористичката палета, љуботенските мајстори се афирмираат како претставници на „дворскиот стил“ на византиското сликарство, наменет за задоволување на софистицираниот вкус на високото благородништво. Изведен во тек на две сезони (1344 и 1345) од две посебни зографски тајфи, од кои првата била предводена од најголемиот балкански мајстор на сликарската вештина во тоа време – угледниот Јован Теоријан, а другата настојувала да ги следи примерите на неговото творештво, живописот на љуботенската црква е една од најраните творби на отмениот стилски израз од средината на столетието и на неговата префинета визуелна естетика.

Во тој контекст, хармоничниот ритам на дејството во прикажаните настани, елегантниот пулс на телесната моторика на претставените личности, поетската атмосфера на глетките исполнета со грацилност и дворска протоколарност и умереният замав на движењата врз кои лежи сценското дејство, се носечките елементи со помош на кои се гради конзистентно организираната композициска проекција на избраните мотиви. Меката моделација на ликовите, рационално констелираниот волумен на телесните компоненти, отмените фацијални белези на светителските лица ослободени од пренагласени емоционални изрази и од вознемирувачка патетика и протоколарните ставови на прикажаните карактери кои се движат со леснотија на „салонски танчари“ во плиткиот простор на сценското дејство, се инструментите на Јован Теоријан во создавањето на еден консонантно организиран и хармонично разигран визуелен организам. Рафинираниот цртеж, тоналната обработка на волуменот, леснотијата на парадните движења и аристократската нота во прикажувањето на илустрираните настани упатуваат на стилски израз флуиден по својата намера, ведар по својата динамика и мелодичен по карактерот на авторскиот пристап. Светлата колористичка палета, студена, прозирна и деликатна во нијансите, претставува завршен акцент на префинетата Теоријанова сликарска постапка, која во ентериерот на љуботенската црква генерирала бескраен хоризонт на оптички илузии, натопени со луминисцентниот спектар на боените валери. Јасмин-белото, бисерната зелена боја, лаванда-синото, нежниот аквамарин и платинесто-златната нијанса се основните компоненти на егзотичната колористичка амплитуда на мајсторот Теоријан. Речиси прозирна во резонансот на боите и свечена во применетиот спектар на нивните преливи, Теоријановата палета го претставува завршниот „допир“ на нежното, поетски рафинирано и грациозно сликарство на љуботенскиот храм. Единствена по аристократскиот манир на стилските карактеристики, сликаната декорација на црквата Свети Никола во Љуботен претставува редок примерок на дворска уметничка експресија во културната ризница на средновековно Скопје.

ПОДРАЧЈЕТО НА МАТКА

Кога се зборува за богатата културна стратиграфија на средновековно Скопје, мора да се истакне дека еден забележителен дел од сакралните споменици обележани со вредни уметнички квалитети е лоциран во географскиот појас на Матка, клисура со фасцинантни природни одлики и неповторлив еко-амбиент. Како резултат на нејзината поволна и обилна биолошка структура и особено на тешката пристапност која обезбедувала релативно добра заштита на теренот, Матка станала вистинска оаза за религиозниот живот во динамичните и често драматични историски околности во кои опстојувал средновековниот град. Големиот број локации на кои е констатирано постоење на ранохристијански базилики упатува на светоста на регионот уште во периодот на V и VI век, која продолжила да се негува и во подоцнежните столетија. Сепак, најстариот хоризонт на уметничка активност во областа на средновековна Матка го претставуваат спомениците од Комненската епоха, посведочени преку зачуваните остатоци на градби од периодот пред освојувањето на Византиското царство од Латините.

КАЊОНОТ МАТКА

ЦРКВАТА СВЕТИ АРХАНГЕЛ МИХАИЛ НА ПЕТРОВ КАМЕН

ЦРКВАТА *СВ. АРХАНГЕЛ МИХАИЛ* НА ПЕТРОВ КАМЕН

ДЕЛОВИ ОД КАМЕНАТА ПЛАСТИКА НАЈДЕНИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ

Меѓу многубројните траги на сакрални објекти распространети низ живописната клисура на реката Треска и по хоризонталните појаси на нејзината географска околина, црквата посветена на свети Архангел Михаил, лоцирана на локалитетот Петров Камен, оддалечен 2 километри од селото Горна Матка, зазема посебно место во културното наследство на овој регион[20]. Таа го претставува најстариот зачуван средновековен градежен потфат на оваа територија, кој, во својата базична архитектонска конфигурација, опстанал до денес. Помеѓу локалните жители познат како храм на Светите Тројца, овој базиликален објект, кој некогаш имал централна позиција во понискиот географски хоризонт на средновековна Матка, се зачувал во урнатини со висина до еден метар, но со сè уште видлива просторна организација на основата (олтарен дел, наос и припрата), што укажува на сакрален објект со постојана литургиска служба. Пронаоѓањето на масивната надгробна плоча со епитаф испишан на црковнословенски јазик во централниот дел на храмот упатува на постоењето на средновековна некропола околу градбата, како сведоштво за нај-

ЦРКВАТА *СВ. ТРОЈЦА*, МАТКА

зината фунерарна функција, т.е. како аргумент кон тврдењето дека црквата била наменета за погребните церемонии на жителите на Матка.

Храмот посветен на свети Архангел Михаил (денес Свети Тројца) е граден од кршен, на места приделкан камен, аранжиран во хоризонтални редови и алтерниран со керамички материјал, сложен во нерегуларен sидарски опус. Поради недостиг на материјал, sидаријата на градбата била надополнета со постари елементи, коишто потекнуваат од градителскиот корпус на ранохристијанска базилика (импости, бази од камени столбови, делови од олтарна преграда). Исто така, во архитектонското ткиво на објектот се забележуваат и вметнати сполии од постари, пагански градби, но црквата била покриена со уредно калапени средновековни ќерамиди од таканаречениот комненски тип, пронајдени на теренот. За жал, поради степенот на руинираност на архитектонската структура на храмот, ликовна декорација не е зачувана. И покрај недостигот на валидни историски документи или други извори кои би реферирале кон попрецизна хронолошка одредница на црквата, типот на нејзината компактна базиликална основа, карактерот на sидарскиот опус во изведбата, употребениот градежен материјал и наодот на византиските чанкасти монети како археолошки прилог кон временската рамка, упатуваат на последните децении од XII столетие како најсоодветен период за градбата на црквата Свети Архангел Михаил. Рефлектирајќи ги специфичните и јасно препознатливи

градителски традиции од доцниот XII век, овој храм ги носи обележјата на последната етапа од развојот на византиската градежна продукција пред колапсот на Империјата. Изграден во залезот на еден плодотворен и живописен период од историјата на средновековното градителство и обележан со одликите на една скромна, но конзистентна архитектонска опстановка, храмот посветен на светиот Архангел Михаил на локалитетот Петров Камен е репрезент на сакралната култура од периодот пред 1204 година, исклучително ретко зачувана во скопската област.

КОРИЈАТА *ДАБЈЕ* КАЈ ПЕТРОВ КАМЕН

ЦРКВАТА СВЕТИ СПАС НА ПЕТРОВ КАМЕН

На педесетина метри оддалеченост од црквата Свети Архангел Михаил се наоѓа храмот Свети Спас[21], изграден во 1968 година, со мали димензии на неговиот архитектонски корпус и со рустична градба на фасадните sидови. Вметнатите сполии (од ранохристијански и средновековни градби), видливи на повеќе места во страничните sидови од градбата, како и елементите од градежен материјал со хронолошка припадност на средновековниот и поствизантискиот период, пронајдени околу неа, упатуваат на тоа дека постојната црква претставува современа обнова на еден постар објект, за чиешто датирање не постојат никакви податоци. Рустичниот начин на градење на еднокорабниот храм (парчиња кршен камен со непропорционални димензии) и скромната фасадна обработка на sидовите се основните одлики на црквата во нејзината архитектонска манифестација. Она што отскокнува од скромните одлики во екстериерното обликување на градбата е солидната опшивка на цоклето, зачувана до висина од половина метар. Фактот што таа е поширока за цели 40 сантиметри од самата линија на фасадата води кон заклучок за постара хронологија на овој дел од објектот во однос на другиот архитектонски корпус на градбата. Sидарскиот опус во кој тој е изведен е мошне традиционален и не дава соодветни податоци за негова попрецизна хронологизација.

Сепак, од зачуваните патеписни текстови, знаеме дека во почетокот на XX век, на местото на денешниот храм постоеле урнатини на постара црква и многубројни елементи од византиска градителска провинциенција, што води кон заклучок дека на денешната црква Свети Спас ѝ претходат две постари фази. Првата од нив, веројатно, треба да се поврзе со разурнувањето на храмот посветен на свети Архангел Михаил, кој, во првите

ЦРКВАТА СВ. СПАС НА ПЕТРОВ КАМЕН

децении на XIII столетие, веќе бил деструиран и напуштен како верски објект. Во тој контекст, во неговата непосредна близина била подигната нова црква, која ја презела сакралната функција на локалитетот Петров Камен. Точното време на овој трансфер на верските перформанси од постариот во новиот објект не може да се утврди, но податоците за обновените градителски иницијативи по српската инвазија врз северните македонски подрачја би можеле да претставуваат хронолошка референца за новите градежни потфати во реонот на Матка, кој влегувал во територијата на српската политичка експанзија.

Оваа постара фаза од градителската структура на црквата, која би можела временски да се лоцира на преминот од XIII во XIV столетие, потврдена со остатоците од средновековни архитектонски елементи пронајдени во околината, била веројатно урната по османлиското освојување на Скопје, кога настрадале многубројни сакрални објекти од христијанска провиниенција. По смирувањето на состојбите, разурнатата црква била обновена со поскромни архитектонски претензии, за што сведочи зачуваната опшивка во долниот дел од современата црква, чиј sидарски опус упатува на XVII век, период на создавање помали верски објекти на локациите на постарите градби од средновековието. Откако бил урнат и доцносредновековниот храм, новата обнова на црквата уследила во 1986 година, како сведоштво за упорното опстојување на овој објект низ сукцесивните етапи на својата сопствена архитектонска метаморфоза и низ драматичните премрежија на консекутивните историски епохи.

ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА МАРКОВ ГРАД

За разлика од скромното архитектонско наследство зачувано во пониските географски појаси на Матка, во повисокиот хоризонт на нејзината културна стратиграфија е ситуиран споменик што ги рефлектира и ликовните особености на средновековната уметничка продукција. Тоа е црквата посветена на света Недела[22], лоцирана во рамките на урбаната структура на некогашната утврдена населба Марков Град, која се наоѓала на источната страна на планинскиот масив Осој, на потегот на неговото спуштање кон реката Треска. Поставена на едно минијатурно зарамнето плато во центарот на некогашниот град, таа стои на врвот од една природна карпа, која се спушта кон вртоглавиот амбис на клисурата. Егзистирајќи со столетија во високите предели на планинскиот гребен, тешко пристапен дури и во денешни услови, црквата Света Недела ги носи трагите на безмилосните уништувања на времето, видливи во остатоците од нејзината архитектонска структура и во тешко оштетениот живопис. Сепак, монолитното градителско решение кое се наѕира под зачуваните урнатини и сочуваната фрагментирана сликарска декорација, говорат во прилог на едно фасцинантно здание кое претставувало главно светилиште за локалната популација на Марковиот град.

ЦРКВАТА *СВ. НЕДЕЛА*, МАКОВ ГРАД

Архитектонскиот концепт на црквата

По својот архитектонски концепт, овој храм претставува мала, крстообразна градба од компактен тип со купола, дизајнирана според редуцираните просторни можности на нејзината локација. Од некогашниот градежен скелет на црквата зачувани се пандантифите врз кои се потпирала куполата на источната страна, дел од источните поткуполни лакови, јужната половина на апсидалната конха, северниот ѕид на градбата и дел од јужниот ѕид. Зачуваните архитектонски елементи се доволни да се претпостави оригиналниот визуелен модел на градбата кој имал облик на вписан крст во правоаголен простор од сожет тип, при што куполата се потпирала на аголни пиластри, а целиот објект бил изграден од парчиња кршен, приделкан камен, поврзуван со малтер и алтерниран со керамички материјал од постара, античка провиниенција. Керамопластичниот украс

ЦРКВАТА *СВ. НЕДЕЛА*, МАКОВ ГРАД

ЦРКВАТА *СВ. НЕДЕЛА*, МАКОВ ГРАД

на фасадите отсуствува, но на врвот од куполата некогаш бил поставен бронзен крст со висина од околу половина метар, кој, по уривањето на сводните површини, бил депониран во Црковниот музеј на Скопската митрополија.

Разурнувањето на градбата, исто така, се реперкуирало и врз уништувањето на изведениот фрескоживопис, од кој парцијално е зачувано сликарството аплицирано во олтарниот појас и во источните делови од бочните ѕидови на храмот. Останувајќи без заштитата на архитектонската обвивка на црквата, и оваа фрескодекорација претрпела големи оштетувања, особено поради нејзината *al secco* техника, нерезистентна на драстичните климатски промени карактеристични за сезонскиот календар. Поради тоа, зачуваните партии на оригиналниот фрескоаранжман се мошне бледи, така што елементите на сликаната програма се видливи единствено во контури. Сепак, определени карактеристики на сликаниот ансамбл изведен во источниот дел од црквата може да се детектираат врз основа на препознатливите визуелни компоненти бидејќи придружните натписи (светителски сигнатури, легенди исл.) се целосно уништени.

Програмско-иконографските обележја на сликаната декорација

Од некогашната сликана програма на црквата Света Недела, во јужниот дел на полукружниот олтарен ѕид зачуван е дел од композицијата Литургиска служба на архијереите, на површината од источните пиластри претставени биле ликовите на столпниците Даниил и Симеон, а над нив, во втората зона од изведениот живопис биле лоцирани портретите на двајца светители, прикажани во бисти. Во истиот регистар, на северниот ѕид, зачувани се сосема бледи остатоци од композицијата на Христовото распетие. На спротивната страна, во централна позиција на јужниот ѕид, во најниската зона биле претставена фигурата на храмовата пантронка, света Недела. Прикажана во елегантен став и облечена во раскошна облека на висока благородничка дополнета со круна и превез за покривање на коса, света Недела го држи својот карактеристичен атрибут, маченичкиот крст во десната рака. Врз основа на позицијата што оваа светителка ја зазема во просторниот концепт на изведениот живопис и имајќи ги на ум елементите на нејзината претстава забележани во четириесеттите години на минатиот век кога таа била многу подобро видлива, нема сомнение дека патронката света Недела била прикажана како дел од ктиторската композиција, која ја вклучувала и претставата на минијатурната реплика на храмот. Сепак, оштетувањето на живописот, кое, најверојатно, се протега со векови наназад, не дозволило да се идентификува ликот на ктиторот на црковната градба.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Овој мал ликовен ансамбл, кој, според зачуваните елементи од изведената програма, ги опфаќал олтарната декорација, сликарството во куполата, Празничниот циклус и светителските претстави, бил изведен од зограф со прецизен цртеж и јасно формулирана контура. Цврстата моделација на формите, забележителните формати на прикажаните композиции, елегантната силуета на фигуралните претстави, широките потези во изведбата на масите и вештината во форматирањето на декоративните компоненти се основните одлики на неговата ликовна постапка. Иако недоволни за попрецизно одредување на пиктуралната енергија на зографот – автор на сликаната декорација во црквата, фрагментирано зачуваните елементи од сликарството на Света Недела укажуваат на мајстор кој ги следел основните постулати на палеологовскиот класицизам како свој базичен стилски модел. Во таа насока, конзистентниот цртеж, пластичната моделација на формите, организацијата на ликовните маси, нанесувањето на боениот пигмент во широки потези, обликувањето на фацијалните белези и монументализирањето на композициските матрици упатуваат на сликарски организам создаден од следбеник на класицистичките тенденции негувани во дваесеттите, триесеттите и четириесеттите години на XIV век. Иако анонимен за историјата, овој мајстор, автор на сликаната декорација на црквата Света Недела, припаѓа на генерацијата фрескописци кои ги следеле поуките на класицистички ориентираните зографи од првите децении на столетието и продолжиле да го негуваат нивниот ликовен израз, обележан со убедливиот академизам во доловувањето на формите и со живописниот ритам на разиграната колористичка палета.

ЦРКВАТА *СВ. НЕДЕЛА*, МАРКОВ ГРАД

ЦРКВАТА *СВ. НЕДЕЛА*, МАРКОВ ГРАД, ПРЕТСТАВАТА НА СВ. НЕДЕЛА И ДЕТАЉ

СВ. НЕДЕЛА, МАТКА ИСТОЧЕН СВОД

СВ. НЕДЕЛА, МАТКА, ОСТАТОЦИ ОД АРХИТЕКТОНСКАТА СТРУКТУРА НА ГРАДБАТА

Иако за градењето, живописувањето и осветувањето на црквата Света Недела нема податоци во историските извори – а поради руинираноста на зданието не се зачувани ниту ктиторскиот натпис, ниту какви било други записи во самата градба – прецизното време на нејзиното создавање, како и социолошките карактеристики на ктиторскиот потфат, не можат да се детерминираат. Сепак, постојат определени елементи што треба да се земат предвид кога се зборува за историската димензија на овој споменик и за неговото културно значење. Имено, стилските одлики на живописот, особено неговата припадност кон ликовните трендови од класицистичката фаза на палеологовското сликарство од една страна, како и sидарскиот опус на изведбата на остатоците од архитектонскиот корпус на градбата од друга, упатуваат кон првата половина на XIV век како најсоодветна хронолошка одредница за времето на градењето и живописувањето на црквата Света Недела. Во тој контекст, расположливите историски податоци за феудалното управување на Матка во четвртата деценија на XIV столетие содржани во ктиторскиот натпис од црквата Свети Никола во скопското село Љуботен можат да се земат како релативно сигурен патоказ кон определувањето на ктиторскиот ангажман поврзан со продуцирањето на овој храм, ситуиран во средновековната населба, во археолошката литература наречена Марков град.

Имено, податоците за имотно-правната сопственост на благородникот Бојко, син на госпоѓата Даница – ктиторката на Љуботен, врз подрачјето на Матка и нагласувањето на неговите феудални привилегии врз овој исклучително важен стратешки појас ситуиран на приодот кон средновековно Скопје, се базичните референции за атрибуцијата на црквата Света Недела на ктиторските активности на овој моќен и угледен аристократ. Археолошките истражувања на градската акропола и на нејзините подградија, исто така, укажуваат на веројатноста Марковиот град, со својот фортификациски систем, да настанал како одговор на потребата за заштита на западниот предел на скопската област во времето кога господар на Матка бил благородникот Бојко, т.е. во триесеттите и четириесеттите години на XIV столетие. Во истата насока би можела да се прифати и идејата дека господарот на градот бил и ктитор на главното градско светилиште – црквата Света Недела. Иако ктиторската композиција, претставена на јужниот sид од храмот, не е зачувана, со исклучок на ликот на храмовата патронка, ктиторската улога на Бојко – основачот на средновековниот град изграден во високите планински постови на Матка – не би требала да се доведува во прашање. Ситуирана на врвот од карпестиот масив, во центарот на урбаната инфраструктура на средновековната населба и заштитена од природната одбранбена позиција на својата тешко пристапна локација, црквата Света Недела се воздигнувала како сакрален монолит и безбедно верско засолниште за градската популација. Заштитувана од одбранбената кула, денес наречена Ветер воденица, лоцирана на највисоката точка од карпестата структура на сртот, црквата Света Недела, изградена над самиот раб на длабокиот воздушен амбис, претставува вистински сакрален бисер спуштен во карпестата школка на средновековна Матка.

СВ. НЕДЕЛА, МАТКА, ПРИОДОТ КОН ЦРКВАТА

ЦРКВАТА СВЕТИ АНДРЕЈА МАТКА

Неколку километри југозападно од црквата Света Недела се наоѓа најрепрезентативниот споменик кој, како продукт на средновековната ликовна култура, се зачувал во регионот на Матка – храмот посветен на свети Андреја, лоциран покрај реката Треска, во нискиот хоризонт на речниот кањон[23]. Лесно пристапна по патеката што го следи речниот ток и води кон вештачката езерска акумулација, придружена со современа и функционална инфраструктура, црквата Свети Андреја денес претставува една од најголемите културни и туристички атракции на модерно Скопје. Подигнат со хармоничен архитектонски концепт и украсен со репрезентативен фреско-живопис создаден во крајот на XIV век, петнаесетина години пред османлиското освојување на градот, овој споменик ги рефлектира последните визуелни искри на средновековното творештво, еманирајќи ги одликите на врвните уметнички дострели на средновековно Скопје. Со инвентивниот склоп на архитектонските елементи, со хармоничните пропорции на градителската изведба и со живописната сликана панорама во ентериерот, црквата посветена на свети Андреја ја претставува кулминацијата на артистичката креација на македонското подрачје во самиот крај на медиевалната епоха, пред историската трагедија на османлиското освојување.

Црквата Свети Андреја – вистински претставник на деликатниот архитектонски вкус на средновековните ктитори и на неимарската вештина на градителите од доцниот XIV век – иако скромна по своите димензии, е еден од најзначајните монументи на доцносредновековната епоха, карактеристична по смелите визуелни комбинаторики и инвентивните просторни решенија на сакралните градби. Црквата претставува ктиторска заветнина на благородникот Андреаш, син на покојниот крал Волкашин и помлад брат на актуелниот крал Марко. Била подигната во 1388/1389 година на еден од имотите со кои располагало кралското семејство, лоциран во пикторесктниот природен амбиент на кањонот Матка. Сместен во зелените дланки на планинскиот масив покрај речното корито на Треска – доволно далеку од средновековно Скопје и од неговата урбана „какофонија“ – храмот посветен на свети Андреја, првоповиканиот Христов апостол, опстанал во мирољубивиот еколошки пејзаж од крајот на XIV столетие до денес како сведок на ктиторските подвизи на Марковата фамилија, гордо истакнати во содржината на донаторскиот натпис испишан над влезот, како и во текстот на основачката повелба, која во фреско-формат била експлицирана по должината на sидните платна од ентериерот.

Освен ктиторскиот натпис, во ентериерот на храмот се зачувале податоци и за ангажираните мајстори, кои со својата фрескодекорација ја украсиле заветнината на принцот Андреаш со живописна панорама на библиски сцени и светителски претстави, изведени со благородни форми и блескава колористичка палета. Првиот од двата натписа, испишани во фрескотехника и зачувани во олтарниот простор, ги открива имињата на митрополитот Јован Зограф, авторот на храмовиот живопис, и на неговиот помошник во работата на фрескирањето – монахот Григориј, кој, веројатно, асистирал при изработката на картоните за фреските и учествувал во досликувањето на

ЦРКВАТА *СВ. АНДРЕЈА*, МАТКА

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, ПРЕТСТАВИТЕ НА АРХАНГЕЛИТЕ ПОКРАЈ ВЛЕЗОТ

определени партии од живописаниот аранжман на црквата. Вториот натпис, исто така, значаен за осветлувањето на најраната историја на овој споменик, го открива името на монахот Калест Кирил, кој, со своите собраќа, бил ангажиран уште на почетокот на ктиторските активности преземени за изградба и декорација на храмот. Потребата за споменување на овој калуѓер – чие име било испишано на мошне видливо место, над нишата на ѓаконикон во јужниот дел од олтарот наспроти натписот со името и титулата на митрополитот Јован поставен во просторот над протезисот – веројатно произлегла од желбата да се нагласи манастирскиот карактер на црквата и нејзиното значење за верскиот живот на локалната популација. Тоа е и единствената упатница кон некогашниот манастирски формат на Андреашкиот храм, од чијшто оригинални содржини денес е зачувана единствено црквата со нејзините архитектонски и ликовни карактеристики.

Содржината на натписите видливи во ентериерот на црквата се доволна потврда да се согледаат димензиите на високобуџетниот ктиторски проект насочен кон подигнувањето и украсувањето на манастирот Андреаш, именуван според својот дарежлив донатор, кој, како негова заветнина, добил многубројни феудални имоти, поседи и подароци. Оттука не зачудува и елитниот карактер на ангажираните изведувачи на фрескодекорацијата во манастирската црква, меѓу кои, како предводник, се наоѓал и скопскиот митрополит Јован, висок црковен достоинственик и мегаталентиран зограф, кој во сликарскиот украс на Свети Андреја го оставил своето најзначајно и најзабележително ликовно дело. Фрескист и иконописец, еклесијастички благородник и фиданка на угледно православно семејство по потекло од прилепската област, митрополитот и зограф Јован е најдоброто сведоштво за раскошната димензија на ктиторскиот потфат на принцот Андреаш во финансиска, идејна и естетска смисла. Ангажиран поради својата теолошка ерудиција, сликарското искуство и богатото уметничко портфолио, митрополитот Јован го заокружил донаторскиот потфат на кралското семејство со најдобрите одлики на своето зографско мајсторство, создавајќи го последното ремек-дело во средновековна Македонија.

Архитектонскиот концепт на црквата

По својот архитектонски дизајн, црквата Свети Андреја претставува градба подигната во форма на триконхос, однадвор опфатен со крстообразна основа куполно засведена. Комбинацијата на триконхален план и на крстообразно решение ги рефлектира столетијата на градителски експерименти и варијации во македонската средновековна архитектура, отсликувајќи ги неоспорните квалитети на традиционалната локална градежна продукција. Претставувајќи последен потомок на типолошката основа на тролисни сакрални здонија, со која почна архитектонското творештво на македонското средновековие, храмот на Свети Андреја ја заокружува извонредната креација на медиевалните неимари на нашето подрачје во самиот крај на XIV век. Притоа, триконхалниот план на градбата добил надворешна обвивка со правоаголни облици кои во екстериерот создаваат форма на слободен крст, со тристрана апсида на источната страна и минијатурни внатрешни ниши со функција на протезис и ѓаконикон. Строгата и бескомпромисна доследност во организацијата на храмовата архитектоника се забележува и во ентериерот на градбата, во кој централното поткуполно јадро е врамено со полукружниот апсидален ѕид и со двете бочни певници. Куполата, која се издигнува врз централниот травеј на црквата, се потпира на четирите пандантифи, поставени во аглите на градбата. Со компактноста на дизајнот, евидентна во внатрешниот простор на храмот, со инвентивниот склоп на основата која ги сублимира триконхалниот и крстообразниот облик и со пропорционалната хармоничност на ентериерното решение, црквата Свети Андреја спаѓа во групата на последните репрезентативни споменици на македонскиот среден век.

Екстериерот на градбата го сочинуваат фасадите изведени во комбинација на камен и тула и оживеани со полукружни ниши, ритмично распоредени и поставени во две паралелни зони. Ѕидарскиот опус е прилично рустичен и се состои од приделкани камени блокови со нееднаква големина, поврзани со малтер и алтернирани со тула. Поелегантен изглед на екстериерната об-



ЦРТЕЖ: С. КОРУНОВСКИ

ОСНОВА НА ЦРКВАТА *СВ. АНДРЕЈА*, МАТКА

работка се забележува во куполниот појас, каде како градежен материјал бил употребен правилно делкан бигор. Куполата, како завршен акцент на градбата, била декорирана и со витки камени колонети поставени на рабовите од осумстраниот тамбур, што придонело кон оптичко продолжување на висината на самиот куполен свод. За поткуполните регистри и за фасадните појаси на објектот, мајсторите конципирале еден строг, доследен и во голема мера воздржан систем на декоративна обработка, соодветен на димензиите и на компактниот архитектонски дизајн на црквата. Притоа и применетиот градителски опус, кому му недостига деликатноста на правилната техника во изведбата, имплицирал редуциран асортиман на керамопластична орнаментика.

Од тие причини, градителите на Свети Андреја го насочиле своето внимание кон одбирот на фасадна декорација соодветна на рустичната матрица на применетата ѕидарија, што подразбирало скромен дијапазон на мотиви и умерена динамика во нивниот аранжман. Во тој контекст, фасадните платна биле поделени во два хоризонтални регистри, украсени со полукружни слепи ниши. По својата обработка, овие декоративни ниши не отстапуваат од рустичниот опус во кој биле изведени црковните фасади, а според распоредот, тие требало да го оживеат монолитното ткиво на градбата на сите четири надворешни ѕидови. Во полукружните полиња на нишите, вредни со скромно дизајнирани архиволти, изведена е керамопластична декорација со радијално или вертикално поставени тули. Во една од нишите поставени на северната фасада на градбата се појавува и мотивот на сипина коска, кој оди во прилог на желбата на мајсторите за примена и на посложени декоративни орнаменти во керамопластичната обработка на екстериерните ѕидови.

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА КУПОЛАТА И СЕВЕРОИСТОЧНАТА ФАСАДА

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, МОТИВ ОД КЕРАМОПЛАСТИЧНИОТ УКРАС НА ФАСАДАТА

Најбогата керамопластика била дизајнирана за олтарната апсида, која на сите три страни има вкупно шест полукружни слепи ниши декорирани со тули во нерамномерен распоред. Една од нишите во понискиот регистар е целата исполнета со мотивот на сипина коска, додека другите го следат моделот на општата декорација на црковните фасади.

Системот на елаборација на фасадните потези, со двојниот регистар на слепи ниши, во голема мера упатува на угледувањето на андреашките мајстори градители на екстериерниот дизајн на црквата Свети Димитрија во Маркова Сушица, заветнина на кралот Марко, постариот брат на ктиторот на Свети Андреја. Иако обработката на олтарната апсида на храмот ктитериран од кралевите Волкашин и Марко се базира врз принципите на правилен и прецизен ѕидарски опус, а слепите ниши се исполнети со побогата керамопластика, двата храма ги делат истите начела на фасадниот дизајн во обработката на источните екстериери. Притоа, забележливо е дека керамопластичната декорација аплицирана на олтарната апсида на Андреаш е поскромна во однос на онаа изведена во Марковиот манастир, но исто така е очигледно дека таа е инспирирана од раскошниот фасаден дизајн применет во олтарната обработка на Марковата црква. Влијанието на архитектонските карактеристики кои ја красат надворешноста на Марковиот манастир може да се препознае и во изведбата на куполниот регистар во Андреаш, кој е поставен над монолитно конфигурираната

градба со висока и елегантна силуета на осумстраното решение.

Функционалната редукција на декоративните компоненти во фасадната обработка на црквата Свети Андреја *vis-à-vis* раскошниот дизајн во обликувањето на Марковиот манастир, веројатно, се должеле на димензиите и применетиот sидарски опус на андреашкиот храм; помал во однос на својот „претходник“ и изграден во рустична градителска техника, тој заостанува зад извонредната sидарија на Свети Димитрија. Сепак, фасадната обработка на Свети Андреја упатува на директно надоврзување на најрепрезентативниот сакрален објект ктиториран од кралското семејство и емanира непосредни естетски сличности со својот „постар сродник“. Оттука, компарацијата на двете заветнини на фамилијата Мрњавчевиќи, продуцирани во драматичниот период на османлиската инвазија, реферира кон донаторската соработка на двајцата браќа – постариот, Марко, ја завршил сакралната донација на својот татко – црквата Свети Димитрија, во крвавите години по Маричката битка, а помладиот, Андреаш, ја продуцирал Свети Андреја во мирниот период на Марковиот вазалитет. Во својот ктиторски потфат, изведен во регионот на Матка, тој ги наследил и ги презел раскошните декоративни форми на Марковиот манастир, преобразувајќи ги во една, за актуелниот историски миг, соодветна концепција.

Мала по димензии, но со извонредна пропорционалност на архитектонските маси и хармонија на градежниот корпус, црквата Свети Андреја е вистински репрезент на софистицираниот вкус на ктиторот и на градителското мајсторство на неимарите во самиот залез на средновековието. Анонимни за историјата и непознати за современите научни истражувања, изведувачите на градбата биле, највероватно, членови на локалните градителски тајфи, особено поради констатираната сличност на нивната фасадна проекција со онаа применета во Марковиот манастир. Угледувајќи се на репрезентативните визуелни одлики на Марковиот храм во Сушица и емулирајќи ги неговите естетски компоненти во симплифицирани облици, андреашките градители ја наследиле и продолжиле традицијата на кралското семејство за изведба на атрактивни архитектонски решенија. Надоврзувајќи се на отмениот структурален модел на Марковиот храм и трансформирајќи ја енциклопедиската градителска вештина на неговите творци во компактниот дизајн на своето монолитно решение, андреашките градители создале концепциски хармонична, структурално складна и естетски доследна архитектонска творба, која ја одбележува завршницата на средновековното неимарство на македонското подрачје. Во 1559/1560 година, на западната страна на црквата била доградена припрата со правоаголен облик, подигната со средствата на едно донаторско семејство. Припратата е изградена од кршен камен, поврзан со малтер, во наметливо рустичен sидарски опус. Претставувајќи невешта архитектонска „лепенка“ кон средновековниот храм, новоизградениот нартекс, со своите релативно големи димензии во однос на скромниот просторен габарит на постарата градба, добил функција на пространо предворје пред влезот на верниците во сакралниот простор на средновековното здание.

Програмско-иконографските обележја на сликаната декорација

Со оглед на релативно скромните димензии на храмовиот ентериер, за црквата Свети Андреја била конципирана сликана декорација соодветна на триконхалниот просторен контекст на нејзината внатрешност. Автор на концептот и главен изведувач на декоративната програма бил митрополитот Јован Зограф, кој ги подготвил картоните за фреските, а по завршувањето на живописот во 1388/1389 година, оставил податоци за своето учество во украсувањето на храмот во олтарниот простор – над нишата на протезисот. Според неговата замисла, фрескоансамблот, покрај олтарниот декор, ги опфатил Празничниот и Страсниот циклус, како и избраната галерија на стоечки светителски претстави, соодветна за конхалниот карактер на црквата. Свечените сцени од Големите празници во поткуполниот простор, динамичните глетки илустрирани според Страсните евангелија во средниот појас на црквата, четворицата евангелисти, двајцата првоапостоли, Богородица и патронот на храмот – свети Андреја на полукружните површини на конхите, светите воини покрај влезот и светителските бисти над нив се програмските елементи на сликаната декорација на Андрејашкиот храм. Притоа, иако зографот Јован не манифестира тенденција кон внесување нови иконографски компоненти во претставите, неговата изведба на ликовите, фигурите, дејството, сликаната архитектура и пејзажните глетки во композициите не остава сомнеж дека се работи за еден од најталентираните зографи на доцновизантиската епоха, кој, според академската кон-

АПОСТОЛОТ АНДРЕЈА, ЕВАНГЕЛИСТОТ МАТЕЈА И АПОСТОЛОТ ПЕТАР, *СВ. АНДРЕЈА*, МАТКА

зистентност во изразот и инвентивните естетски решенија, највероватно, е следбеник на некое од современите цариградски ликовни ателјеа.

Притоа, под денес речиси сосема уништената претстава на Пантократорот во темето на куполата, биле прикажани ангелите во дното на калотата и пророците во просторот на тамбурот, на пантантифите биле изведени ликовите на евангелистите, а во апсидата биле насликани евхаристичните композиции. Во поткуполниот простор, десетте сцени на Празничниот циклус биле аранжирани во највисоката зона, додека Благовестите

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, ДЕЛ ОД СЛИКАРСТВОТО ВО ЈУЖНАТА КОНХА

– почетната сцена од илустрацијата на Големите празници, била ситуирана во пониСкиот, втор регистар од сликаната декорација, на источниот ѕид, покрај олтарната апсида. Под Празничниот циклус биле прикажани осумте најживописни настани од Христовите страдања, лоцирани во средниот појас, на бочните ѕидови од наосот. Во првата зона од фрескодекорацијата се прикажани осумнаесет импресивни светителски фигури, над кои е изведена зона со педесет и две бисти на значајни маченици, монаси и испосници. Извонредно дизајнирана во согласност со програмските цели на декоративниот аранжман и соодветно вклопена во компактно организираниот просторен концепт на црковниот ентериер, сликаната програма на Свети Андреја претставува израз на деликатно вообличените ликовни идеи, визуализирани во едно содржински монолитно и естетски раскошно зографско решение.

Кога се зборува за иконографската конфигурација на живописот во црквата Свети Андреја, неизоставно мора да се спомене дека нејзиниот автор, митрополитот и зограф Јован, при изведбата на фрескодекорацијата не манифестирал амбиција за внесување иновативни компоненти во програмската структура на сликарството. Напротив, неговите иконографски решенија се мошне традиционални, композициите се класично

избалансирани во својата визуелна инсталација, а прикажаните ликови се јасно препознатливи и конвенционални од аспект на нивната типолошка припадност. Сепак, иконографијата на неговите изведби не е лишена од живописни детали и досетки, кои го облагородуваат стамениот, но полнокрвен организам на авторската постапка. Така, покрај традиционално костимираните фигури на старозаветните пророци сместени во тамбурот, свое место добил и аскетскиот лик на свети Јован Крстител, додека праведникот Даниил е облечен во автентична „персиска“ облека, според античките ликовни модели. Притоа, на развиените ротулуси, насликани во рацете на старозаветните избраници, сосема добро се зачувале извадоците од пророчките книги со навестувањата за Христовото доаѓање меѓу луѓето. Четворицата евангелисти, лоцирани на пандантифите, се, исто така, прикажани според канонските принципи на византиската иконографија, но со богатството на насликаните детали на сценографската заднина, тие ги надминуваат сите дотогашни претстави

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, СВ. БОГОРОДИЦА

на авторите на четвороевангелието во ликовната продукција на XIV век.

Истото се однесува и на сликаната програма во олтарниот простор, во кој, под престолната Богородица со новороденият Христос фланкирана со архангелите, била прикажана Литуриската служба на архијереите со ликот на новороденият Христос – претставен како симбол на причесниот леб, поставен на патената. Врамени со ликовите на Марија и архангелот Гаврил од сцената на Благовестите, со бистите на старозаветните цареви Давид и Соломон и со портретите на ѓаконите Стефан и Евплос, претставите на Богородица со Христос во конхата и литургичарите Василиј Велики и Јован Златоуст во понискиот регистар на олтарот, ја еманираат идејата за инкарнацијата и нејзината спасоносна улога во комеморативната димензија на црковните церемонии. Приложувајќи ги инспиративните молитви од светата Василиева литургија, архијерејските првенци од Литуриската служба во Андреаш, чија поворка продолжува и на бочните ѕидови од наосот, го рефлектираат ком-

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, ЛИТУРГИСКАТА СЛУЖБА НА АРХИЈЕРЕИТЕ (ДЕТАЉ)

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, БОГОРОДИЦА СО ХРИСТОС ВО ОЛТАРНАТА КОНХА

плексното значење на Догмата и ги отсликуваат богословските референции за Христовиот евхаристичен прилог, мистично повторуван во симболичниот ритуал на црковните отци. Лоцирајќи ја сцената со претставата на Симнувањето на светиот Дух на апостолите во врвот на олтарната декорација, митрополитот Јован ја заокружил идејата за Христовото овоплотување и за неговата улога во создавањето на црковната институција. Со внимателно избраните програмско-иконографски елементи во редуцираниот простор на андреашкиот олтар, зографот ја илустрирал компактната слика за земната Црква, основана врз жртвата на инкарнираниот Спасител и глорификувана во светоста на литургиските церемонии.

Од зачуваните композиции кои ги илустрираат настаните од Празничниот циклус, прикажан во поткуполниот простор на храмот, сцената на Крштевањето ја еманира зографската вештина на митрополитот Јован во постигнувањето визуелен ефект на совршена пропорционалност во распоредот на ликовните маси. Претставата на Крстителот *vis-à-vis* ангелските фигури, персонификацијата на морето наспроти симболичната изведба на реката Јордан во долниот дел на глетката и прецизниот геометриски аранжман на трите божествени хипостази по подолжната оска на сцената, се основните елементи на симетрично организираниот иконографски сооднос на композициското решение. Складниот распоред на ликовите во сцената што го прикажува Слегувањето во пеколот, организирани околу моќната и динамично експонирана Христова фигура во центарот на претставата и извонредната симетрија на сценското решение во Распетието, остварена преку беспрекорната просторна интер-релација на централниот лик, страничните фигури и ненаметливо дизајнираната сценографија во заднината, се исто така парадигматични за рационално организираните иконографски матрици, вешто вклопени во расположливиот простор на поткуполната зона. Наспроти компактниот асамблаж на овие композиции, сцената на Богородичното успение на западниот ѕид ја прикажува погребната свита околу посмртниот одар на Богомајката со беспрекорно чувство за церемонијален ритам, создавајќи атмосфера на ритуална протоколарност.

Композициите од Страсниот циклус, како и оние од Празничниот, ги краси особена впечатливост во иконографската изведба на содржината, па затоа се вбројуваат меѓу најимпресивните визури на Христовата агонија во сликарството од XIV век. Меѓу нив, Тајната вечера се одликува со изобилство во иконографската дескрипција на настанот преку раскошно дизајнираните архитектонски кулиси во задниот план, енергичната гестикулација на апостолските фигури, вметнувањето на ликовите на старозаветниот цар Давид и пророкот Јеремија и живописните ставови на насликаните протагонисти, прикажани во темпераментен разговор и динамична интеракција. Динамизмот на иконографската структура во прикажувањето

на Страсните настани особено е забележлив во претставата што го илустрира Предавството на Јуда, во која силен виор на движење ја карактеризира толпата што се турка околу Христос во центрифугалниот ритам на сценската динамика, додека во глетката што го илустрира Симнувањето на мртвиот Христос од крстот сите иконографски елементи се подредени на чувството за тешка трагедија, доловена со бавните движења кои ги еманираат тажните емоции на актерите; пропорционалниот распоред на композициските линии што гравитираат кон Христовата фигура трагично извиена во средиштето на глетката е главната компонента на неповторливиот иконографски ефект во прикажувањето на најтрагичниот и емотивно најсилен мотив на илустрираната Пасија во црквата.

Во зоната под композициите од циклусот на Христовите страдања, формиран е регистар со претстава на педесет и две светителски бисти од категориите на епископи, монаси, пустиници, маченици, химнографи и воини, прикажани со прецизни типолошки карактеристики на нивните ликови, како конституенти на еден камерен по својот формат, но калеидоскопски по својата содржина мини сликарски регистар. Во најниската зона од храмовата декорација, галеријата на стоечки светителски претстави опфаќа четиринаесет фигури: патронот – свети Андреја, Богородица, апостолот Петар и евангелистот Матеја (северна конха), апостолот Павле, евангелистите Марко, Лука и Јован (јужна конха), архангелите Михаил и Гаврил и воините Димитрија, Ѓорѓи, Теодор Тирон и Теодор Стратилат (западен травеј) го исполнуваат најниското ниво од сликарството на црквата со сочната енергија на својата телесна анатомија и со впечатливо привлечниот физички изглед.

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, УСПЕНИЕТО

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, СИМНУВАЊЕТО ОД КРСТОТ (ДЕТАЛ)

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Монументална во изразот и ведра во пластичната сочност на глетките, уметноста на митрополитот Јован Зограф во Андреаш е обележана со полетниот изблик на енергија, која ги проникнува формите со свежиот динамички набој на ликовните елементи. Рационално организираниот формат на композициските решенија, живописниот мизансцен на илустрираните настани и епската атмосфера во прикажаните глетки се основните компоненти на зографското мајсторство во создавањето на сликаната панорама во храмот, обележана со ведрината на динамичките ефекти и со енергичната пиктуралност на претставите. Колосалните фигури на светителите облагородени со отмената елеганција на ставовите и со рафинираниот темперамент на нивниот емоционален израз, живописната енергија на дејството во илустрацијата на евангелските настани и раскошно елаборираните архитектонски панорами во вториот план на претставите се најзабележителните одлики на ликовниот ракопис на зографот Јован. Енергично во изразот и раскошно по креативниот капацитет, натопено со атмосфера на свечена ведрина и изнијансирано со сините тонови на сентименталната колористичка палета, сликарството во Андреаш е пример за елитниот приод на мајсторот кон создавањето на врвните естетски принципи на неговите уметничките творби.

Неколку години подоцна, во 1394-та, митрополитот Јован зограф ја насликал иконата со ликот на Исус Христос Спасител и Животодавец за иконостасот на неговата семејна заветнина, црквата Свето Преображение во селото Зрзе, денес во Галеријата икони во Музејот на Македонија, во

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, СВ. ДИМИТРИЈА И СВ. ЃОРЃИ



БОГОРОДИЦА ПЕЛАГОНИТИСА, МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ



ИСУС ХРИСТОС СПАСИТЕЛ И ЖИВОТОДАВЕЦ, МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ

Скопје. Со благородната енергија во прикажувањето на Христовиот лик, со пластичните акценти во беспрекорната моделација на формите и со топлите тонови на рафинираниот колористички спектар, зографот Јован го завршил XIV столетие како последен голем духовен и уметнички авторитет на македонското средновековие[24]. На творештвото на неговото ателје, исто така, припаѓа и иконата со претстава на Богородица Пелагонитиса, авторска творба на неговиот помлад брат Макариј, јеромонах и зограф, настаната во 1421/1422 година (дел од Галеријата икони во Музејот на Македонија, во Скопје)[25]. Несовладливата тензичност на прикажаните емоции што ги разменуваат мајката и нејзиниот разигран единец, живописноста на неговата поза во нежната мајчинска прегратка, сентименталниот израз на Богородица, која не може да ги сокрие вознемирувачките претчувства и длабоката психологизираност на родителските сентименти, го вбројуваат ова дело на Макариј Зограф меѓу најзначајните икони на културната ризница на средниот век.

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, ЛИТУРГИСКА СЛУЖБА НА АРХИЈЕРЕИТЕ (ДЕТАЉ)

СВ. АНДРЕЈА, МАТКА, ПРИПРАТА, СЛИКАРСТВОТО НА ИСТОЧНИОТ ЅИД

Од фрескоживописот изведен во доградената припрата на храмот посветен на свети Андреја (1559/1560) зачувани се неколку од претставите на илустрираниот Богородичен акатист, а во најниската зона се препознаваат фигурите на апостолите Петар и Павле, свети Никола и свети Сава. Иако авторот на сликаната декорација во нартексот на црквата се трудел да го следи зографскиот ракопис на митрополитот Јован, на неговите претстави им недостига свежата енергија, епскиот карактер и динамичната телесна корпулентност на Јовановите изведби. Немерливо со ниедна карактеристика на фрескоживописот креиран од големиот мајстор на зографската вештина – митрополитот Јован, сликарството на неговиот „колега“ од припратата, сепак, говори во прилог на продолжувањето на средновековните ликовни традиции во творечки далеку поскромната постбизантиска доба.

Со врвните ликовни дострели на Јовановата ликовна експресија која ги краси ѕидовите на црквата, како и со хармоничните архитектонски квалитети на самата градба, храмот посветен на свети Андреја го заслужил своето место меѓу најмаркантните уметнички споменици на средновековната епоха.

ЦРКВАТА СВЕТА БОГОРОДИЦА МАТКА

Недалеку од селото Матка, на едно зарамнето плато, ситуирано покрај течението на реката Треска, се наоѓа храмот посветен на Света Богородица[26], опкружен со придружните елементи на современиот манастирски комплекс. Активен како верски објект и со функционална улога на монашки центар за регионот на Матка со сестринство кое се грижи за комплексот и за духовниот живот во него, овој споменик претставува уметнички комплот на две блиски епохи – византиската и поствизантиската, обединети преку кохабитацијата на средновековната архитектонска структура и на постсредновековното сликарство изведено во неа. Иако пишаните податоци зачувани за историјатот на манастирот се мошне скромни, определени податоци, како и самите карактеристики на градбата и нејзиниот ликовен декор, упатуваат на периодот од втората половина на XIV век до крајот на следното столетие за изведба на објектот и неговата декорација. Притоа, треба да се спомене недостигот на историски референции за утврдување на оригиналниот ктитор на градбата, кој во втората половина на XIV век ја подигнал црквата и се погрижил за изведбата на нејзиниот фрескоживопис.

Сепак, годината 1372, кога во храмот била погребана калуѓерката Марија, би бил прецизен хронолошки упатник кон претпоставениот средновековен *terminus post quem non*, бидејќи тој сведочи за активниот монашки живот во манастирот, т.е. за постоењето на неговиот католикон. Ктиторскиот натпис, пак, изведен на надвратникот на црквата, упатува на годината 1496/1497, кога благородничката по име Милица ја ктиторирала обновата на покривната конструкција на храмот, изградила припрата и се погрижила за живописувањето на ревитализираниот сакрален објект. Имињата на Тошинко и неговиот син Никола, вклучени во донаторскиот натпис, реферираат кон членовите на потесното семејство на ктиторката, додека митрополитот Атанасиј е споменат како актуелен црковен господар на територијата на која била лоцирана донаторската заветнина на госпоѓата Милица.

ЦРКВАТА *СВ. БОГОРОДИЦА*, МАТКА

Архитектонскиот концепт на црквата

Архитектурата на црквата Света Богородица ги носи карактеристиките на мала, компактна градба со основа во форма на впишан крст од сожет карактер, со осмоаголна купола врз централниот дел. Куполата се потпира врз масивно структурирани пиластри кои претставуваат единствени носачи на сводниот дел, поради недостигот на поткуполни столпци, чие отсуство се должи на збиениот простор на храмовиот ентериер. На источната страна основата на црквата завршува со тристрана апсида, која во внатрешноста е полукружна и претставува единствен структурален дел на олтарниот простор, кој, поради малите димензии на црквата, останал без протезис и ѓаконикон. Во конструктивниот склоп на храмот денес не може да се констатира постоењето на припратата која се споменува во ктиторскиот натпис, така што современата состојба на црквата упатува на основа која во својот просторен состав подразбира олтар и наос, што од своја страна, говори во прилог на фактот дека современата црква го претставува ревитализираниот XIV-вековен храм.

Ѕидаријата на храмот посветен на Света Богородица е прилично рустична и се состои од кршени, приделкани камени блокови со нееднаква големина. Наместа се забележуваат сполии со релативно големи димензии, преземени од градежниот опус на постари, антички зданија. Помеѓу каменитe блокови се поставувани и тули аранжирани во хоризонтални редови, кои требало да ги пополнат деловите со поголема малтерна опшивка. Единствената компонента која придонесува кон извесна живописност на фасадните ѕидови на црквата се плитките пиластри, кои ја рефлектираат внатрешната структурна логика на просторното решение. Тие претставуваат маркери на трипартитната организација на фасадните платна, особено што врз нив е поставена по една архиволта изведена со скромна керамопластика.

Над оваа фасадна матрица се издига високата купола, која е градена од правилно делкани блокови од бигор, алтернирани со тули. На секој агол од осумстраниот тамбур е поставена по една полуколонета, сите украсени со конусни капители. На тој начин, црквата Света Богородица ги еманира архитектонските карактеристики на поскромните ктиторски заветнини од скопската област, подигнати во втората половина на XIV столетие.

Програмско-иконографските обележја на сликанатa декорација

Според податоците наведени во претходно споменатиот ктиторски натпис, средства за живописување на црквата Света Богородица обезбедила благородничката Милица, а самата декорација била изведена во последните години на XV столетие. Иако храмовиот ентериер е со мали димензии, сликаната програма изведена на неговите ѕидови и во олтарниот простор е богата со теми и ја исполнува внатрешноста на црквата со наративната носталгија врзана за византиската епоха, но со ликовен израз далеку поскромен од оној на средновековните мајстори. Притоа, сликарството е мошне добро презервирано, а програмскиот концепт е јасен и е идејно поврзан со спомениците кои припаѓаат на ликовните трендови негувани во доцниот XV век. Покрај ликовите на пророците во тамбурот на куполата и евангелистите на четирите пандантифи, на полукружните сводни површини под куполниот појас илустриран е циклусот на Големите празници. Поради недостиг на простор за циклично развивање на библиската тематика, определени композиции биле лоцирани надвор од насоката што го следи движењето на стрелката на часовникот: Вознесението е насликано во северниот дел

СВ. БОГОРОДИЦА, МАТКА, СЛИКАРСТВОТО ВО АПСИДАТА

СВ. БОГОРОДИЦА, МАТКА, СЛИКАРСТВОТО НА ЗАПАДНИОТ ЅИД

од источниот свод, а Симнувањето на Св. Дух на лакот врз апсидата, кои поради компактниот просторен аспект на црковниот ентериер, покажуваат редукција во иконографската конфигурација.

Во поткуполниот простор на црквата биле прикажани сцените од Страсниот циклус во еден тематски континуитет, без меѓусебно одделување со бордура. И покрај ограниченият простор со кој располагале мајсторите – автори на сликаната декорација, циклусот на Страсните настани е збогатен со четири композиции посветени на приказната за предавството, прикажани на западните пиластри: Договорот на Јуда со еврејските свештеници, Примањето на сребрениците, нивното Враќање и сцената која го претставува Обесениот Јуда, говорат во прилог на одличната снаодливост на зографите да развијат наративен контекст на насликаните циклуси во ограниченият простор на црковниот ентериер. Под зоната на Страсните настани, била аранжирана зона со светителски бисти, во која, на сосема невообичаено место, на површината на западниот ѕид биле сместени портретите на свети Атанасиј Александриски и свети Никола.

Во олтарниот простор била изведена речиси конвенционална сликана програма која ја сочинуваат: допојасната претстава на Богородица Оранта со биста на Христос поставена во флорална чашка, Причестувањето на апостолите и Литургиската служба на архијереите, дополнети со епископски бисти. Во најнискиот регистар од сликарството на храмот се прикажани избрани светители од категориите на маченици, маченички, воини и анахорети, додека на западниот ѕид се насли-

СВ. БОГОРОДИЦА, МАТКА, КТИТОРИТЕ НА ЦРКВАТА

кани светите Константин и Елена и ктиторската композиција. Во неа, ктиторката на храмот – госпоѓата Милица, е придружена со својот син Никола, обајцата прикажани во фронтални позиции, со рацете подигнати во гест на молитва. Облечени се во благороднички облеки – таа во зелен фустан, под кој се гледа бела кошула декорирана со вез и украсена со бисерни копчиња, а тој – во корално-црвена наметка, обрабена со зелена нашивка, закопчана со ситни бисерни копчиња. Благородничката во својата десна рака држи запалена свеќа, а на главата носи бела марама, под која се спушта долг прозирен превез. Покрај ликовите на Милица и синот Никола, зачувани се сигнатурите на нивните имиња и пригоден текст со молитвена содржина, изведени во рамките на релативно монументалниот ктиторијал, обележан со атмосфера на побожна скромност.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Сликарството во црквата Света Богородица е дело на мајстори кои припаѓале на едно градско ликовно ателје, продуктивно по изведбата на

СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН

СВ. МИНА

СВ. ВИКТОР

СВ. ДИМИТРИЈА

декорација во споменици со помали димензии во последната четвртина на XV столетие. Работејќи во збиениот простор на малиот храм, тие создале декорација преполна со ликовни елементи, кои оптички изгледаат пренатрупано во желбата да создадат богатство на визуелниот впечаток. Во ликовната постапка, зографите негуваат стил на цврсти форми и пренагласена пластика, добиена со колористичко моделирање на визуелните компоненти. Ликовите на прикажаните светители се одликуваат со репетитивност во изведбата на фацијалните карактеристики, а нивните фигури еманираат блага вкочанетост во движењата. На композициските структури им недостига пропорционален аранжман на ликовните маси, додека на светителските претстави им недостига индивидуализација во приказот на нивните типолошки одлики. И покрај недоследноста во изведбата на формите и сувопарноста во прикажувањето на вториот план во сцените, зачудува тенденцијата кон своевидна декоративност, видлива во обработката на деталите и облеките на светителските претстави. Сепак, со општиот приод кон ликовната структура на изведените фрески, мајсторите не можат да ја скријат својата немоќ во оживувањето на формите со течна и сочна енергија, со што стилски заостануваат зад своите претходници од средновековната епоха.

ЦРКВАТА СВЕТИ НИКОЛА ШИШЕВСКИ МАТКА

На патот кој од црквата Света Богородица води кон Марковиот манастир, на околу двесте метри над манастирот Андреаш и во близина на средновековното село Нир[27], на едно зарамнето плато лоцирана е црквата посветена на свети Никола. Претставувајќи композит од повеќе различни градителски и сликарски фази, овој храм, околу кој денес сè уште се видливи остатоците од древниот манастирски комплекс, ги сублимира архитектонските и ликовните карактеристики на средновековната и поствизантиската епоха во еден единствен визуелен организам. Без соодветни пишани податоци и историски записи, без идентификација на ктиторот и личностите кои учествувале во донаторскиот потфат на нејзиното градење и украсување, црквата Свети Никола останува анонимна за културната историја на средновековна Македонија од аспект на нејзи-



ЦРКВАТА *СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ*, ВО КАЊОНОТ МАТКА

ната социјална димензија. Вестите, пак, во историските извори од османлискиот период, како и ктиторскиот натпис зачуван на источниот ѕид од припратата, датиран во 1630 година кога бил изведен нов живопис, го осветлуваат подоцнежното живеење на манастирот низ постсредновековната доба. Последните податоци што се однесуваат на верските активности во Шишевскиот манастир потекнуваат од XIX столетие, кога запуштениот комплекс за последен пат заживеал како активен сакрален објект.

Архитектонскиот концепт на црквата

Архитектурата на црквата Свети Никола претставува спој на две градителски фази, изведени во XIV век и обединети во единствено градежно решение. Притоа, постарата фаза го претставува источниот дел на градбата, кој има основа на еднокорабна црква, покриена со полуцилиндричен свод. Ѕидаријата на овој дел од архитектонскиот организам на храмот е изведена од приделкани камени блокови со нееднаква големина поврзани со малтер, со нерегуларност на изведбениот опус. Во ѕидаријата на повисоките делови од бочните ѕидови на градбата употребени се и тули, како и правилно обработен бигор. Скромниот фасаден аранжман на градбата е дополнет и со речиси целосно отсуство на керамопластичен украс, освен на источниот фасаден потег, додека на јужната фасада монотонијата на рамните површини била разбиена со поставување на една слепа ниша.

Западниот дел од архитектонската структура на црквата претставува градба со основа на вписан крст во правоаголен простор од сожет тип со осумаголна купола поставена на пандантифи, кои се потпираат на ѕидни пиластри. Фасадите на овој дел од црквата се изведени во градителска техника слична на онаа применета во источниот дел, но со поголемо расчленување на ѕидните платна, изведено со поставување плитки пиластри, поврзани со архиволта, под која се наоѓа фронтон – поле украсено со декоративен керамопластички мотив во вид на шах поле (*opus reticulatum*). Фасадните пиластри всушност ја маркираат позицијата на своите внатрешни „пандани“ и претставуваат оптички потпирачи за куполата, која се издига врз централниот дел на градбата. Куполата е изградена од правилно делкани блокови од бигор, алтернирани со тули поставени во тројни хоризонтални редови. На секој агол од куполната структура се наоѓа по една тенка колонета, додека минијатур-

ЦРКВАТА *СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ*, МАТКА



ЦРКВАТА *СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ*, МАТКА

ните фронтони на секоја страна од осумстраната купола се декорирани со разновиден керамопластичен украс, што потсетува на изведбата на високите сводни појаси на претходно споменатата Богородична црква.

Сепак, архитектонската обработка на храмот посветен на свети Никола поседува еден ексклузивитет во декоративната обработка на фасадите – релјефната мермерна плоча со окулус поставена во фронтонот на јужната фасада со изведба на териоморфна претстава – крунисана лавовска глава со две пропорционално поставени лавовски тела во динамична иконографска конфигурација. Во останатиот простор на плочата се изведени уште неколку зооморфни претстави, опкружени со флорална орнаментика. Единствена по својот карактер, како и по иконографскиот состав на прикажаните компоненти, оваа декоративна претстава е дел од влијанието на романичката декоративна скулптура врз фасадниот декор на византиските сакрални објекти, преферирано главно од благородниците кои биле членови на дворскиот ентураж на српските владетели на македонската територија. Иако не постојат податоци за попрецизно хронолошко одредување на изведбата на двете фази од градбената структура на црквата Свети Никола, сидарскиот опус на двата дела и остатоците од оригиналниот живопис упатуваат кон втората половина на XIV столетие за еднокорабниот наос на храмот и, веројатно, последните децении од истиот век за изградба на куполната припрата.

Програмско-иконографските обележја на сликаната декорација

Во источниот дел на црквата се зачувани делови од сликарството изведено по градењето на еднокорабниот храм, видливи под оштетениот живопис од XVII век. Тоа се ликовите на четворицата архијереи во олтарот и претставите на светите Константин и Елена, кои припаѓале на

СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ, ДЕЛ ОД ОЛТАРНАТА ДЕКОРАЦИЈА

СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ, СЛИКАНОТО ЦОКЛЕ И ДЕЛ ОД ЗОНАТА СО ПРЕТСТАВИТЕ НА СВЕТИТЕ ВОИНИ

светителската галерија изведена во првата зона од фрескодекорацијата на храмот. Од фризот со светителски бисти, прикажан над стоечките фигури, се зачувале единствено ликовите на двајца монаси. Зографите – автори на автентичниот живопис во црквата ја следеле тенденцијата за изведба на аскетски физиономии, обележени со благ деформитет во претставувањето на фацијалните белези, доловени со издолжување на формите и развлекување на контурните линии. И покрај тоналната дистрибуција на волуменот, тие не успеваат да прикажат експресија на лицата на претставените светителски портрети, чии движења се крути и претенциозно енергизирани. Ликовите на светителите се пластично изведени и оживеани со меки костенливи сенки, додека костимите се претежно дводимензионални, а нивниот украс е мошне конвенционален. Според ликовните карактеристики на ова сликарство, неговата споредба со фрескоансамблите кои поседуваат монашки стилски карактеристики е сосема оправдана, па врз основа на аналогните примери, тоа се датира во шеесеттите или седумдесеттите години на XIV столетие.

Според ктиторскиот натпис изведен на источниот ѕид на припратата, за живописувањето на храмот во 1630 година се погрижил занаетчијата Калогијан, при игуменувањето на монахот Јаков и столувањето на скопскиот митрополит Симеон. Со изведбата на новиот живопис биле покриени оригиналните фрески во источниот дел од црквата, каде била аплицирана нова олтарна програма и биле насликани композициите од циклусот на Големите празници, во средната зона биле позиционирани ликовите на маченицite, додека во најнискиот регистар биле сместени Деизисната сцена, патронската претстава и фигурите на светите воини. Поради недостигот на купола и ка-

СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ, СВ. КОНСТАНТИН И ЕЛЕНА (14 ВЕК)

рактеристичниот облик на полуцилиндричниот свод, на неговата површина биле прикажани трите Христови ликови, придружени со две низи бисти на старозаветни пророци.

Сликаната програма на припратата се одликува со богатство на претставените теми и е аранжирана во четири хоризонтални зони. Покрај куполната програма, таа ги опфаќа: илустрацијата на Страсните настани прикажани во највисоката зона на поткуполниот простор, визуелната нарација на циклусот посветен на Христовата јавна дејност под нив, Житието на патронот – свети Никола, лоцирано во средниот регистар и галеријата стоечки светители изведена во најниските појас од декоративната програма на храмот. Искористувајќи го секој возможен простор на црковниот ентериер со тенденција да создадат екстензивна нарација и експресивен ликовен впечаток, мајсторите – автори на сликарството во шишевскиот храм креираат композиции со мали димензии, набиени со драмско дејство и со живописни иконографски елементи. Теолошката суштина на декоративниот аранжман, кој вклучува и ретки претстави доловени преку невообичаени иконографски детали и вешти наративни досетки, упатува на зографи кои негувале

СВ. НИКОЛА ШИШЕВСКИ, ЛИТУРГИСКА СЛУЖБА НА АРХИЈЕРЕИТЕ (17 ВЕК) И ЕПИСКОП ОД ПОСТАРОТО СЛИКАРСТВО (14 ВЕК)

внимателен приод во градењето на програмскиот концепт, како и во експозицијата на ликовната структура на визуелните решенија.

Ликовно-естетските специфики на сликарството

Во стилски поглед, шишевските мајстори ги одликува нагласениот цртеж, цврстата контура, крутите пози во прикажувањето на светителските фигури и релативно монохромниот приод кон градењето на колористичката палета. Претставници на едно локално ликовно ателје кое извело неколку живописани ансамбли во сакралните објекти на скопската област пред да замине на север од македонската територија, авторите на сликарството во црквата Свети Никола Шишевски ја еманираат скротената и изнемоштена ликовна енергија на творците од поствизантиската епоха. Далеку од талентот на нивните средновековни претходници, тие сведочат за крајот на една креативна, потентна и продуктивна епоха која го одбележала уметничкиот климакс на средновековно Скопје.

БЕЛЕШКИ

[1] *Византијски извори за историју народа Југославије* 3, Београд 1966, 386, 388; Т. Томоски, *Скопската област од XI до XIV век*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975, 58.

[2] Р. Грујић, *Скопска митрополија*, Скопље 1935, 34; В. Мошин, *Грамоти на манастирот Св. Ѓорѓи-Горѓ Скопски*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975, 97-24.

[3] I. Sinkevic, *The Church of St. Panteleimon at Nerezi, Architecture. Programme. Patronage*, Wiesbaden 2000, 4-10.

[4] Фотографии од фототеката на професорот Петар Миљковиќ-Пепек, чиј асистент бев од 1987 до неговото пензионирање во 1991 и соработник сè до неговата смрт во 2003 година.

[5] М. Марковић, *Свети Никита код Скопља. Задужбина краља Милутина*, Београд 2015, 51-67.

[6] Л. Мирковић-Ж. Татић, *Марков манастир,* Нови Сад 1925.

[7] Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство*, Скопје 2011, 95-182.

[8] J. Prolović, *Die Kirche des heiligen Andreas an der Treska*, Wien 1998.

[9] С. Коруновски, Е. Димитрова, *Византиска Македонија. Историја на уметноста од IX до XV век*, Скопје-Милано 2006, 116, 117-120, 172-176, 181-182.

[10] I. Sinkevic, *The Church of St. Panteleimon at Nerezi, Architecture. Programme. Patronage*, 76-85.

[11] П. Миљковиќ-Пепек, *Делото на зографите Михајло и Еутихиј*, Скопје 1967; М. Марковић, *Свети Никита код Скопља. Задужбина краља Милутина*, 204-207.

[12] Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство*, 153-157.

[13] I. Sinkevic, *The Church of St. Panteleimon at Nerezi, Architecture. Programme. Patronage*; С. Коруновски – Е. Димитрова, *Византиска Македонија. Историја на уметноста од IX до XV век*, 34-42, 64-74; E. Dimitrova, G. Velkov, V. Iljovska, *Skopje. Seven Monuments of Art and Architecture*, Skopje 2010, 8-23; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија. Култура и уметност*, Македонија. Милениумски културно-историски факти, Скопје 2013, 1572-1576, 1591-1597; E. Dimitrova, G. Velkov, *Seven Mediaeval Churches In the Republic of Macedonia*, Skopje 2014, 28-45.

[14] Б. Тодић, *Зидно сликарство у доба краља Милутина*, Београд 1998, 83, 96, 103, 134-137 et passim; E. Dimitrova, G. Velkov, V. Iljovska, Skopje. *Seven Monuments of Art and Architecture*, 25-35; E. Dimitrova, *Spiritual Architects – The Construction of Architectural Backdrops in the Work of Some Painting Studious from the 14th Century*, Niš and Byzantium Symposium. Collection of Scientific Works VII, Niš 2009, 235-236; eadem, *Pretty Colours: Chromatic Analysis of the Palette of Some Renowned 14th Century Fresco Painters*, Niš and Byzantium Symposium. Collection of Scientific Works X, Niš 2012, 347-348; E. Dimitrova, G. Velkov, *Seven Medieval Churches in the Republic of Macedonia*, 106-117; М. Марковић, *Свети Никита код Скопља, Задужбина краља Милутина*, Београд 2015.

[15] П. Миљковиќ-Пепек, *Проучувањата на неколку новооткриени икони кои значително ја збогатуваат македонската колекција*, Културно наследство IV, Скопје 1971, 8-9; idem, *Deux icônes nouvellement découvertes en Macédoine*, Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik 21, Wien-Köln-Graz 1972, 205-208; idem, *Антологија на македонската колекција на икони*, Уметничкото богатство на Македонија, Скопје 1984, 187; idem, *L'art de l'icône Macédoine médievale*, Trésors médiévaux de la République de Macédoine, Paris 1999, 72.

[16] Л. Мирковић-Ж. Татић, *Марков манастир,* Нови Сад 1925; Н. Ношпал-Никуљска, *Марковиот манастир-монумент како документ низ историјата*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975, 401-415; С. Коруновски-Е. Димитрова, Византиска Македонија, 130-131, 201-206; E. Dimitrova, *The Portal to Heaven. Reaching the Gates of Immortality*, Niš and Byzantium Sympozium. Collection of Scientific Works Vol. V, Niš 2007, 378-379; E. Dimitrova, G. Velkov, V. Iljovska, *Skopje. Seven Monuments of Art and Architecture*, 48-59; Е. Касапова, *Архитектурата на црквата Св. Димитрија-Марков манастир*, Скопје 2012; E. Dimitrova, *Pretty Colours: Chromatic Analysis of the Palette of Some Renowned 14th Century Fresco Painters*, 349-350; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија*, 1658-1661, 1744-1754.

[17] П. Миљковиќ-Пепек, *Непознат трезор икони*, Скопје 2001, 21-71.

[18] П. Миљковиќ-Пепек, *Црквата Св. Спас во село Кучевиште-Скопско*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975, 417-421; И. М. Ђорђевић, *Сликарство XIV века у цркви Св. Спаса у селу Кучевишту*, Зборник за ликовне уметности 17, Нови Сад 1981, 77-108; З. Расолкоска-Николовска, *О ктиторским портретима у цркви Свете Богородице у Кучевишту*, Зограф 16, Београд 1985, 41-53; И. М. Ђорђевић, *Зидно сликарство српске властеле*, Београд 1994, 131-133, 135-136; В. Корać, *Споменици монументалне српске архитектуре XIV века у Повардарју*, Београд 2003, 129-152; С. Коруновски – Е. Димитрова, *Византиска Македонија*, 117-120, 172-176; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија. Култура и уметност*, 1646-1648, 1706-1710.

[19] З. Расолкоска-Николовска, *О владарским портретима у Љуботену и времену настанка зидне декорације,* Зограф 17, Београд 1986, 45-52; И. М. Ђорђевић, *Зидно сликарство српске властеле*, 145-147; В. Корać, *Споменици монументалне српске архитектуре XIV века у Повардарју*, 129-152; E. Dimitrova, *The Ministry Cycle in the Fresco Painting of the Ljuboten Church*, Културно наследство 28-29, Скопје 2004, 49-63; С. Коруновски – Е. Димитрова, *Византиска Македонија*, 116-117, 181-182; Е. Димитрова, *Dimensio Sacra: за просторните вредности на композицијата во сликаните ансамбли на Теоријановото атеље*, Patrimonium. Mk 3-6, Скопје 2009, 85-93; eadem, *Spiritual Architects. The Construction of Architectural Backdrops in the Work of Some Painting Studios from the 14th Century*, 237-239; eadem, *Pretty Colours: Chromatic Analysis Of the Palette of Some Renowned 14th Century Fresco Painters*, 349; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија. Култура и уметност*, 1648-1649, 1717-1722.

[20] В. Лилчиќ, *Матка низ вековите*, Скопје 1995, 67-68; Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство*, Скопје 2011, 161-164.

[21] П. Поповић, *Прилог за студију старе српске црквене архитектуре*, Старинар III књ. I (1922), Београд 1923, 115; В. Лилчиќ, *Матка низ вековите*, 69-70; Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство,* 165-169.

[22] С. Радојчић, *Старине црквеног музеја у Скопљу*, Скопље 1941, 85; М. Љубинковић, *Црква Свете Недеље над клисуром Треске и проблем њеног датовања*, Зборник заштите споменика културе књ. II/2 (1951), Београд 1952, 96-99; В. Лилчиќ, *Матка низ вековите*, 57-60; Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство*, 170-182; E. Dimitrova, *In the Heavenly Horizons. Three Christian Temples in the Region of Matka Near Skopje,* Зограф 35, Beograd 2011, 104-108.

[23] В. Петковић, *Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа*, Београд 1950, 3-4; Н. Ношпал-Никуљска, *Прилог за манастирот Свети Андреја на р. Треска – на брегот на езерото Матка*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975, 388-397; В. Корać – М. Шупут, *Архитектура византијског света*, Београд 1988, J. Prolovic, *Die Kirche des heiligen Andreas an der Treska*, Wien 1997; С. Коруновски – Е. Димитрова, *Византиска Македонија*, 132-134, 206-210; Е. Димитрова, *За мизансценот и за кулисите. Сцени од ликовната драматопеја на македонското средновековно сликарство*, Македонско наследство 29, Скопје 2006, 28; eadem, *The Staging of the Passion Scenes: A Stylistic Essay. Six paradigms from the 14th Century Fresco Painting*, Зограф 31, Београд 2006-2007, 122; eadem, *За динамиката на композиционските структури во палеологовското сликарство на македонската територија*, Македонско наследство 32, Скопје 2008, 20; E. Dimitrova, G. Velkov, V. Iljovska, *Skopje. Seven Monuments of Art and Architecture*, 36-47; E. Dimitrova, *Pretty Colours: Chromatic Analysis of the Palette of Some Renowned 14th Century Fresco Painters*, 350-351; Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, Матка. Културно наследство, 103-161; Е. Димитрова, С. Коруновски, С. Грандаковска, *Средновековна Македонија, Култура и уметност*, 1662-1663, 1760-1765.

[24] П. Миљковиќ-Пепек, *О сликарима митрополиту Јовану и јеромонаху Макарију*, Моравска школа и њено доба, Београд 1972, 243-244; idem, *La collection macédonienne d'icônes du XIe au commencement du XIVe siècle*, XXXIII Corso di cultura sull'arte Ravennate e bizantina, Ravenne 1986, 334; idem, L'art de l'icône en Macédoine médiévale, 94.

[25] П. Миљковиќ-Пепек, *Значењето на натписите од иконата Богородица Пелагонитиса од манастирот Зрзе за делатноста на Макарије зограф*, Гласник на Музејско-конзерваторско друштво на НР Македонија II, Скопје 1955, 143-149; idem, *Умилителните мотиви во византиската уметност на Балканот и проблемот на Богородица Пелагонитиса*, Зборник на трудови II, Археолошки музеј, Скопје 1958, 9; idem, *Антологија на македонската колекција на икони*, 187; idem, *L'art de l'icône en Macédoine médiévale*, 96.

[26] С. Николовска, *Кодикот на манастирот Матка*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том I, Скопје 1975, 426; Г. Суботиќ, *Охридската сликарска школа од XV век,* Охрид, 1980, 141 – 151; З. Расолкоска-Николовска, *Портретот на Св. Климент од Матка*, Средновековната уметност во Македонија, Скопје 2004, 475-482; Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство*, 183-200;

[27] В. Лилчиќ, *Матка низ вековите*, 99-108; Е. Димитрова, В. Лилчиќ, К. Антевска, А. Василески, *Матка. Културно наследство*, 200-231.

БИБЛИОГРАФИЈА

Грујић Р., *Скопска митрополија*, Скопље 1935.

Ђорђевић И. М., *Сликарство XIV века у цркви Св. Спаса у селу Кучевишту*, Зборник за ликовне уметности 17, Нови Сад 1981.

Ђорђевић И. М., *Зидно сликарство српске властеле*, Београд 1994.

Dimitrova E., *The Ministry Cycle in the Fresco Painting of the Ljuboten Church*, Културно наследство 28-29, Скопје 2004.

Димитрова Е., *За мизансценот и за кулисите. Сцени од ликовната драматургија на македонското средновековно сликарство*, Македонско наследство 29, Скопје 2006.

Dimitrova E., *The Staging of the Passion Scenes: A Stylistic Essay. Six paradigms from the 14th Century Fresco Painting*, Зограф 31, Београд 2006-2007.

Dimitrova E., *The Portal to Heaven. Reaching the Gates of Immortality*, Niš and Byzantium Sympozium. Collection of Scientific Works Vol. V, Niš 2007.

Димитрова Е., *За динамиката на композициските структури во палеологовското сликарство на македонската територија*, Македонско наследство 32, Скопје 2008.

Dimitrova E., *Spiritual Architects – The Construction of Architectural Backdrops in the Work of Some Painting Studious from the 14th Century*, Niš and Byzantium Symposium. Collection of Scientific Works VII, Niš 2009.

Димитрова Е., *Dimensio Sacra: за просторните вредности на композицијата во сликаните ансамбли на Теоријановото ателје*, Patrimonium. Mk 3-6, Скопје 2009.

Dimitrova E., Velkov G., Iljovska V., *Skopje. Seven Monuments of Art and Architecture*, Skopje 2010.

Dimitrova E., *In the Heavenly Horizons. Three Christian Temples in the Region of Matka Near Skopje,* Зограф 35, Beograd 2011.

Димитрова Е., Лилчиќ В., Антевска К., Василески А., *Матка. Културно наследство*, Скопје 2011.

Dimitrova E., *Pretty Colours: Chromatic Analysis of the Palette of Some Renowned 14th Century Fresco Painters*, Niš and Byzantium Symposium. Collection of Scientific Works X, Niš 2012.

Димитрова Е., Коруновски С., Грандаковска С., *Средновековна Македонија. Култура и уметност*, Македонија. Милениумски културно-историски факти, Скопје 2013.

Dimitrova E., Velkov G., *Seven Mediaeval Churches In the Republic of Macedonia*, Skopje 2014.

E. Dimitrova, *The Church of Saint Panteleimon at Nerezi*, Skopje 2015

Касапова Е., *Архитектурата на црквата Св. Димитрија-Марков манастир*, Скопје 2012.

Корać В. – Шупут М., *Архитектура византијског света*, Београд 1988.

Корać В., *Споменици монументалне српске архитектуре XIV века у Повардарју*, Београд 2003.

Коруновски С., Димитрова Е., *Византиска Македонија. Историја на уметноста од IX до XV век*, Скопје-Милано 2006.

Лилчиќ В., *Матка низ вековите*, Скопје 1995.

Љубинковић М., *Црква Свете Недеље над клисуром Треске и проблем њеног датовања*, Зборник заштите споменика културе књ. II/2 (1951), Београд 1952.

Марковић М., *Свети Никита код Скопља. Задужбина краља Милутина*, Београд 2015.

Миљковиќ-Пепек П., *Значењето на натписите од иконата Богородица Пелагонитиса од манастирот Зрзе за делатноста на Макарије зограф*, Гласник на Музејско-конзерваторско друштво на НР Македонија II, Скопје 1955.

Миљковиќ-Пепек П., *Умилителните мотиви во византиската уметност на Балканот и проблемот на Богородица Пелагонитиса*, Зборник на трудови II, Археолошки музеј, Скопје 1958.

Миљковиќ-Пепек П., *Делото на зографите Михајло и Еутихиј*, Скопје 1967.

Миљковиќ-Пепек П., *Проучувањата на неколку новооткриени икони кои значително ја збогатуваат македонската колекција*, Културно наследство IV, Скопје 1971.

Миљковић-Пепек П., *О сликарима митрополиту Јовану и јеромонаху Макарију*, Моравска школа и њено доба, Београд 1972.

Miljkovic-Pepek P., *Deux icônes nouvellement découvertes en Macédoine*, Jahrbuch der Österreichischen Byzantinistik 21, Wien-Köln-Graz 1972.

Миљковиќ-Пепек П., *Црквата Св. Спас во село Кучевиште-Скопско*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975.

Миљковиќ-Пепек П., *Антологија на македонската колекција на икони*, Уметничкото богатство на Македонија, Скопје 1984.

Miljkovic-Pepek P., *La collection macédonienne d'icônes du XIe au commencement du XIVe siècle*, XXXIII Corso di cultura sull'arte Ravennate e bizantina, Ravenne 1986.

Miljkovic-Pepek P., *L'art de l'icône Macédoine médievale*, Trésors médiévaux de la République de Macédoine, Paris 1999.

Миљковиќ-Пепек П., *Непознат трезор икони*, Скопје 2001.

Мирковић М., Татић Ж., *Марков манастир,* Нови Сад 1925.

Мошин В., *Грамоти на манастирот Св. Ѓорѓи-Горѓ Скопски*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975.

Николовска С., *Кодикот на манастирот Матка*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том I, Скопје 1975.

Ношпал-Никуљска Н., *Марковиот манастир-монумент како документ низ историјата*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975.

Ношпал-Никуљска Н., *Прилог за манастирот Свети Андреја на р. Треска – на брегот на езерото Матка*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975.

Петковић В., *Преглед црквених споменика кроз повесницу српског народа*, Београд 1950.

Поповић П., *Прилог за студију старе српске црквене архитектуре*, Старинар III књ. I (1922), Београд 1923.

Prolović J., *Die Kirche des heiligen Andreas an der Treska*, Wien 1998.

Расолкоска-Николовска З., *О ктиторским портретима у цркви Свете Богородице у Кучевишту*, Зограф 16, Београд 1985.

Радојчић С., *Старине црквеног музеја у Скопљу*, Скопље 1941.

Расолкоска-Николовска З., *О владарским портретима у Љубостењу и времену настанка зидне декорације,* Зограф 17, Београд 1986.

Расолкоска-Николовска З., *Портретот на Св. Климент од Матка*, Средновековната уметност во Македонија, Скопје 2004.

Sinkevic I., *The Church of St. Panteleimon at Nerezi, Architecture. Programme. Patronage*, Wiesbaden 2000.

Суботић Г., *Охридската сликарска школа од XV век,* Охрид, 1980.

Тодић Б., *Зидно сликарство у доба краља Милутина*, Београд 1998.

Томоски Т., *Скопската област од XI до XIV век*, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, Скопје 1975.

Издавач:
Филозофски факултет Скопје

За издавачот:
Проф. д-р ***Рашко Дуев***

Ликовен уредник
м-р ***Кочо Фиданоски***

Компјутерска реализација
Бане Галиќ

Лектура:
Момент мал

Фотографии
Архива на Град Скопје
Лични архиви на авторите

Печат
МАР-САЖ, Скопје

Скопје 2019

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

908(497.711)
930.85(497.711)

СКОПЈЕ : осум милениуми живот, култура, творештво / [главен уредник Ратко Дуев]. - Скопје : Филозофски факултет, 2019. - 631 стр. : илустр. ; 30 см

Белешки: стр. 628-631

ISBN 978-608-238-163-3

а) Скопје - Културна историја
COBISS.MK-ID 110547722